| Вкупно разгледани точки | | 31 |
| Измени на Уставот:<br>Предлог за пристапување кон измена на Уставот и текст на Нацртот на амандманот XIX на Уставот на РМ | | 2 |
| Закони по области | политички систем | 8 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 8 |
| Поднесени амандмани | | 29 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| Други акти<br>(одлуки, декларации, програми) | | 6 |
| Информации, извештаи | | 3 |
| Прашања, предлози | | 2 |

# Комисија за политички систем

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-функционирање на политичкиот систем;
-менување на границите на Републиката;
-државните симболи и нивната употреба;
-судството, адвокатурата и јавното обвинителство;
- амнестија и помилување;
-слобода на движењето и слобода на изборот на живеалиштето;
- матична евиденција и заштита на личните податоци;
-лични имиња, лични карти и патни исправи;
-попис на населението;
-системот на јавното информирање;
-право на здружување на граѓаните и политичко организирање, избирачко право и начин на избор на пратеници, претседателот на Република Македонија, членовите на советите и градо-началниците;
-референдум;
-локална самоуправа;
-народниот правобранител;
-Македонската православна црква како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Еврејската заедница и други верски заедници и религиозни групи;
-одликувања, признанија и награди;
- празниците на Република Македонија;
- организација на државната управа;
-право на употреба на јазиците и писмата на заедниците;
-гарантирање на заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот н верскиот идентитет на заедниците и
- други прашања што се однесу ваат на политичкиот систем и односите меѓу заедниците.

Комисијата во периодот за кој се однесува овој извештај согласно своите надлежности утврдени во Одлуката за основање постојани работни тела на Собранието на Република Македонија разгледа повеќе предлози за донесување, нацрти на закони, предлози на закони и други општи акти што ги донесува Собранието на Република Македонија и проучи и претресе и други прашања од нејзината надлежност што се однесуваат на политичкиот систем и односите меѓу заедниците.

Имено, во извештајниот период, Комисијата одржа 20 седници со 59 точки на дневниот ред.

На седницата на Комисијата беа разгледани вкупно 52 закони и 7 други акти (извештаи, информации и други материјали) и тоа:

-предлози за донесување на закони....................................................8;

-нацрти на закони...............................3;

-предлози за донесување на закони, со предлог на закон...............................33;

-предлози на закони...........................8;

Во извештајниот период, Комисијата зависно од предлагачите на законите разгледуваше закони од областа на политичкиот систем и односи меѓу заедниците и тоа:

-17 закони од областа на правосудството;

-04 закони од областа на локалната самоуправа;

-07 закони од областа на внатрешните работи;

-03 закони од областа на изборното законодавство;

-10 закони од областа на економскиот систем и

-06 закони од областа на општествените дејности.

Комисијата точките од алинеите 5 и 6 кои се однесуваат на закони од областа на економскиот систем и општествените дејности иако спаѓаат во делокруг на други комисии ги разгледуваше од аспект на тоа што во нив се уредуваа и прашањата кои се однесуваа на локалната самоуправа која е во надлежност на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Комисијата во извештајниот период поднесе вкупно 12 амандмани на Предлог на закони.

Освен закони, Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците на своите седници разгледа и други акти и материјали како што се: Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2003 година, Годишен извештај за работа на Советот за радиодифузија, Годишен извештај за работа на МРТ и Годишен извештај за работа на Народниот правобранител; Информација за статусот и поставеноста на МИА.

Во досегашната работа на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците немало проблеми во однос на свикувањето на седниците, претресот по точките од дневниот ред, присуството на нејзините членови како и методот на работа.

Имено, Комисијата најчесто на своите седници работи во полн состав, односно присуствуваат и учествуваат со свои дискусии скоро сите членови или нивни заменици. Исто така, многу често на седниците на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците се покануваат и учествуваат во нејзината работа за законите поврзани со локалната самоуправа и претставници на ЗЕЛС како и научни и стручни лица.

Меѓутоа, во изминатиот период Комисијата често се соочуваше со одделни проблеми кои се однесуваа на неприсуство на одделни претставници на Владата по точките од дневниот ред, иако Комисијата често пати и писмено се обраќаше и бараше на нејзините седници да присуствува министерот или неговиот заменик, особено кога се разгледуваа системски закони или пак кога се разгледуваа предлози на закони. Ова беше и заклучок на Комисијата. Сепак, на седниците на Комисијата имаше присуство на повереници на Владата по сите точки од дневниот ред.

Како проблем во работата на Комисијата може да се посочи примерот што понекогаш Владата спротивно на обврската утврдена во членот 140 од Деловникот на Собранието своите мислења по предлозите за донесување на закон што не ги поднела Владата не ги доставува најдоцна три дена пред денот определен за одржување на седницата на работното тело, заради што во тие случаи Комисијата истите закони и не ги разгледуваше.

Исто така, во изминатиот период се дојде до одредени сознанија во однос на тоа дека одредени одредби на Деловникот на Собранието на

Република Македонија создаваат одредени потешкотии во работата на работните тела и пратениците. Имено, според членот 166 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија амандман на Предлог на закон се поднесува најдоцна пет ден пред денот определен за одржување на седница на Собранието. Поради тесните рокови меѓу седниците на Собранието и седниците на работните тела, како и поради мал број на сали за работа на работните тела, а со цел да ја искористат деловничката можност да поднесуваат амандмани на предлог-законите работните тела најчесто беа принудени да ги закажуваат своите седници во ист ден. Од овие причини, определен број пратеници не беа во можност во ист ден да присуствуваат на седниците на повеќе работни тела во кои членуваат. Освен тоа, од истите причини и претставниците на предлагачот на закон не беа во можност истовремено да учествуваат во работата на повеќе работни тела кои заседаваат во ист работен ден.

* * * * *

Од изнесеното произлегува дека во извештајниот период Комисијата по правило одржала по две седници секој месец односно на дневен ред биле разгледувани во просек четири закони или други материјали. На овие седници биле разгледувани сите закони што биле ставени на дневен ред на седниците на Собранието а биле поднесени од страна на Владата, како и законите кои биле поднесени од пратеници доколку имало претходно доставено мислење од Владата.

Според областа, најголем број на закони и други материјали што ги разгледа Комисијата биле од областа на правосудството.

Исто така, значајно за одбележување е и тоа дека Комисијата како метод на работа практикуваше за одделни прашања да организира и тркалезни маси со цел за потемелно проучување на прашањата од својот делокруг, како и на своите седници да поканува претставници на ЗЕЛС и професори експерти за својата област.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 20 |
| Вкупно разгледани точки | | 59 |
| Измени на Уставот: Предлог за пристапување кон измена на Уставот и текст на Нацртот на амандманот XIX на Уставот на РМ | | - |
| Закони по области | политички систем | 36 |
| | економски систем | 10 |
| | јавни дејности | 6 |
| Поднесени амандмани | | 12 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 2 |
| Информации, извештаи | | 4 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за надворешна политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-надворешната политика на Република Македонија и нејзините односи со другите држави и меѓународни организации;

-политиката со која се обезбедува грижата на Републиката за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, како и за културните, економските и социјалните права на граѓаните од Републиката во странство;

-стапување или истапување од сојуз или заедници со други држави;

-стапување во членство или истапување од членство на меѓународни организации;

-потреба од започнување преговори за склучување билатерални и мултилатерални меѓународни договори на Република Македонија, односно за платформите на овие преговори;

-ратификација на меѓународни договори;

-меѓународна регулатива од областа на човековите и граѓанските права, слободи и документи на меѓународни организации и асоцијации;

-воспоставување на парламентарна соработка на Републиката со други држави и меѓународни организации;

-воспоставување соработка со комисиите за надворешна политика на парламентите на други држави;

-иницијативи и предлози за дефинирање на стратегијата на надворешната политика на Република Македонија и

-други прашања што се однесуваат на надворешната политика на Република Македонија.

**1.** Во однос на активностите кои се однесуваат на процесот на разгледување на законски акти, Комисијата во овој период одржа 11 седници, од кои:

- на 6 седници беа разгледани и препорачани на Собранието 21 предлози за донесување на закони за ратификација на меѓународни договори,
- 5 седници со тематска содржина, односно на актуелни теми од областа на надворешната политика:
- министерот за надворешни работи информираше за актуелните случувања на надворешно-политички план;
- потпретседателот во Владата на РМ информираше за текот на активностите поврзани со евроинтеграциските процеси;
- седница посветена на прашањето околу визниот режим за македонските граѓани, во присуство на претставници од министерствата за надворешни и внатрешни работи како и претставници од невладини организации. На оваа седница членовите на Комисијата усвоија заклучоци кои беа доставени до надлежните органи во државата;
- излагања на платформи за дипломатската работа на идни амбасадори,
- разгледани се: Акционен план за спроведување на препораките од Извештајот за стабилизација и асоцијација од Европската комисија за РМ - 2003 година и усвоен е заклучок кој

е доставен до надлежните органи во државата;

- иницијативата од пратеници за донесување на Декларација за поддршка на Повелбата за партнерство меѓу Република Македонија, Република Албанија, Република Хртватска и САД, која беше препорачана на Собранието за донесување.

**2.** Во однос на активностите кои се однесуваат на остварување на парламентарната соработка на билатерален и мултилатерален план, дел од активностите се реализирани надвор од државата а дел во земјата, како на иницијатива на Комисијата така и на иницијатива на странските партнери.

Од вкупно 9 реализирани средби со претставници и делегации на други држави, Комисија реализира 3 средби во земјата. Додека од вкупниот број на овие активности, претседателот на Комисијата, кој по функција остварува меѓународна активност, реализира 6 средби од кои една средба реализира во странство, односно во Атина со претседателот на Парламентарната комисија за надворешна политика на Грција, Карољос Папуљас, а 5 во земјата.

- Комисијата беше иницијатор и домаќин на една Конференција во рамките на регионалната соработка, посветена на Јадранското партнерство, на која без забелешки беше усвоена предложената изјава, додека до Самитот во Солун беше упатено писмото во кое беа изразени заедничките заложби и уверувања за реализација на заедничката цел интеграција во НАТО и Европската унија.

- согласно со своите надлежности, Комисијата ги следи настаните на планот на меѓународната политика и доколку на било кој начин се однесуваат на Република Македонија во рамките на надворешно политички план, своите реакции ги упатува до панданите за што и ја известува јавноста преку соопштенија,

- претседателот на Комисијата билатералните контакти со своите колеги ги остварува и преку писмена комуникација.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 11 |
| Вкупно разгледани точки | | 27 |
| Измени на Уставот: Предлог за пристапување кон измена на Уставот и текст на Нацртот на амандманот XIX на Уставот на РМ | | - |
| Закони по области | политички систем | 12 |
| | економски систем | 4 |
| | јавни дејности | 5 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 5 |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за европски прашања

Комисијата е основана со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 30 / 2003).

Во извештајниот период Комисијата за европски прашања не одржа седници.

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-усогласеноста на предлозите за донесување закони, односно предлозите на закони со законодавството на Европската унија ;

-следењето и поттикнувањето на процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија, предлага мерки за унапредување на постапките за усогласување, дава мислења и предлози за активностите на работните тела на Собранието на овој план;

-исполнувањето на обврските што произлегуваат од спогодбите меѓу Република Македонија и Европската унија;

-следењето на активностите на Владата и органите на државната управа насочени кон стекнување на членство на Република Македонија во Европската унија и остварувањето на програмите и другите акти на институциите на Европската унија во Република Македонија, вклучувајќи ги и програмите за финансиска поддршка;

-редовното информирање на Собранието за сите прашања сврзани со европската интеграција;

-покренувањето и остварувањето на активностите за информирање на јавноста во врска со процесите на европската интеграција;

-соработката со соодветните комисии на другите земји и

-разгледува други прашања во врска со европската интеграција во врска со нив дава мислења и препораки;

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | - |
| Вкупно разгледани точки | | - |
| Измени на Уставот: Предлог за пристапување кон измена на Уставот и текст на Нацртот на амандманот XIX на Уставот на РМ | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за прашања на изборите и именувањата

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-поднесување предлози за избор и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со закон, Деловникот или друг акт на Собранието е определено ваков предлог да поднесува Комисијата;

-поднесување предлози за избори и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со Уставот, закон, Деловникот или друг акт на Собранието не е определено ваков предлог да поднесува друг орган;

-предлагање состав на постојаните и повремени работни тела на Собранието;

-предлагање состав на постојаните делегации на Собранието во меѓународните парламентарни собранија и на пратеничките групи на Собранието за соработка со други парламенти;

-предлагање членови на управни органи и други тела во јавните претпријатија, организациите и институциите кои ги избира, односно именува Собранието ако со Уставот, закон или друг акт не е определено ваков предлог да поднесува друг орган;

-предлагање членови на редакцискиот одбор на гласилото на Собранието;

-предлагање именување и разрешување претставници на Републиката во органите на управувањето и членовн на конкурсни комисии за избор на индивидуални работоводни органи кои се во надлежност на Собранието;

-предлагање состав на одбори и други тела на Собранието за организирање и спроведување прослави на одделни историски настани од значење за Републиката и на други настани чие одбележување е потребно, како и за доделување на републички награди;

-давање мислење по предлозите за избор, односно именување носители на јавни функции кои ги избира, односно ги именува Собранието, а кои се предложени од други органи;

-разгледување предлози на прописи за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието, како и на пратениците и функционерите на кои им престанала функцијата и во рамките на законските овластувања донесува поблиски прописи за нивно извршување;

-донесување акти за кои е овластена од Собранието;

-донесување поединечни решенија за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието;

-донесување акт за одбивање 5% од платата за секој ден отсуство на пратеник кој најмалку три пати отсуствува од седница на Собранието, односно од седница на работното тело, а за тоа не го известил претседателот на Собранието, односно на работното тело;

-ја определува висината на надоместокот на трошоците за учество во работата на работните тела од редот на научните и стручните институции и асоцијации;

-определување во согласност со прописите, висината на дневниците, на трошоците за одвоен живот, на надоместокот за годишен одмор, на селидбените и други трошоци;

-одлучување по жалби против решенија на генералниот секретар на Собранието, доколку со закон или друг акт поинаку не е определено;

-давање исправки на акти што ги донесува и објавува Комисијата во "Службен весник на Република Македонија" и

-разгледување и други прашања што се однесуваат на изборите и именувањата.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија согласно своите надлежности кои произлегуваат од Деловникот на Собранието и Одлуката за основање на работни тела, за периодот од 03.10.2002 до 18.11.2003 година, има одржано 20 седници со вкупно 143 точки на дневен ред.

Седници на Комисијата:

-одржани 20 седници од кои три со продолженија

Примени акти, дописи и барања преку архивската книга:

-вкупно 550 од почетокот на мандатот до 11.2003 година.

Решенија доставени до Комисијата и потпишани од претседателот на Комисијата и тоа:

Решенија за плати:

-за претседател на Република Македонија ............................................1

-за претседател и потпретседатели на Собранието.......................................14

-за пратеници..................................124

-за претседатели на работни тела...18

-за премиер, министри и заменици министри...............................................66

Решенија за престанок на функција пратеник..................................................4

Решенија за апанажа:

-на именувани и избрани лица........123

-за престанок на апанажа на пратеници од претходниот состав........36

-за прекин на апанажа......................13

Решенија за престанок на работен однос:

-на пратеници од претходниот состав.....................................................24

Решенија за исплати на пензија.....................................................3

Решенија за надоместоци:

-за одвоен живот................................8

-за превоз..........................................19

-за надоместок за закупнина на стан.........................................................1

Решенија за Стручната служба

-за советници во Стручната служба..5

Подготовка на седниците на Комисијата:

-покани ............................................20

-точки на дневен ред......................143

-табеларна обработка на предлози.12

-белешки по одделни прашања..........7

-обработка на точките на дневен ред......................................................143

-изготвување на записници...............20

-работна група составена од кординаторите на пратеничките групи со која раководи претседателот на Комисијата, во функција на предлагање на судии на Уставен суд во делот на надлежноста на Комисијата како овластен предлагач - 3 покани, 3 достави на белешки и 3 достави на записници.

Реализација на седници на Комисијата:

Акти за седница на Собранието:

-предлози, предлог-одлуки, амандмани и предлог-одлуки за изменување и дополнување................117

Утврдување на предлози:

-Предлог на кандидат за претседател на Собранието на Република Македонија

-Предлог на кандидат за потпретседател на Собранието на Република Македонија

-Предлог за избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија

Други одлуки:

-одлуки за одбивање на 20% од платата на пратеник, поради неоправдано отсуство од седниците на

Собранието на Република Македонија............................................27

-одлуки за определување на максималната висина на надоместокот за вршење на функциите на избраните и именуваните лица од Собранието на Република Македонија во органите на управување и во другите органи и институции и одборите основани од Собранието на Република Македонија -3

-интерни одлуки..................................3

Други активности:

-дописи и други писма, примени и реализирани..........................................28

-одговори на претставки....................8

-барања од пратенички групи за одделни измени на одлуки и нивна реализација..............................................8

-толкување и поединечно определување на надоместокот на УО на ЈЗО врз основа на основната одлука....................................................27

-прием, класификација и обработка на пријавите по 5-те огласи, под број 07-783/1, 784/1, 785/1, 786/1 и 787/1, за заменици на ЈО на ВЈО (Скопје, Битола и Штип), ЈО на ОЈО за 18 градови и заменици на ЈО ОЈО за 17 градови-вкупно 561 пријава и со 5 писма потпишани од генералниот секретар доставени во рок до Владата за натамошна постапка-на 10.4.2003 година Собранието одлучувало, па со писмо се вратени документите на пријавените кандидати.

-прием, класификација и обработка на пријавите по 3-те огласи за ЈО на ВЈО и ОЈО, за кои беше донесена одлука на Собранието на 25.6.2003 година - вкупно 33 пријави и со писмо потпишано од генералниот секретар доставени во рок до Владата за натамошна постапка.

-повлекување на пријави по Огласот за огласување за О.Ј.обвинител на Основното јавно обвинителство-Кичево и заменик на Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола.....................................................2

-прием, и класификација на пријавите по 2-та огласи за ЈО на ВЈО и ОЈО, во Прилеп, Кичево и Струмица година - вкупно 10 пријави и за заменици на ОЈО на ОЈО, во 11 градови во Македонија, вкупно 55 пријави, за кои беше донесена одлука на Собранието на 26. 3.2004 со писмо потпишано од генералниот секретар доставени во рок до Владата за натамошна постапка.

| Одржани седници | | 23 |
|---|---|---|
| Вкупно разгледани точки | | 143 |
| Измени на Уставот: Предлог за пристапување кон измена на Уставот и текст на Нацртот на амандманот XIX на Уставот на РМ | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 122 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | 21 |

# ПОСТОЈАНА АНКЕТНА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА СЛОБОДИТЕ И ПРАВАТА НА ГРАЃАНИНОТ

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

Согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот има претседател, осум члена и нивни заменици, а разгледува:

-начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот, закони и други прописи и акти од значење за остварувањето и заштитата на слободите и правата на граѓанинот;

-укажување на потребата од донесување на закони и други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот;

-следење, разгледување и анализирање на остварувањето на ратификуваните меѓународни акти кои ја регулираат заштитата на слободите и правата на граѓанинот;

-разгледување на дописите на граѓаните и заземање ставови по истите;

-соработува со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните;

-соработување со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните и

-други прашања што се однесуваат на заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата не може да врши истражни или други судски функции.

Наодите на Комисијата се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции.

Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот во периодот од 3 октомври 2002 година до 18 ноември 2003 година вкупно одржа шест седници. Првата седница на Комисијата се одржа на 20 декември 2002, а последната шеста на 2 ноември 2003 година. Инаку, втората и третата седница на Комисијата се одржаа во девет продолженија.

На првата седница на Комисијата на предлог на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, а во врска со усната информација на координаторот Марјан Ѓорчев, беше разгледана точката за можните нарушувања на слободите и правата на граѓаните на Република Македонија и беше заклучено да се побара информација од надлежните органи по прашањата кои беа опфатени во усната информација.

На втората седница, дневниот ред беше специфизиран со прашањата од претходната седница, а во врска со барањата до надлежните органи да се доставаат соодветни информации при што беа разгледувани следниве точки: Информација за можните нарушувања на слободите и правата на граѓаните на Република Македонија, по барањето на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ; Информација за состојбата со раселените и киднапираните граѓани, и барања на бранителите; Информација за статусот на Одлуката на Владата на РМ за поништување на огласот за социјални станови; и точката Продолжение на работата на Постојаната анкетна комисија по аферата "Прислушување".

По точките од дневниот ред, во текот на одржувањата на продолженијата на втората и третата седница од надлежните органи пристигнаа бараните информации. Со оглед на комплексноста на точката за состојбите со раселените лица, Комисијата, согласно со Деловникот на Собранието формира тричлена работна група (Блаже Стојановски, Каролина Ристова - подоцна заменета со Сашо Дохчев и Теута Арифи - која подоцна беше заменета со Невзат Бејта) со цел подетално да се разгледаат состојбите и условите на сместување на ВРЛ во колективните центри во Скопје и Куманово; активностите на меѓународните организации по ова прашање и конкретно да се разгледаат пречките за враќањето на ВРЛ во нивните домови.

Работната група ги изврши зацртаните активности и достави три извештаи за својата работа до Комисијата за состојбите и условите на сместување на ВРЛ во колективните центри во Скопје и Куманово, активностите на меѓународните организации по ова прашање, за посетата на работната група на Арачиново и населените места од Липковскиот регион. (Продолжението на втората и третата седница на која се разгледаа и усвоија Извештаите за внатрешно раселените лица од Липковскиот регион и Арачиново изготвени од страна на работната група на Комисијата, заврши на седницата одржана на 14.06.2004 година, значи вон овој извештаен период).

Врз база на сознанијата и насоките од својот претходен извештај Работната група за внатрешно раселените лица во просториите на Собранието на Република Македонија на 28.02.2003 реализира средба со претставниците на следниве мегународни организации: *Даниел Жигларез* - шеф на Центарот на Европската Агенција за реконструкција задолжен за градење доверба и имплементација на цела низа на проекти и програми финансирани од Европската Комисија, вклучен и во обновата на куќи од почетокот и во текот на следните неколку месеци; *Мелита Михајловска* - одговорна за управување со програмата за помош во готовина за внатрешно раселените лица со која управува Европската Агенција за обнова. (Проектот обезбедува помош во готовина од 75 евра месечно за семејствата кои се сместени на територијата на Македонија и оваа програма го покрива периодот од јануари 2002 до крајот на март 2003 година); *Алекса Томовски* од Европската Агенција за реконструкција, Одделот за инфраструктура, одговорен за сместување и проектите за деминирање; *Каролина Линдхом* - Канцеларија на УНХЦР; *Питер ван дер Мер* - УНХЦР; *Имануел Алтерс* - ОБСЕ, работи во регионот на Куманово, Липково како офицер за градење доверба; *Питер Букел* - ОБСЕ, со седиште во главната канцеларија во Скопје; *Јорген Енгел* - Шеф на Канцеларијата на

Меѓународната менаџмент група(ИМГ); *Василис Марагос* - советник во Делегацијата на Европската комисија; *Стефан Таниќ* - соработник во ЕЦХО во Скопје;

За точките од дневниот ред, Информација за состојбата со раселените и киднапираните граѓани, и барања на бранителите и Информацијата за статусот на Одлуката на Владата на РМ за поништување на огласот за социјални станови во меѓувреме пристигнаа претставки од Здружението на раселените лица од Арачиново "Зора" и од претставници на граѓани кои учествувале на конкурсот за социјални станови за граѓани со ниски примања.

Исто така, на дневниот ред на едно од продолженијата на втората и третата седница на дневниот ред беше ставена претставката од сопственикот и работниците на АД "Вера Јоциќ" од Македонска Каменица, во врска со повеќемесечен штрајк во ова претпријатие и функционирањето на надлежните органи. Во функција на разгледување на оваа претставка советникот на Комисијата изврши непосредна посета на ова претпријатие, и поднесе извештај, а подоцна беше формирана и работна група на Комисијата(пратеничката Ана Андова, советникот на Комисијата и претставник од МВР) која, исто така, изврши непосреден увид и поднесе извештај за својата работа, по што состојбите во ова претпријатие се стабилизираа.

На продолжението на втората и третата седница од 7 март 2003, како последна точка, покрај претставката од АД "Вера Јоциќ" од Македонска Каменица, беше разгледана и претставката од ФНП "Арка" од Куманово во врска со пречекорување на овластување на припадници на полицијата во Куманово кои беа санкционирани во поглед на сторените повреди од дисциплинските инстанци во Министерството за внатрешни работи.

На третата седница одржана на 10 февруари 2003 година беа повторно разгледувани Информацијата за статусот на Одлуката на Владата на РМ за поништување на огласот за социјални станови и продолжението на работата на Постојаната анкетна комисија по аферата "Прислушување". Останатите точки не се разгледуваа поради немање услови за нивно одржување, било во смисла на чекање на информација од надлежен орган или пак поради неодзивање на покана, како што е на пример случајот со продолжението на аферата "Прислушување". По прашањето на ставање на сите точки заедно во дневниот ред на продолженијата на седниците, односно селектирање на дел од нив за кои по оцена на претседателот на Комисијата има услови за продолжение на една од седниците се отвори обемна дебата и расправа.

Со оглед на бројноста и комплексноста на точките од дневниот ред, втората и третата седница имаа неколку продолженија, и се уште не се

затворени точките за Информацијата за можните нарушувања на слободите и правата на граѓаните на Република Македонија, по барањето на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и по аферата "Прислушување".

На Четвртата седница на Комисијата одржана на 6 мај 2003 година беа разгледувани и усвоени предлозите по следниве точки: Предлог за пристапување кон изменување на Уставот на Република Македонија; Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, со Предлог на закон; Предлог за донесување закон за изменување на Законот за помилување, со Предлог на закон и Предлог за донесување на закон за азил.

На петтата седница на Комисијата, одржана на 14 октомври, беше разгледуван и усвоен Предлогот на Декларацијата за заштита на правата на детето.

На шестата седница на Комисијата одржана на 02.11. 2003 година беше разгледан и усвоен Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата

Работа на Комисијата по претставки од граѓаните

Од вкупно 151 претставки во овој период, според структурата на подносителите поднесени се претставки од: синдикални организации, од приватни претпријатија, од група граѓани, од државни органи, од јавни претпријатија, од меѓународни здруженија во Македонија и од парламентарна партија. Конкретно, поднесени се претставки од областа на работните односи, судство, управна постапка, социјални барања, постапување на полиција, урбанизам, статусни прашања во јавни и приватни претпријатија, раселени лица, функционирање на управа и локална самоуправа, обвинителство, итн. Најчесто преземени дејства од страна на Комисијата се прием на разговор, дадено упатство до подносителот да постапи, побарана информација од надлежен орган, даден совет да се сочека постапувањето на надлежен орган или Народниот правобранител, помош при составување претставка до Комисијата, добиени одговори, дадена стручна помош на подносителот при составување на претставка односно писмено обраќање до друг надлежен орган, расправа пред Анкетната комисија на седница - 6 претставки, расправање на Комисијата, делумно постапување и следење на целосното барање од претставката од страна на Комисијата - 3 (на пример, претставката од "Арка") итн.

Соработка со домашни и странски невладини и меѓународни организации

Постојаната анкетна комисија има воспоставено добра и отворена соработка со речиси сите невладини (домашни и странски) и меѓународни организации за заштита на слободите и правата на граѓаните, кои пројавуваат интерес за таква соработка со Комисијата, како и по барање на

Комисијата, вклучително и присуство и обраќање на нивни преставници во работата на Комисијата. Во овој период, таква соработка на пример е остварена со ОБСЕ, Хелсиншкиот Комитет за заштита на човековите права, Здружението за правата на Ромите "АРКА", синдикалните организации итн. Во врска со точката од дневниот ред за состојбата со внатрешно раселените лица остварена е тесна соработка (на седниците и на терен) со меѓународни организации како што се ОБСЕ, Европска агенција за реконструкција, ИМГ, УНХЦР и други.

Остварена е соработка и со: Централно и источно европска правна иницијатива, конкретно г-дин Гералдин Бјаллерстедт односно Алецк Трањицк, во врска со преглед и препораки за работењето на Народниот правобранител на Република Македонија; интензивна тековна соработка со ОБСЕ чии претставници редовно присуствуваа на точките од дневниот ред поврзани со нарушување на човековите права иницирани од ВМРО-ДПМНЕ на првата седница на Комисијата; Центарот за континуирана едукација на Здружението на судии на Македонија и Советот на Европа, Канцеларијата на Високиот комесаријат за човекови права во врска со обука за меѓународни и домашни обврски за лостапување со притворени и осудени лица; со Информативниот центар за граѓанско општество во врска со обука за оспособување на правни советници за давање правни совети на граѓани кои тврдат дека нивните права се повредени од страна на полицијата - со презентација на улогата на Постојаната анкетна комисија; соработка со фондацијата "Фридрих Еберт" во врска со семинарот "*Траумите како психолошка појава и последица од конфликтот во Република Македонија - фактор на загрозување на човековите права*" *- со* излагање на тема: "Улогата на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот на Собранието на Република Македонија во заштитата на човековите права во конфликтни и постконфликтни ситуации во македонското општество" од страна на членот на Комисијата м-р Каролина Ристова и советникот на Комисијата"; учество на советникот на Комисијата во изготвувањето на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата во рамките на активноста на меѓуресорната работна група раководена од Генералниот секретар на Владата и Државната комисија за спречување на корупцијата; учество во Националната консултација за образованието за човекови права во соработка со Канцеларијата на Високиот Комесар за човекови права во Република Македонија; учество на членот на Комисијата, Блаже Стојаноски на конференцијата; "Зајакнување на парламентот како чувар на човековите права: Улогата на парламентарните тела за човекови права со Интерпарламентарната унија и Високиот комесар за човекови права во Женева" и друго.

Согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот има претседател, осум члена и нивни заменици, а разгледува:

- начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот, закони и други прописи и акти од значење за остварувањето и заштитата на слободите и правата на граѓанинот;

- укажување на потребата од донесување на закони и други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот;

- следење, разгледување и анализирање на остварувањето на ратификуваните меѓународни акти кои ја регулираат заштитата на слободите и правата на граѓанинот;

- разгледување на дописите на граѓаните и заземање ставови по истите;

-соработува со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните;

- соработување со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните и

-други прашања што се однесуваат на заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата не може да врши истражни или други судски функции.

Наодите на Комисијата се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 9 |
| Вкупно разгледани точки | | 11 |
| Измени на Уставот:<br>Предлог за пристапување кон измена на Уставот и текст на Нацртот на амандманот XIX на Уставот на РМ | | 1 |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти<br>(одлуки, декларации, програми) | | 1 |
| Информации, извештаи | | 8 |
| Прашања, предлози | | 1 |

# Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање

Во извештајниот период, од 3 октомври 2002 година до 18 ноември 2003 година. Комисијата одржа седум седници, на кои разгледа повеќе прашања од нејзиниот делокруг.

Активностите во врска со надлежноста на Комисијата да ја контролира работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, Комисијата ја насочи пред се во надзор на делот што се однесува на почитување на правата и слободите утврдени со Уставот и законите, законитоста во поглед што ги користат, потоа материјалната, кадровската и техничката опременост на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, како и на дејствувањето на разузнавачките служби од други држави на одделните подрачја во државата.

Надзорот над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање Комисијата го оствари непосредно со посети на Регионалните управи и во Одделенијата на Регионалните управи во Републиката, како и на Агенцијата за разузнавање. Притоа членовите на Комисијата се запознаа со безбедносната состојба на теренот, во секоја регионална управа посебно, нивната организациона и кадровска екипираност, како и материјалната и техничка опременост на управите.

Во извештајниот период, Комисијата активно ја остваруваше својата контролна функција врз безбедносните служби на државата, и во во текот на

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-почитување на правата и слободите, утврдени со Уставот и закони од страна на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање на граѓаните, претпријатијата и други правни лица;

-законитоста во спроведување на овластувањата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на пречекорување на овластувањата. преземање неовластени постапки, злоупотреба и други негативности во работењето, спротивно на нивните права утврдени со закон;

-методите и средствата што ги користат Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на законитоста и почитувањето на правата на граѓанинот и други субјекти;

-материјалната, кадровската и техничката опременост на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање и

-други прашања што се однесуваат на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање.

месеците јуни, јули и септември 2003 година ги посети одделенијата на УБК во Куманово, Тетово, Гостивар и Битола, Велес, Штип, Гевгелија, Охрид и Прилеп. Поради значењето и големината на УБК - Скопје Комисијата ја посети оваа управа во полн состав. Исто така, Комисијата во полн состав изврши увид над работата на Агенцијата за разузнавање. За секоја посета на УБК и одделенијата на УБК, како и на Агенцијата за разузнавање беа изготвени белешки.

Комисијата ги разгледуваше и годишните извештаи на УБК и на Агенцијата за разузнавање за 2002 година, кои тие согласно СО законските обврски од Законот за внатрешни работи и Законот за Агенцијата за разузнавање редовно и ги доставуваат на Комисијата.

Со цел за изготвување на сумарен извештај од извршениот надзор над управите за безбедност и контразузнавање, како и на Агенцијата за разузнавање, а во функција на информирање на Собранието на Република Македонија за безбедносната состојба во државата и организационата, материјалната и техничката опременост на овие разузнавачки служби, во текот на 2002 година, беше формирана работна група, која изготви предлог- извештај, и го достави до членовите на Комисијата.

Заради остварување на поефикасна и навремена контрола над двете безбедносни служби Комисијата заклучи во иднина Агенцијата за разузнавање и УБК да и доставуваат на Комисијата квартални извештаи за својата работа, а извештаите, заедно со заклучоците што Комисијата ќе ги изготви врз основа на нив да бидат искористени за изготвување на годишните програми за работа на УБК и на Агенцијата за разузнавање за наредната година. Во врска со ова прашање Комисијата заклучи да одржи седница на која ќе присуствуваат директорот на Агенцијата за разузнавање и директорот на УБК, посветена на организационата поставеност, како и за кадровската и материјалната-техничката опременост на регионалните УБК и на Агенцијата за разузнавање.

Членовите на Комисијата расправаа и по Буџетот на Република Македонија за 2004 година, при што се истакна дека предвидените средства во Буџетот за Министерството за внатрешни работи и за Агенцијата за разузнавање не се доволни во смисла за натамошно унапредување на нивната дејност, но дека се во согласност со финасиските можности на државата. На текстот на Предлогот на буџетот Комисијата не поднесе амандмани. Врз основа на расправата Комисијата едногласно заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го донесе Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

Комисијата во неколку наврати расправаше за потребата од измена на членот 17 од Уставот на Република Македонија, со кој се регулира

слободата и тајноста на писмата и на сите други облици на општење, а само врз основа на судска одлука да може да се отстапи од начелото на тајноста во случаи кога се во прашање интересите на одбраната и безбедноста на Републиката. Комисијата едногласно донесе заклучок да му предложи на Собранието да го поддржи Текстот на Нацртот на Амандманот XIX на Уставот на Република Македонија со кој се предлага измената на членот 17 од Уставот на РМ.

Комисијата расправаше и по две претставки од поранешни вработени во Агенцијата за разузнавање.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 7 |
| Вкупно разгледани точки | | 8 |
| Измени на Уставот: Предлог за пристапување кон измена на Уставот и текст на Нацртот на амандманот XIX на Уставот на РМ | | 2 |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 1 |
| Информации, извештаи | | 2 |
| Прашања, предлози | | 2 |

# Комисија за финансирање и буџет

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-системот на финансирање;
-Буџетот на Републиката;
-даноците, таксите, придонесите и други јавни давачки на граѓаните и правните лица;
-царинскиот систем;
монетарно-кредитниот, банкарскиот и девизниот систем;
-платниот промет и ревизијата;
-заемите и кредитите;
-јавните набавки;
-системот на осигурување;
-сопственоста и други имотно-правни односи;
-стоковните резерви;
-игрите на среќа и
-/други прашања што се однесуваат на финансирањето.

Во периодот од 1 октомври 2002 година до 31 октомври 2003 година Комисијата одржала 13 седници со вкупно 54 точки на дневен ред. Иако при утврдување на дневниот ред беа ставени 2 предлози на закони за кои предлагачи биле пратеници истите не се разгледани поради немање на мислење од Владата на Република Македонија.

Од вкупниот број на разгледани точки 46 се закони и сите се од областа на економскиот систем. Покрај закони во овој период Комисијата го разгледа Буџетот на Република Македонија за 2003 година, Ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2003 година, Завршната сметка на Буџетот на Република за 2001 и 2002 година, 2 извештаи, 1 програма и 1 статут. Комисијата нема поднесено амандмани.

Важно е да се напомене дека од вкупниот број на разгледани закони, 41 се по скратена постапка и 2 по итна постапка.

Имајќи го предвид фактот дека по најголем дел од овие предлози на закони Комисијата во текот на расправата имаше бројни забелешки и сугестии, потребно е во иднина Владата што е можно повеќе од предложените закони да ги изготвува и доставува како предлози за донесување, односно истите да се разгледуваат во Собранието во редовна постапка. Со тоа ќе се обезбеди поцелосна и по аналитичка расправа по предлозите и Владата ќе може да ги вградува во предлозите на законите и на тој начин ќе се избегне за значајни прашања секогаш да се интервенира само со амандмани.

Во овој период Комисијата особено внимание посвети на разгледувањето на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2003 година со

придружните закони за нгово креирање и извршување, Ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2003 година и Предлогот на завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2001 и 2002 година.

Со оглед на тоа што оваа Комисија е надлежна за разгледување на Буџетот, по наведените точки се водеше мошне обемна расправа во која беа изнесени бројни предлози, забелешки и сугестии кои предлагачот треба да ги има в предвид при изготвување на Буџетот односно Ребалансот на Буџетот во наредниот период.

Значајна расправа се водеше по Предлогот на законот за царинската тарифа. Бидејќи Република Македонија пристапи кон Светската трговска организација, настапи потреба од примена на договорените законски измени во делот на трговијата со вградување на истите во националниот Закон за царинска тарифа. Со овој закон се утврдени правилата за начинот на пресметка на царинските давачки, правилата за распоредување на пооделни стоки во тарифни броеви и тарифни подброеви, како и висината на царинските стапки при увозот на стоки.

Не помалку внимание беше посветено во расправата по Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот спречување на перење пари. Со неговото донесување се очекува да дојде до позитивен пресврт во борбата против организираниот криминал односно да се обезбеди систем на превентивни мерки и дејствија против перењето пари и финансирањето на тероризмот, кој ќе биде во согласност со меѓународните документи.

Комисијата ги разгледа и измените и дополнувањата на Законот за лизинг, со кои се предлага регулирање на лизингот на недвижности. Овие измени имаат за цел да го стимулираат лизинг пазарот во Република Македонија и да поттикнат поголема активност како на давателите, така и на корисниците на овој вид финансиска услуга, а кој е доста атрактивен во развиените земји.

Со оглед на тоа што имотно-правните односи се во надлежност на Комисијата за финансирање и буџет, таа во изминатиов период го разгледа Предлогот за донесување на закон за приватизација на градежно земјиште при што беа изнесени бројни предлози за нивно вградување во Предлогот на овој закон.

Од областа на имотно-правните работи Комисијата го разгледа и Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација, со Предлог на закон со кој во основа се предлагаат решенија кои имаат за цел да обезбедат сигурност на поранешните сопственици во однос на исплатата на надоместокот во пари или кога тој се состои во давање на друга недвижност во замена на експроприраната.

Во анализираниов период Комисијата разгледуваше и предлози на закони за задолжување на Република Македонија, односно за давање на гаранција за

задолжување кај меѓународни финансиски институции.

Во овој период Комисијата одржа и една работна средба со делегација на Мисијата на Светската банка во Република Македонија. Светската банка ја испрати мисијата во Република Македонија да работи на Процена на финансиската одговорност на земјата (ЦФАА). Целта на ЦФАА е да и помогне на Владата на Република Македонија во идентификувањето и олеснувањето на нејзиниот менаџмент со финансиски ризици и во зајакнувањето на нејзините операции во клучните области во сметководството и ревизијата.

Во досегашната работа Комисијата немаше некои проблеми со кои би се соочувале и што би можеле да влијаат на нормалното одвивање на нејзината работа.

Оддржувањето на седниците во однос на кворумот се одвиваше без проблеми бидејќи со Деловникот на Собранието на Република Македонија, како и со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија е предвидено покрај претседателот на комисијата и бројот на членовите да има и нивни заменици. Ова решение се покажа како многу успешно, така што овозможи седниците на Комисијата секогаш да се одржуваат во закажаниот термин, што претставува услов за ажурно и економично работење како за Комисијата така и за Собранието.

Единствено, во текот на работата Комисијата се соочуваше со ненавремено доставување на мислења од страна на Владата за закони и други акти чии предлагачи се пратеници или други овластени предлагачи. Тоа би можело да се надмине со тоа што Владата би ги доставувала мислењата во рокот определен со Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Ова е потребно бидејќи мислењата на Владата се релевантни за расправа по законите и другите акти во Комисијата, особено ако се има предвид фактот што овие закони најчесто предвидуваат зафаќање на финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

Повремено, како проблем од технички аспект би можел да се истакне недоволниот број на сали за одржување на седниците на комисиите особено во денови кога повеќе комисии имаат закажано седници.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 13 |
| Вкупно разгледани точки | | 54 |
| Измени на Уставот: Предлог за пристапување кон измена на Уставот и текст на Нацртот на амандманот XIX на Уставот на РМ | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 46 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 4 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 2 |
| Информации, извештаи | | 2 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за економски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-производство и трговија;
-минерални суровини и енергетика;
-туризам, угостителство и занаетчиство;
-надворешно-трговско работење,
-странски вложувања;
-сопственичка трансформација;
мерки против монополска положба и монополско однесување на пазарот;
-заштита на потрошувачите;
-јавни претпријатија;
-концесии;
-побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја;
-статистика и
-други прашања што се однесуваат на економскиот систем.

Во периодот од донесувањето на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија, односно од 4 декември 2002 година до мај 2003 година, Комисијата не одржа седници. Собранието на Република Македонија на 12 јуни 2003 година донесе Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија, со која се изврши измена на претседателот на Комисијата за економски прашања. Првата седница на Комисијата за економски прашања беше одржана на 17 јуни 2003 година.

Во извештајниот период Комисијата за економски прашања одржа пет седници на кои беа разгледани вкупно 14 точки на дневен ред од областа на економскиот систем.

Комисијата за економски прашања во овој период разгледа четири закони во скратена постапка, шест предлози за донесување на закони, еден Предлог на закон, еден Извештај за работата на Советот за статистика на Република Македонија за периодот 2002-2003 година, го разгледа Финансискиот план на Регулаторната Комисија за енергетика на Република Македонија за 2004 година и Предлогот на одлуката за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска

дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2004 година.

При утврдувањето на дневниот ред, на две седници на Комисијата беше ставен Предлог на закон за кој предлагач беше пратеник, и истиот не беше разгледан поради немање на мислење од Владата на Република Македонија.

Во изминатиот период Комисијата за економски прашања поднесе седум амандмани.

За сите разгледани точки од седниците на Комисијата се изготвени посебни извештаи, како и записници од секоја седница и истите се усвоени од Комисијата.

Сите активности на Комисијата за економски прашања се реализираат во рамките на нејзините надлежности.

Сите одржани седници на Комисијата за економски прашања се јавни и во таа смисла, на јавноста и е дадена можност за отворен пристап кон расправата од Комисијата по одредена точка од дневниот ред како и кон завршната расправа по предложениот закон.

Во изминатиот период Комисијата за економски прашања активностите ги насочи во разгледување на закони од економскиот систем.

Комисијата детално го разгледа Извештајот за работата на Советот за статистика на Република Македонија за периодот 2002-2003 година и врз основа на расправата му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и усвои Извештајот заедно со заклучоците кои произлегоа од расправата на Комисијата. Предложените заклучоци се однесуваа на потребата Советот за статистика да продолжи со активностите од стручно-научен аспект за реализацијата на задачите на Државниот завод за статистика кои се насочени кон развојот на статистичката дејност, со цел за обезбедување на конзистентен систем на податоци.

Комисијата особено внимание посвети на разгледувањето на Предлогот за донесување на закон за вршење на занаетчиска дејност. Во расправата на Комисијата се изнесоа бројни забелешки и предлози за подобрување на предложените решенија кои се однесуваа на зачувување на долгата културна и уметничка традиција на занаетчиството во државата, како и потребата од инвестирање во развојот на занаетчиството преку финансирање во оваа област.

Особено значајна е расправата по Предлогот на закон за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија. Имајќи ги во предвид состојбите со институционалната инфраструктура за поддршка на малото стопанство и претприемништвото во државата, во расправата Комисијата нагласи дека постои потреба од формирање на професионална организација преку која ќе се спроведува стратегијата на Владата на Република Македонија во делот на

поддршката на малото стопанство. За таа цел Комисијата оцени дека има потреба од основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија чија основна задача ќе биде реализација на Програмата на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање на конкурентност на малото стопанство.

Во овој период Комисијата особено внимание посвети на Предлогот за донесување на закон за трговија, кој се заснова врз принципите на меѓународните трговски правила, регулативи и процедури. Пристапувањето на Република Македонија во Светската трговска организација налага целосно почитување и примена на одредбите на Организацијата. Предложениот закон е во насока на уредување на трговијата на домашниот и странскиот пазар, намалување на трговските пречки меѓу субјектите на пазарот и овозможување на подеднаков третман на сите субјекти. Донесувањето на единствен закон за внатрешна и надворешна трговија ќе придонесе за поедноставна примена на законските одредби од областа на трговијата.

Бидејќи прашањата од областа на енергетиката се во надлежност на Комисијата за економски прашања, интензивирана е соработката на Комисијата за економски прашања со Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

*Меѓународни активности на Комисијата*

Претседателот на Комисијата за економски прашања на 24 јануари 2003 година во Собранието на Република Македонија одржа работна средба со. Н.Е. г. Абдолмајид Мозафари, амбасадор на Исламската Република Иран. На средбата беа изнесени заедничките очекувања за формирање на парламентарна група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Иран како значаен сегмент за зајакнување на меѓусебната соработката на двата парламента.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 5 |
| Вкупно разгледани точки | | 14 |
| Измени на Уставот: Предлог за пристапување кон измена на Уставот и Текст на Нацртот на амандманот XIX на Уставот на РМ | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 11 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | 7 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 2 |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- земјоделското земјиште, пасиштата и други природни богатства и природни сили;
-арондацијата, комасацијата и мелиорацијата;
-сточарството, полјоделството, овоштарството и лозарството:
-ловот и риболовот;
-животинскиот и растителниот свет;
-ветеринарно здравство и заштита на растенијата;
-премерот и катастарот на земјиштето;
-употребата и користењето на водите и одобрувањето на режимот на водите;
-хидромелиоративните системи и хидрометеоролошките работи и
-други прашања што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Во извештајниот период Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство одржа 13 седници на кои беа разгледани вкупно 28 точки на дневен ред.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство во овој период разгледа пет закони во скратена постапка, два предлози за донесување на закони, го разгледа Буџетот на Република Македонија за 2003 година и Ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2003 година.

Комисијата во изминатиот период покрај законите го разгледа и Предлогот на деловникот за работата на Комисијата и десет Информации од кои: две информации доставени до Собранието од страна на Владата на Република Македонија, по барање на пратеници, потоа пет информации доставени од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство по барање на Комисијата, две информации од пратеници и една информација поднесена од градоначалниците на општините Василево и Босилово.

Во извештајниот период Комисијата одржа посебни седници на кои расправаше за одделни состојби од земјоделската област и расправаше по седум точки - предлози и прашања.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно со членот 1, став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија донесе Деловник за работа на Комисијата.

Во изминатиот период Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе десет амандмани

При утврдувањето на дневниот ред на седница на Комисијата беше ставен Предлог на закон поднесен од пратеници и истиот не е разгледан поради немање на мислење од Владата на Република Македонија и неприсуство на предлагачите.

За сите разгледани точки од седниците на Комисијата се изготвени посебни извештаи, како и записници од секоја седница и истите се усвоени од Комисијата.

Сите активности на Комисијата за земјоделство, шумарство и

водостопанство се реализираат согласно со надлежностите утврдени во Одлуката за основање на работни тела на Собранието на Република Македонија.

Работењето на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство се карактеризира со редовно одржување на седниците во предвидените термини како и редовно присуство на членовите на Комисијата. Особено важно е да се истакне дека сите членови на Комисијата соработуваат и активно учествуваат во дискусиите за кои се добро подготвени. Во досегашниот период на работењето на Комисијата меѓу членовите на Комисијата постои заедничка согласност во правец на интензивирање на поддршката и зајакнување на земјоделството во државата, кое особено беше изразено при разгледувањето на Буџетот на Република Македонија за 2003 година.

Во изминатиот период Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство ги насочи активностите во разгледување на закони од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Особено значајна е расправата по Предлогот за донесување закон за водни заедници, со Предлог на закон. Концептот на предложениот закон за водни заедници е базиран врз елементите со кои водата претставува добро од општ интерес за државата, дејностите на одводнување и наводнување се дефинирани дејности од јавен интерес, трошоците за потрошена вода за потребите на земјоделското земјиште да ги сносат водокорисниците и партиципаторни форми на управување со водните ресурси. Предложениот закон има за цел да овозможи ефикасно функционирање на водните заедници, подобрена форма на застапување на интересите на крајните корисници во управувањето со водата за наводнување како и усогласување со законодавството на Европската Унија.

Комисијата особено внимание посвети во расправата при разгледувањето на Буџетот на Република Македонија за 2003 година при што укажа на потребата од обезбедување на дополнителни средства за Програмата за здравствена заштита на животните, со цел за обезбедување на целосна ветеринарна и ефикасна здравствена заштита на животните, како и дополнителни средства за Програмата за заштита на Дојранското Езеро за обезбедување со вода на постојниот систем и негово целосно функционирање.

Комисијата во рамките на своите надлежности расправаше за прашањата за поддршката на македонскиот агрокомплекс, согласно со принципите и стандардите на Светската трговска организација. Комисијата потенцираше дека членството на Република Македонија во меѓународните асоцијации и соработката со меѓународните институции претставува особена заслуга во спроведувањето на

процесот на реформи во земјоделскиот сектор. Комисијата во расправата оцени дека државата треба максимално да ги искористи сите поволности кои произлегуваат од пристапувањето во Светската трговска организација и можностите за пласман на домашните земјоделски производи на светскиот пазар. Имајќи ја в предвид рестриктивната потрошувачка на буџетските средства, Комисијата потенцираше дека сепак е потребно да се запази развојната насока на аграрот во државата.

Особено значајна е расправата на Комисијата по Информацијата за состојбата во подрачјата загрозени од водите на реката Вардар и водотеците во Тетовскиот регион, изготвена од Владата на Република Македонија по барање на пратеник. Комисијата во заклучоците од расправата укажа дека е потребно континуирано ангажирање на водостопанските претпријатија, соодветен и постојан третман на државата кон настанатите состојби и преземање на активности за изградба на хидроакумулации за прифаќање на водените наноси. Комисијата нагласи дека е потребно да се изготви стратегија за организирано пристапување кон појавата и сведување на ерозијата на теренот на територијата на државата во најмал можен обем, при тоа ангажирајќи соодветни институции и експерти од оваа област.

Комисијата одржа посебна седница на која беа разгледани состојбите во врска со откупот на пченицата од реколтата 2003 година.

Посебно внимание Комисијата посвети при разгледувањето на Предлогот за донесување на закон за водостопанства. Предложениот закон е во насока на остварување на целосна реформа и заедно со Законот за водните заедници ќе овозможи нова правно-институционална рамка на водостопанството во државата.

Комисијата значајна расправа оствари и по Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун, при што се укажа на потребата од изготвување на нов закон за тутун и преработки од тутун со кој ќе се регулираат условите и начинот на производството, откупот, обработката, преработката како и прометот на тутунот и производите од него.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 13 |
| Вкупно разгледани точки | | 28 |
| Измени на Уставот:<br>Предлог за пристапување кон измена на Уставот и текст на Нацртот на амандманот XIX на Уставот на РМ | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 7 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | 10 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| Други акти<br>(одлуки, декларации, програми) | | 2 |
| Информации, извештаи | | 10 |
| Прашања, предлози | | 7 |

# КОМИСИЈА ЗА ТРАНСПОРТ, ВРСКИ И ЕКОЛОГИЈА

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-патниот, железничкиот, речниот, езерскиот, воздушниот, поштенско-телеграфскиот, телефонскиот и радиосообраќајот;
-жичарите и ски-лифтовите;
-системите на телекомуникации и радиодифузниот систем;
-изградбата на инвестиционите објекти во областа на транспортот и телекомуникациите;
-просторното и урбанистичкото планирање;
- уредувањето на градежното земјиште;
-станбеното и комуналното стопанисување;
-заштитата и унапредувањето на животната средина, природата, воздухот, земјата и водите од загадување;
-обезбедување услови за здрава животна средина:
-спречување на штетната бучава;
-заштитата од јонизирачко зрачење и други штетни дејства по животот и здравјето на луѓето и посебните мерки на сигурност при употреба на нуклеарна енергија и
-други прашања што се однесуваат на транспортот,врските, урбанизмот и екологијата.

Комисијата во извештајниот период оддржа осум седници на кои беа разгледани следните теми како точки на дневниот ред и ги усвои следните заклучоци по истите:

Прва седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија одржана на 18 декември 2002 година, со следниов дневен ред:

1. Предлог на Деловник за работа на Комисијата за транспорт, врски и екологија;

Заклучок: Комисијата го усвои Деловникот за работа со забелешките и предлозите изнесени на седницата и го задолжи секретарот на Комисијата, да изготви Деловник во кој ќе бидат вградени усвоените предлози на Комисијата.

2. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Кралството Норвешка за меѓународниот патен превоз, со Предлог на закон.

Заклучок: Собранието да го донесе законот во предложениот текст.

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за превоз на патници и стока во меѓународниот сообраќај, со Предлог на закон;

Заклучок: Собранието да го донесе законот во предложениот текст.

4. Предлог на просторен план на регионот на заштитните зони на изворот Рашче;

Заклучок: Собранието да ја задолжи Владата на РМ во најкус можен рок да изготви закон за заштита на изворот Рашче, а преку надлежните органи на државната управа да се обезбеди систематско следење на спроведувањето и остварувањето на предвидените интереси и цели со Планот.

Втора седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија одржана на 13 март 2003 година, со следниов дневен ред:

1. Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2003 година; и по истата Комисијата го усвои следниов

заклучок: Комисијата му предложи на Собранието на Република Македонија да го донесе Буџетот на Република Македонија.

2. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за додадена вредност, со Предлог на закон.

Заклучок: Собранието да го донесе законот за додадена вредност и да го усвои заедно со амандманот на членот 22.

Трета седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија, одржана на 20 мај 2003 година, со следниов дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за домување, со Предлог на закон;

Заклучок: Собранието да го донесе законот во предложениот текст.

2. Предлог за донесување на закон за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк Шар Планина, со Предлог на закон;

Заклучок: Комисијата ја одложи расправата по предлогот за донесување на законот за прогласување на дел од Шар Планина, со предлог на закон поради неприсуство на предлагачот на законот пратеникот Зоран Томиќ и немање мислење од Владата.

Четврта седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија одржана на 8 јуни 2003 година, со следниов дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конференција за пределот, со Предлог на закон.

Заклучок: Собранието да го донесе законот во предложениот текст.

2. Извештај за работата на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија за периодот март 2002 - март 2003 година

Заклучок:

2.1. Собранието на РМ го усвојува извештајот за работењето на ЈП МРТ за периодот март 2002 - март 2003 година кој содржи сеопфатни информации, констатации и понудени решенија за надминување на настанатата состојба.

2.2. Собранието укажува на потребата органите на ЈП МРТ да продолжат со мерки за натамошна реорганизација, рационализација и финансиска консолидација со цел ЈП МРТ да се организира и функционира според стандардите на европските јавни радиодифузни сервиси.

2.3. Собранието на РМ констатира дека досегашниот модел не овозможува целосно и ефикасно собирање на радиодифузната такса како јавна давачка и предлага Владата на РМ да изготви и предложи измени на законската регулатива со што ќе се овозможи ефикасна наплата на истата.

2.4. Тргнувајќи од фактот дека еден од основните проблеми со кои се соочува ЈП МРТ во остварувањето на својата функција е недостигот на финансиски средства кој се манифестира преку искажаната загуба,

Собранието смета дека е неопходно Владата на РМ во соработка со ЈП МРТ да изготви Програма за санација и финансиска консолидација на претпријатието. Собранието свесно за кумулираните проблеми, ги задолжува органите на ЈП МРТ во рок од 30 дена на Владата на РМ да и предложат Програма за трансформација на претпријатието.

2.5. Собранието ги повикува Владата и другите надлежни органи да ја утврдат потребата од давање на бесплатно користење нови фреквенции на МРА и МТВ со цел за создавање и емитување на специјализирана програма од јавен интерес.

2.6 Собранието на РМ оценува дека е итна и неопходна санацијата на техничко-технолошките капацитети во МРТ, како и започнување на постапки со кои ќе се овозможи воведување нови технологии за што е потребно Владата на РМ да ги преземе потребните мерки за утврдување на извори на средства.

2.7. Собранието смета дека е неопходно да се преземат соодветни мерки за завршување на процесот за делбениот биланс меѓу ЈП МРТ и ЈП МР Дифузија.

2.8. Собранието на РМ го поздравува донесувањето на Декларацијата за професионални и етички стандарди на програмите на МРТ како документ кој ја доближува МРТ до остварувањето на нејзината функција на јавен радиодифузен сервис според европските стандарди.

Петтата седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија, одржана 10 јули 2003 година, со следниов дневен ред:

1. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште, со Предлог на закон;

Заклучок: Комисијата по истиот не расправаше, бидејќи немаше мислење од Владата на Република Македонија.

2. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузија, со Предлог на закон;

Заклучок: Собранието да го донесе законот во предложениот текст.

3. Предлог на закон за ратификација на Шестиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз, со Предлог за закон;

Заклучок: Собранието да го разгледа и го усвои истиот со двата амандмани предложени од Комисијата.

4. Предлог за донесување закон за приватизација на градежното земјиште;

Заклучок: Собранието да го усвои Предлогот за донесување на законот, при што да ги има в предвид мислењата, сугестиите и укажувањата на Комисијата изнесени на седницата.

Шестата седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија одржана на 8 јули 2004 година, со следниов дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за радиодифузната дејност, со Предлог на закон.

Заклучок: Собранието да го донесе законот во предложениот текст.

2. Предлог за донесување на закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, со Предлог на закон.

Заклучок: Собранието да го донесе законот во предложениот текст.

3. Извештај за работата на Советот за радиодифузија за периодот од 1 јули 2001 година до 31 декември 2002 година;

Заклучок: Комисијата го усвои извештајот во целост.

4. Информација за статусот и поставеноста на МИА, Информација за фунционалното и финансиското работење, Предлог-заклучоци и Проект МИА 2003 година;

Заклучок: Комисијата за транспорт, врски и екологија констатира дека настанатата состојба со експлоатација на рудните наоѓалишта на јаглен за потребите на РЕК Осломеј е нарушена животната средина особено во делот на обврските за поправка на патиштата и другите инфраструктурни објекти кои се оштетени од експлоатацијата на рудникот и користењето на термоцентралата Осломеј. Комисијата, поддржувајќи ги Заклучоците на месните заедници и Советот на општината Осломеј инсистира страните инволвирани во случајот да ги почитуваат законските и другите прописи со кои се обврзани да ја заштитуваат животната средина и здравјето на луѓето и животните. Заклучокот да се достави до Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Електростопанство на Македонија, РЕК Осломеј и градоначалникот и МЗ на општината Осломеј.

Овие заклучоци заедно со Извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија ќе се достават до Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии и ЈП МИА.

Седмата седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија одржана на 7 октомври 2003 година, со следниов дневен ред:

1. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето, со Предлог на закон;

Заклучок: Собранието да го разгледа и усвои законот во предложениот текст.

2. Предлог за донесување на закон за радиодифузна дејност, со Предлог на закон;

Заклучок: Собранието да го разгледа и усвои Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија.

3. Барањата со Заклучоците на месните заедници на општината Осломеј за преземање на мерки за ублажување на последиците кои произлегуваат од работата на АД Електростопанство на Република Македонија односно РЕК Осломеј и заклучоците на Советот на општината Осломеј.

Осмата седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија одржана на 24 октомври 2003 година со следниот дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за продажба на станови во државна сопственост кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешната ЈНА, со Предлог на закон;

Заклучок: Собранието на Република Македонија да го разгледа и усвои Предлогот за донесување на законот и да го донесе истиот со предложените амандмани од Комисијата.

2. Предлог за донесување на закон за прогласување на локалитетот Локви Големо Коњари, за строг природен резерват, со Предлог на закон;

Заклучок: Собранието на Република Македонија да го разгледа и донесе законот за прогласување на локалитетот Локви Големо Коњари за строг природен резерват заедно со амандманите предложени од Комисијата.

3. Предлог за донесување на закон за прогласување на локалитетот Плоче - Литотелми за строг природен резерват, со Предлог на закон;

Заклучок: Собранието на Република Македонија да го разгледа и донесе законот за прогласување на локалитетот Плоче - Литотерми за строг природен резерват заедно со амандманите од Комисијата.

Комисијата ја разгледа и усвои Информацијата за статусот и поставеноста на МИА.

Комисијата ги усвои следните Заклучоци:

1. Функционирање и работа на МИА заради целосно, навремено објективно информирање на граѓаните како и за информирање на меѓународната јавност за активностите на државните органи и за дистрибуција на вести и информации за настаните во Републиката и странство;

2. Комисијата и препорачува на Владата на Република Македонија да предложи закон со кој ќе се регулира статусот на ЈП Македонската Информативна Агенција - МИА;

3. Комисијата и препорачува на Владата на РМ во Буџетот за 2005 година да предвиди средства со кои ќе се обезбеди постабилно регулирање на генералниот сервис и на сервисните вести на албански, англиски и другите јазици;

4. Комисијата и предлага на Владата да ги поттикнува институциите на државата да ги користат и редовно да ги плаќаат услугите на агенцијата и да ја поттикнува агенцијата да ги продолжи напорите во својата пазарна ориентација со цел да се намалуваат финансиските обврски на државата спрема овој јавен информативен сервис.

Резиме (Заклучоци и препораки)

- Комисијата за транспорт, врски и екологија во целост ги исполни обврските во согласност до Деловникот на Собранието на Република Македонија .

- На седниците на Комисијата, беа поканувани и учествуваа во работата,

претставници на одделни научни институции и стручни лица, заинтересирани, односно компетентни за прашањата и проблемите кои беа на дневен ред на Комисијата. Треба да се нагласи проблемот кој се однесува на неприсуство на претставници по точки од дневен ред, со што Комисијата беше приморана да не ги разгледува соодветните точки на дневен ред.

- Комисијата за транспорт, врски и екологија се соочи со проблемот на непочитување на членот 140 од Деловникот на Собранието, бидејќи Владата своите мислења по предлозите за донесување на закон, што не ги поднела, не ги доставуваше во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на работното тело, во кои случаи Комисијата одлучи истите да не ги разгледува.

- Комисијата укажува на потребата за изменување на одделни одредби на Деловникот на Собранието на РМ, кои претставуваат пречка во работата на работните тела и на пратениците: пример е со член 166, став 1 од Деловникот на Собранието на РМ, каде што амандман на предлог на закон се поднесува најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието. Така тесните рокови меѓу седниците на Собранието и на седниците на работните тела, како и заради малиот број на сали за работа на работните тела, со цел да се искористи деловничката можност за поднесување на амандмани за предлог-законите, се закажуваа седници на повеќе работни тела во исти ден, определен број на пратеници не беа во можност да присуствуваат на седници на повеќе работни тела во кои членуваат, истото се однесуваше и на претставниците на предлагачот на законот.

- Комисијата за транспорт, врски и екологија две седници ги организираше како јавни расправи и смета дека во понатамошната нејзина работа, како и во работата на другите комисии, т.е. работни тела да се организираат јавни расправи, со цел да се подобри конечниот текст на законите, како и да им се олесни работата на пратениците.

- Комисијата за транспорт, врски и екологија предложи вкупно шест амандмани на Предлог закони од областа на транспортот, врските и екологијата.

- Комисијата ги разгледуваше претежно темите и прашањата од областа на економскиот систем.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 8 |
| Вкупно разгледани точки | | 18 |
| Измени на Уставот:<br>Предлог за пристапување кон измена на Уставот и текст на Нацртот на амандманот XIX на Уставот на РМ | | - |
| Закони по области | политички систем | 1 |
| | економски систем | 6 |
| | јавни дејности | 7 |
| Поднесени амандмани | | 8 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти<br>(одлуки, декларации, програми) | | 1 |
| Информации, извештаи | | 2 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за образование, наука и спорт

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-системот и организацијата на предучилишното воспитување и образование, основното, средното и високото образование;
-правото на настава на јазиците на заедниците во областа на воспитувањето и образованието;
-системот и организацијата на научно-истражувачката дејност;
-создавање, примена и вреднување на пронајдоците, патентите и други инвентивни активности што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво;
-информатиката, научниот и технолошкиот развој и техничката култура;
-организација, развој и функционирање на информациониот систем во Републиката;
-образованнето на младите, ученичкиот и студентскиот стандард;
-поттикнување на интелектуалното, културното и научното творештво на младите;
-едукација за превентивна заштита на младите од болестите на зависност и од СИДА;
-развој и унапредување на физичката култура;
-развојот на врвниот спорт и
-други прашања што се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот.

Комисијата за образование, наука и спорт на Собранието на Република Македонија во мандатниот период 2002-2003 година оствари активности на: седници на Комисијата, средби со претставници на институции и граѓани од Републиката; со меѓународни организации и претставништва и учество во други активности сврзани со образованието.

**I. Седници на Комисијата**

Во првата година од мандатниот период, Комисијата од закажани 10 седници, одржа 9 седници (Деветтата седница на Комисијата не е одржана, бидејќи Министерството за образование и наука не ги достави материјалите содржани во предлогот на дневниот ред).

Својата работа Комисијата ја започна со седница на која беше направен договор за работата и за претстојните активности на Комисијата.

Со цел за поефикасно работење, на седницата беше договорено да се изработи Деловник за работа на Комисијата, кој беше усвоен на следната комисиска седница.

**Седници посветени на законски предлози**

Во овој период Комисијата разгледа 11 законски предлози, од кои, 7 законски проекти предложени од Владата на Република Македонија и 4 законски проекти предложени од пратеници во Собранието на Република

Македонија. Законските проекти главно се однесуваа на измени и дополнувања на законите за основното и средното образование и за ученичкиот и студентскиот стандард. Нивното донесување произлегува од потребата за усогласување со Амандманите на Уставот на Република Македонија и со Рамковниот договор, односно остварување на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите и институциите на државата. Предложените измени и дополнувања на законите од сферата на образованието беа и во насока на усогласување со Законот за локалната самоуправа, во смисла на заштита на интересите на образованието преку деполитизацијата во изборот на директорите и јакнење на улогата на училишниот одбор и на наставничкиот совет.

Целта на предлозите на законите за дополнување на законите од образованието предложени од пратеници е обезбедување порамноправен статус на учесниците на конкурс за издавање на учебници и надминување на правните проблеми при именувањето на директори на основните училишта.

На дводневно заседание, Комисијата расправаше за Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2003 година, а го разгледа и Предлогот на декларацијата за заштита на правата на детето.

Тематски седници на Комисијата

Комисијата одржа три тематски седници, посветени на актуелни теми од областа на образованието и науката. На една од нив, свое обраќање до членовите на Комисијата имаше министерот за образование и наука, Азис Положани со осврт на приоритетите на владината политика во образованието и науката. Други теми на кои беше свртено вниманието на Комисијата се: уписната политика во основните и средните училишта и на универзитетите во 2003/2004 година, состојбите во научно-истражувачката дејност, ученичкиот и студентскиот стандард, издавањето на учебниците, центрите за детско творештво и работничките универзитети во Република Македонија и за објектите и просторните услови за изведување на наставата во основните и средните училишта.

Комисијата расправаше и за Нацртот на концептот за продолжено стручно образование и обука - Проект што е финансиран од Европската унија и спроведен од Европската Агенција за реконструкција. Членовите на Комисијата го разгледуваа и Проектот на Министерството за образование и наука за модернизација на образованието и Оперативниот прирачник на Проектот.

**II.Средби и разговори со претставници на институции и граѓани**

Во рамките на овие активности на Комисијата, остварени се средби со претставници на:

-работнички универзитети и пионерски домови

-Асоцијација за напредно образование на Република Македонија

-Педагошката служба при Министерството за образование и наука

**III. Средби и разговори со претставници на Меѓународни институции и претставништва**

-Амбасадорот на Исламска Република Иран, А. Мајид Мозафари.

-Раководителот на Секторот за образование на Мисијата на Светска Банка во Република Македонија, Питер Дарваш

-Раководителот на Проектот за реформа на локалната самоуправа во Македонија - УСАИД.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 9 |
| Вкупно разгледани точки | | 26 |
| Измени на Уставот:<br>Предлог за пристапување кон измена на Уставот и текст на Нацртот на амандманот XIX на Уставот на РМ | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 1 |
| | јавни дејности | 10 |
| Поднесени амандмани | | 5 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти<br>(одлуки, декларации, програми) | | 2 |
| Информации, извештаи | | 9 |
| Прашања, предлози | | 3 |

# Комисија за култура

Во периодот октомври 2002 октомври 2003 година, Комисијата има одржано 13 седници и тоа:

I. Прва седница на Комисијата за култура - 13 декември 2002 година,

Во сала на Влада, со следниов дневен ред:

1. Подготовка за изготвување на програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2003 година;

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за авторско право и сродните права, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на Закон за заштита на културно наследство;

4. Разно.

Продолжение на Првата седница на Комисијата за култура - 20 декември 2002 година, во сала на Влада, со следниот дневен ред:

1. Предлог за донесување на Закон за заштита на културно наследство;

II. Втора седница на Комисија за култура 10 јануари 2003 година, во сала на Влада, со следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за одбележување на јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија;

2. Нацрт-програма за одблежување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2003 година;

3. Разно.

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-организацијата, развојот и унапредувањето на културата;

-заштита на природното и културното наследство во Република Македонија;

-збогатување на историското и уметничкото творештво;

-афирмирање и заштита на врвни културни вредности;

-афирмација и заштита на авторството и авторското право;

-дејности за заштита и користење на движно и недвижно културно богатство;

-издавачка дејност и библиотекарство;

-споменично одбележување и заштита на спомениците на културата;

-употреба и заштита на македонскиот јазик;

-информирање, културни и други дејности заради изразување на идентитетот и особеностите на заедниците;

-определување годишнини на настани и личности од посебно значење за државно-правниот развој на Републиката, афирмација на историското и културното наследство и негување на општо цивилизациските вредности;

-начинот и формите на одбележување на значајни настани и личности;

-активностите на посебни одбори формирани за одделни одбележувања и

-други прашања што се однесуваат на културата и одбележувањето годишнини на значајни настани и личности.

III. Трета седница на Комисијата за култура - 17 јануари 2003 година, во Уставна сала, со следниов дневен ред:

1. Предлог на програма за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2003 година;

IV. Четврта седница на Комисијата за култура - 28 февруари 2003 година, во сала ИВ, со следниот дневен ред;

1. Предлог на Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2003 година;

V. Петтата седница на Комисијата за култура - 14 март 2003 година, во сала на Влада, во зградата на Собранието на Република Македонија со следниот предлог на дневен ред:

Предлог-Буџет на Република Македонија за 2003 година;

VI. Шеста седница на Комисијата за култура - 23 април 2003 година, во сала на Влада, со следниот дневен ред:

1. Информација за работата врз законските проекти во Министерството за култура;

2. Разгледување на Предлогот на програмата за одбележување на значајни годишни и истакнати личности во 2003 година;

3. Разно.

VII. Седма седница на Комисијата за култура - 25 април 2003 година, во сала број 3, со следниов дневен ред:

1. Утврдување на Предлогот на програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности во 2003 година;

2. Предлог за донесување закон за изменување на Законот за републички награди, со Предлог на закон и

3. Разно.

VIII. Осма седница на Комисијата за култура - 27 мај 2003 година, во сала ИВ, со следниот дневен ред;

1. Предлог за донесување на Закон за овластување на организација за изработка на пригодни ковани пари по повод 100 години од Илинденското востание, со Предлог на закон;

2. Разно.

IX. Деветта седница на Комисијата за култура - 5 јуни 2003 година, во сала на Уставната комисија, со следниот дневен ред:

1. Предлог на програма за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2003 година;

2. Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за културата, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Договорот на Светската организација за интелектуална сопственост за авторски права, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Договорот на Светската организација за интелектуална сопственост и изведбите на фонограмите, со Предлог на закон;

X. Десетта седница на Комисијата за култура - 8 јули 2003 година, во сала на Влада во Собранието на Република Македонија, со следниот дневен ред:

1. Нацрт-Закон за заштита на културното наследство;

XI. Единаесетта седница на Комисијата за култура - 22 септември 2003 година, во сала на Влада во Собраниеот на Република Македонија, со следниов дневен ред:

1. Договор за отпочнување на постапка за изготвување на Програмата за одбележување на значајни и истакнати личности за 2004 година;

XII. Дванаесетта седница на Комисијата за култура - 3 октомври 2003 година, со следниов дневен ред:

1. Утврдување на постапката за донесување на Програмата за одбележување на значајни и истакнати личности за 2004 година;

2. Давање предлози на годишнини што ќе се одбележат во 2004 година, како и определување на начинот и рокот за соработка со државните органи, јавни служби, научни институции, здруженија на граѓани и други заинтересирани субјекти во функција на подготвување на Програмата.

XIII. Тринаесетта седница на Комисијата за култура - 11 ноември 2003 година, со следниов дневен ред:

1. Разгледување на доставени предлози во функција на подготовка на Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности за 2004 година.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>13</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>23</td></tr>
<tr><td colspan="2">Измени на Уставот:<br>Предлог за пристапување кон измена на Уставот и текст на Нацртот на амандманот XIX на Уставот на РМ</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>7</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Други акти<br>(одлуки, декларации, програми)</td><td>14</td></tr>
<tr><td colspan="2">Информации, извештаи</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прашања, предлози</td><td>-</td></tr>
</table>

# Комисија за здравство

Согласно деловничките одредби Комисијата за здравство својата активнсот ја остварува преку одржување на седници. За овој период Комисијата одржа шест седници и тоа:

Прва седница - 14 февруари 2003

1. Договор за методот на работа на Комисијата и активностите во тековниот период.

2. Разно.

Втора седница - 14 март 2003

- Предлог на Буџет на Република Македонија за 2003 година

Трета седница - 9 април 2003

1. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за здравственото осигурување, со Предлог на закон.

2. Инфорамција за загаденоста на воздухот и здравствената состојба на населението во општина Велес и

3. Инфорамција за состојбата со учениците во Куманово во врска со појавата на симптоми на труење.

Четврта седница - 13 мај 2003

1. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар "Д-р Трифун Пановски" - Битола I - Фаза и

2. Разгледување на стратегијата за унапредување на здравствената заштита на населението во Република Македонија до 2010 година, изготвена од Македонската академија на науките и уметностите во соработка со Министерството за здравство.

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- здравствената заштита на населението;
- здравственото осигурување;
- заштитата на населението од заразни болести, од штетно влијание на гасовите, јонизирачките зрачења и бучавата, загаденоста на воздухот, водата, земјиштето и животните производи;
- заштита од болестите на зависност и од СИДА;
- хигиенско-епидемиолошката состојба;
-производството, прометот и снабдувањето со лекови, помошните лековити средства и медицинските помагала , медицинска опрема, санитетски уреди и материјали, отрови и опојни droги;
-санитарниот и здравствениот надзор
-други прашања што се однесуваат на здравството.

Петта седница - 2 јуни 2003

- Извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2002 година

Шеста седница - 9 октомври 2003

1. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето, со Предлог на закон и

2. Предлог на декларација за заштита на правата на детето.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 6 |
| Вкупно разгледани точки | | 10 |
| Измени на Уставот: Предлог за пристапување кон измена на Уставот и текст на Нацртот на амандманот XIX на Уставот на РМ | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 2 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 4 |
| Информации, извештаи | | 3 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за труд и социјална политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-работните односи и за заштитата на работниците на работа;
-правото на штрајк;
-вработување и права во случај на невработеност;;
-заштита на жената на работа и заштита на мајчинството;
-платите и животниот стандард;
- социјалната политика и социјалната сигурност на граѓаните;
-системот, организацијата, развојот и унапредувањето на социјалната заштита и заштитата на децата;
-популационата политика, бракот и семејството;
-системот на пензиското и инвалидското осигурување;
-боречко-инвалидската заштита и зашти-тата на воените инвалиди и лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и
-други прашања што се однесуваат на трудот и социјалната политика.

Во извештајниот период од 3 октомври 2002 до 18 ноември 2003 година одржани се пет седници на Комисијата, а започнати се три седници, но поради опструкции на членовите на Комисијата, овие седници беа прекинати. Првата е одржана на 17.03.2003, втората на 09.09.2003 година, третата на 07.10.2003 година, четвртата на 09.10.2003 година, а петата на 12.11.2003 година. Одржани се втората и четвртата седница. На втората седница на Комисијата беа разгледани и усвоени предлогот за донесување Закон за матична евиденција за осигурениците и корисниците на права од пензиско и инвалидско осигурување и предлогот за донесување Закон за евиденциите од областа на трудот. На четвртата седница присуствуваа гости од Светската банка-канцеларија во Македонија, Снежана Плевко, Бил Бултман и Рајна Чемерска во функција на информирање, размена на мислења и конкретизирање на активности по однос на проектите од здравството и социјалната заштита, проекти кои се реализираат од страна на Владата на Република Македонија.

Значи разгледани се три точки. Два закона од областа на јавните дејности и една информација.

Несогласувањата меѓу мене како Претседател на Комисијата и поголем дел членови на Комисијата, настанаа поради употребата на албанскиот јазик од моја страна за време на

одржувањето на седниците. Според членови на Комисијата службен јазик е македноскиот јазик и според тоа седниците треба да се водат на тој јазик. Повеќето членови на Комисијата овој став го базираат врз основа на толкувањето на членот 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија од страна на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

Од своја страна како Претседател на Комисијата сметам дека членот 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, амандманот 5 став 2 од Уставот на Република Македонија и Рамковниот договор се јасни и дека согласно нив, во Република Македонија службен јазик, покрај македонскиот јазик, е и албанскиот јазик и тоа на целата територија на Република Македонија.

Неодржувањето на седниците на Комисијата за труд и социјална политика негативно се одразува на работењето на Собранието на Република Македонија во област, како од аспект на законските предлози кои доаѓаат од Владата на Република Македонија, така и во поглед на иницијативите кои доаѓаат од другите субјекти.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 3 |
| Измени на Уставот: Предлог за пристапување кон измена на Уставот и текст на Нацртот на амандманот XIX на Уставот на РМ | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 2 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-спроведување на Деловникот на Собранието и на деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорни прашања;

-иницијативи за изменување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела;

-предлагање на донесување, односно изменување и дополнување на Деловникот на Собранието;

-извештаите на Државната изборна комисија за пратеници од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот;

-основите за престанок и одземање на мандатот на пратеник и за тоа на Собранието му поднесува извештај;

-имунитетот на пратениците, судиите ијавниот обвинител и неговите заменици и

-други прашања во врска со Деловникот и мандатно-имунитетните права.

**-Државата Израел,**
**-Исламската Република Иран,**
**-Република Ирска,**
**-Република Исланд и Кралството Норвешка**
**-Република Италија,**
**-Царството Јапонија,**
**-Србија и Црна Гора,**
**-Народна Република Ки**
**-Канада,**
**-Големото Војводство Луксембург,**
**-Република Кипар,**
**-Република Монголија,**
**-Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска,**
**-Република Полска,**
**-Република Португалија**
**-Република Романија,**
**-Руска федерација,**
**-САД,**
**-Словачката Република,**
**-Република Словенија,**
**-Република Турција,**
**-Украина,**
**-Република Унгарија,**
**-Република Финска,**
**-Република Франција,**
**-Кралството Холандија,**
**-Република Хрватска,**
**-Чешката Република,**
**-Конфедерацијата Швајцарија,**
**-Кралството Шведска,**
**-Кралството Шпанија.**

на групата и членовите Благородна Мингова-Крепиева, Лилјана Поповска и Ејуп Рустеми.

Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска на 22 октомври 2003 година оствари средба со Ендрју Хедли, Директор на Британскиот совет во Република Македонија.

### ДРУГА БИЛАТЕРАЛА

На 20-та седница на Парламентарното собрание на Црноморската економска соработка, одржана на 27 и 28 ноември 2002 година учествуваше пратеникот Трифун Костовски.

Во организација на НДИ, од 19 до 25 јануари 2003 година се оствари студиска посета за пратеници и службеници на парламентите на Белгија и Финска и на Европскиот парламент, во која учествуваа пратениците: Славица Грковска, Агрон Буџаку, Марија Којзеклиска, Ружди Матоши, од Службата на Собранието на Република Македонија генералниот секретар Александар Новакоски, Марина Ивановска-Николовска и Зоран Поповиќ. .

На 19 февруари 2003 година, пратеникот Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија оствари средба со г. Ханс Петр Анен, Раководител на Секторот за Југоисточна Европа во Министерството за надворешни работи на СР Германија.

На 19 февруари 2003 г., пратеникот Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија оствари средба со г. Велимир Радојевиќ, министер за одбрана на Србија и Црна Гора.

Во организација на Институтот за меѓународни односи во Атина, Република Грција, од 4 до 7 март 2003 година на Семинар за парламентарци учествуваа пратениците: Игор Ивановски, Никола Ќурчиев, Славица Грковска, Јани Макрадули, Ганка Самоиловска-Цветанова, Ѓорѓи Оровчанец, Андреј Жерновски, Ејуп Рустеми и Илјаз Халими.

Членовите на Пратеничката група на Собранието на РМ за соработка со Парламентот на Република Франција: Ганка Самоиловска - Цветанова, претседател на Групата, Силвана Бонева, Хисни Шаќири, Андреј Жерновски и Илјаз Халими, членови на 7 април 2003 г. остварија средба со Н.Е. Жан Франсоа Терал, амбасадор на Република Франција во Република Македонија.

Во организација на Амбасадата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во Република Македонија, на студиска посета за меѓуетнички односи во Лондон и Брадфорд, од 5 до 12 април 2003 година учествуваше пратеникот Андреј Жерновски.

Во организација на Германската амбасада и Проектот ГТЗ, во студиска посета на СР Германија од 14 до 17 април 2003 г. престојуваа пратениците Драган Ѓорѓиев, Андреј Жерновски, Коце Трајановски и Ејуп Рустеми.

На покана од пратеникот Ганка Самоиловска-Цветанова, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Франција, од 8 до 11 мај 2003 г. во официјална посета на Република Македонија престојуваше Марсел Деу, претседател на Групата за пријателство

Франција-Македонија на Националното собрание на Француската Република.

Претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран, пратеникот Јордан Михајловски, на 12 мај 2003 година оствари средба со Н.Е. г. Адболмаџид Мозафари, амбасадор на Исламската Република Иран во Република Македонија. На средбата присуствуваа пратениците г. Илија Србиновски и г. Талат Џафери, членови на Пратеничката група.

Претседателот на Комисијата за одбрана и безбедност пратеникот Тито Петковски, на 27 мај 2003 година оствари средба со Н.Е. Мирослав Лајчак, амбасадор на Словачката Република во Република Македонија.

Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Грција, на 29 мај 2003 година одржа состанок на кој на пратениците им се обрати Н.Е. г. Јоанис Економу, амбасадор на Република Грција. На состанокот присуствуваа пратениците: Слободан Чашуле, претседател на Пратеничката група, Јани Макрадули, Никола Ќуркчиев и Лилјана Поповска, членови на Групата.

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија Лилјана Поповска, на 20 јуни 2003 година оствари средба со Н.Е. Марјан Шифтар, Амбасадор на Република Словенија во Република Македонија.

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија Лилјана Поповска, на 1 август 2003 година оствари средба со Група македонски иселенци од Детроит и пошироко од државата Мичиген (САД).

На покана на Спикерот на парламентот на Република Албанија, на Првото Балканско собирање, што се одржа на 22 и 23 август 2003 година учествуваше потпретседателот на Собранието на Република Македонија Агрон Буџаку.

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија Лилјана Поповска на 10 септември 2003 година оствари средба со г. Хери Мичел, сенатор од збратимениот град Темпи од државата Аризона (САД).

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија Лилјана Поповска, на 21 ноември 2003 година оствари средба со Делегација на Словенечкиот парламент од Комисијата за односи со Словенците во соседните држави.

На Семинарот за парламентарна демократија и управување со парламентите, што се одржа од 17 до 28 ноември 2003 година во Стокхолм, Шведска, учествува претаниците: Андреј Жерновски, Марија Којзеклиска и Хусеинџеват Хусеини.

На покана на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија Александар Новакоски, на 7 и 8 септември 2003 година во официјална посета на Собранието на Република Македонија престојуваше Огњан Аврамов, генерален секретар на Народното собрание на Република Бугарија.

## ПАКТ ЗА СТАБИЛНОСТ

Во рамките на посетата на Република Македонија на Елизабет Рен, претседавач со Првата работна маса за демократизација и човекови права на Пактот за стабилност, пратеникот д-р Елеонора Петрова - Митевска,

координатор на Клубот на жени-парламентарки во Собранието на Република Македонија оствари средба со г-ѓа Рен на 31 јули 2003 година.

### МЕЃУНАРОДЕН ИНСТИТУТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА

Во заедничка организација на Собранието на Република Македонија и Меѓународниот институт за демократија од Стразбург, во Скопје на 29 и 30 неомври 2002 година беше организиран Семинар за меѓународни односи за пратениците во Собранието на Република Македонија.

Во заедничка организација на Меѓународниот институт за демократија и Романскиот парламент, во Букурешт, Романија, на 7 и 8 октомври 2003 година се одржа Семинар на тема "Од Советот на Европа до европската интеграција", на кој учествуваа пратениците Зоран Шапуриќ, Ана Андова и Недим Рамизи.

На Семинарот за делегациите на парламентарните комисии за европска интеграција на земјите членки на Процецот на соработка во Југоисточна Европа, што се одржа на 18 и 19 јули 2003 година во Сараево, Босна и Херцеговина, во организација на Меѓународниот институт за демократија, учествува пратениците Ана Андова и Ѓорѓи Оровчанец.

### ЕЦПРД (ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА ПАРЛАМЕНТАРНО ИСТРАЖУВАЊЕ И ДОКУМЕНТАЦИЈА)

На Семинарот за парламентарни службеници, што се одржа од 22 до 24 мај 2003 година во Хаг, Холандија, учествуваа Фелек Касами, заменик генерален секретар на Собранието на Република Македонија и Ана Качакова, советник во Секторот за меѓународна соработка.

На Годишниот состанок на кореспондентите, што се одржа од 9 до 11 октомври 2003 година во Стразбург, Република Франција, учествуваше Рокса Георгиевска, заменик генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

На состанокот на Макроекономската истражувачка работна група на ЕЦПРД што се одржа на 24 октомври 2003 година во Брисел, Белгија, учествуваше м-р Сандре Нонкуловски, раководител на Секторот за работни тела во Службата на Собранието на Република Македонија.

Во заедничка организација на ЕЦПРД и Долниот дом на Италијанскиот парламент, од 30 до 31 октовмри 2003 гопдина се одржа Семинар за "Парламентарните админи-страции и законодавната соработка", на кој учествуваше д-р Јован Пејковски, раководител на Секторот за меѓународна соработка.

### ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКА БЕЗБЕДНОСТ-ГРОНИНГЕН

Во рамките на Проектот за земјите од Југоисточна Европа, Центарот за европска безбедност од Гронинген, Холандија, на 1 и 2 ноември 2002 година во Скопје, Република Македонија организираше Семинар на тема "Законодавен надзор на безбедносните сили во Македонија".

Центарот за Европска безбедност од Гронинген, Холандија во соработка со Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" на 13 и 14 декември 2002 г. во Сараево, Босна и Херцеговина организираше семинар на тема "Развивање на механизми за ефикасен законодавен надзор врз вооружените сили". На семинарот учествуваа пратеникот Есад Рахиќ и Хилда Георгиевска од Службата на Собранието на Република Македонија.

### ПРОЦЕС ЗА СОРАБОТКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА (ПС ЈИЕ)

На Конференцијата посветена на "Жени парламентарки на ПСЈИЕ: од жртви до агенти на промена", што се одржа од 9 до 11 мај 2003 година во Будва, Србија и Црна Гора, учествуваа пратениците г-ѓа Благородна Мингова-Крепиева, г-ѓа Соња Лепиткова и г-ѓа Силвана Бонева.

### ИСТ-ВЕСТ ИНСТИТУТ

EWPPP (Проектот Парламентарна Практика Исток-Запад) организираше дводневна регионална конференција што се одржа во Софија, Република Бугарија од 6 до 8 декември 2002 година. На Конференцијата учествуваа пратениците Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели.

Во заедничка организација на Ист-Вест Институтот и ЕП, на 3 и 4 февруари 2003 година во Загреб, Хрватска, се одржа Петтиот состанок на Парламентарната мрежа за Југоисточна Европа, на кој учествуваа пратениците Томе Тромбев, Љупчо Балковски, Абдилаќим Адеми, во придружба на Анкица Крстевска, републички советник во Собранието на Република Македонија.

### ДРУГА МУЛТИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

На 20-та годишна седница на Парламентарното собрание на Црноморската економска соработка, одржана на 27 и 28 ноември 2002 година во Атина Република Грција, учествуваше пратеникот Трифун Костовски, претседавач со ПД на ЦЕИ.

На семинарот "Политичка стратегија - борба против корупцијата", што се одржа од 6 до 14 април 2003 година, во Гумерзбах, СР Германија, учествуваше пратеникот Зоран Шапуриќ.

На конференцијата "Жени парламентарки на Процесот за соработка во Југоисточна Европа: од жртви до агенти на промена", што се одржа од 9 до 11 мај 2003 година во Будва, Србија и Црна Гора учествуваа пратениците Благородна Мингова-Крепиева, Силвана Бонева и Соња Лепиткова.

На семинарот на тема: "Институции и методи за борба против насилството врз жените", што се одржа на 26 и 27 мај 2003 година во Букурешт, Романија во организација на Институтот за пратеници од Југоисточна Европа "WIN BALKANS" учествуваа пратениците: Благородна Мингова Крепиева, Марија Којзеклиска и Лилјана Ивановска.

******************************

Од целокупната меѓународна кореспонденција во извештајниот период се обработени 1110 документи.

# 6. Активност на клубот на жените пратеници

Женскиот пратенички клуб е Проект на Пактот за стабилност- Центар за родова еднаквост (PzS GTF), што опфаќаше три земји од регионот (Босна и Херцеговина, Црна Гора и Република Македонија).

Првиот Национален состанок на пратеничките, одржан на 27 февруари 2003 година, во Свечената сала во Собранието на Република Македонија, беше неформален, со цел да се разменат мислењата меѓу пратеничките, регионалниот менаџер на проектот и националниот координатор на проектот. Се разговараше за активностите на проектот и претставување на целите, за најновите планирани активности што се однесуваа на имплементација на проектот, како и за следните приоритетни активности на проектот. На состанокот, исто така беа дадени информации за дотогашните подготвителни активности што се однесуваа за отворањето на Клубот на парламентарки.

На 07.03.2003 година, во Свечената сала во Собранието беше промовиран Женскиот пратенички клуб. На отворањето на Клубот присуствуваа претставници од дипломатскиот кор, интернационални организации, пратенички, пратеници, претставници на Владата, членови на НВО, синдикати и од медиумите.

Господинот Никола Поповски, тогашен претседател на Собранието на Република Македонија, го промовираше отворањето на Женскиот пратенички клуб.

Од 14 до16 април 2003 год., во Охрид, во организација на Женскиот пратенички клуб се одржа едукативна работилница насловена ***"Жените парламентарки и јавноста".*** Дводневната едукативна работилница беше спроведена во вид на обуки за комуникациски вештини, техники за односи со јавност и медиуми, чии цели беа подобрување на презентацијата во медиумите за жените-парламентарки, подобра презентација на задачите на жените-парламентарки, нивните обврски и иницијативите што ги имаат или ќе ги иницираат за време на нивниот мандат.

Вториот Национален состанок беше организиран на 2 јуни 2003 година, во Клубот на пратеници. Тема на состанокот беше ***Трговија со луѓе и организиран криминал*** и на него присуствуваа 14 пратенички, претставници од Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, ИОМ, ОБСЕ И ТИМИС. Присутните на состанокот дадоа многу важни информации за моменталната ситуација и преземените активности против трговијата со луѓе во нашата земја и во регионот. Исто така, беа дадени информации и објаснувања за моменталната легислатива за трговијата со луѓе и новите нацрт-правила во Кривичниот законик, позитивните и негативните особини на Анти-системот за трговија со луѓе во Македонија, улогата и функцијата на Транзитниот центар за странци, правните аспекти и искуството во трговијата со луѓе.

Парламентарките сметаа дека овие информации се многу корисни и потребни во нивната работа, и се договорија да преземат активности за иницирање на закон за ратификација на Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал и Протоколот на оваа Конвенција за превенција, спречување и казнување на трговија со луѓе, особено со жени и деца. Парламентарките се договорија дека ќе инсистираат во медиумите да има поголема застапеност на законот за ратификација.

Во рамките на регионалниот проект на ЈИЕ во Подгорица (Србија и Црна Гора) од 13 до16 јуни, беа реализирани неколку активности од парламентарките од Република Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина: прием кај високи владини функционери од Парламентот и Владата на Црна Гора, две билатерални средби и работен состанок на кој се донесени неколку заклучоци. На овие средби, од Република Македонија, учествуваа 15 парламентарки, две парламентарки од Црна Гора и седум парламентарки од Босна и Херцеговина. На 13 јуни, парламентарките од Република Македонија оствариja средба со претседателот на Парламентот на Црна Гора и со претставник од Владата на Црна Гора. На 14 јуни беа одржани една билатерална средба меѓу Република Македонија и Црна Гора и една билатерална средба меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина. Билатералните средби беа отворени од Мери Ен Рукавина, извршен директор на GTF, која ја нагласи важноста на овие состаноци, кои претставуваат можност за размена на искуства, позитивна пракса и барање на заеднички решенија за регионот.

На 15 јуни беше одржан работен состанок помеѓу парламентарките од Република Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина. На овој состанок, Морана Паликович Груден одржа предавање за парламентарните вештини, после кое следеше дискусија. Беа формирани и седум мали работни групи во состав од 3 до4 парламентарки кои работеа на следниве теми***:***

1. *Сиромаштија;*
2. *Намалување на невработеноста;*
3. *Мали и средни претпријатија;*
4. *Подготовка за влез во ЕУ;.*
5. *Трговија со луѓе и огнено оружје;*
6. *Полова еднаквост и*
7. *Законска здравствена заштита на жените.*

На завршниот состанок после заклучокот за успешна реализација на билатералните средби беше договорено: на билатералната средба помеѓу парламентарките од Република Македонија и Црна Гора:

1. *Подготовка за влез во ЕУ;*
2. *Ратификација на Конвенцијата против транснационален криминал, трговија со луѓе, особено жени и деца и*
3. *Борба со сиромаштијата*

а на билатералната средба на парламентарките од Република Македонија и Босна и Херцеговина:

1. *Борба против сиромаштијата;*
2. *Реформи во образованието, согласно со стандардите на ЕУ и*
3. *Женско претприемништво.*

На 24 јули 2003 година, во ресторанот "Национал" се одржа третиот Национален состанок на кој присуствуваа 16 парламентарки (12 од СДСМ, 2 од ЛДП, 1 од ЛП И 1 од ВМРО-ДПМНЕ). За темата на состанокот ***Легализација на проституцијата - да или не!?*** Парламентарките дадоа свои видувања и предлози на кои дебатираа со цел да формираат личен, но и заеднички став ако изнајдат слични или исти размислувања. На состанокот се дадоа базични дефинирања за доразјаснување на следните поими: легализација на проституција, декриминализација на проституција, присилна проституција, волонтерска проституција и трговија со луѓе.

За парламентарките поимот легализација на проституцијата е многу комплексен и третирањето на проституцијата во Република Македонија не соодветствува со последниот извештај изнесен од Советот на Европа, според кој нашата држава не е само транзитна земја на трговија со луѓе, туку е и земја на потекло на присилна проституција на малолетни лица, особено од ромската етничка заедница.

На состанокот беше предложена и прифатена темата за наредниот четврти национален состанок: Проституција - можни решенија, и беше предложено да се поканат на состанокот двајцата пратеници, кои го подготвуваат предлог-законот за легализација на проституцијата.

Заклучоци од третиот национален состанок:

1. *Во текот на септември да се одржи Четвртиот национален состанок во Клубот на пратеници;*
2. *Темата на Четвртиот национален состанок да биде Проституција - можни решенија;*
3. *На овој состанок, освен пратеничките, да се поканат и двајцата пратеници од СДСМ, кои го подготвуваат предлог-законот за легализација на проституцијата, како и други пратеници заинтересирани за предложената тема;*
4. *Да се поканат и експерти од Институтот за социолошко и политичко-правни истражувања, ИОМ, ОБСЕ, ХОПС и*

5. *Да се побараат информации, податоци за дефинирање на поимот проституција, историјат за појава на проституцијата, основни карактеристики на волонтерската проституција и нејзино разграничување од присилна проституција и трговија со луѓе.*

Четвртата национална средба се одржа на 4 ноември 2003 година во Клубот на пратеници. Тема на состанокот беше ***Присилната проституција - проблеми и можни решенија..*** На состанокот присуствуваа 11 пратенички (8-СДСМ, 2-ЛДП, 1-ЛП), двајца пратеници Иван Анастасовски од СДСМ и Зоран Шапуриќ од ЛДП и претставници од МВР (Горан Ристовски), ИОМ (Владимир Данаилов), Министерство за Правда (Драган Темелков), ИСППИ (Љубица Чонева), ОБСЕ (Билјана Лубаровска), Ла Страда (Јасмина Рајковска) и ТЕМИС (Наташа Трпеновска Тренчевска).

Темата предизвика многу конструктивна дискусија, се даваа предлози и изнесуваа ставови од страна на сите присутни. Пратеничката Елеонора Петрова Митевска, координаторка на Клубот на жените-парламентарки и шеф на делегацијата на Собранието на РМ во Советот на Европа зборуваше за состојбата на присилната проституција според Советот на Европа, и истакна дека сите релевантни комисии при СЕ го разгледуваат и дискутираат овој проблем, а Собранието на СЕ има донесено неколку препораки со цел да се намали бројот на жртвите на присилната проституција, и да се влијае на нивна ресоцијализација и реинтеграција во општеството. Во своето обраќање, г-ѓа Петрова, се осврна и на значењето од што побрзо ратификување на Палермо протоколот и Конвенцијата за борба против трговијата со луѓе од страна на Собранието на РМ. Организираниот приод кон овој проблем, вклучувањето на поголем број експерти, НВО и релевантните институции, како и создавањето на мост на соработка на меѓународното ниво е единствениот начин за борба против овој проблем.

Од состанокот произлегоа заклучоци кои во две фази можат да се реализираат: дополнителни напори во решавањето на проблемот присилна проституција и можни решенија на присилната проституција (легализација или декриминализација) и тие беа прифатени од сите присутни. Според парламентарките тоа би се овозможило преку: инкорпорирање на концептот на половата еднаквост во сите сегменти на државата (донесување на закон за рамноправност меѓу половите); превенција преку едукативни методи на сите нивоа; јавно претставување преку медиумите за сé она што се прави по однос на овој проблем; подобрување на социо-економските услови; билатерални и мултилатерални контакти и комуникација во решавањето на овој проблем; построги казни за трговијата со луѓе и присилната проституција; ратификација на Палермо протоколот; создавање на услови за рехабилитација и ресоцијализација на жртвите; заштита на сведоците не само во текот на истражната постапка, туку и потоа; соработка на судската, полициската власт, НВО и меѓународните организации и

можност за лобирање за реализација на проекти за обезбедување средства за работа на решавањето на овој проблем.

Во периодот од 23 до 25  август 2003 година во Трстено-Дубровник, Хрватска се одржа стратешка работилница за членовите на одборот на проектот Клуб на парламентарки од трите земји вклучени во проектот: Босна и Херцеговина, Црна Гора и Република Македонија. На првиот ден, во работниот дел на стратешката работилница, секоја земја поединечно известуваше за досегашната работа на Клубот на парламентарки, за сите активности што досега се остварени, постигнатите успеси и проблемите со кои се соочувале во текот на нивната работа. Претставничката од Македонија истакна дека е многу важно да се зацврсти комуникацијата меѓу парламентарките од трите држави. Беше нагласено дека постои голем интерес кај новинарите за работата на Клубот, а како особено важна работа беше издвоена заинтересираноста на парламентарките за националните состаноци и присуството на претставници на меѓународни организации на овие простори. На состанокот беше донесен заклучок да се одржуваат национални состаноци на различни теми поради нивната корисност и ефикасност.

Во Сараево, Република Босна и Херцеговина, на 17-18 октомври 2003 година се одржа трилатерална средба на жените-парламентарки од Собранието на Република Македонија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Оваа средба претставуваше прва трилатерална средба во рамките на проектот на Пактот за стабилност - Центар за полова еднаквост.

Оваа средба беше круна на едногодишната работа во рамките на овој проект, кој беше финансиран од Владата на Република Швајцарија. Во рамките на активностите кои се реализирани во текот на целата година се работеше напорно, како на национално ниво така и на регионално ниво, со цел вмрежување и подготвување на жените-парламентарки, преку билатерална и трилатерална размена и соработка, за да бидат подобро информирани и подготвени за нивните улоги во законодавниот дом. Посебно внимание беше посветено и на  логистичката поддршка на парламентарките во нивната работа преку клубовите на жени-парламентарки кои се формираа во сите три парламенти на Република Македонија, Босна и Херцеговина и Црна Гора.

На трилатералната средба беа презентирани извештаи од трите држави за степенот на постигнувањето во процесот на Европската интеграција и намалување на сиромаштијата од кои извештаи произлегоа и конкретни заклучоци: Европска интеграција:

1. *Да се забрза усогласувањето на целокупната легислатива со стандардите на Европската унија;*
2. *Меѓусебно разменување на информации и искуства и користење на искуствата на земјите од регионот;*

3. *Да се иницира побрз и полесен пристап кон структуралните и кохезионите фондови;*
4. *Поддржување на процесот на либерализација на визниот режим;*
5. *Поддржување на процесот за враќање на бегалците и раселените лица, како услов за сигурност на регионот и*
6. *Да се бара политиката на рамноправност меѓу половите да биде интегрирана (вклучена) во сите процеси на Европската интеграција.*

Стратегија на намалување на сиромаштијата:

1. *Поттикнување на законската регулатива која овозможува јакнење на локалниот развој, малите и средните претпријтија со акцент на женското претприемништво;*
2. *Да се иницира донесување на закон и акти за спроведување имплементација на националните стратегии за намалување на сиромаштијата;*
3. *Да се бара интегрален пристап кон рамноправноста на половите во сите аспекти и во стратегијата за намалување на сиромаштијата, но и во сите понтамошни аспекти;*
4. *Да се лобира кај меѓународните организации за нови вложувања во развојот на инфраструктурата како услов за подигање на економскиот развој;*
5. *Да се иницира политиката за функционално образование низ текот на целиот живот во согласност со современата технологија;*
6. *Да се инсистира за поголема улога на земјите во процесот на одлучување во однос на доделувањето на средства и одредување на приоритетите за развој (CARDS);*
7. *Да се иницира развивање и воспоставување на домашни финансиски институции како двигатели на претприемништвото и одржливиот економски развој и*
8. *Да се води сметка сите мерки на економскиот развој да содржат и потребни мерки на социјална заштита за најзагрозените категории на население.*

Во текот на ноември 2003 година, во Клубот на парламентарки, беше одржана средба со претставник од Швајцарската амбасада во Скопје, г-дин Матијас Зигфрид. На средбата г-дин Зигфрид беше информиран за досегашната работа на Клубот на парламентарки и за постигнатите резултати, како и за идните активности што се планира да се реализираат. Господинот Зигфрид беше импресиониран од работата на клубот и изрази желба за понатамошна соработка. На средбата беше договорено да се подготват материјали за активностите што беа реализирани, со кои најдобро би се отсликала работата на клубот и неговите придобивки. Како резултат на оваа средба, во текот на декември Клубот испорача материјали и извештаи за работа на парламентарките до Швајцарската амбасада.

Во текот на 2003 година Клубот на парламентарки подготви и им подели на сите пратенички три тематски билтени. Првиот беше во месец март, со носечка тема "*Трговија со луѓе*", вториот во април "*Насилство врз жената*" и третиот во мај/јуни "*Легализација на проституцијата и Акција за разоружување*".

# 7. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПОЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| ТЕРМИН | НАСТАН |
|---|---|
| **05.09 - 06.09 2002** | Семинар за парламентарните процедури, изготвување на закони и парламентарна контрола врз егзекутивата |
| **07.11 - 09.11 2002** | Средба на Парламентарната димензија на ЦЕИ |
| **29.11 - 30.11 2002** | Семинар за пратениците на Собранието на Република Македонија за меѓународните односи |
| **16.12 - 18.12 2002** | Посета на висока делегација на Мониторинг мисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа |
| **26.01 - 28. 01 2003** | Осма меѓупарламентарна средба на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент |
| **25.03 - 27. 03 2003** | Посета на делегација на Западноевропската унија |
| **18.03 - 20. 03 2003** | Делегација на Собранието на Регионот Европа на Парламентарното собрание на Франкофонијата |
| **17.06 - 19. 06 2003** | Трилатерална средба на делегациите на комисиите за надворешна политика на парламентите на Република Македонија, Република Албанија и Република Хрватска |
| **07.10 - 09. 10 2003** | Состанок на Поткомисијата за културно наследство на Парламнтарното собрание на Советот на Европа |
| **12.10 - 15.10 2003** | Колоквиум на Парламентарното собрание на Советот на Европа за управување со прекугранични речни и езерски басени |
| **02.08.2005** | Одбележување на 100-годишнина од Македонската државност |
| | **ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИ** |
| **08.12.2002** | Доделување на наградата "Свети Климент Охридски" |
| **21.12.2002** | Доделување на наградата "Мито Хаџивасилев Јасмин" |
| **04.05.2003** | Доделување на наградата "Гоце Делчев" |
| **11.10.2003** | Доделување на наградата "11 Октомври" |
| **13.11.2003** | Доделување на наградата "13 Ноември" |

# 8. СЛУЖБА

*Стручните и другите работи на Службата на Собранието на Република Македонија, што ги извршува за потребите на Собранието, работните тела и пратениците, се регулирани со членот 238 од Деловникот за работата на Собранието, а организацијата и начинот на функционирање се утврдени со Правилникот за внатрешна организација и делокруг и со Правилникот за систематизација на работните места во Службата.*

*Службата на Собранието перманентно е вклучена во обезбедување на стручна помош на пратениците во извршувањето на нивните пратенички обврски, првенствено преку изготвување на предлози на закон и амандмани по закони, информации и мислења, обезбедување на дополнителни материјали, документи и податоци за одделни теми што се поставуваат на дневен ред на седниците и работни тела, како и при соработката на Собранието со меѓународни институции.*

*Со Службата раководи генералниот секретар Александар Новакоски а негови заменици се: Рокса Георгиевска и Фелек Касами.*






1-Раководни државни службеници
2-Стручни државни службеници
3-Стручно - административни државни службеници
4- Работници кои не се државни службеници

## Преглед на секторите во Службата на Собранието

| назив на секторот | вкупен број на вработени во сектор | Државни службеници | | | работници кои не се државни службеници |
|---|---|---|---|---|---|
| | | рако-водни | стручни | стручно-админис-тративни | |
| *Кабинет на претседателот на Собранието* | *4* | *1* | *-* | *3* | *-* |
| *Сектор на генералниот секретар* | *24* | *7* | *13* | *4* | *-* |
| *Сектор за законодавство* | *5* | *4* | *1* | *-* | *-* |
| *Сектор за седници на Собранието* | *8* | *5* | *1* | *2* | *-* |
| *Сектор за работни тела на Собранието* | *19* | *7* | *12* | *-* | *-* |
| *Сектор за истражување и анализа* | *7* | *4* | *3* | *-* | *-* |
| *Сектор за меѓународна соработка на Собранието* | *6* | *4* | *2* | *-* | *-* |
| *Сектор за документација, библиотека и информатика* | *19* | *6* | *5* | *8* | *-* |
| *Сектор за финансиско-материјално работење* | *10* | *2* | *-* | *8* | *-* |
| *Сектор за административни и општи работи.* | *82* | *6* | *1* | *44* | *31* |
| *ВКУПНО:* | *190* | *52* | *38* | *69* | *31* |

**ВКУПНО: 8747 страници стенографски белешки**




стенограм (стр.)

## Преглед на заведени акти во Деловодникот на писарницата и архивата




## *Преглед на испратени акти и пратки од писарницата и архивата*



**Преглед на доставени акти за објавување во "Службен весник на Република Македонија"**



## ИЗМНОЖЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

**Вкупно измножени: А4 формат: 1.645.333 копии**

**А3 формат: 1.594.780 копии**



# 9. ПРИЛОЗИ

## Прилог 1

## Преглед на одржани седници

| Реден број | Седница на Собранието на Република Македонија | дата | Одржана на | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ден | час (од -до) |
| **1.** | Прва конститутивна | 03.10.2002 | -четврток | 15,30 - 19,30 |
| **2.** | Втора | 31.10.2002 | -четврток | 11,15 - 00,10 |
| **3.** | Трета | 12.11.2002 | -вторник | 10,30 - 14,55 |
| **4.** | Четврта | 04.12.2002<br>06.12.2002 | -среда<br>-петок | 10,15 - 15,00<br>10,20 - 13.10 |
| **5.** | Петта | 24.12.2002<br>23.01.2003 | -вторник<br>-четврток | 11,15 - 18,35<br>11,15 - 11,30 |
| **6.** | Шеста | 19.12.2002 | -четврток | 12,15 - 13,00 |
| **7.** | Седма | 23.01.2003<br>24.01.2003<br>28.01.2003 | -четврток<br>-петок<br>-вторник | 11,30 - 17,10<br>11,20 - 17,00<br>11,10 - 15,40 |
| **8.** | Осма | 30.01.2003 | -четврток | 11,15 - 17,10 |
| **9.** | Деветта | 21.02.2003 | -петок | 12,55 - 13,15 |
| **10.** | Десетта | 25.02.2003 | -вторник | 11,15 - 16,30 |
| **11.** | Единаесетта | 27.02.2003 | -четврток | 11,20 - 19,20 |
| **12.** | Дванаесетта | 11.03.2003<br>12.03.2003 | -вторник<br>-среда | 11,15 - 16,35<br>11,15 - 16,40 |
| **13.** | Тринаесетта | 21.03.2003<br>24.03.2003<br>25.03.2003<br>26.03.2003<br>28.03.2003<br>31.03.2003<br>01.04.2003 | -петок<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-петок<br>-понеделник<br>-вторник | 11,20 - 16,55<br>10,10 - 20,25<br>10,00 - 18,50<br>14,45 - 19,30<br>12,35 - 17,00<br>10,10 - 17,00<br>10,10 - 12,35 |
| **14.** | Четиринаесетта | 27.03.2003 | -четврток | 11,10 - 19,20 |
| **15.** | Петнаесетта | 26.03.2003 | -среда | 10,10 - 12,30 |
| **16.** | Шеснаесетта | 17.04.2003<br>18.04.2003<br>22.04.2003 | -четврток<br>-петок<br>-вторник | 10,10 - 17,05<br>10,15 - 15,30<br>14,15 - 17,05 |
| **17.** | Седумнаесетта | 10.04.2003 | -четврток | 10,10 - 16,10 |
| **18.** | Осумнаесетта | 24.04.2003 | -четврток | 10,45 - 17,10 |
| **19.** | Деветнаесетта | 22.04.2003 | -вторник | 11,15 - 12,50 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **20.** | Дваесетта | 25.04.2003 | -петок | 12,10 - 12,35 |
| **21.** | Дваесет и прва | 07.05.2003<br>08.05.2003<br>12.05.2003 | -среда<br>-четврток<br>-понеделник | 10,15 - 15,20<br>10,10 - 17,05<br>10,05 - 15,20 |
| **22.** | Дваесет и втора | 28.05.2003<br>30.05.2003<br>03.06.2003 | -среда<br>-петок<br>-вторник | 10,25 - 17,00<br>10,15 - 16,45<br>11,13 - 15,45 |
| **23.** | Дваесет и трета | 29.05.2003 | -четврток | 10,15 - 17,05 |
| **24.** | Дваесет и четврта | 11.06.2003<br>12.06.2003 | -среда<br>-четврток | 10,15 - 16,56<br>10,20 - 13,40 |
| **25.** | Дваесет и петта<br>(не се усвои дневниот ред) | 03.06.2003 | -вторник | 11,15 - 11,40 |
| **26.** | Дваесет и шеста | 24.06.2003<br>25.06.2003<br>27.06.2003 | -вторник<br>-среда<br>-петок | 10,15 - 15,00<br>10,15 - 16,55<br>10,10 - 12,00 |
| **27.** | Дваесет и седма | 26.06.2003 | -четврток | 10,45 - 17,25 |
| **28.** | Дваесет и осма | 27.06.2003 | -петок | 12,00 - 14,50 |
| **29.** | Дваесет и деветта | 03.07.2003<br>04.07.2003<br>16.07.2003 | -четврток<br>-петок<br>-среда | 10,10 - 17,00<br>10,05 - 19,00<br>10,10 - 10,20 |
| **30.** | Триесетта | 16.07.2003<br>17.07.2003<br>18.07.2003<br>23.07.2003<br>25.07.2003<br>10.09.2003 | -среда<br>-четврток<br>-петок<br>-среда<br>-петок<br>-среда | 10,20 - 16,50<br>10,15 - 17,05<br>10,30 - 15,15<br>14,20 - 17,10<br>10,20 - 14,10<br>10,10 - 11,30 |
| **31.** | Триесет и прва | 24.07.2003 | -четврток | 10,20 - 17,10 |
| **32.** | Триесет и втора | 22.07.2003<br>23.07.2003 | -вторник<br>-среда | 10,40 - 17,15<br>10,15 - 14,20 |
| **33.** | Триесет и трета | 30.07.2003 | -среда | 12,05 - 12,30 |
| **34.** | Триесет и четврта | 10.09.2003<br>11.09.2003<br>12.09.2003<br>23.09.2003 | -среда<br>-четврток<br>-петок<br>-четврток | 11,30 - 16.55<br>10,15 - 16,55<br>10,15 - 17,00<br>11,10 - 16,05 |
| **35.** | Триесет и петта | 25.09.2003 | -четврток | 10,20 - 17,05 |
| **36.** | Триесет и шеста | 17.09.2003<br>18.09.2003<br>19.09.2003<br>22.09.2003<br>23.09.2003 | -среда<br>-четврток<br>-петок<br>-понеделник<br>-вторник | 10,20 - 17,05<br>10,10 - 17,35<br>10,10 - 17,05<br>10,10 - 17,30<br>16,05 - 16,25 |
| **37.** | Триесет и седма | 23.09.2003<br>16.10.2003 | -вторник<br>-четврток | 10,20 - 11,00<br>10,15 - 10,55 |
| **38.** | Триесет и осма | 01.10.2003 | -среда | 10,10 - 10,50 |
| **39.** | Триесет и деветта | 16.10.2003<br>20.10.2003<br>21.10.2003 | -четврток<br>-понеделник<br>-вторник | 11,55 - 16,45<br>10,40 - 15,55<br>10,10 - 10,50 |
| **40.** | Четириесетта седница | 29.10.2003<br>31.10.2003<br>03.11.2003 | -среда<br>-петок<br>-понеделник | 10,10 - 16,00<br>10,15 - 14,50<br>10,10 - 16,20 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **41.** | Четириесет и прва | 30.10.2003 | -четврток | 10,25 - 16,15 |
| **42.** | Четириесет и втора | 05.11.2003<br>06.11.2003<br>07.11.2003 | -среда<br>-четврток<br>-петок | 10,15 - 16,10<br>10,15 - 16,10<br>10,45 - 21,45 |
| **43.** | Четириесет и трета | 18.11.2003 | -вторник | 10,20 - 16,00 |

# Прилог 2

## Усвоени дневни редови на седниците

**Прва конститутивна седница** 03.10.2002 (четврток)

1. Избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Собранието на Република Македонија;
2. Верификација на мандатите на пратениците;
3. Избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;
4. Избор на Претседател на Собранието на Република Македонија.

**Втора седница** 31.10.2002 (четврток)

1. Верификација на мандат на пратеник на Собранието на Република Македонија;
2. Избор на Влада на Република Македонија;
3. Предлог за утврдување на бројот на потпретседатели на Собранието на Република Македонија;
4. Предлог на одлука за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловничко и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија.

**Трета седница** 12.11.2003 (вторник)

1. Верификација на мандат на пратеници на Собранието на Република Македонија;
2. Именување заменици министри на Владата на Република Македонија;
3. Предлог на одлука за основање на постојани реботни тела на Собранието на Република Македонија;
4. Предлог на одлука за основање на делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија;
5. Предлог на одлука за основање на делегација за соработка со Европскиот Парламент;
6. Предлог на одлука за основање Комитет заодноси меѓу заедниците;
7. Предлог на одлука за именување Генерален секретар на Собранието на Република Македонија;
8. Предлог на одлука за именување Генерален директор на Јавното претпријатие Македонска Телевизија;
9. Предлог за покренување постапка за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Македонија;
10. Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија;
11. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Радовиш;
12. Предлог на одлука за огласување на избор на судии на Апелационите судови во Битола, Скопје и Штип;
13. Предлог на одлука за огласување на избор на судии на Основните судови во Крива Паланка, Радовиш, Гостивар, Прилеп, Скопје 1- Скопје и Тетово;
14. Предлог на одлука за именување на членови на Државната комисија за спречување на корупцијата;
15. Предлог на одлука за именување на членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

**Четврта седница** 04.12.2002 (среда)

1. Верификација на мандат на пратеници на Собранието на Република Македонија;
2. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија;
3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ограничување на изворните приходи на јавните потреби;
4. Предлог на програма за изменување и дополнување на Програмата за користење на средствата остварени од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал за 2002 година;
5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика;
6. Предлог за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Македонија;
7. Предлог за разрешување на судија од Основниот суд Скопје 1- Скопје;
8. Предлог за разрешување на судија од Основниот суд Скопје 2- Скопје;
9. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Велес;
10. Предлог за разрешување од функцијата директор на Агенцијата за државни службеници;
11. Предлог за разрешување од функцијата заменици на Генералниот секретар на Собранието на Република Македонија;
12. Предлог на одлука за именување заменици на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија;
13. Предлог за избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија;
14. Предлог за избор на претседатели на Основните судови во Битола, Крушево и Охрид;
15. Предлог за избор на судии во Основните судови во Скопје 1- Скопје, Гостивар и Струга;
16. Предлог на одлука за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците;
17. Предлог на одлука за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисиите на Собранието на Република Македонија;
18. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа (ПССЕ);
19. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ);
20. Предлог на одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија (ИПУ);
21. Предлог на одлука за избор на шеф, членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централно европската иницијатива;
22. Предлог на одлука за избор на шеф, членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание во Северноатланската договорна организација (НАТО);
23. Предлог на одлука за избор на претседател, заменик на претседателот и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија за соработка со Европскиот Парламент;
24. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата Климент Охридски";
25. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;
26. Предлог на одлука за огласување изменување на Јавен обвинител на Република Македонија.

**Петта седница** 24.12.2002 (вторник)

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државни службеници;
2. Предлог на закон за изменување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија;
3. Предлог на закон за дополнување на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници;
4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Центар за образование на кадри заобласта на безбедноста, со Предлог на закон;
5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по договорите за заеми по Проектот ХЕЦ "Козјак" со Кинеската банка и фирмата "Хаинан" С.И.Т. Ентерпраиз Корп. , со Предлог на закон;
6. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за трговски друштва, со Предлог на закон;
7. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за акцизите, со Предлог на закон;
8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за авторско право и сродните права, со Предлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за изменување и дополнување на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Хрватска, со Предлог на закон;
10. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за трговска и економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Исламската Република Иран, со Предлог на закон;
11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за трговска и економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина , за фотосанитарна соработка,со Предлог на закон;
12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за изменување и дополнување на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Словенија, со Предлог на закон;
13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за соработка во полето на здравството и медицината ,со Предлог на закон;
14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за соработка во полето на здравствената заштита на животните и карантин ,со Предлог на закон;
15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Норвешка за меѓународен патен сообраќај, со Предлог на закон;
16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кабинетот на министри на Украина за превоз на патници и стоки во меѓународниот патен сообраќај, со Предлог на закон;
17. Предлог за донесување на закон за ратификација на измените на Протоколот Б од Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Бугарија, со Предлог на закон;
18. Предлог за донесување на закон за културно наследство;
19. Предлог на просторен план на регионот на заштитените зони на изворот Рашче;
20. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Тетово;
21. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Кочани;
22. Предлог за разрешување од функцијата заменик Јавен обвинител на Република Македонија;

23. Предлог за именување директор и заменик на директорот на Агенцијата за државни службеници;
24. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија;
25. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Радовиш;
26. Предлог на одлука за разрешување, избор и именување на Управниот одбор на Јавно претпријатие Македонска Телевизија;
27. Предлог на одлука за за разрешување и именување членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие Македонска Телевизија;
28. Предлог на одлука за разрешување и именување заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие Македонска Телевизија;
29. Предлог на одлука за разрешување и избор на членови на Советот за радиодифузија;
30. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев";
31. Предлог на одлука за разрешување и избор на претседател и членови на Советот за научно-културни средби "Десет дена Крушевска Република";
32. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Клинички центар- Скопје;
33. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар- Велес;
34. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита- Тетово;
35. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Болница за душевни болести- Демир Хисар;
36. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Неготино"- Неготино;
37. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Аптека "9 ноември"- Велес;
38. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом- Виница;
39. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар-Куманово;
40. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар-Дебар;
41. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за рехабилитација на слух, говор и вид- Битола;
42. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Нада Михајлова"- Пробиштип;
43. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Борка Талевски"- Прилеп;
44. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
45. Предлог на одлука за именување републички советник на Собранието на Република Македонија.

**Шеста седница** 19.12.2002 (четврток)

- На оваа седница Претседателот на Република Македонија ќе му се обрати на Собранието на Република Македонија.

**Седма седница** 23.01.2003 (четврток)

1. Избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија;
2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за договорен залог, со Предлог на закон;
4. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за облигациони односи, со Предлог на закон;
5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на хидрометеоролошки работи, со Предлог на закон;
6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вино, со Предлог на закон;
7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за пристапување на Република Македонија кон Светската трговска организација, со Предлог на закон;
8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за укинување на присилна работа, со Предлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конзуларниот договор меѓу Република Македонија и Република Турција, со Предлог на закон;
10. Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во борбата против тероризмот , организираниот криминал, нелегалната трговија со наркотични дроги , психотропски супстанци и прекурсори, нелегална миграција и други кривични дела, со Предлог на закон;
11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словачка, со Предлог на закон;
12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словачка за трговска и економска соработка, со Предлог на закон;
13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Сојузна Република Германија, со Предлог на закон;
14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конзуларна конвенција меѓу Република Македонија и Република Романија, со Предлог на закон;
| 12. | Закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана | Влада | скратена | 7 23.01.2003 |
| 13. | Закон за договорен залог | Влада | скратена | 7 23.01.2003 |
| 14. | Закон за изменување на Законот за облигациони односи | Влада | скратена | 7 23.01.2003 |
| 15. | Закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на хидрометеоролошки работи | Влада | скратена | 7 23.01.2003 |
| 16. | Закон за изменување и дополнување на Законот за вино | Влада | скратена | 7 23.01.2003 |
| 17. | Закон за изменување и дополнување на Законот за локални избори | Влада | итна | 10 25.02.2003 |
| 18. | Закон за изменување и дополнување на Законот за Влада на Република Македонија | Влада | скратена | 10 25.02.2003 |
| 19. | Закон за изменување и дополнување на Законот за државни службеници | Влада | скратена | 12 11.03.2003 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 20. | Закон за изменување и дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства | Влада | скратена | 12<br>12.03.2003 |
| 21. | Закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита | Влада | скратена | 12<br>12.03.2003 |
| 22. | Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата | Влада | скратена | 12<br>12.03.2003 |
| 23. | Закон за престанување на важење на Законот за конверзија и замена на дел од долгот на Владата на Република Македонија кон Владата на Соединетите Американски Држави во проекти со развојни цели предвремена отплата и отпишување | Влада | скратена | 12<br>12.03.2003 |
| 24. | Закон за изменување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија | Влада | итна | 13<br>21.03.2003 |
| 25. | Буџет на Република Македонија | Влада | редовна | 13<br>21.03.2003 |
| 26. | Закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година | Влада | скратена | 13<br>21.03.2003 |
| 27. | Закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2003 година | Влада | скратена | 13<br>21.03.2003 |
| 28. | Закон за царинска тарифа | Влада | скратена | 13<br>25.03.2003 |
| 29. | Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност | Влада | скратена | 13<br>26.03.2003 |
| 30. | Закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите | Влада | скратена | 13<br>28.03.2003 |
| 31. | Закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот | Влада | скратена | 13<br>28.03.2003 |
| 32. | Закон за изменување и дополнување на Законот за административни такси | Влада | скратена | 13<br>28.03.2003 |
| 33. | Закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите | Влада | скратена | 13<br>28.03.2003 |
| 34. | Закон за изменување и дополнување на Законот за Фондот за замјоделство | Влада | скратена | 13<br>28.03.2003 |
| 35. | Закон за изменување и дополнување на Законот за утврдување и наплата на јавните приходи | Влада | скратена | 13<br>28.03.2003 |
| 36. | Закон за изменување и дополнување на Законот за концесии | Влада | скратена | 13<br>28.03.2003 |
| 37. | Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки | Влада | скратена | 13<br>28.03.2003 |
| 38. | Закон за сметководство на непрофитните организации | Влада | скратена | 13<br>28.03.2003 |
| 39. | Закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на становите во општествена сопственост | Влада | скратена | 13<br>28.03.2003 |
| 40. | Закон за државна помош | Влада | редовна | 13<br>28.03.2003 |
| 41. | Закон за поттикнување на вработувањето | Влада | скратена | 13<br>31.03.2003 |
| 42. | Закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи | Влада | скратена | 13<br>31.03.2003 |
| 43. | Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување во случај на невработеност | Влада | скратена | 13<br>31.03.2003 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 44. | Закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија | Влада | скратена | 13<br>01.04.2003 |
| 45. | Закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно трговско работење | Влада | скратена | 16<br>17.04.2003 |
| 46. | Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност | Влада | скратена | 16<br>17.04.2003 |
| 47. | Закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација | Влада | скратена | 16<br>17.04.2003 |
| 48. | Закон за изменување и дополнување на Законот за државна ревизија | Влада | скратена | 16<br>17.04.2003 |
| 49. | Закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал | Влада | итна | 16<br>17.04.2003 |
| 50. | Закон за изменување на Законот за санација и реконструкција на дел од банките во Република Македонија | Влада | итна | 16<br>17.04.2003 |
| 51. | Закон за изменување на Законот за здравствено осигурување | Слободан Најденовски | скратена | 16<br>17.04.2003 |
| 52. | Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи | Влада | скратена | 21<br>08.05.2003 |
| 53. | Закон за изменување на Законот за републички награди | Влада | скратена | 21<br>08.05.2003 |
| 54. | Закон за овластување на организација за изработка на пригодни ковани пари по повод 100 години од Илинденското востание | Влада | скратена | 22<br>28.05.2003 |
| 55. | Закон за доброволно предавање и собирање на огнено оружје , муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето | Влада | скратена | 22<br>28.05.2003 |
| 56. | Закон за изменување и дополнување на Законот за Републички судски совет | Влада | скратена | 22<br>30.05.2003 |
| 57. | Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика | Влада | скратена | 22<br>30.05.2003 |
| 58. | Закон за изменување и дополнување на Законот за угостителска и туристичка дејност | Влада | скратена | 22<br>30.05.2003 |
| 59. | Закон за изменување и дополнување на Законот за трговија | Влада | скратена | 22<br>30.05.2003 |
| 60. | Закон за изменување и дополнување на Законот за домување | Влада | скратена | 22<br>03.06.2003 |
| 61. | Закон за дополнување на Законот за основното образование | Влада | скратена | 24<br>11.06.2003 |
| 62. | Закон за дополнување на Законот за средното образование | Влада | скратена | 24<br>11.06.2003 |
| 63. | Закон за дополнување на Законот за ученичкиот и студентскиот стандард | Влада | скратена | 24<br>11.06.2003 |
| 64. | Закон за изменување и дополнување на Законот за државни службеници | Влада | скратена | 24<br>11.06.2003 |
| 65. | Закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи | Влада | скратена | 24<br>11.06.2003 |
| 66. | Закон за дополнување на Законот за Јавните претпријатија | Влада | скратена | 24<br>11.06.2003 |
| 67. | Закон за полициска академија | Влада | скратена | 24<br>11.06.2003 |
| 68. | Закон за изменување и дополнување на Законот за Републичкиот судски совет | Влада | по непотпишување на Указот од Претс. на | 26<br>24.06.2003 |

| | | | РМ редовна | |
|---|---|---|---|---|
| 69. | Закон за изменување на Кривичниот законик | Влада | скратена | 26<br>24.06.2003 |
| 70. | Закон за дополнување на Царинскиот закон | Влада | скратена | 26<br>24.06.2003 |
| 71. | Закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања | Влада | скратена | 26<br>24.06.2003 |
| 72. | Закон за дополнување на Законот за основното образование | Славица Грковска | скратена | 26<br>24.06.2003 |
| 73. | Закон за дополнување на Законот за средното образование | Славица Грковска | скратена | 26<br>24.06.2003 |
| 74. | Закон за изменување на Законот за начинот и постапката за исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните по кои гарант е Република Македонија | Влада | скратена | 26<br>24.06.2003 |
| 75. | Закон за изменување на Законот за денационализација | Влада | скратена | 26<br>24.06.2003 |
| 76. | Закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем што ќе се склучи меѓу Европската Банка за обнова и развој и Фондот за магистрални и регионални патишта на Република Македонија за реализација на Проектот-Патишта 2 (изградба на обиколницата околу Скопје и на делницата Смоквица-Гевгелија) | Влада | скратена | 26<br>24.06.2003 |
| 77. | Закон за изменување и дополнување на Законот за платен промет | Влада | скратена | 26<br>24.06.2003 |
| 78. | Закон за изменување на Законот за трговски друштва | Влада | скратена | 26<br>24.06.2003 |
| 79. | Закон за изменување на Законот за индустриска сопственост | Влада | скратена | 26<br>24.06.2003 |
| 80. | Закон за азил и привремена заштита | Влада | скратена | 30<br>16.07.2003 |
| 81. | Закон за изменување и дополнување на Законот за култура | Влада | скратена | 30<br>16.07.2003 |
| 82. | Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија по Договорот за кредит за реализација на проектот "Брана" со придружни објекти, како дел од хидромелиоративниот систем "Лисиче" | Влада | скратена | 30<br>16.07.2003 |
| 83. | Закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование | Влада | скратена | 30<br>17.07.2003 |
| 84. | Закон за изменување и дополнување на Законот за Воената академија | Влада | скратена | 30<br>17.07.2003 |
| 85. | Закон за амнестија | Влада | скратена | 30<br>18.07.2003 |
| 86. | Закон за изменување и дополнување на Законот за набавување, поседување и носење оружје | Влада | скратена | 30<br>18.07.2003 |
| 87. | Закон за изменување и дополнување на Законот за Фондот за осигурување на депозити | Влада | скратена | 30<br>18.07.2003 |
| 88. | Закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар | Влада | скратена | 30<br>18.07.2003 |
| 89. | Закон за изменување и дополнување на Законот за лизинг | Влада | скратена | 30<br>18.07.2003 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 90. | Закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење | Влада | скратена | 32<br>22.07.2003 |
| 91. | Закон за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија | Влада | скратена | 32<br>22.07.2003 |
| 92. | Закон за изменување и дополнување на Законот за банките | Влада | скратена | 32<br>22.07.2003 |
| 93. | Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот од добивка | Влада | скратена | 32<br>22.07.2003 |
| 94. | Закон за изменување на Законот за трговски друштва | Влада | скратена | 32<br>23.07.2003 |
| 95. | Закон за изменување и дополнување на Законот за таксата за привремен престој | Влада | скратена | 32<br>23.07.2003 |
| 96. | Закон за водни заедници | Влада | итна | 32<br>23.07.2003 |
| 97. | Закон за изменување на Законот за радиодифузна дејност | Влада | скратена | 30<br>23.07.2003 |
| 98. | Закон за судскиот буџет | Влада | редовна | 34<br>10.09.2003 |
| 99. | Закон за основање на Агенција за подршка на претприемништвото на Република Македонија | Влада | редовна | 34<br>10.09.2003 |
| 100. | Закон за Народен правобранител | Влада | редовна | 34<br>10.09.2003 |
| 101. | Закон за изменување на Законот за радиодифузна дејност | Влада | по непотпишување на Указот од Претс. на РМ редовна | 34<br>10.09.2003 |
| 102. | Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година | Влада | итна | 36<br>17.09.2003 |
| 103. | Закон за дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година | Влада | итна | 36<br>17.09.2003 |
| **104.** | Закон за изменување на Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2003 година | Влада | итна | 36<br>17.09.2003 |
| **105.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите | Влада | скратена | 37<br>23.09.2003 |
| **106.** | Закон за изменување на Законот за извршна постапка | Влада | скратена | 37<br>23.09.2003 |
| **107.** | Закон за изменување на Законот за радиодифузна дејност | Влада | скратена | 39<br>16.10.2003 |
| **108.** | Закон за иаменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето | И Атанасовски<br>С. Станковска<br>С. Грковска | скратена | 39<br>16.10.2003 |
| **109.** | Закон за дополнување на Законот за служба во Армијата на РМ | Влада | скратена | 40<br>29.10.2003 |
| **110.** | Закон за продажба на станови во државна сопственост кои потекнуваат од стамбениот фонд на поранешна ЈНА | Влада | скратена | 40<br>29.10.2003 |
| **111.** | Закон за прогласување на локалитетот "Локви-Големо Коњаре", за строг природен резерват | Влада | скратена | 40<br>29.10.2003 |
| **112.** | Закон за прогласување на локалитетот "Плоче-Литотелми", за строг природен резерват | Влада | скратена | 40<br>29.10.2003 |
| **113.** | Закон за гаранција на Република Македонија по финансискиот договор за | Влада | скратена | 40<br>31.10.2003 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | заем што ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на Проектот за изградба на трафостаници во Република Македонија | | | |
| **114.** | Закон за гаранција на Република Македонија по договорот за заем што ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на Проектот за изградба на 400 кв далекувод од Штип (Република Македонија) | Влада | скратена | 40<br>31.10.2003 |
| **115.** | Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на Проектот за подобрување на искористувањето на водата во басенот на реката Злетовица | Влада | скратена | 40<br>31.10.2003 |

## Прилог 4

## Меѓународни активности

| Датум | Меѓународна организација | Настан | Место на одржување |
|---|---|---|---|
| **НОЕМВРИ 2002** | | | |
| 01-02 | Мултилатерала | Семинар на тема "Законодавен надзор на безбедносните сили на Македонија" организиран од Центарот за европска безбедност од Гронинген Холандија во рамките на проектот за земјите од Југоисточна Европа | Скопје, Македонија |
| 07-09 | ЦЕИ | Седница на Парламентарното собрание на ЦЕИ (Трифун Костовски-шеф на Делегацијата и претседавач на Парламентарната димензија на ЦЕИ) | Скопје, Македонија |
| 14-17 | Мултилатерала | Регионална средба "Зајакнување на демократската контрола на вооружените сили во Албанија" (пратеник Есад Рахиќ) | Тирана, Албанија |
| 15-19 | ПС на НАТО | 48 редовно заседание на ПС на НАТО (пратеник Зоран Шапуриќ) | Истанбул, Турција |
| 17-20 | ПСФ | 15-та седница на Собранието на Регион Европа на ПСФ (пратеник Илијаз Халими - претседател на Секцијата на Собранието на РМ во ПСФ) | Брисел, Белгија |
| 27-28 | Мултилатерала | 20-та седница на ПС на Црноморската економска соработка (пратеник Трифун Костовски) | Атина, Грција |
| 29-30 | Мултилатерала | Семинар за меѓународни односи за пратениците на Собранието на Република Македонија во организација на Собранието на РМ и Меѓународниот Институт за демократија од Стразбур | Скопје, Македонија |
| **ДЕКЕМВРИ 2002** | | | |
| 02-04 | СзУ | Седница на Собранието на Западноевропската Унија (пратеници Ѓорги Спасов и Зоран Шапуриќ) | Париз, Франција |
| 06-08 | ИСТ-ВЕСТ институт | Регионална средба "Зајакнување на демократската контрола на вооружените сили во Албанија" (пратеник Есад Рахиќ) | Софија, Бугарија |
| 12 | ЦЕИ | Состанок на Тројките (актуелниот, претходниот и идниот претседавач) на Владината, Парламентарната и Бизнис димензија на ЦЕИ (Трифун Костовски-шеф на Делегацијата и претседавач на Парламентарната димензија на ЦЕИ) | Трст, Италија |
| 16-18 | ПС на СЕ | Официјална посета на Република Македонија Жозет Дирие, претседател на Мониторинг комисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа. | Скопје, Македонија |

| ЈАНУАРИ 2003 | | | |
|---|---|---|---|
| 19-25 | Билатерала | Студиска посета на пратеници и службеници на парламентите на Белгија, Финска и на Европскиот Парламент (пратеници Славица Грковска, Марија Којзаклиска, Агрон Буџаку и Ружди Матоши | Белгија, Финска |
| 27-31 | ПС на СЕ | Прв дел на редовната сесија на ПС на СЕ (Елеонора Петрова Митевска-шеф на Делегацијата, Андреј Жерновски, Ганка Самоиловска-Цветанова и Џевдет Насуфи) | Стразбур, Франција |
| 27-28 | ЕП | Осма меѓупарламентарна средба на ЕП и Собранието на РМ | Скопје, Македонија |

| ФЕВРУАРИ 2003 | | | |
|---|---|---|---|
| 03-04 | ЦЕИ | Седница на Постојаниот комитет на ПД на ЦЕИ (Сашо Дохчев - член на делегацијата во ЦЕИ) | Варшава, Полска |
| 03-04 | Мултилатерала | Петти состанок на Парламентарната мрежа за Југоисточна Европа (пратеници Томе Тромбев, Љупчо Балковски и Абдилаќим Адеми | Загреб, Хрватска |
| 19 | Билатерала | Средба на Лилјана Поповска - потпретседател на Собранието на РМ со г-дин Велимир Радојевиќ, министер за одбрана на Србија и Црна Гора | Скопје, Македонија |
| 19 | Билатерала | Средба на Лилјана Поповска - потпретседател на Собранието на РМ со Ханс-Петер Анен, Раководител на Одделот на Југоисточна Европа во МНР на СР Германија | Скопје, Македонија |
| 20-21 | ПС на ОБСЕ | Редовна седница на постојаниот комитет на ОБСЕ и Зимската сесија на ПС на ОБСЕ (пратеници Ѓорги Трендафилов, Благој Голомеов и Агрон Буџаку) | Виена, Австрија |

| МАРТ 2003 | | | |
|---|---|---|---|
| 03-05 | ПС на СЕ | Состаноци на комисиите на ПС на СЕ (Елеонора Петрова Митевска-шеф на Делегацијата и Ганка Самоиловска-Цветанова | Париз, Франција |
| 04-06 | ПСФ | Состанок на Политичката комисија на ПСФ (пратеник Нелко Стојановски) | Луксембург, Големо Војводство Луксембург |
| 04-07 | Билатерала | Семинар на парламентарци во организација на Институтот за меѓународни односи (пратеници Игор Ивановски, Никола Ќурчиев, Славица Станковска, Јани Макрадули, Ганка Самоилова Цветановска, Ѓорѓи Оровчанец, Андреј Жерновски, Ејуп Рустеми и Илијаз Халими) | Атина, Грција |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14 | Билатерала | Средба со Н.Е. Џан Вансиуе, Амбасадор на НР Кина во Република Македонија со Каме Петров - претседател на Пратеничката група за соработка со Парламентот на НР Кина | Скопје, Македонија |
| 17-18 | СЗЕУ | Меѓународен колоквиум на тема "Европа и новата стратегија за национална безбедност" (пратеници Ѓорги Спасов и Зоран Крстевски) | Атина, Грција |
| 20-22 | ЦЕИ | Седница на Парламентарниот комитет на ЦЕИ (Трифун Костовски-шеф на Делегацијата и претседавач на Парламентарната димензија на ЦЕИ и Сашо Дохчев - член) | Варшава, Полска |
| 23-27 | СЗЕУ | Посета на Делегација на СЗЕУ на Република Македонија предводена од претседателот на СЗЕУ Јан Дирк Блаув. | Скопје, Македонија |
| 27-28 | ПС на ЈИЕ | Петта Сегединска конференција на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа (пратеници Томе Тромбев, Цветанка Иванова и Никола Груевски) | Сегедин, Унгарија |

| **АПРИЛ 2003** | | | |
|---|---|---|---|
| 31.03-04.04 | ПС на СЕ | Втор дел на редовната сесија на ПС на СЕ (Елеонора Петрова Митевска-шеф на Делегацијата, Андреј Жерновски, Ганка Самоиловска-Цветанова и Џевдет Насуфи | Стразбур, Франција |
| 02 | Билатерала | Средба со НЕ Александар Јорданов, Амбасадор на Бугарија во Република Македонија со Киро Дојчиновски - претседател на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Бугарија | Скопје, Македонија |
| 05-12 | Билатерала | Студиска посета на меѓуетнички односи во организација на Амбасадата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во РМ ( пратеник Андреј Жерновски) | Лондон и Брадфорд, Велика Британија |
| 06-12 | ИПУ | 108 конференција на ИПУ (пратеници Чедомир Краљевски, Наташа Биковска и Исмет Рамадани) | Сантијаго, Чиле |
| 06-09 | ПСФ | Посета на Република Македонија на Делегација на Собранието на регионот Европа на ПСФ | Скопје, Македонија |
| 06-14 | Мултилатерала | Семинар "Политичка стратегија - борба против корупцијата" (пратеник Зоран Шапуриќ) | Гумерзбах, СР Германија |
| 07-09 | ПС на ОБСЕ | Посета на Делегација на ПС на ОБСЕ на Република Македонија | Скопје, Македонија |
| 07 | Билатерала | Средба со Н.Е. Жан Франсоа Терал, Амбасадор на Република Франција во Република Македонија со членовите на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Франција Ганка Самоилова Цветановска-претседател на групата, Силвана Бонева, Хисни Шаќири, Андреј Жерновски и Илијаз Халими | Скопје, Македонија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11-12 | Мултилатерала | Семинар на тема "Развивање на механизми за ефикасен законодавен надзор врз вооружените сили" организиран од Центарот за Европска безбедност од Гронинген во соработка Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" (пратеник Есад Рахиќ) | Сараево, Босна и Херцеговина |
| 14-17 | Билатерала | Студиска посета на СР Германија во организација на Германската амбасада и Проектот ГТЗ (пратеници Драган Ѓорѓиев, Андреј Жерновски, Коце Трајановски и Ејуп Рустеми) | СР Германија |
| 16-18 | ПСФ | Седница на Комисијата за образование, комуникации и културни прашања на ПСФ (пратеник Хусеинџеват Хусеин - потпретседател на Делегацијата) | Шалон-ан-Шампањ, Франција |

| **MAJ 2003** | | | |
|---|---|---|---|
| 08-11 | Билатерала | Посета на Република Македонија на Марсел Деу, претседател на Групата за пријателство Франција-Македонија на Националното Собрание на Француската Република на покана на пратеникот Ганка Самоилова Цветановска претседател на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Франција | Скопје, Македонија |
| 09-11 | ПС ЈИЕ | Конференција посветена на "Жени парламентарки на ПС ЈИЕ од жртви до агенти за промени" (Благородна Мингова Крепиева, Соња Лепиткова и Силвана Бонева) | Будва,<br>Србија и Црна Гора |
| 12 | Билатерала | Средба со НЕ Абдолмаџид Мозафари, Амбасадор на Исламската Република Иран во Република Македонија со Јордан Михајловски - претседател на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран во РМ. На средбата присуствуваа и пратениците Илија Србиновски и Талат Џафери | Скопје, Македонија |
| 14-16 | ПС на ОБСЕ | Трета субрегионална конференција на ПС на ОБСЕ (пратеник Благој Голомеов) | Берн,<br>Швајцарија |
| 16 | Билатерала | Средба со НЕ Џорџо Марини, Амбасадор на Република Италија во Република Македонија со Невзат Бејта - претседател на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Италија | Скопје, Македонија |
| 18-20 | ПСФ | Состанок на Комисијата за парламентарни прашања на ПСФ (пратеник Славица Станковска) | Софија, Бугарија |
| 21-22 | ПзС | Четврта парламентарна конференција на Пактот за стабилност (пратеници Агрон Буџаку, Каролина Ристова и Слободан Чашуле) | Брисел, Белгија |
| 24-28 | ПС на НАТО | Пролетно заседание на ПС на НАТО (пратеници Агрон Буџаку и Есад Рахиќ) | Прага,<br>Чешка Република |
| 24-26 | ПС на СЕ | Седница на Комисијата за економски прашања и развој (пратеник Стојан Андов-член на делегацијата | Софија, Бугарија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 26-27 | Мултилатерала | Семинар на тема "Институции и методи за борба против насилството врз жените" во организација на Институтот за пратеници од Југоисточна Европа "WIN BALKANS" (пратеници Благородна Мингова Крепиева, Марија Којзаклиска и Лилјана Ивановска) | Букурешт, Романија |
| 27 | Билатерала | Средба со НЕ Мирослав Лајчек, Амбасадор на Словачката Република во Република Македонија со Тито Петковски - претседател на Комисијата за одбрана и безбедност | Скопје, Македонија |
| 29 | Билатерала | Обраќање на НЕ Јоанис Економу, Амбасадор на Република Грција во Република Македонија на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Грција во Собранието на Република Македонија (пратеници Слободан Чашуле - претседател, Јани Макрадули, Никола Ќурчиев и Лилјана Поповска-членови | Скопје, Македонија |

| **ЈУНИ 2003** | | | |
|---|---|---|---|
| 02-04 | ПСФ | Конференција на претседатели на секции на ПСФ-Регион Европа (пратеник Славица Станковска) | Жерзе, Велика Британија |
| 02-04 | ЗеУ | 49-та седница на Собранието на ЗЕУ (прв дел) (пратеници Ѓорѓи Спасов и Зоран Крстевски | Стразбур, Франција |
| 08-09 | Билатерала | Посета на Александар Новакоски, Генерален секретар на Собранието на РМ на Парламентот на Република Бугарија | Софија, Бугарија |
| 13-14 | ПС на СЕ | Седница на поткомисијата за Европската социјална повелба (Андреј Жерновски-заменик член на Делегацијата) | Фиренца, Италија |
| 13 | ЦЕИ | Состанок на министрите за надворешни работи на земјите членки на ЦЕИ (Трифун Костовски-шеф на Делегацијата и претседавач на Парламентарната димензија на ЦЕИ) | Вроцлав, Полска |
| 20 | Билатерала | Средба на потпретседателот на Собранието на РМ Лилјана Поповска со НЕ Марјан Шифтар, Амбасадор на Република Слове-нија во РМ | Скопје, Македонија |
| 21-28 | Мултилатерала | Семинар за непролиферација на оружјето за масовно уништување (пратеници Слободан Најдовски, Силвана Бонева, Рафиз Алити, Ристана Лалчевска и Гајур Сарач) | Будимпешта, Унгарија |
| 23-27 | ПС на СЕ | Трет дел на редовната сесија на ПС на СЕ (Елеонора Петрова Митевска-шеф на делегацијата) | Стразбур, Франција |

## ЈУЛИ 2003

| | | | |
|---|---|---|---|
| 05-09 | ПС на ОБСЕ | Дванаесетта годишна сесија на ПС на ОБСЕ (пратеници Ѓорѓи Трендафилов, Благој Голомеов и Хусеинџеват Хусеин) | Ротердам, Холандија |
| 06-09 | ПСФ | Втора сесија на Парламентот на млади франкофони (Јулија Јовчевска, студент на Универзитет "Св. Кирил и Методија и Бурим Амети, студент на Универзитет на Југоисточна Европа) | Ниамеј, Нигер |
| 18-19 | Мултилатерала | Семинар на делегациите на парламентарните комисии за европска интеграција на земјите членки на Процесот на соработка во Југоисточна Европа (Ана Андова и Ѓорѓи Оровчанец) | Сараево, Босна и Херцеговина |
| 31 | Билатерала | Средба на Елеонора Петрова Митевска координатор на Клубот на жени-парламентарки со Елизабет Рен претседавач на Првата работна маса за демократизација и човекови права на Пактот за стабилност | Скопје, Македонија |

## АВГУСТ 2003

| | | | |
|---|---|---|---|
| 01 | Билатерала | Средба на потпретседателот на Собранието на РМ Лилјана Поповска со Група македонски иселеници од Детроит и пошироко | Мичиген, САД |
| 22-23 | Билатерала | Прво балканско собирање на покана на Спикерот на парламентот на Република Албанија (Агрон Буџаку-потпретседател на Собранието на РМ) | Албанија |

## СЕПТЕМВРИ 2003

| | | | |
|---|---|---|---|
| 07-08 | ПС на СЕ | Седница на постојаната комисија на ПС на СЕ (Елеонора Петрова Митевска-шеф на Делегацијата) | Неапол, Италија |
| 10 | ПС на СЕ | Седница на комисијата за култура, наука и образование (Елеонора Петрова Митевска-шеф на делегацијата) | Будимпешта, Унгарија |
| 10 | Билатерала | Средба на потпретседателот на Собранието на РМ Лилјана Поповска со Хери Мичел сенатор од збратимениот град Темпи од државата Аризона ,САД | Скопје, Македонија |
| 15-18 | Билатерала | Посета на Пратеничката група на Собранието на РМ за соработка со Парламентот на Полска (пратеници Силвана Бонева - претседател на групата и членовите Благородна Мингова Крепиева, Лилјана Поповска и Ејуп Рустеми) | Полска |
| 22-24 | СЗЕУ | Меѓународна конференција на тема: "Новите сценарија за европска одбрана и безбедност" (пратеници Ќенан Хасипи и Зоран Крстевски) | Бавено, Италија |
| 25.09<br>02.10 | ПС на СЕ | Четврти дел на редовната сесија на ПС на СЕ (Елеонора Петрова Митевска-шеф на Делегацијата) | Стразбур, Франција |

| ОКТОМВРИ 2003 | | | |
|---|---|---|---|
| 01-03 | ИПУ | 109 конференција на ИПУ (пратеници Чедомир Краљевски, Наташа Биковска, Ангелка Пеева Лауренчиќ и Исмет Рамадани) | Женева, Швајцарија |
| 01 | ЕП | Официјална посета на Пат Кокс претседател на ЕП на Република Македонија | Скопје, Македонија |
| 02-04 | ОБСЕ | Парламентарна конференција органи-зирана од ОБСЕ на тема Улогата на парламентите во човековиот и економскиот развој во Југоисточна Европа | Сараево, Босна и Херцеговина |
| 04-12 | ПСФ | Студиски престој на Европскиот Парламент и Француската Алијанса (пратеници Славица Станковска, Хусеинџеват Хусеин и Нелко Стојановски) | Брисел, Белгија |
| 07-08 | Мултилатерала | Семинар на тема "Од Советот на Европа до европска интеграција" во организација на Меѓународниот Институт за демократија и Романскиот парламент (пратеници Зоран Шапуриќ, Ана Андова и Недим Рамизи) | Букурешт, Романија |
| 07-09 | ПС на СЕ | Седница на поткомисијата за културно наследство | Скопје, Македонија |
| 09-12 | ПС на ОБСЕ | Есенска сесија на ПС на ОБСЕ, Парламентарната конференција за религиозна слобода и Прviot медитерански парламентарен форум (Ѓорги Трендафилов и Благој Голомеов) | Рим, Италија |
| 13-15 | ПС на СЕ | Седници на Ад-хог поткомисијата за одбележување на меѓународната година на слатките води и Колоквиумот за заштита на трансграничните водни басени | Охрид, Македонија |
| 17-18 | ПС на НАТО | Конференција "Обезбедување на мирот: Улога на НАТО во управувањето со кризи" (пратеници Агрон Буџаку и Тито Петковски) | Брисел, Белгија |
| 23-25 | ПС на СЕ | Работилница на Европскиот музејски форум (Елеонора Петрова Митевска-шеф на Делегацијата на ПС на СЕ) | Прато, Италија |

| НОЕМВРИ 2003 | | | |
|---|---|---|---|
| 30.10-04.11 | ПСФ | Теренска посета на Србија и Црна Гора на ПСФ и Светска банка (пратеник Славица Станковска) | Белград и Подгорица, Србија и Црна Гора |
| 07-11 | ПС на НАТО | 49-то редовно заседание на ПС на НАТО (пратеници Слободан Чашуле - член на делегацијата) | Орландо, САД |
| 10-11 | ЕП | Колоквиум на тема "Трансевропско поврзување" (пратеници Хусеинџеват Хусеин и Емилија Костадинова) | Брисел, Белгија |
| 12-13 | ПС на СЕ | Седница на Комисијата за економски прашања и развој (Стојан Андов-член на Делегацијата) | Париз, Франција |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12-13 | ПС на СЕ | Посета на РМ на Ерик Јиргенс, известител на Комисијата за правни прашања и човекови права на ПС на СЕ за прашањето за обештетување на несловенските штедачи на поранешна "Љубљанска банка" | Скопје, Македонија |
| 17-28 | Мултилатерала | Семинар за парламентарна демократија и управување со парламентите (пратеници Андреј Жерновски, Марија Којзаклиска и Хусеинџеват Хусеин) | Стокхолм, Шведска |

**Објаснување на кратенките:**

**ПС на СЕ** - Парламентарно собрание на Совет на Европа;
**ПС на НАТО** - Парламентарно собрание на НАТО;
**ПС на ОБСЕ** - Парламентарно собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа;
**ИПУ** - Интерпарламентарна Унија;
**ПД на ЦЕИ** - Парламентарно собрание на Централноевропската иницијатива;
**СЗЕУ** - Собрание на Западноевропската унија;
**ПСФ** - Парламентарно собрание на Франкофонија;
**МПК** - Мешовит парламентарен комитет Република Македонија-ЕУ;
**ПзС** - Пакт за стабилност;
**СТО** - Светска трговска организација;
**ЕП** - Европски парламент;
**ПС ЈИЕ** - Процес за спработка во Југоисточна Европа;
**ЕЦПРД** - Европски центар за парламентарно истражување и документација.

# 3. РАБОТНИ ТЕЛА И КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

## 3.1 РАБОТНИ ТЕЛА

Со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 85/2002 и 30/2003) во Собранието на Република Македонија се основани 18 постојани работни тела за разгледување на предлози за донесување на закони, нацрти на закони, предлози на закони и други акти што ги донесува Собранието, за следење на извршувањето на актите на Собранието, како и за проучување и претресување на други прашања од негова надлежност. Со оваа одлука се утврдени надлежностите на работните тела на Собранието, што во најголем број случаи претставува рамка за активностите на работните тела.




Составот на работните тела е од редот на пратениците, во зависност од бројот на пратеничките групи и бројот на пратениците во пратеничките групи и е утврден со Одлука на Собранието на Република Македонија. При тоа значајно е да се потенцира дека во работата на комисиите често пати се поканувaат и учествуваат претставници на научни, стручни и јавни работници, институции и здруженија заради изнесување на мислења по прашањата што се разгледуваат на седницата на телото. На овој начин се обезбедува поголема стручност и транспарентност во работата на комисиите.

Најголем дел од активноста во работата на комисиите е во функција на работата на пленарните седници на Собранието, што претставува квалитетен придонес за поефикасно и поквалитетно работење на Собранието. Исто така, значајно е да се потенцира дека голем дел од активноста на комисиите се однесува на извршување и на други работи од надлежност на комисиите што не се во функција на пленарните седници на Собранието. Најчесто тоа се активности поврзани со остварување на меѓународна соработка, соработка со претставници од други органи и институции.

Организацијата и функционирањето на работните тела на Собранието е уредено со Деловникот на Собранието на Република Македонија.

# Комисија за уставни прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- спроведување на Уставот;
-предлози за изменување и дополнување на Уставот;
-начелни прашања од уставен карактер во врска со донесувањето и извршувањето на законите и други прописи и акти и
- други прашања од уставен карактер.

Комисијата за уставни прашања е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија, кое согласно со утврдените надлежности разгледува прашања што се однесуваат на спроведувањето на Уставот на Република Македонија и предлозите за изменување и дополнување на Уставот.

Начинот и обемот на работа на Комисијата е диктиран и произлегува од карактерот и специфичноста на прашањата што се во нејзина надлежност.

Во извештајниот период, Комисијата одржа три седници на кои се расправаше за измената на членот 17 на Уставот на Република Македонија (Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, предложен од Владата на Република Македонија и Текстот на Амандман XIX на Уставот).

Комисијата донесе и Деловник за работа.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>3</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>4</td></tr>
<tr><td colspan="2">Измени на Уставот:<br>Предлог за пристапување кон измена на Уставот и текст на Нацртот на амандманот XIX на Уставот на РМ</td><td>3</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Други акти<br>(одлуки, декларации, програми)</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Информации, извештаи</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прашања, предлози</td><td>-</td></tr>
</table>

# Законодавно-правна комисија

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- усогласеност на законите и други акти со Уставот и со правниот систем, како и нивната правно-техничка обработка;
- усогласеност на законите со законодавството на Европската унија;
- барања за давање автентично толкување и изготвување предлози на автентично толкување на законите;
- утврдување на пречистен текст на законите и други акти ако со закон, односно со друг акт биде овластена;
- давање исправки на грешки во објавениот текст на закон или на друг акт, врз основа на изворниот текст на усвоениот закон или друг акт на Собранието и
- други прашања што се однесуваат на законодавно-правната дејност и изградувањето на правниот систем во Република Македонија.

Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија согласно со надлежноста утврдена во Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија разгледува предлози на акти од сите области, односно од економската, политичката и од областа на јавните дејности.

Од областа на политичкиот систем како позначајни треба да се истакнат предлозите на законите со кои започнаа реформите во судскиот систем и во системот на одбраната на Република Македонија, односно

-Законот за судскиот буџет;

-измените и дополнувањата на Законот за Републичкиот судски совет;

-измените и дополнувањата на Кривичниот законик (прва фаза);

-законот за договорен залог;

-измените и дополнувањата на Законот за одбрана.

Квалитетна и обемна расправа на Комисијата се водеше по Текстот на Нацртот на Амандманот XIX на Уставот на Република Македонија.

Покрај ова, Комисијата особено внимание посвети и на следниве предлози и акти:

-законот за Народниот правобранител (Предлог за донесување, нацрт и предлог закон);

-измените и дополнувањата на Законот за помилувањата на Законот за служба во армијата на Република Македонија;

- измените на Законот за државните службеници;

- измените и дополнувањата на Законот за внатрешни работи;

- Законот за азил и привремена заштита;

-измените и дополнувањата на Законот за Владата на Република Македонија;

-измените на Законот за облигационите односи;

-законот за Полициска академија;

-измените и дополнувањата на Законот за судовите;

-измените и дополнувањата на Законот за извршната постапка;

-законот за амнестија;

-измените и дополнувањата на Законот за државјанство на Република Македонија;

- законот за продажба на станови во државна сопственост кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешната ЈНА.

Од областа на економскиот систем Комисијата особено внимание посвети на проучување на предлозите на актите, односно на законите кои ги разгледа Собранието заедно со Буџетот на Република Македонија за 2003 година и измените на истите, како што се:

- законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година;

- измените и дополнувањата на Законот за буџетите;

-измените на Законот за утврдување и наплата на јавните приходи;

Исто така, во овој период како предлози на акти по кои на седниците на Комисијата се водеше обемна и квалитетна расправа се:

-Законот за Царинската тарифа;

-измените и дополнувањата на Законот за данокот на додадена вредност;

-Просторниот план на Регионот на заштитените зони на изворот Рашче;

-Законот за водните заединици;

-Законот за државна помош;

-дополнувањата на Законот за концесии;

-измените и дополнувањата на Законот за јавни набавки;

-измените и дополнувањата на Законот за хартии од вредност;

-измените и дополнувањата на Законот за експропријација;

-измените и дополнувањата на Законот за државната ревизија;

-Законот за основање Агенција за поддршка на претприемаштвото;

-измените и дополнувањата на Законот за енергетика;

-измените и дополнувањата на Законот за угостителска и туристичка дејност;

-Законот за Стопанска комора на Македонија (прва фаза);

-измените и дополнувањата на Законот за денационализација;

-измените и дополнувањата на Законот за платниот промет;

-измените и дополнувањата на Законот за радиодифузна дејност;

-законот за вршење на занаетчиска дејност (прва фаза);

-измените и дополнувањата на законите што се однесуваат на банкарскиот систем;

-Законот за приватизација на градежното земјиште (Прва фаза);

-Законот за водостопанство (Прва фаза);

-Законот за странски инвестиции (Прва фаза);

-измените и дополнувањата на Законот за спречување на перење пари;

-предлозите за донесување на законите за трговија; угостителска дејност; туристичка дејност, и за заштита на потрошувачите.

Од областа на јавните дејности во овој период Комисијата разгледа голем број на предлози на закони и други акти, од кои особено треба да се истакнат;

-Законот за поттикнување на вработувањето;

-измените и дополнувањата на Законот за работните односи;

-измените и дополнувањата на Законот за авторското право и сродните права;

-Законот за културното наследство (Предлог за донесување и Нацрт закон);

-измените и дополнувањата на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност;

-измените и дополнувањата на Законот за култура;

-измените и дополнувањата на законите за основното и средното образование;

-измените и дополнувањата на Законот за високото образование;

-предлозите за донесување на закони за матичната евиденција за осигурениците и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување и за евиденциите од облата на трудот;

-измените и дополнувањата на Законот за заштита од пушењето;

-измените на Одлуката за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 18 |
| Вкупно разгледани точки | | 187 |
| Измени на Уставот: Предлог за пристапување кон измена на Уставот и текст на Нацртот на амандманот XIX на Уставот на РМ | | - |
| Закони по области | политички систем | 48 |
| | економски систем | 76 |
| | јавни дејности | 39 |
| Поднесени амандмани | | 356 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 3 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 21 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

Ѓ*) Во овој број влегуваат и предлозите на закони за ратификување на меѓународни договори од разни области.

## Комисија за одбрана и безбедност

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- за заштита на поредокот утврден со Уставот;
-остварување на надзорот во доменот на одбраната и безбедноста;
-одбрана на Републиката и цивилната заштита;
-соработка со колективни системи на безбедност и одбрана во кои Републиката пристапила;
-интеграцијата на Републиката во евроатлантските организации и односите на Републиката со тие организации;
- заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните загарантирани со Уставот;
-производство, промет, набавување, поседување и носење на оружје, делови на оружје и муниција;
- обезбедување на личности и објекти;
- државјанство;
- одржување на јавниот ред и мир;
- јавните собири и јавните приредби;
- безбедност на патниот, воздушниот, железничкиот и езерескиот сообраќај;
- заштита од природни непогоди и епидемии;
- пријавување и одјавување на живеалиштето и престојувалиштето;
- премин на државните граници и движење и престој во граничниот појас;
- движење и престој на странците;
- утврдување и решавање на граничните инциденти и други повреди на државните граници и
- други прашања што се однесуват на одбраната и безбедноста.

Во извештајниот период Комисијата за одбрана и безбедност посебно внимание посвети на:

-измените и доплонувањата на Законот за одбрана;

-следење на реформските процеси во областа на одбраната и безбедноста;

-замената на НАТО мисијата во Република Македонија со безбедносните сили на Европската Унија;

-надзорот на Собранието на Република Македонија на органите од областа на одбраната и безбедноста;

-статусот на силите на РМ во државата Кувајт;

-учеството на Република Македонија во кооперативната безбедност во операцијата "Слобода за Ирак,,"

-измените од членот 17 од Уставот на Република Македонија;

-измените и дополнувањата на Законот за внатрешни работи од аспект на инкорпорирање на реформските решенија во истиот;

-одредбите и решенијата понудени во Предлогот за донесување на закон за доброволно предавање и собирање огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето;

-Предлог-Националната концепција за безбедност и одбрана, со која се утврдени трајните, виталните и важните интереси на Република Македонија, како и заштитата на независноста и територијалниот интегритет;

-следење на безбедносната состојба во Републиката преку брифинзи на ресорните министри и писмени

информации од Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 14 |
| Вкупно разгледани точки | | 31 |
| Измени на Уставот: Предлог за пристапување кон измена на Уставот и текст на Нацртот на амандманот XIX на Уставот на РМ | | 2 |
| Закони по области | политички систем | 8 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 8 |
| Поднесени амандмани | | 29 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 6 |
| Информации, извештаи | | 3 |
| Прашања, предлози | | 2 |

# Комисија за политички систем

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-функционирање на политичкиот систем;
-менување на границите на Републиката;
-државните симболи и нивната употреба;
-судството, адвокатурата и јавното обвинителство;
- амнестија и помилување;
-слобода на движењето и слобода на изборот на живеалиштето;
- матична евиденција и заштита на личните податоци;
-лични имиња, лични карти и патни исправи;
-попис на населението;
-системот на јавното информирање;
-право на здружување на граѓаните и политичко организирање, избирачко право и начин на избор на пратеници, претседателот на Република Македонија, членовите на советите и градоначалниците;
-референдум;
-локална самоуправа;
-народниот правобранител;
-Македонската православна црква како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Еврејската заедница и други верски заедници и религиозни групи;
-одликувања, признанија и награди;
- празниците на Република Македонија;
- организација на државната управа;
-право на употреба на јазиците и писмата на заедниците;
-гарантирање на заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот н верскиот идентитет на заедниците и
- други прашања што се однесу ваат на политичкиот систем и односите меѓу заедниците.

Комисијата во периодот за кој се однесува овој извештај согласно своите надлежности утврдени во Одлуката за основање постојани работни тела на Собранието на Република Македонија разгледа повеќе предлози за донесување, нацрти на закони, предлози на закони и други општи акти што ги донесува Собранието на Република Македонија и проучи и претресе и други прашања од нејзината надлежност што се однесуваат на политичкиот систем и односите меѓу заедниците.

Имено, во извештајниот период, Комисијата одржа 20 седници со 59 точки на дневниот ред.

На седницата на Комисијата беа разгледани вкупно 52 закони и 7 други акти (извештаи, информации и други материјали) и тоа:

-предлози за донесување на закони....................................................8;

-нацрти на закони..............................3;

-предлози за донесување на закони, со предлог на закон..............................33;

-предлози на закони..........................8;

Во извештајниот период, Комисијата зависно од предлагачите на законите разгледуваше закони од областа на политичкиот систем и односи меѓу заедниците и тоа:

-17 закони од областа на правосудството;

-04 закони од областа на локалната самоуправа;

-07 закони од областа на внатрешните работи;

-03 закони од областа на изборното законодавство;

-10 закони од областа на економскиот систем и

-06 закони од областа на општествените дејности.

Комисијата точките од алинеите 5 и 6 кои се однесуваат на закони од областа на економскиот систем и општествените дејности иако спаѓаат во делокруг на други комисии ги разгледуваше од аспект на тоа што во нив се уредуваа и прашањата кои се однесуваа на локалната самоуправа која е во надлежност на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Комисијата во извештајниот период поднесе вкупно 12 амандмани на Предлог на закони.

Освен закони, Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците на своите седници разгледа и други акти и материјали како што се: Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2003 година, Годишен извештај за работа на Советот за радиодифузија, Годишен извештај за работа на МРТ и Годишен извештај за работа на Народниот правобранител; Информација за статусот и поставеноста на МИА.

Во досегашната работа на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците немало проблеми во однос на свикувањето на седниците, претресот по точките од дневниот ред, присуството на нејзините членови како и методот на работа.

Имено, Комисијата најчесто на своите седници работи во полн состав, односно присуствуваат и учествуваат со свои дискусии скоро сите членови или нивни заменици. Исто така, многу често на седниците на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците се поканувaат и учествуваат во нејзината работа за законите поврзани со локалната самоуправа и претставници на ЗЕЛС како и научни и стручни лица.

Меѓутоа, во изминатиот период Комисијата често се соочуваше со одделни проблеми кои се однесуваа на неприсуство на одделни претставници на Владата по точките од дневниот ред, иако Комисијата често пати и писмено се обраќаше и бараше на нејзините седници да присуствува министерот или неговиот заменик, особено кога се разгледуваа системски закони или пак кога се разгледуваа предлози на закони. Ова беше и заклучок на Комисијата. Сепак, на седниците на Комисијата имаше присуство на повереници на Владата по сите точки од дневниот ред.

Како проблем во работата на Комисијата може да се посочи примерот што понекогаш Владата спротивно на обврската утврдена во членот 140 од Деловникот на Собранието своите мислења по предлозите за донесување на закон што не ги поднела Владата не ги доставува најдоцна три дена пред денот определен за одржување на седницата на работното тело, заради што во тие случаи Комисијата истите закони и не ги разгледуваше.

Исто така, во изминатиот период се дојде до одредени сознанија во однос на тоа дека одредени одредби на Деловникот на Собранието на

Република Македонија создаваат одредени потешкотии во работата на работните тела и пратениците. Имено, според членот 166 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија амандман на Предлог на закон се поднесува најдоцна пет ден пред денот определен за одржување на седница на Собранието. Поради тесните рокови меѓу седниците на Собранието и седниците на работните тела, како и поради мал број на сали за работа на работните тела, а со цел да ја искористат деловничката можност да поднесуваат амандмани на предлог-законите работните тела најчесто беа принудени да ги закажуваат своите седници во ист ден. Од овие причини, определен број пратеници не беа во можност во ист ден да присуствуваат на седниците на повеќе работни тела во кои членуваат. Освен тоа, од истите причини и претставниците на предлагачот на закон не беа во можност истовремено да учествуваат во работата на повеќе работни тела кои заседаваат во ист работен ден.

* * * * *

Од изнесеното произлегува дека во извештајниот период Комисијата по правило одржала по две седници секој месец односно на дневен ред биле разгледувани во просек четири закони или други материјали. На овие седници биле разгледувани сите закони што биле ставени на дневен ред на седниците на Собранието а биле поднесени од страна на Владата, како и законите кои биле поднесени од пратеници доколку имало претходно доставено мислење од Владата.

-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката, утврдено со Уставот и закон;

-остварувањето на правото на настава на јазикот на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката во областа на образованието, утврдено со Уставот и закон и остварувањето на правото на изразување на идентитетот и особеностите на заедниците кои не се мнозинство во Републиката во областа на културата, информирањето, издавачката дејност и во други области, утврдено со Уставот и закон.

Комитетот за односи меѓу заедниците е установен со Уставот на Република Македонија односно со Амандманот XII на Уставот на РМ ("Службен весник на РМ" бр. 91/2001), со кој е утврдена неговата положба и генерално е определена неговата надлежност. Покрај тоа, прашањата за надлежноста поблиску определени со Одлуката за основање на Комитетот за односи меѓу заедниците ("Службен весник на РМ" број 85/2002) со која, всушност, се нагласуваат мошне значајните прашања за кои расправа Комитетот, гради ставови и дава предлози за нивно решавање.

Со Одлуката за избор на членови на Комитетот ("Службен весник на РМ" број 92/2002) е утврден составот на Комитетот, така што истиот го сочинуваат 19 члена од кои седум члена Македонци, седум члена Албанци и пет члена од другите заедници, и тоа еден Турчин, еден Влав, еден Ром, еден Србин и еден Бошњак.

Во периодот кој е предмет на овој извештај, Комитетот одржа две седници, со следниве дневни редови:

1. седница: Конститутивна седница на Комитетот;

2. седница:

Нацрт на деловникот на Комитетот,

Предлог за донесување на закон за основање на Државен универзитет во Тетово, со Предлог на закон и

Предлагање на прашања што ќе ги разгледува Комитетот во натамошното работење.

# 4. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

## 4.1. ПРЕТСЕДАТЕЛ

Претседателот на Собранието на Република Македонија м-р Никола Поповски на оваа функција беше избран на Првата конститутивна седница на Собранието, одржана на 3 октомври 2002 година, по штотуку завршените парламентарни избори.

Вршејки ја оваа одговорна функција, претседателот Поповски акцентот на своите активности го насочи првенствено кон остварувањето на примарната уставна функција на Собранието, благовремено и динамично остварување на законодавната власт.

Во тој поглед заклучно со 18 ноември 2003 година, кога му престана мандатот на Претседател на Собранието,поради неговиот избор за министер за финансии, тој ги свикал и претседавал на четириесет и една седница на Собранието на Република Македонија.

Во процесот на остварувањето на основната законодавна функција и работењето на Собранието, претседателот Поповски особено внимание посветуваше на доследната примена на Деловникот за работа на Собранието, како и во давањето појаснувања во врска со неговата примена во слачаи на истакнати процедурални приговори од страна на пратениците во текот на собраниските расправи.

Во остварувањето на своите функции претседателот заедно со потпретседателите на т.н. седници на претсдателството одлучуваше за приеми на претставници и делегации на парламенти и на други органи и организации од странство како и за испраќање на постојани и повремени собраниски делегации во органите и организациите во странство.

Во тој дел, исто така одлучуваше за прифаќање негови покровителства и од страна на Собранието за одделни прослави и на настани од значење на Република Македонија и определуваше претставници на Собранието на тие прослави.

Во остварувањето на бројните со устав и Деловникот утврдени работи и надлежности, претседателот особено водеше грижа за:

-усогласувањето на активностите на Собранието со активностите на Владата и Претседателот на државата:

-оценувањето на уредноста на предлозите за донесување на закони и други материјали доставени за разгледување од Собрането и во тој дел планирањето, динамиката на седниците на Собранието во рамките на деловничките рокови;

-остварувањето на правата на пратениците и обезбедувањето на условите за нивната успешна работа;

-обезбедувањето финансиски средства за работата на Собранието,како бројни други обврски кои проилегуваат од Уставот и Деловникот.

**АКТИВНОСТИ**
**на г-дин Никола Поповски**
**претседател на Собранието на**
**Република Македонија**
**(октомври 2002-ноември 2003)**

Средба со Македонско - турското здружение - Битола (17 октомври 2002);

Средба со претставници на Македонците од Албанија, Мала Преспа (25 октомври 2002);

Средба со претставници на Координативното тело на лица со хендикеп на Република Македонија (29 октомври 2002);

Средба со **Глигор Бишев** ген. директор - Стопанска банка (30 октомври 2002);

Средба со г-дин **Арсо Арсовски**, претседател на Републичкиот одбор на Сојузот на борците од НОАВ (4 ноември 2002);

Средба со г-дин **Ференц Шомоѓи** - ген. извршен директор на Стомбрич - Телеком (13 ноември 2002);

Средба со претставници на семејствата на киднапираните лица од Тетово (14 ноември 2002);

Средба со Спортскиот риболовен сојуз на Македонија (18 ноември 2002);

Средба со Претседателот на Републичкиот одбор на Сојузот на борците на Македонија од НОАВ (19 ноември 2002);

Средба со Академик **Матеја Матевски** - претседател на МАНУ (22 ноември 2002);

Средба со **Анте Поповски**, Македонско лекарско друштво (28 ноември 2002);

Средба со г-дин **Трајан Гоцевски**, декан на Филозофски факултет (3 декември 2002);

Средба со **Душан Нешевски** в.д. претседател на Заедницата на инвалидските организации на Македонија (3 декември 2002);

Средба со претставници на Сојузот на здружението на работници прогласени за технолошки вишок (20 декември 2002);

Средба со **Слаѓана Тасева**, претседател на Комисијата за корупција (20 декември 2002);

Средба со **Господин Господин Стефан** - поглавар на МПЦ (23 декември 2002);

Средба со претставници на Здружението на стечајни работници од Куманово (14 јануари 2003);

Средба со г-дин **Агим Мифтари**, претседател на Здружението на судии на Република Македонија (14 јануари 2003);

Средба со г-дин **Ванчо Муратовски**, претседател на Сојузот на Синдикатите на Македонија (16 јануари 2003);

Средба со претставници на Сојузот на пензионерите на Република Македонија (06 февруари 2003);

Средба со г-дин **Цветан Станоевски**, директор на Национален ТВ-фестивал (12 февруари 2003);

Средба со претставници на НВО "МОСТ" граѓанска асоцијација (04 март 2003);

Средба со г-дин **Зоран Стрезовски**, директор на Охридско лето (05 март 2003);

Средба со претставници на женскиот парламентарен клуб (07 март 2003);

Средба со Делегација на Еврејската заедница во Република Македонија (11 март 2003);

Средба со претставници на Заедниците на Македонците муслимани од Дебар (13 март 2003);

Средба со претставници на манифестацијата - Десет дена Крушевска Република (13 март 2003);

Средба со Одборот за одбележување на 100-годишнината од

Македонската државност (28 март 2003);

Средба со г-дин **Ненад Јаниќевиќ,** претседател на Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Македонија (07 април 2003);

Средба со Делегација на ромите по повод "8 април -меѓународниот ден на Ромите (08 април 2003);

Средба со Директорот на Царинската управа на Република Македонија г-дин **Љубомир Михајловски** со делегација по повод денот на царината (14 април 2003);

Средба со Делегација на семејствата на исчезнатите лица од Тетово (14 април 2003);

Средба со г-дин **Методија Тошевски**, главен државен ревизор (22 април 2003);

Средба со Делегација од Унијата за култура на Власите од Македонија (23 мај 2003);

Средба со Здружението на Македонците од Егејска Македонија од Битола (27 мај 2003);

Конститутивна седница на Комитетот за односи меѓу заедниците (09 јуни 2003);

Средба со делегацијата на Македонската заедница од САД (13 јуни 2003);

Средба со делегација на Олимпискиот комитет на Македонија (01 јули 2003);

Средба со делегација на Европската боречка федерација (10 јули 2003);

Средба со претставници на Одборот за одбележувње на 100-години од македонската државност (10 јули 2003);

Средба со **Џер Туми** ген. менаџер и г-дин **Бошко Андов** помош. ген. менаџер на КЈУБИ Македонија-Скопје (05 септември 2003);

Средба со Делегација од Сојузот за грижи и воспитувања на деца (07 октомври 2003);

**Средба со** Нада Штајнер**, Радио-Дојче Веле** (07 октомври 2003) **;**

**Преглед на надворешно-политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија Никола Поповски (октомври 2002 - ноември 2003)**

Средба со амбасадорот на НР Кина **Џанг Вансуие** (16 октомври 2002);

Средба со претставникот на Националниот демократски институт **Фурман Шејла** (16 октомври 2002);

Средба со Делегацијата на Националното собрание на Франција - **Филип Дирон и Ролан Бернар (**22 октомври 2002)

Средба со претседателот на Украина **Леонид Кучма** (25 октомври 2002);

Средба со амбасадорот на Република Бугарија **Александар Јорданов** (24 октомври 2002)

Средба со амбасадорот на Република Франција **Франсоа Терал** (24 октомври 2002);

Средба со амбасадорот на Руската Федерација **Агарон Асатур** (25 октомври 2002);

Средба со постојаниот претставник на ММФ **Јан Микелсен** (25 октомври 2002):

Средба со амбасадорот и претседател на Трансатлантскиот проектот за демократија **Брус Џексон** (25 октомври 2002);

Средба со амбасадорот на Република Словенија **Митја Штрукељ** (29 октомври 2002);

Средба со амбасадорот на Романија **Мирчеа Кристе** (29 октомври 2002);

Средба со амбасадорот на Швајцарија **Стефан Нелен** (04 ноември 2002) ;

Средба со амбасадорот на **Иран Абдолмајид Мозафари** (04 ноември 2002 година);

Средба со претседателот на Република Романија **Јон Илиеску** (06 ноември 2002);

Средба со амбасадорот на Кралството Белгија **Филип Беке** (07 ноември 2002);

Средба со Делегацијата на Државното собрание на Република Словенија, предводена од потпретседателот **Валентин Похорец** (08 ноември 2002);

Средба со амбасадорот на Велика Британија **Џорџ Едгард** (15 ноември 2002);

Средба со пратеникот на Народното Собрание на Република Бугарија **Евгени Кирилов** (15 ноември 2002);

Средба со амбасадорот на Република Грција **Јоанис Економу** (18 ноември 2002);

Средба со амбасадорот на Република Австрија **Филип Хојос** (26 ноември 2002)

Средба со амбасадорот на Сојузна Република Југославија **Бисерка Матиќ-Спасојевиќ** (26 ноември 2002);

Средба со амбасадорот на САД **Лоренс Батлер** (5 декември 2002);

Средба со амбасадорот на Сојузна Република Југославија **Бисерка Матиќ-Спасојевиќ** (5 декември 2002);

Средба со министерот за надворешни работи на Република Хрватска **Тонино Пицула** (10 јануари 2002);

Средба со министерот за надворешни работи на Република Грција **Андреас Папандреу** (13 јануари 2003);

Средба со амбасадорот на Република Словенија **Митја Штрукељ** (14 јануари 2003);

Средба со амбасадорот на Индија **Нилма Митра** 15 јануари 2002);

Средба со Делегацијата на Кинескиот парламент (19 јануари 2002);

Посета на Делегацијата на Собранието на Република Македонија, предводена од претседателот **Никола Поповски** во посета на Собранието на СР Југославија (21-22 јануари 2003);

Средба со амбасадорот на Јапонија во проштална посета **Акио Ијуиен** (28 јануари 2003);

Средба со министерот за локална самоуправа на Република Албанија **Бен Блуши** (28 јануари 2003);

Средба со амбасадорот на Канада **Рафаел Жирар** (12 февруари 2003);

Средба со претседателот на Швајцарскиот нациоален совет **Ив Кристен** (17 февруари 2003);

Средба со сојузниот министер за одбрана на Србија и Црна Гора **Велимир Радојевиќ** (18 февруари 2003);

Средба со амбасадорот на Кралството Норвешка **Даг Хариварсен** (18 февруари 2003);

Средба со амбасадорот на Франција **Франсоа Терал** (20 фравруари 2003);

Средба со амбасадорот на Република Ирска **Томас Лион** (26 февруари 2003):

Средба со амбасадорот на Израел **Јафа Бен Ари** 26 февруари 2003);

Средба со министерот за надворешни работи на Србија и Црна Гора **Горан Свилановиќ** (27 февруари 2003);

Средба со амбасадорот на Австралија **Чарлс Струјарт** (5 март 2003);

Средба со министерот за здравство на Руската Федерација **Шевченко** (6 март 2003);

Посета на Делегацијата на Собранието на Република Македонија, предводена од претседателот **Никола Поповски** на Државниот збор на Република Словенија (17 март 2003);

Средба со амбасадорот во Атина - Република Грција **Благоја Ханџиски** (24 март 2003);

Средба со амбасадорот на Јапонија **Хироши Хашимото** (26 март 2003);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Србија и Црна Гора **Виктор Димовски** (01 април 2003);

Средба со амбасадорот  на Чешка **Јудита Штоурачова** (02 април 2003);

Средба со претседателот на Република Словенија **Јанез Дрновшек** (03 април 2003);

Средба со премиерот на Република  Бугарија **Симеон Сакскобурготски** (18 април 2003);

Посета на Делегацијата на Собранието на Република Македонија, предводена од претседателот **Никола Поповски** на Република Албанија (25 април 2003);

Средба со претседателот на Групата за пријателство со Македонија во Францускиот парламент **Марсел Деу** (09 мај 2003);

Средба со амбасадорот на Австрија **Џон Велдон Оливер** (09 мај 2003);

Средба со амбасадорот на Руската Федерација **Агарон Асатур** (27 мај 2003);

Средба со Делегацијата на Државната дума на Руската федерација, предводена од потпретседателката **Хакамада** (17 јуни 2003);

Средба со претседателот на Република Турција **Неџдет Сезер** (1 јули 2003);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Словенија **Марјан Шифтар** (23 јули 2003);

Средба со амбасадорот на Република Унгарија **Јозеф Сас**, - прошталнa посета (24 јули 2003);

Средба со новоименуваниот амбасадор на РМ  во Лондон **Ѓорѓи Спасов** (29 јули 2003);

Средба со  амбасадорот на Велика Британија **Џорџ Едгард** (12 август 2003);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Украина **Гулевски** (19 август 2003);

Средба со новоименуваниот амбасадор во Романија **Тихомир Илиевски** (19 август 2003);

Средба со претседателот на Република Унгарија **Ференц Мадл** (27 август 2003);

Средба со генералениот секретар на Народното Собрание на Бугарија **Огњан Аврамов** (09 септември 2003) ;

Средба со претседателот на Уставниот суд на Република Хрватска **Смиљко Сокол** (25 септември 2003);

Средба со францускиот амбасадор **Жан Франсоа Терал,** прошталнa посета (02 октомври 2003);

Средба со амбасадорот на НР Кина **Џанг Вансиуе** (03 октомври 2003);

Средба со амбасадорот на Република Полска **Анджеј Добжињски** (06 октомври 2003);

**Преглед на надворешно-политичките мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија (октомври 2002 - ноември 2003 )**

Средба со координаторот на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа **Ерхард Бусек** (9 октомври 20

Средба со шефот на Канцеларијата за врски на УНМИК во Скопје **Атаул Карим** (17 октомври 2002);

Средба со амбасадорот и специјален претставник на Европската унија **Алексис Брунс** (04 ноември 2002);

Средба со амбасадорот и шеф на НАТО - цивилната канцеларија **Николас Бигман** (07 ноември 2002);

Средба со претставникот на Меѓународниот Монетарен Фонд **Франек Розвадовски** (18 ноември 2002);

Средба со амбасадорот и шеф на Делегацијата на Европската комисија **Донато Киарини** (20 ноември 2002);

Средба со амбасадорот и шеф на Мисијата на ОБСЕ **Крег Џенес** (12 декември 2002);

Средба со претседателот на Мониторинг комисијата на ПС на СЕ **Жозет Дириу** (17 декември 2002);

Средба со судијата од Република Македонија на Европскиот суд за човекови права во Стразбург **Маргарита Цаца - Николова** (23 декември 2002);

Средба со амбасадорот и специјалниот претставник на ЕУ **Алексис Брунс** (13 јануари 2003);

Средба со претседателот на Делегацијата на Европскиот парламент за соработка со Југоисточна Европа **Дорис Пак** (27 јануари 2003);

Средба со претставникот на ММФ **Франек Розвадовски**, (27 јануари 2003);

Средба со специјалниот претставник на генералниот секретар на ООН **Хина Жилани** (28 јануари 2003);

Средба со амбасадорот и специјалениот претставник на ЕУ **Алексис Брунс** (31 јануари 2003),

Средба со претставникот на Меѓународната кризна група **Едвард Џозеф** (20 февруари 2003);

Средба со претседателот на Европската комисија **Романо Проди** (21 февруари 2003);
Средба со шеф на Делегацијата на Европската комисија **Донато Киарини** (12 март 2003);

Средба со амбасадорот и специјалниот претставник на Европската унија **Алексис Брунс** (19 март 2003);

Прием на амбасадорите на Канада и Белгија и претставникот на НДИ по повод врачува-њето на помошта во техничка опрема (21 март 2003);

Средба со претседателот на Собранието на Западно-европската унија Јан **Дирк Блау** (24 март 2003);

Средба со Делегацијата на ПС на ОБСЕ предводена од г-дин **Горан Ленмаркер** (08 април 2003);

Средба со шефот на Канцеларијата на меѓународната комисија за исчезнати лица **Џефри Бунгер**(16 април 2003);

Средба со специјалниот претставник на ЕУ Амбасадорот **Алексис Брунс** (16 април 2003);

Учество и обраќање на Состанокот на претседателите на парламентите на земјите на "Вилнус групата (НАТО)", Литванија (20-22 мај 2003);

Средба со амбасадорот и специјален претставник на ЕУ **Алексис Брунс** (04 јуни 2003);

Обраќање на отварањето на Трилатералната средба на парламентарните комисии за надворешна политика на Албанија, Хрватска и Македонија (18. јуни 2003);

Средба со амбасадорот и специјалниот претставник на Европската Комисија **Алексис Брунс** (7 јули 2003),

Средба со претседавачот на I маса на Пакт за стабилност за ЈИЕ **Елизабет Рен** (29 јули 2003);

Средба со амбасадорот и шеф на мисијата на ОБСЕ **Крег Џенес** (12 септември 2003);

Средба со претставниците на Светската банка;

Средба со амбасадорот и шеф на делегацијата на Европската комисија **Донато Киарини** (24 септември 2003);

Поздравно обраќање на Колоквиумот на Советот на Европа за управување со прекугранични речни и езерски басени (13 октомври 2003);

Средба со претставникот на Меѓународниот монетарен фонд **Франек Развадовски** (15 ноември 2003);

## 4.2. ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

**АГРОН БУЏАКУ**

**Учество на конференции**

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија реализирал голем број на активности коишто се состојат во редовно учество на седниците на претседателството на Собранието на Република Македонија, кои се одржуваат еднаш неделно во кои се разгледуваат многу важни прашања сврзани за тековните работи на Собранието, меѓународните активности, како и прашања од општ карактер.

Во споменатиот период , како пратеник редовно учествувал на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија.

Потпреседателот Агрон Буџаку голем придонес дал и во Советот за безбедност на Република Македонија во времето на Претседателот Борис Трајковски.

Во споменатиот период активно учествувал во работата на Комисијата за надворешна политика како заменик претседател.

Во својство на член на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, во Комисијата за економски прашања бил меѓу најактивните пратеници и учествувал на сите седници на комисиите.

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија Агрон Буџаку бил член на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработката со парламентите на земјите од Блискиот и Средниот Исток, потоа соработувал со парламентот на Чешката Република и Парламентот на Кралството Шведска.

Портпретседателот на Собранието на Република Македонија Агрон Буџаку свој голем придонес дал и како член на Одборот за одбележување на 100 годишнината на Македонската државност 1903 - 2003.

Господинот Буџаку како потпретседател на Собранието на Република Македонија учествувал на повеќе средби и приеми со министрите и Владата на Република Македонија , средби со координаторите на други политички партии во Парламентот на Република Македонија, учествувал на повеќе свечености организирани по повод одбележување на значајни датуми на Република Македонија, доделување на признанија, награди и друго.

За истакнување е и тоа што господин Буџаку, како потпретседател на

Собранието на Република Македонија имал и многубројни средби со странки - граѓани на Република Македонија.

**Средби со амбасадори и други диполоматски претставници.**

Во текот на неговиот мандатен период, потпреседателот на Собранието на Република Македонија г- дин Агрон Буџаку имал многубројни средби со претставниците на дипломатските, конзуларните, како и претставници на институции на странските земји и меѓународните организации во Република Македонија.

Средба со амбсадорот на Република Италија во Република Македонија.

Средба со амбасадорот на Велика Британија во Република Македонија.

Средба со амбасадорот на Република Германија во Република Македонија.

Средба со амбасадорот на Република Хрватска во Република Македонија.

Средба со амбасадорот на Република Словенија во Република Македонија.

Средба со амбасадорот на САД г-дин Лоренс Батлер.

Средба со Конзулатот на Кралството Шведска.

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија г-дин Агрон Буџаку имал средба и со експертите на меѓународниот монетарен фонд одржана на 11 септември 2003 година во Собранието на Република Македонија на којашто учествувал и г-дин Азиз Положани министер за образование наука и спорт во Владата на Република Македонија.
Потпреседателот на Собранието на Република Македонија г. Агрон Буџаку имал средба со г-ѓа Лиан Смит, втор секретар на Австралиската амбасада во Белград за политички и економски прашања која во Собранието на Република Македонија се одржувала 30 септември 2003 година .

**Учество на странски конференции надвор од земјава.**

Од 19 до 25 јануари 2003 година потпреседателот бил на студиска посета заедно со пратеници и службеници на Собранието на Република Македонија во Белгија, Финска и на Европскиот парламент.
Од 20 до 21 февруари 2003 година присуствувал на редовна седница на Постојниот комитет на ОБСЕ и зимската сесија на ПС на ОБСЕ која се одржувала во Виена - Австрија.
Од 17 до 19 март 2003 година во Брисел учествувал на јавно сослушување на новите стратегии на Европската Унија за Југоисточна Европа.
Од 20 до 24 мај 2003 година во Брисел учествувал на парламентарната конференција.

Од 24 до 28 мај 2003 година потпретседателот во Прага, Чешка Република учествувал на пролетното заседание на ПС на НАТО.

Од 5 до 9 јуни 2003 година во Лондон учествувал на РОС - РОТ семинар на прашања на закони од тероризам и употреба на оружје за масовно уништување.

Од 22 до 24 август 2003 година во Тирана потпретседателот Буџаку учествувал на првиот Балкански собир"градење на пријателство ".

Од 15 до 17 октомври 2003 година во Брисел учествувал на Конференцијата ДС - НАТО.

**ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА**

**Учество на конференции**

Потпретседателката на Собранието на Република Македонија реализирала голем број на активности коишто се состојат во редовно учество на седниците на претседателството на Собранието на Република Македонија, кои се одржуваат еднаш неделно на кои се разгледуваат многу важни прашања поврзани за тековните работи на Собранието, меѓународните активности како и прашања од општ карактер.

Во споменатиот период, како пратеник редовно и активно учествувала на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија како и на комисии каде што членувала.

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија г-ѓа Лилјана Поповска учествувала на повеќе средби и приеми со министрите и Владата на Република Македонија, средбите со координаторите на други политички партии во Парламентот на Република Македонија, учествувала на повеќе свечености организирани по повод одбележување на значајни датуми на Република Македонија, доделување на признанија, награди и други.

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија имала и многу бројни средби со странки - граѓани на Република Македонија.

Потпреседателот на Собранието на Република Македонија г-ѓа Лилјана Поповска, активно била вклучена и учествувала на многу меѓународни конференции и манифестации организирани од страна на невладини организации.

За истакнување е и тоа што г-ѓа Лилјана Поповска како потпретседател на Собранието на Република Македонија била меѓу најактивните пратенички во пратеничкиот женски клуб.

**Средби со амбасадори и други дипoломатски претставници и учество на странски конференции надвор од земјава**

Средба со амбасадорот на Република Франција Вероник Бижон ( 29.10.2003 )

Средба со амбасадорот на Кралството Белгија г-дин Едмунд де Вељде (31.10.2003 ).

Средба со Љивија Плакс извршен директор.

Средба со г-дин Велимир Радојевиќ, министер за одбрана на Србија и Црна Гора ( 19.02.2003 ).

Средба со Ханс Петер Анен, раководител на одделот на Југоисточна Европа во МНР на Германија ( 19.02.2003 ).

Средба со НЕ Маријан Шифтар, амбасадор на Република Словенија во Република Македонија ( 20.06.2003 ).

На 29 Мај 2003 година присуствувала на обраќањето на Јоанис Економу, амбасадор на Република Грција во Република Македонија на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Грција во Собранието на Република Македонија.

На 1 август 2003 година во Мичиген, САД имала средба со група македонски иселеници од Детроит и пошироко.

На 10 септември 2003 година имала средба со Хери Мичел сенатор од збратимениот град Темпи од државата Аризона , САД.

На 01.12.2003 година во Белград била во работна средба на пактот за стабилност за мир и помирување во Југоисточна Европа.

Од 15 до 18 септември 2003 година била во Полска, како член на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Полска заедно со други членови пратеници.

# 5. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## 5.1. Мултилатерална соработка

*Парламентарната соработка на Собранието на Република Македонија се базира на уставните и законските решенија со кои се дефинираат надлежностите на парламентот за оваа област:*

*Парламентарната дипломатија е насочена кон:*

- *натамошно приближување на земјата кон европските и евроатлантските структури;*
- *јакнење на односите со земјите кои се стратешки важни за надворешната политика на Република Македонија;*
- *развивање на регионалната соработка и стабилност во Југоисточна Европа*

**ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ**

**НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА**

шеф на Делегацијата:

**д-р Елеонора Петрова-Митевска**

членови:

**Теута Арифи, Стојан Андов**

Заменици на членови:

**Андреј Жерновски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Џевдет Насуфи**

Во рамките на постмониторинг дијалогот на Република Македонија со Советот на Европа, од 16 до 18 декември 2002 година во официјална посета на Република Македонија престојуваше Жозет Дирие, претседател на Мониторинг комисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа учествуваше во Стразбург на: Првиот дел на редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа (27-31.01.2003 година - полн состав); Вториот дел (31.03 - 04.04 2003 година - пратеникот д-р Елеонора Петрова-Митевска, Шеф на Делегацијата и пратениците заменици-членови Андреј Жерновски, Ганка Самоиловска-Цветанова и Џевдет Насуфи, во придружба на Никола Тодоровски и Ана Качакова, од Секретаријатот на Делегацијата); Третиот дел (23-27.06 2003 година - пратеникот д-р Елеонора Петрова-Митевска, Шеф на Делегацијата, во придружба на Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата) и Четвртиот дел (25.09 - 02.102003 година -

пратеникот д-р Елеонора Петрова-Митевска, Шеф на Делегацијата, во придружба на Ана Качакова од Секретаријат на Делегацијата).

На седниците на повеќе комисии на Парламентарното собрание на Советот на Европа, што се одржаа од 3 до 5 март 2003 година во Париз, Франција, учествуваа пратениците д-р Елеонора Петрова-Митевска и Ганка Самоиловска-Цветанова, во придружба на Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата.

На седницата на Комисијата за економски прашања и развој, што се одржа од 24 до 26 мај 2003 г. во Софија, Република Бугарија, учествуваше пратеникот Стојан Андов, член на Делегацијата на Собранието на РМ во Парламентарното собрание на Советот на Европа.

На седницата на Поткомисијата за Европската социјална повелба, што се одржа на 13 и 14 јуни 2003 година, учествуваше г. Андреј Жерновски, заменик-член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа.

На седницата на Постојаната комисија на Парламентарното собрание на Советот на Европа, што се одржа на 7 и 8 септември 2003 година во Неапол, Италија, учествуваше д-р Елеонора Петрова-Митевска, Шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа.

На седницата на Комисијата за култура, наука и образование на Парламентарното собрание на Советот на Европа, што се одржа на 10 септември 2003 година во Будимпешта, Унгарија, учествуваше д-р Елеонора Петрова-Митевска, Шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа.

Поткомисијата за културно наследство, од 7 до 9 октомври 2003 година одржа седница во Скопје, Република Македонија.

Адхок поткомисијата за одбележување на меѓународната година на слатките води 2003 и Колоквиум за заштита на трансграничните водни басени, од 13 до 15 октомври 2003 година одржа седница во Охрид, Република Македонија.

На Работилницата на Европскиот музејски форум, што се одржа од 23 до 25 октомври 2003 година во Прато, Република Италија, во својство на претставник од Парламентарното собрание на Советот на Европа учествуваше д-р Елеонора Петрова-Митевска, Шеф на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа, во својство на претставник на ПС на Советот на Европа.

На седницата на Комисијата за економски прашања и развој, што се одржа од 12 до 13 ноември 2003 г. во Париз, Република Франција учествуваше Стојан Андов, член на Комисијата.

Во рамките на подготовката на Извештајот за обештетување на несловенечките штедачи од поранешна "Љубљанска банка", Известителот на Комисијата за правни прашања и човекови права Ерик Јиргенс, оствари официјална посета на Република Македонија од 12 до 13 ноември 2003 година.

**ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ**

шеф на Делегацијата**: Ѓорѓи Трендафилов**

членови**: Благој Голомеов и Хусеинџеват Хусеини.**

Редовната седница на Постојаниот комитет на ОБСЕ и Зимската сесија на ПС на ОБСЕ, односно седниците на трите генерални комитети се одржаа на 20 и 21 февруари 2003 година во Виена, Австрија. На сесијата учествуваа пратениците: Ѓорѓи Трендафилов, д-р Благој Голомеов и Агрон Буџаку, во придружба на д-р Јован Пејковски, секретар на Делегацијата.

Делегација на Парламентарното собрание на ОБСЕ во состав: Горан Ленмаркер, шеф на Делегацијата, пратеник од Шведска, Јарослав Плачи, пратеник од Чешка, Петр Сулек, пратеник од Чешка, Ингрид Хаслер Гернер, пратеник од Лихтенштајн, Кристофер Стенсакер, пратеник од Норвешка, Арон Беласку, сенатор од Романија, Валериу Георге, пратеник од Романија, Вазалие Моис, пратеник од Романија, Роберто Батели, пратеник од Словенија, Алаетин Бујукаја, пратеник од Турција, Дејдид Хит, пратеник од Велика Британија и Пенти Вананен, заменик на генералниот секретар на ПС на ОБСЕ оствари посета на Република Македонија во периодот од 7 до 9 април 2003 година. Членовите на Парламентарното собрание на ОБСЕ остварија средби со Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ и со претставници на пратеничките групи во Собранието, а беа примени и од претседателот на Собранието на Република Македонија, Никола Поповски.

На есенската сесија на Парламен-тарното собрание на ОБСЕ, одржана од 9 до 12 октомври 2003 година, во Рим, Италија, учествуваа Ѓорѓи Трендафилов и Благој Голомеов, во придружба на д-р Јован Пејковски, секретар на Делегацијата. (Во рамките на оваа сесија се одржа и Парламентарна конференција за религиозна слобода и Прв медитерански парламентарен форум).

**ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА**

шеф на Делегацијата**:**

**Никола Поповски**

Членови**: Каролина Ристова, Чедомир Краљевски, Ангелка Пеева-Лауренчиќ и Исмет Рамадани.**

На 108 Конференција на ИПУ, што се одржа од 6 до 11 април 2003 година во Сантјаго, Чиле, учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во состав: Чедомир Краљевски, Наташа Биковска и Исмет Рамадани.

На 109 Конференција на ИПУ, што се одржа од 1 до 3 октомври 2003 година во Женева, Швајцарија, учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во ИПУ во состав; пратениците Чедомир Краљевски, Наташа Биковска, Ангелка Пеева-Лауренчиќ и Исмет Рамадани, генералниот секретар на Собранието на Република Македонија Александар

Новакоски и д-р Јован Пејковски, секретар на Делегацијата.

**ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕИ**

шеф на Делегацијата: **Трифун Костовски**

членови: **Сашо Дохчев и Замир Дика**

Во рамките на претседавањето на Република Македонија со Централноевропската иницијатива, од 7 до 9 ноември 2002 година во Скопје се одржа Седницата на Парламентарното собрание на ЦЕИ. Со седницата претседаваше г. Трифун Костовски, шеф на Делегација на Собранието на Република Македонија во ЦЕИ и претседавач со Парламентарната Делегација во ЦЕИ.

На Економскиот форум на Самитот на ЦЕИ, што се одржа од 13 до 15 ноември 2002 година што се одржа во Скопје, Република Македонија, и на Состанокот на шефовите на влади на земјите членки на ЦЕИ (Самит на ЦЕИ), што се одржа на 15 ноември 2002 година во Скопје, Република Македонија, учествуваше претседавачот на Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива пратеникот Трифун Костовски.

Претседавачот на Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива, пратеникот и шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПД на ЦЕИ Трифун Костовски, учествуваше на Состанокот на Тројките (актуелниот, претходниот и наредниот претседавач) на Владината, Парламентарната и Бизнис Димензијата на Централноевропската иницијатива, што се одржа на 12 декември 2002 година во Трст, Италија.

На седницата на Постојаниот комитет на ПД на ЦЕИ, што се одржа на 3 и 4 февруари 2003 година во Варшава, Полска, учествуваше пратеникот Сашо Дохчев, член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ЦЕИ.

На седницата на Парламентарниот комитет на Централноевропската иницијатива што се одржа од 20 до 22 март 2003 година во Варшава, Полска, учествуваа пратениците Трифун Костовски, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Централноевропската иницијатива и Сашо Дохчев, член на Делегацијата.

На Состанокот на министрите за надворешни работи на земјите членки на ЦЕИ, што се одржа на 13 јуни 2003 година во Вроцлав, Полска, учествуваше пратеникот Трифун Костовски, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Централноевропската иницијатива.

**ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ**

**НА НАТО**

шеф на Делегацијата**: Теута Арифи**

членови**: Слободан Чашуле и Есад Рахиќ**

На 48-то редовно заседание на Парламентарно заседание на НАТО, што се одржа од 15 до 19 ноември 2002 година во Истанбул, Турција учествуваше пратеникот Зоран Шапуриќ.

На Конференцијата "Обезбедување на мирот: Улогата на НАТО во управување со кризи", што се одржа на 17 и 18 октомври 2003 година во Брисел, Белгија, учествуваа пратениците Тито Петковски и Агрон Буџаку.

Во рамките на редовните активности на ПС на НАТО од 7 до 11 ноември 2003 година во Орландо, САД се одржа 49-то Годишно редовно заседание на кое учествуваа Слободан Чашуле, член на Делегацијата и Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.

## ДЕЛЕГАЦИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

претседател на Делегацијата**:**

**Лилјана Ивановска**

заменик на претседателот**:**

**Благородна Мингова Крепиева**

членови**:Наташа Биковска, Зоран Томиќ, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Теута Арифи, Јусуф Арифи и Неждед Мустафа**

На 27 и 28 јануари 2003 година во Скопје, Република Македонија се одржа Осмата меѓупарламентарна средба на Европскиот парламент и Собранието на Република Македонија.

Во официјална посета на Република Македонија на 1 октомври 2003 година престојуваше Пат Кокс, претседател на ЕП, при што на свечена седница на Собранието на Република Македонија имаше и обраќање пред пратениците на Собранието.

Европскиот парламент на 10 и 11 ноември 2003 година во Брисел, Белгија организираше Колоквиум на тема "Трансевропско поврзување" на кој учествуваа пратениците Хусенџевад Хусеини и Емилија Костадинова

## СОБРАНИЕ НА ЗАПАДНОЕВРОПСКАТА УНИЈА

членови: **Кенан Хасипи и Зоран Крстевски**

На седницата на Собранието на Западноевропската унија што се одржа од 2 до 4 декември 2002 година, во Париз учествуваа пратениците Ѓорѓи Спасов и Зоран Шапуриќ.

Во заедничка организација на СЗЕУ и Парламентот на Република Грција, во Атина на 17 и 18 март 2003 година се одржа Меѓународен колоквиум на тема: "Европа и новата стратегија за национална безбедност", на кој учествуваа пратениците Ѓорѓи Спасов и Зоран Крстевски, во придружба на д-р Јован Пејковски,

раководител на Секторот за меѓународна соработка.

Во официјална посета на Република Македонија од 23 до 27 март 2003 година престојуваше Делегација на СЗЕУ, предводена од претседателот на СЗЕУ Јан Дирк Блаув.

Во организција на двата дома на Италијанскиот парламент и на СЗЕУ, од 22 до 24 септември 2003 година во Бавено, Италија, се одржа Меѓународна конференција на тема: "Новите сценарија за европска безбедност и одбрана", на која учествуваа пратениците Д-р Кенан Хасипи и Зоран Крстевски, во придружба на д-р Јован Пејковски, секретар на Делегацијата.

ASSEMBLÉE PARLEMENTAIRE
DE LA FRANCOPHONIE

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ФРАНКОФОНИЈАТА

Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата од парламентарниот состав 2002-2006 е конституирана на 10 февруари 2003 година. Секцијата има Биро на Секцијата и Делегација на Секцијата. Бирото на Секцијата го сочинуваат пратениците: Славица Станковска, претседател на Секцијата, Илјаз Халими, прв потпретседател, Нелко Стојаноски, потпретседател, Хусеинџеват Хусеини, потпретседател, д-р Елеонора Петрова-Митевска, Лилјана Ивановска, Џезаир Шаќири и Зуди Џелили, членови на Бирото.

Бирото на Секцијата досега има одржано шест седници а Делегацијата на Секцијата два состанока. На овие седници беа разгледувани активностите на Бирото и Делегацијата на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ за учество на редовните сесии, конференции и состаноци на ПСФ.

### Делегација на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на франкофонијата

шеф на Делегацијата**: Славица Станковска**

членови**: Нелко Стојаноски, Хусеинџеват Хусеини и Илјаз Халими.**

На 15-та седница на Собранието на Регионот Европа на Парламентарното собрание на Франкофонијата, што се одржа од 17 до 21 ноември 2002 година во Брисел, Белгија, учествуваше г. Илјаз Халими, претседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Франкофонијата.

На состанокот на Политичката комисија, одржан од 4 до 6 март 2003 година во Луксембург, Големо Војводство Луксембург, учествуваше пратеникот Нелко Стојаноски и Лиман Авдиу, административен секретар на Секцијата.

Во официјална посета на Република Македонија од 6 до 9 април 2003 година престојуваше Делегација на Собранието на Регионот Европа на Парламентарното собрание на Франкофонијата.

На седницата на Комисијата за образование, комуникации и културни прашања на Парламентарното собрание на Франкофонијата, што се одржа од 16 до 18

април 2003 година во Шалон-ан-Шампањ, Франција, учествуваше г-дин Хусеинџеват Хусеини, потпретседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Франкофонијата.

На состанокот на Комисијата за парламентарни прашања, одржан од 18 до 20 мај 2003 година во Софија, Република Бугарија, учествуваше пратеникот Славица Станковска и Лиман Авдиу, административен секретар на Секцијата.

На Конференцијата на претседателите на Секции на Парламентарното Собрание на Франкофонијата-Регион Европа, одржана од 2 до 4 јуни 2003 година во Жерзе, Велика Британија, учествуваше пратеникот Славица Станковска и Лиман Авдиу, административен секретар на Секцијата.

На Втората сесија на Парламентот на млади франкофони, одржана од 6 до 9 јули 2003 година во Ниамеј, Нигер, учествуваа следниве претставници од Република Македонија: Јулија Јовчевска, студент од Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во Скопје и Бурим Амети, студент од Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово.

Во рамките на Акционата програма за соработка на Парламентарното собрание на Франкофонијата, остварен е студиски престој во Европскиот парламент и Француската алијанса во Брисел, од 4 до 12 октомври 2003 година, во Брисел, Белгија. Учествуваа пратениците Славица Станковска, Хусеинџеват Хусеини, Нелко Стојановски и Лиман Авдиу, административен секретар на Секцијата.

Во организација на ПСФ и Светската банка беше остварена теренска посета во Србија и Црна Гора, од 30 октомври до 4 ноември 2003 година, во Белград и Подгорица, Србија и Црна Гора. Учествуваше пратеникот Славица Станковска.

**АКТИВНОСТИ НА ПРАТЕНИЧКИТЕ ГРУПИ ЗА СОРАБОТКА СО ПАРЛАМЕНТИ НА ОДДЕЛНИ ДРЖАВИ**

Претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на НР Кина, г-дин Каме Петров, на 14 март 2003 година оствари работна средба со Н.Е. Џан Вансиуе, Амбасадор на НР Кина во РМ.

Претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Бугарија, г. Киро Дојчиновски, на 2 април 2003 година оствари работна средба со Н.Е. Александар Јорданов, Амбасадор на Бугарија во Република Македонија.

Претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Италија, г. Невзат Бејта, на 16 мај 2003 година оствари работна средба со Н.Е. Џорџо Марини, Амбасадор на Италија во Република Македонија.

На покана на претседателот на Пратеничката група на Полскиот парламент за соработка со Собранието на Република Македонија, Делегација на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Полска од 15 до 18 септември 2003 година оствари официјална посета на Парламентот на Полска. Во составот на Делегацијата беа

**Согласно со *Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка* (Службен весник на Република Македонијав број 12/2003) формирани се 41 пратеничка група за соработка со парламенти на одделни држави, и тоа со:**

**-Австрија,**
**-Албанија,**
**-Балтички земји: Естонија, Летонија и Литванија,**
**-Кралството Белгија,**
**-Босна и Херцеговина,**
**-Бугарија,**
**-земјите од Блискиот и Средниот Исток,**
**-Сојузна Република Германија,**
**-Република Грција,**
**-Кралството Данска,**
**-Државата Израел,**
**-Исламската Република Иран,**
**-Република Ирска,**
**-Република Исланд и Кралството Норвешка**
**-Република Италија,**
**-Царството Јапонија,**
**-Србија и Црна Гора,**
**-Народна Република Ки**
**-Канада,**
**-Големото Војводство Луксембург,**
**-Република Кипар,**
**-Република Монголија,**
**-Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска,**
**-Република Полска,**
**-Република Португалија**
**-Република Романија,**
**-Руска федерација,**
**-САД,**
**-Словачката Република,**
**-Република Словенија,**
**-Република Турција,**
**-Украина,**
**-Република Унгарија,**
**-Република Финска,**
**-Република Франција,**
**-Кралството Холандија,**
**-Република Хрватска,**
**-Чешката Република,**
**-Конфедерацијата Швајцарија,**
**-Кралството Шведска,**
**-Кралството Шпанија.**

пратениците Силвана Бонева, претседател на групата и членовите Благородна Мингова-Крепиева, Лилјана Поповска и Ејуп Рустеми. Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска на 22 октомври 2003 година оствари средба со Ендрју Хедли, Директор на Британскиот совет во Република Македонија.

## ДРУГА БИЛАТЕРАЛА

На 20-та седница на Парламентарното собрание на Црноморската економска соработка, одржана на 27 и 28 ноември 2002 година учествуваше пратеникот Трифун Костовски.

Во организација на НДИ, од 19 до 25 јануари 2003 година се оствари студиска посета за пратеници и службеници на парламентите на Белгија и Финска и на Европскиот парламент, во која учествуваа пратениците: Славица Грковска, Агрон Буџаку, Марија Којзеклиска, Ружди Матоши, од Службата на Собранието на Република Македонија генералниот секретар Александар Новакоски, Марина Ивановска-Николовска и Зоран Поповиќ. .

На 19 февруари 2003 година, пратеникот Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија оствари средба со г. Ханс Петр Анен, Раководител на Секторот за Југоисточна Европа во Министерството за надворешни работи на СР Германија.

На 19 февруари 2003 г., пратеникот Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија оствари средба со г. Велимир Радојевиќ, министер за одбрана на Србија и Црна Гора.

Во организација на Институтот за меѓународни односи во Атина, Република Грција, од 4 до 7 март 2003 година на Семинар за парламентарци учествуваа пратениците: Игор Ивановски, Никола Ќурчиев, Славица Грковска, Јани Макрадули, Ганка Самоиловска-Цветанова, Ѓорѓи Оровчанец, Андреј Жерновски, Ејуп Рустеми и Илјаз Халими.

Членовите на Пратеничката група на Собранието на РМ за соработка со Парламентот на Република Франција: Ганка Самоиловска - Цветанова, претседател на Групата, Силвана Бонева, Хисни Шаќири, Андреј Жерновски и Илјаз Халими, членови на 7 април 2003 г. остварија средба со Н.Е. Жан Франсоа Терал, амбасадор на Република Франција во Република Македонија.

Во организација на Амбасадата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во Република Македонија, на студиска посета за меѓуетнички односи во Лондон и Брадфорд, од 5 до 12 април 2003 година учествуваше пратеникот Андреј Жерновски.

Во организација на Германската амбасада и Проектот ГТЗ, во студиска посета на СР Германија од 14 до 17 април 2003 г. престојуваа пратениците Драган Ѓорѓиев, Андреј Жерновски, Коце Трајановски и Ејуп Рустеми.

На покана од пратеникот Ганка Самоиловска-Цветанова, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Франција, од 8 до 11 мај 2003 г. во официјална посета на Република

Македонија престојуваше Марсел Деу, претседател на Групата за пријателство Франција-Македонија на Националното собрание на Француската Република.

Претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран, пратеникот Јордан Михајловски, на 12 мај 2003 година оствари средба со Н.Е. г. Адболмаџид Мозафари, амбасадор на Исламската Република Иран во Република Македонија. На средбата присуствуваа пратениците г. Илија Србиновски и г. Талат Џафери, членови на Пратеничката група.

Претседателот на Комисијата за одбрана и безбедност пратеникот Тито Петковски, на 27 мај 2003 година оствари средба со Н.Е. Мирослав Лајчак, амбасадор на Словачката Република во Република Македонија.

Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Грција, на 29 мај 2003 година одржа состанок на кој на пратениците им се обрати Н.Е. г. Јоанис Економу, амбасадор на Република Грција. На состанокот присуствуваа пратениците: Слободан Чашуле, претседател на Пратеничката група, Јани Макрадули, Никола Ќуркчиев и Лилјана Поповска, членови на Групата.

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија Лилјана Поповска, на 20 јуни 2003 година оствари средба со Н.Е. Марјан Шифтар, Амбасадор на Република Словенија во Република Македонија.

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија Лилјана Поповска, на 1 август 2003 година оствари средба со Група македонски иселенци од Детроит и пошироко од државата Мичиген (САД).

На покана на Спикерот на парламентот на Република Албанија, на Првото Балканско собирање, што се одржа на 22 и 23 август 2003 година учествуваше потпретседателот на Собранието на Република Македонија Агрон Буџаку.

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија Лилјана Поповска на 10 септември 2003 година оствари средба со г. Хери Мичел, сенатор од збратимениот град Темпи од државата Аризона (САД).

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија Лилјана Поповска, на 21 ноември 2003 година оствари средба со Делегација на Словенечкиот парламент од Комисијата за односи со Словенците во соседните држави.

На Семинарот за парламентарна демократија и управување со парламентите, што се одржа од 17 до 28 ноември 2003 година во Стокхолм, Шведска, учествува претаниците: Андреј Жерновски, Марија Којзеклиска и Хусеинџеват Хусеини.

На покана на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија Александар Новакоски, на 7 и 8 септември 2003 година во официјална посета на Собранието на Република Македонија престојуваше Огњан Аврамов, генерален секретар на Народното собрание на Република Бугарија.

**ПАКТ ЗА СТАБИЛНОСТ**

Во рамките на посетата на Република Македонија на Елизабет Рен, претседавач со Првата работна маса за демократизација и човекови права на

Пактот за стабилност, пратеникот д-р Елеонора Петрова - Митевска, координатор на Клубот на жени-парламентарки во Собранието на Република Македонија оствари средба со г-ѓа Рен на 31 јули 2003 година.

## МЕЃУНАРОДЕН ИНСТИТУТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА

Во заедничка организација на Собранието на Република Македонија и Меѓународниот институт за демократија од Стразбург, во Скопје на 29 и 30 неомври 2002 година беше организиран Семинар за меѓународни односи за пратениците во Собранието на Република Македонија.

Во заедничка организација на Меѓународниот институт за демократија и Романскиот парламент, во Букурешт, Романија, на 7 и 8 октомври 2003 година се одржа Семинар на тема "Од Советот на Европа до европската интеграција", на кој учествуваа пратениците Зоран Шапуриќ, Ана Андова и Недим Рамизи.

На Семинарот за делегациите на парламентарните комисии за европска интеграција на земјите членки на Процецот на соработка во Југоисточна Европа, што се одржа на 18 и 19 јули 2003 година во Сараево, Босна и Херцеговина, во организација на Меѓународниот институт за демократија, учествува пратениците Ана Андова и Ѓорѓи Оровчанец.

## ЕЦПРД (ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА ПАРЛАМЕНТАРНО ИСТРАЖУВАЊЕ И ДОКУМЕНТАЦИЈА)

На Семинарот за парламентарни службеници, што се одржа од 22 до 24 мај 2003 година во Хаг, Холандија, учествуваа Фелек Касами, заменик генерален секретар на Собранието на Република Македонија и Ана Качакова, советник во Секторот за меѓународна соработка.

На Годишниот состанок на кореспондентите, што се одржа од 9 до 11 октомври 2003 година во Стразбург, Република Франција, учествуваше Рокса Георгиевска, заменик генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

На состанокот на Макроекономската истражувачка работна група на ЕЦПРД што се одржа на 24 октомври 2003 година во Брисел, Белгија, учествуваше м-р Сандре Нонкуловски, раководител на Секторот за работни тела во Службата на Собранието на Република Македонија.

Во заедничка организација на ЕЦПРД и Долниот дом на Италијанскиот парламент, од 30 до 31 октовмри 2003 гопдина се одржа Семинар за "Парламентарните администрации и законодавната соработка", на кој учествуваше д-р Јован Пејковски, раководител на Секторот за меѓународна соработка.

## ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКА БЕЗБЕДНОСТ-ГРОНИНГЕН

Во рамките на Проектот за земјите од Југоисточна Европа, Центарот за европска безбедност од Гронинген, Холандија, на 1 и 2 ноември 2002 година во Скопје, Република Македонија организираше Семинар на тема

"Законодавен надзор на безбедносните сили во Македонија".

Центарот за Европска безбедност од Гронинген, Холандија во соработка со Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" на 13 и 14 декември 2002 г. во Сараево, Босна и Херцеговина организираше семинар на тема "Развивање на механизми за ефикасен законодавен надзор врз вооружените сили". На семинарот учествуваа пратеникот Есад Рахиќ и Хилда Георгиевска од Службата на Собранието на Република Македонија.

**ПРОЦЕС ЗА СОРАБОТКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА (ПС ЈИЕ)**

На Конференцијата посветена на "Жени парламентарки на ПСЈИЕ: од жртви до агенти на промена", што се одржа од 9 до 11 мај 2003 година во Будва, Србија и Црна Гора, учествуваа пратениците г-ѓа Благородна Мингова-Крепиева, г-ѓа Соња Лепиткова и г-ѓа Силвана Бонева.

**ИСТ-ВЕСТ ИНСТИТУТ**

EWPPP (Проектот Парламентарна Практика Исток-Запад) организираше дводневна регионална конференција што се одржа во Софија, Република Бугарија од 6 до 8 декември 2002 година. На Конференцијата учествуваа пратениците Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели.

Во заедничка организација на Ист-Вест Институтот и ЕП, на 3 и 4 февруари 2003 година во Загреб, Хрватска, се одржа Петтиот состанок на Парламентарната мрежа за Југоисточна Европа, на кој учествуваа пратениците Томе Тромбев, Љупчо Балковски, Абдилаќим Адеми, во придружба на Анкица Крстевска, републички советник во Собранието на Република Македонија.

**ДРУГА МУЛТИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА**

На 20-та годишна седница на Парламентарното собрание на Црноморската економска соработка, одржана на 27 и 28 ноември 2002 година во Атина Република Грција, учествуваше пратеникот Трифун Костовски, претседавач со ПД на ЦЕИ.

На семинарот "Политичка стратегија - борба против корупцијата", што се одржа од 6 до 14 април 2003 година, во Гумерзбах, СР Германија, учествуваше пратеникот Зоран Шапуриќ.

На конференцијата "Жени парламентарки на Процесот за соработка во Југоисточна Европа: од жртви до агенти на промена", што се одржа од 9 до 11 мај 2003 година во Будва, Србија и Црна Гора учествуваа пратениците Благородна Мингова-Крепиева, Силвана Бонева и Соња Лепиткова.

На семинарот на тема: "Институции и методи за борба против насилството врз жените", што се одржа на 26 и 27 мај 2003 година во Букурешт, Романија во организација на Институтот за пратеници од Југоисточна Европа "WIN BALKANS" учествуваа пратениците: Благородна Мингова Крепиева, Марија Којзеклиска и Лилјана Ивановска.

******************************

Од целокупната меѓународна кореспонденција во извештајниот период се обработени 1110 документи.

# 6. Активност на клубот на жените пратеници

Женскиот пратенички клуб е Проект на Пактот за стабилност- Центар за родова еднаквост (PzS GTF), што опфаќаше три земји од регионот (Босна и Херцеговина, Црна Гора и Република Македонија).

Првиот Национален состанок на пратеничките, одржан на 27 февруари 2003 година, во Свечената сала во Собранието на Република Македонија, беше неформален, со цел да се разменат мислењата меѓу пратеничките, регионалниот менаџер на проектот и националниот координатор на проектот. Се разговараше за активностите на проектот и претставување на целите, за најновите планирани активности што се однесуваа на имплементација на проектот, како и за следните приоритетни активности на проектот. На состанокот, исто така беа дадени информации за дотогашните подготвителни активности што се однесуваа за отварањето на Клубот на парламентарки.

На 07.03.2003 година, во Свечената сала во Собранието беше промовиран Женскиот пратенички клуб. На отворањето на Клубот присуствуваа претставници од дипломатскиот кор, интернационални организации, пратенички, пратеници, претставници на Владата, членови на НВО, синдикати и од медиумите.

Господинот Никола Поповски, тогашен претседател на Собранието на Република Македонија, го промовираше отворањето на Женскиот пратенички клуб.

Од 14 до16 април 2003 год., во Охрид, во организација на Женскиот пратенички клуб се одржа едукативна работилница насловена ***"Жените парламентарки и јавноста".*** Дводневната едукативна работилница беше спроведена во вид на обуки за комуникациски вештини, техники за односи со јавност и медиуми, чии цели беа подобрување на презентацијата во медиумите за жените-парламентарки, подобра презентација на задачите на жените-парламентарки, нивните обврски и иницијативите што ги имаат или ќе ги иницираат за време на нивниот мандат.

Вториот Национален состанок беше организиран на 2 јуни 2003 година, во Клубот на пратеници. Тема на состанокот беше ***Трговија со луѓе и организиран криминал*** и на него присуствуваа 14 пратенички, претставници од Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, ИОМ, ОБСЕ И ТИМИС. Присутните на состанокот дадоа многу важни информации за моменталната ситуација и преземените активности против трговијата со луѓе во нашата земја и во регионот. Исто така, беа дадени информации и објаснувања за моменталната легислатива за трговијата со луѓе и новите нацрт-правила во Кривичниот законик, позитивните и негативните особини на Анти-системот за трговија со луѓе во Македонија, улогата и функцијата на Транзитниот

центар за странци, правните аспекти и искуството во трговијата со луѓе. Парламентарките сметаа дека овие информации се многу корисни и потребни во нивната работа, и се договорија да преземат активности за иницирање на закон за ратификација на Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал и Протоколот на оваа Конвенција за превенција, спречување и казнување на трговија со луѓе, особено со жени и деца. Парламентарките се договорија дека ќе инсистираат во медиумите да има поголема застапеност на законот за ратификација.

Во рамките на регионалниот проект на ЈИЕ во Подгорица (Србија и Црна Гора) од 13 до16 јуни, беа реализирани неколку активности од парламентарките од Република Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина: прием кај високи владини функционери од Парламентот и Владата на Црна Гора, две билатерални средби и работен состанок на кој се донесени неколку заклучоци. На овие средби, од Република Македонија, учествуваа 15 парламентарки, две парламентарки од Црна Гора и седум парламентарки од Босна и Херцеговина. На 13 јуни, парламентарките од Република Македонија остварија средба со претседателот на Парламентот на Црна Гора и со претставник од Владата на Црна Гора. На 14 јуни беа одржани една билатерална средба меѓу Република Македонија и Црна Гора и една билатерална средба меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина. Билатералните средби беа отворени од Мери Ен Рукавина, извршен директор на GTF, која ја нагласи важноста на овие состаноци, кои претставуваат можност за размена на искуства, позитивна пракса и барање на заеднички решенија за регионот.

На 15 јуни беше одржан работен состанок помеѓу парламентарките од Република Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина. На овој состанок, Морана Паликович Груден одржа предавање за парламентарните вештини, после кое следеше дискусија. Беа формирани и седум мали работни групи во состав од 3 до4 парламентарки кои работеа на следниве теми*:*

1. *Сиромаштија;*
2. *Намалување на невработеноста;*
3. *Мали и средни претпријатија;*
4. *Подготовка за влез во ЕУ;.*
5. *Трговија со луѓе и огнено оружје;*
6. *Полова еднаквост и*
7. *Законска здравствена заштита на жените.*

На завршниот состанок после заклучокот за успешна реализација на билатералните средби беше договорено: на билатералната средба помеѓу парламентарките од Република Македонија и Црна Гора:

1. *Подготовка за влез во ЕУ;*
2. *Ратификација на Конвенцијата против транснационален криминал, трговија со луѓе, особено жени и деца и*
3. *Борба со сиромаштијата*

а на билатералната средба на парламентарките од Република Македонија и Босна и Херцеговина:

1. *Борба против сиромаштијата;*
2. *Реформи во образованието, согласно со стандардите на ЕУ и*
3. *Женско претприемништво.*

На 24 јули 2003 година, во ресторанот "Национал" се одржа третиот Национален состанок на кој присуствуваа 16 парламентарки (12 од СДСМ, 2 од ЛДП, 1 од ЛП И 1 од ВМРО-ДПМНЕ). За темата на состанокот ***Легализација на проституцијата - да или не!?*** Парламентарките дадоа свои видувања и предлози на кои дебатираа со цел да формираат личен, но и заеднички став ако изнајдат слични или исти размислувања. На состанокот се дадоа базични дефинирања за доразјаснување на следните поими: легализација на проституција, декриминализација на проституција, присилна проституција, волонтерска проституција и трговија со луѓе.

За парламентарките поимот легализација на проституцијата е многу комплексен и третирањето на проституцијата во Република Македонија не соодветствува со последниот извештај изнесен од Советот на Европа, според кој нашата држава не е само транзитна земја на трговија со луѓе, туку е и земја на потекло на присилна проституција на малолетни лица, особено од ромската етничка заедница.

На состанокот беше предложена и прифатена темата за наредниот четврти национален состанок: Проституција - можни решенија, и беше предложено да се поканат на состанокот двајцата пратеници, кои го подготвуваат предлог-законот за легализација на проституцијата.

Заклучоци од третиот национален состанок:

1. *Во текот на септември да се одржи Четвртиот национален состанок во Клубот на пратеници;*
2. *Темата на Четвртиот национален состанок да биде Проституција - можни решенија;*
3. *На овој состанок, освен пратеничките, да се поканат и двајцата пратеници од СДСМ, кои го подготвуваат предлог-законот за легализација на проституцијата, како и други пратеници заинтересирани за предложената тема;*

4. *Да се поканат и експерти од Институтот за социолошко и политичко-правни истражувања, ИОМ, ОБСЕ, ХОПС и*
5. *Да се побараат информации, податоци за дефинирање на поимот проституција, историјат за појава на проституцијата, основни карактеристики на волонтерската проституција и нејзино разграничување од присилна проституција и трговија со луѓе.*

Четвртата национална средба се одржа на 4 ноември 2003 година во Клубот на пратеници. Тема на состанокот беше ***Присилната проституција - проблеми и можни решенија..*** На состанокот присуствуваа 11 пратенички (8-СДСМ, 2-ЛДП, 1-ЛП), двајца пратеници Иван Анастасовски од СДСМ и Зоран Шапуриќ од ЛДП и претставници од МВР (Горан Ристовски), ИОМ (Владимир Данаилов), Министерство за Правда (Драган Темелков), ИСППИ (Љубица Чонева), ОБСЕ (Билјана Лубаровска), Ла Страда (Јасмина Рајковска) и ТЕМИС (Наташа Трпеновска Тренчевска).

Темата предизвика многу конструктивна дискусија, се даваа предлози и изнесуваа ставови од страна на сите присутни. Пратеничката Елеонора Петрова Митевска, координаторка на Клубот на жените-парламентарки и шеф на делегацијата на Собранието на РМ во Советот на Европа зборуваше за состојбата на присилната проституција според Советот на Европа, и истакна дека сите релевантни комисии при СЕ го разгледуваат и дискутираат овој проблем, а Собранието на СЕ има донесено неколку препораки со цел да се намали бројот на жртвите на присилната проституција, и да се влијае на нивна ресоцијализација и реинтеграција во општеството. Во своето обраќање, г-ѓа Петрова, се осврна и на значењето од што побрзо ратификување на Палермо протоколот и Конвенцијата за борба против трговијата со луѓе од страна на Собранието на РМ. Организираниот приод кон овој проблем, вклучувањето на поголем број експерти, НВО и релевантните институции, како и создавањето на мост на соработка на меѓународното ниво е единствениот начин за борба против овој проблем.

Од состанокот произлегоа заклучоци кои во две фази можат да се реализираат: дополнителни напори во решавањето на проблемот присилна проституција и можни решенија на присилната проституција (легализација или декриминализација) и тие беа прифатени од сите присутни. Според парламентарките тоа би се овозможило преку: инкорпорирање на концептот на половата еднаквост во сите сегменти на државата (донесување на закон за рамноправност меѓу половите); превенција преку едукативни методи на сите нивоа; јавно претставување преку медиумите за сé она што се прави по однос на овој проблем; подобрување на социо-економските услови; билатерални и мултилатерални контакти и комуникација во решавањето на овој проблем; построги казни за трговијата со луѓе и присилната проституција; ратификација на Палермо протоколот; создавање на услови за рехабилитација и ресоцијализација на жртвите; заштита на сведоците не само во текот на истражната постапка, туку и потоа;

соработка на судската, полициската власт, НВО и меѓународните организации и можност за лобирање за реализација на проекти за обезбедување средства за работа на решавањето на овој проблем.

Во периодот од 23 до 25 август 2003 година во Трстено-Дубровник, Хрватска се одржа стратешка работилница за членовите на одборот на проектот Клуб на парламентарки од трите земји вклучени во проектот: Босна и Херцеговина, Црна Гора и Република Македонија. На првиот ден, во работниот дел на стратешката работилница, секоја земја поединечно известуваше за досегашната работа на Клубот на парламентарки, за сите активности што досега се остварени, постигнатите успеси и проблемите со кои се соочувале во текот на нивната работа. Претставничката од Македонија истакна дека е многу важно да се зацврсти комуникацијата меѓу парламентарките од трите држави. Беше нагласено дека постои голем интерес кај новинарите за работата на Клубот, а како особено важна работа беше издвоена заинтересираноста на парламентарките за националните состаноци и присуството на претставници на меѓународни организации на овие простори. На состанокот беше донесен заклучок да се одржуваат национални состаноци на различни теми поради нивната корисност и ефикасност.

Во Сараево, Република Босна и Херцеговина, на 17-18 октомври 2003 година се одржа трилатерална средба на жените-парламентарки од Собранието на Република Македонија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Оваа средба претставуваше прва трилатерална средба во рамките на проектот на Пактот за стабилност - Центар за полова еднаквост.

Оваа средба беше круна на едногодишната работа во рамките на овој проект, кој беше финансиран од Владата на Република Швајцарија. Во рамките на активностите кои се реализирани во текот на целата година се работеше напорно, како на национално ниво така и на регионално ниво, со цел вмрежување и подготвување на жените-парламентарки, преку билатерална и трилатерална размена и соработка, за да бидат подобро информирани и подготвени за нивните улоги во законодавниот дом. Посебно внимание беше посветено и на логистичката поддршка на парламентарките во нивната работа преку клубовите на жени-парламентарки кои се формираа во сите три парламенти на Република Македонија, Босна и Херцеговина и Црна Гора.

На трилатералната средба беа презентирани извештаи од трите држави за степенот на постигнувањето во процесот на Европската интеграција и намалување на сиромаштијата од кои извештаи произлегоа и конкретни заклучоци: Европска интеграција:

1. *Да се забрза усогласувањето на целокупната легислатива со стандардите на Европската унија;*
2. *Меѓусебно разменување на информации и искуства и користење на искуствата на земјите од регионот;*

3. *Да се иницира побрз и полесен пристап кон структуралните и кохезионите фондови;*
4. *Поддржување на процесот на либерализација на визниот режим;*
5. *Поддржување на процесот за враќање на бегалците и раселените лица, како услов за сигурност на регионот и*
6. *Да се бара политиката на рамноправност меѓу половите да биде интегрирана (вклучена) во сите процеси на Европската интеграција.*

Стратегија на намалување на сиромаштијата:

1. *Поттикнување на законската регулатива која овозможува јакнење на локалниот развој, малите и средните претпријтија со акцент на женското претприемништво;*
2. *Да се иницира донесување на закон и акти за спроведување имплементација на националните стратегии за намалување на сиромаштијата;*
3. *Да се бара интегрален пристап кон рамноправноста на половите во сите аспекти и во стратегијата за намалување на сиромаштијата, но и во сите понтамошни аспекти;*
4. *Да се лобира кај меѓународните организации за нови вложувања во развојот на инфраструктурата како услов за подигање на економскиот развој;*
5. *Да се иницира политиката за функционално образование низ текот на целиот живот во согласност со современата технологија;*
6. *Да се инсистира за поголема улога на земјите во процесот на одлучување во однос на доделувањето на средства и одредување на приоритетите за развој (CARDS);*
7. *Да се иницира развивање и воспоставување на домашни финансиски институции како двигатели на претприемништвото и одржливиот економски развој и*
8. *Да се води сметка сите мерки на економскиот развој да содржат и потребни мерки на социјална заштита за најзагрозените категории на население.*

Во текот на ноември 2003 година, во Клубот на парламентарки, беше одржана средба со претставник од Швајцарската амбасада во Скопје, г-дин Матијас Зигфрид. На средбата г-дин Зигфрид беше информиран за досегашната работа на Клубот на парламентарки и за постигнатите резултати, како и за идните активности што се планира да се реализираат. Господинот Зигфрид беше импресиониран од работата на клубот и изрази желба за понатамошна соработка. На средбата беше договорено да се подготват материјали за активностите што беа реализирани, со кои најдобро би се отсликала работата на клубот и неговите придобивки. Како резултат на оваа средба, во текот на декември Клубот испорача материјали и извештаи за работа на парламентарките до Швајцарската амбасада.

Во текот на 2003 година Клубот на парламентарки подготви и им подели на сите пратенички три тематски билтени. Првиот беше во месец март, со носечка тема "*Трговија со луѓе*", вториот во април "*Насилство врз жената*" и третиот во мај/јуни "*Легализација на проституцијата и Акција за разоружување*".

# 7. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПОЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| ТЕРМИН | НАСТАН |
|---|---|
| 05.09 - 06.09 2002 | Семинар за парламентарните процедури, изготвување на закони и парламентарна контрола врз егзекутивата |
| 07.11 - 09.11 2002 | Средба на Парламентарната димензија на ЦЕИ |
| 29.11 - 30.11 2002 | Семинар за пратениците на Собранието на Република Македонија за меѓународните односи |
| 16.12 - 18.12 2002 | Посета на висока делегација на Мониторинг мисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа |
| 26.01 - 28. 01 2003 | Осма меѓупарламентарна средба на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент |
| 25.03 - 27. 03 2003 | Посета на делегација на Западноевропската унија |
| 18.03 - 20. 03 2003 | Делегација на Собранието на Регионот Европа на Парламентарното собрание на Франкофонијата |
| 17.06 - 19. 06 2003 | Трилатерална средба на делегациите на комисиите за надворешна политика на парламентите на Република Македонија, Република Албанија и Република Хрватска |
| 07.10 - 09. 10 2003 | Состанок на Поткомисијата за културно наследство на Парламнтарното собрание на Советот на Европа |
| 12.10 - 15.10 2003 | Колоквиум на Парламентарното собрание на Советот на Европа за управување со прекугранични речни и езерски басени |
| 02.08.2005 | Одбележување на 100-годишнина од Македонската државност |
| | **ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИ** |
| 08.12.2002 | Доделување на наградата "Свети Климент Охридски" |
| 21.12.2002 | Доделување на наградата "Мито Хаџивасилев Јасмин" |
| 04.05.2003 | Доделување на наградата "Гоце Делчев" |
| 11.10.2003 | Доделување на наградата "11 Октомври" |
| 13.11.2003 | Доделување на наградата "13 Ноември" |

# 8. СЛУЖБА

*Стручните и другите работи на Службата на Собранието на Република Македонија, што ги извршува за потребите на Собранието, работните тела и пратениците, се регулирани со членот 238 од Деловникот за работата на Собранието, а организацијата и начинот на функционирање се утврдени со Правилникот за внатрешна организација и делокруг и со Правилникот за систематизација на работните места во Службата.*




*Службата на Собранието перманентно е вклучена во обезбедување на стручна помош на пратениците во извршувањето на нивните пратенички обврски, првенствено преку изготвување на предлози на закон и амандмани по закони, информации и мислења, обезбедување на дополнителни материјали, документи и податоци за одделни теми што се поставуваат на дневен ред на седниците и работни тела, како и при соработката на Собранието со меѓународни институции.*

*Со Службата раководи генералниот секретар Александар Новакоски а негови заменици се: Рокса Георгиевска и Фелек Касами.*




1-Раководни државни службеници
2-Стручни државни службеници
3-Стручно - административни државни службеници
4- Работници кои не се државни службеници

## Преглед на секторите во Службата на Собранието

| назив на секторот | вкупен број на вработени во сектор | Државни службеници | | | работници кои не се државни службеници |
|---|---|---|---|---|---|
| | | рако-водни | стручни | стручно-админис-тративни | |
| *Кабинет на претседателот на Собранието* | *4* | *1* | *-* | *3* | *-* |
| *Сектор на генералниот секретар* | *24* | *7* | *13* | *4* | *-* |
| *Сектор за законодавство* | *5* | *4* | *1* | *-* | *-* |
| *Сектор за седници на Собранието* | *8* | *5* | *1* | *2* | *-* |
| *Сектор за работни тела на Собранието* | *19* | *7* | *12* | *-* | *-* |
| *Сектор за истражување и анализа* | *7* | *4* | *3* | *-* | *-* |
| *Сектор за меѓународна соработка на Собранието* | *6* | *4* | *2* | *-* | *-* |
| *Сектор за документација, библиотека и информатика* | *19* | *6* | *5* | *8* | *-* |
| *Сектор за финансиско-материјално работење* | *10* | *2* | *-* | *8* | *-* |
| *Сектор за административни и општи работи.* | *82* | *6* | *1* | *44* | *31* |
| *ВКУПНО:* | *190* | *52* | *38* | *69* | *31* |

**ВКУПНО: 8747 страници стенографски белешки**




**стенограм (стр.)**

## Преглед на заведени акти во Деловодникот на писарницата и архивата




## *Преглед на испратени акти и пратки од писарницата и архивата*



**Преглед на доставени акти за објавување во "Службен весник на Република Македонија"**



## ИЗМНОЖЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

**Вкупно измножени: А4 формат: 1.645.333 копии**

**А3 формат: 1.594.780 копии**



# 9. ПРИЛОЗИ

## Прилог 1

## Преглед на одржани седници

| Реден број | Седница на Собранието на Република Македонија | дата | Одржана на | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ден | час (од -до) |
| **1.** | Прва конститутивна | 03.10.2002 | -четврток | 15,30 - 19,30 |
| **2.** | Втора | 31.10.2002 | -четврток | 11,15 - 00,10 |
| **3.** | Трета | 12.11.2002 | -вторник | 10,30 - 14,55 |
| **4.** | Четврта | 04.12.2002<br>06.12.2002 | -среда<br>-петок | 10,15 - 15,00<br>10,20 - 13.10 |
| **5.** | Петта | 24.12.2002<br>23.01.2003 | -вторник<br>-четврток | 11,15 - 18,35<br>11,15 - 11,30 |
| **6.** | Шеста | 19.12.2002 | -четврток | 12,15 - 13,00 |
| **7.** | Седма | 23.01.2003<br>24.01.2003<br>28.01.2003 | -четврток<br>-петок<br>-вторник | 11,30 - 17,10<br>11,20 - 17,00<br>11,10 - 15,40 |
| **8.** | Осма | 30.01.2003 | -четврток | 11,15 - 17,10 |
| **9.** | Деветта | 21.02.2003 | -петок | 12,55 - 13,15 |
| **10.** | Десетта | 25.02.2003 | -вторник | 11,15 - 16,30 |
| **11.** | Единаесетта | 27.02.2003 | -четврток | 11,20 - 19,20 |
| **12.** | Дванаесетта | 11.03.2003<br>12.03.2003 | -вторник<br>-среда | 11,15 - 16,35<br>11,15 - 16,40 |
| **13.** | Тринаесетта | 21.03.2003<br>24.03.2003<br>25.03.2003<br>26.03.2003<br>28.03.2003<br>31.03.2003<br>01.04.2003 | -петок<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-петок<br>-понеделник<br>-вторник | 11,20 - 16,55<br>10,10 - 20,25<br>10,00 - 18,50<br>14,45 - 19,30<br>12,35 - 17,00<br>10,10 - 17,00<br>10,10 - 12,35 |
| **14.** | Четиринаесетта | 27.03.2003 | -четврток | 11,10 - 19,20 |
| **15.** | Петнаесетта | 26.03.2003 | -среда | 10,10 - 12,30 |
| **16.** | Шеснаесетта | 17.04.2003<br>18.04.2003<br>22.04.2003 | -четврток<br>-петок<br>-вторник | 10,10 - 17,05<br>10,15 - 15,30<br>14,15 - 17,05 |
| **17.** | Седумнаесетта | 10.04.2003 | -четврток | 10,10 - 16,10 |
| **18.** | Осумнаесетта | 24.04.2003 | -четврток | 10,45 - 17,10 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **19.** | Деветнаесетта | 22.04.2003 | -вторник | 11,15 - 12,50 |
| **20.** | Дваесетта | 25.04.2003 | -петок | 12,10 - 12,35 |
| **21.** | Дваесет и прва | 07.05.2003<br>08.05.2003<br>12.05.2003 | -среда<br>-четврток<br>-понеделник | 10,15 - 15,20<br>10,10 - 17,05<br>10,05 - 15,20 |
| **22.** | Дваесет и втора | 28.05.2003<br>30.05.2003<br>03.06.2003 | -среда<br>-петок<br>-вторник | 10,25 - 17,00<br>10,15 - 16,45<br>11,13 - 15,45 |
| **23.** | Дваесет и трета | 29.05.2003 | -четврток | 10,15 - 17,05 |
| **24.** | Дваесет и четврта | 11.06.2003<br>12.06.2003 | -среда<br>-четврток | 10,15 - 16,56<br>10,20 - 13,40 |
| **25.** | Дваесет и петта<br>(не се усвои дневниот ред) | 03.06.2003 | -вторник | 11,15 - 11,40 |
| **26.** | Дваесет и шеста | 24.06.2003<br>25.06.2003<br>27.06.2003 | -вторник<br>-среда<br>-петок | 10,15 - 15,00<br>10,15 - 16,55<br>10,10 - 12,00 |
| **27.** | Дваесет и седма | 26.06.2003 | -четврток | 10,45 - 17,25 |
| **28.** | Дваесет и осма | 27.06.2003 | -петок | 12,00 - 14,50 |
| **29.** | Дваесет и деветта | 03.07.2003<br>04.07.2003<br>16.07.2003 | -четврток<br>-петок<br>-среда | 10,10 - 17,00<br>10,05 - 19,00<br>10,10 - 10,20 |
| **30.** | Триесетта | 16.07.2003<br>17.07.2003<br>18.07.2003<br>23.07.2003<br>25.07.2003<br>10.09.2003 | -среда<br>-четврток<br>-петок<br>-среда<br>-петок<br>-среда | 10,20 - 16,50<br>10,15 - 17,05<br>10,30 - 15,15<br>14,20 - 17,10<br>10,20 - 14,10<br>10,10 - 11,30 |
| **31.** | Триесет и прва | 24.07.2003 | -четврток | 10,20 - 17,10 |
| **32.** | Триесет и втора | 22.07.2003<br>23.07.2003 | -вторник<br>-среда | 10,40 - 17,15<br>10,15 - 14,20 |
| **33.** | Триесет и трета | 30.07.2003 | -среда | 12,05 - 12,30 |
| **34.** | Триесет и четврта | 10.09.2003<br>11.09.2003<br>12.09.2003<br>23.09.2003 | -среда<br>-четврток<br>-петок<br>-четврток | 11,30 - 16.55<br>10,15 - 16,55<br>10,15 - 17,00<br>11,10 - 16,05 |
| **35.** | Триесет и петта | 25.09.2003 | -четврток | 10,20 - 17,05 |
| **36.** | Триесет и шеста | 17.09.2003<br>18.09.2003<br>19.09.2003<br>22.09.2003<br>23.09.2003 | -среда<br>-четврток<br>-петок<br>-понеделник<br>-вторник | 10,20 - 17,05<br>10,10 - 17,35<br>10,10 - 17,05<br>10,10 - 17,30<br>16,05 - 16,25 |
| **37.** | Триесет и седма | 23.09.2003<br>16.10.2003 | -вторник<br>-четврток | 10,20 - 11,00<br>10,15 - 10,55 |
| **38.** | Триесет и осма | 01.10.2003 | -среда | 10,10 - 10,50 |
| **39.** | Триесет и деветта | 16.10.2003<br>20.10.2003<br>21.10.2003 | -четврток<br>-понеделник<br>-вторник | 11,55 - 16,45<br>10,40 - 15,55<br>10,10 - 10,50 |
| **40.** | Четириесетта седница | 29.10.2003<br>31.10.2003 | -среда<br>-петок | 10,10 - 16,00<br>10,15 - 14,50 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 03.11.2003 | -понеделник | 10,10 - 16,20 |
| **41.** | Четириесет и прва | 30.10.2003 | -четврток | 10,25 - 16,15 |
| **42.** | Четириесет и втора | 05.11.2003<br>06.11.2003<br>07.11.2003 | -среда<br>-четврток<br>-петок | 10,15 - 16,10<br>10,15 - 16,10<br>10,45 - 21,45 |
| **43.** | Четириесет и трета | 18.11.2003 | -вторник | 10,20 - 16,00 |

# Прилог 2

## Усвоени дневни редови на седниците

**Прва конститутивна седница** 03.10.2002 (четврток)

1. Избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Собранието на Република Македонија;
2. Верификација на мандатите на пратениците;
3. Избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;
4. Избор на Претседател на Собранието на Република Македонија.

**Втора седница** 31.10.2002 (четврток)

1. Верификација на мандат на пратеник на Собранието на Република Македонија;
2. Избор на Влада на Република Македонија;
3. Предлог за утврдување на бројот на потпретседатели на Собранието на Република Македонија;
4. Предлог на одлука за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловничко и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија.

**Трета седница** 12.11.2003 (вторник)

1. Верификација на мандат на пратеници на Собранието на Република Македонија;
2. Именување заменици министри на Владата на Република Македонија;
3. Предлог на одлука за основање на постојани реботни тела на Собранието на Република Македонија;
4. Предлог на одлука за основање на делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија;
5. Предлог на одлука за основање на делегација за соработка со Европскиот Парламент;
6. Предлог на одлука за основање Комитет заодноси меѓу заедниците;
7. Предлог на одлука за именување Генерален секретар на Собранието на Република Македонија;
8. Предлог на одлука за именување Генерален директор на Јавното претпријатие Македонска Телевизија;
9. Предлог за покренување постапка за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Македонија;
10. Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија;
11. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Радовиш;
12. Предлог на одлука за огласување на избор на судии на Апелационите судови во Битола, Скопје и Штип;
13. Предлог на одлука за огласување на избор на судии на Основните судови во Крива Паланка, Радовиш, Гостивар, Прилеп, Скопје 1- Скопје и Тетово;
14. Предлог на одлука за именување на членови на Државната комисија за спречување на корупцијата;
15. Предлог на одлука за именување на членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

1. Верификација на мандат на пратеници на Собранието на Република Македонија;
2. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија;
3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ограничување на изворните приходи на јавните потреби;
4. Предлог на програма за изменување и дополнување на Програмата за користење на средствата остварени од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал за 2002 година;
5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика;
6. Предлог за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Македонија;
7. Предлог за разрешување на судија од Основниот суд Скопје 1- Скопје;
8. Предлог за разрешување на судија од Основниот суд Скопје 2- Скопје;
9. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Велес;
10. Предлог за разрешување од функцијата директор на Агенцијата за државни службеници;
11. Предлог за разрешување од функцијата заменици на Генералниот секретар на Собранието на Република Македонија;
12. Предлог на одлука за именување заменици на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија;
13. Предлог за избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија;
14. Предлог за избор на претседатели на Основните судови во Битола, Крушево и Охрид;
15. Предлог за избор на судии во Основните судови во Скопје 1- Скопје, Гостивар и Струга;
16. Предлог на одлука за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците;
17. Предлог на одлука за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисиите на Собранието на Република Македонија;
18. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа (ПССЕ);
19. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ);
20. Предлог на одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија (ИПУ);
21. Предлог на одлука за избор на шеф, членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централно европската иницијатива;
22. Предлог на одлука за избор на шеф, членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание во Северноатланската договорна организација (НАТО);
23. Предлог на одлука за избор на претседател, заменик на претседателот и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија за соработка со Европскиот Парламент;
24. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата Климент Охридски";
25. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;
26. Предлог на одлука за огласување изменување на Јавен обвинител на Република Македонија.

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државни службеници;
2. Предлог на закон за изменување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија;
3. Предлог на закон за дополнување на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници;
4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Центар за образование на кадри заобласта на безбедноста, со Предлог на закон;
5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по договорите за заеми по Проектот ХЕЦ "Козјак" со Кинеската банка и фирмата "Хаинан" С.И.Т. Ентерпраиз Корп. , со Предлог на закон;
6. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за трговски друштва, со Предлог на закон;
7. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за акцизите, со Предлог на закон;
8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за авторско право и сродните права, со Предлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за изменување и дополнување на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Хрватска, со Предлог на закон;
10. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за трговска и економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Исламската Република Иран, со Предлог на закон;
11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за трговска и економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина , за фотосанитарна соработка,со Предлог на закон;
12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за изменување и дополнување на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Словенија, со Предлог на закон;
13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за соработка во полето на здравството и медицината ,со Предлог на закон;
14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за соработка во полето на здравствената заштита на животните и карантин ,со Предлог на закон;
15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Норвешка за меѓународен патен сообраќај, со Предлог на закон;
16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кабинетот на министри на Украина за превоз на патници и стоки во меѓународниот патен сообраќај, со Предлог на закон;
17. Предлог за донесување на закон за ратификација на измените на Протоколот Б од Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Бугарија, со Предлог на закон;
18. Предлог за донесување на закон за културно наследство;
19. Предлог на просторен план на регионот на заштитените зони на изворот Рашче;
20. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Тетово;
21. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Кочани;
22. Предлог за разрешување од функцијата заменик Јавен обвинител на Република Македонија;
23. Предлог за именување директор и заменик на директорот на Агенцијата за државни службеници;

24. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија;
25. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Радовиш;
26. Предлог на одлука за разрешување, избор и именување на Управниот одбор на Јавно претпријатие Македонска Телевизија;
27. Предлог на одлука за за разрешување и именување членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие Македонска Телевизија;
28. Предлог на одлука за разрешување и именување заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие Македонска Телевизија;
29. Предлог на одлука за разрешување и избор на членови на Советот за радиодифузија;
30. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев";
31. Предлог на одлука за разрешување и избор на претседател и членови на Советот за научно-културни средби "Десет дена Крушевска Република";
32. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Клинички центар- Скопје;
33. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар- Велес;
34. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита- Тетово;
35. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Болница за душевни болести- Демир Хисар;
36. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Неготино"- Неготино;
37. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Аптека "9 ноември"- Велес;
38. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом- Виница;
39. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар-Куманово;
40. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар-Дебар;
41. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за рехабилитација на слух, говор и вид- Битола;
42. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Нада Михајлова"- Пробиштип;
43. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Борка Талевски"- Прилеп;
44. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
45. Предлог на одлука за именување републички советник на Собранието на Република Македонија.

**Шеста седница** 19.12.2002 (четврток)

- На оваа седница Претседателот на Република Македонија ќе му се обрати на Собранието на Република Македонија.

**Седма седница** 23.01.2003 (четврток)

1. Избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија;
2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана, со Предлог на закон;
3. Предлог за донесување на закон за договорен залог, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за облигациони односи, со Предлог на закон;
5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на хидрометеоролошки работи, со Предлог на закон;
6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вино, со Предлог на закон;
7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за пристапување на Република Македонија кон Светската трговска организација, со Предлог на закон;
8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за укинување на присилна работа, со Предлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конзуларниот договор меѓу Република Македонија и Република Турција, со Предлог на закон;
10. Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во борбата против тероризмот , организираниот криминал, нелегалната трговија со наркотични дроги , психотропски супстанци и прекурсори, нелегална миграција и други кривични дела, со Предлог на закон;
11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словачка, со Предлог на закон;
12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словачка за трговска и економска соработка, со Предлог на закон;
13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Сојузна Република Германија, со Предлог на закон;
14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конзуларна конвенција меѓу Република Македонија и Република Романија, со Предлог на закон;
15. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија во мировна операција во Авганистан;
16. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија;
17. Предлог на одлука за одбележување на Стогодишнината на Македонската државност 1903-2003 година;
18. Предлог за именувањеЈавен обвинител на Република Македонија;
19. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Тетово;
20. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Апелациониот суд во Скопје;
21. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Основните судови во Скопје 1- Скопје, Скопје 2- Скопје и Велес;
22. Годишен извештај на извршената ревизија и за работата на Државниот завод за ревизија за 2001 година.

**Осма седница** 30.01.2003 (четврток)

- На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања.

**Деветта седница** 21.02.2003 (петок)

- На оваа седница на Собранието на Република Македонија му се обрати Претседателот на Европската Комисија Романо Проди.

**Десетта седница** 25.02.2003 (вторник)

1. Именување заменик на министерот кој раководи со Министерството за надворешни работи;
2. Предлог за изменување и дополнување на Законот за локални избори;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија, со Предлог на закон;
4. Предлог за донесување на закон за надворешни работи;
5. Предлог за донесување на закон за водни заедници;
6. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за кинематографска копродукција меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Италија, со Предлог на закон;
7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за соработка во областа на туризмот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Италија, со Предлог на закон;
8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за соработка во областа на заштитата на животната средина и природата, со Предлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за соработка во областа на животната средина, со Предлог на закон;
10. Предлог за донесување на закон за судски буџет;
11. Предлог на одлука за формирање и за определување претседател и членови на Одборот за одбележување на Стогодишнината на Македонската државност 1903-2003 година;
12. Предлог на одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка;
13. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом- Ресен;
14. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Борис Канчевски"- Гостивар;
15. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом- Крушево;
16. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Примариус д-р Ѓорги Гавриловски"- Свети Николе;
17. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар- Тетово;
18. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Кратово" ПО-Кратово;
19. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Центар за продолжено лекување и рехабилитација Катлановска Бања- Скопје;
20. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом- Радовиш;
21. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита- Кочани;
22. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања- Отешево;
23. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом- Пехчево;
24. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Општинска аптека- Кочани;
25. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом П.О.- Демир Хисар;
26. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита- Штип;
27. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар- Крива Паланка;
28. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом- Делчево;
29. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом- Ростуше;

30. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом- Валандово;
31. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар- Кичево;
32. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар- Струмица:
33. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита- Прилеп;
34. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита- Струмица;
35. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Природно лекувалиште Бања Банско- Струмица;
36. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Градска аптека- Кавадарци;
37. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар- Штип;
38. Предлог на одлука за именување претседател, потпретседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата;
39. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување;
40. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Апелациониот суд во Скопје;
41. Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Скопје 1- Скопје, Тетово , Кочани и Битола;
42. Предлог на одлука за огласување именување заменици на Јавниот обвинител на Република Македонија;
43. Предлог на одлука за огласување именување на Јавни обвинители на Вишото јавно обвинителство во Скопје, Битола и Штип;
44. Предлог на одлука за огласување именување заменици на Јавни обвинители на Вишото јавно обвинителство во Скопје, Битола и Штип;
45. Предлог на одлука за огласување именување Јавни обвинители на основните јавни обвинителства;
46. Предлог на одлука за огласување именување заменици на Јавни обвинители на основните јавни обвинителства.

**Единаесетта седница** 27.02.2003 (четврток)

- На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања.

**Дванаесетта седница** 11.03.2003 (вторник)

Министерот Костов ја изрази својата готовност за разговори и соработка не само за прашањата кои произлегуват од Резолуцијата 1213, туку и за сите други кои се од интерес за СЕ и меѓународната заедница. Што се однесува до владината коалиција особено е важно како двата партнера, македонскиот од изборната коалиција "За Македонија" и албанскиот од партијата ДУИ, (која доби над 70% гласови од албанската популација) ќе се покажат во пракса. Според изборните платформи и владината програма досега нема разлики во основните определби и доколку сето тоа биде реализирано има иднина и перспектива. Но, ако само се менуваат личности, како во време на претходната влада состојбите ќе се влошат. Според министерот дадена ни е последна шанса да се разбереме и живееме зедно. Првиот сериозен тест со училиштето во Шемшево не беше добар и ефикасен.

Во натамошниот разговор беше изнесена цврста определба на владата да ги реализира сите обврски кои произлегуваат од Рамковниот договор.Така за остварувањето на децентрализацијата е формирана посебна работна група која треба да утврди план со прецизни рокови за реализација. Но, од албанската страна треба да се разбере дека во Рамковниот договор не се содржани само правата туку и обврските, вклучувајќи ги и оние секојдневните, како што е плаќање на даноците и сметките, враќањето на раселените лица во нивните домови и безбедноста на целата територија.

Во однос на прашањето на безбедноста председателот на Мониторинг комисијата се интересираше за причините заради кои безбедносните сили не влегуваат во сите реони, за тоа дали полицијата располага со ефикасни средства за спротивставување на криминалните дејствија, за дејствувањето на мултиетничките политички патроли и процентот на припадниците на етничките заедници во полицискиот состав, помошта на меѓународната заедница на теренот во објаснувањето на ситуацијата, како и за состојбата со парамилитарната единица "лавови" и кога се очекува таа да биде распуштена. По исцрпните одговори на министерот претседателката на Мониторинг комисијата запраша дали и покрај се´ е оптимист, на што г-дин Костов одговори дека лично е умерен оптимист.

6. Средбата со **делегацијата во ПС на СЕ** започна со укажувањето на шефот на Делегацијата д-р Елеонора Петрова-Митевска дека новата делегација во ПС на СЕ пристапува со ентузијазам и готовност за ангажман кон обврските што ги очекуваат. Притоа укажа дека во Собранието на Република Македонија значајно е подобрена половата структура, благодарение на определбата на изборните листи да се најдат најмалку 30% од еден пол. Во делегацијата во ПС на СЕ структурата е уште подобра и изнесува 50%, а за првпат таа ја има честа да биде шеф на Делегацијата.

На прашањето на претседателката на Мониторинг комисијата дали во Собранието има 30% пратеници жени одговорено е дека тоа, за жал, не се случи. Причината за тоа е што некои партии на кандидатските листи жените ги ставија на пониски места. Меѓутоа, постои силно женско лоби кое ќе се залага за поголема застапеност на жените веќе на претстојните локални избори.

Госпоѓата Дириу учеството на жените во власта го оцени како посебно значајно прашање на демократијата. Потребно е и поголемо присуство на Албанките во политичкиот живот во Македонија. Во однос на праведната застапеност на половите не помагаат многу декларативните изјави, туку конкретни резултати.

Во натамошниот разговор од страна на претседателката на Мониторинг комисијата беше презентирана поширока информација за организационата структура и

функционирањето на ПС на СЕ, активноста и надлежноста на комисиите и партиските групи, како и за развојот и проширувањето на СЕ. Притоа беше укажано дека Стразбург е исклучително значајно место за широка комуникација со парламентарците од цела Европа и за активности во рамките на т.н. парламентарна дипломатија, која е поширока и ја надминува класичната дипломатија, со оглед дека во неа освен власта е вклучена и опозицијата.Тоа подразбира остварување на што е можно повеќе средби со значајни (денешни и идни) политичари на европската политичка сцена и користење на овој исклучителен лобистички канал за презентирање на ставовите на земјата и на партиите на кои им припаѓаат.

7. На средбата со **потпреседателот на Владата** Радмила Шеќеринска централна тема беше имплементацијата на Рамковниот договор и приоритетите на Владата. Шеќеринска нагласи дека остварувањето на Рамковниот договор спаѓа во најзначајните приоритети што е изразено и со определувањето на еден од потпреседателите за координатор на активностите на Владата во однос на ова прашање. Ургентно се работи на децентрализацијата и локалната самоуправа за што треба да биде поднесена конкретна програма и динамика за нејзиното остварување. Со децентрализацијата се очекува да биде реализирана ефикасна и функционална локална самоуправа. Од страна на министерот за правда треба да биде поднесена листа на прашања од значење за стабилно функционирање на правната држава.

Г-ѓа Дириу се интересираше за: причините заради кои опозицијата не партиципира во работата на парламентот; ефикасноста на функционирањето на владината коалиција (имајќи предвид дека меѓу политичкиот партнер има и личности кои се амнестирани); непријателите на процесот на стабилизација и посебно за дејствувањето на криминалните структури. Пошироко од страна на потпреседателот на Владата беше елаборирано прашањето на употреба на јазиците на заедниците во малцинство во личните документи. Притоа беше нагласено дека ова прашање беше прецизирано во текот на подготвувањето на Рамковниот договор, а тоа не беше почитувано во текстот на предлог-Законот за лични исправи заради што, тогаш како опозициона партија, СДСМ не го поддржа во Парламентот. Сега во јавноста повторно се присутни некои неприфатливи максималистички толкувања на ова прашање, кои доаѓаат од ДПА. Во предизборниот период, заради изборно профитерство, од страна некои партии направен е договор ова прашање да биде третирано како прашање на лична идентификација, што е несогласно со словото и духот на Рамковниот договор.

Потпреседаталот на Владата потенцираше дека за валадеачката коалиција е битно остварување на позитивни резултати на социјално-економски план и потиснување на етничките недоразбирање на втор план. Потребно е што поскоро да биде заклучен аранжман со ММФ за пополнување на "дупката" во финансирањето на буџетот, да би можело потоа да се премине на финасирање на инвестициони програми и проекти. Во преговорите што се водат со меѓународните финансиски институци се настојува да се укаже на проблемите со кои се соочува РМ по еден конфликтен период.

8. На средбата со **претседателот на Република Македонија**, г. Борис Трајковски претседателот на Мониторинг комисијата повтори дека основниот мотив на нејзиниот престој е да се запознае со: исполнувањето на обврските и заложбите на РМ кон СЕ; имплементацијата на Рамковниот договор и со определбите на новиот парламент и новата влада. Но, освен тоа од претседателот Трајковски побара коментар за состојбите во регионот, односите со ЕУ и НАТО и во тој контекст особено за замената на НАТО силите со силите на ЕУ во Македонија.

Претседателот Трајковски подвлече дека нашите односи со ЕУ се остваруваат во рамките на процесот на стабилизација и асоцијација, но очекуваме да ја поминеме таа рамка и се´ повеќе, за разлика од порано, да се ангажираме на асоцирањето. Ситуацијата во регионот е изменета од времето кога акцентот беше ставан на стабилизацијата и на потребата за промена на недемократските режими. Сега балканските земји имаат демократски избрани Парламенти и Влади, определени кон евроинтегрирањето. Не е логично да биде оставен вон Европа регионот кој природно му припаѓа и кој започна да гради на надворешен план односи на меѓусебна соработка, а на внатрешен да остварува длабоки реформи. Тие процеси треба да бидат охрабрени, а не спротивно да останеме без поддршка и да се чуствуваме изолирани од Европа. Сега сме само соседи на Европа, а не сме во неа. ЕУ има механизми и средства кои можат да

бидат применети за конкретна стратегија на евроинтегрирање на нашиот регион. Тоа очекуваме да се случи на најавениот самит во Солун, во текот на претседателството на Грција со ЕУ. Досега ЕУ беше присутна и препознатлива по придонесот за стабилноста и разрешување на етничките проблеми, а сега се´ повеќе треба да доминираат прашањата сврзани со подобрувањето на животот на граѓаните. Тоа се секојдневните прашања кои беа на дневниот ред во односите со земјите кандидати. На пример како може нашата младина да биде европски ориентирана, кога заради визниот режим нема ни можност да комуницира и да биде вклучена во младинските европски програми за соработка. Нешто треба да се понуди на младата генерација да може да ја почуствува својата иднина во Европа.

Нагласувајќи дека излагањето го сослушала со задоволство г-ѓа Дириу изнесе дека директен и отворен одговор на прашањето би бил - доколку ја сакате Европа тоа треба јасно да го побарате. Сосема е јасно дека без Балкан не е можна ни единствена Европа. На овој простор се наоѓаат најстарите европски земји. Полесно се прифатливи Македонија, Хрватска и дури Југославија отколку, на пример Турција, во однос на која се поставуваат многу прашања. Изразување на интересот за Европа не е прашање за одложување и како барање треба да биде формулирано од земјите во регионот.

Претседателот Трајковски изнесе дека од страна на претседателите на петте земји на т.н Западен Балкан е упатено едно такво јавно барање. Постои подготвеност за усвојување заеднички документ во кој би биле дефинирани модалитетите за соработка, како и очекувањата на земјите од регионот. Без јасна порака од Брисел за европските перспективи тешко може да се успее во реализацијата на болните реформи, борбата против криминалот, собирањето на нелегалното оружје, отворањето на перспективите за младата генерација итн. Ние не бегаме од домашната задача сврзана со подготвувањето за отворање на поглавјата од процесот на приклучување кон ЕУ.

Меѓутоа, постојниот визен режим, а особено оној што ќе биде воспоставен кон нас по приемот на земјите кадидати, уште повеќе ќе доведе до отуѓувањето на младите и нивната криминализација. Коментирајќи го изнесеното, претседателката на Мониторинг комисијата посочи дека ова е проблем во однос на кој и СЕ може да делува како што тоа го направи во врска со проблемот на комуникацијата на енклавата Каљининград со Русија (по воведувањето на визниот режим од земјите кандидати који ја опкружуваат енкалавата).

Во однос на прашањето дали европските сили треба да ги заменат силите на НАТО претседателот Трајковски укажа дека е тоа прашање на договор меѓу двата меѓународна партнера. За нас е битно да добиеме јасен и ефикасен безбедносен пакет со новиот аранжман. Според г-ѓа Дириу Македонија е сепак таа која треба да упати повик за присуство на странските сили. Во таа смисла се поставува и прашањето кон кого има доверба новата коалициона влада.

* * * * *

Посетата на госпоѓата Жозет Дириу беше во рамките на нејзиниот мандат, како претседател на Мониторинг комисијата на ПС на СЕ да известува и за состојбите на постмониторинг дијалогот со Република Македонија, започнат во 2000 година врз основа на Резолуцијата 1213 на ПС на СЕ. Според нејзините искажувања нејзина ориентација е да утврди кои прашања бараат дополнителен ангажман за окончување на пост-мониторинг дијалогот. Во врска со изготвувањето на конечниот извештај, според госпоѓата Дириу ќе и биде потребна уште една посета во текот на наредната година.

При посетата беше остварена отворена размена на мислења за низа актуелни прашања сврзани со промените во нашиот уставно-правен поредок и особено со имплементацијата на Рамковнот договор. Со разбирање е прифатено објаснувањето дека во голема мера со она што е направено како резултат на политичкиот дијалог и компромис се исполнети, па дури и надминати барањата поставени од СЕ при приемот на РМ во членство во Советот на Европа. Готовноста и отвореноста (искажана од нашата страна во низа средби) за натамошна соработка во остварувањето на пост-мониторинг дијалогот е примена со задоволство.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа на Првиот дел на Редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2003 година, одржана од 27 до 31 јануари 2003 година во Стразбург, Република Франција***

***Скопје, февруари 2003***

*Од 27 до 31 јануари 2003 година во Стразбург, Република Франција се одржа Првиот дел на Редовната сесија за 2003 година на Парламентарното собрание на Советот на Европа. На седницата учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во полн состав: д-р Елеонора Петрова-Митевска, шеф на Делегацијата и член во ПС на СЕ, г-ѓа Теута Арифи и г-дин Стојан Андов, членови во ПС на СЕ, г-дин Андреј Жерновски, г-ѓа Ганка Самоиловска-Цветанова и г-дин Џевдет Насуфи, замениците на членовите во ПС на СЕ. Делегацијата беше придружувана од г-дин Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата и г-ѓа Ана Качакова, член на секретаријатот на Делегацијата.*

*На парламентарците во текот на сесијата им се обратија (според редоследот на обраќањата): Абдула Ѓул, претседател на Владата на Република Турција; Брус Џорџ, претседател на ПС на ОБСЕ; Ерхард Бусек, специјален координатор на Пактот за стабилност; Енрике Џексон Рамирез, претседател на Сенатот на Мексико; Едвард Фенех-Адами, претседател на Владата на Малта; Валтер Швимер, генерален секретар на Советот на Европа; министрите за култура на Алжир, Мароко и Тунис Халида Тауми, Мухамед Ахари и Абдулбеки Хермази; Денис Мекшејн, министер за европски прашања на Велика Британија; Тереза Боасо, државен секретар за хендикепирани лица на Република Франција и Томас Клестил, претседател на Република Австрија*

1. Непосредно пред јануарската сесија на ПС на СЕ беше одржан еднодневен Информативен семинар за новите членови на делегациите во Парламентарното собрание од Македонија, Шведска и Словачка по кој претседателот на ПС на Советот на Европа г. Питер Шидер приреди работен ручек за учесниците. На Семинарот од македонската Делегација учествуваше шефот на делегацијата д-р Елеонора Петрова-Митевска. Генералниот секретар на ПС на СЕ, г-дин Бруно Халер и неговите соработници на семинарот презентираа низа корисни информации за политичкото значење и улогата на ПС во структурата на Советот на Европа, процедурата и праксата во работата на пленарните сесии и во комисиите, Судот за човекови права и конвенциите на СЕ, како и за организационата структура на Секретаријатот на ПС на СЕ и начинот на функционирање на СЕ во одделни сфери. Од страна на шефот на Делегацијата д-р Елеонора Петрова-Митевска беше побарано да биде појаснета разликата меѓу фазите на мониторинг процедурата и постмониторинг дијалогот (во која се наоѓа Македонија), како и да се информира колку вообичаено трае постмониторинг дијалогот. Одговорено е дека мониторинг процедурата се отвора според стриктно определени правила содржани во Резолуцијата 1115(1997) врз основа на мислење на двајца специјални известители. Предлогот за окончување на постмониторинг дијалогот се поднесува од страна на претседателот на Мониторинг комисијата, по посетите на соодветната земја, при што нема правило за должината на оваа постапка. Во врска со изборот на деветнаесет потпреседатели на ПС на Советот на Европа (согласно со определувањето на местата за одделни групации на земјите членки врз основа на Резолуцијата 1105 (1996) упатено е прашање кога може да се очекува Македонија, која е член на СЕ од 1995 година да добие такво место во Групата 4 која ја сочинуваат петнаесет држави. Со оглед дека не беше добиен конкретен одговор, д-р Петрова-Митевска оствари дополнителна средба со директорот г-дин Жоерн Стиген, раководител на Одделот за регистрација. Добиена е информација дека може да се очекува едно од трите потпретседателски места, кои и´ припаѓаат на Групата 4, да ни припадне дури во 2005 година.

Семинарот претставуваше можност за изворно запознавање со структурата и функционирањето на Советот на Европа и Парламентарното собрание и неговите работни тела.

2. Во дебатата на пленарната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа едно од прашањата кое предизвика посебен интерес беше разгледување на Извештајот за перспективите на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа: унапредување на безбедноста и политичката стабилност преку економската соработка.

Баронесата Хупер од Групата на европски демократски партии, како известител по овој извештај, се заложи за потребата за брзо завршување на инфраструктурните проекти, борбата против организираниот криминал и отстранување на преостанатите пречки во регионалната трговија и слободното движење на луѓето. Како предизвици за иднината на регионот таа ги посочи: трансформирање на политичката волја и на заложбите на државите од регионот за имплементација на конкретни проекти, определување на динамиката за нивно остварување, развивање на свеста за припадноста кон регионот, соодветна интеграција на Косово во регионалната соработка и зацврстување на се уште недоизграденото цивилно општество во Југоисточна Европа.

Во Резолуцијата која по расправата беше усвоена е нагласено дека се уште постои загриженост на земјите од Југоисточна Европа поради бавноста во реализацијата на проектите на Пактот за стабилност. Од друга страна, земјите и институциите донатори забележуваат дека е направен мал прогрес во однос на реализацијата на целите на Пактот како што е, на пример, воспоставувањето на ефективни билатерални договори за слободна трговија, борбата против организираниот криминал, слободното движење на луѓе и неприкосновеноста на правото на сопственост.

Италијанскиот пратеник *Марко Закера* од Групата на европски демократски партии во расправата со загриженост укажа дека во регионот на Балканот имало повеќе кризи по кои е воспоставен мир, меѓутоа прогресот во интеретничката комуникација се уште е недоволен. Допрва треба да биде изградена состојба на стабилност и економски развој во функција на придружување на некои од овие земји во ЕУ во иднина. Меѓутоа, во овој регион се уште се присутни криминални организации под чија контрола е илегалната миграција. Треба да се има предвид дека во некои области таа појава ескалира, како што е тоа случај со Македонија.

Поради голем број пријавени дискутанти по оваа точка, можност да се обратат на пленарната сесија имаа претставниците на партиските групи и известителите на работните тела, поради што голем број пратеници своите ставови ги презентираа во писмена форма. Излагањето на шефот на Делегацијата д-р Елеонора Петрова-Митевска е дадено во писмена форма и е составен дел на Извештајот од Првата сесија (AS(2003)CR 1-Addendum 2).

3. Извештајот за "Слобода на изразување на медиумите во Европа", презентиран од известителката од Финска г-ѓа Тити Исохоокана-Асунмаа предизвика низа коментари и спротивставени мислења и оцени. Притоа е укажано на потребата Советот на Европа да продолжи да ја набљудува слободата на изразување и плурализмот во информативните медиуми во земјите членки на Советот на Европа, да се залага за одбрана на базичните стандарди и принципи на Советот на Европа и неговите конвенции во оваа сфера. Во Препораката по овој извештај е искажано залагање оцената во врска со повредата на слободата на изразувањето да се евалуира за секоја земја поодделно. Истовремено констатирана е загриженост заради продолжување на насилството и притисокот врз информативните средства. Тоа особено е изразено преку поведување истражни постапки кон одделни новинари во повеќе земји, при што е спомната и Република Македонија. Пошироко е елабориран случајот на конфликтот на интересите и загрозување на плурализмот на медиумите во Италија, при што е апострофиран случајот на Берлускони и неговото влијание врз независноста на медиумите. Во Препораката ПС на Советот на Европа бара од Комитетот на министрите да ги поттикне земјите членки: да обезбедат постојано следење на случаите на насилство врз новинарите, непречено извршување на професионалните задачи, престанок со притисоците врз новинарите со примена на правни и економски инструменти, ревидирање на законите за информативните медиуми согласно со стандардите и препораките на Советот на Европа, како и нивна соодветна имплементација.

Во Меморандумот на овој извештај, во кој се дава личниот став на известителот, презентирани се неколку случаи на притисок и насилство врз новинарите во Македонија од поранешниот период (случајот со уредникот Зоран Божиновски од Радио

"Тумбе"- Куманово, а преземени се и некои наводи и оцени од Меѓународниот прес институт за Југоисточна Европа и од Меѓународната кризна група).

4. Редовно обраќање и комуникација до парламентарците имаше г-дин Валтер Швимер, генерален секретар на Советот на Европа. Тој опфати повеќе аспекти од активностите во изминатиот период каде што Советот на Европа и неговото Парламентарно собрание преку свои мисии зеле активно учество, како што се набљудувањето на изборите во Турција, во Србија и Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово, потоа мисијата во Чеченија и Руската Федерација, учеството на Самитот за одржлив развој во Јоханесбург и за други тековни прашања.

Господинот Швимер информираше дека на барање на високиот претставник на ЕУ Хавиер Солана и на властите во Република Македонија е именуван експерт од Советот на Европа со постојано седиште во Скопје. Делокругот на неговата работа треба да опфати следење на повеќе области: имплементацијата на Рамковниот договор, донесувањето на законските проекти предвидени со Договорот, обработката на податоците од пописот и консолидацијата на македонскиот правен поредок. Притоа констатираше дека по Рамковниот договор е постигнат позитивен развој и консолидација на состојбите, коишто дојдоа до израз за време на одржувањето на парламентарните избори и со спроведувањето на пописот.

5. Едно од централните прашања за кои беше расправано на јануарската сесија на ПС на Советот на Европа беше прашањето на придонесот на Советот на Европа кон концепирање на процесот на создавање на Уставот на Европската унија, за што Извештај поднесе грчкиот пратеник *Теодорос Пангалос* од Социјалистичката група. Употребувајќи го терминот "устав" условно со оглед дека се уште нема определба дали тој документ ќе биде класичен устав или уставен договор, г-дин Пангалос истакна дека во подготовките на овој документ клучна улога има Конвенцијата за иднината на Европа, предводена од Валери Жискар д΄Естен. Со овој документ треба да се одговори на прашањето дали овој уставен проект ќе биде документ само на Европската унија или има и поширoки импликации. Посебно е нагласена потребата за пристапување на ЕУ како ентитет кон Европската конвенција за човекови права, иако сите земји членки на ЕУ поединечно како членки на Советот на Европа веќе ја имаат ратификувано споменатата Конвенција. Споменати се и повеќе конвенции на Советот на Европа за кои е барано да бидат вклучени во идниот уставен документ. Поддржана е идејата за редефинирање на концептот на "граѓанство на Европската унија", што би била базирана на критериуми различни од оние за класичното државјанство.

Извештајот предизвика голем интерес за дебатирање и времето за дискусија беше ограничено. Дискусијата на д-р Петрова-Митевска беше депонирана во писмена форма и стана составен дел на адендумот на записникот од таа сесија.

6. Согласно со Резолуцијата 1115 (1997) на седницата на ПС на СЕ е поднесен годишниот Извештај за напредокот на мониторинг процедурите на ПС на Советот на Европа за 2002 година. Во Извештајот се евалуирани активностите на Комисијата кон земјите кои се во мониторинг и постмониторинг дијалог со ПС на Советот на Европа. Констатирана е потребата да се избегне паралелизам во набљудувачкиот процес кој, исто така, се одвива на владина основа. Искажано е и барање бројот на членовите на Комисијата од сегашните 76 да биде зголемен на 80 члена, согласно со бројот на членовите на другите комисии. Преземена е и обврска за прецизирање на начинот на отворање или обновување на мониторинг процедурата, имајќи ја предвид сложеноста на сегашната постапка со која многу е тешко отворањето на постапката на набљудување.

Во расправата од страна на швајцарскиот пратеник *Андреас Грос* од Социјалистичката група беше укажано на недостатоците при затворањето на мониторинг процедурата, при што посебно беше спомената Македонија во која само неколку месеци по затворањето на мониторинг процедурата дојде до граѓанска војна. Премногу внимание е посветувано на надгледувањето на законската рамка, а недоволно на имплементацијата на законите во реалноста. Според него, Комисијата располага со аналитички ресурси за следење на демократските процеси и прашањето

на имплементација на легислативата треба да биде пренесено на посебен поткомитет. Надоврзувајќи се на ова барање и изнесувајќи го своето лично мислење албанскиот пратеник *Ќазим Тепши* од Групата на европските народни партии предложи да се формира поткомитет којшто би го проучувал консолидирањето на демократијата во Македонија.

7. На барање на Делегацијата, заради запознавање на почетокот на нејзиниот мандат, остварена е средба со генералниот секретар на Советот на Европа г-дин Валтер Швимер. Претставувајќи ги членовите на Делегацијата шефот на Делегацијата д-р Петрова-Митевска нагласи дека Делегацијата е составена од пратеници кои припаѓаат и на позицијата и на опозицијата речиси целосно одразувајќи го плуралистичкиот состав на парламентот. За разлика од порано, во овој пратенички состав жените се застапени со значително поголем процент од порано, а во самата Делегација тие се застапени подеднакво и за прв пат жена е шеф на Делегацијата.

Овие информации г-дин Швимер ги прими со задоволство и укажа дека со внимание го следи развојот на состојбите во Македонија. Мошне добро соработуваат со ЕУ во сферата на легислативната помош на Македонија сврзана со имплементацијата на Рамковниот договор. За таа цел, неодамна именувал експерт во рамките на тимот на специјалниот пратеник на ЕУ, со посебни ингеренции за децентрализацијата и поддршка на реформата во локалната самоуправа.

Шефот на Делегацијата ги изнесе позитивните и охрабрувачките впечатоци од неодамнешната посета на Република Македонија на претседателката на Мониторинг комисијата Жозет Дириу, при која е констатиран значаен прогрес во остварувањето на пост мониторинг дијалогот.

Искажувајќи ја готовноста за поддршка од Советот на Европа на развојот на демократските процеси во Република Македонија, генералниот секретар запраша дали постојат и специфични барања од наша страна каде што тој би можел и лично да се ангажира. Пратеникот г-ѓа Теута Арифи, член во ПС на Советот на Европа, истакна дека ескпертизата од Советот на Европа на одделни закони кои се во процедура во Собранието на Република Македонија, била и е од голема корист. Истото го очекува и во иднина, особено во легислативата која произлегува како обврска од Рамковниот договор. Пратеникот г-ѓа Ганка Самоиловска-Цветанова, заменикот член во ПС на Советот на Европа, побара поддршка во финализацијата на процесот на приклучување на Република Македонија кон Европскиот филмски фонд за копродукција ЕУРОИМАЖ, формиран од Советот на Европа. Господинот Швимер истакна дека со задоволство ќе се ангажира за продлабочување на соработката со Република Македонија како во однос на ескпертската помош, така и во однос на поддршката за членство во ЕУРОИМАЖ.

8. На годишниот состанок на Управниот одбор на Меѓународниот институт за демократија како претставник на претседателот на Собранието на Република Македонија, учествуваше шефот на Делегацијата д-р Петрова-Митевска. На состанокот таа беше избрана за член на Управниот одбор, а имаше и кратко излагање сврзано со структурата и активностите на новиот состав на Собранието на Република Македонија и во тој контекст за успешно одржаниот Семинар за меѓународни односи за новите пратеници, организиран во соработка со Институтот.

9. Во текот на сесијата е остварена работна средба со претседателот и секретарот на Мониторинг комисијата. Притоа, г-ѓа Дириу ја извести д-р Петрова-Митевска во врска со нејзината неодамнешна посета на Република Македонија, а бараше дополнителни информации заради проверка и заокружување на нејзиниот Извештај. Притоа укажа дека на состанокот на Комисијата, во март во Париз, предвидува да ги презентира своите сознанија, а се очекува, согласно со деловничките одредби, на овој состанок да присуствува по еден пратеник од владејачката коалиција и од опозицијата.

10. Д-р Петрова-Митевска, врз основа на лична покана учествуваше и на состанокот на Трансрадикалната партија, каде што се расправаше за недозволеното исклучување на некои европски земји од процесот на проширување на ЕУ. Беше информирано дека

Трансрадикалната партија подготвува посебна декларација која ќе биде презентирана во рамките на Европскиот парламент, а ќе се започне и со кампања за формирање светска организација за демократија.

11. Во рамките на седниците на Комисијата за култура, образование и наука, д-р Петрова-Митевска (заменик на член во Комисијата и член на Поткомисијата за европско културно наследство) оствари средба со претседателот на Комисијата г-дин Луиз Мариа де Пуџ. На средбата беа согледани идните проекти на Комисијата и Поткомисијата и се утврдија можните ангажмани на д-р Петрова-Митевска во овие активности.

**Заклучни согледувања**

Оваа сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа претставуваше прва можност за учество на новата македонска Делегација во ПС на Советот на Европа, која од пратениците беше искористена за активно учество во работата на партиските групи каде што тие се членови, во работата на комисиите и поткомисиите и на пленарното заседание. Сесијата претставуваше извонредна можност за запознавање на пратениците со своите колеги, а при остварувањето на билатералните контакти се разменуваа мислења за актуелните европски случувањата, и се согледуваа можностите за лобистичко дејствување преку презентирање на политичките ставови на Собранието на Република Македонија и на партиите на кои им припаѓаат.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

***ИНФОРМАЦИЈА***

***за состаноците на комисиите на ПС на СЕ, Париз, 3 до 5 март 2003 година***

***Скопје, март 2003 година***

*Во Париз, од 3 до 5 февруари 2003 година, беа одржани повеќе состаноци на комисиите на ПС на СЕ. Шефот на Делегацијата д-р Елеонора Петрова Митевска присуствуваше на состанокот на Политичката комисија и на Комисијата за правни прашања и човекови права, а членот на Делегацијата Ганка Самоиловска-Цветанова на состанокот на Комисијата за култура, наука и образование. Пратениците беа придружувани од секретарот на делегацијата Никола Тодоровски.*

*Комисијата за надгледување на обврските и заложбите (Мониторинг комисија) требаше да го разгледува прашањето на состојбите во постмониторинг дијалогот со РМ, но точката беше одложена на лично барање на претседателката на Комисијата Жозет Дириу.*

*Во врска со подготовките за нова репрезентативна изложба на РМ во Париз д-р Петрова-Митевска оствари повеќе контакти со надлежните француски институции.*

*Од страна на Амбасадата на РМ беше дадена целосна поддршка и помош за успешно реализирање на активностите на Делегацијата*.

**1.** Посебно внимание на седниците на Политичката комисија и Комисијата за правни прашања и човекови права предизвика контраверзното прашање на преференцијалниот третман на националните малцинства од страна на земјата на потекло, случај на Законот на Унгарија од 19 јуни 2001 за Унгарците кои живеат во соседните земји. Во извештајот на известителот на Правната комисија холандскиот пратеник Ерик Јиргенс (Група на социјалистички партии) се укажува дека значителен дел на Унгарците останал да живее надвор од земјата на потеклото, но и натаму се идентификуваат и ја чувствуваат припадноста кон унгарската национална културна и лингвистичка заедница. Од Унгарскиот парламент е донесен посебен закон со кој се воведува серија на економски, социјални, културни и образовни мерки во корист на Унгарците кои живеат во соседните земји. Преференцијалниот третман се однесува на Унгарците кои живеат во Хрватска, Србија и Црна Гора, Романија, Словенија, Словачка и Украина, со исклучок на Австрија. Побарано е експертско мислење од Венецијанската комисија која укажала дека државите не треба да имаат унилатерален пристап во заштитата на малцинствата од нивно потекло, туку ова прашање треба да се решава на билатерална основа и врз онова на почитување на четири принципи: територијален суверенитет, pacta sunt servanda, односи на добрососедство и соработка, како и почитување на човековите права и основни слободи, вклучувајки ја и забраната на дискриминација. Од експертите е укажано дека ова прашање не е нов феномен во меѓународното право и притоа се наведени искуствата со Јужен Тирол и соодветните членови во уставите на повеќе земји членки на СЕ (Унгарија, Романија, Словенија, Словачка, Хрватска, Украина, Полска), вклучувајки го и членот 49 од Уставот на РМ од 1991 година.

Имајќи го предвид експертското мислење и негативните реакции на некои соседни земји известителот Јиргенс препорачува унгарскиот закон да биде изменет со амандмани врз основа на билатералните дискусии со сите соседни земји, вклучувајќи ја и Австрија и со водење сметка за критичките забалешки на Венецијанската комисија, ОБСЕ и ПС на СЕ.

Од страна на подносителот на мислењето на Политичката комисија бугарскиот пратеник Лучезар Тошев (од Групата на европски народни партии) се поддржани анализата и заклучоците содржани во извештајот на Правната комисија, но е укажано и на поширокото значење на унгарскиот случај. Повеќе земји членки на СЕ, вклучувајќи и некои од соседните држави кои се најголеми критичари на унгарскиот закон застапуваат преференцијален третман на нивните национални малцинства во странство. Пренесувајќи ги мислењата на унгарските соговорници при посетата на Будимпешта тој укажа и на потребата прашањето на преференцијален третман на припадниците на националните малцинства од страна на земјите на нивното потекло да биде разгледано и од аспект на воспоставување на општи европски стандарди.

По ова прашање се водеше широка и на моменти жолчна расправа во двете комисии. Посебно спорно беше прашањето на донесувањето на национален закон со протегање на територијата на другите држави, без притоа да постои билатерална

согласност. Согласно со мислењето на Венецијанската комисија усвоен е амандман на Прелиминарниот нацрт на резолуција со кој се предвидува дека кога државата на потеклото презема унилатерални мерки на преференцијален третман кон малцинствата кои се со потекло од таа држава во одделна држава, тогаш и таа држава има право да воведе исти мерки за малцинствата од нејзиното потекло.

Полемика предизвика и прашањето кога треба да биде изменет споменатиот закон. Според унгарските претставници со тоа не треба да се брза (со оглед дека постои политичка согласност) за да не бидат предизвикани негативни реакции пред референдумот во април за приклучување на Унгарија на ЕУ. Од исти причини за словачките претставници неприфатливо е расправата во ПС на СЕ да биде во јуни кога е и нивниот референдум. Од нивна страна се инсистира известителот за мислењето на Политичката комисија да ја посети и Словачка за да биде избегната едностраноста во некои согледувања и оцени.

Заклучено е расправата по ова прашање да биде продолжена имајќи ги предвид бројните разлики и деликатноста на политичкиот момент во кој за него се расправа. Укажано е и на појавата дека чувствителната природа на малцинското прашање во Југоисточна Европа мошне често, во време на изборите, да се експлоатира и злоупотребува од страна на националистичките партии.

**2.** На двете комисии беше разгледувана и актуелната состојба во Чеченија, што инаку во континуитет се прави подолго време и за што се поднесуваат постојани извештаи на набљудувачите и на ПС на Советот на Европа, како и на експертите испратени по владина основа од страна на генералниот секретар на Советот на Европа. Овој пат вниманието е концентрирано на референдумот за Нацртот на уставот и за изборните закони предвиден за 23 март 2003 година. Во отсуство на функционирањето на републичкото законодавство, правна основа за референдумот е дадена со посебен Декрет на претседателот на Руската Федерација. Според оцените на меѓународната заедница (Европскиот парламент, ОБСЕ и ПС на Советот на Европа, вклучувајќи го и високиот комесар за човекови права), претстојниот референдум треба да обезбеди вистинска можност за изразување на волјата на народот на Чеченија, што би претставувало прв чекор во изнаоѓањето на политичко решение за конфликтот.

На седницата на Политичката комисија дојдоа до израз разликите во однос на оцената дали станува збор за предвремен или навремен чекор. Според долгогодишниот известител за Чеченија лордот Џад и некои други дискутанти решението за одржување на референдум е правилно, но не во предложениот термин со оглед дека не се исполнети предусловите за демократско и слободно изјаснување имајќи ја предвид безбедносната ситуација. Во таа смисла присуството на меѓународни набљудувачи би претставувало давање легитимитет на една мошне загрижувачка безбедносна ситуација. Имајќи го тоа предвид, лордот Џад најави дека ќе поднесе оставка на местото известител за Чеченија доколку ПС на СЕ испрати делегација за набљудување на референдумот. Од страна на руските претставници е потенцирано дека токму од Советот на Европа е барано што побрзо да се организира референдумот (на што тие своевремено се спротивставувале) и дека состојбата не е ништо полоша од онаа во Косово, каде што со присуство на меѓународната заедница беа организирани избори. Доминантно мислење во однос на дилемата за ангажманот во претстојниот референдум беше дека ПС на Советот на Европа не може да биде исклучок и дека треба да има ист однос како и другите европски организации кои се определени да ги следат изборите.

**3.** На седницата на Политичката комисија е остварена размена на мислења со повеќе експерти (професорите Бец од Женева, Крегар од Загреб и Сабатучи од Рим, како и членот на ЕЦРИ Линстер) во врска со загрозувањето на демократијата од страна на екстремистичките движења во Европа. Некои од изнесените оцени предизвикаа полемика, особено оние сврзани со означувањето на "Северната лига" во Италија како екстремистичка и блиска до фашизмот. Укажано е и дека се´ уште не е доволно прецизно дефинирано што се подразбира под терминот екстремизам, но и дека мерките на забрана и попречување на политички движења не треба да бидат применувани од демократските режими. Заради сложеноста на прашањето и низа конкретни оцени и квалификации кои ги засегаат одделните држави, прашањето натаму ќе биде

разгледувано од Комисијата, а дури во септември се очекува да дојде на дневен ред на пленарната сесија на ПС на Советот на Европа.

**4.** На седницата на Политичката комисија стана збор и за прашањето на односот на Европа кон кризата во Ирак, кое треба ургентно да биде разгледувано на сесијата на ПС на Советот на Европа во април. Во дискусијата дојде до израз неединството како на ниво Советот на Европа, така и меѓу членовите на националните делегации. Потсетено е дека во првиот член на Статутот на Советот на Европа се пледира на европско единство и укажано е дека во повеќе национални парламенти (Турција, Велика Британија, Литванија, Словенија и други) дојде до поделба токму по прашањето дали кризата треба да се решава со политички или воени средства. Евидентна е збунетоста и неизвесноста во однос на определбата за или против меѓународна воена интервенција, особено ако претходно не се донесе резолуција на СБ на ООН.

**5.** На седницата на Комисијата за правни прашања и човекови права интерес предизвика разгледувањето на консеквенците на проширувањето на ЕУ на слободата на движењето меѓу земјите членки на Советот на Европа. Земјите кои не се вклучени во Шенгенскиот визен систем се поделени во две категории: на оние за чии граѓани не е потребно и они за кои е неопходно да имаат соодветна виза за влез во "Шенгенската зона". Универзалното право на слободата на движењето се применува рестриктивно и води кон нова поделба на Европа. Таа опасност, според известителот д-р Купишевски од Централно-европскиот форум за истражување на миграцијата од Варшава, мора да биде избегната. Неопходно е да се создаде јасен, евтин и ефикасен визен систем кој ќе им овозможи на граѓаните на земјите кои не се членки на ЕУ полесно движење.

Предусловите за либерализација на визно-пасошкиот систем се забележителното намалување на опасноста која произлегува од организираниот криминал и незлоупотребата на туристичките посети за илегални претстојувања од економски причини (вработување на црно и сл.) Во таа смисла слободата на движењето во Европа во иднина ќе зависи не само од земјите на Шенгенската зона, туку и од земјите за чии граѓани се бара примена на шенгенскиот визно-пасошки режим. Во дискусијата посебно огорчени беа претставниците од поранешниот Советски Сојуз кои имаат мошне лимитиран пристап кон земјите членки, а се повеќе и земјите кандидати за членство. Позицијата на нашата земја е квалитативно поинаква со оглед дека сме вклучени во процесот на стабилизација и асоцијација со ЕУ заради што во оваа расправа (како што ни беше укажано во претходно извршените консултации) не треба да се индентификуваме и да дискутираме како и земјите засегнати со сета ригидност и без перспектива за брза промена на шенгенскиот визен систем.

**6.** На седницата на Комисијата за култура, наука и образование беше разгледувана состојбата и предизвиците на европскиот аудио визуелен сектор во што учествуваше и поранешниот француски министер за култура Жак Тубо, претседател на Европскиот фонд на СЕ за поддршка на копродукција, дистрибуција и прикажување на играни и документарни филмови (EUROIMAGE). Појдовна констатација во извештаите и дискусиите беше постоење на големиот дебаланс меѓу Европа и САД во аудиовизуелната сфера. Американскиот филм е предоминантен на глобално ниво, па дури и во Европа и во периодот од 1996 до 2001 година тој опфаќа 64% до 78% од европскиот пазар. Тешко да може да се зборува за европскиот филмски пазар затоа што е тој фрагментиран на пет позначајни (Франција, Германија, Велика Британија, Италија и Шпанија) и многу други мали национални пазари. Супремацијата на холивудскиот филм потекнува од структурни, историски и организациони причини, а компаративно гледано нивен филм во просек чини 55 милиона долари во споредба со европскиот, за кој се трошат 10 милиона долари.

Директорот на Евроимаж Тубо потенцираше дека во униформираниот свет на културата денес и политички е мошне значајно да се задржат вредностите на европската култура, која се изразува во различноста. Тој верува дека со новите технологии наскоро ќе може секој филм да се следи на оригиналниот јазик и на јазикот на земјата членка на Евроимаж. Создаден е дигитален систем кој ја надминал експерименталната фаза и технички е веќе тестиран и со кој нема да се гушат туку ќе се стимулираат националните јазици. Лично смета дека тука е иднината на јавниот европски канал за пласман на вестите, емисиите и филмовите преку јазиците на која било европска земја.

**7.** Република Македонија во Извештајот на Евроимаж за 2002 година е спомената на повеќе места: најнапред дека минатата година била индицирана желбата на нашата земја, како и на Естонија, Молдавија и Русија да се приклучиме на Фондот, како и дека од нивна страна е учествувано на тркалезната маса на Еурека (март) и на Еурека скрининг тркалезната маса посветена на можностите за аудиовизуелна поддршка (ноември).

Во своето излагање господинот Тубо со задоволство напомена дека 29-та земја членка на Еуроимаж ќе биде Македонија и изрази очекување дека и сите други земји членки на СЕ ќе се приклучат кон Фондот. На прашањето на г-ѓа Самоиловска-Цветанова од негова страна е дадена конкретна информација дека на 16 април Управниот одбор треба да одлучува за предлогот за прием, а во јуни во Солун, се очекува и формално да станеме земја членка на Евроимаж.

**8.** Шефот на Делегацијата д-р Елеонора Петрова Митевска оствари повеќе контакти во врска со идните активности во рамките на ПС на Советот на Европа од интерес за нашата делегација.

На средбата со претседателот на Мониторинг комисијата г-ѓа Дириу е побарно објаснување заради повлекувањето на точката за состојбата со постмониторинг дијалогот со Република Македонија од дневниот ред на последниот состанок. Дадено е објаснување дека станува збор за техничка причина и веќе на следната седница ќе биде разгледувана првичната информација за посетата на претседателот. Сепак, за финалната оцена и соодветната препорака е потребно да биде направена уште една посета, ориентационо во септември оваа година. Во Комисијата со задоволство е коментирана готовноста за соработка и коперативниот однос што се искажува од наша страна.

Како член на Поткомисијата за културно наследство г-ѓа Петрова Митевска разговараше со претседателот на Комисијата за култура, наука и образование Луис Марија де Пуџ за засилување на ангажманот на ПС на СЕ во областа на културата во регионот на Југоисточна Европа. Имајќи предвид дека регионот во изминатите години мина низ уништувања и разорувања (и се уште се наоѓа во период на недоволна заштита на културните споменици), со интерес е примено укажувањето и готовноста на г-ѓа Петрова Митевска да се ангажира во подготвувањето на соодветна презентација на овој проблем пред ПС на СЕ. Изнесено е очекувањето наскоро во писмена форма да биде поднесен предлог на резолуција за прашањето на заштитата на културното наследство во Југоисточна Европа.

Од нашата Делегација порано е предложено донесување на резолуција посветена на заштитата на Дојранското, Преспанското и Охридското Езеро што неодамна е прифатено од Бирото на ПС на Советот на Европа, а бугарскиот пратеник Лучезар Тошев е определен за известител. Во средбата со г. Тошев стана збор за можноста во рамките на активностите на Комисијата за екологија, земјоделство, локални и регионални прашања за одржување на средба кај нас, посветена на заштитата на трансграничните езера. Од наша страна треба да биде упатена официјална покана до Комисијата, при што би бил определен и терминот за средбата во втората половина на оваа година, која во Европа се одбележува како година на водите.

На седниците на комисиите во Париз беа разгледувани повеќе прашања кои треба да бидат на дневен ред на претстојните сесии на ПС на СЕ. Во таа смисла овие седници претставуваат добра можност за подготовка и проверка на позициите што ќе бидат заземани во однос на прашањата од интерес за Делегацијата. Истовремено, претстојот и бројните средби беа искористени за лобистичка активност во однос на низа прашања како што се: објективното информирање за стабилизацијата и развојот на демократијата кај нас, имајќи ги предвид присутните паушални оцени со кои се прават обиди РМ да се вклучи во кругот на земји со "недоволна" или "дефектна демократија"; изразувањето на готовноста за организирање средба посветена на прашањето на трансграничните езера на основа на порано упатената покана до Комисијата за екологија, земјоделство и локална управа; укажување на потребата за разгледување на прашањето на заштитата на културното наследство во Југоисточна Европа и барање на поддршка за што побрза финализација на процесот на приклучување на РМ на Фондот на СЕ за поддршка на копродукција, дистрибуција и прикажување на играни и документарни филмови - Евроимаж.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа на Вториот дел на Редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2003 година, одржана од 31 март до 4 април 2003 година во Стразбург, Република Франција***

***Скопје, јуни 2003***

*Од 31 март до 4 април 2003 година во Стразбург, Република Франција се одржа Вториот дел на Редовната сесија за 2003 година на Парламентарното собрание на Советот на Европа. На седницата учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во полн состав: д-р Елеонора Петрова-Митевска, шеф на Делегацијата и член во ПС на СЕ, г-дин Андреј Жерновски, г-ѓа Ганка Самоиловска-Цветанова и г-дин Џевдет Насуфи, заменици на членовите во ПС на СЕ. Делегацијата беше придружувана од г-дин Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата и г-ѓа Ана Качакова, член на Секретаријатот на Делегацијата.*

*На парламентарците во текот на сесијата им се обратија: Питер Шидер, претседател на Парламентарното собрание на Советот на Европа, Симеон Сакскобурготски, премиер на Република Бугарија и Драгољуб Миќуновиќ, претседател на Парламентот на Србија и Црна Гора, по повод приемот на оваа држава во Советот на Европа.*

**1.** Во дебатата на пленарната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа едно од прашањата кое предизвика посебен интерес беше итната дебата за Европа и кризата во Ирак. Со оглед на актуелноста на настаните кои се одвиваа во Ирак, беше подготвен Извештај од Комисијата за политички прашања, презентиран од швајцарскиот пратеник А. Грос (Социјалистичка група). Во расправата и во Резолуцијата беше подвлечено дека по терористичкиот напад од 11 септември 2001 година стратешката алијанса меѓу Европа и САД е од клучно значење за прогресот, безбедноста и демократијата во контекст на иднината на светот. Во таа смисла е неприфатливо било какво директно или индиректно конфронтирање меѓу европјаните заради избор кој би извршил поделба меѓу нив или уште полошо би ги загрозил фундаменталните принципи на европската демократија и би го повредил меѓународното право. Во дебатата беа изразени дивергентни мислења како меѓу одделни земји, така и меѓу парламентарци од исти земји, па дури и од исти партиски групи.

Во Резолуцијата 1441(2003) земјите членки на Советот на Европа се повикуваат да ги интензивираат напорите за изнаоѓање на одржливо решение за конфликтот на Блискиот Исток, за зголемување на напорите за интеррелигиски и интеркултурен дијалог и за почитување на принципите на меѓународното право и на ОН, како и за утврдување на заеднички европски пристап врз европските демократски принципи, вредности и интереси. Одлучено е да се побара од Комисијата за политички прашања да го проучи прашањето на поделба меѓу земјите членки на Советот на Европа со кое е проследена војната во Ирак.

**2.** Во расправата за културната ситуација во Јужен Кавказ (врз основа на активноста во Комисијата за култура, образование и наука и во нејзината партиска група во ПС на Советот на Европа), по номинација од името на Социјалистичката група, настапи шефот на делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на Советот на Европа д-р Елеонора Петрова-Митевска. Парламентарното собрание, разгледувајќи го Извештајот ја подвлече важноста на културниот сектор за политичката и економската стабилност на регионот на Јужниот Кавказ и за културна соработка меѓу трите држави на регионот: Грузија, Ерменија и Азербејџан. Овие земји се повикани да преземат соодветни чекори во однос на разрешување на меѓусебните конфликти, заштита на културната разновидност, заштита на малцинствата, медиумите, во образованието на младите генерации и воопшто во заштитата на културното наследство.

Во дискусијата, д-р Петрова-Митевска се осврна на потребата за промоција на културната толеранција и за незлоупотреба на културните вредности за политички цели, за заштита на културниот идентитет на малцинствата и за подобрување на законодавството во оваа сфера. Истовремено е сугерирана потребата за поголем интерес од страна на Советот на Европа за заштита на културното наследство во земјите на ЈИЕ, особено во Република Македонија, каде што состојбите на планот на

финансирање и заштитата на културните споменици се дури и полоши. Прашањето на уништување на културното наследство од нејзина страна беше третирано во поширок контекст како потреба во време на воените дејства на Блискиот Исток, односно во Ирак, да биде иницирана итна постапка за заштитата на културното наследство на цивилизациите на Сумерите и Акадите во Месопотамија. Овој став во неформалните контакти по седницата беше позитивно коментиран.

**3.** По повод 50-годишнината на Европската конференција на министрите за транспорт, разгледувано е прашањето на *Транспортната политика за голема Европа.* Притоа е дадена полна поддршка на напорите за концепирање на интегриран транспортен систем преку целиот континент и за воспоставување на координација во транспортната политика меѓу ЕУ и останатите европски земји. Исто така, беше подвлечена потребата за создавање на форум за анализа и дискусија на трендовите и проблемите во европскиот транспорт. Препорачано е да се води сметка за унапредување на безбедноста во сообраќајот преку утврдување на превентивни мерки во друмскиот сообраќај, вклучувајќи ја и хармонизацијата на контролата и казните, особено во однос на преголемата брзина, алкохолизирани возачи и слично. Целта е да се намали бројот на жртвите во сообраќајните несреќи кој изнесува 90 000 загинати и два милиони повредени годишно во земјите учеснички во Европската конференција на министрите за транспорт (ЕЦМТ). Во таа смисла, се препорачува на Комитетот на министрите на Советот на Европа заедно со ЕЦМТ да организира Конференција за безбедноста на патниот сообраќај и да предложи серија на соодветни мерки.

Во дебатата учествуваше и пратеникот г-дин Андреј Жерновски, член на ПС на Советот на Европа со своја дискусија, каде акцент стави на потребата од помош на земјите од ЈИЕ за подобрување на транспортните врски во регионот и за поправање на транспортната инфраструктура оштетена од воените дејства и од деценискoто запоставување и недоволно инвестирање. Г. Жерновски се осврна на состојбата на планот на патната и железничката инфраструктура во Република Македонија во контекст на постигнување на потполна функционалност на европските коридори 8 и 10. Притоа нагласи дека тоа би претставувало значаен мотив на економскиот развој на Република Македонија и регионот и би бил импулс на процесот на нивното евро-интегрирање.

**4.** На ова заседание посебно внимание беше посветено на прашањето на *Имунитетот на членовите на Парламентарното собрание на Советот на Европа*. Основните документи на ПС на Советот на Европа поврзани со имунитетот се: Општ договор за привилегии и имунитет и Дополнителен протокол од 1949, односно 1952 година, кои се ратификувани и од страна на Република Македонија. Меѓутоа, имајќи ги предвид значителните промени, како на национално така и на европско ниво, наметната е потребата за дополнително објаснување на мерките и постапките сврзани со прилагодувањето, проширувањето и реинтерпретирањето на привилегиите и имунитетот на членовите на ПС на Советот на Европа.

По расправата Парламентарното собрание усвои Препорака 1602(2003) и Резолуција 1325(2003) за "Имунитет на членовите на ПС на Советот на Европа" . Овие документи, меѓу другото, имаат за цел:

-да го разјаснат принципот на парламентарно неполагање одговорност кое го уживаат членовите на парламентот, во светло на неодамнешните случаи во Европскиот суд за човекови права, и во врска со тоа да го редефинираат опсегот на одделните термини содржани во Општиот договор ("во тек на заседание на Собранието", "во вршење на нивната функција");
-да ги разјаснат принципите со кои се уредува почетокот и крајот на имунитетот доделен на неговите членови;
-да утврдат критериуми кои ќе се земат предвид кога Собранието решава по барања за укинување на парламентарниот имунитет.

Во врска со прашањето на парламентарниот имунитет, истакната е интенцијата за блиска соработка со националните парламенти, а во случај на преземање мерки за притворање или гонење на национален парламентарец, кој воедно е и член на ПС на Советот на Европа, треба да биде информирано и ПС на Советот на Европа. Ова се објаснува со фактот што такви членови, покрај националниот имунитет, уживаат и независен "европски" имунитет. (Во Прилогот е даден интегралниот текст на Резолуцијата 1325(2003)).

**5.** Во текот на сесијата *свое обраќање пред парламентарците имаше премиерот на Бугарија Симеон Сакскобурготски*, по две претходни одлагања на посетите. Тој изрази задоволство што најпосле ќе му се обрати на Парламентарното Собрание на Советот на Европа. Подвлече дека Бугарија е дел од европската цивилизација и во историска и во културна смисла, а бугарската Влада континуирано во согласност со европските принципи и стандарди ги остварува реформите и го консолидира владеењето на правото. Тој го истакна бугарскиот етнички модел како искуство кое може да биде поделено со другите европски земји. Настојуваат на целосна интеграција на сите етнички групи, а посебен пример за тоа е активноста на Владата во однос на ромските организации и програмите за интеграција на оваа етничка заеница во бугарското општество. Бугарскиот премиер ја поддржа идејата за одржување на Трет Самит на земјите членки на Советот на Европа при што би било разгледувано прашањето на позицијата на најстарата европска организација во време кога се создаваат нови институции на нашиот континент.

Шефот на Делегацијата д-р Елеонора Петрова-Митевска му постави прашање на бугарскиот премиер за планираната посета на Република Македонија и побара негово мислење во врска со билатералните односи меѓу двата соседни народи и држави.

Во својот одговор премиерот Симеон Сакскобурготски укажа дека како соседни држави имаме заедничка историја и заеднички цели и настојуваме да оствaруваме економска и друга соработка.

Иако не беше директно поставено прашањето за македонското национално малцинство во Бугарија, најголем дел на одговорот беше посветен на елаборирање на бугарската позиција кон ова прашање. Притоа, за прв пат официјално во Советот на Европа од бугарскиот премиер беше признаено дека во Бугарија постојат Бугари со македонско потекло кои зборуваат на нивен мајчин македонски јазик, иако притоа беше минимизиран бројот на припадниците на тоа малцинство.

**6.** Претседателот на Мониторинг комисијата г-ѓа Жозет Дириу, согласно со нејзините ингеренции во постмониторинг дијалогот, по нејзината посета на Република Македонија кон крајот на минатата година поднесе Нацрт-меморандум. Согласно со Деловникот на Мониторинг комисијата, на седницата беа повикани да учествуваат шефот на Делегацијата д-р Елеонора Петрова-Митевска (како претставник на владејачката коалиција) и г-ѓа Ганка Самоиловска-Цветанова (како претставник на опозицијата). Расправата и документите во пост-мониторинг дијалогот се уште се од интерен и доверлив карактер и потребно е нивно дополнително прецизирање со македонските власти. Претседателот на Комисијата г-ѓа Дириу укажа на потребата наесен уште еднаш да ја посети Република Македонија, по што би бил финализиран извештајот со евентуален предлог за затворањето на пост-мониторинг дијалогот. Во врска со тоа, од страна на македонските надлежни власти се очекува актуелизирана информација за состојбите кои се следат во рамките на пост-мониторинг дијалогот.

**7.** Од страна на бугарскиот пратеник Лучезар Тошев, кој е известител за прашањето на заштитата на европските трансгранични езера, бевме информирани дека од страна на Бирото на ПС на Советот на Европа е прифатен предлогот да се одржи Колоквиум за ова прашање, во рамките на активностите на Комисијата за екологија, земјоделство, локални и регионални прашања. Во контактите со претседателот на Комисијата известителот и Секретаријатот на Комисијата беше утврдено како најповолен термин за

одржување на оваа меѓународна средба првата половина на октомври 2003 година. Оваа средба, со учество на наши и странски експерти, се одржува во годината која е прогласена за Година на заштитата на водите. Истата претставува убава прилика за презентирање на искуствата во заштитата на езерата во Македонија и за запознавање со проектите за кои бараме меѓународна поддршка.

**8.** Во контактите на шефот на Делегацијата д-р Елеонора Петрова-Митевска со претседателот и секретарот на Комисијата за култура беше иницирана и со задоволство поддржана можноста за поднесување на Предлог-резолуција за заштита на културното наследство во Југоисточна Европа. За таа цел, изготвен е текст кој сеуште е во работна верзија во кој особено се става акцент на сериозни оштетувања во изминатата декада на културно-историските споменици во Југоисточна Европа поради воените конфликти во некои земји од овој регион. Притоа се укажува дека еден од основните принципи на Европската културна конвенција е спроведувањето на политиката на заедничка акција со цел да се заштити и охрабри развојот на европската култура. Меѓутоа, заштитата на културното наследство во Југоисточна Европа досега не е третирана на соодветен начин и целта на Предлог-резолуцијата е да се укаже на проблемите и заедничкиот интерес за земјите од регионот и Европа воопшто во оваа сфера.

**ПРИЛОГ**

**Резолуција 1325 (2003)**

**Имунитет на членови на Парламентарното собрание**

Парламентарното собрание истакнува дека парламентарниот имунитет е една од најстарите парламентарни гаранции во Европа. Негова цел е зачувување на интегритетот на парламентите и заштита на независноста, но не и неказнивост на неговите членови во извршување на функцијата. Имунитетот обезбедува конкретна заштита од обвинувања на кои парламентарците се поизложени во однос на останатите граѓани. Покрај тоа, во првиот период на уставниот развој на младите демократии, присуството на имунитетот е многу значајно, особено кога се уште се зацврстува независноста на судството.

Собранието потсетува дека тоа беше првата меѓународна парламентарна институција во Европа која вклучи во својот Деловник одредби за укинување на имунитетот на неговите членови, давајќи практично изразување на членот 40 од Статутот на Советот на Европа и Општиот договор за привилегии и имунитет на Советот на Европа (1949) и неговиот Дополнителен протокол (1952).

Собранието забележува дека примило многу мал број барања за укинување на имунитет на негови членови и дека малкумина негови членови побарале од Собранието да го потврди нивниот имунитет во однос на постапки против нив на национално ниво. Собранието заклучува дека, од една страна, недостасува знаење за системот на имунитет за членовите на Собранието, а дека, од друга страна, одредени поими во системот се предмет на тесно толкување во земјите.

Собранието истакнува дека се идентични одредбите што се однесуваат на парламентарците во Општиот договор за привилегии и имунитет на Советот на Европа и неговиот дополнителен протокол и оние од Протоколот за привилегии и имунитети на Европските заедници додаден на Спогодбата од 8 април 1965 година. Покрај тоа, Европскиот парламент изгради концепт на европски парламентарен имунитет и се ослободи од обемното обичајно право во однос на практичната примена на имунитетот. Собранието констатира дека во моментов се водат преговори за статусот на членовите на Европскиот парламент кој ќе го вклучува и имунитетот.

Во однос на (парламентарна привилегија за) неполагањето одговорност / неподлегнувањето на законски мерки утврдена со членот 14 од Општиот договор за привилегии и имунитет на Советот на Европа, Собранието верува дека таквиот имунитет треба да ги вклучува и мислењата искажани од претставниците и замениците при извршување на официјални функции во нивните држави со одобрување на надлежни национални органи. Собранието исто така е на мислење дека можностите за санкционирање на членовите на Парламентот (Правило 20 од Деловникот на Парламентарното собрание) треба да се зајакнат во случај на изразување на мислења што содржат обвинувања, навреди или клевети.

Собранието исто така констатира дека во својата одлука од 17 декември 2002 во случајот А. против Обединетото Кралство (апликација бр. 35373/97), Европскиот суд за човекови права наведува, меѓу другото, дека "Во една демократија, Парламентот или некои слични органи се основен форум за политичка дебата. Многу тешки причини мора да бидат изложени за да се оправда мешањето во слободата на изразување во нив" и дека "не може во принцип да се смета дека правилото за парламентарен имунитет, кое е во согласност со и ги одразува општо прифатените правила во земјите потписнички (на Европската конвенција за човекови права), Советот на Европа и Европската Унија,

наметнува диспропорционални ограничувања на правото на пристап до судот според утврденото во членот 6, став 1 (од Европската конвенција за човекови права)".

Собранието констатира дека во друга пресуда од 30 јануари 2003 (случај Кордова (бр 2) против Италија - апликација бр. 45649/99), Европскиот суд за човекови права истакнува дека изјавите на парламентарец, дадени во тек на изборен собир и според тоа надвор од законодавното собрание, не биле поврзани со извршувањето на парламентарните задачи во тесна смисла. Според мислењето на Судот, отсуството на очигледна врска со каква и да е парламентарна активност значи дека поимот на пропорционалност меѓу посакуваната цел и употребените средства треба да добие тесно толкување. Ова особено во случаи кога ограничувањата на правото на пристап произлегле од одлука донесена од политичко тело.

Во однос на парламентарната неповредливост, гарантирана со членот 15 од Општиот договор, Собранието истакнува дека постапката за укинување на парламентарен имунитет во Парламентарното собрание е одвоена од онаа во националните парламенти. Национален орган кој поднесува барање за укинување на имунитет на член на Парламентарното собрание во однос на нивниот сопствен национален парламент мора, според тоа, да поднесе и барање во Собранието. Покрај тоа, треба да се дефинира поимот "во тек на сесиите на Собранието". Собранието понатаму смета дека треба да се земат предвид основните принципи на европскиот парламентарен имунитет, развиени по усвојувањето на Општиот договор, со цел дефинирање на обемот на членот 15 од истиот Договор, се додека се компатибилни со природата на Собранието и неговата практика.

Како и другите меѓународни параламентарни институции, Парламентарното собрание ќе треба да вклучи во својот Деловник одредба со која неговите членови можат да побараат од Собранието да го потврди нивниот европски имунитет во однос на национални постапки.

На крајот, Собранието верува дека Правилото 64 од Деловникот мора да биде попрецизно во однос на постапувањето по барањата за укинување на имунитетот и да биде приспособено кон новите околности.

Според тоа, Собранието решава да го дополни Правилото 64 од својот Деловник како што следи:

"64.1. Членовите на Парламентот уживаат привилегии и имунитет утврдени во Општиот договор за привилегии и имунитет на Советот на Европа (2.9.1949) и неговиот дополнителен протокол (6.11.1952). Овој имунитет се доделува со цел да се зачува интегритетот на Собранието и да се заштити независноста на неговите членови во извршување на нивната европска функција.

Секое барање упатено до претседателот од страна на надлежен орган на некоја земја членка за укинување на имунитет на член или заменик-член, според гарантираното со членот 15 од Општиот договор, ќе биде изнесено на пленарно заседание или заседание на постојан комитет, а потоа ќе биде упатено до Комитетот за Деловник и имунитет.

64.3 Комитетот веднаш ќе го разгледа барањето. Може да изрази мислење за надлежноста на органот што го поднесува барањето и за формалната прифатливост на барањето. Комитетот нема да спроведува никакво истражување во однос на оправданоста на случајот за кој станува збор. Комитетот особено нема, под ниедни околности, да се произнесува во однос на вината и слично на членот ниту пак во однос на тоа дали мислењата или делата кои му/и се припишуваат оправдуваат судска постапка. Во најкус можен рок, Комитетот ќе го сослуша членот засегнат со барањето, или пак друг член на Собранието кој го претставува првиот, а кој може да поднесе какви и да се документи кои тој/таа ги смета за релевантни. Комитетот може да побара од надлежниот национален орган да обезбеди информации или детали кои ги смета за

неопходни за да утврди дали имунитетот треба да се укине или не. Извештајот на Комитетот треба да заврши со предлог-резолуција за задржување или укинување на имунитетот. Нема да бидат дозволени амандмани на таквата одлука.

64.4 Извештајот на Комитетот ќе биде прва точка на наредната седница по поднесувањето на извештајот. Расправата по извештајот ќе се ограничи на аргументи за или против укинување на имунитетот. Во случај на барање за укинување на имунитет во врска со повеќе од едно обвинение, секое од нив може да биде предмет на одделна одлука.

Претседателот веднаш ќе ја достави одлуката на Собранието до органот кој го поднел барањето.

Во случај некој член на Собранието да биде уапсен или лишен од слобода на движење што би претставувало претпоставено кршење на неговите/нејзините привилегии и имунитет, претседателот на Собранието може да преземе иницијатива за потврдување на привилегиите и имунитетот на засегнатиот член, каде што тоа е можно, а по извршена консултација со надлежните тела на Собранието. Членот може да достави барање до претседателот за заштита на неговиот/нејзиниот имунитет и привилегии. На барање на претседателот, Бирото може да го упати случајот до релевантниот комитет, што ќе подлежи на ратификација на истото од страна на Собранието."

12. Собранието исто така ги повикува националните парламенти и надлежните национални органи, заради толкување на концептите на неполагање одговорност/неподлегнување на законски мерки и неповредливост, како и соодветните одредби од Општиот договор за привилегии и имунитет на Советот на Европа, да ги земат предвид критериумите приложени кон овој извештај.

13. Собранието решава новите одредби да влезат во сила по нивното усвојување.

14. Собранието, повикувајќи се на членот 40 од Статутот кој наведува дека "Советот на Европа, претставниците на Членките и Секретаријатот, на териториите на неговите Членки ќе уживаат разумни привилегии и имунитет неопходни за извршување на нивните функции", го повикува Генералниот секретар на Советот на Европа да преземе неопходни мерки со цел - воведување на *laissez-passer* за службениците на Советот на Европа која ќе биде официјално признаена од земјите членки.

----------------

[1] *Расправа на Собранието* одржана на 2 април 2003 (13-та седница) (види документ 9718, извештај на Комитетот за Деловник и имунитет, известител г. Олтеану).

(Док. 9718)

Критериуми за толкување на поимите неполагање одговорност/неподлегнување на законски мерки (парламентарна привилегија) и неповредливост (општи принципи на европскиот парламентарен имунитет)

Се потсетува дека целта на парламентарниот имунитет е зачувување на интегритетот на парламентите и заштита на независноста, но не и неказнивост на неговите членови во извршување на функцијата.

А. Неполагање одговорност/неподлегнување на законски мерки (парламентарна привилегија)[1]

Еден тренд во земјите членки е доделување на привилегијата неполагање одговорност/неподлегнување на законски мерки под услов мислењата искажани од страна на парламентарците да не ги повредуваат правата на трети лица (на пример преку клевети). Во случај на клевета, против парламентарецот може да се води постапка откако ќе биде добиена дозвола од неговиот парламент.

Уставите на некои други земји членки кои не содржат клаузула за исклучок во однос на парламентарни привилегии, во некои случаи предвидуваат дека парламентарците се подложни на дисциплински мерки од страна на нивниот парламент во однос на искажани мислења.

Покрај тоа, поимот на искажани мислења од страна на членови "во вршење на нивната функција" сега се толкува пошироко од страна на некои парламенти, со оглед на тоа што има повеќе парламентарни делегации кои извршуваат задачи надвор од седиштето на парламентот. Во тој случај терминот " во вршење на нивната функција" се дефинира во однос на типичните парламентарни активности, а не во однос на географска локација.

Б. Парламентарна неповредливост[2]

Одреден број европски држави кои пристапија во Советот на Европа по 1990 не ги користат во нивните устави термините "имунитет" и "укинување на имунитет", а наместо тоа, предвидуваат против членовите на парламент да не може да се води постапка или пак тие да бидат притворени без претходна дозвола од парламентот.

Неколку земји членки ги реформираа уставните одредби што се однесуваат на неповредливост со цел давање поголеми можности на судските органи за прибирање докази пред да се побара од парламентот укинување на имунитетот на некој од неговите членови. Со таа цел, утврдени се потребните гаранции, а одредбите се дополнети така што повеќето чекори во кривичната постапка пред префрлање на случајот во надлежност на истражен судија, можат да се преземат без претходна дозвола од парламентот.

Критериуми за задржување на имунитетот (неповредливост):

[1] Треба да се забележи дека две одлуки донесени од страна на Европскиот суд за човекови права на 17 декември 2002 (случај А. против Обединетото Кралство (апликација бр. 35373/97) и 30 јануари 2003 (случај Кордова против Италија - апликација бр. 45649/99) даваат појаснување на правилата со кои се уредуваат парламентарните привилегии.

[2] Некои земји-членки не ја признаваат оваа форма на имунитет. Во други држави парламентарната неповредливост ги покрива исто така и граѓанските постапки.

- непридржување до постапката поврзана со имунитетот (неприфатливост на барањето);
- очигледен недостаток на основа за покренување обвинение против членот; непрецизна и неприфатлива природа на барањето за укинување на имунитетот; постоење исклучиво на претпоставка;
- политичка природа на делата кои се сметаат за кривични во барањето за укинување на имунитетот (делата на кои се однесува се непредвидени последици на политички акт или прекршок кој има очигледни политички мотиви);
- цел на кривичната постапка е неправедно гонење на член на парламентот и загрозување на неговата слобода и независност во извршување на неговиот мандат.

Критериуми за укинување на имунитетот (неповредливост):

- сериозност, искреност и праведност на барањето, со други зборови барањето е прифатливо, а пријавените факти не водат кон заклучок дека барањето се заснова на измислени, искривени, пропишани или произволни размисли;
- особено сериозна природа на обвинувањата;

* неопходност да не се воспоставува имунитет на членот за извршени прекршоци;

- зачувување на репутацијата на парламентот во тој поглед, треба да се консултира јавното мислење за да се зачува јавниот ред;
- неопходност намерно да не се опструира текот на правдата и вистинското функционирање на демократијата.

Треба да се запомне дека, при укинување на имунитет, во сите фази мора да се зачува претпоставката на невиност, со цел да не се поттикнува уверување кај јавноста дека параламентарецот е виновен.

Се разбира, на крајот мора да се случи одмерување на критериумите во корист на укинување, односно задржување на имунитетот со цел да се заштити независноста на парламентот, во исто време правејќи напор да се отстранат злоупотребите на имунитетот.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа на Третиот дел на редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2003 година, одржана од 23 до 27 јуни 2003 година во Стразбург, Република Франција***

***Скопје, јули 2003***

*Третиот дел на редовната сесија за 2003 година на Парламентарното собрание на Советот на Европа е одржана од 23 до 27 јуни 2003 година, во Стразбург, Франција. На сесијата учествуваа: шефот на Делегацијата д-р Елеонора Петрова Митевска и г-дин Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата.*

*На парламентарците во текот на сесијата им се обратија: г-дин Жан Лемиер, претседател на Европската банка за обнова и развој, г-дин Бронсон Меккинли, генерален директор на Меѓународната организација за бегалци и г-дин Рудолф Шустер, претседател на Словачката Република, на кој му беше поставено прашање и од страна на шефот на Делегацијата д-р Елеонора Петрова Митевска.*

*Д-р Елеонора Петрова Митевска учествуваше во расправата на соодветните комисии, во Социјалистичката група и на пленарната сесија за прашањата посветени на миграцијата поврзана со криумчарењето на жените и проституцијата, како и Советот на Европа и Конвенцијата за иднината на Европа.*

*Посебно внимание, проследено со спротивставени мислења на сесијата, предизвикаа извештаите на швајцарскиот пратеник Андреас Грос за позитивните искуства на автономните региони како инспирација за решавање на конфликтите во Европа (Резолуција 1334/2003 и Препорака 1609/2003) и на холандскиот пратеник Ерик Јиргенс за преференцијалниот третман на националните малцинства од страна на државата на потеклото: случај на унгарскиот закон од 19 јуни 2001 за Унгарците кои живеат во соседните земји (Резолуција 1335/2004).*

*Во текот на сесијата Делегацијата беше примена од претседателот на ПС на СЕ Петер Шидер и оствари повеќе други средби сврзани со соработката со одделни комисии на ПС на СЕ.*

**1.** Претседателот на Словачката Република г-дин Рудолф Шустер во неговото обраќање најнапред изрази задоволство што во време кога Словачка ја одбележува десетгодишнината на нејзиното членство, како независна држава во редовите на СЕ има можност да зборува пред високиот демократски дом каков што е ПС на СЕ. Тоа е една од причините да зборува на неговиот мајчин јазик, кој инаку ретко може да се слушне на меѓународна сцена.

Со паѓањето на Берлинскиот ѕид новите држави, како Словачка, се здобија со можноста да ги преиспитаат вредностите кои им се понудени од стариот континент: безбедноста, солидарноста, просперитетот, мирот, демократијата и отвореноста кон светот што ги опкружува. Интеграцијата во Европа не се сведува само на прашањето на организација на единствениот пазар и на достигнувањето на економското и финансиското единство. Таа идеја содржи една сосема нова димензија која треба да доведе до мир, заедништво и меѓународна соработка на целиот европски континент. Влегуваме во ера во која земјите се обединуваат на европско ниво и во која европските народи живеат заедно врз основа на демократија, почитување на човековите права и владеење на правото.

Според словачкиот претседател СЕ заслужува почитување за придонесот на процесот на општоевропското единство. Тој беше прво тело кое ја отвори вратата за земјите каква што е и неговата, која не по своја вина беше изолирана со железната завеса и многу години беше без можност да го користи европското демократско опкружување. Советот на Европа им дал ефикасна помош во реформата на судството, воспоставувањето на демократските институции, дизајнирањето на законодавството и локалната самоуправа што влијаело на политичките, економските и социјалните промени во земјата. Благодарни се и за критиките кои во повеќе прилики ги добиле од СЕ, особено оние сврзани со положбата на Ромите.

На крајот на своето излагање Шустер ја поддржа идејата за одржување на Третиот самит на шефови на држави или влади на земјите членки на СЕ, која треба да даде одговор на прашањето кое е местото на најстарата европска оргнизација во идната европска архитектура.

При поставување на прашањето на словачкиот претседател шефот на Македонската делегација, најнапред укажа дека меѓу двата народа постои илјадагодишна врска од времето на светите Кирил и Методиј и патувањето на нивните ученици од Словачка во Охрид. За жал, современите засилени процеси на интеграција истовремено се проследени и со нови линии на поделби кои го отежнуваат меѓусебното комуницирање. Што треба да биде направено за да дојде до ревидирање на сегашниот ригиден визен режим што се применува кон Република Македонија и некои други земји од нашиот регион?

Во одговор на прашањето беше посочено дека подобро би било визите да не се воопшто воведени. Одлуката за тоа не се донесува од негова страна. Словачка планира да воведе посебен договор со Украина заради обезбедување на слободни визи и сличен аранжман би можел да биде направен и со Македонија. Одлуката за тоа лежи на Владата и Парламентот.

**2.** Во извештајот на холандскиот пратеник Анс Звервер и во усвоената Резолуција 1337 (2003) се нагласува дека миграцијата поврзана со криумчарењето на жените и проституцијата спаѓа во најтемните страни кои зборуваат за нееднаквоста меѓу жените и мажите. Парламентарното собрание на СЕ е вознемирено заради гигантските размери на оваа појава, поврзана со организираниот криманал. Буењето на оваа појава е предизвикано со јазот меѓу сиромашните и богатите земји, недостатокот на можноста за младите да обезбедат егзистенција и заради неправедната положба на жените во многу земји, што сé заедно ги прави посебно ранливи и подложни на експлоатација во секс индустријата. Неможноста за легално мигрирање предизвикува илегална миграција и го зголемува криумчарењето на луѓе.

Во однос на миграционата политика во расправата и во завршниот документ подвлечена е потребата за елаборирање на европска стратегија за миграција со цел да се установат опциите за легална миграција. На државите членки на СЕ им е препорачано да установат легислатива за спречување на криминалот со криумчарење на луѓе и строго казнување на сторителите на такви дела. Силно е поддржана идејата за донесување на Европската конвенција за криумчарење на човечките суштества, како дополнителен правен инструмент за човековите права и заштитата на жртвите.

Учествувајќи во расправата д-р Петрова Митевска укажа дека станува збор за мошне чувствително прашање за земјите од Југоисточна Европа. Проблемот во Република Македонија ескалира со годините на транзицијата, косовската криза и зголемувањето на организираниот криминал. Нашата земја стана земја на транзит, но и земја на дестинација за криумчарење на жените заради присилна проституција, особено во западниот дел населен со албанската популација. За справување со настанатата ситуација се преземени повеќе активности, и тоа: отворен е приемен транзиционен центар за помош на жртвите, се водат кампањи за покачување на свеста на јавноста за овој проблем, Владата активно партиципира во соодветните тела на Пактот за стабилност и ги поддржува акциите на Меѓународната организација за миграција и се врши хармонизација на законодавството со меѓународното право во оваа област. Посебно беше укажано на активностите на Клубот на жените парламентарки на овој план.

**3.**Темата СЕ и Конвенцијата за иднината на Европа (Резолуција 1339/2003) е разгледувана по итна процедура пред финализирањето на Нацртот на текстот на уставот на Европа. Известувачот за ова прашање, грчкиот парламентарец Теодорос Пангалос, со задоволство истакна дека во текстот на идниот устав на Европа е имплементирано настојувањето на СЕ сврзано со прифаќањето на Европската конвенција за човекови права од страна на Европската унија, како целина. Меѓутоа сé уште недостасува референцата за конкретна имплементација на оваа определба, како и подефиниран однос кон СЕ. Во таа смисла во расправата и во усвоената резолуција е укажано дека СЕ претставува паневропска организација на 45 европски држави кои

рамноправно соработуваат на парламентарна, владина и регионална основа и која има клучна улога во изградувањето на Европа без линии на поделба. Посебно е потенцирано постоењето на преку 190 конвенции кои воспоставиле правни стандарди во низа области, како и различни механизми за мониторинг. Во таа смисла побарано е во Уставот да биде вклучена референца за *аквусот* што го сочинуваат конвенциите на Советот на Европа.

Во расправата на оваа тема д-р Петрова Митевска укажа дека за текстот на најзначајниот документ во современата историја на Европа - нејзиниот Устав, е расправано во земјите членки и кандидати за членство во ЕУ, но не и во земјите на таканаречениот Западен Балкан. Ако целта е единствена Европа тогаш е посебно важно и да се учествува во дефинирањето на таа цел. Јавноста, а особено младината, кај нас тешко ја прифаќа неможноста да биде вклучена во определувањето на иднината на Европа. Затоа расправата во СЕ за нас има посебно значење како можност да разбереме како ќе биде и што не´ очекува во европското семејство еден ден кога и ние целосно ќе бидеме негов член.

**4.** Во текот на сесијата на барање на нашата Делегација е остварена средба со претседателот на ПС на СЕ Петер Шидер. Притоа од страна на шефот на Делегацијата д-р Елеонора Петрова Митевска беше покрената иницијатива за организирање на изложба во СЕ од нашето културно наследство. Образложено е дека оваа година Република Македонија одбележува 100-годишнина од македонската државност со низа културни манифестации во земјата и странство. Со жалење е укажано дека иако е присутна во Парламентарното собрание на СЕ како специјален гостин од 1993 година, Република Македонија досега нема организирано ниедна културна манифестација со која би бил презентиран духот и културното наследство на македонскиот народ.

На интерес на претседателот на ПС Шидер за тоа што би била содржина и како би била означена изложбата, образложено е дека таа би била поставена во чест на големиот македонски јубилеј, но би носела наслов "Везови од македонските народни носии". Таа би се состоела од десеттина експонати на врамени везови од македонски народни носии од периодот кон крајот на 19 век и првата половина на 20 век. Изложбата во лобито на СЕ би била отворена на почетокот на септемвриската сесија на ПС на СЕ и би била проследена со мал коктел. На отворањето би имало обраќање од наша страна, но би ни претставувало чест и задоволство, доколку во овој настан би зел учество и претседателот на ПС на СЕ.

Претседателот Петер Шидер ја поздрави иницијативата и изрази поддршка за нејзиното реализирање.

За време на престојот во Стразбург реализирани се и повеќе други средби во врска со организирањето на Колоквиумот на ПС на СЕ за трансгранични водни басени во Охрид и седницата на Поткомисијата за културно наследство со посета на археолошкиот локалитет Стоби, како дел на европското и светското културно наследство.

* * * * *

Учеството на Делегацијата на Третата редовна сесија на ПС на СЕ во 2003 година во Стразбург беше ориентирано на некои од темите на кои можеше да се искаже нашата желба за партиципирање во активностите на ПС на СЕ сврзани со изградбата на новата европска архитектура и на едно од актуелните прашања на заштитата на човекови права како што е борбата против криумчарењето со луѓе и присилната проституција, кое е присутно во земјите на Југоисточна, како и во цела Европа.

За жал присуството само на еден од шесте члена на Делегацијата оневозможи поактивен ангажман и при разгледување на некои други теми на дневниот ред кои заслужуваа внимание.

Престојот во Стразбург од страна на шефот на Делегацијата д-р Елеонора Петрова Митевска е искористен за остварување на низа контакти сврзани со тековните активности во доменот на континуираната директна соработка со работните тела на ПС на СЕ. Особено е значајно што е обезбедена поддршка на претседателот на ПС на СЕ за организирање прва културна манифестација во зградата на СЕ и тоа по повод одбележувањето на 100-годишнината на македонската државност.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија***
***во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

# *ИНФОРМАЦИЈА*

***за седницата на Постојаниот комитет на ПС на СЕ во Неапол, Италија***
***( 7-8 септември 2003 година )***

***Скопје, ноември 2003 година***

*На седницата на Постојаниот комитет на ПС на СЕ во Неапол, Италија, на 7 и 8 септември, присуствуваа шефот на Делегацијата на Собранието на РМ во ПС на СЕ д-р Елеонора Петрова Митевска и секретарот на Делегацијата Никола Тодоровски. Со седницата раководеше претседателот на ПС на СЕ Питер Шидер, а свои обраќања имаа претседателот на Парламентот на Италија Пјер Фердинанадо Касини, потпретседателот на Сенатот Доменико Физичела, претседателот на Регионот Кампања Антонио Басолино и министерот за надворешни работи Марио Бацини. Седницата беше одржана во зградата на Медитеранската академија во Неапол. За учесниците на седницата е организирана посета и разгледување на островот Капри.*

**1.** На отворањето на седницата на Постојаниот комитет претседателот на ПС на СЕ Питер Шидер изрази задоволство што на покана на Парламентот на Италија, во време кога Италија е претседавач со Европската унија, парламентарците од Советот на Европа можат да остварат размена на мислења со низа истакнати италијански раководители. Зборувајќи за времето на италијанското претседавање со ЕУ претседателот на ПС на СЕ подвлече дека тоа е време на проширувањето со земјите кои доаѓаат од Централна Европа, но несомнено тој процес ја опфаќа и Источна и Југоисточна Европа. Од негова страна беше изразена благодарност и до шефот на италијанската делегација Клаудио Азолини за ангажманот во врска со седниците на телата на ПС на СЕ-Бирото и Постојаниот комитет во Неапол, град од кој тој потекнува.

**2.** Претседателот на Регионот Кампања Басолино изрази благодарност на Постојаниот комитет што го избрал Неапол за место на одржување на својата седница на која се разгледуваат низа прашања сврзани со европскиот идентитет, на кои во време на своето претседателство со ЕУ Италија посветува особено внимание. Културата и историјата се исклучително значајни елементи за изградба на единствена Европа, а Неапол како вистинска крстосница на Медитеранот придонесува затоа и со активностите на Медитеранската академија.

**3.** Во последните години е присутна дебата за паралелни ангажмани на разни меѓународни организации во врска со што потпретседателот на Сенатот на Италија Фишела изнесе мислење за нивна рационализација и специјализација. Во таа смисла просторот за дејствување на Советот на Европа би била заштитата на човековите права и создавањето на оргинална европска правна зона. Токму корпусот на над стотина конвенции ратификувни и потпишани од земјите членки, и продолжување со дејноста во тој правец е основен водич за идните активности на Советот на Европа.

**4.** Според претседателот на Парламентот на Италија Касини обединетата Европа сега поминува низ клучна фаза на својот интеграционен процес: конституирање на сопствен устав, со заедничко државјанство и заеднички права и одговорности и од друга страна, со широко, досега незабележано проширување. Иако бавно и проследена со многу неизвесности и тешкотии, перспективата на единствена Европа станува реалност. На таква Европа силен белег даваат ЕУ и СЕ како две најголеми и највлијателни организации на европската интеграција. Посебно е значајно што според членот 7 на Нацртот на уставниот договор ЕУ се определи да се приклучи кон Европската конвенција за човековите права и основни слободи, донесена од СЕ пред педесет години.

Претседателот Касини изнесе уверување дека ЕУ ќе ги усвои и другите главни правни инструменти на СЕ какви што се Европската конвенција за култура и Европската социјална повелба. Тој потенцираше дека во изминатите десет години СЕ имаше исклучително значајна улога во интегрирањето на континентот преку отворањето на перспективите и поддршката на земјите на Источна и Централна Европа. Преку учеството во активностите на ПС на Советот на Европа на парламентарците на новите европски демократии им е овозможено да бидат дел на еден авторитативен и силен форум за меѓународна политичка дебата.

**5.** Министерот за надворешни работи Бацини го сврте вниманието кон Третиот самит на шефови на држави или влади на СЕ, кој може да биде одржан на крајот на 2004 или на почетокот на 2005 година. На овој собир, како што беше и на двата претходни, треба да дојдат до израз новите политички потикнувања и решенија за

предизвиците и промените кои ќе следат на европскиот континент со проширувањето и донесувањето на уставот на Европа. Се очекува и интензивирање на напорите за спротивставување на најголемите зла на нашето време какви што се тероризмот и трговијата со луѓе.

* * * * *

Постојаниот комитет (кој меѓу две парламентарни сесии дејствува од името на ПС на СЕ) расправаше и усвои препораки и резолуции за положбата на одделни категории мигранти, реформите во јавните служби во Европа, институцијата Обдусман, придонесот на ПС на СЕ на високото образование и промоцијата на историјата на уметноста во Европа .

**6.** Во расправата и во Препораката 1615 (2003) Парламентарното собрание на СЕ е потврдена важноста на институцијата Обдусман во заштитата на човековите права и унапредувањето на владеењето на правото, а особено во обезбедувањето на соодветно однесување на јавната администрација. Преку известувањето и одговорноста пред надлежните политички тела институцијата Обдусман има важна улога за правилно дејствување на јавната администрација, на сите нејзини нивоа од локалното до националното. (Во прилог на информацијата се дадени точките 7 и 10 во кои од страна на ПС се истакнати некои карактеристики за ефикасно остварување на институцијата Обдусман и во врска со ова прашање се упатени препораките до владите на земјите членки на СЕ.)

**7.** На седницата на Постојаниот комитет беа разгледувани остварените и идните активности на Центарот за глобална меѓузависност и солидарност на СЕ со седиште во Лисабон, познат како Центар север - југ. Центарот е формиран 1992 година како израз на готовноста на Европа да им помогне на најсиромашните земји во светот во нивниот развој и во ширењето на универзалните вредности на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Посебно внимание се посветува на дијалогот со Северна Африка и Средниот Исток, односно на доближувањето на вредностите и праксата на СЕ на овие простори. Во расправата и во препораката по оваа точка со жалење се забележува дека во изминатата декада на Центарот му се придружиле само дваесет од четириесет и пет држави членки на СЕ. (Република Македонија спаѓа во они држави членки кои не му пристапиле на Парцијалниот договор за Центарот север-југ).

**8.** Во врска со расправите во рамките на Конвенцијата на ЕУ за иднината на Европа разгледувано е прашањето на реформата на јавните служби во Европа. Побарано е во посебен член на идниот устав на Европа да бидат назначени основните принципи за јавните служби, на национално и европско ниво. Притоа е укажано дека за добивање на функции во овие служби треба да бидат застапени принципите на универзална и фер можност за сите, како и за еднаквите можности за жените и транспарентност кон јавноста. Високиот квалитет на овие служби се смета како витален предуслов за стабилна демократија и за владеење на правото. Во препораката по ова точка е укажано на потребата за утврдување на јасна демаркација меѓу политичката сфера и јавната служба, со цел да биде обезбедена независност на националните јавни служби и подобро да бидат дефинирани нивните задачи и одговорности. Земјите членки се повикани да создадат такво законодавство за цивилните служби које ќе овозможи лесна размена меѓу јавниот и приватниот сектор, особено кога се во прашање високо специјализираните службеници со меѓународно искуство.

**9.** На седницата се разгледани и две прашања поврзани со мигрантите: правата на старите мигранти и положбата на нерегуларно вработените мигранти во земјоделството на земјите на Југоисточна Европа. Се очекува бројот на мигрантите над педесет и пет години во земјите членки на СЕ да биде зголемен во наредните години. Потребно е да биде изградена кохерентна политика и адекватна правна заштита на постарите мигранти, без оглед на нивната определба да останат во земјата домаќин или да се вратат во земјата на потеклото. Имајќи ја предвид деликатната фаза во животот на овие мигранти треба да биде избегнато тие да бидат предмет на двократна дискриминација, врз основа на староста и врз основа на тоа што се мигранти.

Нерегуларното вработување на мигрантите во земјоделството е забележлива карактеристика за земјите на Медитеранот. Такви работници се платени под загарантираните минимални надници, немаат социално-здравствена заштита и често се предмет на злоупотреба и експлоатација. Од друга страна, концентрацијата на мигрантите во руралните подрачја создава тешкотии за локалното население и предизвикува нетолерантност и насилство. Со жалење се констатира дека државите членки на СЕ често немаат јасна, транспарентна и кохерентна политика во однос на ангажирањето на сезонските работници и нивниот пристап до базичните социјални и работни права. Препорачано е изградување на хармоничен пристап кон овие прашања, како и пристапување кон Конвенцијата на ОН за правата на сите мигранти работници и членовите на нивните семејства (влезена во сила на 1 јули 2003 година, а досега ратификувана само од две држави и потпишана од една држава членка на СЕ).

**10.** Во врска со високото образование посебно е истакната важноста на "Болоњскиот процес" со кој се предвидува создавање на европска област на високото образование до 2010 година. Овој процес, започнат 1968 година, зацврстен е со потпишувањето на Болоњската декларција 1999 година од дваесет и девет министри за образование, а денес во него се вклучени триесет и три земји. Препорачано е државите членки, кои тоа уште не го сториле, да ја реформираат својата политика во образованието раководејќи се со приоритетите на "Болоњскиот процес".

**11.** Визуелните уметности се сметаат за камен темелник на европската култура од предисторијата до современиот период, во кој уметничката имагинација доживува и збогатување со нови технологии. Таа е сведоштво за диверзифитетот на европската култура што може да придонесе на поголемо меѓусебно разбирање. Но, може да биде искористена и за пропагандни цели и да биде извор на поделби и нетолеранција. Забележлив е недостаток на средства за адекватна заштита на визуелната уметност, што е особено загрижувачко во земјите на транзиција. Во препораката по ова прашање изразено е верување дека државите членки на Советот на Европа ќе посветуваат внимание на конзервацијата на визуелното уметничко наследство, како и на подоброто разбирање за оваа уметност во јавноста, професионалните и политичките кругови.

* * * * *

Во текот на престојот во Неапол шефот на Делегацијата д-р Елеонора Петрова Митевска оствари средби со претседателот на ПС на СЕ Питер Шидер, шефот на Групата на социјалистичките партии Тери Дејвис и претседателот на Комисијата за култура, наука и образование Луис Марија де Пуч сврзани со септемвриската сесија на ПС на СЕ. Притоа е обезбедена целосна поддршка за организирање на изложбата за одбележување на стогодишнината на македонската државност во зградата на СЕ во Стразбург, при престојната есенска сесија на ПС на СЕ.

Седницата на Постојаниот комитет на ПС на СЕ е одржана во просториите на Медитеранската академија, со што е потенцирано значењето на Неапол и Италија како значаен центар и координатор на медитеранското поврзување. За одбележување е дека во низа изложени експонати, фотографи и публикации на оваа институција забележително е нотирано учеството во нејзините активности на Република Македонија. Притоа, од страна на Медитеранската академија нашата држава се означува со нејзиното уставно име.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

***ИНФОРМАЦИЈА***

***за седницата на Комисијата за култура, наука и образование на ПС на СЕ во Будимпешта, Унгарија (10 септември 2003 година )***

***Скопје, ноември 2003 година***

*На 10 септември, во Европскиот младински центар на Советот на Европа во Будимпешта, Унгарија е одржана седницата на Комисијата на ПС на СЕ за култура, наука и образование на која присуствуваа шефот на Делегацијата на Собранието на РМ во ПС на СЕ д-р Елеонора Петрова Митевска и секретарот на Делегацијата Никола Тодоровски. На седницата е разгледувано прашањето на истражување на човечките клетки, остварен е хиеринг на тема образование на бегалците и раселените лица во Европа и сослушана е презентација за младинската суб-култура. Комисијата ја назначи д-р Елеонора Петрова Митевска за известител на тема Културите на дијаспората, одлучи за наредната сесија на ПС на Советот на Европа да предложи разгледување по ургентна процедура на прашањето на јавната радиодифузија и ја прифати поканата за одржување на седница на Пот-комисијата за културното наследство во Скопје и Стоби.*

**1.** На отворањето директорот на Европскиот младински центар на Советот на Европа во Будимпешта госпоѓата Ротемунд ги запозна учесниците на седницата на Комисијата дека Центарот е формиран 1995 година и се уште е единствена институција на Советот на Европа со седиште од другата страна на поранешната "железна завеса". Главни задачи на Центарот е да се унапредува младинската партиципација во изградбата на идната Европа, да се подржува цивилното општество, да се придонесува на запознавањето меѓу младите луѓе со различно културно и социјално потекло и во врска со тоа да се организираат образовни програми, семинари и симпозиуми. За таа цел од страна на Унгарија е дадена на располагање зграда со повеќе сали опремени со содветна опрема за превод на пет јазика, како и со хотелски соби и ресторан, која се користи и за одржување и на седници на комисиите, како и другите активности на ПС на Советот на Европа. (Пред повеќе години начелно беше прифатено втор таков Центар да биде отворен во Охрид, но таа иницијатива остана нерализирана).
**2.** Веќе подолго време од страна на Комисијата се разгледува прашањето на истражување на човечките клетки и особено на негативните аспекти на нивното клонирање. Присутни се различни искуства во одделни европски земји и низа дилеми сврзани со етичкиот аспект на прашањето. Според некои очекувања истражувањата во оваа област отвораат исклучително големи можности за регенеративна медицина, иако се уште претстои долг период за нива примена во пракса. Од друга страна овие истражување се нарекуваат "бомба со задоцнето палење" во однос на човештвото заради преголемите ризици при експериментирањето со човечките клетки. Претходниот нацрт извештај, заради несогласноста меѓу објаснувачкиот меморандум и предложените препораки, е повлечен и известителот Водарг од Германија за седницата предложил нов избалансиран предлог текст кој е едногласно усвоен.
**3.** Известувачот за прашањето на образование на бегалците и раселените лица професорот Дакснер укажа дека во последното столетие само на Балканот се забележани 50 бранови на раселувања. По обезбедување на основните услови за преживување за овие категорија на лица се поставуваат како клучни прашањата на нивното образование и на социјално здравствената заштита, односно на креирањето на нивната иднина. Обновувањето на овие два столба на идниот живот е исклучително тешко и заостанува во однос на обновата на патиштата, куќите и енергетиката. За жал во справувањето со овие проблеми земјите од Балканскиот и Кавкаскиот регион како повеќе да се фокусирани кон минатото од колку кон денешнината и иднината односно како да е ова прашање во сенка на митовите и на минатите времиња.

Во хиерингот за образованието на бегалците и заштитените лица во Унгарија презентирани се резултатите на владината политика на овој план. Од страна на присутните младинци, баратели на азил, беше истакнато дека клучен елемент во процесот на нивното интегрирање е учењето на унгарскиот јазик, што се финасира од земјата домаќин и од меѓународните организации.

Ситуацијата со образованието на бегалците и хуманитарно згрижените лица во Унгарија од професорот Дакснер беше означена како можен модел за пример во другите делови на светот. Тој изнесе опсервација дека од таа гледна точка Унгарија е најдобро место за бегалците, додека Македонија е најлошото. Во однос на оваа паушална констатација од страна на шефот на Делегацијата Елеонора Петрова-

Митевска побарано е дополнително објаснување, имајќи го предвид значајниот и меѓународно признат придонес на Македонија во решавањето на бегалската криза на Косово. Професорот Дакстер појасни дека притоа мислел на големиот број на бегалци прифатени од Македонија и недоволната финансика помош од меѓународната заедница.
**4.** Излагачот за прашањето на младинската суб-култура д-р Вилијамсон укажа дека ова сфера се наоѓа на граница меѓу антисоцијално и социјално прифатливо однесување. Од страната на младите не се респектира мислењето на постарите генерации. Од страна на постарите, на пример графитите по зидовите се сметаат за глупост која бара чистење. За младите тоа е истакнување на својот знак во светот кој не им посветува доволно внимание.

Според д-р Вилијамсон треба да се води политика на позитивен пристап и за подршка на активностите за кои има интерес младата генерација. Треба да се создаваат простори кај што младите луѓе на позитивен начин ќе можат да ја изразуваат својата енергија - скејтборд патеки, простор за графити, неформални театарски претстави и слично.
**5.** Во расправата по прашањето на културите на дијаспората преседателот на Комисијата де Пуч предложи претходниот известувач за оваа прашање да биде заменет со проф. Елеонора Петрова Митевска. Заблагодарувајќи се на именувањето пратеникот Петрова-Митевска изнесе дека во извештајот сака да ја презентира генезата на културните аспекти на дијаспората од крајот на 19 и во текот на 20 век, вклучувајќи го феноменот на македонската и балканската дијаспора.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа на Четвртиот дел на Редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2003 година, одржана од 25 септември до 2 октомври 2003 година во Стразбург, Република Франција***

***Скопје, октомври 2003***

*Од 25 септември до 2 октомври 2003 година во Стразбург, Република Франција се одржа Четвртиот дел на Редовната сесија за 2003 година на Парламентарното собрание на Советот на Европа. На седницата учествуваше д-р Елеонора Петрова-Митевска, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија, придружувана од г-ѓа Ана Качакова, член на Секретаријатот на Делегацијата.*

*На парламентарците во текот на сесијата им се обратија: г-дин Питер Шидер, Претседател на Парламентарното собрание на Советот на Европа по повод заедничката седница на ПС на СЕ и Европскиот парламент, г-дин Андреј Воронин, Претседател на Молдавија, г-дин Адриан Настасе, Премиер на Романија, г-дин Петер Меѓеши, Премиер на Унгарија и г-дин Доналд Џонстон, Генерален секретар на ОЕЦД.*

*За посебно одбележување е отворањето на Изложбата на Република Македонија на тема "Македонски везови", која за прв пат се одржа во Советот на Европа.*

**1.** Ова заседание на Парламентарното собрание на Советот на Европа започна со *заедничката седница со Европскиот парламент, која беше посветена на "Градењето на единствена Европа"*, односно на влијанието на новиот европски устав во натамошната соработка меѓу двете институции. Г-дин Шидер во своето обраќање се осврна на фактот дека Европа како идеја, а не како бирократски апарат, се уште е способна да ги инспирира и мотивира нејзините граѓани од Азорите до Азербејџан. Задача на европските парламентарци, како претставници на европските граѓани е да ја придобиваат нивната доверба во институционална Европа и секогаш да ги потсетуваат дека Европа постои заради вредностите на граѓанското и демократското општество. Идната Европа ќе биде заеднички дом на луѓе од 25 земји, што наметнува размислување за натамошните односи на Советот на Европа и Европската унија, слободата на движење, миграцијата и граничната контрола во Европа. Овие задачи кои стојат пред парламентарците можат да се постигнат на три начини:

1. Европската повелба за основните права и Европската конвенција за човекови права да се инкорпорираат во еден документ со важност на уставна повелба со задолжително правно дејство;
2. Во идниот европски устав да се вгради одредба за пристапувањето на Европската унија кон Европската конвенција за човекови права и

3. Да започнат преговорите меѓу Советот на Европа и неговите земји-членки што поскоро да се подготват правните инструменти потребни за реализирање на ова пристапување.

Третата задача е најприоритетна, бидејќи ја носи во себе базичната правна рамка за започнување на овој процес. Една и единствена Европа треба да биде она што граѓаните на Европа го посакуваат - реална политика која води кон подобар Совет на Европа и кон подобра Европска унија.

По дебатата, Претседателот на Парламентарното собрание на Советот на Европа г-дин Питер Шидер и претседателот на Европскиот парламент г-дин Пат Кокс ја потпишаа Заедничката претседателска декларација за Повелбата на европските партии за нерасистичко општество и дадоа Заедничка претседателска изјава за градењето на единствена Европа (Прилог).

**2.** Извештајот за "*Рамноправната полова застапеност во Парламентарното собрание*" ја отсликува долгогодишната грижа на Парламентарното собрание на Советот на Европа за што поголема застапеност на жените во неговите редови. Известителот за ова прашање г. Крупа (Чешка Република) констатира дека сега е крајно време да се преземат радикални иницијативи во корист на поголема или еднаква полова застапеност на националните делегации во ПС на Советот на Европа. Понатаму, таа поголема полова застапеност би била доследно испочитувана и во составот на Бирото

на Собранието, во комисиите и поткомисиите и на ниво на потпретседателите на Парламентарното собрание на Советот на Европа. Во Препораката се истакнуваат неколку иницијативи кои би можеле да доведат до целосна реализација на овие интенции:

1. секоја национална делегација во својот состав да има онолкав број на жени колку што е процентот на жени во матичните парламенти со цел да се дојде до минимумот од 30% застапеност во корист на жените и
2. да се избегне во секој поединечен случај избор на делегација во која нема ниедна жена.

Исто така, Препораката содржи и своевидни апели за номинирање на што повеќе жени за раководните позиции на комисиите и поткомисиите на Парламентарното собрание, како и обврска за националните делегации во поднесувањето на кандидатурите за овие позиции да ја имаат предвид половата еднаквост.

Дебатата по оваа точка беше многу интересна и преовладуваа дискусии во корист на еднаквата полова застапеност во Парламентарното собрание. Констатирано е дека само во делегациите на Хрватска, Данска, Финска, Латвија, Македонија, Чешката Република и Естонија застапеноста на жените изнесува 50%, додека во делегацијата на Франција, земја лулка на демократијата од 36 членови има само една жена. Пример за делегации каде нема ниедна жена се делегациите на Ерменија, Ирска, Малта, Сан Марино, Словенија и Украина. Во сите останати делегации соодносот жени-мажи е на ниво на нееднаква застапеност.

Д-р Елеонора Петрова-Митевска имаше излагање по овој Извештај, каде со огромно задоволство го констатираше огромниот напредок што Република Македонија го има постигнато на овој план, а како соодветен и еклатантен пример го наведе фактот дека во составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа има еднаков број на припадници од двата пола. Во својата дискусија д-р Петрова-Митевска го поддржа усвојувањето на овој извештај, ја елаборираше позицијата на жените во политичкиот живот на Република Македонија и се заложи за натамошна реална поголема застапеност на жените во сите тела на Парламентарното собрание на Советот на Европа.

**3.** Извештајот за "*Исполнувањето на обврските и задолженијата на Украина*" ги содржи сите поединечни случаи на мониторингот во различни области што Советот на Европа го изведуваше во Украина. Во Препораката се наведуваат и мислењата за и против укинувањето на мониторинг процедурата. Известителот г-ѓа Волвенд (Лихтенштајн) особено се заблагодари на кооперативноста на украинските власти по ова прашање и со задоволство констатираше дека е извршен голем напредок во уредувањето на легислативната сфера во Украина. Донесени се Кривичниот и Граѓанскиот законик, а укажано е на потребата во најскоро време да бидат донесени законите за кривична и граѓанска постапка.

Како најгорливо прашање што не оди во прилог на укинувањето на мониторинг процедурата се спомена прашањето на слободата на медиумите и слободното новинарство. Се уште не се разјаснети случаите на новинарите Гонгадзе и Мелниченко, кои Советот на Европа будно ги следи. Исто така, и последните избори во Украина не беа одраз на едно демократско општество, за што Советот на Европа подготви посебен извештај од набљудувањето на изборите. Во Препораката се констатира дека Украина се уште не ги исполнила сите обврски и задолженија преземени при приемот во Советот на Европа и поради тоа мониторинг-процедурата ќе продолжи во тесна соработка со украинската парламентарна делегација во Советот на Европа.

Д-р Петрова-Митевска имаше подготвено излагање кое беше депонирано, од причина што беа поднесени 32 амандмана и времето за дискусија беше лимитирано.

**4.** Како *тековна дебата* се разгледуваше прашањето за "*Актуелната ситуација во Косово*" и како прв говорник беше г-дин Драгољуб Миќуновиќ, шеф на Делегацијата на

Србија и Црна Гора во ПС на СЕ. Тој се осврна на неодамнешните случувања на Косово кога животот го изгубија две деца во Гораждевац, само поради тоа што се од српска националност. Укажа на фактот дека за тоа расправаше и Советот за безбедност на ОН каде беше констатирано дека за етничкото чистење нема место во градењето на нова иднина за Косово. Воспоставувањето на систем на владеење на правото, доследното почитување на Резолуцијата 1244, градењето на мултиетничко општество на солидна економска база се основните приоритети кои сите во државата мора да ги почитуваат и заеднички да ги реализираат.

За една од наредните сесии на Парламентарното собрание ќе биде подготвен извештај за почитувањето на човековите права на Косово, кој претходно ќе биде разгледан на надлежните комисии, а потоа на пленарна седница.

**5.** Пред парламентарците на Советот на Европа свое обраќање имаше г-дин Адриан Настасе, премиер на Романија. Во својот говор го елабораше 10-годишниот развој на Романија како земја членка на Советот на Европа и како фундаментална придобивка на романската влада го потенцираше меѓусебното приближување на граѓаните на Романија и институциите на системот. Како на проблем со кој се сретнуваат земјите во Југоисточна Европа укажа на прашањето на националните малцинства, перспективите на неговото решавање преку демократски средства и низ институциите на системите. На крајот се осврна и на приоритетите на Романската влада во процесот на зачленувањето на Романија во ЕУ.

* * * * *

На ова заседание беа разгледани и извештаите за:правата на националните малцинства, заканите на демократијата од екстремистичките партии и движења во Европа, расистичките, ксенофобични и нетолерантни дискусии во политиката, односите меѓу Советот на Европа и НВО, заедничката политика за миграција и азил, политиките за интеграција на имигрантите во земјите членки на Советот на Европа, реформите во здравствените системи во Европа, истражувањата на човековите клетки, како и за укинувањето на смртната казна во земјите набљудувачи на Советот на Европа. Од економските теми беше разгледан Извештајот за ОЕЦД и светската економија.

* * * * *

На седницата на Управниот одбор на Меѓународниот Институт за демократија како една од точките на дневниот ред беше изборот на секретар на Управниот одбор, кое е упразнето од причина што поранешниот секретар (г-ѓа Рагнасдотир) не е повеќе избрана за пратеник во националниот парламент. На предлог на г. Јаскиерна, кој беше едногласно прифатен, за ова место беше предложена д-р Петрова-Митевска. По формалното гласање таа го доби потребното мнозинство и беше избрана за секретар на Управниот одбор на Меѓународниот институт за демократија.

* * * * *

Изложбата "Традиционални македонски везови" за прв пат од зачленувањето на Република Македонија во Советот на Европа беше реализирана од страна на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа, Министерството за надворешни работи на Република Македонија, Министерството за култура на Република Македонија и Постојаната мисија на Република Македонија при Советот на Европа во Стразбург. Изложбата беше поставена во Лобито на Советот на Европа и предизвика огромен интерес. На свеченото отворање на 29 септември 2003 година со свои пригодни говори учествуваа г-дин Питер Шидер, претседател на Парламентарното собрание на Советот на Европа, г-ѓа Мод де Боер-Букикио, заменик генерален секретар на Советот на Европа, д-р Елеонора Петрова-Митевска, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во

Парламентарното собрание на Советот на Европа и г-дин Звонко Јанкуловски, Амбасадор на Република Македонија во Советот на Европа.

Г-дин Шидер во својот говор посебно ја истакна креативноста на македонската жена што се гледа преку изработката на везовите и која претставува пример за улогата на жената во македонското општество. Тој истакна дека преку оваа изложба Македонија станува многу блиска до сите и претставува пример на земја која е со долга културна и историска традиција.

Д-р Петрова-Митевска во својот говор по повод отворањето на изложбата истакна дека презентирањето на културното наследство не е само најубавата форма на презентирање на културата на една земја, туку претставува и претставување на самата земја. Оваа изложба кореспондира со десетгодишното присуство на Република Македонија во Советот на Европа и со значајните годишнини кои Република Македонија ги одбележа оваа година, како што се 100 - годишнината од Илинденското востание и 12 - годишнината од осамостојувањето на Република Македонија.

* * * * *

На состанокот на секретарите на делегациите учествуваше г-ѓа Ана Качакова, член на Секретаријатот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа. Еден дел од секретарите на делегациите имаа значајни забелешки по повод организацијата на оваа сесија од аспект на нејзиното долго траење (поради заедничката седница на Парламентарното собрание на Советот на Европа и Европскиот парламент), при што беше укажано дека парламентарците, поради своите обврски во националните парламенти, не се во можност докрај да го следат заседанието на Парламентарното собрание. Доколку овој вид заеднички заседанија прерасне во редовна форма на активност за време на септемвриските сесии, беше укажано на потребата од изнаоѓање на модел на работа кој би бил поефикасен од аспект на присуството на делегациите во полн состав.

На состанокот од страна на г-ѓа Качакова беше укажано на реакцијата на шефот и членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа за употребата на името на Република Македонија во одделни документи од Парламентарното собрание на Советот на Европа. Беше укажано дека од страна на нашата Делегација во неколку наврати во одделни документи (записници, стенограми и др.) е констатирана употребата на скратена форма на името на државата (FYR of Macedonia или FYROM), што не кореспондира со името кое официјално се користи во Советот на Европа и за што нашата Делегација сериозно реагира во иднина тоа да не се повторува. Укажувањата беа прифатени со забелешка дека ќе бидат испитани и корегирани овие ненамерни пропусти.

**_ПРИЛОГ 1_**

## ЗАЕДНИЧКИ СОСТАНОК МЕЃУ ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

**СТРАЗБУР, 25 СЕПТЕМВРИ 2003**

**ЗАЕДНИЧКА ИЗЈАВА НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ**

**ГРАДЕЊЕ НА ЕДНА ЕВРОПА**

Влијанието на идната Уставна спогодба за соработката меѓу Европската унија и Советот на Европа и концептот за проширена Европа

*Слобода на движење, миграција и контрола на границите*

Претседателите на Европскиот парламент и на Парламентарното собрание на Советот на Европа:

Ја изразуваат заложбата на Европскиот парламент и на Парламентарното собрание за заеднички европски пристап по прашања што директно ги засегаат сите европски граѓани и што влијаат на заедничките европски вредности и принципи.

Потсетувајќи дека, кога станува збор за вредностите на демократијата, човековите права и владеењето на правото, треба да постои само една Европа и дека Европската унија и Советот на Европа имаат заедничка одговорност за градење на ваква Европа, засновано на единствено почитување на нивните заеднички вредности и принципи.

Да ја потврдат, со оглед на претстојниот прием на нови земји членки на Европската унија, нивната готовност да соработуваат во градењето на стратегија за проширена Европа. Оваа стратегија треба да ги опфати сите европски земји кои ги споделуваат овие заеднички вредности и принципи и треба да помогне во развивање на регионална и под-регионална соработка и интеграција, каде што истата може да придонесе за поволен политички и економски развој, стабилност и намалување на сиромаштијата и социјалната поделба во Европа.

Инсистираат дека ваквата соработка и интеграција треба да бидат комплементарни со постојните активности на Советот на Европа и целосно да ги искористат програмите, механизмите и институциите кои веќе постојат на сите европски нивоа.

### За Уставната спогодба и проширена Европа

Го поздравуваат успешното завршување на работата на Конвенцијата за иднината на Европа и сметаат дека Нацрт-спогодбата која го поставува Уставот на Европа мора да ја формира единствената основа за работата на Меѓувладината конференција.

Ја одобруваат поддршката на Конвенцијата за пристапување на Европската унија кон Европската конвенција за човекови права.

Ја подвлекуваат важноста од внесување во ИГЦ на поотворениот, плуралистички и консензуален дух на Конвенцијата и повикуваат на континуирана соработка меѓу

националните парламентарци и членови на Европскиот парламент кој учествувал во Конвенцијата, во текот на ИГЦ.

Повикуваат на нов и сеопфатен регионален пристап во креирање на односите меѓу Европската унија и европските земји кои не се членови на Европската унија, што ќе помогне да се задрижи и промовира стабилноста и безбедноста низ цела Европа, се со цел за промовирање на појавата на подобро глобално владеење.

Се согласуваат дека при можностите за зајакнување на односите со новите соседи на проширената Европска унија, мора се имаат предвид различните односи меѓу Европската унија и вклучените држави, како и почитување на нивните заложби и обврски како членови на Советот на Европа.

Повикуваат на унапредување на соработката меѓу Европската унија и проширена Европа, особено во областите на трговијата и пазарите, монетарните режими, секторските политики (научно истражување, животна средина, транспорт, енергија, образование и култура), правда и внатрешни работи и надворешни безбедносни политики. Ваквата соработка, каде што е релевантно, не треба да се удвојува туку да ги зајакнува и надополнува постојните активности во рамките на Советот на Европа.

Го охрабрува учеството на земји кои не се членки на ЕУ во агенции на Европската унија, како што е Европската агенција за животна средина, Европската фондација за обука, Европскиот мониторинг центар за дрога и зависност од дрога, Европскиот центар за расизам и ксенофобија, Канцеларијата за хармонизација во внатрешниот пазар, Агенцијата за безбедност и здравство на работно место и бараат зајакната соработка на овие агенции, каде е можно, со нивните колеги на сите европски нивоа.

За слобода на движење, миграција и контрола на границите

Уште еднаш ја потврдуваат потребата за одржување на целокупен, кохерентен пристап до заедничка Европска политика за азил и миграција, земајќи ја в предвид димензијата за поширока Европа и стандарди за човекови права содржани во инструментите на Советот на Европа, а особено Европската конвенција за човекови права.

Нагласува дека ефективното управување на надворешните граници на земјите членки на ЕУ треба да се развива со кохерентна и структурна рамка на Заедницата и методи во соработка со европските земји кои се граничат со проширена Европска унија, истовремено имајќи ги предвид потребите на новите земји членки.

Сметаат дека интегрирањето на прашањата за миграција во односите на ЕУ со трети земји е важен дел од балансираниот пристап за подобрување на менаџментот на миграција и ја подвлекуваат потребата за координирање на политиката во таа област со соседните земји и на сите европски нивоа.

Го поздравуваат,

- елаборирањето на проширен договор за создавање на "Европска миграциона опсерваторија", заснована на зедничките напори на Европската унија и Советот на Европа, вклучувајќи ја нивната парламентарна претставеност и отвореноста кон не-европски земји.

- фактот што Европската комисија ќе презентира годишен извештај за миграција и интеграција во Европа, вклучувајќи подетални податоци за миграција во ЕУ и ја повикуваат Комисијата да ги издвои најдобрите практики во однос на имиграцијата и интегративните политики на сите европски нивоа.

- работата на Советот на Европа на Конвенцијата за "Илегална трговија со луѓе" наменета за основањето на Заедничката европска опсерваторија за илегална трговија и

ја повикуваат Европската унија и нејзините земји членки да обезбедат целосна поддршка за оваа значајна иницијатива.

Уште повеќе, претседателите на Европскиот парламент и Парламентарното собрание на Советот на Европа,

Ја поздравуваат "Повелбата на европските политички партии за нерасистичко општество" и ги охрабруваат политичките партии во ЕУ и земјите членки на Советот на Европа да ја потпишат Повелбата.

Го изразуваат нивното задоволство во поглед на парламентарната соработка за набљудување на изборите и сродните прашања меѓу Европскиот парламент, Парламентарното собрание на Советот на Европа и Парламентарното собрание на ОБСЕ и ја изразуваат нивната желба за понатамошно унапредување на интерпарламентарната соработка за сите идни набљудувања на избори, преку меморандум за разбирање меѓу засегнатите страни.

Бараат зајакнување на соработката меѓу трите парламентарни институции и Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР) на поле на набљудување на избори.

Го повикуваат Советот на Европа и Европската унија да ги искористи сите можни синергии за унапредување на комплементарноста на нивните активности и за избегнување на удвојување на работата, со цел да се осигура максимална корист за сите земји во проширената Европа.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

# ***ИНФОРМАЦИЈА***

***за текот на активностите за време на одржувањето на седницата на Поткомисијата за културно наследство на Комисијата за култура, наука и образование на Парламентарното собрание на Советот на Европа (Скопје и Стоби, 7-9 октомври 2003 година)***

***Скопје, октомври 2003***

*На покана на шефот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа д-р Елеонора Петрова Митевска од 7 до 9 октомври 2003 година во Скопје се одржа седница на Поткомисијата за културно наследство на Комисијата за култура, наука и образование на Парламентарното собрание на Советот на Европа. Од членовите на Поткомисијата присутни беа г-дин Луиз Мариа де Пуџ, ex officio член на Поткомисијата и претседател на Комисијата за култура, наука и образование, г-дин Едвард О΄Хара, Баронеса Хупер, г-ѓа Алисија Кастро, г-дин Антонио Брага и д-р Елеонора Петрова-Митевска. Од страна на Секретаријатот на Комисијата присутен беше г-дин Кристофер Грејсон, Шеф на Секретаријатот на Комисијата за култура, наука и образование. Од Секретаријатот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа во постојана придружба беа г-дин Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа и г-ѓа Ана Качакова, член на Секретаријатот на Делегацијата.*

Посетата на оваа Делегација започна со посетата на Музејот на Македонија, каде што гостите имаа прилика да ја видат постојаната поставка на Музејот и Лапидариумот. Поставката им беше презентирана од страна на директорот на Музејот на Македонија г-дин Бојан Ивановски и д-р Елеонора Петрова Митевска, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа.

На 6 октомври 2003 година беше организирана посета на Археолошкиот локалитет Стоби, при што д-р Елеонора Петрова Митевска имаше презентација за самиот локалитет и за археолошките ископувања кои беа во тек. Гостите имаа ексклузивна можност на лице место да го видат начинот на кој се вршат истражувањата, а го посетија и Музејот на Стоби.

По посетата на Археолошкиот локалитет Стоби гостите остварија средба со градоначалникот на Неготино, г-дин Стојанче Јанков, кој ги запозна со историјатот на Неготино и регионот. Г-дин Јанков накратко се осврна и на мерките кои општината Неготино ги презема за натамошен развој на градот и за промовирање на нашето културно наследство, посебно во рамките на целокупните активности што се преземаат во пресрет на Олимпијадата 2004 во Атина.

По посетата на Неготино гостите го посетија и Манастирот "Свети Пантелејмон" во Нерези (Скопје). Од страна на водичот на гостите им беше презентиран историјатот на манастирскиот комплекс, при што гостите беа информирани дека ова е единствен манастир во Република Македонија кој е под непосредна надлежност на Владиката на Македонската православна црква, бидејќи е една од неговите резиденции.

На 9 октомври 2003 година во Собранието на Република Македонија се одржа седницата на Поткомисијата за културно наследство. На оваа седница како поканети учесници од Република Македонија беа присутни: г-дин Благој Стефановски, Министер за култура на Република Македонија, г-дин Бојан Ивановски, Директор на Музејот на Македонија, г-дин Јован Ристов, Директор на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, г-ѓа Магдалена Диковска, Раководител на сектор во Министерството за култура и г-дин Климе Коробар, од Граѓанската асоцијација ИКОН. Седницата ја следеше и г-ѓа Василка Илиевска, секретар на Комисијата за култура на Собранието на Република Македонија. Темата на седницата беше посветена на размена на мислења по Предлог-законот за заштита на културното наследство во Република Македонија.

По завршувањето на седницата и презентирањето на заклучните согледувања, делегацијата оствари работен ручек со м-р Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија, по што се одржа ПРЕСС-конференција.

Организирање на седници на комисиите и поткомисиите на Парламентарното собрание на Советот на Европа, како и на семинари и колоквиуми, придонесува за што поголема и поквалитетна застапеност на Собранието на Република Македонија во активностите на Парламентарното собрание на Советот на Европа. Воедно, тоа претпоставува зголемена активност на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа и воспоставување на што понепосредни контакти на Делегацијата со своите колеги парламентарци од Советот на Европа. Сето тоа претставува значаен поттик за преземање на натамошни чекори за што поуспешна презентација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

# *ИНФОРМАЦИЈА*

***за Колоквиумот на ПС на Советот на Европа за управување со прекугранични речни и езерски басени ( Охрид, 12- 15 октомври 2003 )***

***Скопје, октомври 2003 година***

*Ад хок поткомисијата за меѓународна година на слатки води на Комисијата на ПС на Советот на Европа за екологија, земјоделство и локални и регионални власти во соработка со Собранието на Република Македонија организираше Колоквиум за управување со прекуграничните речни и езерски басени кој е одржан во Охрид од 12 до 15 октомври 2003 година.*

Обраќања на Колоквиумот имаа: Никола Поповски претседател на Собранието на Република Македонија, Љубомир Јанев министерот за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, Борислав Великов ( Бугарија ) претседател на Ад хок поткомисијата за меѓународна госдина на слатки води и Кејт Витмор (Велика Британија) претседател на Комисијата за одржлив развој на Конгресот на локални и регионални власти на Европа.

Во работата на Колоквииумот учествуваа: Елеонора Петрова Митевска, шеф на Делегацијатана Собранието на Република Македонија во ПС на Советот на Европа, Томе Тромбев претседател на Комисијата за транспорт, врски и екологија на Собранието на Република Македонија, Џевдет Насуфи, член на Делегацијата во ПС на Советот на Европа и на Комисијата на Парламентарното Собрание на Советот на Европа за екологија, земјоделство и локални и регионални власти, Лчезар Тошев (Бугарија), известител на ПС на Советот на Европа за прашањето на прекугранични речни и езерски басени, градоначалниците на Охрид, Ресен, Дојран, Центар- Скопје и Поградец (Албанија), како и пратеници и експерти од 12 земји членки на Советот на Европа .

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

# ***ИНФОРМАЦИЈА***

***за посетата на Република Македонија на г-дин Ерик Јиргенс, Известител на Комисијата за правни прашања и човекови права на Парламентарното собрание на Советот на Европа за прашањето на обештетување на несловенските штедачи на поранешна "Љубљанска банка" (Скопје, 12-13 ноември 2003 година)***

***Скопје, ноември 2003***

*Врз основа на обновената покана[3] на шефот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа д-р Елеонора Петрова-Митевска, на 12 и 13 ноември 2003 година г-дин Ерик Јиргенс, Известител на Комисијата за правни прашања и човекови права на Парламентарното собрание на Советот на Европа оствари официјална посета на Република Македонија. Г-дин Јиргенс за време на посетата беше во придружба на г-дин Гинтер Ширмер, секретар на Комисијата, а од Собранието на Република Македонија во постојана придружба на делегацијата беа г-ѓа Ана Качакова, раководител на Одделението за мултилатерална соработка и член на Секретаријатот на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа. На средбите со Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа, со правните и со банкарските експерти присуствуваше и г-дин Марјан Маџоски, советник во Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот.*

*Според Програмата, изготвена согласно со предлозите на г-дин Јиргенс, тој оствари средби со: г-ѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија, Шефот и членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа, правни и банкарски експерти за ова прашање, заменик министерот за надворешни работи на Република Македонија г-дин Фуад Хасановиќ, заменик министерот за финансии г-дин Димко Кокароски и гувернерот на Народната банка на Македонија, г-дин Љубе Трпески.*

***Вовед***

Целта на посетата беше осознавање на македонските аспекти на ова многу суптилно прашање, кое веќе неколку години, во форма на "*Воведен меморандум-извештај за обештетување на странските девизни депозити во филијалите на "Љубљанска банка" кои не се на територијата на Словенија, 1977-1991*" се наоѓа во процедура во Парламентарното собрание на Советот на Европа. Досега, г-дин Јиргенс остварил посети на сите поранешни југословенски републики, а како елемент за финализирање на извештајот недостасуваа согледувањата на македонските надлежни органи по ова прашање. Во досегашната постапка пред Парламентарното собрание на Советот на Европа, од македонска страна беа доставувани сите барани информации за ова прашање со кои располагаа Министерството за финансии и Народната банка на Македонија. На државен план, паралелно одеа активностите во сферата на преговорите пред Банката за меѓународни порамнувања во Базел и активностите на државната делегација на Република Македонија во преговорите за сукцесија.

Како основни прашања на кои г-дин Јиргенс бараше мислења и одговори се наметнаа следниве: да се согледа ставот на македонската држава дали ова прашање спаѓа во корпусот на човекови права; дали ова прашање претставува политички, правен или меѓудржавен проблем или спаѓа во делот на прашањата опфатени со процесот на сукцесијата; потоа, како силен аргумент кој во Извештајот би и´ се спротивставил на словенечкото тврдење е постоењето на писмен доказ дека во времето на распаѓањето на поранешната "Љубљанска банка"-Скопје, девизните средства се навистина трансферирани на територијата на Словенија, односно се влезени во масата на парични средства со кои располагала централната "Љубљанска банка"-Љубљана.

[3] Г-нот Јиргенс, како известител по ова прашање, уште во 2001 година во два наврата требаше да ја оствари оваа посета, но истата беше одложувана еднаш поради конфликтната состојба во земјата во тој период, а другиот пат поради транспортни проблеми.

* * * * *

**1.** На ***средбата со Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа*** присутни беа: д-р Елеонора Петрова-Митевска, шеф на Делегацијата, г-дин Андреј Жерновски и г-ѓа Ганка Самоиловска-Цветанова, членови на Делегацијата. Д-р Петрова-Митевска од името на Делегацијата го истакна задоволството што по повеќе одложувања оваа посета конечно се реализира и изрази надеж дека средбите и разговорите што г-дин Јиргенс ќе ги оствари ќе помогнат за детално запознавање и објективно согледување на состојбите. Исто така, беше презентирана определбата за продолжување на преговорите за сукцесија, кои досега не вродија со плод и дека според нашите граѓани, чии репрезенти во власта се пратениците, станува збор за стекнати граѓански права, што претставува неспорен и непреносlив правен институт. Исто така, беше истакнато дека како крајно непринципиелно би се сметала ситуацијата да се обештетувааат само словенечките граѓани, што би претставувало повреда на индивидуалните човекови права и дискриминација на странските во однос на домашните штедачи. Од политички аспект, беше укажано дека со приемот на Република Словенија во Европската унија овој проблем на Словенија со државите од поранешна Југославија може да биде пренесен и третиран како прашање и проблем на Европската унија со државите од поранешна Југославија. Делегацијата изрази надеж дека ова прашање ќе биде финализирано во еден објективен извештај, во чија препорака би се застапувал моделот на еднаков пристап во обврските за исплата на штедачите.

**2.** На ***средбата со правните експерти*** беше присутен проф.д-р Тодор Џунов, кој се осврна на досегашните резултати од преговорите пред Банката за меѓународни порамнувања во Базел, каде што тој бил член на македонската државна Делегација. Д-р Џунов го објасни правниот аспект на ова прашање преку поединечен пример: самото депонирање на парични средства на граѓанин во една банка доведува до еден облигационо-правен однос од кој за граѓанинот како право следи исплата на каматата а за банката исплата на паричните средства кога ќе ги побара граѓанинот.

Македонските граѓани во рамките на југословенската федерација, најмногу имаа доверба токму во "Љубљанска банка" поради нејзината солвентност и ликвидност, а мотив повеќе за штедење токму во оваа банка беше што таа даваше највисока каматна стапка на влоговите. Нашите граѓани во најголем број штедеа во "Љубљанска банка" Скопје, иако имаше случаи на штедење во истоимената банка во Љубљана и логично беше граѓаните да си ги побараат свите девизни заштеди од банката во Скопје. Кога не можеа да ги добијат, граѓаните се обратија до Владата на Република Македонија, која заради смирување на нараснатите тензии, во 1993 година пред Собранието на Република Македонија поднесе Предлог на закон за преземање на гаранциите по штедните влогови, кој беше усвоен од Собранието. Со овој закон, државата ја преземе гаранцијата по штедните влогови и како рестриктивен закон, во строго определени случаи се вршеше исплата на парични средства на граѓаните. Во 2001 година беше донесен Законот за обврзници, со кои се исплатуваат девизните заштеди на граѓаните од сите пропаднати банки на територијата на Македонија, но на долг рок. Ова, како и трансформацијата на "Љубљанска банка"- Скопје во "Љубљанска банка-Македонска банка"- Скопје како нејзин правен наследник, од правен аспект не ја исклучува обврската на Словенија за обештетување на македонските граѓани. Ова особено и поради фактот што Љубљанска банка не беше ликвидирана со закон, туку со одлука на Парламентот на Словенија на негова затворена седница.

Доколку ова прашање се третира од аспект на одредбите од Европската конвенција за човекови права, д-р Џунов појасни дека според член 6 (право на сопственост) од Европската конвенција за човекови права, тоа би значело повреда на ова право и претставува проблем за земјите кои ја потпишале Европската Конвенција за човекови права.

**3.** ***Г-ѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија за г-дин Јиргенс приреди работна вечера***, на која присуствуваше и д-р Љубомир Кекеновски, претседател на Советот на Народна банка на Македонија. Во текот на разговорите кои започнаа на актуелни теми од политичкиот живот во Македонија и соседството, г-ѓа Поповска истакна дека правниот третман, за кој се залага македонската страна, на прашањето "Љубљанска банка" ќе ја врати довербата на македонските граѓани во правдата и правниот систем. Можноста за обештетувањето на македонските граѓани, со оглед на економската состојба во земјата, ќе значи многу за нив. Г-ѓа Поповска ја оцени оваа посета на г-дин Јиргенс како извонредна можност за осознавање и на фактите кои македонската страна ќе ги презентира. Од друга страна, г-ѓа Поповска истакна дека Република Македонија има извонредно добри односи со Република Словенија, на политички, стопански и културен план кои и понатаму ќе ги негува и смета дека разрешувањето на ова прашање нема да се рефлектира врз натамошната билатерална соработка.

**4.** На ***средбата и разговорите со г-дин Фуад Хасановиќ, заменик-министер за надворешни работи на Република Македонија***, беше укажано на активностите на Министерството за надворешни работи во областа на сукцесијата и на надлежностите на Министерството во оваа постапка. Во делот на разрешувањето на прашањето за обештетување на македонските граѓани-штедачи во поранешната "Љубљанска банка"-Скопје, министерството нема надлежност, бидејќи се работи за област од облигационото право кое нема врска со процесот на сукцесија, но генерално, од аспект на владиниот став по ова прашање, министерството дава поддршка на активностите на Министерството за финансии и на Народната банка на Република Македонија во напорите што тие ги вложуваат за негово позитивно разрешување. Од аспект на политичките односи со Република Словенија, г-дин Хасановиќ истакна дека односите се навистина одлични на сите нивоа и смета дека ова прашање не смее да биде камен на сопнување во тие односи. Во врска со процесот на сукцесија, од кој произлезе и спогодба која не е потпишана од сите страни, г-дин Хасановиќ истакна дека, кога натамошните преговори ќе продолжат, ќе се реафирмира ставот да биде решено и прашањето на девизните заштеди како човеково право. Ако прашањето се третира од социјален аспект, не може да се заобиколи фактот дека македонските граѓани, од кои голем број живееја и работеа во западно-европските земји, вложија навистина голема сума на девизни средства во поранешна "Љубљанска банка" - Скопје, а по распаѓањето на југословенската федерација, нивните заштеди едноставно ги снема.

**5.** На ***средбата со г-дин Димко Кокароски, заменик-министер за финансии на Република Македонија*** беше констатирана комплексноста на ова прашање кое се провлекува во целиот период на транзицијата во Република Македонија. Г-дин Кокароски го објасни банкарскиот систем во поранешната југословенската федерација и аналогно на тоа, односите на банките на републиките и централната Народна банка на Југославија. Тогашниот инфлаторен начин на финансирање на обврските од девизното штедење беше рефундирано со средства од федералниот буџет како привремена мерка.

Г-дин Кокароски укажа на постоењето на Спогодбата за економска соработка склучена меѓу Република Македонија и Република Словенија во мај 1992 година со која се регулираат имотните односи поврзани не само со "Љубљанска банка"-Скопје, туку и за сите други имотно-правни односи на резиденти во Република Македонија.

Како клучна дилема во ова прашање г-дин Кокароски укажа дека *de facto* цело време се протега настојувањето на Република Словенија ова прашање да не биде третирано како облигационо-правен однос, што е апсолутно неприфатливо бидејќи на тој начин би се избегнала обврската на Република Словенија за исплата на штедните влогови на македонските штедачи. Во овој контекст г-дин Кокароски напомена дека разрешувањето на овој проблем треба, пред се´ да оди во насока на еднаков третман на сите штедачи на поранешна "Љубљанска банка"-Скопје, независно од нивната

припадност на една или друга држава, особено што станува збор за огромна сума на девизни средства на македонските штедачи.

**6.** На ***средбата со г-дин Љубе Трпески, гувернер на Народна банка на Македонија***, присутни беа: г-ѓа Емилија Нацевска и г-дин Ванчо Каргов, вицегувернери на Народната банка на Македонија, г-ѓа Светлана Бундалевска, шеф на Секторот за правни работи и г-ѓа Душанка Христова, специјален советник на гувернерот и поранешен вице-гувернер на Народната банка на Македонија. Г-дин Трпески го образложи историјатот на ова прашање според податоците со кои располага Народна банка на Македонија. Во моментот кога се распадна СФРЈ, сите словеначки банки на територијата на поранешната федерација не беа правни лица, туку само филијали на "Љубљанска банка"-Љубљана. Судбината на тие банки беше различна - во Хрватска и во Босна и Херцеговина состојбата на тој план е замрзната, а во Македонија и се дозволи на "Љубљанска банка"-Скопје да стане независна банка, со 51% на капитал од трансферирани динарски побарувања од девизното штедење, кои од нејзина страна се признаени како средства во нејзина сопственост. Практично, врз основа на Спогодбата за економска соработка меѓу Република Македонија и Република Словенија (склучена во мај 1992 година) се издаде лиценца за работа на банката.

Од досегашните дискусии со претставниците на "Љубљанска банка" Љубљана никогаш не беше доведена во прашање нивната одговорност кон Република Македонија. Меѓутоа, работите се изменија кога словенечкиот парламент на тајна седница изврши измена на Уставот на Република Словенија и донесе одлука да банкротираат сите словенечки банки и други деловни субјекти кои се наоѓаа на територијата на поранешната југословенска федерација. На споменатата седница на Парламентот на Република Словенија тајно се продадени 51% на тогашниот генерален директор на "Љубљанска банка"-Скопје. Произлегува дека со одлука на државен орган на Република Словенија се оштетени штедачите од другите земји и од Република Македонија, на кои не им е надоместена штетата, а наспроти тоа истиот орган одлучи штетата да биде надоместена само на словенечките граѓани и тоа на товар на сите други штедачи во "Љубљанска банка". И покрај тоа, во извештаите што банката во наредните четири години редовно и согласно со законската обврска ги доставуваше до Народна банка на Македонија се водеше дека акционер е "Љубљанска банка"-Љубљана. Тоа доведе до сознанието дека во тој четиригодишен период воопшто не се одржувало Собранието на акционери и се држеле во тајност сите други активности на банката. По ова, беше сменет директорот и се поведе кривична постапка против генералниот директор, која се уште не е завршена.

Во однос на доказот што г-дин Јиргенс го бара од кој може да се види извршениот трансфер на девизните средства од поранешната "Љубљанска банка" Скопје во "Љубљанска банка" - Љубљана, г-дин Трпески истакна дека таков документ постои и ќе му биде дополнително доставен на г-дин Јиргенс.

Во однос на преговорите што се водат пред Банката за меѓународни порамнувања во Базел, г-дин Трпески подвлече дека Словенечката делегација во ниеден момент не ги оспори бројките на побрувањата од другите држави. Меѓутоа, во предлогот на медијаторот Мејер за формирање на компензационен фонд од кој би се вршело обештетувањето, Словенечката делегација не ја прифати одредбата 50% од средствата во тој фонд да паднат на товар на Република Словенија, а останатиот дел на другите држави. Токму поради ова, во јули 2002 година преговорите пред Банката во Базел се прекинати.

**7.** На ***завршните разговори со банкарските експерти*** присуствуваа г-ѓа Душанка Христова и д-р Љубомир Кекеновски. Тие ги образложија одредбите од Спогодбата за економска соработка меѓу Република Македонија и Република Словенија во делот на гаранцијата на депозитите во банките, при што истакнаа дека членовите 8,10 и 12 од Спогодбата ги гарантираат и минатите и идните депозити врз основа на територијален принцип. Тоа значи дека за минатите депозити (депозити пред распаѓањето на

југословенската федерација), како гарант во случај на банкротство на банките се јавуваше Народната банка на Југославија. Фактот што Република Македонија ги презеде гаранциите за депозитите на пропаднатите банки на територијата на Република Македонија, практично значеше смирување и привремено решавање на актуелните социјални проблеми во државата. Преку донесувањето на законите за овие случаи, се вршеше селективно исплаќање на депозитите на граѓаните за стриктно определени случаи, согласно со буџетскиот потенцијал.

Г-ѓа Христова се осврна и на преговорите пред Банката за меѓународни порамнувања во Базел (чиј член на државната делегација беше и таа лично) и истакна дека во преговорите ставовите на Република Македонија, Република Хрватска и Босна и Херцеговина беа залагање за легалниот принцип, додека ставовите на Република Словенија и на (тогаш) Сојузна Република Југославија е територијалниот принцип, што претставуваат две дијаметрално спротивни гледишта.

***Заклучни согледувања***

Посетата на известителот на Парламентарното собрание на Советот на Европа за прашањето на обештетувањето на несловенските штедачи во поранешната "Љубљанска банка" г-дин Ерик Јиргенс може да се оцени како мошне значаен дел од процесот на оформувањето на Извештајот[4] по ова прашање. Од друга страна, ставовите искажани од претставниците на надлежните органи и институции на Република Македонија вклучени во разговорите, на сублимиран начин ги прикажуваат македонските ставови во врска со овој сложен проблем, што ќе бидат од значење и ќе претставуваат основа за градење на ставовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа во нејзините настапи пред Парламентарното собрание.

Од средбите и разговорите што г. Јиргенс ги оствари за време на неговата посета на Република Македонија и од неговите изјави на тие средби, може да се заклучи дека тој дојде до драгоцени и релевантни податоци со кои тој досега не располагал и кои во голема мера ќе му помогнат во изготвувањето на објективен извештај по ова прашање.

Во врска со ова прашање, потребен е натамошен активен однос на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа, во тесна координација со надлежните министерства и институции и во соработка со делегациите на земјите чиишто државјани се несловенските штедачи на поранешна "Љубљанска банка".

[4] Се очекува Предлог-Извештајот да биде разгледан на претстојниот Прв дел на Редовната сесија за 2004 година на Парламентарното собрание на Советот на Европа, по претходно разгледување во надлежните комисии на Парламентарното собрание.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

## ***ИНФОРМАЦИЈА***

***за седницата на Комисијата за економски прашања и развој  на ПС на Советот на Европа ( Париз, Франција 13 ноември 2003 година )***

***Скопје, ноември 2003 година***

*Комисијата на ПС на СЕ за економски прашања и развој на 13 ноември 2003 година, во Париз, Франција одржа седница на која присуствуваа Стојан Андов, член на Делегацијата на Собранието на РМ и член на Комисијата на ПС на СЕ и Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата. На седницата се разгледувани извештаи и усвоени предлог резолуции, односно препораки за следните прашања: економските апекти на проширувањето на Европската унија; реализирањето на потенцијалот на Стразбург како европски главен град; унапредување на перспективите на земјите во развој; како морален императив на меѓународната заедница; прашањата и предлозите во врска со фалсификатите во производството и етиката на корпорациите во Европа.*

*Во текот на престојот во Париз Андов оствари и лична средба со поранешниот специјален пратеник на ЕУ во РМ Ален ле Роа.*

**I**

Поаѓајќи од консензуалната согласност за приклучување на Република Македонија на ЕУ, изразена во повеќе прилики и во Собранието на Република Македонија, Делегацијата во ПС на СЕ посвети посебно внимание на "Прелиминарниот предлог извештај за економските аспекти на проширувањето на ЕУ: клучните години што претстојат" и на предлог документите кои треба да произлезат по расправата на седницата на Комисијата во Париз. Во текстот на документите што ги подготви за седницата на Комисијата известителот за оваа прашање романскиот пратеник Адријан Северин (од Групата на социјалистички партии), кој е поранешен министер за надворешни работи на Романија и поранешен претседател на ПС на ОБСЕ, не беше опфатена Република Македонија и земјите вклучени во процесот на стабилизација и асоцијација со ЕУ. Од тие причини во подготовката за оваа седница пратеникот Стојан Андов, како член на Комисијата упати писмо до известителот Северин во кое укажа на овој недостаток и побара поддршка за изнаоѓање на решение со кое во документите на Советот на Европа би била запазена определена припадност кон ЕУ и на регионот на Западниот Балкан.

На седницата во Париз, образлагајќи го мотивот за покренување во февруари 2003 година на оваа прашање, известителот Северин нагласи дека со процесот на проширувањето на ЕУ се отворени низа економско-социјални предизвици. Да би можел процесот на проширување и покрај предизвиците со кои се соочува да прерасне во процес во кој сите би биле добитници, неопходна е соодветна поддршка и внимание, како од земјите членки, така и од земјите кандидати за членство. Притоа, во обезбедувањето и поддршката на процесот на проширување како целина, парламентите имаат особено значајна улога.

Во надминувањето на економскиот и соцјалниот јаз меѓу земјите кои се приклучуваат и земјите кои се членки на ЕУ, според Северин, значајно место и улога има и Советот на Европа. Во посткомунистичката ера развојот во земјите кандидати бил инспириран и остваруван под влијание на идеалите на Советот на Европа за демократски плурализам, заштита на човековите права и владеењето на правото во Европа. Затоа тој предлага да се испита можност за создавање на Европски форум за социјален дијалог со учество на назначајните европски организации, синдикатот, асоцијациите на работодавачите и на граѓанското општество за унапредување на дијалогот и размена на искуствата за економско социјалната кохезија на национално, регионално и паневропско ниво.

Во прелиминарниот извештај и во другите документи прашањето на проширување е третирано со опфаќање на податоци исклучиво за земјите кандидати. Тие се презентирани на основа на официјалните извештаи за проширување на Европската комисија на ЕУ, Евростат и Европската банка за обнова и развој. Со стриктно назначување на 2004 и 2007 година како референцијални термини за приклучување кон ЕУ во прелиминарната нацрт резолуција, како клучен документ кој треба да биде разгледуван и усвоен од ПС на Советот на Европа изоставена е можноста за приклучување кон процесот на проширување во натамошниот период да се приклучат и други држави.

Од страна на членот на Комисијата Андов беа поднесени два амандмана во писмена форма, кои беа дистрибуирани во текот на седницата. Со нив се обезбедува прашањето на приклучување кон ЕУ да биде третирано како отворено и да ги опфати и земјите вклучени во процесот на стабилизација и асоцијација со ЕУ.

Изјаснувајќи се по сугестиите изнесени во писмото на пратеникот Андов известителот Северин изнесе дека тие се прифатливи и дека размислувал за начиниот како да ги интегрира во документите што ги подготвува. Поднесените амандмани му ја олесниле таа задача и за него се целосно прифатливи. Натамошната расправа продолжи со разгледување на двата поднесени амандмана кои беа прифатени и целосно интегрирани во предлог резолуцијата усвоена од Комисијата.

## II

Стразбург како паневропски град во кој заседава Европскиот Парламент и е седиште на Советот на Европа и Европскиот суд за човекови права, веќе подолго време се судира со потребата за подобри авионски и побрзи железнички врски со главните градови во Европа. Во извештајот на францускиот пратеник Шрајнер (од Групата на европски демократски партии), се укажува на овој проблем и на потребата за преземање на низа мерки од страна на Франција, со поддршка на другите европски држави за реализирање на потенцијалот на Стразбург како потенцијален главен град на Европа. Во предлог препораката по оваа прашање е поддржана определбата за поврзување на Париз и Стразбург со брза железница (чија прва фаза треба да биде готова до 2007 година), како и со германскиот систем на брзи возови. Укажано е дака вакви железнички врски освен со Париз треба да бидат воспоставени и со Брисел, Штутгарт, Минхен, Будимпешта и Виена. Прифатен е амандманот со кој подобрувањето на авионски врски е означено дури и како позначајно, имајќи предвид дека на тој начин може да се оствари поврзување со цела Европа.

## III

Во извештајот на германскиот пратеник Џонас (од Групата на социјалистички партии) посветен на подобрување на перспективите на земјите во развој се разгледува прашањето на меѓународната должност да се помогне на најсиромашните земји во светот. Сиромаштијата во оделни земји има катастрофални размери. Бројот на луѓето кои живеаат со помалку од 1 долар дневно изнесува една милијарда и двеста милиони. Јазот во развиеноста дури и се зголемува: 54 земји во светот денес се посиромашни отколку пред десет години; во централна и источна Европа 1999 година со помалку од еден долар дневно живееле 20%, во споредба со 1990 година кога во таква состојба биле 8% од населението.

Во расправата и во предлог резолуцијата по оваа точка дадена е подршка на амбициозната програма на Обединетите нации позната како "Милениумски развојни цели од 2000 година". Според неа меѓународната заедница, а особено богатите земји, треба да покажат вистинска солидарност и готовност за давање на неопходна помош на земјите во развој. Како најважни цели се издвојуваат: искоренување на екстремната сиромаштија и гладот, обезбедување на општо основно образование, промовирање на еднаквоста на половите, намалување на смртноста на децата, подобрување на здравјето на мајките, борба против сида, маларијата и другите болести, обезбедување на одржлива животна средина и развивање на глобално партнерство во развојот. За остварување на програмата на ОН до 2015 година е побарано зголемување на соодветните меѓународни развојни фондови.

## IV

Проблемите и предлозите сврзани со фалсификуваните производи беа предмет на нацрт извештајот на францускиот пратеник Шрајнер (од Групата на европски демократски партии). Во него се прави обид да се определи фалсификување како измама која најчесто се појавува во врска со копирање на познатите трговски марки (заштитни зборови, слики или симболи), непочитување на патенти (заштитени

иновации), лиценци и авторски права (во однос на софтвер, литература, музички и уметнички дела), како и фалсификување на индустриски дизајн, потрошувачки добра, валута, супстанци, растенија и уметнички дела кои се квантифицирани. Модерните имитации со ширењето на дигиталната технологија не само што се произведуваат побрзо и поефтино туку имаат и значително подобрен квалитет и многу потешко се разликуваат од оргиналните производи. Се претпоставува дека фалсификуваните производи денес учествуваат со 9% во светската трговија.

Имајќи предвид дека фалсификатите се мошне проширени во современото општество известувачот смета дека спротивставувањето на оваа закана треба биде даден на разни нивоа од: меѓународните организации, бизнис асоцијациите, легислативата (национална и меѓународна), компаниите, овластените агенции, националните и регионалните власти и потрошувачите. По иницијалната расправа ова прашање на следните седници на Комисијата ќе биде разгледувано заедно со предлог резолуција или препорака за расправа и усвојување од страна на ПС на Советот на Европа.

V

Пратеникот од Лихтештајн Брухарт (од Групата на Европски народни партии) известуваше за етиката на европските корпорации. Според него по познатите корупциски скандали, каков што е на пример случајот Енрон, несоодветното однесување на корпораците станува се помалку прифатливо. Меѓутоа, самодисциплината на пазарот е се уште недоволна и не се исклучува можноста за такви неприфатливи однесувања и во иднина. Потребни се реформи кои ќе овозможат побезбедни услови за инвеститорите и сите други учесници во пазарното стопанство. Советот на Европа треба да го охрабри создавањето на таква клима која ќе обезбеди ефикасен систем на добро однесување на корпорациите во Европа.

Со нацрт резолуцијата усвоена на седницата на Комисијата се укажува на потребата етичкото однесување на корпорациите да биде регулирано не само со промените во законодавството, туку и пошироко со промени во културното однесување. Препорачано е и создавање на Европско тело за надгледување кое трба да делува превентивно во однос на можната штетна концентрација на моќта во неколку доминантни фирми. Притоа можат да бидат користени искуството и неодамнешните промени во законодавството на САД во оваа област.

* * * * *

На седницата на Комисијата во Париз прашањето од клучен интерес за Република Македонија беше разгледувањето и усвојувањето на предлог документите за економските аспекти на проширувањето на Европската унија. Во овие материјали беа изоставени земјите учеснички во процесот на стабилизација и асоцијација со ЕУ, што отвораше низа дилеми сврзани со односот на Советот на Европа кон регионот на Западниот Балкан и Република Македонија. Со писмото на членот на комисијата Андов до известителот Северин и со предлог амандманите е тестирана готовноста на Советот на Европа да ја изостави или да даде поддршка на определбата на регионот за приклучување на ЕУ. Изоставување или дилема од овој вид доколку се инкорпорират во документите на Советот на Европа (како една од највлијателните европски организаци, позната и како чувар на европските вредности и ориентации), може да има и пошироко негативно дејство на европскиот простор во однос на стратешкиот инерес на Република Македонија и другите земји од регионот. Активното поставување од наша страна кон оваа прашање е примено како навремено и прифатливо реагирање со кој се избегнати неизвесните процедури на надгласување при конечното усвојување на овој документ од страна ПС на Советот на Европа. Треба да се има предвид дека до крај не се отстранети опасностите од заобиколување, (преку евентуално поднесување на амандмани) на земјите вклучени во процесот на стабилизација и асоцијација со ЕУ, при претстојната расправа за актулн ото, термински веќе определено европско проширување. Во таа смисла потребно е дополнително ангажирање и лобистичко делување во парламментарната меѓународна соработка и посебно во активностите на Делегацијата во ПС на СЕ.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Парламентарното собрание на ОБСЕ***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***за учеството на зимската сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ одржана на 20 и 21 февруари 2003 година во Виена, Австрија***

***Скопје, февруари 2003 година***

*Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) на 20 и 21 февруари 2003 година, во Виена, Австрија, ја одржа редовната седница на Постојаниот комитет и на трите генерални комитети, што се одржува во вообичаени термини и е наречена зимска сесија на ПС на ОБСЕ.*

*На седницата на Постојаниот комитет и на трите генерални комитети учествуваа членовите на постојаната Делегација на Собранието на Република Македонија што ја сочинуваа пратениците: г-дин Ѓорѓи Трендафилов, шеф на Делегацијата, д-р Благој Голомеов и г-дин Агрон Буџаку, членови на Делегацијата, како и секретарот на Делегацијата д-р Јован Пејковски.*

Во овој извештај прикажани се активностите и настаните кои се случуваа во текот на зимската сесија, како и остварените средби.

**1.** Седницата на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ беше вовед во одржувањето на зимската сесија на оваа организација. Со седницата претседаваше претседателот на ПС на ОБСЕ г-дин Брус Џорџ. Тој ги извести членовите на Комитетот за остварените активности што како претседател на организацијата ги реализирал во периодот меѓу двете седници на организацијата. Потсети на значењето на безбедноста на континентот и остварувањето на основните принципи на ОБСЕ за кои се залагаат парламентарците од земјите членки.

Пратениците, од името на земјата домаќин на ПС на ОБСЕ, ги поздрави и им посака успешна работа претседателот на Парламентот на Австрија д-р Андреас Кол. Тој го нагласи гостопримството што Австрија и Виена го даваат за да може ОБСЕ успешно да ја извршува својата мисија во градењето на стабилноста и безбедноста во Европа. Во тој контекст парламентарците даваат значаен придонес и ги поттикнуваат владите за постигнување на долготорајна стабилност и безбедност во целина.

Претседателот на ПС на ОБСЕ г-дин Брус Џорџ во пригодниот говор ги најави активностите што претседателството на ПС на ОБСЕ планира да се остварат во текот на 2003 година. Тој потсети на неговите ангажирања и настапите од името на организацијата на разни меѓународни средби и настани, како и за посетата на повеќе земји, со цел за поуспешно афирмирање на ставовите на пратениците од ПС на ОБСЕ што се утврдени во Берлинската декларација од последното заседание на оваа организација во 2002 година. Покрај тоа поднесе извештај од средбата на Бирото на ПС на ОБСЕ на која се расправало за прашања во поглед на ангажирањето во решавањето на најактуелните прашања од доменот на стабилноста и безбедноста во регионот на ОБСЕ. Истакна дека на годишната сесија на ПС на ОБСЕ во Ротердам што ќе се одржи во јули 2003 година се предлага да се расправа по темата: "Улогата на ОБСЕ во новата архитектура во Европа". Исто така информираше за средбите и активностите што ги остварил во рамките на неговото учество на седницата на ПС на Советот на Европа, за средбата со г-дин Кофи Анан во ООН и за потребата и ПС на ОБСЕ да расправа за ситуацијата и можната воена интервенција во Ирак. Ги најави посетите на парламентарни делегации на ПС на ОБСЕ на мисиите на ОБСЕ во Албанија, во Скопје, во Босна и Херцеговина и во Белград.

Беше остварена дебата по одлуките донесени на средбата на Советот на министрите на ОБСЕ во врска со најавите што се планирани за време на холандското претседателство со ОБСЕ во текот на 2003 година.

Благајникот на ПС на ОБСЕ г-дин Графштајн даде преглед на финасиската состојба на организацијата за првата четвртина од буџетската година. Тој оцени дека Буџетот не е оформен бидејќи одреден број земји меѓу кои е и Република Македонија, не ги уплатиле своите обврски по основ на членарина во ПС на ОБСЕ, со што недостасуваат близу една четвртина од планираните средства. Заради претстојните зголемени трошоци поврзани со повеќе активности, како и со следењето на изборите во неколку земји, тој укажа дека е неопходно негово што поскоро комплетирање, односно земјите кои не ја платиле членарината тоа да го направат што поскоро.

Генералниот секретар на ПС на ОБСЕ г. Спенсер Оливер информираше за активностите на Меѓународниот секретаријат на организацијата и за напорите кои се

праваат за реализирање на програмските активности на ПС на ОБСЕ. Тој поднесе извештај и за активностите што се преземени за реализација на обврските кои произлегуваат од Берлинската декларација. Го претстави амбасадорот г-дин Андреас Нотел од новоотворената постојана канцеларија на ПС на ОБСЕ во Виена и оцени дека со тоа во голема мера ќе се олесни и интензивира комуникацијата меѓу владините претставници и парламентарците во ОБСЕ.

Потпретседателката на ПС на ОБСЕ д-р Рита Зисмут од името на делегацијата на ПС на ОБСЕ што ги следеше изборите во Република Македонија поднесе извештај и даде оценка дека изборите се остварени во согласност со стандардите на ОБСЕ, со мали исклучоци, што не влијаеле на општата оценка. Оцени дека државните медиуми не информирале објективно и дека биле наклонети кон претставниците на власта што во иднина не би требало да се случува.

Шефот на делегацијата на Холандија информираше за подготовките за одржувањето на летната сесија на ПС на ОБСЕ во Ротердам од 5 до 9 јули оваа година. Шефот на делегацијата на Швајцарија г-ѓа Барбара Херинг потсети на одржувањето на третата субрегионална конференција што ќе се одржи во Берн, Швајцарија од 14 до 16 мај, на тема за малите и средните претпријатија и нивната улога во економијата на земјите. Шефот на делегацијата на Казахстан го најави одржувањето на Транс-Азискиот форум од 7 до 8 јуни во Алма Ата. Шефот на Италијанската делегација најави дека есенската седница на Постојаниот комитет ќе се одржи во Рим од 9 до 12 октомври заедно со уште два настани: Конференција за слободата на религиите и Конференција за медитеранот. Како домаќин за наредната конференција и есенската сесија на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ во 2004 година беше прифатена кандидатурата на Грција.

Постојаниот комитет расправаше за извештаите на ад хок комитетите за Молдавија и Белорусија и истите ги прифати со што се овозможи Делегацијата на Белорусија да учествува на седницата. Исто така ги прифати предлозите за измена на Деловникот на ПС на ОБСЕ во поглед на постапката за поставување на прашања за итна дебата на седниците на комитетите и на ПС на ОБСЕ. Притоа е утврдено дека прашањето што се предлага за итна дебата мора да биде поврзано со актуелен настан што се случил најдоцна 24 часа пред почетокот на седницата.

**2.** Зимската сесија на ПС на ОБСЕ продолжи со заедничка седница на трите генерални комитети. На седницата претседаваше претседателот г-дин Брус Џорџ кој го најави присуството на претседателот на Република Австрија г-дин Томас Клестил. Во пригодното обраќање до учесниците и гостите на зимската сесија на ПС на ОБСЕ претседателот Клестил говореше за улогата на парламентарците во изразувањето на интересите на граѓаните особено за јакнење на стабилноста и безбедноста и отстранување на тероризмот, шверцот со луѓе, трговијата со дрога и оружје и.т.н. Укажа дека ОБСЕ има механизми кои треба да ги активира за да се придонесе за мир и стабилност како негов основен концепт на работа и постоење.

Министерот за надворешни работи на Холандија г. Јап де Хоп Шефер, во својство на претседавач со ОБСЕ говореше пред пратениците од трите генерални комитети на ПС на ОБСЕ. Тој побара парламентарците да го искористат нивното влијание за да помогнат во изградбата на демократски структури и институции во регионот на ОБСЕ, како предуслов за владеење на правото и демократијата. Укажа на најактуелните поблеми од доменот на безбедноста и тоа за изградба на нова безбедносна архитектура во регионот на ОБСЕ, за спречувањето на шверцот со луѓе, дрога и оружје, за потребата од следење на изборите и за јакнење на улогата на парламентарците во остварувањето на демократските процеси во целина.

Во настапите на говорниците кои потоа следеа беа опфатени повеќе прашања и области од актуелните случувања во земјите членки на ОБСЕ, а г-дин Шефер одговараше на прашањата поставени од парламентарците.

По завршувањето на дебатата на заедничката седница на трите генерални комитети зимската сесија на ПС на ОБСЕ продолжи преку одделните седници на комитетите.

**3.** Работата на Комитетот за политички прашања и безбедност и на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ ја следеше шефот на Делегацијата г-дин Ѓорѓи Трендафилов. На седницата на Комитетот за политички прашања и безбедност воведно излагање поднесе потпретседателот на овој Комитет г-дин Панос Каменос. Тој укажа на

потребата од забрзување на демократските процеси и нивно поттикнување во насока на постигнување долготрајна стабилност и безбедност во регионот на ОБСЕ.

Беше поднесен извештај од претседавачот на Постојаниот совет на ОБСЕ, додека известителот на Комитетот г-дин Клифорд Линколн ги предложи темите за дебата на седницата на ПС на ОБСЕ од доменот на политичкиот Комитет. Комитетот расправаше за иницијативата на известителот при што беа поддржани предлозите да се расправа и да се подготвни резолуција за позицијата на ОБСЕ во новата европска архитектура. Потоа беше остварена широка размена на мислења и за други прашања од надлежност на овој Комитет.

**4.** Седницата на Комитетот за економски прашања, наука, технологија и животна средина, со која претседаваше претседателот Олег Билорус, ја следеше пратеникот д-р Благој Голомеов.

На овој Комитет беа согледани прашања од економската основа и поврзаноста на економскиот развој со безбедноста и стабилноста во земјите на ОБСЕ. Воведно излагање поднесе г-дин Марцин Свиецки, координатор за економски активности на ОБСЕ. Исто така се расправаше за глобализацијата на економиите и влијанието на глобалниот тероризам врз стопанствата на земјите. На иницијатива на известителот на овој комитет Леонид Иванченко, се заклучи да се подготви извештај и резолуција во врска со позицијата на ОБСЕ и состојбите на економски план за кои ќе се расправа на седницата на ПС на ОБСЕ во Ротердам оваа година.

**5.** На седницата на Комитетот за демократија, човекови права и хуманитарни прашања, што ја следеше членот на македонската делегација Агрон Буџаку, претседаваше претседателот на Комитетот г-ѓа Елена Мизулина. Како воведничар, Високиот комесар за национални малцинства г-дин Екеус Ролф ги претстави активностите од неговиот домен и напорите кои се преземаат од Канцеларијата на Високиот комесар во надминување на проблемите во врска со прашањата на малцинствата во земјите на ОБСЕ. Тој информираше дека помага во решавањето на малцинските проблеми во новата унија Србија и Црна Гора и во други мултинационални заедници.

Беше сослушано искажувањето на заменикдиректорот на Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР) г-дин Вагенхел Стевен, кој ги наброја земјите во кои се следени изборите, како и оние во кои претстојат во текот на 2003 година. Потсети дека најголема делегација на ОБСЕ што ги следела изборите била во Македонија, близу 1000 луѓе и дека целата организација на следење како и изборите се остварени во согласност со принципите на организацијата со што е даден придонес во стабилизацијата на политичките процеси во земјата.

Претставникот на ОБСЕ за медиумите г-дин Фрајмут Дуве даде оцена за процесите за демократизацијата во земјите на ОБСЕ. Тој ги претстави планираните активности на неговата Канцеларија која во текот на годината презема бројни иницијативи за унапредување на прашањата поврзани со слободата на медиумите во земјите на ОБСЕ. Известителот на овој Комитет Небахат Албајрак ги даде предлозите што ќе бидат формулирани во извештајот и резолуциите за кои ќе се води расправа на летната сесија на ПС на ОБСЕ.

**6.** По завршувањето на одделната работа на генералните комитети се одржа заедничка седница на трите генерални комитети на која се оствари расправа и беа донесени заклучоци за идните активности на ПС на ОБСЕ. Воведно излагање на оваа седница даде претседавачот на Постојаниот совет на ОБСЕ амбасадорот Јан Кубиш. Покрај тоа говореше и преставникот на ОБСЕ за прашања на половите г-ѓа Пола Кеконен, која предложи парламентите да донесат прописи со кои ќе утврдат обврски за поголемо учество на жените во политичките и претставничките органи.

На седницата на трите генерални комитети беше доделена наградата за новинарство и истата ја доби новинарката од Руската Федерација Ана Политковскаја, новинар од независниот весник "Новаја Газета". Таа има објавено повеќе извештаи и написи за настаните во Чеченија, посветувајќи особено внимание на непочитување на човековите права во регионот.

На седницата извештаи поднесоа претседавачите на трите генерални комитети кои ја сумираа расправата од комитетите и ги изнесоа предлозите за идните активности на ПС на ОБСЕ. Тие укажаа на фактот дека предлозите ќе бидат елаборирани во

извештаите и резолуциите на летната сесија на ПС на ОБСЕ на тема; "Улогата на ОБСЕ во новата архитектура на Европа".

**7.** На седницата на трите генерални комитети беше остварена расправа за ситуацијата во Ирак. Во дебатата во која учествуваа 25 парламентарци беа искажани бројни и спротивставени ставови и мислења за евентуалната воена интервенција во Ирак. Иако беше изнесена констатацијата дека Ирак географски не припаѓа во ОБСЕ регионот, заради можните последици на земјите членки на ОБСЕ од евентуалната воена разврска на ситуацијата што е создадена за оваа земја, потребно е и ПС на ОБСЕ да ги изнесе своите гледања на настаните. Залагањата за мирољубиво решавање на кризата беа изразени, исто како и потребата од разоружување на Ирак со оглед дека се јавува како закана за светскиот мир и безбедноста и за стабилноста и безбедноста во регинот. Ваквата дебата беше единствена со оглед дека не беше планирано донесување на формален документ (резолуција или декларација) туку повеќе како поширок форум за расправа и согледување на различноста на погледите и ставовите за ова прашање.

Дебатата овозможи парламентарците да ги согледаат различните перспективи, личните и политичките ставови што беа искажани и да се определат за некои од нив во предлагањето на ставовите во нивните национални парламенти. Иако постоеја разлики во методот на постигнување на целта (употреба на воена сила или дипломатско решение на кризата), во основа се укажува на потребата од надминување на евентуална меѓународна криза што може да биде предизвикана и да се избегнат непотребните жртви и страдања.

**9**. Заклучувајќи ја седницата на зимската сесија на ПС на ОБСЕ претседателот Брус Џорџ оцени дека средбата ги исполнила очекувањата. Пратениците ги изнесоа согледувањата за одделни прашања од стабилноста и безбедноста во нивните средини, се оствари корисна размена на мислења и беа презентирани информации за најактуелните настани и ангажирања во доменот на ОБСЕ. Известителите ги потврдија своите иницијативи за резолуциите за седницата на ПС на ОБСЕ што ќе се одржи во Ротердам, како и за темите за кои ќе се расправа. Се заклучи сите предлози кои беа искажани за подобрување на текот и содржината на сесиите да бидат основ за градење на предлози и ставови за наредните седници на ПС на ОБСЕ. Беше согледана потребата на идните зимски седници да се подготвуваат материјали и извештаи по кои би се оствариле и поуспешни дебати и заклучувања.

**10.** Во текот на зимската сесија членовите на македонската Делегација остварија бројни средби, контакти и разговори, како и корисна размена на мислења со парламентарци и официјални личности кои беа присутни на седниците.

За одбележување е средбата со потпретседателот на ПС на ОБСЕ д-р Рита Зисмут која ја предводеше делегацијата на ПС на ОБСЕ што ги следеше подготовките за парламентарните избори. Таа се интересираше и беше информирана за најактуелните случувања во земјата и укажа дека е неопходна забрзана имплементација на одредбите од Охридскиот рамковен договор.

Освен тоа беа остварени и други средби и контакти со пратеници и претставници од повеќе земји на кои се разменуваа мислења за најактуелните случувања на меѓународен план.

На дел од средбите на Делегацијата и на седниците на комитетите на ПС на ОБСЕ присуствуваа и преставниците од Мисијата на Република Македонија во ОБСЕ, амбасадорот Александар Тавчиовски и советникот Зоран Тодоровски.

* * * * *

Оцена е дека Зимската сесија на ПС на ОБСЕ овозможи новата Делегација на Собранието во целосен остав да партиципира во градењето на ставовите на организацијата и во следењето на прашања од безбедноста и соработката кои се од интерес за Република Македонија. Остварените контакти и средби за време на одржувањето на сесијата придонесоа во афирмирањето на позицијата и интересите на претставниците на Собранието на Република Македонија. Беа осознаени идните правци на дејствување на ПС на ОБСЕ особено во доменот на надлежностите кои се во функција на наредните средби и активности на оваа организација, како и за претстојните седници на ПС на ОБСЕ.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација во Парламентарното Собрание на ОБСЕ***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на Третата субрегионална конференција на Параламентарното собрание на ОБСЕ одржана од 14 до 16 мај 2003 година***

***Скопје, мај 2003 година***

*Во периодот од 14 до 16 мај 2003 година во Берн, Швајцарија, се одржа Третата субрегионална конференција на Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ). Темата на конферецијата беше за промоција на малите и средни претпријатија. Конференцијата беше организирана од страна на парламентот на Швајцарија и Швајцарската делегација во ПС на ОБСЕ.*

*На конференцијата зедоа учество повеќе од 80 парламентарци од 30 земји членки на ОБСЕ. Како претставник на Собранието на Република Македонија на оваа конференција учествуваше г-дин Благој Голомеов, член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ.*

*Конференцијата во Берн беше трета по ред организирана од страна на ПС на ОБСЕ, а во функција на развојот на субрегионалната економска соработка на земјите членки. Првите две конференции беа одржани во Монако (1997) и во Нант (1999).*

На почетокот на Конференцијата, која се одржа во пленарната сала на Парламентот на Швајцарија и со која претседаваше потпретседателката на ПС на ОБСЕ г-ѓа Барбара Херинг, на присутните им се обратија: г-дин Брус Џорџ, претседател на ПС на ОБСЕ, г-дин Ив Кристен, претседател на Националниот совет на Швајцарија, г-ѓа Мишелин Калми-Реи, министер за надворешни работи на Швајцарија, г-дин Самуел Шмид, министер за одбрана на Швајцарија и г-дин Марцин Свиецицки, координатор на ОБСЕ за прашања од областа на економијата и човековата околина. Секој од нив, во својот поздравен говор, од свој агол го истакна значењето на малите и средни претпријатија за економијата на секоја земја. Беше посебно истакната потребата од интензивирање и координирање на активностите на локално, национално и интернационално ниво во поглед на создавање на регулатива која ќе овозможи предуслови за интензивирање на развојот на претприемништвото и создавање на услови, кои ќе го олеснат отварањето и развојот на малите и средни претпријатија во земјите членки на ОБСЕ.

Посебно беше истакнат растечкиот придонес на ПС на ОБСЕ, во развојот на економијата и економската соработка меѓу одделните земји членки, како основен предуслов за обезбедување на нивната стабилност и сигурност. Во таа смисла малите и средни претпријатија претставуваат основа и главна движечка сила на една стабилна економија.

Во натамошниот тек од конференцијата говореа: г-дин Антал Шчабо, регионален советник при Економската комисија на ООН за Европа, кој се осврна на проблемите со кои се соочуваат малите и средни претпријатија во различните региони на ОБСЕ. Господинот Петер Стаделман, шеф на извршното биро на центарот за менаџмент во Сент Гален, говореше за важноста на малите и средни претпријатија за стабилен економски развој, додека г-дин Марцин Свиецицки, координатор на ОБСЕ за прашања од областа на економијата и човековата околина, говореше за потребните услови за стабилен развој на малите и средни претпријатија.

Во попладневната сесија од првиот ден беа презентирани конкретни искуства од Бугарија, Унгарија и Швајцарија во поглед на развојот и промоцијата на малите и средни бизниси. Притоа беа елаборирани искуствата во тој поглед, на две економии во транзиција (Бугарија и Унгарија) и на една високо развиена економија (Швајцарија). Основна поента беше дека разликите помеѓу овие два вида економии се очигледни. Кај развиените економии малите и средни претпријатија егзистираат многу години, постојат добро дефинирани и развиени претприемнички вештини и знаења, постои развиена инфраструктура на институции за поддршка на малите и средни бизниси како и сигурна кредитна поддршка. Кај земјите во транзиција малите и средни претпријатија претставуваат зачеток на нов економски поредок во лицето на пазарната економија, постои широк спектар на регистрирани претприемнички активности само за да се преживее во неповолните услови, се среќаваме со штотуку формирани и слаби институции за подршка на малите и средни бизниси, лоши и нефункционални кредитни шеми.

На вториот ден од конференцијата се одржаа две панел сесии. На првата под наслов *Законска рамка за стабилен развој на мали и средни претпријатија* воведно

излагање имаше г-н Давид Сиз, државен секретар во Швајцарското федерално биро за економија. Тој говореше на тема *Законската регулатива наспроти приватната одговорност*.

Во рамките на оваа сесија во расправата учествуваше и пратеникот Благој Голомеов кој во својот настап, меѓу другото, истакна дека темата на оваа конференција е мошне актуелна, особено за земјите во транзиција и за малите земји кои се соочуваат со проблемот на невработеност. Во тој поглед Владата на Република Македонија подготви Програма за поддршка на претприемништвото и на малите и средни претпријатија, а во процедура е и предлог на закон кој оди во истата насока, се со цел да го поттикне економскиот раст и да ја намали големата стапка на невработеност. Целта се очекува да се постигне со градење економска структура која ќе овозможи подобри услови за поддршка на претприемништвото и создавање на конкурентност на малите и средни бизниси. Иако постојат вакви позитивни иницијативи и зафати од страна на Владата и спремност кај парламентарците да ја поддржат во тие напори, мора да се има предвид дека стопанството на земјата сеуште се соочува со сериозни проблеми што можат да бидат ограничувачки фактор за развојот на мали и средни претпријатија. Инаку имплементацијата на активностите кои ги предвидува Програмата треба да се врши преку Агенција за подршка на претприемаштвото, која наскоро треба да се формира. Со Агенцијата, при чие креирање е земено предвид словенечкото искуство, може да раководи странски експерт. Агенцијата ќе ги дефинира проектите, кои ќе бидат доделувани преку јавен тендер, а ќе бидат финансирани по принципот на кофинансирање од Агенцијата, од донатори и од учесниците во проектот. За финансиска поддршка на проектите во план е создавање на гарантен фонд, чија основна цел е да овозможи реализирање на кредитна поддршка. Средствата во фондот ќе се обезбедуваат преку приходи од приватизацијата, државниот буџет, локалната самоуправа, приватни компании и донатори. Досегашната агенција НЕПА (Национална агенција за промоција на претпријатијата) не ги даде очекуваните резултати и поради тоа се бара поквалитетен модел за потикнување на претприемништвото.

На втората панел сесија под наслов *Ефективни мерки за промоција на малите и средни претпријатија* воведни излагања имаа: г-ѓа Анет Котик, правен советник во Евро инфо центарот во Штудгарт, таа говореше за потребната поддршката на малите и средни претпријатија за излез на интернационалниот пазар, г-дин Јорге Коста - Давид, главен администратор во Европската комисија, говореше за развојот на Европското претприемништво и политика за малите и средни претпријатија, додека г-дин Армад Пуполс, вработен во ОБСЕ центарот за економија и околина во Алма Ати, говореше за искуствата во врска со промоцијата на малите и средни бизниси во мисиите на ОБСЕ.

На крајот од конференцијата беше усвоена Декларација за промоција на малите и средни претпријатија, која е дадена како прилог кон овој извештај.

Во своето завршното обраќање на крајот од конференцијата г-ѓа Барбара Херинг подвлече дека конференцијата во Берн не претставува крај во напорите на ПС на ОБСЕ да дава активен придонес во развојот на малите и средни бизниси, напротив, на оваа конференција ќе и следи расправа во вториот комитет на ПС на ОБСЕ. Следната Конференција за субрегионален развој како и за промоција на малите и средни претпријатија ќе се одржи во 2005 година во Норвешка.

* * * * *

Оцена е дека оваа конференцијата на ПС на ОБСЕ овозможи да бидат осознаени идните правци на дејствување на ПС на ОБСЕ особено во доменот на економската димензија на оваа организација, која се цени како основен услов за воспоставување стабилност и безбедност на долг рок. Остварените контакти и средби за време на одржувањето на конференцијата придонесоа во афирмирањето на позицијата и интересите на Собранието на Република Македонија.

***ПРИЛОГ 1***

**ПС ОБСЕ**

**НАЦРТ ДЕКЛАРАЦИЈА**

**За третата Субрегионална конференција на Парламентарното собрание на ОБСЕ**

**"Промовирање на малите и средни претпријатија"**

**Берн 14-16 мај 2003**

1. Забележувајќи дека безбедноста и стабилноста, како и одржливиот економски развој се предуслови за зајакнувањето на развојот за секој од нив;

2. Забележувајќи дека процесот на транзиција е предуслов за одржлив економски развој и за поголема вклученост во глобалната економија и дека сите земји сакаат да имаат корист од подобрената меѓународна економска интеграција;

3. Признавајќи ја важноста на малите и средни претријатија (МСП) како основа и движечка сила за одржлива економија;

4. Нагласувајќи дека за земјите во транзиција, развојот на приватниот сектор и на малите и средни претпријатија е главен предизвик;

5. Признавајќи ја важноста од зголемување и подобрување на женското учество во одлучувањето и економските активности како средства за остварување на економскиот потенцијал на секоја држава;

6. Признавајќи ја важноста на парламентите во зајакнувањето на развојот на МСП;

7. Признавајќи дека економската и еколошката димензија се витален дел на сеопфатен безбедносен концепт и дека економската и еколошката димензија на ОБСЕ треба да се зајакнат и ревитализаираат;

Субрегионалната конференција за промовирање на МСП организирана од Парламентарното собрание на ОБСЕ,

8. Признава дека справувањето со тензиите кои резултираат од економските и еколошките проблеми е важен елемент за спречување на конфликти и пост-конфликтна рехабилитација;

9. Бара од ОБСЕ да ја подигне свеста преку запознавање на делегациите и главните градови за меѓузависноста на еколошките и економските фактори и безбедноста на регионот на ОБСЕ;

10. Ги повикува државите членки на ОБСЕ да им помогнат на државите во транзиција да развијат стабилни и ефикасни економски и институционални структури за да ги опремат за еднаков удел во глобалната добросостојба;

11. Ги повикува националните парламенти и регионалните законодавни собранија во земјите членки на ОБСЕ да обезбедат усвојување на соодветно законодавство за поттикнување и заштита на развојот на МСП;

12. Ги повикува државите членки на ОБСЕ да ја промовираат праксата на добро управување и транспарентно владеење на правото и да обезбедат рамка во која МСП би можеле да се развиваат;

13. Го повикува ОБСЕ да катализира одредени акции на клучните партнери, меѓу другите и меѓувладините организации, меѓународните финансиски институции и НВО и да го фокусира нивното внимание на безбедносни прашања;

14. Ги повикува државите членки на ОБСЕ да создадат правна регулатива поволна за развој на МСП заедно со атрактивни даночни системи и гарантиран пристап до разни инфраструктури;

15. Ги повикува владите на ОБСЕ да обезбедат техничка помош за правни, даночни и барања за лиценци, како и пристап до информации за пазарот и можностите за трговија и инвестирање;

16. Бара од државите членки на ОБСЕ да обезбедат пристап до финансиски извори со цел за да ги задоволат потребите на МСП преку комерцијалните банки, меѓународните организации, фирми со заеднички вложувања и други институции;

17. Апелира до ОБСЕ да ги идентификува, преку своите мисии на теренот, областите и секторите кои не се развиени и кои имаат потреба од реконструкција со цел за да им станат познати на меѓународни и владини организации, како и на НВО со ресурси за помош на МСП;

18. Бара од ОБСЕ да создаде работни партнерства на ниво на седишта со меѓувладините организации, НВО, маѓународните финансиски институции и агенциите на ОН за означување на ресурси за програми за развој на МСП во одредени региони и држави и со тоа, исто така, да ги зајакнат напорите на теренот на ОБСЕ;

19. Го повикува ОБСЕ да ги катализира работните односи меѓу оние кои обезбедуваат техничка помош и деловни асоцијации/НВО за промоција на создавање на МСП и да изградат капацитет во постоечките претпријатија;

20. Бара од ОБСЕ да помогне во систематичен пристап до пазарни податоци и други деловни информации, особено кредитни линии и други финансиски ресурси за МСП преку соработка со владини министерства, меѓувладини организации, меѓународни финансиски институции и други релевантни организации за да се обезбеди транспарентен и еднаков пристап до информации и дистрибуција;

21. Апелира до државите членки на ОБСЕ да развијат нови рамки за да им овозможат на жените да бидат дел од пазарот на труд;

22. Предлага државите членки да соработуваат со организациите на жени и други организации за обука и советување на жените со цел да се зајакнат нивните професионални перспективи;

23. Ги повикува националните, регионалните и локалните власти во државите членки на ОБСЕ да обезбедат јасни и едноставни административни постапки за создавање и управување со МСП.

*ПРИЛОГ 2*

**Анекс и амандмани на нацрт декларацијата
за третата Подрегионална конференција на
Парламентарното собрание на ОБСЕ
"Промоврање на малите и средни претпријатија"
Берн 14 -16 мај 2003**

**Анекс и амандмани на нацрт декларацијата**

- Ги повикува државите членки да им дозволат на МСП фер пристап и конкуренција во јавната побарувачка и понуда.

**Презентирани од г-дин Х.Р. Мерц, швајцарска делегација:**

- Да се дополни на крајот на параграфот 19 (или нов параграф по параграфот 19)

(и во тој контекст) ги потсетува сите држави членки на ОБСЕ за огромната важност на основното и професионално образование и развојот на истражувањето како и неопходноста да се најдат начини да се воспостават контакти меѓу високошколските установи и МСП.

**Презентирано од г-дин Ј. Далерс, андорска делегација:**

- Ги повикува земјите членки на ОБСЕ да го промовираат претприемаштвото за да создадат претприемачка култура, како и да развијат и имплемантираат инструменти за поддршка на МСП вклучувајќи ја обуката, консалтингот, менаџментот, маркетингот и почетниот капитал;

- Го повикува ОБСЕ да ги охрабри МСП на развиените држави да основаат заеднчки вложувања со МСП во земјите во транзиција со цел да ги зајакнат нивните економски активности од аспект на подобрување на квалиетот и олеснување на маркетингот;

**Презентирани од г-дин Демиркиран, турска делегација:**

- Апелира до ОБСЕ да ги разгледа транзиционите аспекти на МСП и да ја промовира регионалната соработка;

- Предлага земјите членки на ОБСЕ да ја поттикнат соработката и поврзувањето меѓу економскиот сектор и универзитетите т.е. универзитетите за применета наука.

**Презентирани од Ингрид Хеслер, делегација на Лихтенштајн:**

- Го забележува, исто така, неодамнешниот пораст на МСП во сопственост на жени во многу региони во светот и можностите кои овој тренд ги обезбедува за зајакнување на економската независност на жените и нивниот придонес кон националната, регионалната и локалната економија;

**Презентирани од делегацијата на Соединетите Американски Држави:**

- Ги повикува земјите членки на ОБСЕ да разработат национална политика за младите и да разработат програма за олеснување на борбата против невработеноста и да го поддржат претприемаштвото на младите;

**Презентирана од УНЕЦЕ**

- Нагласувајќи ја клучната улога на МСП и во пазарните и во транзиционите економии како и фактот дека приватниот сектор е од огромна важност за сите земји членки на ОБСЕ (нова после 1 и нова верзија на 4);

- Забележувајќи дека развојот на МСП е предуслов за одржлив развој во целиот регион на ОБСЕ и дека сите земји членки на ОБСЕ сакаат да имаат корист од подобрената економска интеграција (нова верзија на 2);

- Признавајќи ги бројните услови и специфичности на економиите и продуктивниот потенцијал на секоја од членките на ОБСЕ и последователно нивното влијание врз равојот на МСП (после 4);

- Нагласувајќи ја важноста од подготовки во согласност со одлуката на Министерскиот совет од Порто за нов стратегиски документ за економската и еколошката димензија заснована на принципите на еднаква економска соработка во регионот на ОБСЕ (после 7);

- Ги повикува земјите членки на ОБСЕ да промовираат стабилни и ефикасни економски и институционални структури (амандман на 10);

- Ја поддржува тековната елаборација на нов стратегиски документ на ОБСЕ во економската и еколошката димензија и препорачува во него да се вклучат одредби во врска со улогата на МСП во одржливиот економски развој (нова после 11);

Во 17 да избрише: "преку своите мисии на теренот"

Да се додаде во 18: "да се искористи неговата платформа за кооперативна безбедност"

**Презентирани од руската делегација**

**Дополнителен анекс**

- Апелира до ОБСЕ да подготви насоки за најдобрата пракса за развој на секторот на МСП со цел за да обезбеди посилен придонес на потенцијалот на МСП во економскиот раст и добросостојба.

**Презентиран од романската делегација**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација во Парламентарното Собрание на ОБСЕ***

***ИЗВЕШТАЈ***
***за учеството на Дванаесеттата годишна сесија на Параламентарното собрание на ОБСЕ одржана од 5 до 9 јули 2003 година во Ротердам, Холандија***

***Скопје, јули 2003 година***

*Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) во периодот од 5 до 9 јули 2003 година, во Ротердам, Холандија, ја одржа редовната Дванаесетта годишна сесија. Во рамките на сесијата седници одржаа Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ, трите генерални комитети, повеќе ад хок комитети, а беа остварени и други форми на активност на ПС на ОБСЕ.*

*На сесијата на ПС на ОБСЕ учествуваа членовите на постојаната Делегација на Собранието на Република Македонија што ја сочинуваа пратениците: г-дин Ѓорѓи Трендафилов, шеф на Делегацијата, д-р Благој Голомеев и г-дин Хусеинџеват Хусеини, членови на Делегацијата, како и секретарот на Делегацијата д-р Јован Пејковски.*

Во овој извештај прикажани се активностите и настаните кои се случуваа во текот на сесијата, со посебен акцент на настапите на членовите на Делегацијата.

**1.** Седницата на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ беше воведот во одржувањето на годишната сесија на оваа организација. Со седницата претседаваше претседателот на ПС на ОБСЕ г-дин Брус Џорџ. Тој ги извести членовите на Комитетот за остварените активности што како претседател на организацијата ги реализирал во периодот меѓу двете сесии на организацијата.

Генералниот секретар на ПС на ОБСЕ г-дин Спенсер Оливер информираше за активностите на Меѓународниот секретаријат на организацијата и за напорите кои се прават за реализирање на програмските активности на ПС на ОБСЕ. Тој поднесе извештај и за активностите што се преземени за реализација на обврските кои произлегуваат од Берлинската декларација од 2002 година. Оцени дека подготовките за одржување на сесијата на ПС на ОБСЕ во 2003 година успешно се остварени во соработка со холандските домаќини на средбата.

Благајникот на ПС на ОБСЕ г-дин Графштајн, даде преглед на финасиската состојба на организацијата за изминатиот период од буџетската година. Тој оцени дека Буџетот е оформен со 99,5% бидејќи земјите во најголем број (освен 3) ги уплатиле своите обврски по основ на членарина во ПС на ОБСЕ. Заради претстојните зголемени трошоци поврзани со повеќе активности, како и со следењето на изборите во неколку земји, тој укажа дека е неопходно негово зголемување што треба да биде предмет на попрецизно планирање. Беше претставен буџетот за фискалната 2003/2004 година и предложен за усвојување пред ПС на ОБСЕ со зголемување од 4,7% и истиот да изнесува 2,2 милиона евра.

За одржаната Субрегионална конференција на ПС на ОБСЕ во Берн, во мај месец оваа година, информираше потпретседателот на ПС на ОБСЕ г-ѓа Барбара Хиеринг. Таа укажа дека се постигнува голем напредок во афирмирањето на економската димензија на безбедноста и оттаму согледувањето на улогата на малите и средни претпријатија е од особена важност во динамизирањето на економиите на земјите на ОБСЕ со цел за постигнување на повисок стандард и повисока стабилност.

За Трансатлантскиот форум на ПС на ОБСЕ во Алмата, Казахстан известување поднесе шефот на Делегацијата на оваа држава г-дин Омирбег Бајгелди, потпретседател на парламентот на Казахстан. Форумот беше оценет како мошне успешен со што се отвора простор за иницирање на решенија за конфликтите во Кавкаскиот регион.

Шефот на Италијанската делегација г-дин Марчело Пачини, најави дека есенската седница на Постојаниот комитет ќе се одржи во Рим од 9 до 12 октомври заедно со уште два настани: Конференција за слободата на религиите и Конференција за Медитеранот. Укажа дека Италијанскиот парламент како домаќин на средбата ги завршува подготовките и очекува голем одзив и учество на овие настани.

Постојаниот комитет расправаше за извештаите на ад хок комитетите (за Молдавија, Белорусија и други) и заклучи за истите да се оствари расправа и на седницата на ПС на ОБСЕ. Исто така, беше усвоен извештајот за следењето на изборите во Ерменија.

Беше отворена расправа за доставените дополнителни точки за кои се изврши распоредување за нивно разгледување на трите генерални комитети. Се укажа дека пратениците се распоредуваат во работата на трите генерални комитети рамномерно и флексибилно е учеството на секој член на националната делегација во работата на трите комитети.

Постојаниот комитет заклучи седницата на ПС на ОБСЕ за 2004 година да се одржи во Единбург, Велика Британија, чија кандидатура беше најавена на претходната седница на овој Комитет.

Шефот на Делегацијата на САД г-дин Кристофер Смит ја врачи поканата на Конгресот на САД сесијата на ПС на ОБСЕ за 2005 година да се одржи во Вашингтон, САД, што беше прифатено од Постојаниот комитет.

**2.** Сесијата на ПС на ОБСЕ се одвиваше на пленарна седница и на седници на одделните комитети. На пленарната седницата претседаваше претседателот г-дин Брус Џорџ кој го најави присуството на претседателите на Долниот и Горниот дом на Парламентот на Холандија, заменик-премиерот и министерот за надворешни работи, како и бројни меѓународни функционери на ОБСЕ и други организации**.**

Претседателот на ПС на ОБСЕ г-дин Брус Џорџ во пригодниот говор ги најави активностите што претседателството на ПС на ОБСЕ планира да се остварат во текот на 2003 и 2004 година. Тој потсети на неговите ангажирања и настапите од името на организацијата на разни меѓународни средби и настани, како и за посетата на повеќе земји, со цел за поуспешно афирмирање на ставовите на пратениците од ПС на ОБСЕ. Истакна дека расправата по темата на сесијата на ПС на ОБСЕ : "Улогата на ОБСЕ во новата архитектура во Европа", треба да укаже на главните правци на развојот кои ќе доведат до поголема стабилност и безбедност во земјите на ОБСЕ и во нивното пошироко опкружување.

Во пригодниот говор на г-ѓа Ивон Тимерман-Бук, претседател на Сенатот на Холандија, го искажа задоволството од одржувањето на сесијата на ПС на ОБСЕ. Говореше за улогата на националните парламенти во градењето на стабилноста и безбедноста во согласност со надлежностите што ги имаат и довербата што им е дадена од граѓаните. Се заложи институциите да ги остваруваат функциите преку градење на заеднички ставови и преку соработка со парламентарците. Со поголема промоција на институциите и нивните активности се придонесува за поголема стабилизација на состојбите во Европа. Како најважна институција во тие рамки ја посочи ОБСЕ која практично ја покажа својата виталност во решавањето на повеќе актуелни проблеми.

Претседателот на Долниот дом на парламентот на Холандија г-дин Франс Веисглас, поздравувајќи ги присутните, потсети на значењето на безбедноста на континентот и остварувањето на основните принципи на ОБСЕ за кои се залагаат парламетарците од земјите членки. Демократијата е процес на постојано опстојување и градење на форми за нејзино изразување за што треба да се почитуваат желбите и интересите на граѓаните, како во националните парламенти така и преку меѓународните форуми. Укажа дека ОБСЕ има механизми кои треба да ги активира за да се придонесе за мир и стабилност како негов основен концепт на работа и постоење.

Првиот заменик-премиер на Холандија г-дин Герит Залм, го истакна значењето на парламентарната дипломатија во согледувањето на проблемите на современиот свет, особено во борбата против тероризмот, шверцот со луѓе и оружје и во решавањето на конфликтите од пошироко меѓународно значење. Укажа дека Владата на Холадија е постојано ориентирана во помагањето за решавање на политички, економски и разни регионални проблеми со што на глобален план помага во изградбата на стабилен и безбеден континет за што се залага и ОБСЕ. Говореше за улогата на Холандија како претседавач со ОБСЕ и за напорите што се преземаат за постигнување на поголема стабилност и безбедност во Европа.

Министерот за надворешни работи на Холандија г-дин Јап де Хоп Шефер, во својство на претседавач со Советот на министрите на ОБСЕ говореше пред пратениците на ПС на ОБСЕ. Се задржа на улогата на Холандија во градењето на механизмите на ОБСЕ и побара поддршка парламентарците да го искористат нивното влијание за да помогнат во изградбата на демократски структури и институции во регионот на ОБСЕ,

како предуслов за владеење на правото и демократијата. Укажа на најактуелните проблеми од доменот на безбедноста и тоа за изградба на нова безбедносна архитектура во регионот на ОБСЕ, за спречувањето на шверцот со луѓе, дрога и оружје, за потребата од следење на изборите и за јакнење на улогата на парламентарците во остварувањето на демократските процеси во целина. Ја најави натамошната соработка со сите земји и надлежни институции во постигнувањето на заложбите во согласност со принципите на ОБСЕ. Г-дин Шефер одговараше на повеќе прашања поставени од парламентарците.

На пленарната седница говореше и г-дин Јан Кубиш, генерален секретар на ОБСЕ, кој ги најави реформите во ОБСЕ во доменот на управувањето и одлучувањето со организацијата, програмските определби за 2004 година и активностите на секретаријатот на ОБСЕ во нивното остварување.

Високиот комесар за национални малцинства г-дин Екеус Ролф ги претстави активностите од неговиот домен и напорите кои се преземаат од Канцеларијата на Високиот комесар во надминување на проблемите во врска со прашањата на малцинствата во земјите на ОБСЕ. Тој информираше дека помага во решавањето на малцинските проблеми во повеќе земји членки на ОБСЕ и се заложи за поголема соработка со цел за надминување на сосотојбите што можат да генерираат конфликти.

Директорот на Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР) г-дин Кристијан Строхал, се задржа на трите димензии на ОБСЕ: политичко-воената, економската и еколошката и човековата димензија на безбедноста. Тој се заложи за ребалансирање на овие три димензии но да не бидат на штета на човековата димензија, која се изразува преку демократски избори, јакнење на демократските институции и заштита и промоција на човековите права. Оцени дека демократијата и заштитата на човековите права се најдобра гаранција за фер и отворени општества и превентивно дејствување кон заканите на безбедноста во регинот на ОБСЕ.

Претставникот на ОБСЕ за медиумите г-дин Фрајмут Дуве даде оцена за процесите за демократизацијата во земјите на ОБСЕ. Тој ги претстави планираните активности на неговата Канцеларија која во текот на годината презема бројни иницијативи за унапредување на прашањата поврзани со слободата на медиумите во земјите на ОБСЕ. Заради завршување на мандатот тој го најави своето заминување од оваа институција.

По завршувањето на првата дебата на ПС на ОБСЕ работата на сесијата продолжи преку одделните седници на трите генерални комитети.

**3.** Работата на Комитетот за политички прашања и безбедност и на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ ја следеше шефот на Делегацијата г-дин Ѓорѓи Трендафилов. На седницата на Комитетот за политички прашања и безбедност воведно излагање поднесе потпретседателот на овој Комитет г-дин Панос Каменос. Тој укажа на потребата од забрзување на демократските процеси и нивно поттикнување во насока на постигнување долготрајна стабилност и безбедност во регионот на ОБСЕ.

Беше поднесен извештај од известителот на Комитетот г-дин Клифорд Линколн кој ги предложи темите за дебата на седницата на ПС на ОБСЕ од доменот на политичкиот комитет. Комитетот расправаше за иницијативата на известителот при што беа поддржани предлозите да се расправа и да се подготви резолуција за позицијата на ОБСЕ во новата европска архитектура. Потоа беше остварена широка размена на мислења и за други прашања од надлежност на овој комитет и тоа предлог резолуции за: мир на Блискиот исток и заштита на светите места во Ерусалим, за извештајот за мировните мисии на ОБСЕ, за соработката и ситуацијата во одделни земји и друго.

**4.** Седницата на Комитетот за економски прашања, наука, технологија и животна средина, со која претседаваше претседателот г-дин Олег Билорус, ја следеше пратеникот д-р Благој Голомеев.

На овој комитет беа согледани прашања од економската основа и поврзаноста на економскиот развој со безбедноста и стабилноста во земјите на ОБСЕ. Воведно излагање поднесе г-дин Марцин Свиешицки, кооординатор за економски активности на ОБСЕ. Исто така се расправаше за дополнителните точки: предлог - резолуција за

борбата против шверцот и експлоатација на деца, прдложена од г-дин Смит од САД, како и за предлог резолуцијата за медитерантското пратнерство за соработка предложено од г-дин Кардин од САД.

Известителот на овој Комитет г-дин Леонид Иванченко, подготви извештај и предлог резолуција во врска со позицијата на ОБСЕ и состојбите на економски план. Беа разгледани и поддржани дополнителните точки и беа усвоени предлог резолуции и тоа: за борбата за спречување на шверц и искористување на деца и за медитеранското партнерство и соработка.

Во рамките на дебатата на овој Комитет учествуваше и пратеникот д-р Благој Голомеов. Тој укажа на процесите на стабилизација кои се остваруваат во земјите на ОБСЕ, а особено во земјите од Балканот, при што ги претстави состојбите што се присутни во Република Македонија. Тој истакна дека властите во Македонија вложуваат големи напори за да се остварат промените кои се очекуваат, и кои се помогнати од страна на меѓународната заедница, а тоа е во регионот да се одржува мир и стабилност. Демократските институции кои ја практикуваат власта прават сé за успешно политичко дејствување, за имплементација на Охридскиот рамковен договор, за забрзување на економскиот раст и ја зајакнуваат борбата против организираниот криминал и корупцијата. Меѓутоа заради околностите во опкружувањето и изразените долгогодишни негативни тенденции сеуште има појави со дестабилизирачко влијание.

Заради тоа тој истакна дека земјите во регионот се упатени да остваруваат тесна соработка меѓу себе, но и со меѓународните институции со цел да се приклучуваат кон напорите за стабилност и безбедност и во овој дел на Европа. Во исто време потребно е и ОБСЕ, заедно со другите меѓународни структури и системи, да ја зајакне својата активност за развој и прифаќање на регионот и да ги охрабри демократските сили за забрзување на процесите на демократизација и европеизација. Стандардите на ОБСЕ ја отвараат перспективата за забрзано воведување на можности за соработка и поврзување на границите за граѓаните од целиот регион на Југоисточна Европа. Но тоа бара, пред се, да се овозможи слободно движење на граѓаните на единствениот европски простор без ограничување и бариери.

Господин Голомеов истакна дека со укинувањето на визниот режим ќе се создаде поголема мобилност за граѓаните, а особено за младите луѓе кои Европа ја доживуваат како свој дом. За таа цел Република Македонија обезбедува најслободен режим за патување за своите соседи и со право очекува таквиот пример да го следат и другите, како и регионот во целина. Укинувањето на визи ќе значи дека се остварува суштински процесот на стабилизација и асоцијација и интергирање во процесите на Европската унија на сите земји.

Со поттикнување на интересот за развојните можности и олесувањето на условите за инвестирање во регионот, а особено на потребата за унапредување на управните и судските постапки и преструктуирање на јавниот сектор се изразува посебна заинтересираност за проекти во инфраструктурата, енергетиката и телекомуникациите и се укажува на потребата од натамошно поттикнување на приватниот сектор, особено на малите и средните претпријатија и постепено трансформирање на "неформалната" во "формална економија". На тој начин се овозможува да се решаваат социјалните проблеми, да се намалува стапката на невработеноста и да се влијае на стабилноста во регионот.

**5.** На седницата на Комитетот за демократија, човекови права и хуманитарни прашања, што ја следеше членот на македонската делегација г-дин Хусеинџеват Хусеини, претседаваше претседателот на Комитетот г-ѓа Елена Мизулина. Комитетот ги разгледа дополнителните точки: предлог резолуција за Меѓународниот кривичен суд, како и за затворениците затворени од САД во базата во Гвантанамо. Известителот на овој комитет г-ѓа Небахат Албајрак од Холандија ги претстави извештајот и резолуцијата назначена како: Улогата на ОБСЕ во новата архитектура во Европа. Покрај тоа се расправаше за дополнителните точки за кои беа поднесени предлог резолуции и тоа за состојбата во Молдавија, за спречување на антисемитизмот и друго.

Учествувајќи во дебата во рамките на оваа точка г-дин Хусеинџеват Хусеини ги претстави состојбите на безбедносен план во одделни региони при што посебно говореше за Балканот и за состојбата во Република Македонија. Заблагодарувајќи се за

ангажирањето и помошта на ОБСЕ и на меѓународната заедница во Македонија изрази надеж дека таа помош ќе продолжи до целосната имплементација на Охридскиот договор. Притоа, тој потсети дека пред две години во Република Македонија имаше криза која резултираше со потпишување на Охридскиот рамковен договор.

Тој укажа дека овој договор беше клучен столб за решавање на кризата, истиот базира на консензус на најзначајните легитимни политички и легални субјекти и е најсоодветен политички одговор на изразената криза. Тоа е документ што за почетни принципи ги има отфрлањето на насилството за остварување на политички цели и зачувување на унитарноста на Република Македонија.

Истакна дека Рамковниот договор даде основа да се донесат уставни решенија важни за иднината на Република Македонија за кои е клучно што беа поддржани и од македонските Албанци, со што, за прв пат за Уставот на Република Македонија гласале претставниците на важен дел од населението на македонската држава. Тој оцени дека Договорот не е совршен но ниту еден договор не може да го понесе епитетот "совршен", додека неговите одлики се состојат во тоа што се обезбедува територијален интегритет на земјата и на заштита на индивидуалните права на граѓаните со што Македонија се насочува кон граѓанскиот модел и концепт на модерна европска држава.

Рамковниот договор докажа дека во Република Македонија има политичари кои можат да разговараат и низ правна процедура да се договорат за решавањето на прашања кои не успеале да ги надминат многу држави. Документот е резултат на компромиси од сите учесници во договарањето и затоа може да се изразува задоволство и незадоволство.

Истакна дека Македонија се наоѓа во фаза на имплементација на Рамковниот договор и оцени дека тоа е еден од приоритетите што ги има коалиционата влада на премиерот Црвенковски. Укажа дека секогаш може да се забрза решавањето на повеќе прашања кои се од интерес за граѓаните од различните етнички заедници во Македонија, со што се потврдува дека во основа интересот на сите е ист, а тоа е стабилна и безбедна држава со желба за членство во НАТО и ЕУ. Поддршката што Македонија ја има од ОБСЕ е уште една потврда од меѓународната заедница дека земјата е на добар пат во остварувањето на поставените цели.

**6.** По завршувањето на одделната работа на генералните комитети се одржа пленарна седница на која говореа претставници од националните делегации на земјите членки и од повеќе меѓународни организации и институции.

Во рамките на дебатата на пленарната седница на ПС на ОБСЕ говореше и шефот на Делегацијата г-дин Ѓорѓи Трендафилов кој се задржа на актуелните случувања во Македонија на безбедносен план. Тој истакна дека безбедноста, за која се изразени залагањата во рамките на Парламентарното собрние на ОБСЕ, има два аспекта. Едниот е принципиелен, а другиот е реален. За принципите се изјаснуваат сите но во практиката под форма на разни искривувања на принципите имаме всушност реално нарушување на безбедноста. Пример за тоа е и Република Македонија каде што под форма "борба за човекови права" беа прекршени бројни принципи на ОБСЕ. Тоа се случи и во други делови на Балканот и во Европа. Регионот на Балканот повеќе од една деценија поминуваше низ еден турбулентен период што беше одбележан со односи на недоверба и со судири кои предизвикаа жртви и човечки трагедии кои сеуште траат. За жал сеуште има нови закани и дејствување на теористи, криминалци и убијци кои под форма на "борба за човекови права", ги рушат демократските придобивки и шансите за развој и нормален живот на најголемиот број граѓани. На подрачјето на Балканот, во Косово, во западниот дел од Македонија, во Албанија, во Јужна Србија и Грција се јавува нова терористичка организација т.н. АНА или Албанската национална армија како што самите се нарекуваат членовите на оваа терористичка структура. Тие јавно ги изразуваат своите цели за освојување на сите територии каде што живеат Албанци и нивно соединување во единствена албанска држава. Ваквите идеи јасно водат кон нова војна на Балканот и затоа меѓународната заедница мора веднаш да го спречи дејствувањето на оваа терористичка организација. Г-дин Штајнер висок преставник на ООН на Косово донесе одлука со која АНА ја прогласи за терористичка организација. Но такви одлуки мора да донесат сите земји во регионот и пошироко членките на ОБСЕ со цел за благовремено да се спречи фашизоидното дејствување на т.н. АНА.

Затоа тој предложи ОБСЕ, по примерот на повеќе земји да ги определи организациите кои се терористички, како што е и АНА и со нив да не се воспоставуваат какви било форми на комуникација. Со нивно изолирање и отстранување однапред би биле обесхрабрени сите кои насилно се обидуваат да влијаат врз демократските процеси во регионот. Предложи во резолуцијата што ќе биде донесена од седницата во Ротердам да бидат повикани владите на земјите членки на ОБСЕ да им обезбедат на државите од Западен Балкан колку што може поголема помош во борбата против тероризмот, корупцијата и организираниот криминал, што се главни причини за континуиран недостиг на стабилност и безбедност во тие земји. Само така ќе биде изразен ставот за поддршка на демократиите и за реална валоризација на принципите на ОБСЕ за кои постои широко залагање.

За одбележување е и односот кон користењето на уставното име "Република Македонија" од страна на членовите на македонската делегација на што повторно реагираа членовите на Грчката делегација и преку претседателот на ПС на ОБСЕ вршеа притисок за користење на референцата "фиром", што резултираше во поместување на редоследот на говорниците пријавени за настап, односно шефот на македонската делегација со дискреционото право на претседавачот доби збор на крајот на пленарната седница. По завршувањето со излагањето тој беше поздравен со бурен аплауз од присутните пратеници, со што беше изразена нивната поддршка.

**7.** Во третиот дел на пленарната седница одделни извештаи поднесоа претседавачите на трите генерални комитети кои ја сумираа расправата од комитетите и ги изнесоа предлозите за идните активности на ПС на ОБСЕ. Врз таа основа се оформија предложените резолуции за кои одделно гласаше ПС на ОБСЕ.

Врз основа на дебатите и гласањето беше донесена единствена Декларација од Ротердам со што се обединија извештаите и резолуциите од 12-та сесија на ПС на ОБСЕ на тема; "Улогата на ОБСЕ во новата архитектура на Европа". Во обемен документ се искажани ставовите и погледите на парламентарците од ПС на ОБСЕ за најактуелните настани и случувања во доменот на безбедноста и соработката во Европа и пошироко. Декларацијата има три поглавја и тоа за политичките прашања и безбедноста; за економските прашања, науката, технологијата и екологијата; за демократијата, човековите права и хуманитарните прашања. Исто така содржи и 12 одделни резолуции, и тоа: за поздравување на Авганистан како нов партнер за соработка; за обновување на партнерството во ОБСЕ; за парламентарно следење на активностите на ОБСЕ на национално ниво; за Белорусија; за мировните операции на ОБСЕ; за медитеранската димензија на ОБСЕ; за борбата за спречување на шверцот и експлоатацијата на деца; за улогата на ОБСЕ кон поголема Европа; за борбата против антисемитизмот во 21 век; за Молдавија, за Меѓународниот кривичен суд како и за затворениците уапсени од САД во Гвантанамо базата. На 36 страници колку што содржи документот се согледани и правците на идното дејствување на ОБСЕ во градењето на стабилна и демократска структура во Европа.

Поради истекот на мандатот на претходните беа избрани 4 нови потпретседатели на ПС на ОБСЕ (од вкупно 9 колку што ги има по Деловникот) и тоа г-ѓа Нино Будџарнаѕе од Грузија, г-дин Невзат Јалчинташ и г-ѓа Тоне Тингсгард од Шведска со мандат од три години и г-дин Џовани Кестлер од Италија со мандат од една година.

Претседателот на ПС на ОБСЕ г-дин Брус Џорџ како единствен кандидат повторно е избран на функцијата претседател со мандат од една година. Во завршниот говор при заклучувањето со сесијата г. Џорџ истакна дека поради кршење на одредбите од Деловникот во врска со употребата на името на Делегацијата од Република Македонија (на таблата пред Делегацијата на која беа испишани зборовите "поранешна југословенска" беа покривани) ќе покрене расправа на првата наредна седница на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ.

**8.** Во текот на сесијата членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија оствариja бројни средби, контакти и разговори, како и корисна размена на мислења со парламентарци и официјални личности од повеќе земји кои беа присутни на седниците.

Освен тоа беа остварени и други средби и контакти со пратеници и претставници од повеќе меѓународни организации и земји на кои се разменуваа мислења за најактуелните случувања на меѓународен план, а особено во доменот на надлежностите на ПС на ОБСЕ.

* * * * *

Оцена е дека 12-та сесија на ПС на ОБСЕ овозможи новата Делегација на Собранието во целосен состав да партиципира во градењето на ставовите на организацијата и во следењето на прашања од безбедноста и соработката кои се од интерес за Република Македонија. Остварените контакти и средби за време на одржувањето на сесијата придонесоа во афирмирањето на позицијата и интересите на претставниците на Собранието на Република Македонија. Беа осознаени идните правци на дејствување на ПС на ОБСЕ, особено во доменот на надлежностите кои се во функција на наредните средби и активности на оваа организација, како и за претстојните седници на ПС на ОБСЕ.

Треба да се има предвид дека за најавената расправа на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ во врска со користењето на името на Република Македонија во оваа организација е потребна добра подготовка на Делегацијата и соработка со надлежните министерства.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација во Парламентарното Собрание на ОБСЕ***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на Параламентарната конференција на ОБСЕ за религиозна слобода, на седницата на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ и на Првиот парламентарен форум за Медитеранот, одржани од 9 до 12 октомври 2003 година***

***Скопје, октомври 2003 година***

*Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) во периодот од 9 до 12 октомври 2003 година, во Рим, Италија, одржа неколку настани и тоа: седница на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ, Парламентарна конференција за религиозна слобода, како и Прв медитерански парламентарен форум. Седниците се одржаа во зградата на Долниот дом на италијанскиот парламент (Camera dei Deputati), каде што беа овозможени одлични услови за парламентарен дијалог на над 200 парламентарци од 49 земји членки на ПС на ОБСЕ и земји партнери.*

*На седниците учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на ОБСЕ во состав: пратениците г-дин Ѓорѓи Трендафилов, шеф на Делегацијата и д-р Благој Голомеов, член на Делегацијата, а заедно со нив беше и секретарот на Делегацијата д-р Јован Пејковски, раководител на Секторот за меѓународна соработка. На дел од средбите присуствуваше и г-ѓа Марија Ефремова од Амбасадата на Република Македонија во Рим.*

На трите седници организирани од Парламентарното собрание на ОБСЕ беа разгледани бројни прашања од надлежност на оваа организација, од аспект на безбедноста и соработката во Европа, како и за соработката со земјите од поширокиот медитерански регион и земјите членки на ОБСЕ.

Во овој извештај се прикажани активностите и настаните кои се случуваа во текот на сесијата, со посебен акцент на настапите на членовите на македонската Делегација.

**Парламентарна конференција на ОБСЕ за религиозна слобода**

Во рамките на дводневната Парламентарна конференција на ОБСЕ за религиозна слобода беше остварена обемна расправа што ја отвори и воведен збор даде претседателот на Долниот дом на Парламентот на Република Италија г-дин Фердинанадо Казини. Тој ја истакна поддршката што Италијанскиот парламент ја дава за работењето на ПС на ОБСЕ и на мултилатерализмот, како единствен систем за владеење во светот, што е способен да обезбеди мир и просперитет во рамките на пошироко прифатените вредности и цели. Со дијалог и размена на искуства и мислење се овозможува изградба на свесноста за заедничката судбина што ја делат сите луѓе на планетата Земја. Дебатата за религиозните слободи и за состојбата на Медитеранот ги оцени и како актуелни и како меѓусебно поврзани зошто фокусот од нив се става на дијалогот меѓу цивилизациите, културите и религиите, како на предизвици во новиот век. Во тие рамки законодавствата на земјите на ОБСЕ и во поширокиот регион треба да имаат поголема одговорност во балансирањето на овие барања и нивно законодавно обликување со цел за постигнување на демократски развој, мирољубива коегзистенција и трајна стабилност.

Во воведното излагање по темата за религиозните слободи, г-дин Марчело Пацини, шеф на Италијанската делегација во ПС на ОБСЕ, го истакна залагањето за мир и стабилен развој во регинот на ОБСЕ. Говореше за верската толеранција која постои и која е проткаена во историскиот развој на двете главни религии во регионот на ОБСЕ, христијанството и исламот. Посочи дека исламот трба да се разликува од верскиот фундаментализам кој во основа ја разорува смислата на религијата и ги злоупотребува луѓето заради што демократскиот свет треба да се соочи и да се бори против појавите на ваквите злоупотреби.

Во рамките на оваа Конференција беа одржани три сесии. На правата сесија која се однесуваше на "Законот и политиките за религиозна слобода" со свои излагања настапија г-дин Абделфатах Амор, специјален претставник за религиозни слободи на Комисијата на ООН за човекови права и проф. Силвио Ферари од Универзитетот овоМилано, член на Европскиот конзорциум за црковни и државни истражувања. Втората сесија се однесуваше на "Религиозната толеранција во плуралистичките општества", а воведничари беа проф. Катерин Куксон од САД, Универзитетот на Вирџинија и шеф на Центарот за религиозни слободи, како и директорот на ОБСЕ-

ОДИХР амбасадорот Кристијан Стохал. Третата тема"Религиозната слобода и демократијата" ја образложија г-дин Бабакар Ба од Организацијата на исламската конференција, г-дин Тад Стахке од Меѓународната комисија на САД за религиозни слободи, италијанскиот сенатор г-дин Антонио Д΄али, заменик министер за внатрешни работи на Италија, како и проф. Амнон Рубинштајн од Правниот факултет на Израел.

Во рамките на оваа точка во дебатата во првата сесија учествуваше и пратеникот д-р Благој Голомеов. Тој истакна дека ПС на ОБСЕ покренува мошне значајна дебата за тема која е сериозно поврзана со стабилноста и безбедноста на секое општество, а особено на мултиетничките и мултикултурните. Имено, почитувањето на религиозните верувања во мултирелигиозните општества, како што е Република Македонија, е со историска димензија и е вткаено во дијалогот и разбирањето на луѓето кои живееле и живеат на тој простор. Ги посочи бројните податоци за дијалогот што постоел меѓу различните вери, како на пример во градот Охрид, кој бил седиште на еден од најстарите универзитети во Европа, односно во Светиклиментовата школа, каде што од десеттиот век се воспоставувал духот на соработката, толеранцијата и разбирањето. Затоа, тој посочи, и денес во Македонија може да се најдат едни покрај други и црква од 11-ти век и џамија од 15-ти век и синагога и дервишко теќе. Во духот на историската традиција највисоките општествени вредности и идеали се изведени од постулатот на достоинството на секој човек. Секој поединец, без разлика на неговата вера и културна традиција, претставува стожер и носител на човековите права и слободи и од него се изведуваат и заради него се реализираат слободата и достоинството на човековиот свет во целина. Слободно општество може да се гради само од слободни поединци кои суверено ќе го изберат сопствениот политички статус и ќе го следат сопствениот економски, културен, општествен развој. Македонија е земја со вековни историски корени и која неколку пати е спомнувана во Библијата, но основата на нејзиниот фундамент е во слободата на изразувањето на верата, во толеранцијата и разбирањето.

Степенот на религиозните слободи, укажа г-дин Голомеов, е аргумент на религиозното практикување и на хармонијата што била значајна за егзистирањето на различностите. Тоа во денешна Република Македонија е регулирано со Уставот и секој има право според сопствената волја на своја вероисповед. Се оценува дека иднината на секое општество на демократијата и културата е поврзана со верското ослободување. И христијанството и исламот и другите религии имаат принципиелни залагања за воспоставување на мир, доверба и соработка што води кон стабилност на секое општество. Одтаму законодавствата што се развиваат за изразувањето на религиозните слободи и права мора да имаат и ограничувања во кои ќе се предвиди дека злоупотребата на религиозните верувања во цели спротивни на интересите на општеството мора да бидат строго санкционирани. Затоа влијанието на меѓународната заедница и на организираните структури меѓу кои е и ОБСЕ е потребно да се изрази што повеќе и да се бара од државите да имаат обврска за изградување на правила за однесување на национално државно ниво, но и на глобално ниво. Но најважно е тоа да биде уредено и на локално ниво каде што со директното влијание на верските претставници се овозможува градење на мир и доверба, а преку тоа стабилност и безбедност во целина.

Во дебатите на оваа Конференција на трите сесии настапија повеќе парламентарци од земјите членки на ПС на ОБСЕ. Заради сумарно прикажување на бројните дебати може да се констатира дека доминираа залагањата за оформување на правна рамка во секоја држава со која религиозната слобода ќе биде целосно овозможена, но и со соодветно законско регулирање. Ова особено се однесува на согледување на можноста за елиминација на евентуални злоупотреби на религиозните слободи, потоа за овозможување на правата на верниците и на религиозните структури кои постојат и се практикуваат во одделни земји, за регулатива за финансирањето на религиозните институции и организации, за следење на јавното мислење на граѓаните кон религијата, потоа за односите на разни невладини организации за религиозните прашања, потребата за информирањето на јавноста и друго. Беа искажани ставови дека секуларизмот и демократијата се мошне значајни во криерањето на толеранцијата меѓу различните религиозни групи. Рационалната и хуманистичката интерпретација на религиите ја создаваат толеранцијата.

За некои прашања беа искажани и различни ставови, зависно од стојалиштето на парламентарците но во основа залагањата беа конструктивни и со цел за размена на што повеќе искуства и информации за овие суптилни прашања кои се од значење за градењето на стабилноста и безбедноста во земјите на ОБСЕ. За дебатите и за заклучоците од Конференцијата се заклучи да биде известен Советот на министерите на ОБСЕ, како и другите парламентарни организации и институции со кои ПС на ОБСЕ соработува, а особено Парламентарното собрание на Советот на Европа каде што се посветува посебно внимание на прашањата за кои се расправаше на оваа Конференција.

**Седница на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ**

Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ на 10 октомври 2003 година, во Рим ја одржа својата редовна есенска седница.

На седницата претседаваше претседателот на ПС на ОБСЕ г-дин Брус Џорџ кој ги поздрави присутните и им се заблагодари на италијанските домаќини за успешно подготвените услови за одржување на Конференцијата и другите активности на ПС на ОБСЕ. Тој ги извести членовите на Постојаниот комитет за остварените активности што како претседател на организацијата ги реализирал во периодот меѓу двете сесии на ПС на ОБСЕ. Покрај тоа, тој го нагласи значењето на парашањата кои се предмет на дебата во рамките на трите настани кои се одржуваат во Рим, а со кои се приднесува за јакнење на духот на соработката и стабилноста.

Од името на земјата домаќин присутните ги поздрави шефот на Италијанска делегација во ПС на ОБСЕ г-дин Марчело Пачини кој укажа дека Италија во рамките на преседателството со ЕУ организира повеќе настани со кои се овозможува парламетарците да учествуваат со свои ставови во градењето на политиката на стабилност и безбедност во Европа и пошироко. Тој на седницата на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ поднесе сумарен извештај за штотуку одржаната Конференција за религиозните слободи и за подготовките за одржувањето на Првиот парламентарен дијалог за Медитеранот.

Во искажувањето г-дин Пачини посебно ги издвои и пофали говорот на претставниците од Македонија г-дин Голомеов и на претставникот на Казакстан г-дин Абдилкаримов заради фактот што од нив беа искажани јасни пораки за почитување на верската толеранција и слободите на граѓаните. За говорот на г-дин Голомеов оцени дека од него се посочува на улогата на меѓународната заедница во изградувањето на верските слободи и толеранцијата и на поголемото ангажирање на механизмите на ОБСЕ во остварувањето на принципите на организацијата особено во мултикултурните општества.

За претстојниот Прв форум за Медитеранот г-дин Пачини го искажа значењето што за земјите од Европа го има Медитеранот и потребата за негова поголема стабилност и безбедност поради што ги покани парламентарците да земат активно учество на овој настан.

На седницата на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ беше поднесен извештај од Генералниот секретар на ПС на ОБСЕ г-дин Спенсер Оливер кој информираше за активностите на Меѓународниот секретаријат на организацијата и за напорите кои се прават за реализирање на програмските активности на ПС на ОБСЕ. Тој поднесе извештај и за активностите што се преземени за реализација на обврските кои произлегуваат од Ротердамската декларација од 2003 година. Даде преглед на остварените активности на ПС на ОБСЕ од 1993 година и оцени дека истите се мошне бројни и успешни. Позитивно ја оцени реализацијата на програмата за асистенти истражувачи што се остварува во Меѓународниот секретаријат на ПС на ОБСЕ.

Благајникот на ПС на ОБСЕ г-дин Џефри Графштајн даде преглед на финасиската состојба на организацијата за изминатиот период од буџетската година. Тој оцени дека Буџетот за 2003/2004 година е оформен со 44,7%, бидејќи земјите во најголем број не ги уплатиле своите обврски по основ на членарина во ПС на ОБСЕ. Заради претстојните зголемени трошоци поврзани со повеќе активности, како и со следењето на изборите во неколку земји, тој укажа дека е неопходно негово забрзано оформување што треба да биде предмет на попрецизно планирање и истиот да

износува 2,2 милиона евра. Најави дека наскоро ќе се обезбедат средства за самостојна веб страница на ПС на ОБСЕ со што ќе се овозможи поголемо информирање за неговите активности.

Постојаниот комитет расправаше за подготовките за следење на парламентарни избори во одделни земји и тоа: во Азербејџан на 15 октомври, во Грузија на 7 ноември и во Руската Федерација на 7 декември 2003 година. Беше побарано државите да испраќаат повеќе парламентарци и експерти во делегациите што ќе ги следат изборите во овие земји. За Хрватска се очекува одржување на избори, а по определување на датумот за истите ќе следи доставување на покани за оформување на делегација за следење на изборите и во оваа земја.

Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ беше информиран за подготовките кои се прават за одржување на сесијата на ПС на ОБСЕ во 2004 година (од 5 до 9 јули) во Единбург, Велика Британија. Беше укажано дека британските домаќини ги подготвуваат сите неопходни услови за успешно одржување на овој значаен настан.

На седницата, генералниот секретар на ОБСЕ г-дин Јан Кубиш ги информираше пратениците за Буџетот на ОБСЕ во 2004 година. Буџетот на организацијата во кој се вклучени сите ставки (на секретаријатот, на мисиите на теренот и на одделните организациони структури и друго) изнесува 185 милиони евра. Тој ги наброја мисиите кај кои се планира намалување на буџетот меѓу кои и на мисијата на ОБСЕ во Скопје, на која од 16,2 милиона евра буџетот за 2004 година ѝ се намалува на 13,8 милиони евра. Во дебатата што следеше беше прифатена оваа димензија на соработка меѓу парламентарниот и владиниот дел на ОБСЕ со цел да бидат навремено согледани напорите што се прават во ОБСЕ за реализирање на целите за кои се залагаат и парламентарците.

Шефот на делегацијата на САД г-дин Кристофер Смит ги најави подготовките што се прават во Вашингтон, во Конгресот на САД, каде што е прифатено да се одржи сесијата на ПС на ОБСЕ во 2005 година. Тој искажа очекување дека неколкуте средби што претходат на одржувањето на сесијата на ПС на ОБСЕ ќе озaward успешни подготовки за сесијата на оваа организација.

Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ беше информиран за иницијативата на шефот на делегацијата на Монако за одржување на следната седница на Медитеранскиот форум на ПС на ОБСЕ во 2005 година во Кнежевството Монако. Со ваков предлог настапи и шефот на делегацијата на Малта кој изрази подготвеност Медитеранскиот форум во 2005 година да се одржи во оваа земја за што ќе биде одлучувано на наредната седница на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ.

На седницата беше прифатен предлогот на шефот на делегацијата на Грција за одржување на редовната есенска сесија на ПС на ОБСЕ во 2004 година во оваа земја, при што како можен термин беше предложен 1 и 2 октомври на Родос, кога би се одржал и Вториот парламентарен форум за Медитеранот.

На крајот беше заклучено наредната редовна седница на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ да се одржи на 19 и 20 февруари 2004 година во Виена, Австрија.

**Прв Парламентарен форум за Медитеранот**

Седницата на Првиот Парламентарен форум за Медитеранот ја отвори потпретседателот на Сенатот на Република Италија г-дин Чезаре Салви. Тој ги поздрави присутните парламентарци од земјите на ОБСЕ и од медитеранските земји и оцени дека парламентарците, свесни за потребата од мир и стабилност во овој дел на светот го даваат својот придонес во градењето на заедничките ставови кои можат да придонесат во разбирањето и полесното решавање на проблемите. Развивањето на медитеранската димензија на ОБСЕ е значајна димензија на ширење на стабилноста и безбедноста надвор од Европа. На отварањето на средбата говореа и г-дин Брус Џорџ, претседател на ПС на ОБСЕ и г-дин Марчело Пацини, шеф на Италијанската делегација во ПС на ОБСЕ.

Министерот за надворешни работи на Италија г-дин Франко Фратини поздравувајќи ги присутните од името на Италијанската влада, го нагласи значењето на евромедитеранското партнерство за развој на стабилен и безбеден евромедитерански регион. Низ меѓусебно градење на доверба и низ постојан дијалог што треба да се

институционализира, можни се натамошен развој и унапредување на односите и соработката на земјите од регионот. Потсети на историските врски и традиционалната поврзаност на земјите од регионот, кои, низ меѓусебна размена на добра, ги пренесувале влијанијата и цивилизациските и културните придобивки. Во тој дух треба да се поттикнуваат државите во изнаоѓањето нови форми што ќе им овозможат на земјите да постигнат мир, соработка и просперитет.

За надлежностите на владината димензија на ОБСЕ, говореше генералниот секретар на ОБСЕ г-дин Јан Кубиш. Тој ги изнесе можностите од институционален карактер кој ѝ стојат на располагање на ОБСЕ во поглед на градењето на медитерански дијалог и за поголема безбедност и стабилност во регионот. Ги поддржа напорите на Контакт групата на ОБСЕ за медитеранско партнерство и соработка и нагласи дека парламентарците имаат нагласена иницијатива во воспоставувањето на овој процес. Претстојните настани и средби на евромедитеранските земји ќе значат јакнење на можностите за поголемо учество на ОБСЕ во решавањето на проблемите кои постојат во овој регион.

Во дебатата што следеше можеше да се сретнат различни пристапи и ставови зависно од тоа дали се третираше парашањето и потребата од запирање на израелско-палестинскиот конфликт и можните мерки за тоа. Претставниците од земјите медитерански партнери на ОБСЕ (Алжир, Јордан и Тунис) застапуваа едни ставови, додека претставникот на Израел имаше спротивставени гледања за проблемот. Но оценките беа идентични за потребата дека трендот на непријателствата мора да запре и да се спречат натамошни конфликти и крвопролевања. Покрај тоа беше укажано на различни случувања (на пример во Алжир) што се присутни во дел од медитеранските земји, кои, иако се од локално значење, кога е во прашање безбедноста имаат пошироко влијание кое треба да се следи, како на национално, така и на меѓународно ниво.

Посебно беше укажано на влијанието на појавите на тероризам и милитантен фундментализам што може да доведе до нестабилност, криза и застој во развојот на регионот. Затоа освен борбата за стабилност треба да се развиваат културните, едукациските, религиозните и другите структури кои ќе овозможат да се шират и споделуваат универзалните вредности на човештвото во поглед на демократијата, слободите и владеењето на правото.

Во рамките на дебата на Парламентарниот форум за Медитеранот учествуваше и пратеникот г-дин Ѓорѓи Трендафилов. Тој укажа дека Медитеранот како регион што со векови ги поврзува различните народи и цивилизации е важен за земјите кои гравитираат кон него. Исто така и за земјите кои, како и Република Македонија, немаат директен излез на морскиот брег, Медитеранскиот простор е мошне важен од економски и безбедностен аспект и за развој на принципите и димензијата на ОБСЕ за која парламентарците се залагаат. Тој истакна дека сепак, во одделни делови на Европа, сеуште има вооружени етнички екстремисти кои прераснуваат во терористи и го нарушуваат мирот и безбедноста во регионот. Најзасегнати се и трпат најмногу последици од тоа, неколку медитерански и балкански земји. Затоа парламентарците не може да се мирни се додека овие екстремисти и терористи не бидат целосно спречени во нивните дејства и намери за создавање на нови етнички држави, рушење на постојните граници што значи нови конфликти и војни во поширокиот регион. Тоа не може и не смеат да го дозволат избраниците на народот.

Тој укажа дека механизмите на ОБСЕ сеуште не се целосно активирани за да се спречат овие негативни појави. За жал иако постојат мисии на ОБСЕ на теренот тие не се ангажираат директно, туку индиректно и само преку медиумско претставување на нивното гледање на настаните. Такви мисии се само непотребно трошење пари и би требало да се заменат со активни менаџери на мирот и на стабилноста во регионот, а не со присуство на пасивни дипломати кои со недејствувањето им помагаат на терористите да се прикажуваат како борци за човекови права. Тие тоа не се ни најмалку. Во регинот на Балканот што е дел од медитеранскиот појас дејствуваат и ограноци на Ал Каеда со што проблемот станува мошне сложен. Само со активното учество на меѓународната заедница и инсистирањето да се исполнат демократските стандарди и принципи за кои се залага ОБСЕ ќе се овозможи враќање на присилно раселените лица од земјите во регионот во нивните домови. Затоа дијалогот е најнеопходниот механизам за да се

влијае за изградба на демократски општества каде што силата на народот ќе се трансформира преку демократските институции за негов добробит и просперитет.

Во дел од седницата на парламентарниот форум за Медитеранот претседаваше сенаторот од Канада г-дин Џефри Графштајн кој е и благајник на ПС на ОБСЕ. Во најавата тој го претстави г-дин Трендафилов како "член на парламентот од Македонија". По интервенција на член од грчката делегација г-дин Графштајн му се извини на г-дин Трендафилов дека неправилно го претставил, односно дека е "пратеник од поранешната југословенска Република Македонија".

Во завршните дебати на оваа тема беше апострофиран развојот на медитеранската димензија на ОБСЕ што ја има својата основа во Завршниот документ на ОБСЕ од Хелсинки. Со покренатите иницијативи се воспоставуваат нови односи на земјите на ОБСЕ со медитеранските земји. Од друга страна се согледува дека демократијата е под закана од тероризмот и затоа мора се се бори и да се справи со него.

Беше нагласена потребата од развој на трговијата и економската соработка со медитеранските земји за да се овозможи нивен забрзан развој и преку јакнење на економските слободи да се надминуваат негатвините појави на тероризам, исламски фундаментализам и милитантни однесувања, кои своето упориште го наоѓаат во непросветеноста и невработеноста, односно ниското ниво на развиеност на дел од овие земји. Доколку се сака мир во целиот евромедитерански регион неопходна е субрегионална соработка меѓу европските и медитеранските држави. Сеуште е актуелен пристапот од стариот Рим дека Медитеранот е Маре Ностре, односно им припаѓа на сите кои живеат околу него и затоа е подобро да се соработува, зошто тоа носи бенефит за луѓето без разлика на која држава и припаѓаат.

Беше заклучено медитеранската димензија на ОБСЕ да јакне и да се институционализира преку активностите на Контакт групата за Медитеранот, преку одржување на годишни парламентарни форуми за Медитеранот како и со постојана соработка на парламентите на земјите членки на ОБСЕ и медитеранските земји партнери.

## Билатерални средби

Во текот на сесијата членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија оствариja бројни средби, контакти и разговори, како и корисна размена на мислења со парламентарци и официјални личности од повеќе земји кои беа присутни на седниците на ПС на ОБСЕ.

За одбележување е средбата иницирана од членовите на грчката парламентарна делегација (г-дин Алабанос Димитриос и г-дин Спилиопулос Константинос од ПАСОК, како и г-дин Каменос Панајотис од Нова Демократија) на која беше остварена корисна неформална размена на мислења за можностите за унапредување на билатералната парламентарна соработка. Беше заемно оценето дека би требало да се надминат прашањата кои се јавуваат како пречка за успешен развој на односите и соработката меѓу двете земји. Тие ја потенцираа заинтересираноста Република Македонија да ја стабилизира состојбата на внатрешен план и да ги забрза постапките за стекнување членство во Европската унија. Изразија спремност да дадат поддршка што ќе значи можност за остварување на членството на Република Македонија во Унијата. Изразија интерес за повеќе прашања од доменот на општествените и економските состојби во Македонија и ја нагласија потребата од почести средби на сите нивоа заради градење на заемна доверба и размена на искуства од парламентарните активности. Во тие рамки тие нагласија дека парламентарците можат да иницираат да се остваруваат позитивни промени во соработката меѓу двете земји.

Покрај тоа, за одбележување е и средбата со г-дин Јоран Лендмарк од Шведска, кој е истовремено и претседател на Првиот генерален комитет за политички прашања на ПС на ОБСЕ. Господин Лендмарк покажа извонредно познавање на состојбите во регионот и во Република Македонија, како за изминатите години така и за сегашните состојби. Се интересираше за реализацијата на Охридскиот рамковен договор и за

процесите кои се одвиваат во Македонија. Оцени дека стабилизацијата на земјата е единствениот процес кој може да го забрза нејзиниот прием во НАТО и во ЕУ. Тој истакна дека е потребно во Република Македонија да се донесе одлука за тоа кој би требало да биде датумот за прием на земјата во Европската унија, а потоа интензивно да се работи на подготовките за реализација на приемот, зошто истиот бара бројни активности. Се додека не се фиксира одреден термин за влез во ЕУ нејасни се активностите кои треба да бидат остварени ниту пак нивната динамика која треба да е интензивна и поврзана со повеќе субјекти во земјата. Исто така позитивно го оцени процесот што се остварува за членство на Македонија во НАТО.

Во текот на траењето на седниците беа остварени и други средби и контакти со пратеници и претставници од повеќе меѓународни организации и земји на кои се разменуваа мислења за најактуелните случувања на меѓународен план, а особено во доменот на надлежностите на ПС на ОБСЕ.

* * * * *

Оцена е дека учеството на овие мултидимензионални настани организирани од ПС на ОБСЕ ја потврди оправданоста од засилено присуство на македонските парламентарни делегаици на сите меѓународни средби и настани на кои е потребна афирмација на Република Македонија. Со зголемено присуство, контакти и позитивно градење на односите се овозможува поголем пробив и подобрување на имиџот на земјата во странство.

На спомнатите средби беа осознаени идните правци на дејствување на ПС на ОБСЕ особено во доменот на надлежностите кои се во функција на наредните средби и активности на оваа организација, како и за претстојните седници на ПС на ОБСЕ и непосредно се учествуваше во градењето на ставовите на оваа Организација.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната Унија***

## ***ИЗВЕШТАЈ***

***За учество на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната Унија на 108-та Интерпарламентарна конференција во Сантијаго Де Чиле, одржана од 6 до 12 април 2003 година***

***Скопје, април 2003 година***

*Во периодот од 6 до 12 април 2003 година, во Сантијаго де Чиле-Чиле, се одржа 108-та Интерпарламентарна конференција, на која учествуваше Делегација на Собранието на Република Макдонија. Делегацијата ја сочинуваа пратениците кои се членови во Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија (ИПУ) и тоа: г-дин Чедомир Краљевски, во својство на шеф на оваа Делегација (а во отсуство на шефот на Делегацијата на Собранието м-р Никола Поповски), д-р. Наташа Биковска и г-дин Исмет Рамадани, членови на Делегацијата, како и секретарот на Делегацијата д-р Јован Пејковски.*

*Во овој извештај се прикажани активностите, настаните и настапите на членовите на Делегацијата на 108-та Конференција на ИПУ*

## 108-та ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА КОНФЕРЕНЦИЈА

### Учество

На 108-та Интерпарламентарна конференција учествуваа делегации на 115 парламенти[5] (од 141 парламент-член на Унијата). Од придружните членови, во работата на Конференцијата учествуваа регионалните парламентарни асоцијации[6] и во својство на набљудувачи - Палестина, како и претставници на повеќе тела и специјализирани агенции на ООН[7] и други претставници на регионални организации[8], на невладини организации[9] итн.

На Конференцијата учествуваа 1201 делегат, од кои 579 членови на парламенти и 32 во својство на набљудувачи. Од делегатите - членови на парламентите, 26 беа носители на претседавачката функција, 33 носители на потпретседавачката функција и 147 жени парламентарки (25%).

[5] Австралија, Австрија, Алжир, Андора, Ангола, Аргентина, Бангладеш, Белгија, Белорусија, Боливија, Бразил, Бугарија, Буркина Фасо, Бурунди, Брегот на Слоновата Коска, Велика Британија, Венецуела, Виетнам, Габон, Гана, Гватемала, Гвинеја, Германија, Грција, Данска, Египет, Еквадор, Ел Салвадор, Етиопија, Замбија, Зеленоˊртски Острови, Индија, Индонезија, Иран (Исламска Република), Ирска, Исланд, Италија, Израел, Јапонија, Јемен, Јордан, Јужна Африка, Камерун, Канада, Казахстан, Кенија, Кина, Кипар, Киргистан, Колумбија, Конго, Коста Рика, Куба, Кувајт, Лаос, Латвија, Либан, Лихтенштајн, Луксембург, Мавританија, Малезија, Мали, Мароко, Мексико, Монако, Мозамбик, Намибија, Непал, Нигерија, Никарагва, Нов Зеланд, Норвешка, Обединети Арапски Емирати, Пакистан, Панама, Парагвај, Перу, Полска, Португалија, Република Кореја, Република Македонија, Романија, Руанда, Руска Федерација, Самоа, Сан Марино, Сао Томе и Принципе, Саудиска Арабија, Сингапур, Сириска Арапска Република, Словенија, Судан, Суринам, Тајланд, Танзанија, Таџикистан, Того, Тунис, Турција, Уганда, Украина, Унгарија, Уругвај, Филипини, Финска, Фиџи, Франција, Холандија, Хрватска, Чешка Република, Чиле, Швајцарија, Шведска, Шпанија и Шри Ланка.

[6] Андскиот парламент, Централноамериканскиот парламент, Латинскоамериканскиот парламент и Европскиот парламент.

[7] Обединетите нации, Програмата на ОН за развој (UNDP), Канцеларијата на Високиот комесар на ООН за човекови права (UNHCHR), Комисијата на ООН за бегалци (UNHCR), Волонтерите на ООН (UNV), Светската организација за храна и земјоделство (FAO), Меѓународната организација на трудот (ILO), Организацијата за образование, наука и култура (UNESCO)

[8] Амазонскиот парламент, Арапската интерпарламентарна унија, Африканска парламентарна унија (APU), Здружението на европски парламентарци за (Јужна) Африка (AWEPA), Интерпарламентарна организација на ASEAN (AIPO), Магребскиот консултативен совет, Нордискиот совет, Парламентарното здружение за евроарапска соработка (PAEAC), Парламентарното собрание на Франкофонијата, Парламентарната унија на земјите на Организацијата на исламската конференција (OIC), Собранието на Западноевропската унија (AWEU), Парламентарното собрание на Унијата на Белорусија и Руската федерација.

[9] Меѓународниот комитет на Црвениот крст (ICRC), Меѓународната федерација на здруженијата на Црвениот крст и Црвената полумесечина, Светска федерација на здруженијата на Обединетите нации (WFUNA), Амнести интернејшнел.

## Отворање на Конференцијата

Интерпарламентарната унија ја започна Конференцијата со инаугуративната церемонија што се одржа на 6 април 2003 година во Конференцискиот центар Диего Порталес во Сантијаго де Чиле. На отворањето говореше г. *Андрес Залдивар Ларан*, претседател на Сенатот на Чиле. Поврзувајќи ја парламентарната историја на Чиле која започнува од 1811 година, оцени дека демократијата е "континуитет во историјата на Чиле", чиј прекин во 1970 година предизвика национални трауми, кои за среќа се надминуваат. Развојот на демократијата од 1990 година и донесе подем на чилеанската демократија и економија. Оттаму, одржувањето на Конференцијата на ИПУ во Чиле го оцени како чест и своевидна привилегија за натамошниот развој на демократијата во оваа земја. Тој истакна дека дијалогот меѓу земјите и културите е неопходен во современиот глобален свет и е основа за динамизмот во развојот на човештвото.

При отворањето, во името на генералниот секретар на ООН, беше прочитано писмо со порака за успешно одржување на Конференцијата. Писмото го прочита Хуан Антонио Окампо, извршен секретар на Економската комисија на ООН за Латинска Америка и Карибите. Говореше и г-дин Паез Вердуго во својство на претседател на Интерпарламентарниот совет на ИПУ, кој нагласувајќи ја стогодишната историја на ИПУ оцени дека организацијата и натаму игра важна улога во јакнењето на парламентаризмот и демократијата во светот.

Претседателот на Република Чиле г-дин Рикардо Лагос Ескобар, ги поздрави присутните на Конференцијата на ИПУ, оценувајќи дека мултилатералните организации имаат суштествена улога во поттикнувањето кон демократијата и за почитување на диверзитетот на културите. Тој ја прогласи за отворена Конференцијата на ИПУ и изрази големо задоволство од присуството на голем број парламентарци што ја докажува посветеноста кон интернационалната меѓупарламентарна соработка. Оценувајќи ги актуелните случувања во Ирак се заложи за ООН да имаат фундаментална улога во решавањето на кризата во оваа земја. Тој истакна дека мултилатерализмот има придобивки кои треба да јакнат и во тој контекст ИПУ може да даде значен придонес.

На Конференцијата, на продолжението од 7 април, претседаваше сенаторот г-дин Паез Вердуго од Чиле, а за претседател беше предложен и избран г-дин Андрес Залдивар Ларан, претседател на Сенатот на Чиле, кој ги покани пратениците да учествуваат во општата дебата на Конференцијата.

## Општа дебата

Во општата дебата на тема: *за политичката, економската и социјалната ситуација во светот*, која се одвиваше на пленарните седници од 7 до 10 април, учествуваа голем број говорници од речиси сите делегации и поканети гости или поточно настапија 119 говорници од 103 делегации.

Во дебатите доминираа актуелните прашања кои се присутни во современиот свет и со кои се соочуваат земјите, особено на планот на развојот на политичките и економските процеси и проблемите кои се поврзани со истите. Доминираа заложбите за мир, за искоренување на гладот и болестите, како и за смалување на разликите во развиеноста меѓу богатите и сиромашните земји. Незаобиколни беа темите кои се однесуваат на одделни кризни жаришта во светот како: Блискиот исток, Ирак, билатералните судири на одделни земји, а особено борбата против тероризмот, како најголемо зло на денешницата. Беа изнесени лепеза од различни ставови во врска со глобалните и регионалните проблеми во светот, како и ситуации во одредени земји. Проблемите во Африка беа посебно апострофирани, исто како и случувањата со двете Кореи, ширењето на болеста САРС, проблемите со бегалците во разни земји и други прашања

Во општата дебата учествуваше членот на Македонската делегација г-дин *Чедомир Краљевски*. Тој од името на Македонската делегација искажа благодарност и честитки до Чилеанската делегација, како одличен организатор и домаќин на 108-та Конференција на Интерпарламентарната унија. Во излагањето тој информираше за

повеќе настани што се случија во Република Македонија од одржувањето на минатата конференција и тоа за успешно спроведените избори, мирната смена на власта и започнувањето на нов циклус на владеење во политиката што покажува дека земјата се стабилизира и се доближува до стандардите на развиените демократски општества.

Господинот Краљевски укажа дека уште постојат фактори кои можат да ја попречат цивилизациската перспектива на земјата, а пред сé, постоењето на парамилитантни, криминализирани и екстремни вооружени групи кои инсистираат на продолжување на воените конфликти. Тие се поврзани со интересите на крупниот криминал (посебно на криминалот со дрога, оружје и со бело робје) и интересите на корумпираните политички кругови. Искажа надеж дека позитивниот тренд ќе продолжи и ќе се стабилизира моделот од Охридскиот рамковен договор, со елиминирање на негативните фактори кои постојат бидејќи тоа е од интерес и на земјите во регионот и на меѓународната заедница во целина. Тој истакна дека борбата против корупцијата и организираниот криминал, постигнувањето стабилност и безбедност во земјата и градење на меѓуетничка доверба се од круцијално значење и приоритети во Република Македонија. Македонскиот парламент основа антикорупциска комисија, како независно тело кое ќе треба да помогне во борбата против корупцијата. Изразена е јавната свест од грѓаните кои вршат постојан притисок за надминување на негативните состојбите, за собирањето на малото и средно оружје за создавање основи за побрз економски напредок, за унапредување на соработката меѓу земјите во регионот и за европските и евроатлантските интеграциони процеси.

Соработката што се остварува на регионален план иако на симболичен начин, значи иницирање за формирање сојуз на прогресивни сили за стабилизација на овој дел од регионот кој ќе овозможи остварување на целите на државите, а тоа е членство во НАТО и во ЕУ.

Во општата дебата учествуваа претставници од сите национални делегации учесници на ИПУ Конференцијата, а заедно со дебатите од другите тела и форми на активност, беа утврдени ставови кои беа усвоени во резолуции на завршната седница на Конференцијата.

**Дополнителна точка и итна дополнителна точка на дневниот ред**

Согласно со Статутот, Конференцијата се изјаснуваше за дополнување на дневниот ред со една дополнителна точка. Врз основа на предлозите и расправата беше заклучено како дополнителна точка (точка број 7) да биде: "Значењето на неширењето на нуклеарното, хемиското и биолошкото оружје за масовно уништување и на ракетите, вклучувајќи превенција за нивната употреба од терористи". За надлежно тело беше определена првата Комисија за политички прашања, меѓународна безбедност и разоружување.

За дополнување на дневниот ред со итна точка беа поднесени пет предлози за дополнување на дневниот ред (од Египет, Судан, Индонезија, Аргентина и Велика Британија). Подоцна беа поднесни и други дополнителни предлози (на Португалија кон кои се приклучија и други земји), а дел од земјите се повлекоа од поднесените предлози. Врз основа на остварената дебата и со гласање беше одлучено да биде усвоен предлогот на Аргентина и како итна точка на дневниот ред беше додадена: "Потребата за итно запирање на војната во Ирак, за повторно воспоставување мир: улогата на Организацијата на обединетите нации и Интерпарламентарната унија". За оваа точка се оствари расправа во одделните тела на ИПУ, беше оформен ад хок Комитет за подготвување нацрт-резолуција, иако имаше спротивставени гледања на настаните, усвоените предлози беа доставени за завршната седница на 108-та Конференција на ИПУ.

**Работа на комисиите**

**Втората комисија - Комисијата за парламентарни, судски и прашања за човековите права** на седниците одржани на 8 и 10 април 2002 година расправаше за четвртата точка на дневниот ред на Конференцијата: *Улогата на парламентите во зајакнувањето на демократските институции и човековиот развој.*

Во работата на оваа комисија учествуваше пратеникот г-дин Чедомир Краљевски, кој зеде учество и во расправата. Тој укажа дека темата побудува интерес, а особено за земјите кои сакаат да ја јакнат демократијата и институциите, заедно со човековиот развој. Но тие возвишени цели се судираат со разни појави на тероризам што се наметнува како катастрофа спрема современата цивилизација. Во основа сите земји се изложени на ризикот од глобалниот тероризам кој не познава граници, заканите стануваат сé поизразени, а трагичните настани укажуваат на постоење на активни екстремисти и терористи од најцрн вид. Тие мораат да бидат елеминирани, а кукавичките акти на насилство мора да бидат спречени. Одговорот на меѓународната заедница мора да биде одлучен, единствен и непоколеблив. Во борбата против овие зла несомнено е потребна постојана поврзаност на малите и големите земји, кои во единствена спрега можат да постигнат успех во отстранувањето на појавите на тероризмот. Со промените на геополитичката карта на Европа, но и на светот, како и по настаните од 11 септември 2001 година, стана неопходност да се изврши мобилизација на демократските сили во борбата против тероризмот.

Само така може да јакне демократијата и да се забрзува развојот. За жал, се уште има делови во Европа кои се соочуват со проблеми на безбедносен план но и со изразени политички аспекти на безбедноста воопшто. Недопустливо е некоја недефинирана терористичка организација под формата на борба за човекови права да бара отцепување на делови од суверени држави и формирање на квази држава од типот на Голема Албанија за што се залага т.н. Албанска национална армија или АНА. Доколку заканите не бидат осуетени и навреме спречени последиците се огромни и може да се појави поширок конфликт во регионот во кој ќе бидат зафатени покрај Република Македонија и Грција, Србија и Црна Гора и Албанија, но и целиот Балкан и Европа. Затоа овие проблеми можат и мора да се решат со оформувањето на единствено обезбеден европски простор на кој тероризмот не треба да има било каква шанса. Грижата за уредување на односите и заедничката иднина на земјите од евроатлатнската алијанса со почитување на принципите на единствена одбранбена и надворешна политика на ЕУ може да биде основата на активно антитерористичко дејствување. Тој го поздрави воспоставувањето на новата мисија на ЕУ наречена "Конкордија" како продолжение на заложбите на меѓународната заедница за стабилизација на земјата и за зајакнување на партнерството меѓу ЕУ и Македонија. Со оваа мисија Европската унија покажува дека нејзиниот проект за единствена европска безбедносна и одбранбена политика созреал. Ги искажа определбите за продолжување со мобилизација на сите демократски сили и потенцијали во општеството - за зајакнување на демократијата, заживување на економијата и изградба на професионална и ефикасна армија под цивилна контрола. Со тоа ќе зајакнат демократските сили и силно ќе бидат поддржани прогресивно ориентираните луѓе во напорите за надминување и поразување на национализмот и екстремизмот во регионот.

За точката од дневниот ред говореа 63 говорници, а беа поднесени 16 нацрти на резолуции, кои ги разгледа Комитетот за изготвување предлог на резолуција. На Предлогот на резолуцијата беа поднесени повеќе амандмани со кои истата беше проследена до Конференцијата за усовјување.

Во **Комисијата за економски и социјални прашања** (III. Комисија) на седниците одржани на 9 и 11 април 2003 година се оствари расправата за петтата точка на дневниот ред: *Меѓународната соработка за спречување и справување со прекуграничните катастрофи и нивното влијание на засегнатите региони.*

Во работата на Комисијата учествуваа г-дин Исмет Рамадани, како и г-ѓа Наташа Биковска. Во својата дискусијана седницата на оваа комисија, членот на Делегацијата *г-дин Исмет Рамадани* се заложи за поголема соработка меѓу земјите, особено соседните, во справувањето со заканите од било каков вид и во решавањето на последиците од природните и други катастрофи. Оцени дека Конференција на ИПУ се одвива во мошне сложено време и тоа во светски рамки каде што се изразуваат разни промени кои влијаат на меѓународниот поредок. Се раскинуваат стари коалиции, се формираат нови и оттаму, потребно е да се согледаат можните правци и перспективите во рамките на глобалната стратегија на развојот. Секоја ново понудена идеја и иницијатива за развој и реформи од бројните аспекти на безбедноста и надворешната

политика претставува основа за остварување на долгорочен стабилен развој на глобален план. Во тој контекст соработката за превенција и управување со прекугранични природни катастрофи е неопходност што ги обединува напорите за човековото живеење. Тој оцени дека пратениците ќе можат поуспешно да ја извршуваат функцијата доколку имаат поголеми сознанија за прашањата од интерес на граѓаните и преку негово подлабоко осознавање ќе го подигнат нивото на демократската контрола на Парламентот врз Владата за одлуки кои се донесуваат во овие системи. И во услови на криза и катастрофа мора да се управува со системот зошто само така тој може да продуцира позитивни ефекти за граѓаните во сите региони. За таа цел, како мошне важно прашање претставува развивањето на систем на доверба меѓу земјите во регионот, проследен со соодветен економски прогрес и општествен развој на државите. Затоа е потребна координирана, систематска и постојана акција од сите држави во регионот. Безбедносната криза од 2001 година, претставуваше чекор наназад напорите на Република Македонија за членство во ЕУ и во кандидатурата за НАТО. За среќа истата траеше кратко и со Охридскиот рамковен договор се овозможи институционално да се надминуваат отворените прашања. Ниедна земја не може да биде дел од модерното демократско општество ако во неа владее силата на оружјето. Само со владење на правото и со примена на законите се овозможува демократизацијата на општеството. Затоа, круцијален чекор за стабилизирање на состојбите во земјата по воената криза, која е специфичен вид катастрофа е враќањето на довербата. Предизвиците пред кои се исправени граѓаните не се ни малку лесни. Од огромно значење за просперитет на регионот е економската безбедност, односно унапредувањето на слободната трговија, привлекувањето на инвестициите, изградба на регионална патна и енергетска инфраструктура и на прекугранична соработка. Ја истакна подготвеноста за поголема регионална соработка на сите полиња од взаемен интерес што се потврдува со заложбите заедно со Хрватска и Албанија да се настапува заеднички за побрзо зачленување во НАТО.

За прв пат од постоењето на Европската унија се спроведува практичниот дел на единствената одбранбена и безбедносна политика, односно силите на ЕУ се во Република Македонија, кои заедно со Северноатлантската алијанса настојуваат да ја зајакнат безбеднота во земјата. На овој начин, Македонија скромно придонесува кон изградбата на заедничката надворешна и безбедносна политика на Унијата. Безбедносната политика на секоја земја во регионот мора да биде третирана како регионална и во рамките на ова е важен принципот на добрососедски односи. Како рамка за разговори секоја земја треба да појде од принципот на неменливост на границите и почитување на територијалниот интегритет и суверенитет на секоја земја, како и рамноправност во меѓусебните политички односи. Со тоа Балканот ќе се измени и со здружени напори може да биде подобро место за живеење и рамноправен дел на развиените земји на Европа.

На оваа Комисија говореа 49 парламентарци од 42 земји, од кои една третина беа жени. Комисијата со консензус го прифати Нацртот на резолуцијата, подготвен од Комитетот за нацрт кој изврши усогласување на 13 одделни меморандуми поднесени од националните делегации, а по претходното усвојување на предложените амандмани и го достави до Конференцијата за усвојување.

Седницата на **Комисијата за политички прашања, меѓународна безбедност и разоружување** (I. Комисија)**,** се одржа на 9 и 11 април по прифаќањето на дополнителната точка на дневен ред: *Значењето на неширењето на нуклеарното, хемиското и биолошкото оружје за масовно уништување и на ракетите, вклучувајќи ја превенција за нивна употреба од терористи.* Врз основа на расправата и предлозите на ад хок Комитетот за подготвување на нацрт на резолуцијата, истата беше донесена со консензус и доставена за усвојување на пленарната седница. Во дебатата учествуваа 24 говорници, беа поднесени два амандмана.

**Усвојување на резолуциите на 108-та Интерпарламентарна конференција**

На пленарната седница, одржана на 11 април 2003 година Конференцијата расправаше и ги усвои извештаите на комисиите и предложените резолуции за точките од дневниот ред и тоа за: Парламентарната улога во зајакнувањето на демократските институции и човековиот развој во фрагментираниот свет; Меѓународната соработка за спречување и справување со прекугранични природни катастрофи и нивното влијание на засегнатите региони и Значењето на неширењето на нуклеарното, хемиското и биолошкото оружје за масовно уништување и на ракетите, вклучувајќи ја превенцијата за нивна употреба од терористи. Конференцијата усвојувајќи ги предложените резолуции побара ангажирање на парламентарците во сите сфери кои беа предмет на дебата, а со цел за градење на стабилни односи во глобалниот свет. Беа усвоени Амандмани на Статутот и Правилата на ИПУ.

Во Резолуцијата за состојбата во Ирак, се нагласува потребата за соработка во решавање на проблемите во Ирак и се повикуваат сите држави да соработуваат целосно во рамките на ООН и нејзините специјализирани агенции. Се апелира до меѓународната заедница да обезбеди хуманитарна помош на луѓето во Ирак. Се бара укинување на санкциите воведени од Советот за безбедност на ООН со цел да се создадат економски услови за преживување на популацијата и за развој на земјата. Правото на луѓето во Ирак на самоопределување се нагласува и се бара тие самите да ги изберат своите политички институции. ИПУ изразува подготвеност да помогне во тие процеси, а се поддржуваат интегритетот и целовитоста на Ирак и се бара почитување на човековите права и слободи.

Во рамките на реформата на ИПУ извршено е реобликување на организација која од Конференција прераснува во Собрание, а извршено е и намалување на бројот на комисиите од четири на три комисии, при што намален е и бројот на членовите.
Новите комисии се: Постојана комисија за мир и меѓународна безбедност, Постојана комисија за одржлив развој, финансии и трговија и Постојана комисија за демократија и човекови права.

Врз основа на распоредот на геополитичките групи, остварената кандидатура и гласања на овие тела, беа изложени предлозите за раководствата на овие комитети (претседатели и потпретседатели) како и за известителите. Со тоа се овозможи оформување на персоналниот состав и функционирањето на комисиите во наредниот период.

## 172 ЗАСЕДАНИЕ НА ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНИОТ СОВЕТ

Заседанието на Интерпарламентарниот совет се одржа на 7, 9 и 12 април 2003 година. Во работата на Советот учествуваа г-дин Чедомир Краљевски и г-ѓа Наташа Биковска.

На седницата беа разгледувани повеќе прашања, и тоа: Извештај за активностите на претседателот и Извештај на Извршниот комитет, што ги поднесе претседателот на Советот. Советот констатира дека генералниот секретар поднесе годишен извештај за активностите на Унијата во 2002 година, издаден како посебна публикација. Го разгледа и извештајот од Парламентарната конференција во Светската трговска организација. Советот расправаше по повеќе прашања од негова надлежност при што основа работни комисии на Конференцијата, основа ад хок комисии и други тела, донесе Програма за работа и Буџет и ги одреди идните активности на ИПУ во текот на годината. На седниците пртеседаваше претседателот на Интерпарламентарниот совет, сенаторот Сергио Паез Вердуго (Чиле).

**Членство во Унијата**

Советот, по препорака од Извршниот комитет, одлучи повторно да го прими Пакистан како член на Унијата, како и Шура Советот на Саудиска Арабија.

**Финансиски резултати за 2002 година и финансиска состојба на Унијата**

По поднесувањето на извештајот од страна на ревизорите, Советот ја усвои Завршната сметка на Унијата за 2002 година. Врз основа на извештајот на ревизорите беше констирано дека финансиското работење на генералниот секертар на ИПУ е во согласност со правилата за оваа намена. Финансиската ситуација на ИПУ е подобрена, остварени се заштеди и врз таа основа има суфицит од 425 илјади швајцарски франци. Суфицитот се пренесува како работен капитал, а беше задолжен генералниот секретар да оствари поголема транспарентност во финансиското работење со средствата на ИПУ.

**Вселување во новата зграда на седиштето на Унијата во Женева**

На Советот му беше презентирана информацијата за текот на изградбата, процедурата и вселувањето во новата зграда на седиштето на Унијата која станува "куќа на парламентите". Беа презентирани детали во врска со потрошените средства и за организациони и други прашања кои произлегуваат од преместувањето на седиштето на ИПУ во новата зграда.

**Соработка со системот на Обединетите нации**

Советот го констатира извештајот за соработката со системот на Обединетите нации и беше информиран за Резолуцијата на Генералното собрание на Обединетите нации во која е побарано од генералниот секретар на ООН да ги согледа начините за нов и зајакнат однос меѓу ИПУ, Генералното собрание и неговите органи. Констатирано е дека ИПУ се стекнува со статус на набљудувач во ООН и во УНЕСКО со што ќе остварува редовна комуникација со овие форуми и ќе може да ги дистрибуира сопствените материјали во рамките на системот на ООН. Од националните групи беше побарана поддршка за идните активности наведени во овој извештај, а преку постојаните претставници на нивните земји во Обединетите нации.

Советот побара од претседателот на Советот и генералниот секретар да ги продолжат нивните напори за зајакнување на соработката со Бретонвудските институции и воспоставување институционален дијалог меѓу ИПУ и Светската банка.

Јакнење на демократијата и парламентите

Советот го разгледа Извештајот на Извршниот комитет за петгодишната работа во рамките на Програмата за истражување и унапредување на претставничките институции на ИПУ. Притоа, беше поддржано натамошното развивање на овој аспект на дејствувањето на ИПУ во насока на развивање единствени ресурси и стручни сознанија за јакнење на демократијата и за парламентите, преку унапредување на истражувачките активности во рамките на Унијата - натамошно развивање на базите на податоци достапни на веб страницата на ИПУ (www.ipu.org), библиотечните дејности, организирање семинари, обезбедување стручна помош итн.

**Реформа на Интерпарламентарната унија**

Беа разгледани препораките на Извршниот комитет на ИПУ во поглед на имплементацијата на реформските мерки, усвоени во Женева во септември 2002 година. Исто така, беше разгледан Извештајот на генералниот секретар во поглед на реформата на Унијата, кој се однесува на општата структура и начинот на работа на организацијата, работата на комисиите, кои би се состанувале два-три пати годишно и би се основале поткомисии за одредени прашања, јакнењето и формализирањето на улогата на геополитичките групи и друго.

**Извештаи за работата на посебните тела во текот на 108-та Конференција**

На Советот му беа презентирани: Извештајот за Петтиот состанок на жените - членови на парламенти; Извештај за човековите права на парламентарците; Извештајот за

состанокот на претставниците на учесничките на процесот за соработка и безбедност во Медитеранот; Извештајот на Комитетот за прашања на Блискиот Исток; Извештајот на Комитетот за одржлив развој; Извештај на Групата олеснувачи за Кипар и Извештајот на Групата за партнерство меѓу половите.

**Резолуции за човековите права на членови на парламенти**

Советот беше запознат со работата на Комитетот за човековите права на парламентарците, меѓу двете конференции и се повикуваат соодветните парламенти да ги преземат потребните мерки во секој поединечен случај на кршење на правата на членовите на парламентите, а се повикуваат и членките на ИПУ да извршат соодветен притисок врз државите во кои се кршат правата на парламентарците.

## *Идни активности*

Советот беше запознат со календарот на идните активности на Унијата. Посебно беа согледани статутарните состаноци, како и специјализираните состаноци и други настани кои се планираат во рамките на надлежностите на ИПУ во наредниот период. Беа најавени подготовките за Петтата конференција на парламентарците од новите и реставрираните демократии, што ќе се одржи во Улан Батор, Монголија од 18 до 20 јуни 2003 година. Исто така, беше најавено дека во 2005 година ќе се организира Втората конференција на претседавачите на националните парламенти.

## УЧЕСТВО ВО РАБОТАТА НА ДРУГИ ТЕЛА, ОБЛИЦИ И АКТИВНОСТИ НА УНИЈАТА

**Осмиот состанок на жените - членови на парламенти**

Осмиот состанок на жените - членови на парламенти се одржа на 6 април 2003 година, а на него учествуваа повеќе од 100 жени - членови на парламентите земји членки на ИПУ. Состанокот го отвори г-ѓа Махлангу, пратеник од Јужна Африка, а потоа за претседавач беше избрана г-ѓа Изабела Аљенде, спикер на Долниот дом на Парламентот на Чиле. Во воведниот збор г-ѓа Аљенде ги поздрави и им посака добредојде на паралментарците од целиот свет на ИПУ Конференцијата. Од името на земјата домаќин говреше г-дин Паез Вердуго, претседател на ИПУ. Пред жените парламентарки за улогата на жената во чилеанското општество говреше, г-ѓа Перез, министерка за женски прашања во Владата на Чиле.

Во работата на состанокот учествуваше членот на Делегацијата г-ѓа Наташа Биковска. Таа ја истакна улогата на жените параламентарки во развојот на демократијата и го претстави ангажирањето на жените парламентарки во работата на Македонскиот парламент. Таа оцени дека успехот во демократијата подразбира партнерство меѓу мажите и жените во спроведувањето на економските и социјалните активности, каде тие работат подеднакво и се надополнуваат едни со други и поради нивните разлики создаваат вредности. Ваквата визија на демократијата ги наведе повеќето влади и парламенти во светот да ги интензивираат своите активности со цел да го зголемат учеството на жените не само во политиката туку и во другите сфери на економскиот и социјалниот живот. Госпоѓа Биковска укажа дека изминатите неколку децении значеа промена на начинот на кој жените и мажите размислуваа и беа крајот за многу табуа со потекло во балканскиот фолклор, како последица на глобализацијата на светот. Овие тенденции резултираа со основање на Македонското женско лоби, првата организирана активност на Работната група за прашања на половите на Пактот за стабилност во Република Македонија, при што беше претставена работата на ова лоби. Таа истакна дека во Собранието на Република Македонија има 22 жени или 18,3% од вкупниот број на пратеници, процент кој е повисок од светскиот просек. За споредба, во претходниот состав во Собранието имаше само девет жени пратеници. Истакна дека само преку напорна работа и кампањи можеме да се лобира за вистинска

валоризација на придонесот на жената во економијата и општата состојба во земјата како и со поголемо вклучување во процесот на донесување одлуки во поглед на најважните државни прашања. Степенот на демократијата во една земја, меѓу другото, се цени и преку позицијата на жената во општеството и затоа мора да се продолжи со активностите за подобрување на статусот на жената во Република Македонија и во меѓународната заедница. Жената мора да биде оценувана според нејзината способност, а не според нејзиниот пол. Овој процес може и треба да се темели на влијанието на жената како активен учесник во севкупниот живот на секое општество.

На состанокот се водеше расправа за "Состојбите на жените и децата во конфликтните ситуации со посебен осврт на состојбата во Ирак". За резултатите од дебатата беа донесени заклучоци кои беа предложени на седницата на Конференцијата на ИПУ при заклучувањето во дебатата за точката: "Потребата за итно запирање на војната во Ирак, за повторно воспоставување мир: Улогата на Организацијата на обедеинетите нации и на Интерпарламентарната унија".

Беше извршена измена на Деловникот на ова тело со што се овоможува во иднина и мажите да учествуваат на седниците на жените парламентарки. Беше остварен заеднички дијалог меѓу мажите и жените на тема: "Најдобрите начини за зајкнување на женскиот придонес во економијата и општествената благосостојба во општеството".

На состанокот беше промовиран прирачник за парламентарците за Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискириминација против жените. Беа повикани сите земји кои не ја потпишале или ратификувале оваа конвенција да го сторат тоа колку може побрзо. Беше одржана расправа во форма на прашања и одговори во врска со парламентарната димензија на активностите на Обединетите нации за унапредување на партнерството меѓу половите, во која учествуваше г-ѓа А. Кинг, помошник на генералниот секретар на Обединетите нации. Во оваа дискусија посебно внимание беше посветено на улогата на парламентите во ратификацијата на меѓународните договори и во воведување национално законодавство за нивна имплементација.

Во текот на одржувањето на Конференцијата беше остварена панел дискусија на тема за: "Шверцот со деца", како продолжение на заклучоците од Конференцијата од Маракеш по темата "*Заштитување и грижа за децата: движечка сила на идното општество*". На панелот, покрај другите говореше и г-ѓа Изабела Аљенде, претседател на Долниот дом на парламентот на Чиле. Беше искажана осуда на оваа појава и се заклучи парламентарците да се активираат на сите нивоа за нејзино спречување и елминирање.

За работата на групите беа поднесени извештаи, по што е формирана група за подготовка на предлогот на резолуцијата во врска со точките од дневниот ред на Конференцијата.

**Средба на претставници на учесниците во Конференцијата за безбедност и соработка на Медитеранот (CSCM)**

Дваесет и првата средба на претставници на земјите учесници на Процесот за безбедност и соработка на Медитеранот, се одржа на 9 април 2002 година, а на неа учествуваше *Исмет Рамадани*, член на Делегацијата.
На средбата беше остварена расправа по Извештајот за активностите меѓу двете конференции на ИПУ. Покрај тоа се дабатираше по: "Заедниочкиот развој и партнерството- прашање за директните инвестиции и проблемот на долговите", предлог на Италијанската делегација. Покрај тоа, се оствари расправа за: "Настаните во регионот со посебно нагласување на иницијативите што можат да бидат промовирани од ИПУ за остварување на безбедност и соработка во регионот". Врз основа на дебатата се усвоија предлози што беа изнесени на седницата на Конферецнијата и на Советот на ИПУ.

Беа дадени предлози во врска со идното функционирање на Процесот и можното формирање на долг рок на парламентарно собрание на медитеранските земји врз основа на предлозите од Марсеј од април 2000 година и инструментите за таа намена утврдени во Маракеш од март 2002 година.

## Геополитичка група "Дванаесет плус"

Групата "Дванаесет плус" одржуваше редовни состаноци пред заседанијата на телата на Унијата на 5 април, како и во периодот од 7 до 10 април 2003 година. Од Пратеничката група на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија на состаноците учествуваа г-дин Чедомир Краљевски и г-ѓа Наташа Биковска, а во дел и г. Исмет Рамадани.

Главно на седниците се градеа ставови од интерес на групата, беа извршени избори на претседавач на групата, како и предлози во поглед на дебатите на седниците на Конференцијата на ИПУ и на Советот на ИПУ. Групата го поддржа предлогот на Велика Британија за дополнителната точка од дневниот ред во врска со ситуацијата во Ирак. Посебно внимание во текот на седниците беше посветено на реформата на ИПУ и изборот на членови од групата во новите три постојани комитети на ИПУ. Се истакна и потребата од зајакнување на парламентарната димензија ИПУ и на ООН, односно остварување повеќе заеднички активности со специјализираните агенции и програми на ООН. Беше покрената иницијатива за поголема соработка со Европскиот парламент и со другите регионални парламенти во светот.

## Заседание на Здружението на генералните секретари на парламентите

Во текот на Конференцијата, се одржа заседанието на Здружението на генералните секретари на парламентите, на кое по овластување од генералниот секретар на Собранието г-дин Александар Новакоски, на дел од седниците присуствуваше секретарот на Делегацијата д-р Јован Пејковски.

На седницата за нов член на Здружението на генералните секретари на парламентите беше примен г-дин Александар Новакоски, заедно со уште други новоизбрани генерални секретари на 11 парламенти. Во функција на градењето на ставовите на ова Здружение, како и заради претставување на работата на Собранието на Република Македонија, г-дин Новакоски приложи писмен материјал на тема: "Надлежностите на генералните секретари во поглед на претседателството / претседателот". Во материјалот се прикажани постапките кои се применуваат во законодавниот процес во Република Македонија, деловничките одредби, буџетската процедура, менаџирањето со фондовите, вработувањето и статусот на вработените, компетенциите на генералниот секретар во врска со овие прашања и друго. Спомнатиот материјал беше дистрибуиран и позитивно примен и оценет од учесниците на ова заседание.

На заседанието беа разгледани бројни материјали и тоа за: парламентарниот систем на Чиле, за менаџерската улога на генералниот секретар во парламентите, за парламентарната независност во поглед на финасиите вработувањето и внатрешниот менаџмент, за авторитетот на генералниот секретар во однос на претседателот и во поглед на подготвувањето и извршувањето на одлуките и друго. Беа поднесени повеќе излагања: за разни теми од доменот и надлежностите на парламентите, а поврзано со активностите на ИПУ и позицијата на генералните секретари.

## Формирање мрежа на секретари и советници на ИПУ

За време на одржување на конференцијата на ИПУ беше конституирана мрежата на секретари и советници на ИПУ. Целта е преку меѓусебна соработка и информирање да се олесни учеството на делегациите на интерпарламентарните конференции и севкупните активности на Унијата. Беше избран координативен комитет, со рамномерна застапеност од геополитичките групи, со цел да ги координира наредните активности.

На средбата на секретарите и советниците говореше генералниот секретар на ИПУ г-дин Андреас Џонстон, кој ги најави приоритетите за одржувањето на 108-та Конференција на ИПУ, ги најави точките кои се предлагаат по итна постапка како и сите организациони и стручни прашања поврзани со одржувањето на Конференцијата. Очекувањата се дека оваа мрежа ќе функционира и натаму што како најава ќе биде потврдено на идните средби кои се планираат за време на одржувањето на конференциите и на другите тела на ИПУ.

### *Други активности во текот на Конференцијата*

Во текот на Конференцијата се одржаа голем број средби на одделни комитети и тела кои дејствуваат како поткомитети во рамките на ИПУ. Така средби одржаа: ад хок Комитетот за прашања на Блискиот Исток и Комитетот за промоција на почитувањето на меѓународното хуманитарно право. Покрај тоа, седници одржаа: Комитетот за човекови права на парламентарците, Групата на олеснувачи за Кипар, Координативниот комитет за соработка меѓу мажите и жените, Групата за партнерство на половите, Групата на жени парламентарки од Медитеранот и други. Беше одржана средба (think-tank) на тема за женската генитална мутилација врз основа на заклучокот од Конференцијата на ИПУ од Маракеш.

Беше одржана информативна средби во врска со Опционалниот протокол на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација против жените и промоција на Центарот за демократска контрола на вооружените сили од Женева.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Седницата на ИПУ ги потврди и реафирмира фундаменталното значење на мултилатерализмот и меѓународната соработка во решавањето на состојбите во светот, а со усвоените резолуции беа искажани ставовите на најголемиот број парламентарни претставници од земјите членки на ИПУ.

Иако Делегацијата на Собранието не беше во полн состав, со благовремено распоредување и со зголемени напори успеа да обезбеди претставување на Република Македонија во поголемиот број на телата, форумите и во активностите на ИПУ што се оствариja за време на 108-та Конференција.

Со настапите на општата дебата, по одделните комитети и на специјализираните групи и форуми се учествуваше во градењето на ставовите на ИПУ, а особено во рамките на геополитичките групи. Покрај тоа, изворно беа презентирани ставови и мислења по одделни прашања, а особено во врска со актуелната состојба во Република Македонија и во регионот. За време на Конференцијата беа остварени повеќе средби со пратеници од бројни делегации кои учествуваа на Конференцијата со што успешно продолжи континуитетот на учеството и претставувањето на Собранието на Република Македонија во работата на ИПУ.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната Унија***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на Делегација на Собранието на Република Македонија на 109-то Собрание на Интерпарламентарната унија, што се одржа од 1 до 3 октомври 2003 година, во Женева, Швајцарија***

***Скопје, октомври 2003 година***

*Собранието на Интерпарламентарната унија (ИПУ) го одржа своето редовно 109-то заседание, во рамките на кое седници одржаа сите комитети и други облици на ангажирање во рамките на ИПУ. Седниците се одржаа во периодот од 1 до 3 октомври 2003 година, во Меѓународниот конференциски центар во Женева, Швајцарија.*

*На заседанието на Собранието на ИПУ учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија што ја сочинуваа пратениците: г-дин Чедомир Краљевски, шеф на Делегацијата (во отсуство на шефот на Делегацијата на Собранието м-р Никола Поповски), г-ѓа Наташа Биковска, г-ѓа Ангелка Пеева-Лауренчиќ и г-дин Исмет Рамадани членови на Делегацијата. Во рамките на Собранието на ИПУ седница одржа и Асоцијацијата на генералните секретари на парламентите на која учествуваше генералниот секретар на Собранието на Република Македонија г-дин Александар Новакоски. Секретар на Делегацијата беше д-р Јован Пејковски, раководител на Секторот за меѓународна соработка.*

*На дел од седниците односно средбите, присуствуваше и г-ѓа Драгица Зафировска, вршител на работите, како и г-дин Назиф Џафери и г-дин Габриел Атанасов од Постојаната мисија на Република Македонија во Женева.*

*На седницата на Собранието ИПУ учествуваа 1.022 делегати од кои 465 беа членови на национални парламенти од 122 земји од светот членки на ИПУ. Од парламентарците, претседавачи на парламенти беа 30, 22 беа заменици претседавачи, како и 131 жена парламентарец. За време на одржувањето на Собранието на ИПУ беа остварени повеќе активности на членовите на Делегацијата што се прикажани во овој извештај.*

**Активности на Собранието на ИПУ**

Собранието на ИПУ, на кое претседаваше г-дин Серџио Паез Вердуго, претседател на ИПУ, разгледа повеќе прашања на дебатите кои беа поделени на неколку дела и одлучи за повеќе прашања во рамките на неговата надлежност. На почетокот г-дин Паез потсети дека одржувањето на оваа седница е прва во согласност со новите правила на ИПУ и остварената реформа на организацијата со која трите генерални комитети имаат можност да остварат своја поширока расправа по предвидените теми.

Пред Собранието на ИПУ говореа највисоките претставници на оваа организација, на парламентарни организации со кои ИПУ соработува, како и на парламентот на земјата домаќин. Беше пренесена пораката од генералниот секретар на ООН г-дин Кофи Анан со која тој ги повикува законодавците од целиот свет да посветат повеќе внимание на решавањето на заедничките проблеми со кои се соочуваат луѓето од целата планета.

Дневниот ред беше дополнет со точка за состојбите на Блискиот Исток и за потребата да се помогне во решавањето на кризата во Ирак. За состојбите на Блискиот Исток беше остварена поширока расправа и на еден од комитетите додека за состојбата во Ирак се заклучи да се изберат претставници кои ќе помогнат во оформувањето на "конститутивна конвенција" (предлог на Француската делегација) што ќе одржат состанок во месец ноември во Женева на кој ќе ги подготват предлозите што се значајни за донесување на уставни рамки во оваа земја.

Собранието на ИПУ ја продолжи работата после одржувањето на седниците на трите постојани комитети, на кои беа разгледани предложените извештаи и предлог резолуции.

**Постојани Комитети**

Трите генерални комитети на Собранието на ИПУ пред и во периодот на одржување на Собранието на ИПУ одржаа одделни седници на кои се расправаше за повеќе теми. Во основа дебатата на Собранието на ИПУ беше насочена во поголем обем преку седниците на комитетите со цел да се овозможи Собранието на ИПУ да ги сумира дебатите по одделните точки од дневниот ред и да гласа по истите. Во

согласност со новите правила на ИПУ дебатата на комитетите се одвиваше интерактивно, без правење на претходна листа на говорници и со настојување на кратки изјави од парламентарците за конкретните теми од надлежност на комитетите по кои беа отворени широки расправи.

**Прв постојан Комитет за мир и меѓународна безбедност**

На седницата на овој Комитет се расправаше за "Улогата на парламентарците во обезбедувањето на мирот и во градењето на меѓународната коалиција за мир", како и за "Парламентарната поддршка за примена на планот за мир и за ставање на крај на палестинско-израелскиот конфликт и постигнување на одржлив мировен процес и правда на Блискиот Исток".

Во дебатите кои ги одразуваа стојалиштата на парламентарците од разни земји беше најчесто укажувано на значењето и одговорноста што треба да ги имаат пратениците како избраници на народите со цел за постигнување на мир во глобални рамки. На поединечните конфликти во одделни региони (пр. палестинско-израелскиот конфликт како и во одделни африкански земји) беа остварени и спротивставени дебати често проследени и со емотивни ставови за одделни прашања. Сепак може да се оцени дека дебатите во основа беа конструктивни и со цел за дефинирање на улогата на парламентарците во градењето на мирот и довербата во светот, а особено во регионите каде што се изразени конфликтите.

Во рамките на дебатата на овој Комитет учествуваше и пратеникот г-дин Исмет Рамадани. Тој укажа дека пратениците се избрани од народот и тие мора јасно да се изразуваат за сите ставови кон прашањата што ги засегаат граѓаните. Имено, поврзано со темата тој истакна дека мора да се дефинира што е тоа тероризам и да се искаже со прецизни зборови. Не може со истиот збор да се оквалификуваат други активности кои можат да им нанесат страдања на луѓето или пак разни видови на насилство да бидат наречени тероризам. Ако тоа не се направи и натаму ќе бидат различни појдовните позиции во решавањето на проблемите. Тој истакна дека во делот од земјите кои ја фомираат антитерористичката коалиција е и Република Македонија чии напори се насочени кон градење на мир и доверба затоа што само така се зацврстуваат стабилноста и безбедноста во земјата и во нејзиното опкружување. Затоа Македонија се залага за постојано добри меѓусоседски односи и за сорабока во регионот и ја признава улогата на меѓународната заедница во решавањето на проблемите што особено дојде до израз во земјата. Во таа смисла парламентарците треба појасно да го искажат својот став за поддршка на разните иницијативи кои се покренуваат на регионален и поширок план.

Така г-дин Рамадани ја истакна поддршката на иницијативата на земјите од Балканот, т.н. Јадранска повелба, која преку соработка го забрзува нивното членство во НАТО како најмоќен колективен систем за безбедност. Стратешката определеност за членство во Европската унија претпоставува сите напори да се насочат кон остварување на оваа цел. Во земјата залагањата се насочени за доследна имплементацја на Охридскиот рамковен договор што е преточен во Уставот и со кој се постигнува изградба на мултиетничко општество со почитување на правата на етничките заедници и на сите граѓани кои живеат во државата. Поддршката за тоа постои кај меѓународната заедница која со значително присуство во земјата е фактор за стабилност не само во Македонија, туку и во целиот регион. Македонските власти многу успешно се справуваат со некои од преостанатите безбедносни проблеми што стојат на патот кон целосно нормализирање на состојбите. Тој истакна дека во резолуцијата што ќе ја донесе овој Комитет треба прецизно да се искажат залагањата за поголема добрососедска соработка и за поддршка на силите кои се опрделени за градење на мир и добросостојба на народите.

По завршувањето на дебатата по точките од дневниот ред Комитетот усвои текстови на предлог резолуции и ги достави до Собранието на ИПУ за усвојување.

**Втор постојан Комитет за одржлив развој, финансии и трговија**

Овој Комитет оствари расправа по извештајот за "Глобалните јавни добра нов предизвик за парламентарците". Во расправата беа повикани и развиените и недоволно развиените земји да го признаат значењето на јавните добра што даваат транснационални ефекти и оттаму се бара со заеднички напори да се промовира дебата меѓу доносителите на одлуките во граѓанското општество, бизнисот и академските средини со цел да се стимулираат нивните истражувања за прашања и објекти од глобално значење.

Во дебатата на овој комитет учествуваше и пратеничката г-ѓа Ангелка Пеева-Лауренчиќ. Таа ја насочи дискусија кон финансирањето на изградбата на јавни добра и за потребата од нивното одржување. Имено не е едноставно да се определи доброто што е од поширок интерес за една или за неколку земји како што тоа е на пример некој инфраструктурен коридор следен со телекомуникации, патишта, железници, нафтоводи и слично. Иако за финансирање на вакви коридори е можно да се најдат финансиери врз комерцијална основа, нивниот интерес е пред се профитот. Останува на државите, на владите и на парламентите да ги дефинирааат интересите на граѓаните кои можат да бидат засегнати од овие инфраструктурни добра, како во процесот на нивната изградба така и во периодот на нивното работење и одржување.

За таа намена таа предложи меѓународните финансиски институции да имаат поадекватен пристап во финансирањето на мерките за отстранување на негативните ефекти кои се јавуват, како на пример деградација на човековата околина, емисијата на штетни гасови, уништување на обработливата површина и слично. Светската банка мора да има полесен пристап и да овозможува т.н. "меки кредити" со ниска камата, или без камата особено за отстранување на штетните последици кои можат да имаат негативно влијание врз поширoки пространства или цели региони. Оцени дека за поширокото прифаќање на финансирање на јавните добра потребна е политичка клима на стабилност што овозможува привлекување на директни странски инвестиции со создавање поволна инвестициска клима и создавање соодветна законска регулатива.

Во исто време г-ѓа Пеева-Лауренчиќ информираше дека Република Македонија, со својата поволна географска положба, квалитетна работна сила, фискалните погодности и реформите што се во тек, а се во насока на отстранување на административните бариери и преку одржување на макроекономската стабилност, создава поволна деловна клима за инвеститорите. И покрај тоа, таа оцени дека парламентарците треба да се залагаат за зголемување на финасиската поддршка за развој на инфраструктурните потреби што е основа за натамошно ангажирање на малите и средни бизниси што треба да овозможи вработување и подинамичен развој. Таа истакна дека заради географската положба и стратешко значење за развојот на целиот регион на Југоисточна Европа се чувствуваат потребите за инфраструктурно поврзување што всушност е развој на јавни добра од поширок меѓународен интерес. Таков е на пример паневропскиот Коридор 8, за чија реализација потребно е ангажирање на меѓународните финансиски институции за обезбедување инвестиции за неговата изградба. Затоа владите на заинтересираните земји и парламентарците можат да дадат значаен придонес во оформувањето на легислативата и интересот за инвестирање и изградба на јавни добра, а посебно за нивното натамошно одржување со цел за успешен економски и социјален развој и заштита на човековата околина.

По завршувањето на дебатата на овој Комитет се расправаше и по предложената резолуција за усвојување на Собранието на ИПУ. Во неа се укажува на потребата владите, парламентите, меѓународните организации и донаторите да посветат посебно внимание за насочување на финансиските ресурси кон сиромашните земји, а посебно за намалување на долговите на земјите во развој со кои се оневозможуваат овие земји да инвестираат во глобални јавни добра на домашно ниво.

**Трет постојан Комитетот за демократија и човекови права**

Во рамките на овој Комитет беше остварена расправа за извештајот за "Придонесот на новите информациони и комуникациони технологии за добро владеење, подобрување на парламентарната демократија и управувањето со глобализацијата".

Покрај другото се посвети внимание и на процесите на управување во регионални рамки и на оформување на услови за менаџирање на состојби кои се од поширок интерес, како и за избегнување на конфликти.

Во дебатата на овој Комитет учествуваше пратеничката г-ѓа Наташа Биковска. Таа оцени дека демократските општества настојуваат да изградат механизми за управување со глобализацијата, но и за рано спречување на појава на можни конфликти и нивно избегнување. И покрај тоа, конфликтите се појавуваат во сите степени на демократски развој и тоа и во развиените и во помалку развиените држави. Со тоа се отежнува успешното менаџирање и доброто владеење. Таа оцени дека улогата на државата и на организираните структури е да изградат механизми со кои, конфликтите кои постојат, да се менаџираат, односно да се управува со нив на начин што ќе донесе најмалку негативни ефекти. Во секој случај се работи за компликувани процеси кои бараат постојано прилагодување на актерите во општествени рамки и користење на најсовремена комуникациска и информатичка опрема со цел информациите благовремено да бидат достапни до доносителите на одлуките.

Таа истакна дека демократијата сама по себе не нуди решенија за бројни прашања, туку пред се ја дефинира процедурата на решавањето на конфликтите. Од таму заложбата на пратениците треба да биде во правец на изградба на процедура за менаџирање на конфликти со цел за минимизација на негативните ефекти и на тој начин е можно да се менаџира глобализацијата. Во таа насока дијалогот мора да биде основното средство во справувањето со конфликтите кои треба да се надминуваат на човечки и достоинствен начин, со дијалог и без употреба на сила. Таа изрази заложби за принципи во менаџирањето на конфликтите и без употреба на сила како метод во постигнувањето на политички цели.

Г-ѓа Биковска истакна дека не може ниту едно малцинство да изнудува од мнозинството било што по пат на сила, уцена, политички тероризам, насилство и други средства на принуда. Тоа е анахронизам што треба да биде надминат, особено во 21 век кога модерната техника и комуникации овозможуваат дијалог на сите меридијани. Само со примена на дијалогот како средство за решавање на политичките цели и барања се зацврствуваат демократијата и правата на граѓаните што парламентарците, како нивни легитимни претставници се должни да ги почитуваат и да ги бранат.

Во резолуцијата што ја усвои овој Комитет, покрај другото, се предлага секој парламент, да посвети посебно внимание на информатичката структура и т.н е-владеење, со цел да се гарантира транспарентноста пред граѓаните за работењето на доносителите на одлуките. За таа цел е потребно што поголемо вклучување и едукација на граѓаните за користењето на информатичките можности како предуслов за добро владеење и избегнување на конфликтите во општеството.

**Други комитети и активности**

Во рамките на активностите на Собранието на ИПУ одделни седници одржаа повеќе комитети. Така Комитетот на ИПУ за човековите права на парламентарците ја одржа својата 103-та седница на која беа согледани 54 случаи кои се однесуваат на 220 парламентарци од 28 земји кои по разни основи се обратиле за решавање на нивните проблеми од страна на овој Комитет кој е надлежен за согледување на случаите кога на парламентарците по разни основи им се прекршуваат нивните права и имунитети. Тоа особено се однесува на случаи на затворање на парламентарци, предвремно и насилно прекинување на нивниот мандат, ограничување на дејствувањето и слично, за што посебно беа апострофирани случаите во Белорусија, Бурунди, Камбоџа, Колумбија, Индонезија, Руанда, Сирија, Турција, Зимбабве и други.

Свои седници одржаа и Комитетот за прашања на Блискиот Исток, Комитетот за процесот на соработка во Медитеранот, Координативниот комитет на жените парламентарки, Групата за партнерство меѓу половите и Извршниот комитет на ИПУ. Исто така беа одржани и неколку панел средби за согледување на одделни прашања и проблеми од парламентарната активност и политичките процеси во одделни региони во светот.

Седници одржаа и регионалните групи меѓу кои и "Групата 12+" на која ѝ припаѓа и Република Македонија. На седниците беа договарани ставови за одделните прашања

од надлежност на ИПУ, а особено во врска со изборот на раководните личности на Собранието на ИПУ и одделните комитети, како и за претстојните активности на групата и на Собранието на ИПУ.

Во чест на преселувањето во новата зграда-седиште на ИПУ наречена "Куќа на парламентите", беше приредено официјално отв0рање на кое учествуваа, покрај претставници на раквodството на ИПУ и претседателот на Швајцарскиот Национален совет г-дин Ив Кристијан, министерот за надворешни работи на Швајцарија г-ѓа Мишел Калми-Реј и други високи личности. Беше укажано дека со ова се дава значаен придонес во развојот на парламентаризмот и за јакнењето на позицијата на ИПУ.

На единствената изложба приредена во таа чест беа прикажани фотографии на зградите на сите парламенти на земјите членки на ИПУ меѓу кои и беше претставена и фотографијата на зградата на Собранието на Република Македонија.

Беа остварени повеќе неформални средби со парламентарци од разни земји на кои беа разменувани искуства од парламентарното работење, како и сознанија за претстојните активности на ИПУ. За одбележување е што на средбата со парламентарците од Јапонија е добиена благодарност за поддршката што е упатена за изборот на пратеникот г-дин Тосуми Кавара за член на Извршниот комитет на ИПУ. Тој, по изборот, лично се заблагодари и истакна дека Македонија е земја што прва и упатила писмена поддршка на Јапонија за неговиот избор што високо се цени.

**Управниот совет на ИПУ**

На својата 173 седница на Управниот совет на Собранието на ИПУ разгледа повеќе прашања од неговата надлежност и тоа:

1) Претседателот на ИПУ г-дин Паез Вердуго, поднесе извештај за остварените активности меѓу двете седници на Собранието на ИПУ. Тој ги информира парламентарците за остварените средби, контакти и за неговото учество на состаноците на кои ја претставувал ИПУ, за остварените ефекти од истото и за претстојните задачи на ИПУ.
2) Советот донесе одлуки за прием на Бахреин во членство во ИПУ, како и за престанување на членството во ИПУ на Ирак, Либерија и Гвинеја Бисао, заради престанок на фунционирањето на нивните парламенти.
Поради повеќегодишно неплаќање на членарина (над три години) беше суспеднирано членството во ИПУ на: Соединетите Американски Држави, Грузија, Малави, Парагвај и Маршалските острови.
3) Беше разгледана финансиката ситуација на ИПУ и беше усвоен извештајот на благајникот за потрошените средства. Советот го усвои предложениот буџет на ИПУ за наредната 2004 година. Трошоците на ИПУ за 2004 година се утврдени на 9,9 милони швајцарски франци, заради што беше заклучено да се зголеми контрибуцијата на парламентите за 3%.
4) Беше прифатен извештајот за соработката со ООН и за активностите на наредната седница на Собранието на ООН на која се предвидува учество на претставници на ИПУ, односно зедничка средба на претставници на ИПУ и на ООН што ќе се одржи на 27 октомври 2003 година, во Њујорк, САД. Со добивањето на статус на ИПУ како обсервер во ООН се овозможи редовна форма на активност меѓу двете организации, што беше оценето како мошне позитивен процес во развојот на соработката.
5) Советот расправаше и за најавените активности на ИПУ во текот на 2003 и 2004 година според усвоениот календар на активности, за кои беше укажано дека е потребно нивно благовремено подготвување и реализирање.

Во таа смисла се планира одржување на Втора конференција на претседавачите на националните парламенти, за што во јануари 2004 година ќе заседава новоформираниот Подговителен комитет на ИПУ за оваа конференција кој ќе ги одреди деталите за нејзиното одржување.

**Асоцијација на генералните секретари на парламентите**

Во рамките на Собранието на ИПУ седница одржа и Асоцијацијата на генералните секретари на парламентите на која учествуваше генералниот секретар на Собранието г. Александар Новакоски. Тој поднесе дискусија на тема "Механизмите за третирање на прашањата на човековите права во Собранието на Република Македонија", а во рамките на темата за "Механизмите за третман на човековите права" што беше на дневен ред на седницата на Асоцијацијата. Во неа е даден приказ на уставните и законските основи кои се применуваат во разгледувањето на прашањата поврзани со повредата на човековите права во рамките на Собранието на Република Македонија како и за новите решенија во овој домен содржани во Амандманите на Уставот на РМ од 2001 година.

Во тие рамки е даден приказ на надлежностите на Постојаната анкетна комисија на Собранието, на Комитетот за односи меѓу заедниците и на другите тела кои го третираат ова прашање. Освен тоа прикажани се и надлежностите на Омбудсманот и на судските органи во поглед на заштитата на човековите права во Република Македонија.

Покрај оваа тема на седницата на Асоцијацијата е остварена дебата и за следните теми: "Комуникацијата во е-демократијата", "Методите за гласање во парламентите", "Парламентите и трансферот на сувереноста", како и за улогата на генералните секретари во парламентарните реформи. Исто така, расправано е за употребата на јазиците во парламентарните дебати во одделни парламенти, за што е остварена размена на различни искуства, како и за други прашања од надлежност на Асоцијацијата.

Оцена е дека учеството на оваа седница беше мошне успешно и корисно со што се продолжи соработката и активностите кои традиционално се оставруваат во рамките на Асоцијацијата на генералните секретари на парламентите.

**Седница на Собранието на ИПУ и наредни активности**

На последниот ден од својата работа, Собранието на ИПУ, по предлог на постојаните комитети ги усвои предложените четири резолуции кои се однесуваа на: "Улогата на парламентарците во обезбедувањето на мирот и во градењето на меѓународната коалиција за мир", за "Глобалните јавни добра: нов предизвик за парламентарците", резолуција за "Придонесот на новите информациони и комуникациони технологии за добро владеење, подобрување на парламентарната демократија и управувањето со глобализацијата", како и "Парламентарната поддршка за примена на планот за мир и за ставање на крај на палестинско-израелскиот конфликт и постигнување на одржлив мировен процес и правда на Блискиот Исток"

Мошне спротивставена дебата се водеше во врска со палестинско-израелскиот конфликт при што беа упатени барања од повеќе парламентарци до Израел да се откаже од вооружени акти и од протерувањето на палестинскиот претседател Јасер Арафат, како и од изградбата на заштитен ѕид на палестинските територии. Од друга страна во дебатата се побара палестинските власти да се откажат од насилничките акти од кои страдаат цивили и недолжни граѓани, со цел за воспоставување на траен мир и стабилност во овој дел од светот.

Широка дебата и гласање се одржа во врска со предлогот на Британската делегација за забрана за издавање виза за одделни парламентарци (од Замбија и др.) кои биле избрани во недемократски услови или пак биле на листа на лица на кои им е забранет влез во оваа земја или пак во земјите од Шенген зоната.

Заради тоа Извршниот комитет на ИПУ му предложи на Собранието на ИПУ 110 седница да не се одржи во Велика Британија. Наспроти тоа претставниците на Велика Британија го аргументираа својот став и бараа да не и биде одземено одржувањето на наредната седница на ИПУ. При гласањето Велика Британија беше поддржана од најголемиот број земји од Шенген зоната, освен од парламентарците од Франција, како и од земјите кандидати и земји кои се во процесот на стабилизација и асоцијација. Но со надгласување со 132 гласа "против" и 87 гласа "за" и 27 "воздржани" предлогот на

Велика Британија не беше прифатен и се заклучи 110 седница на Собранието на ИПУ да се одржи во друга држава.

Како можна земја што се понуди за одржување на овој настан беше Тајланд чиј претставник истакна дека во Банког, главниот град на оваа земја, постојат услови и можности за одржување на 110 седница на Собранието на ИПУ. За конечната одлука по ова прашање, по согледување на сите услови и можности, ќе треба да се произнесе Извршниот комитет на ИПУ кој е надлежен да ја предложи одлуката за местото на одржување на Собранието на ИПУ.

Во рамките на подготовките за наредната 110-та седница на Собранието на ИПУ, што ќе се одржи во првата половина на 2004 година (најверојатно во Банког, Тајланд), како можни теми се предложени: "Одговорноста на меѓународната заедница и улогата на ИПУ во промовирањето на меѓународното помирување со цел за воспоставување на претставнички институции, стабилизирање на регионите со конфликти и помагање за постконфликтно реконструирање", "Улогата на ИПУ во промовирањето на соодветно опкружување за меѓународна трговија: прашањето за трговија на земјоделски производи и достапноста на основните лекови", и "Улогата на ИПУ во промовирањето на парламентарната демократија како средство за заштита на човековите права и оттаму во соработка со ООН во поттикнувањето на реконсилијацијата меѓу луѓето и за партнерство меѓу нациите".

* * * * *

Оцена е дека учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на седницата на Собранието на ИПУ беше мошне успешно, активно и конструктивно. Овозможена е презентација на ставови за актуелните прашања од доменот на надлежностите на ИПУ и остварено е учество во работата на неговите организациони структури. Со тоа е продолжен континуитетот во соработката и во градењето на ставовите на ИПУ, а особено во поглед на афирмација на Република Македонија на меѓународен план.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија***
***Во Централноевропската иницијатива***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***од Седницата на Парламентарното собрание***
***на Централноевропската иницијатива,***
***одржана од 7 до 9 ноември 2002 година во Скопје,***
***Република Македонија***

***Скопје, ноември 2002 година***

*Парламентарното собрание на Централноевропската Иницијатива ја одржа својата годишна седница на 8 ноември 2002 година во Скопје, во согласност со Членот 5 од Документот за работни постапки на Парламентарната димензија на ЦЕИ. Со седницата претседаваше г-дин Трифун Костовски, претседавач на Парламентарната димензија.*

*Со свои парламентарни делегации на седницата беа застапени земјите членки на Централноевропската иницијатива: Албанија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешката Република, Сојузна Република Југославија, Унгарија, Италија, Македонија, Полска, Романија, Словенија и Украина*[10]*.*

*На состанокот учествуваа и претставници на Владината димезија на ЦЕИ, претставници на амбасадите на земјите членки на ЦЕИ во Македонија, како и претставници на меѓународни организации и институции кои соработуваат со ЦЕИ.*

*На седницата се дискутираше за регионалната интеграција и економскиот развој во земјите на ЦЕИ, како и за перспективите на Парламентарната димензија на ЦЕИ, соработката со владините тела на иницијативата и другите меѓународни парламентарни собранија. Парламентарното собрание го разгледа и одобри Нацртот на Деловникот на Парламентарното собрание на ЦЕИ, што беше предложен од Италијанската парламентарна делегација а кој треба да го замени постојниот Документ за работни постапки на Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива. Беа разгледани и други прашања од надлежностите на овој форум, а беше усвоен и Финален документ*.

* * * * *

Седницата на Парламентарното собрание на Централноевропската иницијатива ја отвори **г. Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија**, кој изрази надеж дека со учеството на пратениците од земјите членки на ЦЕИ на состанокот во Скопје, целосно ќе дојдат до израз есенцијалните карактеристики на организацијата: отворениот дијалог, јакнењето на меѓусебната доверба, взаемното доближување и соработка на бројни конкретни проекти. Тој го изрази своето уверување дека седницата ќе преставува можност за отворена и плодна размена на мислења за двете предложени теми, кои се мошне актуелни и значајни за парламентите на земјите членки на ЦЕИ.

Претседателот на Собранието на Република Македонија ја поздрави италијанската иницијатива за предлагање на нов Деловник на Парламентарното собрание на ЦЕИ и подготовеноста за обезбедување на средства за имплементација на документот. Тој потенцираше дека моментот на пристапување кон промени во организацијата не е случајно одбран и дека овие значајни промени се сврзани со проширувањето и реконструктуирањето на Европската унија.

Оценувајќи дека сиромаштијата е еден од факторите кој може да иницира и разгори разни видови на екстремизам, г-дин. Поповски повика на општо-европска стратегија за искоренување на сиромаштијата, спречување на можната социјална експлозија и обезбедување на одржлив развој. Во врска со ова, тој укажа дека ЦЕИ конкретно и постојано помага во трансформацијата и во вклучувањето во европските стуктури на земјите од Централна и Источна Европа, зголемувајќи ја на тој начин социјалната кохезија и стабилноста на целиот континет.

Господинот Поповски се задржа и на актуелните состојби во Република Македонија, нагласувајќи дека по минатогодишниот кризен период земјата се наоѓа во фаза на забрзана нормализација. Тој нагласи дека неодамна одржаните избори беа одлично спроведени и дека демократската зрелост на македонското општество и

[10] Делегацијата од Австрија беше претставена од секретарот на делегацијата и амбасадорот. Делегацијата на Словачка го овласти Почесниот конзул на Словачка во Република Македонија да учествува на седницата.

потенцијалот на институциите беа тестирани и се покажаа како успешни и ефикасни. Истовремено, со тоа е потврдена и определбата на земјата за вклучување во европските и евроатлантските структури, каде што природно и припаѓа.

**Претседавачот на Парламентарната Димензија на ЦЕИ, г-дин. Трифун Костовски**, во своето уводно обраќање информираше за состаноците на ад-хок Комитетот за борба против организираниот криминал, цивилна заштита и ад-хок Комитетот за производствени активности, земјоделство, мали и средни претпријатија, како и за седницата на Постојаниот комитет, кои беа одржани претходниот ден. Тој исто така даде кратко објаснување за изборот на темите на состанокот.

Господинот Костовски се осврна на одлуката за измена и дополнување на Насоките и Деловникот на ЦЕИ, со која се зајакнува улогата на Парламентарната Димензија, а се очекува да биде усвоена на Самитот на Централноевропската иницијатива. Тој истакна дека одредбите во одлуката се резултат на постојаната работа и посветеност на многу пратеници од Парламентарната димензија на ЦЕИ, како и на дијалогот со Владината димензија.

**Госпоѓа Илинка Митрева, министер за надворешни работи на Република Македонија**, ги информираше пратениците за приоритетите на македонската Влада, ставајќи посебен акцент на реформите за поскорешна интеграција во ЕУ и НАТО.

Таа исто така ги изнесе приоритетите и активностите за време на македонското претседавање со ЦЕИ: зајакнување на улогата на Секретаријатот на ЦЕИ во Трст, интензивирање на комуникацијата со другите регионални организации, идентификување на медиумите и информирањето, културата и земјоделието како приоритетни области за соработка, зголемување на бројот на проектите финансирани од Фондот на ЕБОР и активирање на Фондот за соработка на ЦЕИ.

Госпоѓата Митрева се осврна и на соработката меѓу Владината и Парламентарната димензија на ЦЕИ, како и очекуваната промена во статутарните документи на организацијата.

Нагласувајќи дека Скопје ќе биде домаќин на Петтиот економски форум на ЦЕИ под мотото "Инвестирање во европската соработка", таа информираше дека на Форумот се очекува присуство на околу 1.000 истакнати претставници на администрацијата, големите компании, бизнисмени и инвеститори.

**Господинот Милан Предан, заменик на генералниот директор на Извршниот секретаријат на ЦЕИ,** информираше за последните активности на ЦЕИ од аспект на Секретаријатот. Тој ја елаборираше одлуката за измена на Насоките и Деловникот на ЦЕИ, со која Парламенарната димензија се определува како еден од трите столба на организацијата. Г-дин Предан се задржа на новитетите во Насоките, како што се двата заеднички состаноци на Тројките[11] на Владината и Парламентарната димензија на ЦЕИ, во рамките на Состанокот на Министрите за надворешни работи и на последниот состанок на Комитетот на националните координатори во тековната година.

Во однос на новата состојба со која се соочува ЦЕИ, кога пет од нејзините членки се во првиот круг на проширувањето на ЕУ, тој нагласи дека ЦЕИ ќе мора да ги разгледа своите приоритети и да ги прилагоди своите работни методи. Г-дин. Предан исто така најави намалување на бројот на состаноци на ЦЕИ со цел за поголемо фокусирање на поконкретни активности и проекти.

Тој се осврна и на активностите на работните групи на ЦЕИ, функционирањето на Секретаријатот на CECCI[12], новиот Фонд за соработка, основањето на научна и технолошка мрежа на ЦЕИ, Универзитетот на ЦЕИ и соработката со други меѓународни организации.

**Г-ѓа Лила Григорович, потпретседател на Парламентарното Собрание на Црноморската економска соработка (ПСЦЕС)** во нејзининото излагање се осврна на историјата, целите и задачите на ПСЦЕС.

Истакнувајќи дека има бројни парламентарни иницијативи кои имаат создадено мрежа на односи меѓу сите парламенти од Северна, Централна, Јужна и Источна Европа, се до

[11] Актуелниот, предходниот и наредниот претседавач

[12] Central European Chambers of Commerce Initiative

Кавказот, таа нагласи дека во ПСЦЕС го делат мислењето дека треба да се воспостави координацијата и конструктивен дијалог меѓу сите овие групи.

Госпоѓата Григорович ја изрази благодарноста за учеството на висок функционер на Парламентарната димензија на ЦЕИ на Генералното собрание на ПСЦЕС во Тбилиси и нејзиното задоволство што е првиот претставник на ПСЦЕС што учествува на еден од состаноците на ЦЕИ. Таа посочи дека има бројни можности за поблиска соработка помеѓу двете собранија, особено во работата на Комитетите на ПСЦЕС. Заедничките активности треба да се разгледуваат не само во областа на економијата, туку и на полето на културата и соработката со Европскиот парламент.

**Г-дин Наполеон Поп, шеф на Романската парламентарна делегација во ЦЕИ** информираше за резултатите на Заедничкиот состанок на ад-хоц Комитетите за туризам и за производствени активности, земјоделство и мали и средни претпријатија, одржан во септември 2002 година во Романија.

Тој подвлече дека во дискусиите на состанокот им бил даден приоритет на темите за зајакнување на соработката меѓу Парламентарната и Владината димензија на ЦЕИ на полето на туризмот, предусловите, активностите и резултатите во процесот на развивање на туристичкиот сектор, како и промоцијата на агро-бизнисот и трговијата. Учесниците исто така дискутирале за привлекувањето на потенцијални финансиски извори за развој на туризмот и стимулирањето на развојот на агро-бизнисот во регионот.

Господин Александар Војтович и г-дин Мако Лакрори земаа учество во расправата која следеше.

**Г-дин Александар Војтович, шеф на Белоруската парламентарна делегација** се осврна на предизвиците со кои ЦЕИ ќе мора да соочи во блиска иднина, по проширувањето на Европската Унија.

Тој истакна дека Белорусија го поздравува развојот на европската интеграција како основа за успешно решавање на постоечките социо-политички, економски и еколошки, како и безбедносни проблеми. Оваа земја се залага за основање на правни, економски и политички односи со земјите членки на ЕУ од една страна и зајакнување на соработката со земјите членки на ЦЕИ од друга страна.

Господинот Војтович нагласи дека постојат сериозни пречки за постигнување на ваквиот статус, како Членот 133 од Договорот на Европската унија кој бара од земјите кандидати да се откажат од меѓувладините трговски договори и договори за соработка со Белорусија. Тој го изрази своето убедување дека транзицијата на земјите кандидати кон Заедничкиот царински тарифен систем и кон системот за повластици на ЕУ ќе биде подеднакво корисна и штетна за земјите членки на ЦЕИ кои се ориентирани кон извоз, поради дополнителните царински бариери кои ќе се појават. Шефот на Парламентарната делегација на Белорусија се задржа и на следниве негативни аспекти од проширувањето на ЕУ: строгите стандарди за технички норми кои можат да влијаат врз извозот и стриктните мерки на визниот режим, кои ќе имаат негативен ефект врз прекуграничната соработка и развојот на евро-регионите.

Тој ја поздрави иницијативата на британскиот министер за надворешни работи за добивање специјален статус за земјите соседи на Европската Унија.

**Г-дин Мако Лакрори, член на Албанската делегација,** нагласи дека постои политичка волја и консензус меѓу сите политички сили во Албанија во однос на процесот на интеграција со ЕУ. Тој посочи дека во Албанскиот парламент е основана ад хок комисија во чија надлежност се прашањата за интеграција во ЕУ и Пактот за Стабилност. Пратениците работат на приближувањето на законодавството и очекуваат отпочнување на преговорите за Договор за стабилизација и асоцијација со ЕУ до крајот на годината.

Г-дин Лакрори потенцираше дека Албанија е посветена на борбата против организираниот криминал и тероризмот и на соработката со други држави на ова поле.

**ПРВА СЕСИЈА: Регионалната интеграција и економскиот развој во земјите на ЦЕИ**

Потпретседателот на Владата на Република Македонија, г-ѓа Радмила Шеќеринска и министерот за економија, г-дин Илија Филипоски, дадоа воведни забелешки за темата за расправа.

**Госпоѓа Радмила Шеќеринска, потпретседател на Владата на Република Македонија** истакна дека интеграцијата во Европа и во Евро-атланските структури е јасно дефинирана цел за новата влада и приоритетит на надворешната политика на земјата.

Таа нагласи дека регионалната соработка е еден од клучните услови за земјите кандидати за ЕУ и составен дел на Договорите за стабилизација и асоцијација. Посочувајќи дека еден од механизмите за подигнување на степенот на регионалната соработка е прекуграничната соработка, потпретседателот на Владата оцени дека ЦЕИ има соодветен механизам преку Работната група за прекугранична соработка. Република Македонија веќе го има основано т.н. Регион Преспа и го потпиша договорот за создавање на прviot Евро-регион на Балканот, Ниш-Скопје-Софија. Од активностите што се финансираат преку ИНТЕРПЕГ програмата, г-ѓата Шеќеринска ја посочи успешната програма за прекугранична соработка со Република Грција, која вклучува проекти за инфраструктурата, социо-економскиот развој и заштита на околината. Успешни проекти исто така се реализирани со Бугарија и Албанија преку PHARE-CREDO програмата.

Г-ца Шеќеринска се осврна и на програмата CARDS која има дел за прекугранична соработка. Таа потенцираше дека поддршката на Владата на Република Македонија за сите форми на регионална соработка, со значителен акцент на ЦЕИ, нема да потекнува од формалните обврски преземени со Договорот за стабилизација и асоцијација, туку од оценката дека регионалната соработка е легитимен и силен интерес на регионот.

**Г-дин Илија Филиповски, министер за економија на Република Македонија** оцени дека со исполнувањето на критериумите на ЦЕИ, земјите членки имаат можност за забрзување на своите домашни реформи и за подготовка за прием во ЕУ. Тој изрази уверување дека е потребно ЦЕИ уште повеќе да ги интензивира своите активности во насока на поддршка на помалку развиените земји членки, потребата за забрзување на економскиот развој и намалување на потенцијалните разлики и диспаритети меѓу земјите членки.

Министерот за економија укажа дека Македонија ја нагласува важноста на регионалното интегрирање, прифаќајќи ги принципите на либерализација, недискриминација и транспарентност како принципи на секојдневното економско живеење и заедничките европски вредности и демократијата, владеењето на правото, почитувањето на човековите права и заштита на малцинствата. Тој исто така посочи дека Република Македонија беше иницијатор за создавање на слободни трговски зони во регионот.

Г-дин Филиповски информираше за потпишувањето на Протоколот за прием на Македонија во СТО и потенцираше дека земјата ги исполнува основните предуслови за прием во ЦЕФТА. Тој исто така се осврна на прекуграничната соработка, развојот на мали и средни претпријатија и потребата да се привлечат странски инвестиции во приватниот и јавниот сектор.

**Г-дин Тончи Тадиќ, член на Хрватската делегација**, се осврна одредени прашања во врска со морето и неговата заштитата во регионот на Јадранот. Тој укажа дека земјите на ЦЕИ треба да дејствуваат кон подобрување на заштитните мерки за реализацијата на транспортот на нафта и гас од Каспиското Езеро со Средна и Западна Европа.

Господинот Тадиќ се заложи за основање на ексклузивна економска зона во Јадранското море бидејќи, според Меѓународниот закон за мориња, ова е единствената правна рамка која може да обезбеди целосна контрола на поморскиот сообраќај. Ова е исто така неопходно со цел да се заштити риболовот во Јадранското море.

**ВТОРА СЕСИЈА: Перспективите на Парламентарната димезија на ЦЕИ, соработка со владините тела на ЦЕИ и другите меѓународни парламентарни собранија**

Воведни излагања на оваа тема дадоа претседавачот на Парламентарната делегација на ЦЕИ и шефот на Италијанската парламентарната делегација во ЦЕИ.

**Г-дин Трифун Костовски** во својата дискусија се осврна на соработката со владините тела на ЦЕИ и другите меѓународни парламенарни собранија. Тој

констатираше дека периодот на македонското претседавање со Иницијативата беше одбележан со динамична, контруктивна и плодна соработка меѓу парламентарните и владините нивоа, што беше еден од приоритетите и што доведе до институционална промена во корист на Парламентарната димензија на ЦЕИ.

Претседавачот на Парламентарната димензија информираше за заедничкиот парламентарен предлог за измена на Насоките и Деловникот на ЦЕИ, по што следеше меѓу-институционалниот дијалог, кој резултираше во препорака до Шефовите на Владите да усвојат одлука за измена на Насоките и Деловникот на Самиот во Скопје. Во врска со ова, г-дин Костовски им се заблагодари за парламентарните делегации, Комитетот на националните координатори, Извршниот секретаријат на ЦЕИ и македонскиот парламентарен секретаријат за нивната постојана поддршка и придонес.

Тој исто така ја потенцираше унапредената соработка меѓу парламентарните и владините тела на ЦЕИ на сите нивоа. Г-дин Костовски се осврна и на координацијата на активнистите меѓу ад-хок комитетите на Парламентарното собрание на ЦЕИ и работните групи на владино ниво.

Г-дин Костовски нагласи дека вториот приоритет на парламентарното претседателство е интензивирањето на соработката со другите регионални и подрегионални парламентарни структури и организации: парламентарните собранија на Советот на Европа, Црноморската економската соработка, ЗЕУ, СЕКИ и други. Тој потенцираше дека резултатите од соработката и комуникацијата се многу охрабрувачки и се поттик за идното фокусирање на посебни прашања од заеднички интерес.

**Г-дин Роберто Росо, шеф на Италијанската парламентарна делегација** ги елабориraше предложениот Деловник на Парламентарното собрание на Централноевропската иницијатива, кој треба да го замени постојниот Документ за работни постапки на Парламентарната димензија на ЦЕИ, и идејата за основање на соодветно Парламентарно собрание.

Тој посочи дека Италијанската делегација одлучила да се обрати до Владата со цел да обезбеди финансиска поддршка за имплементација на предлогот. Ова е направено по примерот на основањето на други парламентарни собранија и Секретаријатот на ЦЕИ во Трст, при што некои од земјите основачи на почетокот ги финасирале предложените проекти. Со таа цел, Италијанската парламентарна делегација го упатила до Претседавачот со Парламентарната димензија Нацртот на Деловникот на кој ќе базира работата на Парламентарното собрание на ЦЕИ. Г-дин Росо исто така ги објасни буџетските постапки во Италијанскиот парламент, по што предложи на оваа седница генерално да се одобри предложениот текст, кој би бил формално усвоен на пролетната сесија.

Шефот на Италијанската делегација уочи дека постои голема можност пет држави на ЦЕИ да станат нови членки на ЕУ и го изрази своето верување дека тие ќе имаат најголем интерес да одржуваат блиски контакти со земјите кои сеуште не се членки на ЕУ. Тој потенцираше дека Италијанската делегација го поднела Нацртот на Деловникот ценејќи дека е вистинско време за приклучување кон заедничките напори за влез во Европската унија.

Тој исто така и се заблагодари на Македонската парламентарна делегација за резултатите кои ги постигна за време на претседавањето, нагласувајќи дека една од најмалите земји членки се докажа како една од најголемите движечки сили во организацијата.

Во дискусијата што следеше по уводните излагања се вклучија повеќе пратеници.

**Г-дин Јержи Сухански, член на Полската делегација**, се осврна на трендот на евро-скептицизам кој е во пораст, и нагласи дека е изненаден што г-дин Росо толку многу ја нагласува интеграцијата на земјите на ЦЕИ во ЕУ. Тој најде оправдување за италијанскиот предлог во регионалните интереси на ЦЕИ надвор од регионот на ЕУ.

**Г-дин Ласло Борбели, член на Романската делегација**, го изрази своето верување дека италијанскиот предлог доаѓа во многу важен момент за Иницијативата, кога пет од членките ќе станат членови на ЕУ. Тој предложи подготовка на вистинска и ефикасна институција за соработка и пренесување на јасна порака до Состанокот на Шефови на влади.

**Г. Иво Шкрабало, шеф на Хрватската делегација** даде акцент на промените на двата главни документи на Иницијативата: Насоките и Деловникот на ЦЕИ и Документот за работни постапки на Парламентарната Димензија. Тој подвлече дека на почетокот имал резерви во врска со усвојувањето на Деловникот на Парламентарното собрание пред промените на Насоките, предвидени за предстојниот Самит на ЦЕИ. Но, по направените консултации и дискусиите на седницата, тој смета дека италијанскиот предлог е добра основа за разгледување на проблемите и изнајдување на решенијата до следната пролетна седница.

Тој истакна дека треба да се има во предвид дека ЦЕИ делува на флексибилен начин и дека треба да се избегне преголемата бирократизација. Во однос на ова, тој ги оцени заедничките состаноци на Тројките на ЦЕИ како многу корисни и не премногу бирократски.

Г-дин Шкрабало изрази уверување дека до следната седница ќе се изнајдат најдобрите решенија и и  се заблагодари на италијанската делегација за нејзината подготвеност да го преземе товарот на финасирање за првите три години од фунционирањето на Парламентарното собрание.

**Г-дин Џеладин Шатку, член на Македонската делегација** нагласи дека еден од приоритетите на претседателството беше зајакнување на статусот на Парламентарната димензија во рамките на организацијата и унапредување на координацијата меѓу Парламентарната и Владината димензија на ЦЕИ. Тој забележа дека измените на Насоките и Деловникот на ЦЕИ се во функција на олеснување на имплементација на целите и задачите на ЦЕИ и дека е неопходно да се продолжи со меѓусебна размена на информации. Тој се заложи за институционализирање на редовното учество на состаноците на Владината димезија на ЦЕИ на претставниците на Парламентарната димензија и обратно. Г-дин Шатку исто така го поздрави претстојното усвојување на измените на Насоките на ЦЕИ за утврдување на систем на "три столбаг"во рамките на ЦЕИ.

Истовремено, тој го поддржа интензивирањето и проширувањето на соработката со другите регионални меѓународни организации. Истакнувајќи дека македонската делегација ги поддржува напорите на италијанската делагација за преструктуирање на Парламентарното собрание на ЦЕИ, г-дин Шатку посочи дека транформацијата треба да ја одразува организацијата на други парламентарни собранија како Советот на Европа, ОБСЕ и сл. Тој изрази спремност за организирање на Парламенарната димензија на ЦЕИ во согласност со современите потреби и барања на преставниците на граѓаните.

Г-дин Шатку го нагласи своето уверување дека проектот ќе овозможи поцврста и поширока рамка за реализација на целите содржани во Насоките и Деловникот на ЦЕИ.

**Г-дин Валентин Похорец, член на Словенечката делегација** нагласи дека Словенечката делегација не се сомнева дека предлогот на италијанската делегација има многу добра намера и дека може да придонесе кон резултатите од заедничката работа. Тој нагласи дека е за поздравување и фактот што Италија е спремна на почетокот да ги финасира трошоците на Собранието.

Истовремено, г-дин Похорец посочи дека Делегацијата на Словенија нема изградено став за Нацртот на Деловникот, бидејќи немале доволно време да ги консултираат надлежните тела во Парламентот. Поради тоа, Делегацијата ќе го изрази своето мислење на следниот состанок.

Господинот Похорец исто така нагласи дека кога Словенија и другите земји членки на ЦЕИ ќе добијат членство во ЕУ и НАТО ќе можат уште подобро да соработуваат со ЦЕИ и да придонесат кон целите на организацијата. Тој додаде дека Словенија има силен интерес за мир, добри осноси со соседите и економски развој.

**Г-дин Золтан Сабо, шеф на Унгарската делегација** подвлече дека го цени италијанскиот предлог и изрази уверување дека откако ќе се основаат Собранието и Меѓународниот секретаријат работата ќе биде поуспешна. Но и покрај ова, тој нагласи дека нема овластување да го поддржи предлогот во името на Парламентот на Унгарија и предложи конечната одлуката да се донесе на следниот состанок.

**Г-дин Зигмунд Цибулски, шеф на Полската делегација** оцени дека предлогот на Италијанската делегација за трансформирање на постоечкиот статус на Парламентарната димензија на ЦЕИ во Парламентарно Собрание во стриктна смисла, дава нова перспектива на парламентарната соработка со ЦЕИ. Полската делегација го

дели мислењето дека е вистинско време за барање нов пат за Парламентарната димензија. Но, тие немале доволно време пошироко да се консултираат за проектот и заради тоа тие можат да учествуваат во расправата, но не се во позиција превземат обврски.

Полската делегација исто така има забелешки во врска со основањето на високо институционализирана форма на парламентарна соработка во рамките на структура која не е меѓународна организација. Г-дин Цибулски нагласи дека подигнувањерто на нивото на Парламентарната димензија е есенцијално прашање и дека во предложениот проект има бројни вредни сугестии за подобрување на функционалноста на Парламентарната димензија.

Поради овие причини и особено поради недостатокот на време за консултации и добивање правни и финансиски мислења, Полската делегација не е во можност да се изјасни ниту за, ниту против промената на постоечката форма на соработка.

**Г-дин Наполеон Поп** подвлечече дека Романската парламентарна делегација ја поддржува иницијативата на италијанската парламентарна делегација. Истовремено, тој ја истакна потребата на Парламентарното собрание на ЦЕИ да му се даде помоќна институционализирана структура, со цел успешно да се остварат целите за безбедност, мир и европска интеграција. Г-дин Поп исто така потенцираше дека романските амандмани на текстот ќе се однесуваат на некои технички прашања.

**Г-дин Роберто Росо** се осврна на размислувањата на делегациите кои изразуваат одредени резерви во врска со предложениот Деловник и посочи дека постигнал согласност со овие делегации за одредени амандмани на текстот.

Тој напомена дека за сите отворени прашања ќе се дискутира во престојните месеци и одлуката ќе биде резултат на работата, која е најсоодветно да му се довери на Постојаниот комитет.

Тој предложи поставување одредени критериуми, во однос на промените кои Шефовите на влади ќе ги изгласаат следната недела на Самитот во Скопје. Во престојните месеци критериумите ќе се прилагодат, по што Парламентарните делегации би ја донеле конечната одлука за преструктуирање на Парламентарната димензија.

Врз основа на расправата, Парламентарното собрание ги донесе следните заклучоци:

- Расправата по предложениот Деловник ќе се одвива во процедура со две фази. Сегашната расправа ќе се смета за прво разгледување на документот, по што тој ќе се одобри како Нацрт. Второ разгледување ќе биде на пролетната Седница на Парламентарниот комитет на ЦЕИ, кога Деловникот ќе биде усвоен.
- Беше заклучено дека има генерална согласност за одобрување на предложениот Нацрт на Деловникот како солидна основа за понатамошно преструктуирање на Парламентарното собрание на ЦЕИ;
- По поднесените амандмани на Нацртот на Деловникот нема да се расправа на Седницата. Постојаниот комитет темелно ќе ги разгледа поднесените амандмани и оние кои ќе стигнат подоцна, до одреден рок. Потоа ќе го подготви финалниот Нацрт кој ќе биде поднесен за усвојување на пролетната Седница на Парламентарниот комитет.

* * * * *

Парламентарното собрание на ЦЕИ расправаше по предлогот на Финалниот документ, кој беше презентиран од Македонското парламентарно претседателство на Централноевропската Иницијатива. На предложениот текст беа поднесени 17 амандмани, од кои девет беа повлечени, седум беа усвоени и еден беше прифатен со измени во предложениот текст на амандманот.

Финалниот Документ (беше едногласно усвоен.

При затворањето на сесијата, **г-дин Зигмунд Цибулски**, следниот претседавач на Парламентарната димензија на ЦЕИ ги покани делегациите на претстојните Седници на Парламентарниот комитет и на Парламентарното Собрание, што ќе се одржат во 2003 година во Варшава.

Тој подвлече дека приоритетите на Парламентарата димензија за време на Полското претседателство ќе бидат: понатамошно консолидирање и зајакнување на соработката меѓу парламентите на земјите членки, развој и продлабочување на вкупната соработка со Владината димензија на ЦЕИ во согласност со новите одредби на Насоките и Деловникот на ЦЕИ, воспоставување односи со невладини организации, промовирање на ЦЕИ меѓу НВО,нивно вклучување во многубројните активности на Централноевропската иницијатива и сл.

Полска, исто така, ќе обрне внимание оние области на ЦЕИ кои бараат поголема вклученост на институциите на Европската Унија, како и на прашањата кои се врзани со самоуправата на локални и регионални нивоа, транспортните коридори, соработка со меѓународните парламентарни собранија и научна и техничка соработка.

**Г-дин Трифун Костовски** во неговите финални забелешки ја нагласи генералната поддршка за предложениот Нацрт на Деловникот на Парламентарното Собрание, како придонес за понатамошно унапредување на Парламентарната димензија на ЦЕИ.

Во името на Собранието на Република Македонија, тој им се заблагодари на пратениците и гостите за присуството и нагласи дека претседавањето со Парламентарната димензија на ЦЕИ претставувало предизвик и извонредно искуство.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија Во Централноевропската иницијатива***

## *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на 20-та седница на Парламентарното собрание на Црноморската економска соработка, одржана на 27 и 28 ноември 2002 година во Атина, Грција***

***Скопје, ноември 2002 година***

*На покана од претседателот на Парламентарното собрание на Црноморската економска соработка (ПС на ЦЕС) и претседател на парламентот на Република Грција г-дин Апостолос Какламанис, претседавачот на Парламентараната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД на ЦЕИ), пратеникот г-дин Трифун Костовски присуствуваше на седницата на ПС на ЦЕС. Седницата се одржа на 27 и 28 ноември 2002 година во Атина, Грција. Заедно со г-дин Костовски на седницата присуствуваше и раководителот на Секторот за меѓународна соработка на Собранието д-р Јован Пејковски.*

На седницата на ПС на ЦЕС се расправаше за повеќе прашања од надлежност на ова Собрание, што се прикажани во овој извештај.

Претседателот на ПС на ЦЕС г-дин Какламанис ја отвори седницата со пристапен говор поздравувајќи ги пратениците од земјите членки, асоцираните делегации и партнери, парламентарните обсервери и поканетите претставници. Оцени дека интересот за соработка во доменот на економијата, културата и финансиите се мошне важни за развојот на земјите од регионот за што се реализирани бројни проекти од заеднички интерес на земјите членки. Десетгодишниот јубилеј беше искористен за потсетување за резултатите што се постигнати во рамките на оваа организација. Тој истакна дека земјите членки се наоѓаат на крстопатот на патиштата на енергиите кои се користат во Европа и оттаму е упатеноста и интересот за заемна соработка на поширока основа.

Господинот Какламанис го најави очекувањето дека со претстојното претседателствување со ЕУ, Грција ќе даде голем придонес во развојот и соработката на земјите од регионот.

На седницата беше пренесена пораката од министерот за надворешни работи на Молдавија, во својство на претставник на идниот претседавач со ЦЕС, при што беа најавени приоритетите што се очекува да бидат преземни во периодот на молдавското претседателство со ЦЕС.

По усвојувањето на дневниот ред со пригодни говори пред членовите и присутните на ПС на ЦЕС се обратија шефовите на националните делегации на земјите членки: Грција, Ерменија, Русија, Украина, Романија, Турција, Азербејџан, Грузија, Бугарија, Молдавија и Албанија.

Највиските официјални претставници на владиниот дел на ЦЕС и на институциите кои се во негов состав ги претставија ангажманите што се остваруваат во рамките на нивниот делокруг. На седницата говореа претседавачот со Советот на ЦЕС, претседавачот на Бизнис советот на ЦЕС, генералниот директор на Банката за Црноморска трговија и развој и директорот на Меѓународниот центар за Црноморски студии.

Во својство на претставници на одделни земји и институции обсервери и поканети гости на седницата говореа и претставници од Европскиот парламент, Парламентарното собрание на Советот на Европа, Собранието на Западноевропската Унија, Парламентарното собрание на Русија и Белорусија и претседавачот на ПД на ЦЕИ г-дин Трифун Костовски.

Во излагањето г-дин Костовски ги нагласи значењето и потребата за развивање и унапредување на заемната соработка меѓу двете меѓународни организации. Тој информираше за работата на Парламентарното собрание на Централноевропската иницијатива што ја одржа својата редовна годишна седница на 8 ноември 2002 година во Скопје, на која се обратија претставници на меѓународни организации и институции, меѓу кои и потпретседателот на Парламентарното собрание на Црноморската економска соработка г-ѓа Лилија Григорович. Со тоа е воспоставена форма на редовно заемно информирање меѓу двете парламентарни собранија што придонесува за пошироко меѓународно презентирање на ставовите за кои се залагаат парламентарците и за активностите што ги остваруваат.

Господинот Костовски информираше и за Финалниот документ од седницата на ПС на ЦЕИ со кој се изрази решеноста за континуирано зајакнување на соработката меѓу парламентите, народите и државите во интерес на мирот, благосостојбата и

заедничкиот напредок на земјите членки. Укажа дека е поздравен напредокот што е остварен во последните години во подобрување на перспективите за стабилност, демократија и просперитет во регионот и за нивното поголемо поврзување.

Тој истакна дека Парламентарното собрание на ЦЕИ поддржувајќи ја регионалната соработка и развојот ги повика владите на земјите учеснички да развиваат што поинтензивна соработка и да реализираат проекти кои се во насока на остварување на целите и приоритетите врз регионална основа и за интензивирање на соработката за побрза интеграција на сите земји кон Европската унија. Но и покрај констатираниот напредок тој оцени дека бројни предизвици остануваат нерешени, вклучувајќи ја борбата и спречувањето на тероризмот, организираниот криминал и поттикнувањето на процесот на реформи во разни општествени структури и институции.

Укажа дека беа поддржани напорите на македонското претседателство за интензивирање и проширување на соработка со други регионални меѓународни организации и институции кои изразуват интерес за ширење и афирмирање на улогата и значењето на ЦЕИ во процесот на зближување и интегрирање на земјите на европскиот континент. Во таа смисла позитивно се оценуваат иницијативите за унапредување на соработката со парламентарните собранија меѓу кои и со Црноморската економска соработка, при што е важно истата да базира на трајни основи и заемни интереси.

Беше укажано на спремноста на Парламентарното собрание на ЦЕИ за трансформација и сообразување на парламентарната димензија на ЦЕИ и нејзино оформување во согласност со современите потреби и барања на граѓаните заради подобро изразување на нивните интереси и потреби, а во согласност со демократските традиции на меѓународните парламентарни собранија. Во таа насока добредојдени се искуствата што постојат во Парламентарното Собрание на Црноморската економска соработка за кои треба да бидат согледани можности за размена на мислења и информации.

Тој информираше и за одржаниот Самит на ЦЕИ од 15 ноември на кој беа изменети насоките и постапките за работа на ЦЕИ каде што се воспоставени "три столба" во рамките на организационата структура на ЦЕИ што ќе се состои од владини тела, парламентарни тела и бизнис тела, како значајно институционално трансформирање, во согласност со процедурата и практиката што се типични за меѓународните собранија кои дејствуваат на европската сцена.

На седницата на ПС на ЦЕС се расправаше по повеќе извештаи и предложени материјали по кои беа донесени соодветни резолуции.

Имено беа согледани извешатите за работењето на Црноморската банка за трговија и соработка како финансиски столб на регионот на Црноморската соработка, потоа за информатичкото општество и улогата на информационите технолошки во земјите членки, за невработеноста и начините за нејзиното решавање, културната и друга соработка и друго. Беа усвоени измени на Буџетот и на Деловникот за работа на ПС на ЦЕС.

Може да се оцени дека учеството на г-дин Костовски на седницата на ПС НА ЦЕС во својство на претседавач на ПД на ЦЕИ овозможи да бидат искажани ставовите што се изградени во периодот на македонското претседателство со оваа организација. Со тоа се афирмираа одредени позиции и ставови кои се однесуваат на унапредување на соработката во регионот и особено соработката меѓу овие две организации. Беа остварени и билатерални средби и контакти на кои беа истакнати прашања кои се однесуваат на унапредување на контактите на парламентарна основа меѓу пратениците од парламентите на земјите на ЦЕИ и ЦЕС.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија***
***Во Централноевропската иницијатива***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***од Состанокот на Тројките на Владината, Парламентарната и Бизнис димензиите на Централноевропската иницијатива,***
***одржан на 12 декември 2002 година во Трст, Италија***

***Скопје, декември 2002 година***

*Првиот заеднички состанок на Тројките (актуелниот, предходниот и наредниот претседавач) на трите димензии на Централноевропската иницијатива се одржа на 12 декември 2002 во Трст, Италија, во согласност со одредбите од член 25 и член 26 од Насоките и Деловникот на ЦЕИ.*[13] *На состанокот учествуваа преставници на Тројките на Владината, Парламентарната и Бизнис димензија на ЦЕИ и претставници на Извршниот секретаријат на ЦЕИ и Секретаријатот за проекти на ЦЕИ. Од Собранието на Република Македонија на овој состанок присуствуваше г-дин Трифун Костовски, Претседавач на Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива и шеф на Македонската парламентарна делегација во ЦЕИ, како и г-ца Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.*

*Целта на состанокот беше да се разгледа работата на трите Димензии на ЦЕИ во 2002 година, како и да се утврдат и хармонизираат активностите на трите нивоа за 2003 година.*

Во првиот дел на состанокот се дискутираше за активностите превземени во рамките на Македонското Претседателство со Централноевропската иницијатива, како и соработката помеѓу трите димензии на организацијата.

Во дискусиите главен акцент беше ставен на активностите во врска со измените на Насоките и Деловникот на Централноевропската иницијатива. Едногласна беше оценката дека во периодот на претседавањето на Република Македонија со Иницијативата беа постигнати одлични резултати, како во поглед на рекордниот број организирани состаноци и остварени проекти, така и во врска со афирмацијата на ЦЕИ на поширок меѓународен план и соработката и координацијата со другите регионални организации.

Истовремено, позитивно беше оценета соработката и размената на релевантни информации помеѓу Владината и Парламентарната Димензија на ЦЕИ. Во таа насока, од Парламентарната димензија беше побарана поддршка во имплементирањето на препораките од Финалните документи, усвоени на состаноците на ЦЕИ.

Во врска со подобрувањето на економската соработка во рамките на ЦЕИ, беше разгледан предлогот за формирање на мрежа на деловни партери на ЦЕИ (CEI Senior Bussiness Partners), која би ја сочинувале три до пет бизнис лидери од секоја земја членка, кои имаат деловни интереси во регионот и се подготвени да придонесат кон активностите на организацијата. Ова советодавно тело би функционирало во тесна соработка со Бизнис димензијата на ЦЕИ, која ја сочинуваат Стопанските комори. Негови задачи би биле следниве: олеснување на економските контакти на помеѓу земјите членки, уочување на потешкотиите во трговијата и инвестициите што треба да бидат отстранети, предлагање на економски проекти на ЦЕИ и нивна финансиска поддршка, формирање на специјален фонд за поддршка на бизнис активности и сл. Оваа иницијативата доби поддршка од претставниците на трите Димензии на ЦЕИ, по што беше одлучено прелогот да се даде на доработка на двата секретаријати на ЦЕИ.

Во вториот дел од состанокот беа презентирани приоритетите и планираните активности на Полското Претседателство со Централноевропската иницијатива во 2003 година.

Посебен осврт беше даден на очекуваните резултати во поглед на проширувањето на Европската унија. Полска, како земја претседавач со организацијата ќе се залага за зацврстување на регионалната соработка и политичкиот дијалог меѓу земјите членки, понатамошно развивање на демократските институции, почитувањето на човековите права и владеењето на правото, како и пренесување на искуството на земјите кои не се опфатени со првиот бран на проширувањето на ЕУ. Еден од приоритетите ќе биде и соработката со ЕУ и Европската комисија за што Полското Претседателство очекува подршка од Австрија и особено од Италија, која во втората половина на 2003 година ќе го превземе претседавањето со Унијата.

[13] На Самитот на Централноевропската иницијатива што се одржа на 15 ноември 2002 година во Скопје, беа усвоени измени на Насоките и Деловникот на ЦЕИ, со кои, меѓу другото, се придвидува одржување на заеднички состанок на Тројките на трите Димензии на ЦЕИ, еден ден пред последниот состанок на Комитетот на националните координатори за тековната година.

Покрај редовниот состанок на Министрите за надворешни работи и Самитот на ЦЕИ, во чии рамки ќе се одржи состанок на Шефовите на Влади, конференција на Министрите за економија, Економски форум и Младински форум, во 2003 година предвидено е и одржување на Конференција за меѓурегионална и прекугранична соработка.

Полското председателство ќе настојува да ја прошири соработката во следниве области: борба против организираниот криминал, корупцијата и меѓународниот тероризам, развој на мали и средни претпријатија, инфраструктура и транспортни коридори, туризам а ќе иницира и соработка во полето на просторното планирање, со можност за формирање на работна група за оваа област.

Предвидено е продолжување на контактите и соработката со Пактот за стабилност, Советот на Европа, Европската банка за обнова и развој, Економската комисија за Европа на ОН, ОЕЦД, ФАО, ОБСЕ, како и иницирање на соработка со Советот на Балтичките држави.

Претседателството на Парламентарната димензија ќе се залага за консолидирање на политичката стабилност, демократијата и развојот на пазарната економија во регионот, соработка во полето на културата, науката, туризмот и заштитата на човековата околина, зацврстување на локалната самоуправа и прекуграничната соработка. Во соработка со Владината димензија, ќе се делува во насока на развој на мали и средни претпријатија, реализација на транспортните коридори и борба против корупцијата.

Имајќи ги во предвид заклучоците од Финалниот документ на Парламентарното собрание на ЦЕИ, усвоен на 8 ноември 2002 година во Скопје, Полската парламентарна делегација ќе продолжи со унапредувањето на Парламентарната димензија на ЦЕИ и нејзиното преструктуирање. Како приоритети на Полското парламентарно претседателство утврдени се и промовирањето на ЦЕИ меѓу навладините организации и нивно вклучување во активностите на Иницијативата. Остварената соработка со парламентарните собранија на меѓународните организации ќе продолжи и за време на Полското претседавање со ЦЕИ.

Во 2003 година Полскиот парламент ќе ги организира редовните седници на Постојаната комисија, Парламентарниот комитет и Парламентарното собрание на Централноевропската иницијатива.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија***
***Во Централноевропската иницијатива***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***од седницата на Постојаниот комитет на Парламентарното собрание***
***на Централноевропската иницијатива,***
***одржана на 3 и 4 февруари 2003 година во Варшава, Полска***

***Скопје, февруари 2003 година***

*Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на Централноевропската иницијатива одржа седница на 3 и 4 февруари 2003 во Варшава, Полска. Со седницата претседаваше сенаторот Зигмунт Цибулски, претседавач со Парламентарната димензија на ЦЕИ а на неа присуствуваа преставници на Парламентарните делегации што ја сочинуваат Тројката (тековниот, предходниот и наредниот претседавач со ЦЕИ) и претседателите на Ад-хок комитетите на Парламентарното собрание на ЦЕИ. Од Собранието на Република Македонија, на седницата на Постојаниот комитет присуствуваше пратеникот Сашо Дохчев, во својство на претставник на Тројката и претседател на Ад-хок парламентарниот комитет за транспорт, како и Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата во ЦЕИ.*

Седницата беше свикана со цел да се имплементира мандатот што Постојаниот комитет го доби во согласност со член 33 од Финалниот документ на Парламентарното собрание на ЦЕИ, усвоен на 8 ноември 2002 година во Скопје. Врз основа на овој член, на Постојаниот комитет му се доверени транзиционите подготовки за одвивање расправа и конечно усвојување на нацртот на Деловникот кој беше одобрен на седницата во Скопје.

Постојаниот комитет ги разгледа амандманите на Нацрт-деловникот што беа поднесени од седум национални делегациии. Во рамките на предвидениот рок пристигнаа вкупно 85 амандмани, а најголем број од нив се однесуваа на должината на мандатот на претседателот и другите функционери на идното Парламентарното собрание, како и на начинот на избор на Генералниот секретар на Собранието.

По исцрпната расправа, Постојаниот комитет усогласи нов текст, наречен "Интегриран нацрт на Деловник на Парламентарното собрание на ЦЕИ", во кој се вклучени амандманите одобрени на седницата. Во однос на текстот кој беше одобрен на Седницата на Парламентарното собрание, одржана во ноември во Скопје, во новиот текст се содржани следниве промени: предвидено е мандатот на претседателот и потретседателите да изнесува две години, со право на еден реизбор, а мандатот на Генералниот секретар (кого го назначува Бирото, на предлог од претседателот, а изборот го потврдува Собранието) - три години, со право на еден реизбор. Беше изменето и привременото правило што се однесува на финансирањето на Парламентарното собрание. Наместо во првите три години, како што беше предходно предвидено, Италија ќе ги финансира активностите на Парламентарното собрание во првите пет години од функционирањето. За таа цел Италијанската влада веќе има одобрено 5 милиони евра.

На седницата на Постојаниот комитет беше одобрено и ново привремено правило во Интегрираниот нацрт-деловник, со кое се предвидува дека на пролетната сесија во 2007 година Парламентарното собрание ќе ја разгледа ефикасноста на новата структура на Собранието, на Секретаријатот и на Деловникот и ќе донесе одлука за неговото идно фунционирање. Битен елемент во дебатата ќе бидат трошоците што треба да ги сносат земјите членки, по истекот на петгодишниот период на финансирање од страна на Италија.

Постојаниот комитет усвои и Финален документ со кој се предлага Интергрираниот нацрт-деловник да биде поднесен за расправа и усвојување на претстојната седница на Парламентарниот комитет на Централноевропската иницијатива, што ќе се одржи од 20 до 22 март 2003 година во Варшава, Полска. Доколку на оваа седница се усвои новиот деловник, Италијанската делегација, во договор со Полското претседателство, до јуни 2003 година ќе организира специјална седница на Парламентарното собрание на Централноевропската иницијатива. На оваа седница би биле избрани претседателот и потпретседателите на Парламентарното собрание, како и претседателите, потпретседателите и известителите на комисиите. На специјалната седница би се конституирале и телата на новото Парламентарното собрание, односно Генералното собрание, Бирото, Постојаниот комитет и Комисиите а Бирото на својата прва седница би го назначило Генералниот секретар на Парламентарното собрание.

Телата избрани од новото Собрание до 31 декември 2003 година ќе извршуваат функција на кооординација и организација на Меѓународниот секретаријат на Парламентарното собрание на ЦЕИ. Сите останати активности во врска со функционирањето на Парламентарното собрание ќе останат во надлежност на Тројката и Полското претседателство. Мандатот на новоизбраниот претседател и другите избрани функционери би започнал на 1 јануари 2004 година.

Во Финалниот документ усвоен на седницата, Постојаниот комитет побара од сите национални делегации во најкраток можен рок да го информираат Полското претседателство за учеството на членовите во работата на идните комисии на Парламентарното собрание. Истовремено, во документот се охрабруваат националните делегации во ЦЕИ активно да се вклучат во активностите за промена на структурата на Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива и нејзинито приспособување кон современите потреби на граѓаните.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија***
***Во Централноевропската иницијатива***

***ИЗВЕШТАЈ***

***од седницата на Парламентарниот комитет***
***на Централноевропската иницијатива,***
***одржана од 20 до 22 март 2003 година во Варшава, Полска***

***Скопје, март 2003 година***

*Парламентарниот комитет на Централноевропската иницијатива ја одржа својата редовна седница од 20 до 22 март 2003 година во Варшава, Полска. На седница учествуваа пратениците: Трифун Костовски, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Централноевропската иницијатива и Сашо Дохчев, член на Делегацијата, како и Биљана Огненовска, секретар на Делегацијата.*

*Со свои парламентарни делегации на седницата беа застапени следниве земји членки на Централноевропската иницијатива: Албанија, Австрија, Бугарија, Хрватска, Чешка, Унгарија, Италија, Македонија, Полска, Романија, Словачка, Словенија и Украина.*

*Белорусија, Молдавија и Србија и Црна Гора беа застапени преку претставници од своите амбасади во Полска.*

*Со седницата претседаваше шефот на Полската делегација и претседавач на Парламентарната димензија на ЦЕИ (ПД на ЦЕИ), сенаторот Зигмунт Цибулски, а во еден дел - шефот на Македонската делегација и член на Тројката на ПД на ЦЕИ, пратеникот Трифун Костовски. На седницата се дискутираше за локалната самоуправа и прекуграничната соработка, како и за реформата на Парламентарната димензија на ЦЕИ. Парламентарниот комитет усвои измени на интегрираниот текст на предлогот на Деловникот на Парламентарното Собрание на ЦЕИ. Беа разгледани и други прашања од надлежностите на овој форум, а беше усвоен и Финален документ.*

Седницата ја отвори претседателот на Сенатот на Република Полска, г-дин Лонгин Пастушак, кој со поздравен говор им се обрати на учесниците. Тој се осврна на претстојното проширување на ЕУ и НАТО, истакнувајќи дека овој процес е од особено значење за Централноевропската иницијатива, која треба и понатаму да биде инструмент за олеснување на подготовката за членство на земјите кои не се опфатени со овој бран на проширувањето.

Претседателот на Полскиот сенат ги подржа промените што се дефинирани во интрегрираниот предлог на Деловникот на Парламентарното собрание на ЦЕИ, нагласувајќи го своето уверување дека со реформата уште повеќе ќе се зацврстат врските помеѓу парламентите на земјите членки на Централноевропската иницијатива. Истовремено, тој ја поздрави подготвеноста на Италија да ги финансира активностите на Парламентарното собрание на Централноевропската иницијатива во наредните пет години.

Господинот Јан Трушчински, заменик на министерот за надворешни работи на Република Полска, информираше за планираните активности во рамките на Централноевропската иницијатива за 2003 година, за време на полското претседавање со оваа регионална организација. Тој подвлече дека Полска ќе се залага за поактивна улога на ЦЕИ во процесот на проширување на ЕУ, односно за воспоставување на поблиски контакти со Европската комисија и Секретаријатот на Советот на ЕУ, за што веќе е разговарано на состанокот на Тројката на ЦЕИ со преставници на ЕУ, одржан на 6 и 7 март 2003 година во Брисел. Господинот Трушчински се осврна и на соработката со другите европски организации на овој план, а особено на воспоставената соработка со Советот на балтичките држави. Истовремено, тој истакна дека полското претседателство на ЦЕИ ќе соработува со Ришката иницијатива[14] на претседателот Александар Квашњевски, која се стреми кон зацврстување политичкиот дијалог и соработка во регионот.

Во рамките на претседавањето со Централноевропската иницијатива, Полска ќе се залага и за проширување на прекуграничната и меѓурегионалната соработка, а за таа

[14] Иницирана од претседателот на Република Полска, со цел да се создаде форум за соработка помеѓу земјите од Средна, Источна и Јужна Европа, "од Балтикот до Црното море". Целата на иницијативата е да се избегнат новите поделби во Европа по проширувањето на НАТО и ЕУ. На конференцијата на Ришката иницијатива, што се одржа на 19 и 20 март 2003 година во Варшава, учествуваа делегации од 17 земји.

цел во октоври 2003 година во Варшава е предвидено одржување на меѓународна конфренција на оваа тема, која ќе биде организирана во соработка со Советот на Европа. Други приоритети на претседавањето ќе бидат зацврствување на граѓанското општество, преку организирање на Форум на невладини организации и третиот Младински форум на ЦЕИ, како и продлабочување на економската соработка, со организирање на Економскиот форум на Самитот на ЦЕИ, Состанокот на министрите за економија и Седницата на претседателите на Стопанските комори.

Господинот Милан Предан, заменик на генералниот директор на Извршниот секретаријат на ЦЕИ, поднесе извештај за активностите на Централноевропската иницијатива во периодот од последната седница на Парламентарното собрание. Тој информираше за резултатите од Самитот на ЦЕИ, што се одржа во ноември 2002 година во Скопје. На Самитот беа усвоени измените на Насоките и Деловникот на Централноевропската иницијатива, со што беа дефинирани трите "столба" на ЦЕИ, односно владината, парламентарната и бизнис димензијата.

Во врска со реформата на Парламентарната димензија на ЦЕИ, г-дин Предан подвлече дека Извршниот секретаријат ја поддржува секоја иницијатива што може да придонесе кон зголемување на влијанието и ефикасноста на организацијата и ја поздрави намерата на парламентарците да бидат повеќе вклучени во активностите на ЦЕИ.

Тој информираше за формирањето на постојан секретаријат за Коридорот 5 во рамките на Извршниот секретаријат на ЦЕИ, за состаноците со претставниците со ЕУ и активностите на работните групи на ЦЕИ, при што подвлече дека крајните резултати на овие работни групи треба да бидат проекти кои можат да бидат финансирани не само преку "традиционалните" финансиски извори на ЦЕИ (Фондот на ЦЕИ при ЕБРД, Фондот за соработка), туку и преку финанисиските фондови на ЕУ. Истовремено, тој ги покани пратениците од соодветните Ад хок Комитети на Парламентарното собрание на ЦЕИ да присуствуваат на претстојните состаноци на работните групи за земјоделство, миграции, туризам, малцинства, борба против организираниот криминал и екологија.

Господинот Предан го подвлече значењето на поблиската соработка меѓу владината и парламентарната димензија, особено во борбата против организираниот криминал и тероризмот, односно апроксимацијата на законодавството и ратификувањето на меѓународните конвенции и договори од оваа област.

* * * * *

Уводни излагања по темата "Локалната самоуправа и прекуграничната соработка" поднесоа: г-дин Витолд Гинтовт Џевалтовски, заменик на претседателот на Комисијата за локална самоуправа и регионална политика на Сејмот на Република Полска, г-дин Збигњев Зихович, заменик на претседателот на Комисијата за локална самоуправа и јавна администрација на Сенатот на Република Полска и г-дин Хенрик Голенбиевски, претседател на Војводството Долна Селизија. Двајцата пратеници ги објаснија правните аспекти на прекуграничната соработка, а се осврнаа и на законите кои биле донесени или изменети за подобро регулирање на оваа област, програмите за соработка и финансиските инструменти во рамките на ЕУ (INTERREG, PHARE CBC, TACIS CBC), како и предностите на Еврорегионите. Претседателот на Војдодството Долна Селизија, г-дин Голенбиевски, ги истакна позитивните искуства од прекуграничната соработка во овој регион и улогата на локалната самоуправа во нејзината реализација.

Во дискусијата која следеше земаа учество пратениците: г-дин Аврам Крачун (Романија), г-дин Трифун Костовски (Македонија) и г-дин Григориј Дашутин (Украина). Тие ги истакнаа искуствата на нивните земји во полето на прекуграничната соработка, проектите што се спроведуваат и улогата на локалните власти во овој процес, како и влијанието на проширувањето на ЕУ врз натамошниот развој на прекуграничната соработка.

Во своето излагање, г-дин Трифун Костовски, оцени дека улогата на локалните власти во прекуграничната соработка е од особено значење, што е потврдено и од Еврпоската унија, преку различните финансиски инструменти што им се ставени на располагање на локалните власти. Тој се заложи за зацврстување на прекуграничната

соработка во Југоисточна Европа, бидејќи нејзината успешна имплементација може да придонесе за зголемување на стапката на економски развој во целиот регион.

Господинот Костовски потенцираше дека моделот на Еврорегиони покажал големи резутати, како во рамките на Европската унија и нејзините погранични региони, така и во Централна и Источна Европа. Причина за тоа е фактот дека овие иницијативи главно се започнати и спроведени од страна на локалните власти.

Шефот на Македонската делегација се осврна на Еврорегионот Ниш-Скопје-Софија, формиран по иницијатива на градоначалниците на овие три градови, како долгогодишен проект за развивање на прекуграничната соработка меѓу пограничните региони на Македонија, Бугарија и Србија и Црна Гора. Целта на оваа иницијатива е интензивирање на соработката, како средство за регионален економски развој и интеграција во тријаголникот Ниш-Скопје -Софија и зацврстување на просперитетот, сигурноста и коегзистенцијата меѓу соседните народи и држави.

Господинот Костовски се задржа и на прекуграничната соработка меѓу Македонија, Грција и Албанија во рамките на регионот Преспа-Охрид, во чија програма се вклучени инфраструктурни проекти, ревитализација на општините и граничните премини, социјално-економски развој, развој на туризмот и заштита на човековата околина. Успешни проекти се реализирани и со Бугарија и Албанија преку PHARE - CREDO програмата.

* * * * *

Парламентарниот комитет на Централноевропската иницијатива дискутираше за реформата на Парламентарната димензија на ЦЕИ, односно нејзиното преструктуирање во Парламентарното собрание со претседател, потпретседатели, генерални комитети, меѓународен секретаријат и сопствен буџет. Беа усвоени неколку амандмани на предлогот на Деловникот на Парламентарното собрание на ЦЕИ, кој беше одобрен како нацрт на Седницата на Парламентарното собрание на ЦЕИ, одржана во ноември 2002 година во Скопје и изменет со одреден број на амандмани на Седницата на Постојаниот комитет на ЦЕИ, одржана во февруари 2003 година во Варшава. Заради забелешките изнесени од одредени парламентарни делегации, Парламентарниот комитет одлучи усвојувањето на новиот Деловник да биде одложено за седницата на Парламентарното собрание на ЦЕИ, што ќе се одржи од 2 до 4 октомври 2003 година во Варшава. Истовремено, пратениците се обврзаа дека и понатаму ќе работат на реформата на Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива .

* * * * *

Посебна расправа беше остварена во врска со Завршниот документ, што беше усвоен на крајот на седницата. Во овој документ, Парламентарниот комитет ја изрази заедничката волја на пратениците да ја продолжат соработката во рамките на Централноевропската иницијатива, особено во областите како што се земјоделство, развој на мали и средни претпријатија, туризам, инфраструктура, наука и технологија. Истовремено, беа поздравени одлуките на Копенхагенскиот самит на ЕУ и Прашкиот самит на НАТО, со кои пет, односно четири земји членки на ЦЕИ добија покани за членство. Пратениците изразија длабоко жалење дека меѓународната заедница не успеа да постигне мировно решение за ирачката криза и повикаа на канализирање на напорите за побрзо завршување на војната и воспоставување на мир и стабилност во регионот. Тие, исто така, го осудија неодамнешниот брутален акт на насилство и организиран криминал во Република Србија и изразија силна подршка на демократските сили во земјата.

* * * * *

Во рамките на седницата на Парламентарниот комитет на Централноевропската иницијатива се одржа состанок на Ад хок Комитетот за призводни активности, земјоделство, мали и средни претпријатија и седница на Постојаниот комитет на ЦЕИ.

На состанокот на Ад хок Комитетот, на кој учествуваше г-дин Сашо Дохчев, заменик-член на Комитетот, се обрати г-дин Филип Белот, преставник на Европската банка за обнова и развој (ЕБРД). Тој ги информираше пратениците за активностите на ЕБРД во Република Полска и за соработката на банката со Централноевропската иницијатива.

На седницата на Постојаниот комитет на ЦЕИ учествуваа г-дин Трифун Костовски, член на Тројката и г-дин Сашо Дохчев, претседател на Ад хок Комитетот за транспорт. На оваа седница се дискутираше за предлогот на Деловникот на Парламентарното собрание на ЦЕИ и за активностите на Ад хок Комитетите на ЦЕИ.

* * * * *

Делегацијата на Собранието на Република Македонија активно учествуваше во работата на Парламентарниот комитет на Централноевропската иницијатива. Како член на Тројката, шефот на Делегацијата, г-дин Трифун Костовски, претседаваше со делот од седницата на кој се разгледуваа амандманите поднесени на текстот на предложениот Деловник. Македонската делегација даде конструктивен придонес во градењето на ставовите на овој форум, како во рамките на дебатата за прекуграничната соработка, така и во дискусиите за реформата на Парламентарната димензија на ЦЕИ.

За време на одржувањето на седницата, Делегацијата оствари бројни контакти со претставници на присутните делегации. Притоа, беа разменети искуства за актуелните прашања што се разгледуваат во рамките на Иницијативата, можните правци на идната активност на ЦЕИ и за придонесот што земјите членки можат да го дадат на ова поле.

***Делегација на Собранието на Република Македонија***
***Во Централноевропската иницијатива***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на г-дин. Трифун Костовски,***
***шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Централноевропската иницијатива на Состанокот на министрите за надворешни работи на земјите членки на ЦЕИ,***
***одржан на 13 јуни 2003 година во Вроцлав, Полска***

***Скопје, јуни 2003 година***

*Господинот Трифун Костовски, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Централноевропската иницијатива (ЦЕИ), учествуваше на Состанокот на министрите за надворешни работи на земјите членки на ЦЕИ, што се одржа на 13 јуни 2003 година во Вроцлав, Полска.*

*На состанокот присуствуваа министрите за надворешни работи или нивните претставници од земјите членки: Албанија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешка Република, Унгарија, Италија, Македонија, Молдавија, Полска, Романија, Србија и Црна Гора, Словачка, Словенија и Украина. Истовремено, на овој состанок за прв пат учествуваа преставниците на Тројката на Парламентарната димензија на ЦЕИ, односно шефовите на Парламентарните делегации на Полска, Македонија и Словенија[15].*

На состанокот на министрите за надворешни работи на ЦЕИ, во својство на специјални гости присуствуваа и се обратија: генералниот секретар на Советот на Европа, генералниот секретар на Европската банка за обнова и развој, Специјалниот координатор на Пактот за стабилност во Југоисточна Европа, заменикот на извршниот секретар на Економската комисија на ОН за Европа и претставникот на Европската комисија.

Во своите излагања, министрите за надворешни работи и нивните претставници се осврнаа на меѓународната ситуација, со посебен акцент на политичката и економската ситуација во регионот на Централноевропската иницијатива.

Посебен акцент беше ставен на проширувањето на ЕУ, а особено на позитивните резултати од референдумите одржани во петте земји членки на ЦЕИ кои ќе и се придружат на Унијата во мај 2004 година. Министрите го истакнаа напредокот постигнат од останатите членки на Иницијативата во различните степени на подготовка за влез во ЕУ, а се осврнаа и на влијанието на проширувањето на ЕУ врз земјите од ЦЕИ.

Тие го истакнаа значењето на претстојниот ЕУ/Западен Балкан Самит во Солун и ја поздравија комуникацијата "Западниот Балкан и европската интеграција" на Европската комисија, со што се отвораат перспективи за членство во ЕУ на земјите Процесот за стабилизација и асоцијација.

Во излагањата посебна важност беше дадена на поблиските односи на ЦЕИ со Европската унија и нејзините тела и беа поддржани првите чекори на Комитетот на национални координатори на ЦЕИ и на Извршниот секретаријат на ЦЕИ во таа насока.

Министрите за надворешни работи се задржаа на Комуникацијата на Европската комисија за "Поширокaта Европа - соседството" и улогата и придонесот на ЦЕИ во имплементацијата на концептот "Поширока Европа". Тие се осврнаа и на односите на проширената ЕУ со соседите и ја поздравија намерата за развивање на односите врз основа на заедничките политички и економски вредности и историските врски.

Во своите излагања, министрите, исто така, ја подвлекоа ја важноста на соработката меѓу земјите членки на ЦЕИ и другите меѓународни и регионални организации во борбата против организираниот криминал.

Министрите ги потврдија Регулативите на фондот за соработка на ЦЕИ за 2004 година и го одобрија Годишниот буџет за 2004 година. На состанокот, исто така, беше назначен нов заменик на генералниот директор на Извршниот секретаријат на ЦЕИ. Министрите за надворешни работи одлучија да воведат Орден за заслуги на ЦЕИ, кој треба да се доделува на лица или институции кои се истакнале во промовирање на целите на Централноевропската иницијатива.

На овој состанок, Министрите за надворешни работи на земјите членки на ЦЕИ усвоија Финален документ, кој во превод е даден во прилог на овој извештај.

* * * * *

[15] На предходните Состаноци на министрите за надворешни работи на ЦЕИ учествуваше само претседавачот на Парламентарната димензија на ЦЕИ за тековната година.

Во рамките на Состанокот на министрите за надворешни работи, во согласност со член 25 од Насоките и Деловникот на Централноевропската иницијатива, се одржа првиот Заеднички состанок на Тројката на ЦЕИ на ниво на министри за надворешни работи и Тројката на Парламентарната димензија на ЦЕИ[16].

На заедничкиот состанок се дискутираше за стратешките цели и предизвици на Централноевропската иницијатива, како и придонесот што Парламентарната димензија може да го даде во целокупните активности на организацијата. Беше подвлечена позитивната улога на Парламентарната димензија и поздравен растечкиот интерес за вклучување во проектите на Иницијативата.

Посебен акцент беше ставен на соработката меѓу Владината и Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива и можностите за нејзино унапредување. Напорите за изнаоѓање на пофункционална и посоодветна структура на Парламентарната димензија на ЦЕИ беа високо оценети од преставниците на Владината димензија и беше изразена подршка на овој процес.

Претседавачот на Парламентарната димензија на ЦЕИ, сенаторот Зигмунт Цибулски, информираше за активностите превземени во рамките на Полското претседателство со иницијативата, како и за активностите што се предвидени на парламентарно ниво до крајот на годината. Истовремено, тој се осврна на преструктуирањето на Парламентарната димензија на ЦЕИ и на задачите што престојат на тој план.

Господинот Трифун Костовски, во својство на член на Парламентарната Тројка на ЦЕИ, оцени дека со овој состанок се потврдуваат на напорите и заложбите за јакнење на позиција и улогата на ЦЕИ за прашања кои се особено важни и од интерес за земјите членки. Тој ја поздрави одлуката за измена на Насоките и Деловникот на ЦЕИ, донесена на Самитот на ЦЕИ, одржан минатата година во Скопје. Господинот Костовски оцени дека со новите одредби во Деловникот се продлабочува улогата на Парламентарната димензија и подвлече дека овие измени се резултат на постојаните заложби на бројни пратеници од Парламентарната димензија, како и конструктивниот дијалог со Владината димензија.

Осврнувајќи се реформата на Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива, г-дин Костовски подвлече дека постојаното прилагодување и изнаоѓање на најсоодветни модалитети и форми на организација е во природата на секоја витална меѓународна институција. Преструктуирањето на Парламентарната димензија во Парламентарно собрание соодветствува со модерните потреби и барања и сопственото демократско искуството, како и искуството на останатите европски организации.

Шефот на Македонската парламентарна делегација во ЦЕИ се осврна и на дебатата за прекугранична соработка што се водеше на Седницата на Парламентарниот комитет на ЦЕИ, одржана во март 2003 година во Варшава. Тој истакна дека на овој начин пратениците дадоа свој придонес кон министерската конференција на ЦЕИ за прекугранична соработка, што ќе се одржи во октомври 2003 година во Краков, Полска.

На крајот од состанокот на Тројките на двете димензии на Иницијативата, заеднички беше констатирано дека пратениците од Парламентарната димензија на ЦЕИ, како директни преставници на народот, може да одиграат значајна улога во промовирањето на Централноевропската иницијатива како форум за политички дијалог и продлабочување на соработката меѓу земјите членки.

[16] На Самитот на Централноевропската иницијатива, што се одржа на 15 ноември 2002 година во Скопје, беа усвоени измени на Насоките и Деловникот на ЦЕИ, со кои, меѓу другото, се придвидува одржување на заеднички состанок на Тројката на Владината димензија на ЦЕИ на ниво на министри за надворешни работи и на Тројката на Парламентарната димензија на ЦЕИ.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација во Парламентарното собрание на НАТО***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***за учество на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на 48-то годишно заседание на Парламентарното собрание на НАТО Истанбул, Турција, 15-19 ноември 2002 година***

***Скопје, декември 2002 година***

*Во работата на 48-то годишно заседание на Парламентарното Собрание на НАТО кое се одржа од 15 до 19 ноември 2002 година, во Истанбул, Турција учествуваше делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО во состав пратениците Зоран Шапуриќ, в. д. шеф на Делегацијата (ЛДП) и Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.*

*Во овој извештај се прикажани активностите на Комитетите на Парламентарното собрание на НАТО и учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во нивната работа, дискусиите на пленарното заседание како и усвоените Декларација и Резолуции.*

На 15 ноември 2002 година *се* одржа првиот дел од Пленарното заседание на ПС на НАТО. Свое излагање пред пратениците имаа генералниот секретар на НАТО и претседавач со Северноатлантската Алијансата, Лордот Робертсон од Порт Елеи, претседателот на Република Турција, Н. Е. Ахмет Неџет Шезер како и Рафаел Естрела, претседателот на ПС на НАТО.

Со оглед дека Самитот на НАТО се одржа во Прага на 21 ноември односно непосредно по завршувањето на 48-то годишно заседание на ПС на НАТО, Лордот Робертсон во своето излагање го објасни значењето на претстојниот самит во смисла на неопходна транформација на Алијансата. Тој констатира дека 11 септември 2002 година кога се случија терористичките напади на САД има длабоко влијание врз актуелните дејствувања во сите сегменти на НАТО Алијансата. Имплементацијата на одлуките што ќе бидат донесени на НАТО самитот ќе бидат двигател во работењето на Алијансата и нејзината натамошна трансформација со цел да се одговори на новите предизвици и закани.

Претседателот Рафаел Естрела (Шпанија) рече дека земјата домаќин односно Турција одиграла значајна улога во стабилизирањето на Југоисточна Европа, обезбедување на европска безбедност во нејзиниот регион и особено е голем придонесот за успешноста на сите мисии на НАТО во Балканот. Турција како земја лоцирана на крстосницата меѓу Југоисточна Европа, Кавказот и Медитеранот е основен елемент на сите нови задачи и операции на Алијансата.

Претседателот на Турција, Ахмет Неџет Шезер зборуваше за најзначајните предизвици со кои се соочува Алијансата. Тој укажа дека е потребен нов воен концепт и способности кои ќе одговараат со нејзината доктрина. Во врска со проширувањето на НАТО, Турција отсекогаш ја поддржува политиката на "отворена врата" и смета дека на Прашкиот самит треба да се поканат сите аспиранти за членство во Алијансата. Турците гледаат на проширувањето како на процес кој ќе ја зајакне Алијансата и како таков не треба да заврши додека сите балкански држави не станат полноправни членки.

На 16 ноември 2002 година истовремено заседаваа петте комитети и тоа Комитетот за одбрана и безбедност, Комитетот за економија и безбедност, Комитетот за наука и технологија, Политичкиот комитет и Комитетот за цивилна димензија на одбраната.

Членовите на Комитетот за одбрана и безбедност расправаа за клучните прашања на одбранбената политика на Алијансата. Проширувањето на Алијансата беше најзначајното прашање за земјите аспиранти, но исто така се дискутираше и за војната против тероризмот, домашната одбрана на земјите членки на НАТО и трансатлантските одбранбени односи.

Комитетот го разгледа нацрт извештајот "Војна против тероризмот" поднесен од Јон Шимкус (САД). Во извештајот, тој се задржа на влијанието на настаните од 11 септември од гледна точка на НАТО. Тој истакна дека борбата против тероризмот не може да се води само на воено поле туку пред сé потребна е соработка на економско поле и примена на законите како и размена на разузнавачки информации. Тој повика на модернизација на командната структура на НАТО, подобрување на способностите и идните воени напори со посебен акцент на прашањето за Ирак.

Во врска со нацрт-извештајот за "Воената подготвеност на земјите кандидати за членство во НАТО", поднесен од Дејвид Прајс (Канада), беше речено дека членовите на Поткомитетот ги посетиле сите земји кандидати за членство, вклучително и Република Македонија а не успеале да остварат посета само во Албанија. Тој констатира дека во Извештајот посебно не се разгледани воените способности на Македонија и Албанија, затоа што овие земји сеуште не ги задоволуваат политичките критериуми. Пратеникот Зоран Шапуриќ во своето излагање накратко ги информираше пратениците за актуелната безбедносна состојба во Македонија. Меѓудругото тој посочи дека покрај опасноста да бидеме опфатени со масовна граѓанска војна и со експанзија на етничка војна, тоа не се случи заради ставот на огромниот број на граѓани, независно од етничката припадност, како став против војна, а за продолжување на заедничкиот живот. Секако голема улога има и меѓународната заедница, посебно НАТО и ЕУ, кои оценувајќи дека може да се обнови мултиетничкиот живот и заедничките институции влијаеше за редукција на воените конфликти и кон нивно пренасочување во мировен процес.

Понатаму тој посочи дека сѐ уште постојат фактори кои можат да ја попречат цивилизациската перспектива на земјата но сепак, со здружени напори позитивниот тренд ќе продолжи и ќе се стабилизира моделот од Охридскиот Рамковен Договор онака како што се договорија неговите потписници. Само така ќе се елиминираат негативните фактори кои постојат бидејќи тоа е интерес и на земјите во регионот и на меѓународната заедница во целина.

Во врска со констатацијата дека во Македонија не е постигната политичка стабилност, како и дека од круцијално значење е борбата против корупцијата, тој укажа дека приоритет на новата Влада е токму постигнување стабилност и безбедност во земјата, градење на меѓуетничка доверба и борба против корупцијата и организираниот криминал. Собранието на Република Македонија основа антикорупциска комисија, како независно тело кое ќе треба да помогне во борбата против корупцијата. Телата сами по себе не се гаранција дека ќе се постигне успех. Повеќе надеж влева постигнатата критична маса на јавната свест - граѓаните кои не сакаат повеќе компромиси со овие зла и веќе засилениот и постојан притисок од невладините организации и целиот цивилен сектор.

Во врска со операцијата на НАТО "Неопходна жетва" пратеникот Шапуриќ констатираше дека ако таа претставуваше симболичен почеток на смирување на состојбите по минатогодишната криза во РМ, главен приоритет на новата Влада е собирање на илегалното оружје. Надлежна за тоа ќе биде МВР со асистенција на АРМ и со помош на ОБСЕ со што се очекува да се навлезе во период на натамошна стабилизација на нашата земја. Тој ја нагласи потребата од преземање на регионална операција за собирање на илегалното оружје. Вакви проекти веќе се развиваат во Пактот за стабилност но неопходно е тие да се одвиваат координирано со учество на сите субјекти присутни на теренот.

Со оглед на завршување на мандатот на НАТО мисијата "Килибарна лисица" потребно е продолжување на мисијата на странски воени сили во Македонија и тоа пред се НАТО сили заради целосно стабилизирање на состојбата. Истовремено тој напомна дека тоа не значи дека сме против силите на ЕУ но за нивно присуство потребен е посеофатен договор меѓу НАТО и ЕУ односно надминување на постојните проблеми за формирање на ЕУ силите. Новото меѓународно воено присуство треба да биде со намален број од постојниот и засилена цивилна компонента на мисијата, со цел да дојде до целосна интеграција на територијата на РМ, обезбедување на македонско-југословенската граница во делот со Косово и стабилизирање на безбедносната состојба.

И покрај тоа што во предложениот дел од Извештајот нема посебен дел во кој се коментира воената подготвеност на Македонија, Шапуриќ истакна дека решени сме да го засилиме спроведувањето на реформите во одбраната и рационализација на вооружените сили. Ќе се концентрираме на обука, повеќегодишно планирање, програмирање и буџетирање, професионализација на армијата, развој на модел на резервниот систем и мобилизација, преземање на чување на границата од страна на граничната полицијата и др.

Тој ги увери присутните дека во Македонија приемот во НАТО на Бугарија и Романија ќе биде поздравен и тоа ќе значи поголем поттик за посериозни подготовки. Евентуалниот прием на РМ во НАТО ќе значи поголема безбедност и заедничка борба против тероризмот не само во регионот туку и пошироко. Тоа го потврдува и македонската јавноста а не само политичките субјекти кои се залагаат за побрзо интегрирање на Република Македонија во евроатлантските структури. Решени сме заедно со соседите да градиме побезбедна средина за сите граѓани на нашите земји.

Комитетот го разгледа нацрт-Извештајот за Трансатлантските одбранбени односи по 11 септември, поднесен од пратеникот Вим ван Екелен. Нагласувајќи го значењето на активирањето на членот 5 од Северноатлантскиот Договор, известителот истакна дека во Алијансата треба да се направат коренити реформи со цел да се дејствува во новата безбедносна клима. Зборувајќи за остварените посети на Поткомитетот во Босна, Косово и Македонија и улогата на НАТО во операциите за управување со кризи, ван Екелен истакна дека главна задача на Алијансата треба да остане колективната одбрана.

Забележувајќи го прогресот на Европската безбедносна и одбранбена политика, Екелен истакна дека ЕУ и НАТО се две комплементарни организации што треба да соработуваат иако сеуште постојат сериозни пречки и недостатоци во некои клучни полиња на соработка.

*Комитетот за економија и безбедност* го разгледа нацрт-Извештајот за Економските последици од настаните на 11 септември и економската димензија на анти тероризмот, поднесен од Пол Халминг и актуелниот развој на трансатлантските трговски односи, поднесен од Гома де Силва (Португалија) и Џон Танер (САД).

Со *Комитетот за наука и технологија* претседаваше Пјер Клод Ноел (Канада). Дебатата меѓу членовите на Комитетот се концентрираше на разгледување на нацрт-извештаите на Поткомитетите, во врска со обидите на европските членови на Алијансата и САД да го зајакнат својот глобален приод кон промените на климата и преоценување на некои актуелни закани кон земјите членки на Алијансата.

Главните работи на кои се концентрираа членовите на Политичкиот комитет беа: "Новиот НАТО", неговите односи со партнерските земји, како и идната улога на НАТО гледана од европска и американска перспектива.

Маркус Мекел (Германија), генерален известувач на Извештајот, "Политичкиот и безбедносниот предизвик по нападите од 11 септември и идната улога на НАТО", ги опиша случувањата и нивните последици, нагласувајќи ја меѓународната помош. Тој рече дека со тек на време, тероризмот се менува и денес терористите употребуваат "конзервативни" средства. Клучни елементи во борбата против меѓународниот тероризам се заштита на цивилното население преку размена на разузнавачки информации, соработка на полицискиот и правниот систем, како и неопходните воени операции. Но сепак основно е да се пронајдат причините за појава на тероризмот, примарно фундаментализмот во сите негови форми како и сиромаштијата и неразвиеноста. Исто така, тој ја подвлече важноста на односите со Руската федерација.

При презентацијата на Извештајот "Проширувањето на НАТО и Партнерството", Деборах Греј (Канада) нагласи дека безбедносното опкружување во кое Алијансата и земјите кандидати преговараат за проширувањето, драматично се промени по 11 септември.

Двете најзначајни промени се новиот фокус на борба против тероризмот и обновување на НАТО-Руските односи. Стравот дека НАТО ќе стане нерелевантен се покажа како неоснован. Тој оцени дека земјите членки на НАТО како и земјите кандидати придонеле во борбата против тероризмот како да се "дефакто" членки и смета дека борбата против тероризмот бара големо проширување.

В.Д. шефот на Делегацијата, Зоран Шапуриќ рече дека Република Македонија забрзано настојува да го надополни загубеното време во подготовките за членство во НАТО поради минатогодишниот конфликт. Во таа функција изработен е Динамичен план за трансформација на АРМ, со кој до 2007 година, Армијата треба да постигне интероперабилност според стандардите на НАТО. За реализација на овој план Владата на РМ ќе одвои 150 милиони долари за набавка на потребната опрема. Исто така, тој

информираше за текот на изготвувањето на новата стратегија за одбрана на РМ, која треба да ги има сите атрибути на национална безбедносна стратегија по западните стандарди.

*Тој ги информираше пратениците дека првите македонски старешини заминаа во мировната мисија во Авганистан, во состав на турскиот контингент, со што симболично, меѓутоа и многу значајно покажуваме дека се вклучуваме во глобалната антитерористичката коалиција.*

При усвојувањето на Нацрт-Резолуцијата "Зајакнување на трансатлантското партнерство", членовите на македонската, албанската и хрватската делегација поднесоа заеднички амандман кој едногласно беше прифатен од членовите на Комисијата. Со овој амандман се потврдува определбата на политиката на НАТО за "отворена врата" и по следното проширување на Алијансата и се продолжи со поддршката на напорите што Република Македонија, Албанија и Хрватска ги преземаат за задоволување на стандардите на НАТО во контекст на Акциониот план за членство.

*Со Комитетот* Цивилна димензија на одбраната *претседаваше Алис Махон (Велика Британија). Дебатата како и во другите комитети воглавно се концентрираше на разгледување на Нацрт-извештаите на Поткомитетите, за учество на земјите членки на Алијансата во борбата против тероризмот, прогресот на демократските реформи во Русија, вклучувајќи дискусии за Руската енклава, Калининград.*

*Пратеникот Шапуриќ учествуваше и во работата на состанокот на политичката група на либералите, демократите и реформаторите. Тој ги информираше пратениците за актуелните случувања во Република Македонија и побара меѓународна поддршка за понатамошно остварување на демократските процеси во земјата.*

**Пленарно заседание на Парламентарното собрание на НАТО**

Пленарното заседание се одржа на 19 ноември 2002 година.

Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Парламентарно собрание на НАТО, Рафаел Естрела (Шпанија).

На седницата на пратениците им се обрати новоизбраниот премиерот на Република Турција, г-дин Абдула Ѓул, чиј настап на заседанието на ПС на НАТО беше прво официјално јавно обраќање по неговиот избор за премиер.

Премиерот Ѓул оцени дека водечка улога на НАТО во новата безбедноста средина е многу важна за Турција и потенцира дека треба да се остане на патот за натамошно проширување, развивање на неоходните структури, процедури и способности, интензивирање на односите за соработка на планот на безбедноста со земјите партнери, редефинирање на трансатлантските односи со цел порамномерна распределба на товарот меѓу САД и Европа.

Во врска со формирањето на безбедносните сили на ЕУ, тој потенцираше дека ако тие се базираат на комплементарност и соработка, тогаш воспоставувањето на стратешкото партнерство НАТО - ЕУ би било витално за развој на глобалната безбедност. НАТО и ЕУ мора да се развиваат заедно со другите релевантни институции и колективни капацитети за спречување и управување со кризите.

Понатаму тој спомена дека Турција припаѓа на регион каде што се наоѓаат најголем дел од потенцијалните кризни жаришта и додаде дека НАТО треба стратешки да се фокусира кон Турција. Турција ќе продолжи да работи на стратешкото партнерство со САД и својата кандидатура за членство во ЕУ. Безбедносните придобивки кои произлегуваат од членувањето во Алијансата на НАТО треба да бидат пропратени со економски просперитет и осигурување на демократскиот прогрес преку членувањето во ЕУ, за што се залага и Турција. Таа ќе опстои на патот за полноправно членство во ЕУ и се надева дека на претстојниот Конхагенски Самит ќе се определи точниот датум на отпочнување на преговорите за прием во ЕУ.

На предлог на Постојаниот Комитет, НАТО парламентарците со акламација ги избраа г-дин Даглас Биројтер (САД) за нов претседател на ПС на НАТО.

Г-дин Биројтер во своето прво обраќање пред НАТО парламентарците, истакна дека зајакнувањето на трансатлантските односи ги смета за најважен приоритет. Тој рече дека се повеќе се чувствува затегнатост меѓу трансатланските односи и постојат зголемени разлики за битни прашања меѓу САД и многу од европските сојузници.

Очигледно е дека Алијансата мора да се адаптира за да се соочи со новите меѓународни предизвици. Во Прага се очекува владите на земјите членки на НАТО да донесат одлуки за зајакнување на НАТО Алијансата со нови членки и проширување на трансатланските граници на стабилност и безбедност кон исток и југоисток. НАТО мора да бара начин за поблиска соработка со Медитеранските земји и земјите од Кавкаскиот регион.

Како втор приоритет, тој ја смета борбата против тероризмот и оружјето за масовно уништување. Неодамнешните трагични настани во Бали и Москва потврдуваат дека тероризмот е глобална закана која има влијание врз сите општества. Мултилатералната соработка на сите нивоа е неопходна и тоа: целосна соработка и координација меѓу воените служби; посебна соработка меѓу разузнавачките служби, заедничка соработка на полициските структури, зголемен надзор на националните агенции на нелегалните финансиски и комерцијални трансакции и парламентарно ангажирање и разбирање. Трет и последен приоритет претставува унапредување на односите со Русија на кои ПС на НАТО посветува големо влијание.

НАТО парламентаците усвоија Декларација за Транформацијата на НАТО како и повеќе Резолуции кои во целост се приложени кон овој Извештај.

Во делот на Декларацијата за проширувањето на НАТО, македонската, албанската и хрватската делегација поднесоа амандман со кои се бараше поименично да се споменат земјите кандидати за следниот бран на проширувањето до 2006 година но овој аманадман не беше прифатен од членовите на ПС на НАТО.

**Заклучни согледувања**

Може да се оцени дека учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на 48-то годишно заседание на Парламентарното собрание на НАТО, во својство на асоцирана делегација беше успешно и корисно.

Земјата домаќин настанот го искористи за презентација на надворешната политика на земјата, афирмација на нивните ставови околу идното членство на Турција во ЕУ и новите безбедносни аганжмани на НАТО.

Од настапот на в.д. шефот на македонската делегација, НАТО парламентарците беа информирани за политичката состојба во Македонија по минатогодишниот кризен период како и очекувањата на Владата на Република Македонија од меѓународната заедница за потребната поддршката и помош во натамошната демократизација на земјата.

Како идни најзначајни активности на НАТО Алијансата се сметаат:

* *Настаните во Југоисточна Европа* сè уште привлекуваат внимание но со текот на годините и со развојот на настаните во Македонија, Косово и Босна тој интерес се намалува. Сепак регионов останува нестабилен и потребно е постојано ангажирање на меѓународната заедница за натамошно негово стабилизирање. Алијансата се обидува да ги подобри односите со Југославија и Босна и Херцеговина;

* *Проширувањето на НАТО* е следната активност многу важна за иднина на НАТО и таа се повеќе се концентрира на прилагодување за прифаќање на новите членки на Алијансата, продолжување со неопходните реформи што треба да се спроведат во поканетите земји за членство во Алијансата како и понатамошно асистирање на оние земји кои не се поканети;

* *Соработката со Руската Федерација и Украина* се зајакнува и таа добива сосема нови димензии со формирањето на НАТО-Рускиот Совет. Во тој контекст Парламентарното Собрание на НАТО формираше заеднички Постојан Комитет со Делегацијата на Руската федерација во Собранието. Ваквиот пристап ќе значи поголема соработка со Русија во сузбивање на тероризмот;

* *Трансатлантските односи т.е. односите меѓу Америка и Европа* претставуваат основа во работењето на НАТО и од исклучително значење е зајакнување на трансатлантскиот парламентарен дијалог. За таа цел Парламентарното Собрание на НАТО иницираше нова форма на соработка - Трансатлантски Парламентарен Форум. Работењето на овој форум ќе значи разгледување на трансатлантските разлики за неколку клучни прашања, како што се прашањето за Ирак за кое се смета дека е потребен парламентарен дијалог како никогаш досега.

* *Разликите меѓу американската и европската воена моќ* се продлабочуваат и со цел тие да се намалат треба да се спроведе модернизација на структурите на НАТО односно поголемо инвестирање на европските земји во одбранбените способности заради обезбедување на одржлива иднина на Алијансата. Интересен е податокот за тоа дека американските трошоци за одбрана се двапати поголеми од заедничките одбранбени трошоци на европските сојузници. Во овој контекс развојот на *Политика на европска одбрана и безбедност* е централна тема во структурите на Алијансата и таа треба и понатаму да се развива;
* *Односите со Кафкаскиот регион* заземаат се поголемо значење заради растечката стратешка улога на тој регион.

Освен овие основни сфери на интерес, НАТО ги развива и ги засилува односите со другите меѓународни организации, посебно со *Европскиот Парламент*. Овие две организации наоѓаат интерес за соработка во доменот на безбедноста, одбраната и управувањето со кризи, разменуваат информации и настојуваат во своите активности да обезбедат што поголема транспарентност.

На крајот може да заклучи дека пролетните и годишните заседанија на Парламентарното собрание на НАТО претставуваат извонредна можност за презентирање на ставовите на Република Македонија на меѓународен план, остварување на контакти и размена на мислења со претставници на националните парламенти, како и осознавање на богати искуства и анализирање на сознанијата, стекнати преку овие активности.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република***
***Македонија во ПС на НАТО***

# *ИЗВЕШТАЈ*

## *за учество на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на пролетнато заседание на Парламентарното Собрание на НАТО*
## *Прага, Чешка Република, 24-28 мај 2003 година*

***Скопје, јуни 2003 година***

*Во работата на пролетното заседание на Парламентарното Собрание на НАТО кое се одржа од 24 до 28 мај 2003 година, во Прага, Чешката Република учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО во состав: Агрон Буџаку, шеф на Делегацијата (ДУИ), Есад Рахиќ (СДСМ) член и Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.*

*Во овој извештај се прикажани активностите на Комитетите на Парламентарното собрание на НАТО и учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во нивната работа, дискусиите на пленарното заседание за ирачката криза и др.*

На 25 мај 2002 година истовремено заседаваа трите комитети: Комитетот за одбрана и безбедност, Комитетот за економија и безбедност и Комитетот за наука и технологија.

Членовите на **Комитетот за одбрана и безбедност** расправаа за клучните прашања на одбранбената политика на Алијансата. Проширувањето на Алијансата беше најзначајното прашање за земјите - аспиранти, но исто така се дискутираше и за војната против тероризмот, домашната одбрана на земјите членки на НАТО и трансатлантските одбранбени односи.

Се разгледаа повеќе извештаи како што се: Ирачката криза и нејзиното влијание врз Алијансата, поднесен од известителот Пјер Лелуш, Франција; Прогрес во борбата со тероризмот, Џон Шимкус, САД; Реформи во командната структура на НАТО и силите за одговор, поднесен од Јулио Миранда Кала, Португалија.

Во врска со научените лекции од актуелната криза во Ирак пред членовите на Комисијата со обрати Тим Гарден, Центар за безбедносни студии, Кралски колеџ, Лондон. Тој истакна дека започнатата воена кампања на претседателот Буш против Ирак сé уште не е завршена. Тој додаде дека во текот на војната имало голем број на дипломатски проблеми во кои ги вброи и проблемите со ОН и Блискиот Исток. САД добиле локални воени бази во Кувајт, додека доста разочарувачки го доживеале одбивањето на Турција да обезбеди бази на север. Понатаму ја објасни воената кампања, копнените операции и процената на воздушната сила, ирачката тактика и стратегија, разузнавањето, односите со јавноста, жртвите и оружјето за масовно уништување. Како прашања на кои треба да се одговори остануваат: Дали природата на водењето на војни е променета, дали технологијата може да ги замени трупите, дали логистиката е се уште многу важен елемент во војувањето, дали балансот во инвестирањето во вооружување е исправен, колку се важни сојузниците и кои се борбените импликации, доколку државата треба да се обнови? На овие прашања во иднина треба сериозно да се одговори.

Есад Рахиќ го коментираше Извештајот за Реформите на командната структура на НАТО при што меѓу другото направи осврт на последните случувања во безбедносната сфера во Република Македонија.

Тој констатира дека продолжува безбедносното стабилизирање во Македонија, додека поединечните инциденти предупредуваат дека состојбата се уште е чувствителна. Понатаму тој забележа дека по завршувањето на воените дејства и тешкотиите со кои се соочи Македонија во изминатиот период, направен е значителен прогрес во реформирањето на АРМ и одбранбениот систем во целина. Засилено се спроведуваат зацртаните реформи во одбраната преку имплементација на неколку значајни проекти, како што се: редукција на воениот и цивилниот персонал, ослободување од несуштинските објекти и од неупотребливото и застарено тешко вооружување, донесувањето на националниот концепт за безбедност и одбрана, а е отпочната подготовка на стратешки одбранбен преглед на Македонија.

Со оглед дека почетокот на 2003 година е историски момент во еволуцијата на политиката и визијата на ЕУ и НАТО за Западен Балкан, значаен момент во таа насока претставува предавањето на одговорноста за операциите за зачувување на мирот во Македонија од страна на силите на НАТО на силите на Европската Унија. Преку новата операција "Конкордија" се оствари голема победа кон хармонизација на напорите на НАТО и ЕУ. Речиси истовремено многу земји од Југоисточна Европа направија голем

чекор кон интеграција во европските структури. Истовремено се сподели оценката за успешноста на мисијата "Сојузничка хармонија" во Македонија и се искажа задоволство од конкретното спроведување на Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕСПД) што преку оваа мисија се случува токму во Македонија. Македонија очекува до крајот на годината, односно по завршувањето на шест месечната мисија на силите на ЕУ ќе покаже капацитет самата да се грижи за својата безбедност. Истовремено се искажа спремност за продолжување на имплементацијата на Рамковниот договор. Извонредната соработка со КФОР во размената на информации, како и исклучително позитивните односи и соработка со Република Албанија претставуваат стабилизирачки фактор во регионот.

Понатаму тој информираше за одржувањето на регионалната конференција посветена на подобрување на безбедноста на границите организирана од страна на НАТО и Владата на Република Македонија, што придонесе земјите во регионот да ја зајакнат соработката во борбата против организираниот криминал, шверцот, недозволената трговија со луѓе и тероризам. Потпишувањето на Повелбата за јадранско партнерство, со која се потврдува поддршката на САД во напорите на Македонија, Албанија и Хрватска да се приклучат кон евроатланската заедница, што подразбира и членство во НАТО го реафирмира заедничкото верување во демократијата и во човековите права.

Комитетот го разгледа Нацрт-извештајот "Војна против тероризмот" поднесен од Јон Шимкус (САД). Во извештајот, тој се задржа на влијанието на настаните од 11 септември од гледна точка на НАТО. Тој истакна дека борбата против тероризмот не може да се води само на военото поле туку пред сé потребна е соработка на економско поле и примена на законите како и размена на разузнавачки информации. Тој повика на модернизација на командната структура на НАТО, подобрување на способностите и идните воени напори со посебен акцент на прашањето за Ирак.

Во врска со Нацрт-извештајот за "Воената подготвеност на земјите кандидати за членство во НАТО", поднесен од Дејвид Прајс (Канада), од Поткомитетот за идните одбранбени и безбедносни способности, беше речено дека членовите на Поткомитетот ги посетиле сите земји кандидати за членство, вклучително и Република Македонија, а не успеале да остварат посета само во Албанија. Тој рече дека во Извештајот посебно не се разгледани воените способности на Македонија и Албанија, затоа што овие земји се уште не ги задоволуваат политичките критериуми. Пратеникот Ризван Сулејмани, ги информираше пратениците на НАТО за политичките случувања во Македонија и значењето и придобивките за земјата од евентуалното нејзино полноправно членство во Алијансата на НАТО.

Комитетот го разгледа Нацрт-извештајот за Трансатлантските одбранбени односи по 11 септември, поднесен од пратеникот Вим ван Екелен. Нагласувајќи го значењето на активирањето на членот 5 од Северноатлантскиот Договор, известителот истакна дека во Алијансата треба да се направат длабоки реформи со цел да се дејствува во новата безбедносна клима. Зборувајќи за остварените посети на Поткомитетот во Босна, Косово и Македонија и улогата на НАТО во операциите за управување со кризи, ван Екелен истакна дека колективната одбрана треба да продолжи да биде главна задача на Алијансата.

Забележувајќи го прогресот на Европската безбедносна и одбранбена политика, Екелен истакна дека ЕУ И НАТО се две комплементарни организации што треба да соработуваат иако се уште постојат сериозни пречки и недостатоци во некои клучни полиња на соработка.

Комитетот за економија и безбедност ја започна својата работа со презентацијата на Николај Василев, заменик на премиерот на Бугарија и министер за економија. Тој ја подвлече политичката стабилност што ја ужива Бугарија во последните неколку години и оцени дека Бугарија од 1991 г. дава значајна поддршка на Алијансата и таквата политика е силно поддржана од јавноста. Тој укажа дека транзицијата од планско во пазарно стопанство се одвива добро, иако процесот не е завршен. Во врска со приближувањето на Бугарија кон ЕУ, тој истакна дека државата завршила 17 поглавја и се приклучува кон понапредните земји за членство во Унијата.

Патрик Хардин, директор на Директоратот на НАТО зборуваше за економската димензија на НАТО по Рим и Прага. Директоратот на НАТО е сериозно вклучен во

процесот на проширувањето со оглед на тоа што Акциониот план за членство бара детален преглед на макроекономските проекции на земјите кандидати за членство. По настаните од 11 септември, Директоратот посветува повеќе внимание на прашањата поврзани со економскиот аспект на меѓународната борба против тероризмот, вклучително и финансирањето на терористите, економските консеквенци на терористичките активности, терористичките врски со организираниот криминал и сивата економија. Разбивање на финансирањето на терористите се смета за главен приоритет на меѓународните организации како што се: ОН, Г7 и други кои работат на различни димензии на проблемот.

Комитетот го разгледа Нацрт-извештајот за економските последици од настаните на 11 септември и економската димензија на антитероризмот, поднесен од Пол Халминг и актуелниот развој на трансатлантските трговски односи, поднесен од Гома де Силва (Португалија) и Џон Танер (САД).

Претседателот на Комитетот со своја дискусија се осврна на прашањето во која насока НАТО може за дејствува пред Прашкиот самит. Тој сугерираше на посеопфатен начин да се направи компарација меѓу буџетските трошоци направени со последното проширување на Алијансата и да се согледаат последиците што произлегуваат од тоа. Исто така, економската димензија на тероризмот треба да биде нов приоритет. Значаен сегмент треба да претставува соработката со другите меѓународни организации и тоа: Финансискиот акционен план на ОБСЕ, Интерпол и други кои работат на откривање на финансирањето на терористите. Потребно е НАТО да изработи стратегија за безбедносната димензија на антитерористичката борба, вклучувајќи го и замрзнувањето на средствата што го потхрануваат тероризмот. НАТО треба да биде фактор за заштита на економската инфраструктура на земјите - членки на НАТО, вклучувајќи ги и нафтоводите.

Со Комитетот за наука и технологија претседаваше Пјер Клод Ноел (Канада). Дебатата меѓу членовите на Комитетот се концентрираше на разгледување на Нацрт-извештаите на Поткомитетите, во врска со обидите на европските членови на Алијансата и САД да го зајакнат својот глобален приод кон промените на климата и преоценување на некои актуелни закани кон земјите членки на Алијансата. Пред членовите на Комитетот со свои излагања се обратија: Митко Ковачев, министер за енергетика и енергетските извори на Бугарија и Аксел Ангел, заменик на директорот на Центарот за оружје за масовно уништување, Политички оддел во НАТО.

Министерот Ковачев повторно го повтори големото значење за Бугарија и нејзиниот народ, евентуалното членство во НАТО и ЕУ. Успешниот развој на енергетскиот сектор во Бугарија е витална компонента на бугарските напори да ги достигне целите во пристапните програми на НАТО и ЕУ. Претставувајќи околу 20 % од бугарската економија, енеретскиот сектор не е само значаен за бугарската национална економија туку и за стабилност на целиот балкански регион. Тој рече дека неодамна Бугарскиот парламент усвоил нова стратерија за развој на енергетиката. Согласно со тоа, енергетскиот сектор е воден од приоритетите за креирање на конкурентен енергетски пазар со минимални трошоци со меѓународно прифатени стандарди на заштита на животната средина.

Министерот рече дека Бугарија и понатаму ќе игра значајна улога во трансмисијата на природниот гас од Русија за Турција, Грција, Македонија и Србија и најверојатно ќе транспортира гас и од Централна Азија кога тој ќе биде достапен. Во врска со модернизацијата на нуклеарната централа Козлодуј, тој рече дека Бугарија за ова прашање работи според Програми одобрени од ЕУ и во иднина ќе се сконцентрира на зголемување на енергијата добиена од хидроресурсите.

Аксел Ангел, дискутираше за иницијативите против хемиското и биолошкото оружје во областа на одбраната. Го подвлече одговорот на НАТО за нападите од 11 септември, вклучувајќи ги заштитните мерки како што се размена на разузнавачки информации, распоредување на авионите АВАКС на целата територија на САД и други безбедносни мерки како што се контра терорискичките операции на Балканот. Се очекува пред Прашкиот самит НАТО да донесе пакет мерки за борба против тероризмот, вклучувајќи јасно разграничување на улогата на ЕАПС, ПзМ и Медитеранскиот дијалог. И покрај постоечкиот расцеп, европските сили се уште се многу значајни, посебно за копнените операции. Настаните од 11 септември, потенцираа

дека е потребна поголема соработка меѓу цивилните и воените власти, националните влади и меѓународните организации.

На 26 мај 2002 година заседаваа Политичкиот комитет и Комитетот за цивилна димензија на одбраната.

Главните работи на кои се концентрираа членовите на Политичкиот комитет беа: "Новиот НАТО", неговите односи со партнерските земји, како и идната улога на НАТО гледана од европска и американска перспектива.

Брус Џексон, претседател на Комитетот на САД за НАТО, потенцираше дека НАТО и ЕУ се комплементарни институции. Тој смета дека европската безбедност била под силно влијание на безбедносната состојба во Југоисточна Европа што е мотив повеќе за поактивно вклучување на НАТО и ЕУ во стабилизацијата на регионот. Опишувајќи различни сценарија за процесот на проширувањето на НАТО и ЕУ, тој го нагласи политичкиот ризик од двојното одбивање во НАТО и ЕУ на земјите апликанти за членство. Тој повика на координација меѓу проширувањето во НАТО и ЕУ. Нагласи дека НАТО и земјите кандидати за членство треба да претрпат реформи со цел да се справат со новата безбедносна средина во Евро-атлантскиот регион.

За тоа што ќе се случува во Европа во 2010 година тој рече дека Јужното крило на НАТО ќе добие стратешко значење а новите закани ќе доаѓаат од југоисточната страна на Црното Море, каде што се корените на трговијата со луѓе и криумчарењето на оружје и дрога. На Алијансата ќе и биде потребна нова стратегија за Црното море. Прашање на кое треба да му се посвети поголемо внимание е како да се работи со неутралните земји како што се Украина и Белорусија. Со оглед дека и Медитеранскиот регион бара поголемо внимание, мисиите на НАТО по Прашкиот самит во 2002 година ќе продолжат да се менуваат.

Јаниз Онискиевиц, постар истражувач во Варшавскиот Центар за меѓународни односи, се осврна на драматичките промени на НАТО во однос на оние создадени во 1949 година и тоа: да се држат Германците "доле", Американците "во" и Русите "надвор". Според полската перспектива, Германија која 200 години беше закана за безбедноста, стана главен гарант за мирот во Полска. Русија доколку сака да игра конструктивна улога за Европската безбедност, мора поблиску да соработува со Западот.

За тоа како НАТО може да се справи со растечкиот тероризам, Онискиевиц рече дека е потребно да се промени неговата командна структура и да се креираат мали, брзи и мобилни единици.

Маркус Мекел, генерален известувач на Извештајот, "Безбедносно политички предизвик по нападите од 11 септември и идната улога на НАТО", ги опиша случувањата и нивните последици, нагласувајќи ја меѓународната помош. Тој рече дека со тек на време, тероризмот се менува и денес терористите употребуваат "конзервативни" средства. Клучни елементи во борбата против меѓународниот тероризам се заштита на цивилното население преку размена на разузнавачки информации, соработка на полицискиот и правниот систем, како и неопходните воени операции. Но сепак основно е да се пронајдат причините за појава на тероризмот, примарно фундаментализмот во сите негови форми, како и сиромаштијата и неразвиеноста. Исто така, тој ја подвлече важноста на односите со Руската федерација.

Норвешкиот министер за надворешни работи Јан Петерсен, зборуваше за новите односи со Русија, кој ги нарече "историски" и кои се од круцијално значење за евроатлантската безбедност и успех на Алијансата. Како клучни области за соработка тој ги наброја следните: зголемување на соработката во борбата против тероризмот, управување со кризи и мировни операции, проширување и зајакнување на соработката против оружјето за масовно уништување, контрола на оружјето и градење на мерки на доверба. Во врска со Авганистан, тој ја истакна важноста од континуирана помош за реконструкција на земјата, нагласувајќи дека соработката е клучен дел од стратегијата за Авганистан.

При презентацијата на Извештајот "Проширувањето на НАТО и Партнерството", Берт Коендер (Холандија) нагласи дека безбедносното опкружување во кое Алијансата и земјите кандидати преговараат за проширувањето, драматично се промени по 11 септември.

Двете најзначајни промени се: новиот фокус на борба против тероризмот и возобновување на НАТО-Руските односи. Стравот дека НАТО ќе стане нерелевантен, се покажа како неоснован. Тој оцени дека земјите членки на НАТО како и земјите кандидати придонеле во борбата против тероризмот како да се де факто членки. Тој смета дека борбата против тероризмот бара "коренито" проширување.

Карл Ламер го презентираше нацрт Извештајот "Контрола на оружјето и трансатлантското партнерство по 11 септември". Известителот направи ретроспектива на досегашните воени, дипломатски и финаниски мерки што ги преземаа сојузниците и меѓународната зедница за антитерористичката кампања. Опишувајќи ја воената операција во Авганистан како успешна, Ламерс предвиде дека следната фаза во борбата против тероризмот ќе биде тешка, со оглед дека американските разузнавачки служби проценуваат дека мрежата на Алкаеда е развиена во 68 земји. Тој нагласи дека ризикот терористите да се поврзан со производство на оружје за масовно уништување е голем и бара посебно внимание.

Со Комитетот Цивилна димензија на одбраната претседаваше Артур Пех (Франција). Дебатата како и во другите комитети главно се концентрираше на разгледување на Нацрт-извештаите на Поткомитетите, за учество на земјите членки на Алијансата во борбата против тероризмот, прогресот на демократските реформи во Русија, вклучувајќи дискусии за Руската енклава, Калининград. На Комитетот му се обратија: Ѓорѓи Петканов, министер за внатрешни работи на Република Бугарија и Огнен Минчев, директор на Институтот за регионални и меѓународни студии.

Волкер Кронинг го претстави Нацрт-извештајот "Борба против тероризмот: достигнувања и прашања". Тој ја поздрави Резолуцијата 1373 на ОН, која повикува сите нации да ги имплементираат новите безбедносни мерки и закони за борба против терористичките акции. Во дискусијата пратениците го покренаа прашањето за причините за појава на модерниот тероризам како и вложување на поголеми напори за дефинирање на тероризмот. Ефстратиос Коракас (Европски Парламент) ги предупреди членовите на Комитетот од опасноста на групирање на сите форми на политичко насилство да ги стави под ист чадор. Тој ги критикуваше САД за тесногледоста кога се во прашање терористичките активности. Нели Мејс, (Европски Парламент), ги потсети пратениците дека треба да се внимава кога се употребуваат зборовите "фундаментализам", "тероризам" и "исламизам" кога треба да се примени израз за терористички активности, затоа што овие зборови се различни по своето значење.

Во дискусијата меѓу членовите на Комитетот се истакна дека настаните од 11 септември навистина се трагични но до определен степен можеа да се предвидат. По 1998 година, стана јасно дека зголемувањето на исламската закана може да води кон вакви напади.

### *Пленарно заседание на Парламентарното собрание на НАТО*

Пленарното заседание се одржа на 28 мај 2002 година.Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Парламентарното собрание на НАТО, Рафаел Естрела (Шпанија).

Претседателот Естрела во своето излагање искажа задоволство од одржување на оваа сесија во земја кандидат за членство во НАТО непосредно пред новата рунда на проширување на НАТО.

Парламентарното Собрание на НАТО секогаш имало витална улога во промените што се случуваа минатата декада. Тоа помага во развој на парламентарните демократии, реформирање на одбранбените системи и ефикасна парламентарна конрола на безбедносниот систем. И во иднина мора да се продолжи со овие цели без разлика на последните случувања во Евро-атлантската област. За жал се уште постојат сиви зони надвор од Алијансата на кој се уште мора да се работи.

Претседателот Естрела оцени дека како најзначајни региони кои се основни за стабилноста на Европа се Балканот и Јужниот Кавказ.

Во Балканот процесот на промени се гледа преку јасната определба на Босна и Херцеговина како и Југославија да се приклучат на Партнерството за мир и да продолжат кон длабоки реформи во сферата на одбраната. Сепак појавата на организиран криминал е голема закана за стабилноста особено кога таа е поврзана со политиката. Додека ова е главно регионален проблем, тој сепак има поширока димензија затоа што криминалот е извор на нестабилност и во одредена мерка е блиско поврзан со тероризмот.

Во Јужниот Кафказ нестабилноста започна не само од нерешените територијални спорови туку и од нараснатото присуство на парамилитантни групи, организиран криминал и терористички организации. Тоа пак креира сиромаштија, бегалци и слаби демократски институции што претставува главна причина лидерите од регионот да се зафатат со надминување на отворените прашања од минатото и градење на стабилни демократски институции.

Понатаму Естрела истакна дека е потребно НАТО да се адаптира на новата и опасна безбедносна средина. И покрај тоа што НАТО нема директна закана, настаните од 11 септември покажуваат дека е потребно фундаментално преоценување на пристапот кон безбедноста.

Сепак треба да постои оптимизам за иднината на НАТО иако е очигледно дека НАТО е сериозно предизвикан а тоа има влијание на меѓународната кохезија: трговските расправи, различните погледи на улогата на меѓународните организации и договори.

Исто така се истакна дека операциите во Авганистан и Косово покажале огромни разлики во капацитетите на САД и Европските сојузници. За да се одржи кредибилитетот на НАТО, Европските сојузници мораат да преземат поголема одговорност за Европската безбедност. Тоа бара во рамките на Европската безбедносна и одбранбена политика поголема хармонизација на нивните одбранбени политики, поголеми одбранбени трошоци како и изградба на соодветна рамка за одлучување и спроведување на операциите.

Потребно е да потенцира дека согласно најавите на Лордот Робертсон, димензиите на НАТО значајно ќе се променат со приклучување на Албанија, Бугарија, Естонија, Латвија, Литванија, Македонија, Словачка, Словенија и Романија. Тоа подразбира дека порано или покасно сите овие земји ќе се придружат кон НАТО.

Свое излагање пред пратениците имаа: Георги Парванов, претседател на Република Бугарија, Симеон Саксобурготски, премиер на Република Бугарија и Соломон Паси, министер за надворешни работи на земјата домаќин како и лордот Робертсон, генерален секретар на НАТО и претседавач на Северноатлантскиот совет.

Претседателот Прванов истакна дека успехот на светската коалиција против тероризмот ја поттикнува оправданоста за големо проширување на Алијансата. Новите предизвици на безбедноста по 11 септември повикуваат на поширока Алијанса, спремна да се соочи со нараснатите ризици како што се тероризмот, организираниот криминал и зголемување на оружјето. Понатаму тој рече дека Бугарија ја поддржува одлуката од Рејкјавик и верува дека на самитот во Прага широкото проширување со приклучување на нови квалификувани кандидати ќе се случи без натамошно одложување.

Премиерот на Република Бугарија, Симеон Саксобурготски во прилог на кредибилноста на Бугарија за членство во НАТО потенцираше дека неговата земја учествува со свои трупи во коалицијата против тероризмот, таа придонесува во операциите на СФОР и КФОР и е сериозен кандидат за претседавач на ОБСЕ во 2004 година. Тој рече дека Бугарија одржува одлични односи со соседните земји во Југоисточна Европа и дека учествува на сите регионални состаноци и средби а како последен пример го наведе квадрагоналниот дијалог меѓу Бугарија, Романија, Грција и Турција. Понатаму тој оцени дека безбедноста во регионот се подобрува но мора да се признае дека сеуште постојат потенцијални кризни жаришта

Министерот за надворешни работи, Соломон Паси, истакна дека годината 2002 е одлучувачка за надворешната политика на Бугарија. Тој го спомна коинцидирањето на историската посета на Папата Јован Павле со оваа сесија. Рече дека Бугарија напредува во преговорите со ЕУ во исто време е земја-непостојан член на Советот за безбедност на ОН и очекува позитивна одлука за претседавање со ОБСЕ во 2004 година.

На пленарното заседание, НАТО парламентарците усвоија Декларација за Проширувањето на НАТО што е дадена како прилог на овој извештај.

Во усвоената Декларација, НАТО парламентарците нагласија дека проширувањето на Алијансата има доминантна политичка основа и претставува поширока политика за изградба на Алијансата за обезбедување на траен мир и безбедност. Тие ги поздравија напорите на сите земји кандидати за членство во НАТО и изразија благодарност кон оние земји кои покажаа солидарност во борбата против тероризмот и напорите на Алијансата кои следеа по 11 септември. Во Декларацијата се повикуваат шефовите на државите и владите на следниот самит во Прага да ги поканат земјите аспиранти да започнат преговори за пристап оние земји кандидати за кои се оценува дека ќе ја зајакнат безбедноста и стабилноста во Северноатлантскиот регион.

## Заклучни согледувања

Може да се оцени дека учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на Пролетното заседание на Парламентарното собрание на НАТО, во својство на асоцирана делегација беше успешно и корисно. Земјата домаќин настанот го искористи за презентација на надворешната политика на земјата и афирмација на нивните ставови околу идното членство на Бугарија во ЕУ и НАТО.

Во настапите на членовите на Македонската делегација, пратениците беа информирани за политичката состојба во Македонија по минатогодишниот кризен период како и очекувањата на Владата на Република Македонија од меѓународната заедница за потребната поддршката и помош во натамошната демократизација на земјата.

Седниците на Парламентарното собрание на НАТО, состаноците на комитетите, како и РОС-РОТ семинарите претставуваат извонредна можност за презентирање на ставовите на Република Македонија на меѓународен план, остварување на контакти и размена на мислења со претставници на националните парламенти, како и осознавање на богати искуства и анализирање на сознанијата, стекнати преку овие активности.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република***

***Македонија во ПС на НАТО***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учество на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на 49-то годишното заседание на Парламентарното Собрание на НАТО***
***Орландо, САД, 7-11 ноември 2003 година***

***Скопје, ноември 2003 година***

*Во работата на 49-то годишно заседание на Парламентарното собрание на НАТО кое се одржа од 7 до 11 ноември 2003 година во Орландо, САД учествуваше делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО во состав пратеникот Слободан Чашуле, член на Делегацијата (ВМРО-ДПМНЕ) и Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.*

*Во овој извештај се прикажани активностите на комисиите на Парламентарното собрание на НАТО и учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во нивната работа, како и дискусиите на пленарното заседание. Главен акцент на 49-та годишно заседание на Парламентарното собрание на НАТО беше посветен на состојбите во Ирак, улогата на НАТО во Авганистан и новите безбедносни закани со кои се соочува НАТО, како што се тероризмот и оружјето за масовно уништување и реформите на командната структура на НАТО.*

**Комисијата за цивилна димензија на безбедноста** својата работа ја сконцентрира на разгледување на извештаите кои се однесуваат на заштита на цивилите и организираниот криминал. Во Извештајот за новиот воен концепт на одбраната, презентиран од репортерот Петре Роман, тој потенцира дека седумтте земји кои се подготвуваат за членство во НАТО, во своите национални концепции не посветуваат доволно внимание за заштита на цивилите, како што тоа го прави развиениот свет.

Презентацијата за подобрување на цивилната заштита во САД беше фокусирана на новоформираниот Оддел за домашна безбедност во САД, која соедини 22 федерални единици со 180 000 вработени и начинот на негово функционирање. По настаните од 11 септември се презедоа конкретни мерки околу размена на разузнавачки информации, зајакнување на безбедноста и подобрување на јавното информирање.

Во Извештајот за организираниот криминал - дрогата и трговијата со луѓе, се истакна дека Шенген зоната станала најзначаен пазар на дрога во светот и дека трговијата со луѓе во Европа драстично се зголемила во последните десет години.

За моменталната ситуација во Косово, своја презентација имаше Џејмс О΄Брајан, советник во Администрацијата на Косово. Тој изнесе еден позитивен пристап за решавањето на состојбите во регионот. Внесувањето на Балканот во Европа го нарече историски момент и тој се заложи за целосна поддршка на евроатланските процеси во регионот. Како еден од агрументите во правец на неговата теза, тој го посочи фактот што регионот доминира со млада, енергична и едуцирана популација, каде што 50% од населението е меѓу 16 и 22 годишна возраст. По сите војни што се случија на Балканот, тој рече дека на регионот треба да му се даде шанса и запраша дали меѓународната заедница доволно се ангажирала и како може понатаму позитивно да се дејствува. Во врска со статусот на Косово и покрај тоа што се сака да се замрзне решавањето на ова прашање, преговорите се веќе започнати. Тој побара уште поголема решеност на меѓународната заедница за конечно решавање на состојбите на Балканот во рамките на Европа и тоа преку: зголемување на помошта за Србија и Црна Гора, натамошно задржување на интересот на НАТО на Балканот и внесување на ЕУ како примарен меѓународен посредник во регионот. Тој препорача отворена консултација со граѓаните на Косово, разговор меѓу Белград и Приштина и со соседните земји. Балканот е тест за политичката волја на меѓународната зедница, затоа што политичкото лидерство треба да разбере дека не е важно победата ќе биде голема и брза туку дали е можна и дали ќе трае.

**Слободан Чашуле** заблагодарувајќи се на неговиот осврт, истакна дека решението на проблемот не е статусот на Косово, туку статусот на Западен Балкан.

Тој побара поголема политичка енергија за регионот со цел натамошно негово напредување. Потребно е да дејствува во правец на постигнување на повисоки стандарди за Косово, функционирање на правна држава и почитување на човековите права.

Заштита на националните малцинства во Балтичките земји во рамките на соодветната конвенцијата на Советот на Европа, исто така, беше тема за која се дискутираше во Комисијата. Состојбите по ова прашање се најдобри во Литванија, во Естонија има подобрување а во Латвија треба да се обрне внимание на реформите во образованието и земјата да ги ратификува меѓународните договори по ова прашање.

**Комисијата за одбрана и безбедност** својата работа ја фокусураше на трансатлантските безбедносни односи: ситуацијата во Ирак, глобалната војна со тероризмот, промената на командната структура на НАТО, развојот за НАТО сили за одговор, односите меѓу НАТО и ЕУ, прогрес во развој на силите на земјите кандидати за НАТО и др.

**Комисијата за економија и безбедност**, ги разгледа и усвои следниве извештаи: "Руската економија под лидерство на претседателот Путин", "Опасноста од наркотиците што доаѓаат од Авганистан во Европската заедница" и "Економскиот развој и трансатланските трговски односи".

**Политичката комисија** ги разгледа и усвои следниве извештаи: Прашањето за Ирак - прашања и импликации врз Алијансата, Трансатлантските безбедносни перцепции и европскиот придонес на Алијансата и Партнерството на алијансата Проектирање на стабилност надвор од централните и источните граници на НАТО.

Слободан Чашуле учествуваше во работата на Политичкиот комитет во дискусијата за Нацрт-извештајот за Партнерството на Алијансата Проектирање на стабилноста надвор од централните и источните граници на НАТО. Имено во предложениот извештај од репортерот Марко Минити, во делот на Нацрт-извештајот кој ги опфаќа трите земји, Албанија, Македонија и Хрватска кои припаѓаат на Охридско-Јадранската група, изнесените податоци беа застарени и не целосно презентирани.

Г-дин Чашуле, како претставник на опозицијата, потенцираше дека опозицијата во Македонија дејствува конструктивно и кога се во прашање евроатлантските односи меѓу сите политички партии постои консензус. Во врска со трилатералната соработка меѓу Македонија, Албанија и Хрватска, тој потсети дека на 2 мај 2003 година се потпишаа Повелба за партнерство со САД, со што се одредија координираните активности за имплементација на Повелбата и реализацијата на подготовките за полноправно членство во НАТО, кое истовремено ќе придонесе за траен мир, стабилност, безбедност и напредок на регионот и неговата интеграција во европските и евроатлантските структури. Како парламентарна поддршка на имплементацијата на Повелбата, Собранието на Република Македонија иницираше одржување на трилатерална средба на комисиите за надворешни работи на државите-потписнички на Јадранската повелба која се одржа во јуни 2003 година. Во тие рамки беше усвоена Заедничка изјава на претседателите на комисиите на трите земји со која се поддржуваат и поздравуваат напорите на владите на трите држави за меѓусебна соработка во процесот на интеграција во Алијансата на НАТО и зајакнување на регионалната соработка. Се поттикна интерес за развивање на заеднички пристап за организирано сузбивање на сите форми на трансграничен криминал и други нелегални активности и закани за регионот.

Понатаму тој потенцираше дека Охридскиот рамковен договор е дел од Уставот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија ги донесе сите закони што произлегуваат од овој договор освен пакетот закони од областа на децентрализацијата, кој се очекува да биде усвоен до крајот на оваа година.

Пратеникот информираше дека во Република Македонија постои Закон за Народен правобранител од 1997 година но дека со донесувањето на нов закон во оваа сфера се направени усогласувања со одредбите на амандманите на Уставот на државата.

По усната интервенција, Слободан Чашуле достави и писмено укажување до репорторет Минити, со цел за изнесените забелешки да се вградат во усвоениот Извештај.

**Пленарно заседание на Парламентарното собрание на НАТО**

Пленарното заседание се одржа на 11 ноември 2003 година. Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Парламентарно собрание на НАТО,Даглас Биројтер (САД).

Претседателот **Биројтер** во својата презентација истакна дека тензиите меѓу Европа и САД околу Ирак се минато и Алијансата во иднина треба да игра поголема улога во воспоставувањето на поствоената внатрешна администрација. Тој ги охрабри пратениците од 19-те земји членки и 20-те земји со статус на асоцирани делегации со

своите дискусии да придонесат во подобрување и оживување на трансатлантските односи. И покрај кризниот период за Алијансата, е потребно да се вложат максимални напори за унапредување на односите во Алијансата.

Биројтер смета дека Европската унија треба да биде подготвена да ја преземе лидерската улога во мировните операции во Европа, пред се во Босна и Херцеговија и Косово но НАТО и понатаму треба да остане главна безбедносна организација и воведувањето на европската компонента не треба да создава дуплирање на улогите. НАТО останува организација која може најефикасно да ги одбрани нациите во Европа и Северна Америка против сериозните закани по нивната безбедност. Тој искажа загриженост за одредбите од предложениот устав на ЕУ во кои се предлага поделба на улогите меѓу НАТО и ЕУ во областа на одбраната, што би водело кон преоценување на основните причини за постоењето на НАТО и нејзината примарна мисија.

Фокусирајќи се на претстојните активности на Алијансата, со вклучување на седум нови држави од поранешниот комунистички европски блок, г. Биројтер укажа дека новите земји кои ќе се приклучат на Алијансата во 2004 година ќе ја оживеат и освежат Алијансата. Петтото проширување на Алијансата ќе ги релативизира делбените граници од Јалта и ќе ја прошири зоната на мир и безбедност во Евроатлантскиот регион. Во врска со минатогодишниот самит во Прага, кога земјите членки на НАТО се согласија на зајакнување на оперативните способности, претседателот истакна дека во тој поглед има незначителен напредок, односно владите сеуште не го исполниле она за што се заложиле, обезбедување на повеќе средства за одбранбените буџети.

**Лордот Робертсон** како генерален секретар на НАТО за последен пат се обрати пред НАТО парламентарците. Тој потенцираше дека Алијансата е во добра состојба со оглед на одлично подготвената платформа за справување со предизвиците на 21-от век.

Тој не негираше дека во Алијансата постојат несогласувања меѓу Европа и Америка по прашањето за Ирак и европската безбедносна политика, но се настојува овие прашања да се надминат. Успешниот самит на НАТО во Прага покрена многу значајни прашања како што се проширувањето на НАТО и новите партнери. Следната година се очекува најголемо проширување на Алијансата, кое нема да загрози никого а ќе донесе придобивки за сите. Постабилна Европа ќе донесе подобро соседство, а вратата на НАТО и натаму останува отворена. Партнерството што го создаде НАТО е посебно значајно со оглед што 46 земји од Ванкувер до Владивосток се заедно во една единствена коалиција. Но тоа не е статичен концепт. Партнерството мора во иднина да се проширува особено кон делот на Медитеранските земји со цел за да се најдат нови области на соработка.

Робертсон истакна дека Балканот веќе не е главна преокупација за НАТО, што само по себе претставува голем успех. Алијансата многу научила од претходната криза во Македонија односно како треба да се интервенира пред да се случи цивилна војна. Тој рече дека се чувствува посебно горд што заедно со Солана дејствувале во правец на спречување на можната војна во Македонија.

Понатаму тој се задржа на настаните од 11 септември кои целосно го трансформираа безбедносното опкружување. Овој настан докажа дека е потребно постојано вложување во способностите и воените капацитети иако тоа некои влади го игнорираат.

Успех претставува и тоа што НАТО ги презеде Меѓународните сили за безбедносна помош во Авганистан и ги поддржа Полска и Шпанија во воспоставувањето на мултинационални стабилизациони сили во Ирак.

Во врска со следните предизвици на НАТО, тој истакна дека Авганистан мора да заврши успешно. Тоа е во интерес на кредибилитетот на Алијансата, да се исполнат ветувањата до крај. Авганистан ќе биде успешен само ако се исполни вториот предизвик а тоа е значително зголемување на европските армиски сили. И понатаму треба да се охрабруваат европските земји членки на НАТО да испраќаат војници во мултинационалните мировни мисии.

Третиот предизвик е да се убедат владите, стратешкото партнерство меѓу НАТО И ЕУ да стане успешно.

НАТО парламентаците ги усвоија следниве резулуции: за трговија на човечки суштества, за операциите на Алијансата во Ирак, за економскиот развој и безбедноста, за повторна изградба на трансатлантската доверба по војната во Ирак и непролиферацијата во 21-от век.

## Заклучни согледувања

Може да се оцени дека учеството на делегацијата на Собранието на Република Македонија на 49-то Годишно заседание на Парламентарното собрание на НАТО, во својство на асоцирана делегација беше успешно и корисно.

Како идни најзначајни активности на НАТО Алијансата на кои ПС на НАТО ќе посвети поголемо внимание во 2004 година се сметаат:

**Трансатлантските односи** кои и натаму ќе бидат централен елемент на сите активности на Собранието. Како законодавци на Алијансата, Собранието останува двигател на трансатлантскиот дијалог и зацврстувач на трансатлантските односи;

**Тероризмот** и прашањата поврзани со него како што се пролиферацијата на оружјето за масовно уништување ќе продолжи да биде една од главните теми во извештаите на комисиите и при разгледувањето на односите со Кавказот;

Конфликтот во **Ирак** предизвика сериозни нарушувања меѓу сојузниците. Потребно е да се вложат напори за помирување и пронаоѓање на заедничка прифатлива формула во процесот на реконструкција. Можната нова улога на НАТО во Ирак ќе биде централна точка во периодот што следува;

**Трансформацијата на НАТО,** преку имплементација на определбите од Прашкиот самит останува клучно прашање во текот на 2004 година. Посебно ќе се разгледуваат преземените обврски за зголемување на способностите и развој на Силите за одговор на НАТО;

**Операции за поддршка на мирот** меѓу кои активностите во Босна и Херцеговина и Косово се посебно обработувани во извештаите на ПС на НАТО и комисиите направиле повеќе посети во овие земји. Одлуката на НАТО да ја прифати одговорноста за ИСАФ во Авганистан и поддршката што и се дава на Полска во Ирак се главни активности кои Собранието ќе ги разгледува во иднина;

**Соработка меѓу НАТО и Европската Унија -** направен е значаен прогрес меѓу НАТО и ЕУ во развојот на ЕСДП, како што е Договорот Берлин плус, преземање на мисијата "Конкордија" во Македонија од страна на ЕУ;

**Проширувањето на НАТО -** вклучувањето на седум нови членови во Алијансата ќе се формализира на следниот Самит на НАТО што ќе се одржи во Истанбул. По завршувањето на оваа рунда проширување, вниманието ќе се фокусира на трите нови кандидати кои не добија покани на Прашкиот самит - Македонија, Албанија и Хрватска. Собранието ќе бара начини за поддршка на трите земји во нивната подготовка за членство во Алијансата;

**Балканот -** и покрај тоа што постои прогрес во различни земји на поранешна Југославија, сепак постојат различни проблеми и тензии и треба уште многу да се направи. Во регионот земјите се наоѓаат во различен степен на развој и тие се соочуваат со различни предизвици. Македонија, Албанија и Хрватска се подготвуваат за следниот чекор на проширување, Босна и Херцеговија и Србија и Црна Гора се на различно ниво на транзиција но се борат за иста цел за евентуално членство во Алијансата со учество во Партнерството за мир;

**Медитерански дијалог -** во новото безбедносно опкружување, значењето на Медитеранскиот дијалог се зголеми. Се очекува поактивно дејствување на Групата за Медитеранот во следната година;

**Соработка и партнерство -** проширувањето на НАТО значи дека Алијансата блиску соработува со регионите кои се соочуваат со нестабилност но се од посебно стратешко значење, како што се Кавказот, Молдавија и Централна Азија;

**Односите со Русија -** Соработката со Рускиот парламент се развива неколку нивоа: руските пратеници се вклучени во сите активности на Собранието, се одржуваат редовни состаноци на ниво на комисии на ПС на НАТО и Собранието на Руската Федерација.

Освен овие активности, ПС на НАТО ги развива односите со Украина и Белорусија. ПС на НАТО има блиски односи со НАТО, кои се манифестираат со заеднички состаноци на НАТО, Собранието и Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили (DCAF) за управување со кризи и разрешување на конфликти.

Како една од претстојните активности на ПС на НАТО е одржувањето на РОС-РОТ семинар на 24-26 јуни 2004 година во Охрид во организација на ПС на НАТО и Собранието на Република Македонија, што претставува извонредна можност за промоција на политичките ставови на државата во евроатланската интеграција на земјата.

На крајот може да заклучи дека пролетните и годишните заседанија на Парламентарното собрание на НАТО претставуваат извонредна можност за презентирање на ставовите на Република Македонија на меѓународен план, остварување на контакти и размена на мислења со претставници на националните парламенти, како и стекнување на богати искуства и анализирање на сознанијата, добиени преку овие активности.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Биро на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Франкофонијата***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***од учеството на 15-то Собрание за Регионот Европа на Парламентарното собрание на Франкофонијата, оддржано од 17 до 20 ноември 2002 година во Брисел, Белгија***

***Скопје, декември 2002 година***

*Од 17 до 20 ноември 2002 година во Брисел, Белгија, се одржа 15-то Собрание за Регионот Европа, на кое учествуваа делегации од следниве земји и региони на Парламентарното собрание на Франкофонијата - регион Европа: Албанија, Андора, Бугарија, Француската заедница на Белгија, Франција, Унгарија, Џерси, Жира (кантон Берн), Луксембург, Македонија, Молдавија, Франкофонската група од Европскиот парламент, Полска, Романија, Швајцарија, Кантон Вале́(Валаис), Кантон Во (Вауд), Вале́ д΄Аоста (кантон во Лозана), Нигер, регион Европа, регион Америка. Како набљудувачи учествуваа делегациите од Бенелукс, Грузија, Литванија и Чешката Република.*

*Како претставник на Собранието на Република Македонија на седницата учествуваше пратеникот г-дин Илијаз Халими, претседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, придружуван од г-ѓа Ана Качакова, извршен секретар на Секцијата*.

Свеченото отворање на ова Собрание, како и целиот настан, се одржа во зградата на парламентот на Француската заедница на Белгија.

*Поздравен говор имаше г-ѓа Франсоаз Скепман, претседател на Парламентот на француската заедница на Валонија-Брисел*. Во својот говор истакна дека ѝ претставува посебно задоволство да ја отвори оваа седница и од името на Француската заедница на Валонија-Брисел да им посака на учесниците успешна работа. Ја истакна улогата што овој парламент ја има во Парламентарното собрание на Франкофонијата, како промотор на францускиот јазик и негување на франкофонската култура и идентитет. Особено го потенцираше задоволството што се́ повеќе земји од Источна Европа стануваат набљудувачи во Парламентарното собрание на Франкофонијата, со тенденција за полноправно членство, што значи дека франкофонијата полека но сигурно го наоѓа своето место во општествениот и политичкиот живот на овие земји.

На учесниците им се обратија *и г-дин Филип Шарлиер, претседател на Секцијата на Француската заедница на Белгија и потпретседател на Парламентот на француската заедница на Валонија-Брисел, г-дин Херв Хаскен, министер на француската заедница на Валонија-Брисел надлежен за меѓународни односи, г-дин Махаман Усман, прв потпретседател на Парламентарното собрание на Франкофонијата, претседател на Секцијата на Нигер и претседател на Парламентот на Нигер и г-дин Фреди Дегилаж, Шеф на Мисијата Европа на Парламентарното собрание на Франкофонијата и потпретседател на парламентот на Француската заедница на Валонија-Брисел.*

*Г-дин Дегилаж* даде Извештај за годишната работа на Собранието на регионот Европа во Парламентарното собрание на Франкофонијата при што ги наброја реализираните активности во рамките на учество на семинари и симпозиуми, набљудување на избори и реализацијата на Акционата програма за соработка на регионот Европа за 2001/2002 година. Тој го поздрави учество на присутните делегации на оваа седница и искажа надежи и уверувања дека преку нивното активно учество во форумите на Франкофонијата и посебно во комисиите на Парламентарното собрание на Франкофонијата оваа организација се повеќе ќе добива во своето значење.

* * * * *

**1.** Пред свеченото отворање на седницата, се одржа Конференција на претседателите на секциите и состанок на секретарите на секциите.

На Конференцијата беше разгледана Програмата за акција и соработка на Регионот Европа и беа донесени насоки и перспективи за нејзината реализација во

текот на 2002/2003 година. Во функција на подготовка на следната 29-та редовна годишна сесија на Парламентарното собрание на Франкофонијата која треба да се одржи во Ниамеј, Нигер во првата половина од јули 2003 година, беше напоменато дека треба да се изврши распределба на нови упразнети места во Парламентарното собрание на Франкофонијата и замена со нови кандидати. Воедно, се определија известители на двете комисии за оваа седница на Собранието на регионот Европа, кои ќе ги модерираат расправите.

На состанокот на секретарите на секциите се извршија подготовки од стручен и административен карактер, за да може седницата да се реализира според предвидениот дневен ред на двете комисии.

**2.** Работата на Седницата беше поделена во одделни активности на две комисии: **Првата комисија** расправаше по **темата "Проширувањето на ЕУ и нејзините односи со Франкофонијата: иднината на францускиот јазик во европските институции"**, а **Втората комисија** расправаше на **темата: "Промоција на Европскиот филм"**.

**3.** Воведен извештај по темата во **Првата комисија** поднесе *г-дин Жозе-Луи Роша, постојан претставник на Меѓународната организација на Франкофонијата при ЕУ во Брисел*. Тој истакна дека на проширувањето на ЕУ не треба да се гледа како на процес на проширување со нови земји само како квантитет, туку првенствено од аспект на активностите кои земјите ги преземаат на планот на развивање на внатрешниот политички систем согласно со европските стандарди и квалитетното функционирање на правната држава.

По оваа тема, свое *излагање имаше и претседателот на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата г-дин Илијаз Халими.* Во своето излагање г-дин Халими ја потенцираше огромната важност на одлуката на Европската комисија со која се препорача десет нови земји да станат членки на Унијата во 2004 односно 2007 година и од името на Македонската делегација го поздрави започнувањето на разговорите за идно членство на земјите од Источна Европа кои воедно се и франкофонски европски земји. Се осврна на позицијата на нашата земја во овој процес на евроинтеграции и ја истакна улогата што во тој процес треба да ја преземе Европската унија во насока на што побрзо интегрирање во Европа. Во однос на иднината на францускиот јазик во европските институции, г-дин Халими укажа дека токму преку Програмата за акција и соработка иницирана од регионот Европа на Парламентарното Собрание на Франкофонијата, како и другите форми на едукација во земјите од Источна Европа спонзорирани од Француската Влада, францускиот јазик и култура стануваат се повеќе достапни на сите граѓани.

Првата Комисија донесе предлог на резолуција, која беше едногласно усвоена на пленарната сесија на регионот Европа.

**4.** Експозеа по темата **"Промоција на Европскиот филм"** на **Втората комисија** имаа *г-дин Анри Роан, член на Советот на Националниот фонд за аудио-визуелна продукција на Луксембург и г-дин Ришар Милер, Министер за уметност, литература и аудио-визуелни средства во Владата на Француската заедница на Валонија-Брисел.* Тие ја истакнаа важноста на Резолуцијата 2001/23242 (ИНИ) на Европскиот парламент за европските филмови со која *de facto* и се промовира Проектот на Европско кино. Краток вовед во извештајот даде Известителот и подготвувачот на Извештајот *г-дин Жос Шеер од Луксембуршката секција*. Главните поенти се однесуваа на ескпанзијата на европската кино-продукција во последните години, особено на наградувани киноостварувања на разни меѓународни филмски фестивали, што значајно го апострофира постоењето на европска филмска индустрија. Но, и покрај сите квалитети од аспект на врвни европски режисери, сценаристи, актери, сеуште се чувствува големото влијание на американската филмска индустрија на европскиот пазар на филмови. И покрај постоењето на извонредни идејни проекти, огромното културно наследство на Европа, голем број на таленти и на висококвалификуван кадар во

филмската индустрија, со жалење мора да се констатира дека во најголем број случаи, европските филмови остануваат во границите на Европа. Тоа се особено загрижувачки показатели кои неминовно доведоа до промоција на овој Проект, за кој и на овој начин, преку институциите на Франкофонијата и посебно со поддршката од парламентарците би можеле да се реализираат целите и перспективите на овој проект.

Втората комисија донесе предлог на резолуција, која беше едногласно усвоена на пленарната сесија на регионот Европа.

* * * * *

Во останатиот дел од седницата, беа верификувани мандатите на досегашниот Шеф на мисијата Европа на Парламентарното Собрание на Франкофонијата г.Фреди Дегилаж, кој и во наредните четири години ќе ја извршува истата функција, и на г-ѓа Вивиан Жерар, која беше именувана за административен секретар на оваа мисија, на местото на г.Жан-Фрасоа Вандевал, кој се повлекува од функцијата поради пензионирање.

Идната седница на Собранието на регионот Европа на Парламентарното собрание на Франкофонијата ќе се одржи во ноември идната година во Кантонот Јура (Швајцарија).

* * * * *

Може да се заклучи дека учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата во својство на асоцијативна членка на 15-то редовно Собрание на регионот Европа беше корисно од аспект на остварување на контакти со франкофонските европски парламентарци, учествување во дискусиите по темите со изразување на нашиот интерес што го имаме во Парламентарното собрание на Франкофонијата.

Од особена важност за нашето Собрание е искористувањето на можностите што ги дава Програмата за акција и соработка на Собранието на регионот Европа, преку која се овозможува едукација на пратениците-франкофони, како и функционерите од Службата на Собранието, што придонесува за квалитетно едуцирање според стандардите на Парламентарното собрание на Франкофонијата.

Собранието на Република Македонија беше корисник на Акционата програма за соработка 2001/2002 година, кога и се оствари студиски престој на двајца функционери од Службата на Собранието. Поради објективни и субјективни околности, студискиот престој на претседателот на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата не се реализаираше. На оваа седница Собранието на Република Македонија во дискусијата на г-дин Халими, во контактите остварени со г-дин Дегилаж и дополнително во писмена форма аплицираше за Акционата програма за 2002/2003 година за реализација на студискиот престој кој не се реализираше, како и за по два нови студиски престои за двајца пратеници од новиот состав на Секцијата и за два студиски престои за двајца функционери од Службата на Собранието

Од несомнен интерес е и развивањето на натамошната активност во другите форуми и форми на соработка во Франкофонијата.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Биро на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Франкофонијата***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***за учеството на на состанокот на политичката комисија при Парламентарното Собрание на Франкофонијата, одржана од 4 до 6 март 2003 година во Луксембург, Големо војводство Луксембург***

***Скоје, март 2003 година***

*Од 4 до 6 март 2003 година, во Луксембург се одржа редовниот состанок на Политичката комисија при Парламентарното Собрание на Франкофонијата.*

*На состанокот присуствуваа г-дин Нелко Стојаноски, пратеник на Собранието на Република Македонија, втор потпретседател на Бирото на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Франкофонијата и административниот секретар на Секцијата Лиман Авдиу, виш советник во Собранието на Република Македонија.*

На состанокот на Политичката комисија учествуваа делегациите на овие земји региони и институции: Андора, Бугарија, Буркина Фасо, Бурунди, Камерун, Канада, Централноафричка Република, Француска Заедница на Белгија, Брегот на слонова коска, Египет, Франција, Либан, Луксембург, Македонија, Мали, Нигер, Онтарио, Полска, Квебек, Романија, Сенегал, Того, Тунис, Меѓународната организација на Франкофонијата и Генералниот секретаријат на ПСФ.

По усвојување на дневниот ред и записникот од состанокот на оваа комисија одржан за време на XXVIII пленарна сесија на ПСФ во Берн, Швајцарија, од 7 до 9 јули 2002 година, потпретседателот на комисијата г. Мунир Факри Абдел Нур ги потсети присутните дека согласно член 12.5 од Правилникот за работа на ПСФ и одлуките на комисијата, за претседател се предлага г. Ришар Казнав, член на француската секција. Предлогот г. Ришар Казнав да биде претседател на политичката комисија се стави на гласање и беше едногласно прифатен од членовите на комисијата.

Претседателот на комисијата откако за заблагодари на изборот и довербата и за топлиот пречек и совршената организација на работата на Политичката комисија од страна на Секцијата на Луксембург, им посака добредојде и плодна работа на учесниците. Тој потоа ја запозна комисијата со писмото на г. Филип Шарлие, претседател на Секцијата на Француската заедница на Белгија, со коешто г-дин Морис Бодсон се назначува како известител за извештајот "Следење на примената на Декларацијата на Бамако" наместо г-дин Жан-Пиер Пердје.

Во првиот дел на состанокот беа разгледани овие извештаи: "Следење на примената на Декларацијата на Бамако", известител г. Морис Бодсон (Белгија), "Имплементација на Декларацијата на Бамако´, известител г-ѓа Кристин Десуш- Делегат за човекови права и демократија, "Состојби на политичка криза на франкофонскиот простор", известител г. Боњесан Арсен Је (Буркина Фасо) и извештајот "Следење на Самитот на Бејрут", известител г. Рејмон Брује (Канада).

Во Извештајот за следење на примената на Декларацијата на Бамако г-дин Морис Бодсон истакна дека од одржувањето на Самитот во Монктон, различни инстанци на Франкофонијата ја сфатија прогресивно неопходноста за воспоставување на односи на припаѓање на франкофонскиот простор, особено преку почитување на човековите права и принципите на демократијата. Декларацијата којашто беше усвоена на Симпозиумот на Бамако за практичната примена на демократијата кој се одржал од 1 до 3 ноември 2000 година, беше вреднувана и потврдена две години подоцна за време на одржувањето на Самитот на Шефовите на држави и влади во Бејрут, кој се одржал во октомври 2002 година.

Потоа тој додаде дека овој текст во главата 5, од една страна предвидува механизми за набљудување и евалуација на практиката на демократијата, човековите права и слободи, а од друга страна , механизми за конкретна акција во случај на криза на демократијата и тешка повреда на човековите права, како и во случај на целосен прекин на демократските процеси или масовно кршење на човековите права. Во врска со главата 5 од Декларацијата, тој истакна дека таа има две улоги и тоа: улога на парламентарно набљудување на примената на предвидените начела на Декларацијата и улогата на главен генератор во примената на истата.

За време на Самитот на Бејрут, на 18, 19 и 20 октомври 2002 година, Шефовите на држави и влади ја изразија нивната решеност за примена на Декларацијата и ја потврдија нивната "осуда на сите форми на геноцид, воени злосторства и злосторства против човештвото кои содржат толку масовни кршења на човекови права како и државните удари и тешките повреди на уставниот поредок кои завршуваат со прекин на демократските процеси". Тој истакна дека резолуциите за политичката состојба на

франкофонскиот простор коишто ПСФ ги усвојува и ги проследува на инстанците на Франкофонијата и на шефовите на држави и влади имаат огромна важност.

На крајот, тој додаде дека во случај на непочитување на горенаведените принципи, ПСФ треба да се информира на лице место и да види дали се работи за непочитување на институцијата Парламент или пак тоа се владата и парламентот кои ги кршат човековите права и слободи. Врз основа на фактичката состојба, се предлагаат механизми и се превземаат акции во склоп на Генералниот секретаријат и инстанците на Меѓународната организација на Франкофонијата.

Со оглед на тоа дека г-ѓа Кристин Десуш беше отсутна, нејзиниот извештај за импементација на Декларацијата на Бамако го прочита г. Ришар Казнав, претседател на комисијата. Во нејзиниот извештај се зборуваше за имплементацијата на Декларацијата на Бамако од страна на земјите членки на Меѓународната организација на Франкофонијата како и за превземање на мерки и механизми во случај на непочитување на истата.

Во Извештајот за состојбите на политичка криза на франкофонскиот простор, г. Боњесан Арсен Је зборуваше за состојбата во Бурунди и масакрот врз 173 цивили извршен од страна на армијата на Бурунди, за воениот конфликт помеѓу армијата и Силите за одбрана на демократијата (главно востаничко движење на племето Хуту-Бурунди), за распоредување на воени набљудувачи во оваа земја, за состојбата во Централноафричка Република, Брегот на Слоновата коска, Гвинеја, Хаити и Того. Потоа тој дададе дека поради масовно кршење на човековите права и слободи и непочитување на демократијата, од Парламентарното Собрание на Франкофонијата се исклучени секциите на Коморски острва, Конго, Демократска Република Конго и Руанда.

Претставниците на Брегот на Слоновата коска, Того и Централноафричка Република не се согласија со извештајот и побараа повторно прибирање на информации во врска со политичката состојба во овие земји затоа што таа се менува на подобро или полошо зависно од земјите во прашање и повторно разгледување на истиот.

Во Извештајот за следење на Самитот на Бејрут, г. Рејмон Брује истакна дека Акциониот план на Бејрут има две главни цели. Првата цел се состои во информирањето на парламентарците со содржината на овој план како и за реализираните интервенции при примена на Планот од Самитот на Бејрут. Многу важно е парламентарците да имаат еден глобален преглед на целината на мултилатералната соработка извршена од Меѓународната организација на Франкофонијата. Втората цел се состои во евалуација дали превземените ангажмани од страна на нашите држави и влади се адаптирани на потребите на франкофонските популации. Потоа, тој даде објаснување за Акциониот план за периодот 2002-2003 година, усвоен на Самитот на Бејрут во октомври 2002 година и истакна дека шефовите на држави и влади се ангажираат Франкофонијата да додели неопходни финансиски средства за реализација на овој план кој се артикулира преку четири мобилизирачки оски: мирот, демократијата и човековите права; промоција на францускиот јазик и на културната и јазичната различитост; основно образование, техничка и професионална обука, високо образование и истражување; социјална и економска соработка во служба на одржливиот развој и солидарност. На крајот на неговиот извештај, г-дин Брује го даде прегледот на буџетската анализа за периодот 2002-2003 година.

Во вториот дел на состанокот беа разгледани извештаите "Одржлив развој, мир, сигурност, демократија и добро владеење", известител г-дин Бернар Патри (Канада) и "Ратификација од страна на земјите членки на Меѓународната организација на Франкофонијата на Договорот од Рим за формирање на Меѓународен кривичен суд и Конвенцијата од Отава за забрана на нагазните мини.

Во неговиот Извештај г-дин Патри истакна дека меѓународната заедница и парламентарците ја признаваат неопходноста по потрага на "одржлив развој", според дефиницијата што ја даваше Извештајот Брунтланд од 1987 година, Our Common Future: "еден развој којшто одговара на потребите на сегашноста без да се компромитира способноста на идните генерации да одговараат на нивните сопствени потреби". Потоа тој го цитираше еден од експертите на Меѓународниот институт за одржлив развој, чие седиште се наоѓа во Канада кој рекол дека "....механизмите на Владата го претставуваат четвртиот фундаментален столб на одржливиот развој...".

Потоа тој додаде дека Парламентарното Собрание на Франкофонијата презеде активности во врска со: организирање на мисии за добро владеење; формирање на мисии за набљудување на избори, вклучувајќи го учеството на парламентарци на овие мисии; граѓанско едуцирање на младите за парламентарна активност преку Парламентот на младите франкофони (Квебек 2001 и Нигер 2003); учество во примената на Декларацијата од Бамако. На крајот на извештајот тој појасни дека според новиот консензус за одржлив развој, мирот, сигурноста, демократијата, правдата и човековите слободи се сите многу важни основи за еден развој којшто треба да биде еколошки, социјално, културно и политички одржлив.

Што се однесува до извештајот за ратификација на Договорот од Рим за формирање на Меѓународен кривичен суд и на Конвенцијата од Отава за забрана на нагазните мини, претседателот на комисијата истакна дека и покрај тоа што повеќето од земјите членки на Меѓународната организација на Франкофонијата ги потпишале и ратификувале споменатите спогодби (Договорот од Рим Македонија го потпишала на 7 октомври 1998 година додека го ратификувала на 6 март 2002 година), за жал некои од нив до ден денес уште не го направиле тоа. Затоа, тој апелираше тоа да го направат што побрзо.

Во врска со Конвенцијата од Отава за забрана на нагазните мини, претставникот на Македонија, г-дин Нелко Стојаноски, откако му честиташе на новоизбраниот претседател на Политичката комисија на изборот г-дин Ришар Littleнав и се заблагодари на Секцијата на Луксембург за топлиот пречек и совршената организација на состанокот на Комисијата, ги информираше учесниците на оваа комисија дека пред неколку недели Република Македонија уништи 16 илјади парчиња нагазни мини. Во врска со ова, г-дин Бернар Патри (Канада) рече дека Македонија треба да послужи како пример како се почитуваат меѓународните конвенции.

На крајот од својата работа, политичката комисија ја усвои Предлог декларацијата на политичката комисија за кризата во Ирак со којашто се отфрла унилатералната акција и дискредитирање на меѓународните институции како што е Советот за безбедност на Обединетите нации. Оваа предлог декларација беше прифатена едногласно од учесниците и беше предложена на Бирото за усвојување.

Политиката комисија заклучи следниот состанок на оваа Комисија да се одржи во Ниаме, Нигер, на 7 јули 2003 година.

* * * * *

Оценка е дека учеството на делегацијата на Бирото на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ на редовниот состанок на Политичката комисија беше многу корисно. Се оценува дека е потребно да се покренат активности во Собранието на Република Македонија за учество и следење на планираните настани кои претстојат во текот на оваа година. Тоа се однесува во прв ред на учеството на состанокот на Комисијата за парламентарни прашања, од 18 до 20 мај 2003 година во Софија, Бугарија, Конференција на Претседатели на Парламентарното Собрание - Регион Европа, мај 2003 година во Жерзе, Велика Британија како и на Годишното Собрание и Парламент на млади франкофони, од 5 до 9 јули 2003 година во Ниаме, Нигер, на кој што ќе бидат разгледани бројни резолуции и извештаи од активноста на ПСФ.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Биро на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Франкофонијата***

***ИНФОРМАЦИЈА***
***за посетата на Собранието на Република Македонија на Делегацијата на Собранието на Регион Европа на Парламентарното собрание на Франкофонијата, остварена на 7 април 2003 година***

***Скопје, април 2003 година***

*Делегација на Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ) во состав: г-дин Фреди Дегилаж, Шеф на Собранието на Регион Европа на Парламентарното собрание на Франкофонијата г-дин Жан-Франсоа Вандевал, ескперт во Собранието на Регион Европа и г-ѓа Вивијан Жерар, административен секретар на Собранието на Регион Европа, од 6 до 9 април 2003 година ја посети Република Македонија.*

*Целта на оваа прва официјална посета на претставници од Собранието на Регион Европа на ПСФ беше разгледување на можностите и начините за што поцелисходно и покомпетентно искористување на можностите и средствата од Акционата програма на Парламентарното собрание на Франкофонијата за 2003 година од страна на Собранието на Република Македонија.*

*Во постојана придружба на делегацијата беа: г-ѓа Славица Станковска, претседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, г-дин Лиман Авдиу, административен секретар на Секцијата, г-ѓа Ана Качакова, извршен секретар на Секцијата, г-ѓа Славица Бицевска, Шеф на Отсекот за протоколарни работи, г-дин Зоран Поповиќ, советник во Отсекот за протоколарни работи, г-дин Реџеп Прекопуца од Секторот за информирање и г-ѓа Милена Цекова, преведувач.*

**1.** Првата средба делегацијата ја оствари со *г-ѓа Лилјана Поповска потпретседател на Собранието на Република Македонија*, која ги поздрави гостите и уште на почетокот истакна дека Република Македонија ја смета соработката со Франкофонијата за извонредно значајна, како во областа на политиката и економијата, така и во областа на културната соработка. Општо познато е дека Франкофонијата посветува огромно внимание на сите аспекти на зачувување, збогатување и унапредување на културното богатство и културната соработка и дијалогот меѓу културите во светот, а со оглед на тоа што франкофонските земји имаат длабока и голема култура, многу нешта можат се научат и пренесат. Во текот на разговорот, потпретседателката Поповска ја образложи политичката структура на Собранието на Република Македонија согласно резултатите од последните парламентарни избори и посочи дека во моментов се наоѓаме пред процесот на децентрализацијата на власта и имплементацијата на Рамковниот договор. Во однос на законодавната активност на Собранието на Република Македонија, г-ѓа Поповска истакна дека се усвоени цел пакет на закони со кои се стимулира приватното претприемништво, а во наредниот период се очекува донесување на цела низа закони и предлози за изменување и дополнување на закони кои треба да се усогласат во духот на одредбите на Рамковниот договор. Г-ѓа Поповска информираше и за реализацијата на симултаниот превод на седниците на Собранието, со што практично се имплементираат значајните одредби од Рамковниот договор кои се однесуваат на употреба на јазиците на припадниците на етничките заедници кои бројат повеќе од 20% во Република Македонија.

*Г-дин Дегилаж* се заблагодари на искреното гостопримство и ги образложи целите на оваа посета: посетата се остварува во духот на соработката што Собранието на Регион Европа ја реализира со секциите членки на Парламентарното собрание на Франкофонијата; потоа од аспект на значењето што за Република Македонија ја има Спогодбата за стабилизација и асоцијација на Република Македонија со ЕУ - тој воедно информираше дека во текот на оваа недела се очекува Парламентот на Францускатa заедница на Белгија да ја ратификува Спогодбата а третата цел е искористување на можностите на Акционата програма на Парламентарното собрание на Франкофонијата за Регион Европа за 2003 година од страна на Собранието на Република Македонија. Г-дин Дегилаж изрази надеж дека во заедничка соработка со Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата ќе бидат разработени и уточнети конкретните проекти кои би можеле да бидат финансирани од средствата предвидени во Акционата програма.

**2.** Делегацијата оствари посебни *средби со претседателот и членовите на Бирото на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата и со пратениците-франкофони во Собранието на*

*Република Македонија.* На средбите присуствуваа членовите на Бирото на Секцијата: г-дин Нелко Стојановски, г-дин Хусеинџеват Хусеини, г-дин Зуди Џелили и г-ѓа Лилјана Ивановска, а од пратениците-франкофони беа г-дин Агрон Буџаку, потпретседател на Собранието на Република Македонија, г-дин Фатмир Асани и г-дин Невзат Бејта.

Разговорите се водеа на основа на тезите предложени од Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата. Г-ѓа Станковска укажа дека заради објективни причини минатата година Акционата програма за соработка не беше целосно реализирана и дека оваа година Република Македонија ќе се вклучи со конкретни предлози и барања за искористување на можностите што ги нуди Програмата. Исто така, таа истакна дека со оглед на извесниот број на предлози, Секцијата ќе го почитува мислењето на Бирото на Парламентарното собрание на Франкофонијата-Регион Европа за приоритетот на нивната реализација.

По разгледување на тезите предложени од нашата Секција г-дин Дегилаж истакна дека предлогот за организирање на семинар за пратениците-франкофони во Собранието на Република Македонија е прифатлив и би можел да се реализира уште во текот на оваа година во м. октомври. За тема дополнително ќе биде избрана една од предложените теми од Секцијата. Во однос на едукацијата на пратеници-франкофони во некои европски парламенти, тој предложи група пратеници и функционери со добро познавање на францускиот јазик (чиј број дополнително ќе се утврди со оглед на буџетските средства), да остварат студиски престој во Брисел во европските институции, со однапред подготвена програма за запознавање со начинот на организација и функционирање на истите.

За предлогот за збогатување на фондот на книги и други публикации на Библиотеката на Собранието на Република Македонија, отворање на посебна веб-страница на Библиотеката и за ажурирање на веб-страницата на Собранието на Република Македонија на француски јазик, ни беше укажано дека за тие намени постои фонд во рамките на Меѓународната организација на Франкофонијата, односно во Програмата PARDOC.

Во натамошните разговори се вклучи и г-дин Буџаку и г-ѓа Лилјана Ивановска, кои се осврнаа на потребата од натамошно продлабочување на соработката на Собранието на Република Македонија со Парламентарното собрание на Франкофонијата, како и со Меѓународната организација на Франкофонијата. Тие ја истакнаа и потребата од поддршка на Република Македонија во процесот на асоцирање кон ЕУ. Ратификацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација на Република Македонија и ЕУ од страна на Парламентот на Француската заедница на Белгија претставува своевиден импулс на таа поддршка и натамошна соработка.

**3.** Делегацијата оствари средба со *г. Александар Новакоски, Генерален секретар на Собранието на Република Македонија*, кој ги информираше гостите за неговото именување на оваа функција по спроведените парламентарни избори минатата година. Г-дин Новакоски им ја образложи структурата на Стручната служба на Собранието на Република Македонија која брои 200 вработени и истакна дека во рамките на Програмата за Висока административна обука спонзорирана од Француската влада четворица функционери се избрани во тесна конкуренција на ниво на цела држава за следење на оваа обука. Исто така, тој ги информираше гостите дека во Собранието на Република Македонија од страна на Амбасадата на Република Франција во Република Македонија, а во реализација на Францускиот културен центар во Република Македонија, во тек е реализација на два курса за изучување на францускиот јазик на ниво на Стручната служба, а од идната недела се очекува да започне и курс наменет исклучиво за пратениците во Собранието на Република Македонија.

Г-дин Новакоски укажа на потребата Библиотеката на Собранието на Република Македонија да биде збогатена со книги и публикации на француски јазик и потребата од ажурирање на веб-страницата на Собранието на Република Македонија и на француски јазик. Во тој контекст се осврна и на неговата посета на парламентите на Белгија и Финска што ја оствари во м јануари оваа година каде на средбите со компетентни лица од овие парламенти биле изразени конкретни предлози и понудени одредени проекти за софтвер. Преку Националниот демократски институт од Вашингтон (НДИ), кој впрочем и ја реализираше таа студиска посета, во Белгискиот парламент веќе е

задолжено едно лице кое работи на овој Проект, а опремата што Собранието на Република Македонија ја доби за симултан превод е донација од владите на Белгија и Канада.

Г-дин Дегилаж му честиташе на г-дин Новакоски за именувањето на функцијата генерален секретар и претставувајќи ги и другите членови на делегацијата ги соопшти целите на нивната посета на Собранието на Република Македонија. Тој укажа дека постои можност за натамошна обука на пратеници и функционери од Собранието на Република Македонија во европски франкофонски парламенти, што би била финансирана од средствата на Акционата програма за 2003 година. Посебно се осврна на можноста за едукација на пратениците-франкофони во Европскиот парламент, каде би запознале се функционирањето на Европскиот парламент, се во функција на што побрзо интегрирање на Република Македонија во ЕУ. Г-дин Дегилаж изрази задоволство што новата Влада на Република Македонија применува методи на намалување на меѓуетничкте тензии и се интересираше дали има уште потешкотии на тој план, особено по потпишувањето на Рамковниот договор.

Г-дин Новакоски одговори дека би било неумесно да се каже дека нема проблеми, но голем дел од нив веќе се надминати врз основа на договор меѓу политичките партии а се настојува да се задржи тој тренд што придонесува кон побрза и квалитетна имплементација на одредбите од Рамковниот договор. Имаше случаи Стручната служба да биде доведена да решава за ситуации и прашања кои не се во нејзина надлежност, посебно за употребата на јазиците во работата на Собранието. Тој укажа дека со Деловникот на Собранието на Република Македонија е уредено работењето на Стручната служба на Собранието како стручен сервис на пратениците и тоа треба така и да се почитува. Проблемот околу претседавањето со работните тела на комисиите на албански јазик се надмина со одлука на Комисијата за мандатно-имунитетни прашања, каде се претставени сите политички партии во Собранието. Во однос на преводите, генералниот секретар истакна дека досега се примени седум преведувачи по албански јазик, а ќе има прием на уште преведувачи за текстуален превод, а со изборот на преведувачи за симултан превод постапката е во тек со оглед на тоа што досега не се најдоа квалитетни преведувачи и покрај огласите за конкурс кои беа дадени во сите дневни весници.

Г-ѓа Жерар се интересираше за тоа колку јазици се работни јазици во Собранието на Република Македонија, на што г-дин Новакоски одговори дека на пленарните седници е обезбеден симултан превод само од македонски јазик на албански јазик, додека сите закони усвоени од Собранието се преведуваат на албански јазик и се даваат за објавување во "Службен весник на Република Македонија". Тој прецизираше дека согласно новите уставни измени кои се на сила, сите припадници на етничките заедници во Република Македонија кои се повеќе од 20% од вкупното население, имаат право да го користат и својот мајчин јазик.

Г-дин Вандевал и г-ѓа Жерар натаму се интересираа за процентот на билингвализмот во Република Македонија, односно каков е процентот на познавање на албанскиот јазик кај припадниците на македонскиот народ и обратно, и кој е јазикот во образованието на сите нивоа.

Г-дин Новакоски одговори дека нема податок за степенот на билингвализмот во Република Македонија, но во однос на пратениците во Собранието може да се каже дека со оглед на тоа што седниците се водат на македонски јазик без превод тоа значи дека сите пратеници го разбираат македонскиот јазик. Во однос на второто прашање, тој укажа дека во сите образовни институции на сите нивоа секаде каде што има ученици во број од 20% од некоја етничка зедница, имаат право да ја следат наставата на мајчин јазик.

4. На средбата со координаторите на пратеничките групи во Собранието на Република Македонија присуствуваа: г-ца Славица Грковска, заменик-координатор на Пратеничката група на СДСМ , г-дин Михајло Георгиевски, пратеник од ВМРО-ДПМНЕ, г-дин Рафис Алити, заменик-координатор на Пратеничката група на Демократска унија за интеграција, г-ѓа Роза Топузовска-Каревска, заменик-координатор на Пратеничката група на Либерално-демократска партија, г-дин Замир Дика, координатор на Пратеничката група на Демократска партија на Албанците и г-дин Зоран Крстевски, заменик-координатор на ЛП.

Г-ца Грковска ги поздрави гостите и ги претстави координаторите и замениците-координатори. Истакна дека Собранието на Република Македонија и минатата година беше учесник во Акционата програма на Парламентарното собрание на Франкофонијата, иако таа беше делумно реализирана. Изрази надеж дека Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата ќе презентира конкретни проекти кои ќе може да бидат финансирани од Акционата програма. Истакна дека очекува поддршка од франкофонските земји при ратификацијата на Спогобата за стабилизација и асоцијација на Република Македонија со ЕУ. Со оглед на економската состојба во Република Македонија, би било пожелно отворање на странски инвестиции од франкофонските земји.

Г-дин Дегилаж, претставувајќи ги членовите на делегацијата и образлагајќи ги целите на нивната посета на Собранието на Република Македонија, истакна дека е задоволен од процесот на стабилизација и асоцијација на Република Македонија со ЕУ и во тој контекст ги информираше соговорниците дека во текот на оваа недела се очекува Парламентот на француската заедница на Белгија да ја ратификува Спогодбата за стабилизација и асоцијација на Република Македонија со ЕУ. Тој изрази интерес пратениците да дадат свои видувања за динамиката на имплементација на Рамковниот договор.

Г-дин Михајло Георгиевски истакна дека лидерот на неговата партија е еден од потписниците на Рамковниот договор и тие како пратеници се силно заинтересирани за негова доследна имплементација. Истакна дека очекува натамошно лобирање на земјите-членки на ЕУ за признавање на Република Македонија под уставното име. Во однос на франкофонските идеи, смета дека и натаму е потребно Република Македонија да ги негува врските со Франкофонијата.

Г-ѓа Роза Топузовска-Каревска истакна дека Либерално-демократска партија не учествуваше директно во потпишувањето на Рамковниот договор, но со самото партиципирање во власта тие безрезервно го поддржуваат. И претставниците на македонците и претставниците на албанската заедница во Република Македонија треба доследно да го почитуваат она што е зацртано во договорот и секакви други поголеми претензии од друга страна би оделе на нарушување на мирот и безбедноста.

Г-дин Рафис Алити додаде дека Рамковниот договор треба да претставува рамка во која треба да се движат сите граѓани и дека договорот не треба да биде различно гледан од партиите на македонскиот и албанскиот блок.

**5**. Делегацијата оствари средба и со Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Кралството Белгија. На средбата беа присутни: г-дин Замир Дика, претседател на на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Кралството Белгија и пратениците-членови на групата г-дин Кире Гештаковски, г-ѓа Ана Андова, г-дин Ѓорѓи Трендафилов, г-ѓа Марија Којзеклиска и г-ѓа Соња Лепиткова. Г-дин Дика, во име на Пратеничката група за соработка со парламентот на Кралството Белгија и претставувајќи ги членовите на Групата,  ги поздрави гостите и им посака добредојде во Република Македсонија и додаде дека темата за разговор на оваа средба е Акционата програма за соработка и вклучувањето на Република Македонија во неа за 2003 година.

Г-дин Дегилаж се заблагодари за топлиот прием во Собранието на Република Македонија и додаде дека се импресионирани од тоа што имале можност да го слушаат на досегашните средби. Тој потоа истакна дека тука е во својство на Шеф на мисијата на Регион Европа и ќе зборува во име на Франкофонијата и додаде дека Република Македонија направила голем напредок со имплементација на  на Рамковниот договор но, сепак би сакал да го чуе и мислењето на пратениците за овој документ. Тој наведе дека само преку меѓусебно запознавање, почитување и толеранција може да се дојде до меѓусебна соработка. Потоа се осврна на вклучувањето на Република Македонија во Акциониот план за соработка за 2003 година и додаде дека  Бирото на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата даде интересни предлози за остварување на оваа соработка но, како најинтересен го издвои организирањето на еден семинар за пратениците-франкофони и студиски престој во институциите на Европската Унија. Единствен услов за вклучување на овој семинар е познавањето на францускиот јазик како еден од работните јазици на Европската Унија. Трошоците  околу организација на семинарот во Република

Македонија како и нивниот престој во Брисел ги превзема Парламентарното собрание на Франкофонијата -Регион Европа.

После оваа излагање, за збор се јави г-ѓа Андова која и посака добредојде на Делегацијата и додаде дека нашето Собрание би требало да воспостави контакти со Парламентот на Кралството Белгија со цел да се продлабочува нашата соработка. Таа истакна дека Република Македонија и Кралството Белгија имаат многу заеднички сличности затоа што двете држави се мултиетнички.

Г-дин Дика истакна дека неговата пратеничка група (ДПА) најмногу ја критикува имплементацијата на Рамковниот договор и мислат дека има дефекти во спроведување на законот за амнестија и воопшто на Рамковниот договор. Тој потоа додаде дека дека една од нивните забелешки се однесува на употребата на јазикот на дел од населението кое е над 20% и истакна дека нема флексибилност за ова прашање и дека има ограничување во употребата на албанскиот јазик. На крајот истакна дека искуството на Кралството Белгија би помогнало за да ги поправат овие дефекти.

На крајот за збор се јави г-дин Ѓорѓи Трендафилов и откако ги поздрави гостите истакна дека не е сигурен дека има многу сличности помеѓу Република Македонија и Белгија затоа што овие две земји немале ист еволутивен развој. Тој потоа додаде дека политичката прагматика ги учи луѓето дека ако тие земаат оружје в рака, со тоа можат да ги реализираат нивните права. Инсистирањето и понатаму на Рамковниот договор а не на Уставот, е доволна причина да се загрижат за иднината на земјата. Потоа тој се осврна кон периодот на признавање на Република Македонија уште од времето на Комисијата на Бадинтер со едно смешно име и додаде дека има впечаток дека отстапки секогаш се бараат од Македонците.

6. На средбата со Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Франција присуствуваа пратениците: г-ѓа Ганка Самоиловска-Цветанова, претседател, г-дин Тито Петковски и г-ѓа Силвана Бонева, членови на Пратеничката група и г-ѓа Лилјана Ивановска.

Г-ѓа Ганка Самоиловска-Цветанова ги поздрави гостите и ги запозна со составот на Пратеничката група за соработка со Република Франција. Таа нагласи дека Француската амбасада и особено Францускиот културен центар се исклучително активни во промовирањето на француската култура, нагласувајќи дека во соработка со Министерството за култура и со културните институции во Република Македонија, реализирани се голем број на проекти.

Господинот Дегилаж истакна дека во текот на посетата на македонскиот парламент оствариле средби со повеќе пратеници, кои работат во корист на Република Македонија преку Франкофонијата и билатералните контакти со франкофонските земји. Тој информираше дека Регионот Европа на Парламентарното собрание на Франкофинијата е подготвен да организира обука за усовршување на францускиот јазик за пратеници и вработени во Собранието на Република Македонија. Обуката би се одвивала во Брисел, во седиштето на ЕУ, при што учесниците во обуката би можеле да се запознаат и да навлезат во комплексната структура на Европската унија. Господинот Дегилаж подвлече дека со проширувањето на ЕУ ќе се наметне потребата на рационализација на употребата на јазиците, при што францускиот не може да биде заобиколен, особено како работен јазик.

Тој истакна дека во текот на разговорите со пратениците од Собранието на Република Македонија, повеќе пати се навраќале на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, како и на Рамковниот договор и неговата имплементација, при што за ова побара мислење и од членовите на Пратеничката група.

Претседателот на Пратеничката група, г-ѓа Ганка Самоиловска-Цветанова, подвлече дека Спогодбата за стабилизација и асоцијација е од особено значење за Република Македонија, но процесот на нејзината ратификација сеуште не е завршен во одделни национални парламенти. Таа истакна дека влијанието на франкофоните во овој процес би било многу значајно.

Во врска со имплементацијата на Рамковниот договор, г-ѓа Самоиловска-Цветанова нагласи дека Владата на Република Македонија изготви Акционен план со кој се предвидува усвојување на законите предвидени во Договорот. Во Собранието на Република Македонија не постои дилема за имплементацијата на Охридскиот договор, а во врска со ова прашање Владата ја има целосната подршка и од позицијата и од

опозицијата. Со оглед дека се работи за исклучително амбициозна програма, за нејзината реализација потребно е време и финансиска поддршка.

Господинот Тито Петковски потенцираше дека Рамковниот договор е приоритетна задача на Република Македонија и дека постои апсолутен консензус за неговата имплементација.

Нагласувајќи дека една од фундаменталните цели на Франкофонијата е градење на единствена стратегија во многу сфери од животот, г-дин Петковски запраша зошто овој механизам не беше искористен да се објасни ставот на франкофонските земји во врска со војната во Ирак. Тој исто така го праша претседателот на Регионот Европа, дали според него може да се зборува за франкофонска економија меѓу земјите членки на Франкофонијата.

Господинот Дегилаж информираше дека за ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација во Парламентот на Белгија е потребна согласност и од регионалните парламенти. Спогодбата е веќе во процедура во Парламентот на франкофонската заедница во Белгија и се очекува нејзино брзо усвојување.

Во врска со ставот на франкофонските земји за војната во Ирак, тој истакна дека Политичката комисија на Парламентарното собрание на Франкофонијата, на својата седница одржана во март во Луксембург зазела став по ова прашање, односно донела резолуција со која се отфрла унилатерална акција во Ирак и се дискредитираат меѓународните институциии како што е Советот за безбедност на ОН. Оваа резолуција била едногласно усвоена, односно за неа гласале и пратеници од земјите чии што влади имаат спротивно мислење.

Тој подвлече дека главните цели и насоки на Франкофонијата не се менуваат, а една од нив е одбраната на демократијата и човековите права, не само на национално, туку и на меѓународно ниво. Господинот Бутрос Бутрос Гали тоа добро го нагласил уште пред почетокот на војната, а новиот генерален секретар на Меѓународната организацијата на Франкофонијата, г-дин Абу Диуф, исто така ја брани оваа идеа.

* * * * *

Посетата на делегацијата на Парламентарното собрание на Франкофонијата може да се оцени како многу корисна и плодотворна, особено поради фактот што претставува прва посета на Собранието на Република Македонија на претставници од Собранието на Регион Европа на Парламентарното собрание на Франкофонијата. Посетата се реализираше на нивно барање заради тоа што Собранието на Република Македонија минатата година аплицираше за користење на средствата предвидени со Акционата програма за соработка за 2003 година. Средбите што делегацијата ги оствари во Собранието на Република Македонија претставуваа извонредна можност изворно да се разгледаат предлозите од нашата Секција и истите понатаму да се дадат за одобрување од страна на Бирото на Парламентарното собрание на Франкофонијата на Конференцијата на претседатели на секции, што ќе се одржи од 2 до 4 јуни 2003 година во Џерси (Велика Британија).

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Биро на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Франкофонијата***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на состанокот на комисијата за образование, комуникации и културни прашања на франкофонијата, одржана од 16 до 18 април 2003 година во Шалон-ан-Шампањ, Република франција***

***Скопје, април 2003***

*Од 16 до 18 април 2003 година, во Шалон-ан-Шампањ се одржа редовниот состанок на Комисијата за образование, комуникации и културни прашања при Парламентарното Собрание на Франкофонијата.*

*На состанокот присуствуваа **г-дин Хусеинџеват Хусеини**, пратеник на Собранието на Република Македонија и член на Бирото на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Франкофонијата и административниот секретар на Секцијата **Лиман Авдиу**, виш советник во Собранието на Република Македонија.*

На состанокот на Комисијата за образование, комуникации и културни прашања учествуваа делегациите на земји членки на Комисијата, региони и институции: Бугарија, Канада, Француска заедница на Белгија, Франција, Габон, Јура, Македонија, Мали, Мароко, Нигер, Онтарио, Квебек, Романија, Сенегал, Швајцарија, Вал д´Аост, претставникот на Генералниот секретаријат на Парламентарното Собрание на Франкофонијата и на Агенцијата на франкофонските универзитети.

По усвојување на дневниот ред и записникот од состанокот на оваа комисија одржан за време на XXVIII пленарна сесија на ПСФ во Берн, Швајцарија, од 7 до 9 јули 2002 година, потпретседателот на комисијата г-дин Мишел Гилбер и се заблагодари на француската секција и нејзиниот претседател г-дин Бруно Бур-Брок за срдечниот пречек на делегациите и значајната подготовка на работата на комисијата. Тој потоа додаде дека состанокот на оваа комисија требаше да се одржи во Ханој, Виетнам но за жал, според препораките на медицинските специјалисти и Црвениот крст, сите патувања во земјите опфатени од атипичната пневмонална епидемија (вирусот САРС), треба да се откажат. Тој потоа им се заблагодари на виетнамската секција за ревноста околу подготвување на работата на оваа комисија и ја изрази најдлабоката почит кон нив. Потпретседателот на комисијата г-дин Мишел Гилбер ги потсети присутните дека согласно член 12.5 од Правилникот за работа на ПСФ, Секцијата на Вал д´Аост го предлага г-дин Его Перон, претседател на Регионалниот совет на Вал д´Аост, за претседател на Комисијата за образование, комуникации и културни прашања на ПСФ, наместо досегашниот претседател на комисијата г-дин Робер Лувен, именуван во Претседателството на владата на Вал д´Аост. Тој потоа изрази почит за важноста на извршената работа од страна на г. Робер Лувен, на чело на Комисијата. Предлогот г-дин Его Перон да биде претседател на комисијата за образование, комуникации и културни прашања се стави на гласање и беше едногласно прифатен од членовите на комисијата.

Претседателот на Комисијата откако се заблагодари на изборот и довербата и за топлиот пречек и совршената организација на работата на Комисијата за образование, комуникации и културни прашања од страна на француската секција и покрај краткиот рок за тоа, (со оглед на тоа дека овој состанок требаше да се одржи во Ханој, Виетнам но поради гореспоменатите причини се одложи), им посака добредојде на учесниците. Тој потоа ја запозна комисијата со писмото на француската секција од 10 декември 2002 година со коешто г-дин Рене Дозиер се назначува за потпретседател на поткомисијата за образование на ПСФ наместо г-дин Бруно Бур-Брок, именуван за потпретседател на ПСФ.

Во првиот дел на состанокот беше разгледана подготовката на извештаите околу овие прашања: "Активностите на парламентарната мрежа во борба против сидата", за која известител беше г-дин Натаниел Бах, Нигер, "Интернет страниците на Парламентарните собранија на Франкофонијата и новите технологии на информација и комуникација", известител беше г-дин Жоел Бурден, Франција, "Состојбата на TV5 Afrique", известител г-дин Жоел Бурден, Франција, "Состојбата на францускиот јазик во меѓународните организации", известител г-дин Жак Шањон, Квебек и "Подготовката на предлог инструменти за културната различност од страна на ПСФ".

Со оглед на тоа дека известителот за темата околу П*одготовката на активностите на парламентарната мрежа во борба против сидата* беше отсутен, потпретседателот на комисијата г-дин Мишел Гилбер ги запозна учесниците дека досега прилози за оваа тема испратиле секциите на Либан, Сенегал и Тунис. Останува известителот да ги

прибере прилозите на другите афрички земји, во кои што болеста е многу распространета и да го комплетира извештајот кој ќе се разгледа за време на XXIX-та пленарна сесија во Ниаме, Нигер, од 5 до 9 јули 2003 година. Претставникот на Нигер истакна дека би требало да се контактира со сите секции за да доставуваат прилози за ова прашање со цел извештајот за активностите на парламентарната мрежа во борба против сидата да биде што поцелосен. Потоа потпретседателот додаде дека и секцијата на Бенин ќе назначи еден известител за оваа тема.

Во својот извештај за *Интернет страниците на Парламентарните собранија на Франкофонијата и употребата на новите технологии на информација и комуникација*, францускиот известител г-дин Жоел Бурден, истакна дека подготвувањето на една студија за интернет страниците на парламентарните собранија на Франкофонијата беше одлучено од Бирото на ПСФ, во ноември 2001 година. Оваа студија има за цел конкретно да се види како се претставени страниците, нивната содржина и нивната интерактивност. По сугестија на поранешниот претседател на комисијата, г-дин Лувен, во перспектива на учество на ПСФ на светскиот самит за општеството на информација кој ќе одржи во Женева, во ноември 2003 година, ова тема беше проширена со употребата на новите технологии на информација и комуникација. Тој потоа додаде дека овие податоци се базирани врз основа на прашалникот што беше испратен од страна на Генералниот секретаријат до секциите на франкофонијата чии парламенти имаат интернет страница на француски јазик. (На неформален разговор беше спомнато дека за жал нашата земја и покрај тоа што има асоцијативен статус во ПСФ, Web сајтот на нашето Собрание не е на француски јазик).Тој наведе дека врз основа на податоците добиени од прашалниците, интернет страниците на Парламентарните собранија на франкофонијата се креирани помеѓу 1994 и 1997 година за северните земји и Романија и помеѓу 2000-2001 за афричките земји. Некои страници се двојазични додека други пак три или четиријазични. Страниците се претставени како "сајтови витрина" и ја презентираат работата на парламентите. Сите содржат страници за составот и организацијата на собранијата додека ажурирањето е секојдневно. Тој додаде дека што се однесува до интерактивноста, сите страници имаат една Е-маил адреса каде што граѓаните можат да ги проследат нивните пораки или поплаки и нивниот број е голем. Тие не се за размена на електронска пошта затоа што истите не се праќаат на генерична адреса на собранијата туку на адреса на парламенетарците и функционерите. Што се однесува до валидноста на овие страници, може да се констатира дека во јужните земји улогата на политичките авторитети во конфекционирање на истите е многу поголема во однос на северните земји.

На крајот г. Жоел Бурден истакна дека со примена на новите технологии, коишто ќе допринесат во развојот на работата на парламентарците (помеѓу 2004-2010), ќе се конфронтираме со натрупување на знаења на начин што ќе се загушиме од информации. Затоа теба да се изврши селекција и екстракција на истите од компетентни државни службеници.

Во извештајот за *Состојбата на ТВ5 Afrique*, г. Жоел Бурден истакна дека оваа ТВ куќа е присутна во цела Африка и речиси има монопол а нејзиниот буџет е 29 милиони франци. Една од целите на ТВ 5 е меѓусебно отварање на културите на афричките земји но и vis-à-vis останатиот свет. Тој потоа додаде дека буџетот на TV5 monde е 83 милиони евра и дека е присутна во целиот свет.

Претставниците на афричките земји побараа програмата на ТВ5 да биде емитувана и преку земјина релејна мрежа затоа што за да следи оваа програма моментално треба да се обезбеди сателитска антена со дигитален ресивер кој што чини многу скапо. Известителот одговори дека тоа е невозможно да се реализира затоа што бара огромни финансиски средства. Единствен начин на следење на ТВ5 од поширока публика е превземање на програмата од локалните ТВ куќи.

На почетокот на неговиот извештај за *Состојбата на францускиот јазик во меѓународните институции*, г-дин Бруно Бур-Брок истакна дека за време на одржувањето на седницата на Бирото на ПСФ во Монако, му беше доверена задачата да напише извештај за употребата на францускиот јазик во меѓународните институции, а особено во институциите на Европската унија пред нејзино проширување. Тој потоа додаде дека не се работи само за еден извештај туку за барање и за потсетување на европските институции дека францускиот јазик претставува исто така работен јазик,

како и другите јазици. Тој потоа наведе дека откако Шведска, Финска и Австрија станаа членки на Унијата, францускиот јазик како работен јазик во институциите на ЕУ е застапен со 40% додека англискиот 60%.
На крајот на извештајот, г-дин Брок предложи неколку заклучоци :

- да се помогнат новите земји членки на Унијата;
- да се инсистира на три работни јазици во Унијата: англискиот, францускиот и германскиот;
- да се напушти идејата на мултилингвизмот;
- систематски да се потсетуваат земјите при нивното зачленување во Франкофонијата за превземените ангажнмани;
- Перманентното претставништво на Република Франција во ЕУ да организира курсеви за новите земји членки и
- На добиената кореспонденција да се одговори на француски јазик .

На крајот комисијата предложи предлог резолуција за "*Францускиот јазик во европските институции и за одбраната на повеќејазичноста во земјите на Европската Унија*", којашто ќе биде разгледана на седницата на Бирото на ПСФ и евентуално ќе се усвои на XXIX-та пленарна сесија во Ниаме, Нигер.

Во врска со извештајот за *Предлог меѓународни инструменти за културната различност* г-дин Жак Шањон ги прочита извештаите на Меѓународната мрежа за културна политика и на Извршниот совет на Организацијата на обединетите нации за образование, наука и култура.

Во воведниот дел на првиот извештај тој истакна дека во Луцерн од 24 до 26 септември 2001 година, министрите на Меѓународната мрежа за културна политика, ги донеле следните заклучоци:

- продолжување на активностите во врска со еден меѓународен инструмент за културна различитост што би опфатил заедничка визија и заеднички цели и нормативни прописи за воспоставување тесна врска помеѓу културната различитост и социоекономскиот развој;

- обврска е на државите да ја сочуваат и промовираат културната различитост преку развојот и заживување на културни политики на сите нивоа;
- тешката состојба на државите во развој бара подршка и внимание од страна на развиените доколку сакаме зацврстување на нивниот капацитет во доменот на културниот развој.

Во воведниот дел на вториот извештај стои дека забрзувањето на процесот на мондијализација овозможи појавување на нови предизвици за културната различност, на коишто меѓународната заедница се потруди да одговори со усвојување на Универзалната декларација на UNESCO за културната различност, во ноември 2001 година.

Што се однесува до техничките и правните аспекти во врска со поставувањето на еден нормативен инструмент за културната различност, се поставуваат две прашања: врските помеѓу културната различност, човековите права и културните права од една страна и врските помеѓу различиноста, креативноста и културните политики од друго.

Меѓународните инструменти поврзани за човековите права и плурализмот се:

- Универзална декларација за човекови права (1948);
- Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права (1966);
- Меѓународен пакт за цивилни и политички права (1966);
- Меѓународна конвенција за елиминирање на секаков вид на расна дискриминација (1966);
- Меѓународна конвенција за елеиминирање на секаков вид на дискриминација кон жените (1979);
- Препорака за учество и придонес на народните маси во културниот живот (1976);

- Декларцијата на Алжир за правата на народите (1976);
- Декларација за елиминирање на секаков вид на нетолеранција и дискриминација базирани врз религијата и убедувањата (1981);
- Декларација за човекови права за лица кои не го поседуваат државјанството на земјата во којашто живеат (1985);
- Универзална декларација за право на развој (1986);
- Меѓународна конвенција за правата на децата (1989);
- Декларација за правата на лица кои припаѓаат на национални, етнички, верски или лингвистички малцинства (1992);
- Виенската декларација и нејзината Акциона програма (1993);
- Декларација и Акциона програма на Пекинг (1995);
- Декларација на Дурбан и нејзините Акциони програми (2001);
- Декларација за правата на автохтоните народи (1994) и други инструменти усвоени од UNESCO.

Во вториот дел на состанокот беа разгледани прилозите "*Технологиите на информација во служба на одржливиот развој*", подготвен од г-дин Жоел Бурден (Франција), "*Франкофонија, солидарен простор за одржлив развој*", подготвен од г-дин Бабакра Гај (Сенегал) и под разно беше прочитано писмото на г-дин Коиширо Мацура, Генерален директор на UNESCO.

Во неговиот прилог за *Технологиите на информација и комуникација во служба на одржливиот развој*, г-дин Жоел Бурден истакна дека извештајот што го подготвува е во корелација со извештајот на г-дин Реми Шерер за образованието како клучен столб на одржливиот развој и овие теми се комплементарни. Потоа, тој наведе дека кога се зборува за новите технологии пред се, се мисли на интернет, телевизија и радио, нивниот развој во земјите на југ во однос на тие на север и дигиталниот начин на дифузија и рецепција. Понатаму, тој додаде дека насловот на страницата на Програмата на Обединетите нации за развој е "Новите технологии да се стават во служба на човечкиот развој".

На крајот г-дин Бурден истакна дека сегашниот развој на дигитална технологија ќе им овозможи на богатите земји да ги купуваат од сиромашните основните суровини и откако ќе ги преработат со помош на новите технологии, ќе ги извезуваат новите производи коишто ќе бидат нова подобрена синтеза на природното богатство во вид на основни суровини и на ваков начин ќе ги гушат локалните производи. Се поставува прашањето на доведување во опасност како на биодиверзитетот така и на културната различност.

За втората тема беше прочитан прилогот на секцијата на Буркина Фасо. Известителот ги информираше членовите на комисијата дека извештајот за ова прашање е во тек на подготовка и додаде дека еден одржлив развој треба да базира врз франкофонскиот економски простор, образованието, новите технологии на информација и комуникација, мирот, стабилноста, демократијата, правдата и човековите права, заштита на човековата средина и борбата за зачувување на биодиверситетот, Франкофонија на народите, децентрализирана соработка, а не владина и новите вектори на солидарниот развој.

Комисијата за образование, комуникации и културни прашања заклучи следниот состанок на оваа комисија да се одржи во Ниаме, Нигер, на 7 јули 2003 година.

Оценка е дека учеството на делегацијата на Бирото на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ на редовниот состанок на Комисијата за образование, комуникации и културни прашања беше многу корисно. Се оценува дека е потребно да се иницираат активности во Собранието на Република Македонија за учество и следење на планираните настани кои претстојат во текот на оваа година. Тоа се однесува во прв ред на учеството на состанокот на Комисијата за парламентарни прашања, од 18 до 20 мај 2003 година, во Софија, Бугарија, Конференција на Претседатели на Парламентарното Собрание-Регион Европа, од 2 до 5 јуни 2003 година, во Жерзе, Велика Британија, како и на Годишното Собрание и Парламент на млади франкофони, од 5 до 9 јули 2003 година во Ниаме, Нигер, на којшто ќе бидат разгледани

бројни извештаи и резолуции од активноста на Парламентарното Собрание на Франкофонијата.

Што се однесува до конфекционирање на Web страница на Собранието на Република Македонија и на француски јазик, ни беше укажано дека нашата секција треба да се обрати со писмо до Меѓувладината агенција на Франкофонијата за финансиска подршка на овој проект. Истото ни беше укажано и од Шефот на мисијата на ПСФ-Регион Европа, г-дин Фреди Дегилаж, по повод нивната посета во Собранието на Република Македонија затоа што една од тезите за разговор со таа делегација беше и финансирање на нашата Web страница на француски јазик од Акционата програма за соработка за 2003 година.

Поради тоа, се предлага што поскоро да се покрене иницијатива и да се пристапи кон оформување на Web страница на Собрание на Република Македонија и на француски јазик со што ќе се овозможи поголема достапност на информациите од Собранието во рамките на Франкофонијата.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Секција на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Франкофонијата***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***за учеството на состанокот на комисијата за парламентарни прашања на Парламентарното собрание на Франкофонијата, одржана од 18 до 20 мај 2003 година во Софија, Република Бугарија***

***Скопје, мај 2003***

*Од 18 до 20 мај 2003 година, во Софија, Република Бугарија, се одржа редовниот состанок на Комисијата за параламентарни прашања при Парламентарното Собрание на Франкофонијата.*

*На состанокот присуствуваа г-ѓа Славица Станковска, пратеник на Собранието на Република Македонија и претседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Франкофонијата и административниот секретар на Секцијата Лиман Авдиу, виш советник во Собранието на Република Македонија*.

На состанокот на Комисијата за парламентарни прашања учествуваа делегациите на земји членки на Комисијата, региони и институции: Бугарија, Канада, Француска заедница на Белгија, Франција, Габон, Јура, Македонија, Мали, Мароко, Нигер, Квебек, Романија, Швајцарија, Либан, Тунис, претставниците на Генералниот секретаријат на Парламентарното Собрание на Франкофонијата и на Меѓувладината Агенција на франкофонијата.

По усвојување на дневниот ред и записникот од состанокот на оваа комисија одржан за време на XXVIII-та пленарна сесија на ПСФ во Берн, Швајцарија, од 7 до 9 јули 2002 година, претседателот на комисијата г-дин Пиер Д Бане, сенатор од Канада, и се заблагодари на бугарската секција пред се на г-дин Огњан Герџиков, претседател на Народното Собрание на Република Бугарија, на претседателот на бугарската секција, г-дин Венко Александров како и на г-дин Гинио Ганев, потпретседател на секцијата за срдечниот пречек на делегациите и значајната подготовка на работата на комисијата. Тој потоа го поздрави г-дин Пастер Нзинаора, директор за правна соработка на Меѓувладината агенција на Франкофонијата. Потоа истакна дека комисијата за парламентарни прашања се состанува еднаш на пролет и еднаш преку лето за време на Редовната сесија и затоа секој состанок на комисијата претставува посебен настан и наведе дека другата посебност на состаноците на оваа комисија е тоа дека многу често членовите на различни делегации кои сакаат да расправаат за прашања кои се типични за параламнтите и да разменуваат искуства како да ги следат програмите за соработка на ПСФ, учествуваат во работата на Комисијата за параламентарни прашања.

Тој потоа се осврна на концептот на Франкофонија и истакна дека истиот се појавил во 60 години и најголема заслуга за ова имаат иницијаторите Леополд Седар Сенгор, Хабиб Бургиба, Хамани Диори и Народом Сиханук. Оттогаш Франкофонијата, т.е. средбата на земјите кои го делат францускиот јазик прогресивно се прошири (денеска Франкофонијата опфаќа 51 држави и влади членки и 5 држави набљудувачи) и се здоби со институции кои имаат дефинирана улога во Меѓународната организација на Франкофонијата (ОИФ).

Меѓу овие институции, на прво место е Самитот на шефови на држави и влади кој претставува политички орган на одлучување. Тој се состанува секои две години почнувајќи од 1986 година со цел да ги дефинира главните ориентации на франкофонската акција. Како што е познато последниот Самит се одржа во октомври минатата година за дијалогот меѓу културите. Следниот самит ќе се одржи на крајот на 2004 година во Уагадугу за одржливиот развој. Потоа тој истакна дека Министерската конференција на Франкофонијата ги обединува министрите за надворешни работи и тие кои се задолжени за Франкофонија. Таа ги подготвува самитите се состанува помеѓу самитите, една година пред одржување на истиот заради подготовка и една година потоа за следење на примената на заклучоците од самитот. Министерската конференција е помогната од Постојаниот совет на Франкофонијата кој е составен од претставниците на Шефовите на држави и влади на земјите членки на Франкофонијата. По Самитот одржан во Ханој, во 1998 год. кој ја зацврсти политичката и дипломатската димензија на Франкофонијата, се формира Генералниот секретаријат на Франкофонијата кој спаѓа под надлежноста на генералниот секретар, избран од Шефовите на држави и влади за мандат од 4 години и кој е истовремено портпарол и претставник на Франкофонијата, во нејзината меѓународна димензија. Генералниот секретар претседава со Постојаниот совет на Франкофонијата и е најодговорна личност

на Меѓувладината агенција на Франкофонијата. Господин Абду Диуф, бивш претседател на Република Сенегал, е наследник на оваа функција на г-дин Бутрос Бутрос Гали, од јануари 2002 година.

Тој потоа ги наброи операторите на Франкофонијата, а тоа се: како главен оператор, Меѓувладината агенција на франкофонијата којашто ја обезбедува реализацијата на економската, правната, техничката, научната и културната соработка, одлучена од Самитот. Другите оператори се Мрежата на франкофонските универзитети, ТВ5, Универзитетот Сенгор од Александрија и Меѓународното здружение на франкофонски градоначалници.

Потоа тој наведе дека Парламентарното Собрание на Франкофонијата, формирано во 1967 година, претставува паралментарна димензија на ПСФ и со оглед на тоа дека параламентарците се демократски избрани од народот, нивно е легитимно право да иницираат рефлексии и акции кои имаат за цел промоција на демократијата и правната држава. Организацијата на Меѓународната организација на Франкофонијата (Organisation internationale de la Francophonie-OIF) може да изгледа комплексна но всушност, споредувајќи ја со структурата на една држава од една страна се горенаведените извршни органи и консултативниот орган како што е ПСФ. Паралемтарното Собрание на Франкофонијата денеска брои 69 секции од кои: 47 секции членки, 15 секции со асоцијативен статус и 7 секции набљудувачи. Како и секој парламент, крајната цел на ПСФ е усвојување на текстови коишто попримаат форма на мислења, препораки или резолуции по претходна расправа по комисии и усвоени на пленарни сесии. Потоа тој го опиша Бирото на Франкофонијата кое се состои од 18 избрани членови и чија основна цел е контрола на извршување на одлуките на Годишното Собрание и подготовка на пленарните сесии. Генералниот секретаријат го обезбедува секојдневното функционирање на институцијата. Парламентарен генерален секретар е г-дин Жак Лежандр, сенатор, Франција. На чело на ПСФ е нејзиниот Претседател, чиј мандат е две години.

Тој додаде дека во споредба со другите комисии, оваа комисија има една специфичност, а тоа е освен деталните извештаи, таа ги разгледува и извештаите за следење на програмите за интерпарламентарна соработка коишто се однесуваат на подршка на парламентарните центри за документација, парламентрани семинари, креирање на Web страници на франкофонските парламенти и др.

Потоа тој се осврна на дневниот ред на состанокот и додаде дека извештаите предвидени за усвојување всушност претставуваат предлог извештаи и истите ќе бидат дадени на повторно усвојување за време на Пленарната сесија во Нигер на којашто парламентарците ќе се изјаснат за предлог резолуциите.

Во првиот дел на состанокот беа разгледани овие извештаи: "*Концептот на изборниот фајл, како влог за слободни и транспарентни избори*", за кој известител беше г-ѓа Мартин Бондо, Габон, "*Заштита на малцинствата*", известител беше г-дин Дидие ван Ејл, Француска заедница на Белгија, "*Проектот* Нориа", известител г-дин Пјер Д Бане, претседател на комисијата, Канада и "*Мисии за набљудување на избори*", известител г-дин Дидие Ван Ејл.

На почетокот на нејзиниот Извештај за концептот на изборниот фајл како влог за слободни и транспарентни избори, г-ѓа Мартин Бондо наведе дека актуелно, демократијата како политички режим во којшто народот самиот ја практикува сувереноста, секогаш била една од најпосакуваните форми на владеење. Потоа таа додаде дека овој извештај ќе ги опфати 5 аспекти на изборниот процес и тоа: институционалната рамка, структурите за управување со изборните операции, подготвителните операции, правната контрола и демократската култура.

Што се однесува до институционалната рамка, таа истакна дека избирачкото гласачкото тело (le corps electorale) завзема основно место во функционирањето на јавните институции и претставува еден од првите органи на Државата. Потоа таа направи јасна дистинкција помеѓу република и монархија, како режими базирани врз принципи и деспотизмот, базиран врз каприци и во овој контекст истакна дека вистинската спротивставеност помеѓу третиот свет и Западот не е спротивставување помеѓу авторитарни и демократски режими туку помеѓу арбитрарни општества (и држави) и правни општества (и држави). Затоа, демократизацијата на авторитарните држави треба да се изврши преку примена на изборната процедура и човековите права

и тоа би било како синоним на воспоставување на демократијата во тие земји. Потоа таа се осврна на објаснувањето дадено од Монтескје во "Esprit des lois" за изборите: "преку избори, народот учествува на определување на претставниците, а не преку пренесување на волјата". Таа потоа наведе дека легислативата и законското регулирање учествуваат во воспоставувањето на демократски поредок и политичката власт треба да се реструктуира со цел да биде покомпатибилна за суверената волја на народот.

Во врска со правото на глас, таа истакна дека ова право претставува свет момент во демократијата, тој сведочи за слободата и граѓанското општество и рамноправноста на сите граѓани пред државата. Во франкофонските земји, правото на глас е ограничено на 18 годишна возраст. Во некои од овие земји, правото на глас е поврзано со резиденцијалниот статус кој претставува еден вид рестрикција.

Што се однесува до структурите за управување со изборните операции, таа наведе дека изборите претставуваат комплексна операција која бара ангажирање на голем број на луѓе и тие треба да задоволуваат одредени барања и критериуми на правната држава. Тоа значи дека постапката треба да биде регуларна, т.е. да задоволи одредени критериуми на неутралност, чесност и транспарентност. Во земјите во транзиција, недовербата речиси секогаш е правило; за да изборите бидат демократски, сите главни политички формации треба да го прифатат процесот и да ги почитуваат резултатите. За да се постигне оваа цел, земјите ги ангажираат полтичките и административните структури кои претставуваат еден вид на чувари на демократијата. Потоа таа наведе три типа на структури за управување со изборните операции а тоа се: адмнистрацијата задолжена за избори, националните изборни комисии и мешовити системи. Во Алжир, Белгија и Унгарија, управувањето со изборните операции, подготовка, организација и контрола, се врши преку Министерството за внатрешни работи. Оваа формула го исклучува постоењето на национални изборни комисии. Прашањето кое се поставува во некои африкански земји за ваквиот начин на управување со изборните операции е како народот може да верува на вакво министерство кое е политички обоено дека ќе има фер и демократски избори. Затоа, во овие земји, за спроведување на избори се формирани мултипартитни тела.

Што се однесува до националните изборни комисии, тие претставуваат реализирање на политичката неутралност на изборниот процес што претставува и едно од барањата на правната држава. Функциите на националната изборна комисија се состојат следењето на примената на законот за избори, организирање на подготовката и спроведувањето на изборите, именување на комисии по изборни единици, разгледување на поднесените жалби, запишување на кандидатските листи, објавување и ажурирање на избирачките списоци, периодично разгледување на поделбата на изборните единици, подготовка на формулари за избори, објавување на дефинитивните резултати од изборите, потврдување на избраните кандидати и подготвување на општ извештај за спроведувањето на изборите.

Што се однесува до мешовитите системи, тие се практикуваат во повеќето африкански земји и се инспирирани од францускиот модел.

Во врска со подготвителните операции, таа истакна дека повеќето африкански земји имаат проблеми при подготвувањето на избирачкиот список затоашто пописот на населението не се извршува како што треба и не поседуваат информатизирани податоци за избирачите. Што се однесува до избирачкиот список, повеќето франкофонски земји, го ажурираат еднаш годишно.

Во врска со правната контрола на изборите, т. е. правото на жалба во случај на повреда на човековите права, претставува фундаментално право и во повеќето земји, бројни санкции се предвидени во случај на повреда на тоа право меѓу кои и поништување на изборите во одредена изборна единица.

Што се однесува до демократската култура, таа наведе дека бројни проблеми се јавуваат во одредени франкофонски земји за време на изборите поради однесувањето на одредени категории на избирачи и доследно на тоа потребата за едукација на населението за демократска култура е неопходна. Тука пред се се мисли на едукација за граѓанско општество, едукација за етничка реалност заедно со постојано информирање на избирачите. Се разбира дека освен законската регулатива, како услов за фер и демократски избори освен горенаведените критериуми се и едукацијата на

избирачкиот персонал кој треба политички да биде неутрален, одговорен, компетентен, чесен.

На крајот, г-ѓа Мартин Бондо додаде дека со цел да се спроведуваат фер и демократски избори, во одредени земји се праќаат мониторинг мисии за избори со цел истите да се спроведуваат според утврдени демократски правила и да бидат признаени од политичките формации во земјата и меѓународниот фактор.

Во врска со овој извештај, претставникот на Канада истакна дека избирачкиот список кај нив секогаш се ажурира пред избори, т.е. се врши еден вид на попис на избирачи кои наполниле 18 години. Тоа е единствен случај во светот. Претставникот на Швајцарската Конфедерација наведе дека кај нив постои висока координација помеѓу службите на локално ниво со централните служби т.е. тие меѓусебно се поврзани преку терминал.

Во воведниот дел на Извештајот за заштита на малцинствата, г-дин Дидие Ван Ејл се осврна на извештајот на г-ѓа Лили Набхолц-Хајдегер, швајцарски пратеник, која на 25 март 2002 година го поднесе до Комисијата за правни прашања и човекови права на Советот на Европа кој се однесуваше на тоа дали во Белгија постојат јазични малцинства и во афирмаривен случај, дали постои законска регулатива за нивна заштита. Овој извештај беше предмет на долги дебати во ПС на СЕ кое брои 45 земји на стариот континент и чија мисија е да се грижи за почитувањето на човековите права. Потоа, тој додаде дека денеска во светот, гореспоментото прашање поврзано за националностите, малцинствата, нивните права, го задржува вниманието со својата актуелност, дисперзија и многубројните конфликти кои ги предизвикува. Истакна дека во повеќе или помалку од 200 држави во светот и новите граници кои се повлечени, околу 7500 малцинства станаа фактор на тензии не само помеѓу држави но и поделени народи на овие држави и мнозинските или доминантните култури во различни земји бараат и ден денес да им го импонираат нивниот идентитет на другите групи со кои ја делат територијата. Во одредени земји дискриминаторската практика се манифестира на различен начин и оди дотаму што предизвикува конфликти и етничко чистење и се граничи со негација на самата индивидуа.

Во врска со историскиот развој на ова прашање, г-дин Дидие Ван Ејл истакна дека долг период, прашањето на заштита на малцинствата се сметаше решено преку интерното право на државите. Некои од нив, постепено, се ангажираа преку билатерални договори да ги заштитуваат дефинираните малцинства. Моментално, може да констатира дека на општ начин, оваа материја е покриена од меѓународното право. За оваа цел, две одредби изгледаат најважни за оваа материја:

Првата е членот 14 од Европската конвенција за човекови права кој забранува секаква дискриминација. "Уживањето на правата и слободите признаени во оваа конвенција треба да биде обезбеден, без никаква разлика, базирана врз пол, раса, боја, јазик, религија, политички убедувања, национално или социјално потекло, припаѓање на едно национално малцинство, богатство, раѓање или секаква друга ситуација". За жал оваа конвенција се однесува само на европските земји и дополнително, таа првин треба да се ратификува што делумно не е случај со Белгија.

Друга важна одредба која се однесува на принципите за заштита на малцинствата е Меѓународниот пакт од 19 декември 1966 за граѓанските и политичките права, Њу Јорк. Членот 27 од Меѓународниот пакт предвидува дека: "Во државите каде постојат етнички, верски или јазични малцинства, лицата кои припаѓаат на овие малцинства не може да бидат лишени од правото да имаат, заедно со другите членови на нивната група, нивниот сопствен културен живот, да ја проповедуваат и практикуваат нивната религија или да го употребуваат нивниот сопствен јазик".

Потоа тој се осврна на изразот "национално малцинство" и наведе дека тој одредува група на лица во една држава кои: живеат на територија на државата и се нејзини граѓани, одржуваат стари, солидни и трајни врски со државата, претставуваат етнички, културни, верски или јазични специфични карактеристики, се доволно бројни и покрај тоа што се помалубројни од остатокот на населението на оваа држава или на еден регион на оваа држава, изразуваат волја да го сочуваат заедно заедничкиот идентитет, особено нивната култура, традиции, вера или нивниот јазик. Тој потоа направи разлика помеѓу нетериторијалните малцинства и територијалните малцинства и националности и додаде дека Ромите спаѓаат во нетериторијалните малцинства и

претставуваат најдискриминирана заедница. Тука спаѓаат и еврејските заедници по светот, Армените, Курдите и Чилеанците во повеќе западни земји, Магребанците во Франција или Турците во Германија. Како територијални малцинства и националности ги спомна Валдотанците, Баските, Словенците во Трст, Тиролците, Каталаните и др.

Како главни карактеристики на малцинствата ги наведе верата, јазикот и етничкото потекло. Што се однесува до етничкиот конфликт, тој истакна дека тој може да се одбегнува во мултиетничките држави. Доброто владеење игра основна улога овозможувајќи им на малцинствата да учествуваат во колективниот живот и заштитувајќи ги нивните права и интереси. Преку меѓусебно запознавање и признавање, дијалогот и учеството, сите граѓани на едно општество можат да успеат да ги разберат подобро преокупациите на едните и другите.

На крајот г-дин Дидие Ван Ејл наведе неколку позитивни ставови кои можат да се земат в предвид за малцинствата и додаде дека грижата за решавање на интересите на малцинствата не би требало да се интерпретира како реално политичко однесување или како форма на сервилност кон посебните интереси. Исто така оваа политика не би требало да се сведува во превземање на краткорочни мерки или правејќи отстапки за краткорочни решенија туку напротив, треба да постои вистинско ангажирање за заштита на идентитетот на малцинствата и за создавање на поволни услови за промоција на овој идентитет. Како пример на решавање на малцинските проблеми, тој ја наведе Финска во која живеат 5,71% Финци со шведско потекло и истакна дека шведскиот јазик е службен јазик во Финска. Слична ситуација имаат и во Белгија во којашто живеат 68000 Германци и германскиот јазик е еден од трите службени јазици.

Во извештајот за Проектот Нориа, г-дин Пјер Д Бане осврнувајќи се на генезата и целта на овој проект, истакна дека Нориа е замена за програмата Пардоц која заврши во 2001 година и се работи за многу поамбициозна меѓупарламентарна соработка. Оваа програма ги покрива не само службите за документација туку и целината на парламентарните служби.

Главната цел на оваа програма со буџет од 1 милион евра за 2002-2003 година е да ги помогне собранијата да имаат пристап и управување со информацијата и знаењата и овој поцелосен пристап е базиран врз употребата на новите технологии на информација и комуникација.

Тој потоа наведе дека се дефинирани три главни домени на коишто одговараат три видови на подршка: зацврстување на капацитетите на парламентите во доменот на информацијата пружајќи им помош за подобро управување и обработка на информацијата што ја произведуваат како и за подобро пребарување, добивање и дифузија. Општата подршка има за цел поставување на интегрален информатички систем (информатичка мрежа и интранет), достапноста на франкофонската парламентарна информација и подобрување на нејзината дифузија. Ова подразбира подршка за превод на Web странаците на параламентите на земјите членки на ПСФ на француски јазик и на крајот еден дел од буџетот е предвиден за развивање на актуелната мрежа на франкофонските парламентарни библиотеки.

На крајот, тој ги наведе земјите корисници на помош и подршка од страна на програмата Пардоц и Нориа а тоа се: Нигер, Камерун, Сенегал, Либан, Мароко и Молдавија.

На почетокот на Извештајот за мисиите за наблудување на изборите г-дин Дидие Ван Ејл зборуваше за учеството на Парламентарното Собрание на Франкофонијата во набљудувачки мисии за избори од последната сесија од јули 2002 година. Потоа тој додаде дека предност на овие мисии биле парламентарните и претседателските избори. Од јули 2002 година, мисии за наблудување на изборите беа испратени во Мали, Мадагаскар и Бенин.

На крајот, тој ја опиша работата на мисиите за набљудување на изборите во гореспоменатите земји

Во вториот дел на состанокот беа разгледани прилозите "*Одржлив развој и продлабочување на демократијата*", подготвен од г-дин Ги Пен (Франција), "*Обука и семинари за параламентарци*", подготвен од г-дин Абду Сале (Нигер) и "*Парламент на млади франкофони*", подготвен од г-дин Жан-Клод Сент-Андре (Квебек).

Со оглед на тоа дека г-дин Ги Пен беше отсутен, неговиот Извештај за одржлив развој и продлабочување на демократијата, го прочита г-дин Ив Дож, сенатор, (Франција). Во воведниот дел на Извештајот за одржливиот развој и продлабочување на демократијата, авторот предложил пет области на прашања околу кои може да се ориентира размислувањето на членовите на комисијата, а тоа се: истражување на одржлив развој и подршка на демократијата, националните парламенти и интеграцијата на одржливиот развој во јавните политики, одржливиот развој и партиципативната политика, приближување на Франкофонијата со интегрирани регионални целини и Франкофонија, нови права и обврски како премиси на светско граѓанство.

Потоа беше дадена дефиницијата за одржливиот развој која датира од Конференцијата на Обединетите нации за животната средина и развојот (Рио де Жанеиро 1992 год) и која гласи:"... тоа е развој кој одговара на потребите на живите генерации без да се компромитира способноста на идните генерации да одговараат на нивните потреби". Одржливиот развој предлага конјугација на економската ефикасност, социјалната рамнотежа и сочување на ресурсите. Тој ги соединува јавните власти, фирмите и цивилното општество и го става човекот во центарот на преокупациите. Потоа тој наведува дека консолидацијата на правната држава и на демократијата се едни од целите на Меѓународната организација на Франкофонијата. За да се постигне ова, неопходна е заложбата на парламентите во полза на интеграција на одржливиот развој во јавните политики.

Потоа, во извештајот се наведува дека повеќето земји на Франкофонијата се членки на ЕУ или пак имаат намера тоа да станат во оваа фаза на проширување. Европската политика на развојот, којашто е комплементарна со онаа на државите членки, ги следи истите цели како и Франкофонијата - подршка и консолидација на правната држава и демократијата и подршката за одржлив развој. Помеѓу Европа и Франкофонијата постои веќе една соработка во доменот на образованието, културата, науката (помеѓу Советот на Европа и Меѓународната агенција); пожелно би било таа соработка да се прошири и на други сектори кои би биле предмет на заеднички приоритети, како што се промоција на човековите права и демократијата, во соработка со други меѓународни организаци и актери.

Завршниот дел на Извештајот беше посветен на врските помеѓу одржливиот развој, еволуцијата на традиционалните пристапи на животната средина: проширување на животната перспектива на планетарно ниво водејќи сметка за долг временски период. Оваа еволуција не може да се земе предвид само во национална рамка, со оглед на тоа дека секоја земја претставува само еден од актерите за заштита на јавните светски добра на животната средина. Авторот понатаму објаснува дека наследниот и заедничкиот карактер на природната средина од една страна и целта на одржливиот развој којшто повикува на рационално управување со ресурсите во однесувањето на сите јавни и приватни актери од друга страна, налага нормативно уредување на новите права во доменот на животната средина.

Почитувањето на новите права и обврски води кон поимот на граѓанството. Движењата за оспорување на либералната мондијализација кои беа организирани како во индустријализираните, така и во земјите во развој го навестуваат појавувањето на светското цивилно општество здружувајќи различни вондржавни актери. Заклучокот е дека само во една проширена рамка на глобално добро владеење, би требало да се отвори дебата за одржливиот развој и демокаратијата.

Во воведниот дел на Извештајот за обука и семинари за парламентарци, г-дин Абду Сале (Нигер), истакна дека овој извештај претставува следење на програмите за интерпарламентарна соработка, реализиран од Парламентраното Собрание на Франкофонијата и додаде дека почнувајќи од 1994 година, ПСФ во соработка со Меѓувладината агенција на Франкофонијата два пати годишно организираат семинари за парламентраци.

Потоа ги наведе земјите во кои се организирани овие семинари меѓу кои се: Молдавија, семинар за контрола на владината акција, парламентарните анкетни комисии и контрола на активностите на административните органи за аудиовизуелност, телекомуникации и енергија; Камерун, улогата на парламентраците, односите помеѓу населението и извршната власт, елаборација на закон, политичките групи во

парламентот, правата и обврските на пратениците; Буркина Фасо, семинар за жените, образованието и здравството.

Освен обука и семинари за парламентарци, ПСФ организира и обука и семинари за државни функционери. Всушност, ПСФ во соработка со Националното Собрание и Сенатот на Република Франција, како и Националната школа за администрација (Ecole nationale d'administration-ENA), организираат студиски престои за државни функционери -франкофони за едукација за организацијата на парламентарното работење. На крајот, тој истакна дека досега 30 стажанти од 16 земји го реализирале краткиот стаж во кои што биле разработени сите аспекти на организацијата на парламентарното работење.

Во неговиот извештај за Парламентот на младите франкофони, г. Жан-Клод Сент Андре, ги информираше членовите на комисијата за подготовката на Втората сесија на Парламентот на младите франкофони. што ќе се одржи од 6 до 9 јули 2003 година, во Ниаме, Нигер. Потоа тој ги наведе критериумите и профилот за селекција на кандидатите осврнувајќи се на работната тема на сесијата и подтемите коишто одговараат секоја на една глава на Финалната декларација, а тоа се: развој и демократија, развој и социјални прашања (здравство, демографија, образование, култура), развој и солидарност, развој, приватен сектор и трговски размени, развој и нови технологии и развој и животна средина.

Потоа тој даде објаснување за функционирањето на Парламентот на младите франкофони истакнувајќи дека истиот функционира како вистински парламент. Неговата цел е усвојување на една Декларација која потоа ќе се претстави на Пленарна сесија на ПСФ, а потоа на Самитот на шефови на држави и влади. Парламентот на младите франкофони се состои од шест комисии и секоја од нив треба да расправа за една од горенаведените подтеми. Шесте известители на комисиите се состануваат за да го состават предлог преамбулата на Декларацијата. По отворена расправа Декларацијата се усвојува на Пленарно Собрание. На крајот известителот ги информираше членовите на комисијата за пријавените кандидатури за учество во работата на Парламентот на младите франкофони, меѓу кои ги спомна и претставниците на Република Македонија, кои ќе бидат еден вид на млади амбасадори на нашата земја на овој меѓународен настан.

По точката разно, г-ѓа Славица Станковска, претседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Франкофонијата, по предлог на претседателот на Комисијата за парламентарни прашања на ПСФ, г-дин Пјер Д Бане, во име на Комисијата, го прочита писмото за благодарност на бугарската секција за топлиот пречек на учесниците и совршената организација на работата.

Комисијата за параламентарни прашања заклучи следниот состанок на оваа комисија да се одржува на 7 јули 2003 година, во Ниаме, Нигер, за време на XXIX -та Пленарна сесија на ПСФ.

* * * * *

Оценка е дека учеството на делегацијата на Бирото на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ на редовниот состанок на Комисијата за парламентарни прашања беше многу корисно. Со оглед на тоа дека Претседателот на Секцијата г-ѓа Славица Станковска за прв пат учествувува во работата на оваа комисија на ПСФ, таа ги воспостави првите контакти со претставниците на секциите од Регионот Европа, Канада и Африка со цел на продлабочување на парламентарната соработка помеѓу Република Македонија и другите франкофонски земји, а особено со франкофонските земји членки на ЕУ и Канада со цел истите да ја помогнат нашата земја за зачленување во Евроатлантските структури. Се оценува дека е потребно да се покренат активности во Собранието на Република Македонија за учество и следење на планираните настани кои претстојат во текот на оваа година. Тоа се однесува во прв ред на учеството на Конференција на Претседатели на Секциите на ПСФ-Регион Европа, од 2 до 5 јуни 2003 година, во Жерзе, Велика Британија, на Парламентот на млади франкофони (младите претставници од Република Македонија), од 5 до 9 јули 2003 година во Ниаме, Нигер, како и на Годишното Собрание на ПСФ-Регион Европа во ноември во Делемон, Швајцарија на кое ќе бидат разгледани бројни извештаи и резолуции од активноста на Парламентарното Собрание на Франкофонијата.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Секција на Собранието на Република Македонија***
***во Парламентарното Собрание на Франкофонијата***

***ИЗВЕШТАЈ***

***За учеството на г-ѓа Славица Станковска, претседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Франкофонијата на Конференцијата на Претседатели на секции на ПСФ-Регион Европа, одржана од 2 до 4 јуни 2003 година во Жерзе, Велика Британија***

***Скопје, јуни 2003***

*Од 2 до 4 јуни 2003 година, во Жерзе, Велика Британија, се одржа редовната конференција на Претседателите на секции на Парламентарното Собрание на Франкофонијата-Регион Европа.*

*На конференцијата присуствуваа г-ѓа Славица Станковска. пртетседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентраното Собрание на Франкофонијата и административниот секретар на Секцијата Лиман Авдиу, виш советник во Собранието на Република Македонија.*

На конференцијата на Претседателите на секции на ПСФ-Регион Европа учествуваа делегациите на земји членки на ПСФ-Регион Европа, региони и институции: Андора, Франција, Унгарија, Жерзе, Јура, Луксембург, Македонија, Монако, Полска, Романија, Швајцарија, Чешка Република, Вале, Француска заедница на Белгија, Генералниот секретаријат и Регион Европа.

Конференцијата ја отвори и г-дин Фреди Дегилаж, Шеф на мисијата на Парламентарното Собрание на Франкофонијата-Регион Европа. Најпрвин тој ги претстави г-ѓа Славица Станковска како претседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ и г-дин Максим Жанбуркен, претседател на Секцијата на Јура. Потоа, тој се заблагодари на секцијата на Жерзе за организирање на конференцијата на претседатели на ПСФ-Регион Европа и на учесниците им посака успешна работа.

Кристофер Лакеман, сенатор на државниот совет на Жерзе и претседател на Бирото на секцијата на ПСФ, откако им посака добредојде и плодна работа на учесниците на конференцијата, го претстави составот на Советот и даде краток преглед на историјата на Жерзе.

**Дневниот ред на конференцијата беше усвоен едногласно.**

**1. Датум и место на XVI-та сесија на Регион Европа**

По оваа точка од дневниот ред г-дин Максим Жанбуркен, претседател на секцијата на Јура наведе дека имајќи ги предвид барањата на белгиската и француската секција да не се одржува редовната сесија на ПСФ-Регион Европа на 11 ноември 2003 година, со оглед на тоа дека на овој датум се организираат бројни патриотски церемонии во овие земји. Тој предложи XVI -та сесија на ПСФ-Регион Еврпа да се одржува од 5 до 8 ноември 2003 година во Делемон, во Јура, Швајцарија. Работниот дел на сесијата ќе се одвива на 6 и 7 ноември 2003 година. Предлогот беше едногласно прифатен.

**2. Разгледување на предлог дневниот ред на Парламентарното Собрание на Франкофонијата-регион Европа-Избор на работни теми на комисиите**

На 14 март 2003 година, сите секции на ПСФ-Регион Европа беа повикани да доставуваат предлог теми до Шефот на мисијата Европа. Само шест секции одговорија на оваа барање коешто имаше за цел да обезбеди добро одвивање на работата на Конференцијата на претседатели и да потикнува на дебати. Ова се однесува пред се на секциите на:

-Француската заедница на Белгија: "Демократијата преку партнерството меѓу мажи и жени";

-Република Франција: "Соработката меѓу Европската Унија и Африка- Кариби-Пацифик";

-Унгарија:"Улогата на НВО во ширењето на франкофонијата";

- Република и кантон Јура: "Местото на францускиот јазик во секторот на туризмот";

-Република Македонија: "Интеграција на балканските земји во Европската Унија: улогата на франкофонијата";

-Вале д´Аост: "Промоција на францускиот јазик поминува преку туристичките размени во франкофонската Европа".

Што се однесува на темата предложена од Унгарија, беше одлучено, во согласност со унгарската секција, истата да биде разгледана за време на семинарот кој би требало да се одржува во Будимпешта во 2004 година, во рамките на Акционата програма за соработка.

Предложената тема од Македонија (Интеграција на балканските земји во Европската Унија: улогата на Франкофонијата), беше прифатена од Парламентарното Собрание на Франкофонијата да се разгледува во 2004 година.

Претседателите на секциите на ПСФ-Регион Европа одлучија да се побара мислење од Политичката комисија на ПСФ во врска со интеграција на балканските земји во ЕУ. Во врска со ова, исто така, се одлучи да се побара од Франкофонската интергрупа во Европскиот Парламент да организираат еден состанок со цел да ги информираат претседателите на секциите на ПСФ-Регион Европа за оваа материја. Потоа Шефот на мисијата на ПСФ-Регион Европа истакна дека со оглед на тоа дека гореспоментата секција на пратеници франкофони е реорганизирана, би можела во оваа проблематика да има главна улога.

Во врска со предложените теми од секциите на Јура и Вале д´Аост, а со оглед на тоа дека тие се слични, претседателите на секциите одлучија двете секции да се договорат за составување на извештајот.

Што се однесува до темата предложена од француската секција, Шефот на мисијата истакна дека истата покрива еден важен сектор од надворешната политика на Европа затоа што повеќето од франкофонските земји спаѓаат во групата Африка-Кариби- Пацифик. Оваа тема беше исто така прифатена од учесниците на конференцијата.

### 3. Програма за соработка на Парламентарното Собрание на Франкофонијата-Регион Европа - заклучоци и перспективи

Господата Антиј и Мортес-Понс, како потписници на сметката, истакнаа дека завршната сметка на ПСФ-Регион Европа потполно одговара на фактурираните трошоци и дека целата документација за сметководството грижливо се одржува и истото е претставено на јасен и прецизен начин пред учесниците на Конференцијата на претседатели на ПСФ-Регион Европа.

Потписниците на сметката констатираа дека следните секции не ја измириле членарината во ПСФ-Регион Европа:

- за 2002 година: Европскиот парламент, Јура[17], Молдавија и кантонот Во (Швајцарија);
- за 2003 година: Европскиот парламент, Франција, Женева, Жерзе, Јура, Молдавија, Монако, Полска, Романија, Вале[18] и Во.

Во врска со неплаќањето на членарината, Шефот на мисијата наведе дека со оглед на тоа што сите програми за соработка зависат од приливот на парите на сметката, на горе наведените секции ќе им биде испратено едно потсетување од страна на секретаријатот на ПСФ-Регион Европа.

[17] Кантон во Швајцарија

[18] кантон во Швајцарија

Што се однесува до перспективите на Акционата програма за соработка на ПСФ-Регион Европа, Конференцијата на претседателите го усвои извештајот на Шефот на мисијата Европа во врска со предлог програмата за соработка предложена од секцијата на Република Македонија (за време на посетата на Шефот на мисијата на ПСФ-Регион Европа, господин Фреди Дегилаж, на Собранието на Република Македонија, од 6 до 9 април 2003 година). Истата програма беше доставена до претседателите на сите секции. Во рамките на оваа акциона програма за соработка е прифатен предлогот на нашата секција за организирање на студиски престој за двајца парламентарци и двајца функционери од нашето Собрание во Брисел[19].

Унгарската секција ја потврди желбата за организирање на семинар во Будимпешта, во 2004 година. Овој семинар во прв ред се однесува на десетте нови членки на ЕУ коишто оваа секција ќе ги контактира, а има за цел да го привлече нивното внимание за иднината на францускиот јазик во европските институции. Како што е наведено во точката II на овој извештај, улогата на НВО и дифузијата на франкофонијата исто така ќе биде разгледана.

Претседателот на секцијата на Францускаta заедница на Белгија предложи Акционата програма за соработка да не се однесува само на парламентарната соработка туку истата де се воведи помеѓу образовните институции. Претставникот на швајцарската секција истакна дека оваа идеја заслужува да се размислува и Швајцарија би можела да донира одредена сума за функционирање на соработката во областа на образованието. Потоа, тој предложи овој предлог да биде ставен на дневниот ред на Конференцијата на претседатели во Делемон, Швајцарија.

Шефот на мисијата на ПСФ-Регион Европа додаде дека секциите на централна и источна Европа уште од сега се поканувaат да доставуваат до Секретаријатот на ПСФ-Регион Европа нивни предлози за соработка во сфера на образованието. Врз основа на овие предлози, ќе се оформи предлог за измена на Правилникот за Акциона програма за соработка на ПСФ-Регион Европа.

**4. Ротација на меѓународни мандати**

Во врска со ротацијата на меѓународните мандати, г-дин Антиј истакна дека сегашниот претседател на Комисијата за образование, г-дин Реми Шерер, ќе се повлече во октомври оваа година и ќе биде заменет со г-дин Дидие Бербера. Тој подвлече дека Швајцарија не е кандидат за известител на оваа комисија.

**5. Разно**

Во рамките на точката разно, полската секција ги информираше членовите на Конференцијата на Претседатели на секции на ПСФ-Регион Европа дека во 2004 година ќе ја организира подготвителната конференција на претседатели на секции во полскиот сенат.

* * * * *

Оценка е дека учеството на претседателот на секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Франкофонијата, г-ѓа Славица Станковска, на Конференцијата на претседатели на секции на ПСФ-Регион Европа беше

[19] Во врска со студиските престои на пратеници и функционери во рамките на Акционата програма за соработка на Парламентарното собрание на Франкофонијата-Регион Европа за 2003 година, на седницата на Бирото одржана на 26 јули 2003 година, беше потврдено дека од редот на пратениците-членови на Бирото на Секцијата на студискиот престој ќе учествуваат г-ѓа Славица Станковска, претседател на Секцијата, г-дин Нелко Стојаноски, потпретседател на Секцијата и г-дин Хусеинџеват Хусеини, потпретседател на Секцијата (наместо првобитно предложената г-ѓа Ана Качакова, која се откажа поради други предвидени активности од областа на меѓународната соработка во тој период). Од редот на функционерите од Службата на Собранието на Република Македонија на студискиот престој ќе учествува г-дин Лиман Авдиу, административен секретар на Секцијата. Овој студиски престој ќе се реализира од 6 до 10 октомври 2003 година.Имињата на горе наведените пратеници и на административниот секретар веќе се доставени на Секретаријатот на ПСФ-Регион Европа.

многу корисно. Со оглед на тоа дека ова беше прво нејзино учество, претседателот на нашата секција имаше можност да воспостави контакти со сите претседатели на секции на ПСФ-Регион Европа и да ги информира за состојбите во Република Македонија. Се оценува дека е потребно да се покренат активности во Собранието на Република Македонија за учество и следење на планираните настани кои претстојат во текот на оваа година. Тоа се однесува во прв ред на учеството на XVI-то Парламентарно Собрание на Франкофонијата-Регион Европа, од 5 до 8 ноември 2003 година, во Делемон, Швајцарија, на којшто ќе бидат разгледани бројни извештаи и резолуции од активноста на Парламентарното Собрание на Франкофонијата.

Тука треба да се напомене дека од страна на Секретаријатот на ПСФ-Регион Европа има барање до нашата секција за организирање на Конференција на претседатели на секции на ПСФ-Регион Европа во 2005 година, за кое прашање треба да се завземе став во Собранието на Република Македонија.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Секција на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Франкофонијата***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***За учеството на студискиот престој во рамките на Акционата програма за соработка на Парламентраното Собрание на Франкофонијата-Регион Европа, одржан од 4 до 12 октомври 2003 година во Брисел, Кралство Белгија***

***Скопје, октомври 2003***

*Во рамките на Акционата програма за соработка за 2003 година на Парламентарното Собрание на Франкофонијата, од 4 до 12 октомври 2003 година, во Брисел, се одржа студискиот престој на Делегацијата на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Франкофонијата.*

*На овој студиски престој учествуваа г-ѓа Славица Станковска, претседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентраното Собрание на Франкофонијата, г-дин Хусеинџеват Хусеини, прв потпретседател на Секцијата, г-дин Нелко Стојаноски, потпретседател на Секцијата и г-дин Лиман Авдиу, административен секретар на Секцијата.*

Студискиот престој се реализираше во Европскиот центар за француски јазик-Француска алијанса на Брисел-Европа и институциите на Европска унија.
Овој студиски престој имаше три главни цели:

- Обука за францускиот јазик,
- Обука за институциите на Европската унија и
- Информации за интеграција на Балканките земји во ЕУ.

**Обука за францускиот јазик**

Оваа обука се состоеше во јазични и комуникативни вежби врз основа на пишани и усмени документи за следните лингвистички теми и ситуации:

- презентација, квалификација,
- ориентирање во еден географски простор,
- имиња на земји,
- ориентирање во историско, сегашно и идно време,
- изразување мислење, вкус,
- аргументирање, интервенирање на состаноци и конференции.

Овие јазични содржини беа разработени преку следните теми: Западен Балкан и Европската унија во изградба, Историја на Балканот-перспективи на интеграција, проширување на Европската унија: новинарски написи за Македонија, Балканот и Европската унија.

Овие јазични активности беа презентирани од професорите на Европскиот центар за француски јазик-Француска алијанса на Брисел-Европа: г-ѓа Изабел Лузберг, г-ѓа Валери Дипон-Бизбал и г-дин Жан-Роберт Лебрен. Начинот на презентација на горенаведените јазични целини потполно одговараше на нашите потреби за усовршување на јазикот.

Значи, оваа презентација придонесе за да се постигнат целите што беа поставени од учесниците на стажот на почетокот на обуката. Оваа обука за францускиот јазик им овозможи на учесниците да го збогатат нивниот речник и да го практикуваат францускиот јазик интензивно, што ќе им овозможи да ги прошират нивните контакти во рамките на Парламентарното Собрание на Франкофонијата и со земјите членки кои го делат францускиот јазик, но исто така, да го употребуваат францускиот како јазична алатка за комуникација во меѓународните односи.

**Обука за институциите на Европската унија и Кралството Белгија**

Оваа обука се сотоеше во средби, експозеа и посети на институциите на Европската унија а тоа се:

*а) Советот на Европската Унија*

Оваа посета беше реализирана заедно со делегацијата на Фондот за вложувања во јавни институции на Република Франција. Со средбата раководеше г. Жан Кретиен, раководител на одделението во Генералниот секретаријат во Советот на ЕУ. Господин Кретиен откако даде краток опис на институциите на Советот на Европската унија, тој се осврна на Предлогот на уставот на ЕУ. Во врска со неопходните критериуми за влез

во ЕУ, наречени како *критериуми од Копенхаген,* тој истакна дека тие се дефинирани во јуни 1993 година за време на Европскиот совет на Копенхаген. Овие критериуми се:

- Постоење на стабилни институции што ја гарантираат демократијата, правната држава, човековите права, почитувањето и заштитата на малцинствата (политички критериум);
- Постоење на способно пазарно стопанство способно да се спротивставува на конкурентскиот притисок и на силите на пазарот во рамките на ЕУ (економски критериум) и
- Способноста на земјата кандидат да ги превземе обврските т.е. реализација на целите на политичката, економската и монетраната Унија (критериум на превземање на вредностите на Унијата).

*б) Посета на Економскиот и социјалниот комитет*

Делегацијата беше примена од г-дин Жан-Пјер Фор, главен администратор. Господин Жан-Пјер Фор даде опис на организацијата и улогата на Економскиот и социјалниот комитет на Европската унија. Меѓу другото, тој истакна дека Економскиот и социјалниот комитет на Европската унија е институција со консултативен, претставителен и информативен карактер, т.е. како институција за изразување на цивилното организирано општество. Оваа институција им овозможува на економските, социјалните и граѓанските организации на земјите членки да бидат интегрален дел на процесот на градење на политиките и одлуките на ниво на заедницата. Ова консултативно Собрание е формирано со Спогодбата од Рим во 1957 година. Потоа тој додаде дека главната мисија на Комитетот е обезбедување на функцијата на советодавен орган при Советот на Европската унија, Комисијата и Европскиот парламент.

Тој истакна дека две дополнителни задачи се обезбедени од овој комитет а тоа се: да се овозможи подобро пристапување и поголемо учество на граѓанското организирано општество во европскиот проект и зацврстување на улогата на граѓанското организирано општество во земјите коишто не се членки на Европската унија.

**Вовед во историјата на Федерална Белгија-експозе**

На оваа средба, г. Тиери Алтман ја претстави историјата на Белгија до денешното време. На почетокот тој наведе дека Белгија има 10,2 милиони жители со 334,1 жител по км квадратен. Уставот на Белгија е донесен во 1831 година и бил инспириран од претходните национални и странски текстови и ги изразува фундаменталните принципи: национално застапување; поделба и рамнотежа на власта (извршната, законодавната и правната); одговорноста на министрите пред парламентот (дводомен); право на здружување; слобода на печатот, слобода на свеста и на образование; право на сопственост. Се разликуваат три нивоа на власт: општина, провинција и држава којашто е централизирана чиј шеф е кралот. Белгија е уставна монархија, а од 1991 година, една жена може да стане кралица на белгијанците.

Досега Уставот претрпел четири измени, во 1970, 1980, 1988 и 1993 година. Овие измени ја трансформираа Белгија од унитарна во федерална држава поврзувајќи три културни заедници (фламанската - неерландофони, франкофонската и германофонската) и три региони (Фландрија, Валонија и Брисел-главен град). Валонија опфаќа само еден дел од Француската заедница но во нејзините рамки се наоѓа Германофонската заедница.

Заедниците и Регионите имаат еден Парламент (или Совет) и влада освен на северниот дел на земјата во која има само еден Совет (Vlaamse Raad) и еден егзекутив. Министрите на секоја извршна власт се избрани од соодветниот Совет додека националните министри од кралот. Федералната влада се грижи главно за националната одбрана, за социјалната сигурност и надворешната политика. Овластувањата на заедниците се културата во широка смисла на зборот, образованието, употребата на јазиците и одреден број на т.н. "персонализирани" прашања (здравство, помош за научни истражувања, територија, просторно планирање, животна средина, земјоделие, енергија итн). Заедно со кралот кој ги потпишува законите, Домот на претставниците (150 пратеници) и Сенатот (71 член), ја сочинуваат

законодавната власт. Владата (15 министри најмногу) се грижи за извршување на законите. Белгија е поделена на правни кантони и арондисмани. Секој арондисман има основен суд, суд за работни односи и суд за трговија.

**Посета на Бирото за соработка EuropeAid на Европската комисија**

Делегацијата беше примена од г-дин Ф. Низери, советник за култура и образование при ова Биро.

На почетокот, г-дин Назери истакна дека Бирото за соработка EuropeAid е формирано на 1 јануари 2001 година со Одлука на Комисијата во рамките на Реформата за управување со помошта за странство. Тој потоа додаде дека оваа институција е задолжена за реализација на целината на инструментите за странска помош на Европската комисија финансирани од буџетот на Заедницата и Европскиот фонд за развој, со исклучок на инструментите за предзачленување (Phare, Ispa, Sapard), за хуманитарни активности, за макрофинансиска помош, за надворешната политика и за заедничка безбедност. Тоа значи дека Бирото е одговорно за сите фази на Циклусот на операции (идентификација, инструкција на проекти и програми, подготовка на Одлуки за финансирање, реализација на мониторинг, евалуација на пројекти и програми) кои обезбедуваат реализација на целите дефинирани од Генералната дирекција за надворешни односи и од Генералната дирекција за развој, усвоени од Европската комисија. Што се однесува до Република Македонија, тој истакна дека таа треба да има примордијална улога во дијалогот меѓу цивилизациите: христијанството и исламот. Потоа тој додаде дека Република Македонија треба да достави барање со приротитети за да може да се забрзуваат работите и истите се решаваат во што пократок рок. На крајот г-дин Назери истакна дека Бирото за соработка EuropeAid на Европската комисија, не придвидува финансиски средства за развојот на културата во Балканските земји.

**Посета на Европскиот парламент**

Оваа посета се состоеше од два дела: експозе за Европската унија, презентирано од г-дин А. Киалис и присуство на седница на Европскиот парламент со цел Делегацијата да се запознае со процедурата на гласање и донесување на закони, како и присуство на свечена седница по повод настапот на Претседателката на Литванија.

Заклучок на Делегацијата е дека Европскиот парламент работи рационално, експедитивно и дека предлог законите, откако се веќе разгледани по работни групи, за нив многу ретко се расправа на седници на парламентот.

**Средба во Генералната дирекција за надворешни работи на Комисијата на ЕУ (Комисионер Патен)**

Со средбата раководеше г-дин Етиен Перие и г-дин Константин Вебкинг.

Во неговиот настап г-дин Перие најмногу се задржа на активностите на Дирекцијата Балкан која ги следи земјите: Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија и Хрватска. Потоа тој се осврна на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и истакна дека во рамките на програмата CARDS, до 2004 година за Македонија се предвидени 130 милиони Евра. Потоа, тој говореше за економската и социјалната соработка, за регионалната соработка и на крајот истакна дека во Република Македонија е направен видлив напредок, но дека останува уште напор да се направи во врска со имплементацијата на Охридскиот договор и законот за децентрализација.

Господин Вебкинг се осврна повеќе на хармонизацијата на нашето законодавство во областите на трговијата, животната средина, правдата и други сектори со законодавството на Европската унија по ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Тој потоа додаде дека во Република Македонија недостасува иницијатива и дека кај нас се бара финансиска подршка за секоја измена на законот. Пратениците истакнаа дека Република Македонија заслужува подобар пристап од Европската унија за да излезе од оваа криза. Господин Вебкинг одговори дека првин ние сами треба да

работиме на тоа и го спомна Извештајот на Transparensy International за 2002 година додавајќи дека состојбата со корупцијата е многу лоша.

**Посета на Парламентот на Валонија во Намир**

Оваа посета беше дополнета со разгледување на градот Намир како главен град на Валонија.

## Информации за интеграција на балканските земји во ЕУ

Што се однесува до централната тема за Интеграција на Балканските земји во Европската унија, таа беше разработена од географски, политички, економски, историски и социјален аспект од страна на учесниците, како во текот на презентирање на лингвистичките и комуникативните ситуаци така и при посетите, средбите и експозеата во институциите на Европската унија.

Оваа тема беше разработена преку следните текстови: Западен Балкан и Европската Унија во изградба, историја на Балканот, новинарски написи за Македонија, Балканот и Европската Унија, Мислење на Економскиот и социјалниот совет за "Развојот на човековите ресурси во Западен Балкан", како и говорот на г-дин Жак Ширак, претседател на Република Франција на самитот на Европската унија во Солун.

Стекнатите знаења и добиените информации, на пратениците ќе им бидат од голема корист во градењето на политичките ставови во процесот на евроинтеграција, како и во меѓународната соработка

***Заклучок***

Реализацијата на студискиот престој во Европскиот центар за француски јазик-Француска алијанса на Брисел-Европа, во рамките на Акционата програма за соработка на Парламентраното Собрание на Франкофонијата-регион Европа, претставува едно ново и многу збогатено искуство.

Делегацијата смета дека ПСФ-Регион Европа не само што треба и понатаму да продолжи со организирање на слични студиски престои за парламентраци и функционери, туку оваа соработка треба да се прошири во областа на образованието, т. е. преку организирање на престои во Белгија и другите франкофонски земји на ученици од билингвалните паралелки и студенти од различни области (во вид на размена на пример). Со тоа би се овозможило истите да го усовршуваат францускиот јазик и во меѓународната комуникација би се служеле со францускиот јазик, овој убав јазик што сите нас не поврзува и го делиме заедно.

Секцијата на Собранието на Република Македонија ја изрази својата голема благодарност на Шефот на мисијата Европа и неговиот секретаријат за успешното организирање на овој престој. Притоа оцени дека е потребно да се покренат подготовки за одржување на Регионалното Собрание на ПСФ во Република Македонија во текот на 2005 година. Со тоа ќе се придонесе за афирмација на францускиот јазик во Република Македонија.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација за соработка со Европскиот парламент***

***ИНФОРМАЦИЈА***

***од Осмата меѓупарламентарна средба на Делегациите на Собранието на Република Македонија и Европскиот Парламент одржана на 27 и 28 јануари 2003 година.***

***Скопје, февруари 2003 година***

*Средбата претставува редовна активност на Делегациите на Собранието на Република Македонија и Европскиот Парламент која вообичаено се остварува еднаш до два пати во годината. Заради кризата во 2001 година како и одржувањето на парламентарни избори во 2002 година а Осмата меѓупарламентарна средба се одржа по две годишна пауза.*

*Во рамките на претстојот на Делегацијата на Европскиот Парламент, на нивно барање се оствarија средби со г-дин Бранко Црвенковски, претседател на Владата на Република Македонија, г-ца Радмила Шекеринска, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, ѓ-ѓа Илинка Митрева, министер за надворешни работи, како и со г-дин Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.*

*Делегацијата за соработка со Европскиот Парламент ја сочинуваа пратениците: Лилјана Ивановска, претседател, Каролина Ристова, заменик како и членовите Љупчо Јордановски, Зоран Томиќ, Сашко Кедев, Никола Груевски, Агрон Буџаку, Хусеинџеват Хусеини и Неждед Мустафа.*

*Делегацијата на Европскиот парламент за соработка со земјите од Југоисточна Европа беше претставена од пратениците Дорис Пак, претседател, Јоханес Свобода, прв заменик, Баронесата Сара Лудфорд, втор заменик и членовите: Кари Џонс, Јан Јос Лагендајк, Џорџо Лизи и Ари Осландер.*

*Основна тема на размената на мислења на сите средби беа прашањата за политичките, економските и безбедносните состојби во Република Македонија, како и можноста за унапредување на односите со Европската Унија.*

**Средби со претставници на Владата на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија**

Во текот на разговорите претставниците на Владата на Република Македонија информира за приоритетите на новата Влада како што се: враќањето на мирот, имплементацијата на Рамковниот договор, борбата против организираниот криминал, економските реформи во правец на натамошна демократизација на државата како и евроатлантска интеграција на земјата.

Премиерот Бранко Црвенковски истакна дека Охридскиот рамковен договор е база за градење на новите законски проекти и владините коалициони партнери се за целосна негова имплементација. По Акциониот план за имплементација на Охридскиот договор, што Владата треба да го усвои, позитивно се изјасниле партиите потписнички на истиот како и претставниците на ЕУ и на САД. Овој план содржи 12 закони и тоа за јавни претпријатија, судови, Народниот правобранител, употребата на симболите на заедниците, патните исправи, основното и средното образование, културата, работните односи, извршната постапка, за Републички судски совет и за употреба на јазиците на заедниците. Со оглед на тоа што се планира нова територијална поделба на општините, премиерот потенцираше дека од добивањето на официјалните резултати од спроведениот попис во 2002 година ќе зависи натомошниот процес на децентрализација на општеството. Основен проблем претставува финансирањето на локалната самоуправа која треба да биде квалитетно и прецизно утврдена пред одржувањето на локалните избори во 2004 година.

Беше укажано дека активностите за обезбедување на правична и соодветна застапеност на етничките заедници во јавниот сектор од една страна, како и барањето на Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка за редукција на јавната администрација од друга страна, само по себе претставува контрадикторна ситуација, но проблемот сепак мора да се решава. Во почетокот ќе се оди на обезбеднување на вработување на етничките заедници во јавните инстутуции кои што се најзначајни за

обичниот граѓанин како што е полицијата која има непосреден контакт со граѓаните и некои агенции кои непосредно комуницират со нив. Секако овде не треба да се заборават и другите етнички заедници како што се: Турците, Власите, Ромите и Србите.

За реализација на овие активности освен буџетски средства потребна е меѓународна помош, со оглед дека конфликтите многу повеќе ја чинат меѓународната заедница отколку превентивно дејствување.

Беше истакнато дека она што ќе одземе многу време и енергија е целосно враќање на меѓуетничката доверба која лесно се губи а тешко се гради.

Во врска со трговијата на човечки суштества се посочи дека Македонија се наоѓа на крстосницата за овој вид илегална трговија и Владата на Република Македонија е решена да се справи со ова зло кое претставува регионален проблем и бара комплексен пристап во неговото решавање. На ова поле со соседните земји Албанија и СРЈ веќе е потпишана Спогодба за заедничка борба против организираниот криминал и трговијата со човечки суштества. Она што охрабрува е позитивниот и поинаков пристап на меѓународната заедница кон овој проблем како и кон Балканот во целост. Добар пример за тоа е Лондонската конференција која го потврди тоа, посочи дека крајна дестинација на криминалците се западноевропските земји и констатира дека само со добра заедничка соработка на сите земји и институции во регионот може да се постигнат добри резултати. Делегацијата беше уверена дека не постојат повисоки политички цели кои би ги толерирале криминалните структури во државата и ако не се посвети доволно внимание на овој проблем, во иднина ќе се плаќа повисока цена.

За обвинувањата на опозицијата дека во Македонија се врши политички реваншизам со затворање на поранешни видни политичари, премиерот Црвенковски истакна дека Владата нема селективен пристап за сите оние кои извршиле криминални дела и досега никој не ја оспорил постапката или процедурата која ја спровеле државните институции за извршените криминални дела.

Во врска со односите на Република Македининија и Европската Унија, беа истакнати очекувања дека 2003 година да биде клучна година за Македонија, дека претседателството со Унијата на Грција и Италија, наши соседни земји, претставува голема надеж за земјите од Западен Балкан со оглед на нивните најави овој регионот ќе биде нивен приоритет.

Заменикот на претседателот на Владата, **Радмила Шекеринска** истакна дека е многу важно да се согледаат конкретните механизми и инструменти со кои практично процесот на интеграција на земјите од Западен Балкан се поттикнува. Големи се очекувањата од Самитот во Солун и доколку не се задоволат барем малку од тие очекувања, постои реална опасност да "оживеат" радикалните и националните сили. Голем ризик претставува одржувањето на клима на бесперспективност, на очекување, дека некој друг да го стори тоа за нас, дека не сме способни или дека што и да правиме некој друг "од горе" ќе ни наложи како да дејствуваме. Со цел за надминување на посочените предизвици треба да се биде свесен дека овој период е период на прифаќање, гарантирање и имплементација на вредностите на Унијата во Југоисточна Европа. Потребно е политичкиот субјект и граѓанинот да почувствува дека реформите се нивна сопственост, дека тие влијааат врз нив и дека тие нешто им менуваат во животот.

Беше укажано дека Македонија се гордееше кога стана прва земја потписничка на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, но чувството на гордост спласна по застојот во нејзината ратификација поради кризата изминатата година.

Во врска со имплементацијата на Времената спогодба беше констатитано дека нема поголеми проблеми во нејзината реализација освен прашањето на ОКТА кое е сѐ уште актуелно. Владата на Република Македонија прави напори за целосно надминување на ова прашање и веќе се разгледуваат модуси со кој овој договор би се корегирал и повел под правен поредок на Република Македонија и би се почитувале вредностите и нормите на ЕУ кои таа ги гарантира и преку Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

За Програмата **CARDS** најважно е целосно искористување на странската помош и зајакнување на апсорционата моќ. Се истакна дека се чувствува големо расположение на меѓународната заедница за помагање на најдобар начин, а од наша страна потребно е засилување на системот на координација на странската помош. Се

забележува дека спроведувањето на Програмата **CARDS** се врши многу цетализирано со пентагонална поставеност - Влада, министерства, корисници, Европска Комисија, Европска агенција за реконструкција и затоа координацијата на сите овие институции бара голема посветеност и енергија. Се прават напори да се децентализира водењето на програмите, што ќе ја зголеми одговорноста на македонските институции. Значително заостанатата реализација на помошта за 2002 година од околу 100 милиони евра со разбирање на Европската Комисијата ќе останат во функција.

Г-ца Шекеринска најави дека Македонија е подготвена да биде домаќин на повеќе средби со земјите од Процесот за соработка во Југоисточна Европа и Пактот за стабилност за да се согледа интересот и да се изградат ставови за реализација на заедничките приоритети што треба да бидат потврдени во Солун. По самитот во Солун ќе се согледа ситуацијата и ќе се процени модалитетот за идната соработка со ЕУ.

Министерот за надворешни работи на Република Мекедонија, **Илинка Митрева** ја потврди заложбата на Владата на Република Македонија за целосно враќање на мирот и стабилноста на земјата, владеењето на правото, имплементацијата на Рамковниот договор, интензивирањето на борбата против корупцијата, организираниот криминал и засилено остварување на реформите.

Ѓ-ѓа Митрева искажа големи очекувања од грчкото претседателство со Советот на ЕУ и новиот пристап кон балканските земји и помагање на процесот на интеграција. Основна работа што се очекува е чиста визија за интеграционите процеси на земјите од Западен Балкан во Унијата со постепено преминување од стабилизација кон асоцијација. Таа побара претставниците на Европскиот Парламент да се заложат за побрза ратификација на преостанатите седум земји-членки на Европската Унија кои сѐ уште во своите национални парламенти не ја ратификувале Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Тоа се Белгија, Франција, Грција, Италија, Луксембург, Португалија и Финска. Се укажа дека се очекува зајакнување на политичката соработка со сите тела на Европската Унија како би се остварила поширока соработка со цел посеопфатно презентирање на нашите ставови.

Таа информираше дека процесот на демаркација на северната граница е отпочнат. Експертите работат на дефинирање на границата во кои се утврдени многу мали отстапување од околу 150 метри од двете страни. Се прават напори да се помогне на населението кое живее во пограничниот реон со отворање на повеќе контролни пунктови за лесен премин на границата. Без да се предвидува идниот статус на Косово се работи заедно со админстрација на УМНИК за изнаоѓање на заеднички практични решенија за нормалниот процес на дефинирање на границата.

Република Македонија посветува големо внимание на регионалната соработка. Постојат повеќе Договори за слободна трговија со земјите во регионот и се става сѐ поголем акцент на економската соработка.

Во врска со раселените лица таа информираше дека процесот на враќање на лицата се одвива со определени проблеми, посебно во селата Теарце и Непроштено и дека е потребно целосно вклучување на Агенцијата за реконструкција во овој процес. Во државата се посветува големо внимание на мултиетничките полициски единици и нивно постојано стационирање во сите села. Многу важно е економското заживување на овој дел од земјата со цел отворање на економски капацитети како што тоа се случи со "Југохром" во тетовскиот регион а се со цел поголемо работно ангажирање на целото население.

Во врска со прашањето за тоа дали и кога Македонија ќе поднесе барање за членство, министерката укажа дека тоа ќе се случи кога ќе се добијат позитивни сигнали од Европската Унија. Одлуката за тоа нема да биде поднесена под притисок на другите барања, иако тој притисок е реален. Поднесувањето на барање е можност за мобилизација на внатрешен план, затоа што поставува конкретни цели, рокови и обврски.

Се очекува во текот на месец март да дојде до замена на безбедносниот аранжман на НАТО со сили за брза интервенција на ЕУ. Мисијата треба да биде релативно лесна. Таа би траела околу шест месеци, а потоа се очекува Република Македонија да може сама да се грижи за безбедноста на својата територија. Пратениците на Европскиот Парламент побараа поголемо ангажирање од страна на Република Македонија во вклучување на Босна во процесот на регионална соработка и

поголемо нејзино анимирање во сите интеграциони процеси за кои тие побараа поддршка од останатите земји во регионот. Министерката Митрева потсети на иницијативата на претседателот Трајковски со упатување на писмо на 5 декември 2002 години од петте шефови на држави од Западниот Балкан, вклучително и Босна, за реафирмирање на европските перспективи на земјите од Западен Балкан.

Разговорите со претседателот на Собранието на Република Македонија, **Никола Поповски** главно се однесуваа на функционирањето на Собранието. Тој оцени дека во овој четврт парламантарен состав за првпат има претставници од сите етнички заедници во земјата. Тој ги информираше гостите дека околу 100 пратеници од вкупно 120 во овој состав на Парламентот се за прв пат членови на Собранието. Новина претставува и тоа што Македонскиот парламент работи и со нов Деловник за работа.

Беше посочено дека по враќањето на опозицијата на седниците на Парламентот се очекува продолжување на процесот на имплементација на Охридскиот договор и утврдување на динамика за донесување на законите кои произлегуваат од него. Во врска со процесот на децентализација беше укажано дека тоа е долг и тежок процес кој ќе одземе многу време и енергија но постои политичка волја за негово целосно спроведување. Г-дин Поповски истакна на 90% од територијата не се очекуваат поголеми проблеми при неговото спроведување освен во некои средини со мешан состав на населението, но и тие мора да бидат решени.

Во врска со употреба на албанскиот јазик во работата на Собранието на Република Македонија, претседателот информираше за одредени технички проблеми во опремување на салите за одржување на седниците на работните тела на Собранието но се очекува нивно надминување со најавената помош од Канада и Белгија. Со оглед на постоење на одредени јазични проблеми во работата на комисиите каде што претседатели се пратеници од албанската заедница, г-дин Поповски информираше дека се очекува Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања како надлежно работно тело на Собранието наскоро да се произнесе по ова прашање.

**Осма меѓупарламентарна средба меѓу Делегацијата на Собранието на Република Македонија и Европскиот Парламент**

Расправата се водеше по следните точки од дневниот ред:

1. Политичката и економската ситуација во Република Македонија;

- имплементација на Охридскиот договор;
- процесот на економско заживување;
- функционирање на судството и борбата против корупцијата;
- Размена на мислења за односите меѓу Европската Унија и Република Македонија;

со претставници од:
-Владата на Република Македонија, г-ца Радмила Шекеринска, заменик на претседателот на Владата на РМ;
-Јоанис Економу, амбасадор на Република Грција во Република Македонија по име на грчкото претседавање со Советот на ЕУ;
-Европската комисија, Василис Марагос, советник во Делегацијата на Европската Комисија;
-зајакнување на интеграционата политика на Македонија кон ЕУ и унапредување на приодот на ЕУ кон процесот на стабилизација и асоцијација;
-имплементација на Времената спогодба; имплементација на Програмата "КАРДС"; и

- Перспективите за Процесот за стабилизација и асоцијација во Југоисточна Европа, Пактот за Стабилност и регионалната соработка

Во расправата учествуваа сите пратеници на двете Делегации и притоа се оствари широка размена на мислења и искуства по сите точки од дневниот ред на средбата. Во текот на подготвителниот состаноци на Делегацијата, се изврши рамковна поделба на прашањата меѓу членовите на Делегацијата, така што секој член подетално се задржа на одредено прашање од дневниот ред и тоа на следниот начин: политичката и

економската ситуација и имплементацијата на Охридскиот договор - Лилјана Ивановска, претседател на Делегацијата; процесот на економско заживување - Никола Груевски; функционирање на судството и борбата против корупцијата - Љупчо Јордановски; Зајакнување на интеграционата политика на Македонија кон ЕУ како и имплементација на Програмата "КАРДС"- Каролина Ристова; Перспективите за Процесот за стабилизација и асоцијација во Југоисточна Европа и регионалната соработка - Агрон Буџаку; Визниот режим - Сашко Кедев. Останатите пратеници активно се вклучуваа по сите прашања.

Во расправата се изрази потреба за целосна имплементација на охридскиот Рамковен договор, со цел децентализација на власта, активна политика за безбедно враќање на раселените лица во местата од кои доаѓаат, воспоставување на безбедна клима за сите во секој дел од земјата. Исто така се поздрави постојаниот интерес на властите во Република Македонија за приклучување на земјата кон ЕУ и посебно определувањето на новата Влада за програмите за интеграција во ЕУ, борба против криминалот и корупцијата, развој на стратегија за намалување на невработеноста и сиромаштијата како главни приоритети и очекува конкретни чекори да бидат направени во тој поглед без натамошно одлагање. Во разговорите се охрабри Владата да напредува во реформите, особено во секторот на претструктуирање на претпријатијата, политиката на конкуренција, комерцијализацијата на инфраструктурата и небанкарскиот финансиски сектор, без кои земјата не би можела да се промовира како дестинација за странски инвестиции.

Во врска со Коридорот 8 се поздрави потпишувањето на Меморандумот за разбирање кој претставува значање чекор напред за приближување на стопанството на ЕУ, како и кон Црноморскиот регион, Медитеранот и другите потенцијални економски партнери во регионот.

Со оглед на најавената борба против корупцијата и криминалот, членовите на двете делегации изразија сериозна загриженот за степенот до кој корупцијата може да ги поткопа политичките и административните институции во Република Македонија и го повикаа судството да превземе активности за потребните истраги и прогони. Се изрази очекување за конкретни резултати по основањето на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Се оцени дека иако има подобрување на безбедносната состојба во Републиката сепак потребни се поенергични мерки од страна на Владата и сите компетентни власти против криминалот и нелегалната трговија и за подобрување на состојбата со јавниот ред и безбедноста и поефикасна контрола на државните граници и инфраструктурата и преку кохерентна стратегија за реформите на полициската и царинската служба.

Во врска со наметнатиот визен режим за граѓаните на Република Македонија се побараа сегашните и идните членки на ЕУ што е можно побрзо да изнајдат прагматични решенија за олеснување на процесот за издавање визи на државјаните на Република Македонија за да не се создаваат непотребни пречки или линии на поделба за развојот на односите меѓу ЕУ и Република Македонија. Делегациите ги поздравија заложбите на грчкото претседателство за зајакнување на односите меѓу земјите од Западен Балкан и Европската унија и за нивна поддршка и очекуваат конкретни иницијативи да бидат презентирани на Самитот на ЕУ кој ќе се одржи во јуни 2003 година во Солун, во поглед на воспоставување на цврста врска меѓу процесот за стабилизација и асоцијација и Претпристапната стратегија.

Се оцени дека е неопходно да се продолжи со подобрување на капацитетот на земјата за апсорбирање и на капацитетот на ЕЗ за испорачување, особено во рамките на **CARDS** и за потполна имплементација на Охридскиот договор и се повика Европската агенција за реконструкција, во соработка со Владата на Република Македонија, брзо да ги заврши своите институционални задачи во областа на обновата на куќите и инфраструктурата.

Делегациите констатираа дека од големото значење е лесниот премин на воената операција Сојузничка харминија од НАТО на ЕУ со најбрз можен датум и ги охрабрија надлежните власти на ЕУ и Владата на Република Македонија да ги искористат ваквите операции на најдобар можен начин и да се согласат за корисен мандат на Силите, особено во областа на имплементацијата на реформите на одбраната и на мерките за изградба на доверба.

Беше укажано дека и покрај добрите односи со соседните земји, Република Македонија треба да се стреми кон потесна регионална соработка со останатите земји од регионот на Југоисточна Европа која треба да се зајакне како стратегиски инструмент за економскиот развој.

По дводневна расправа претседателите на Делегациите усогласија Заедничка изјава, која е одраз на расправата и водените дискусии на средбата.

Претседателите на двете Делегации по завршувањето на средбата одржаа заедничка Прес конференција во која ја информираа јавноста за водените разговори меѓу двете Делегации. Во оваа прилика Дорис Пак искажа лични ставови во врска со користењето на јазиците на заедницата во институциите на Република Македонија, а кои не кореспондираа со водената расправа на средбата.

Во текот на дводневниот престој, Делегацијата на Европскиот Парламент одржа средба и со Али Ахмети, лидер на ДУИ и Арбен Џафери, лидер на ДПА.

Следната средба меѓу двете Делегации е договорена за јануари 2004 година во Брисел, Белгија.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија***
***Во Собранието на Западноевропската унија***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на 48-та седница на Собранието***
***на Западно Европската Унија, (втор дел) одржана***
***од 2 до 4 декември 2002 година***

***Скопје, декември 2002 година***

*Во периодот од 2 до 4 декември 2002 година, Собранието на Западно Европската Унија, во Париз, Франција, го одржа вториот дел на својата редовна 48 седница. На оваа седница, на покана од претседателот на Собранието на Западно Европската Унија (СЗЕУ) г-дин Клаус Булер, учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија што ја сочинуваа пратениците д-р Ѓорѓи Спасов и г-дин Зоран Крстевски, како и секретарот на Делегацијата д-р Јован Пејковски.*

На седницата на ова парламентарно собрание се расправаше за прашања од областа на безбедноста и одбраната, за реализација на целите и определбите за единствената одбранбена и безбедносна политика и за надворешната политика на земјите членки на ЗЕУ.

Како одделни точки на дневниот ред на СЗЕУ беа извештаите за состојбата во Европа по проширувањето на НАТО, за мултинационалните европски сили, соработката во воениот европски комплекс и парламентарната димензија на контролата врз безбедносниот сектор. По овие извештаи се оствари расправа и беа усвоени заклучоци што сублимирано се прикажани во овој извештај.

**1.** Претседателот на Собранието на ЗЕУ **г. Клаус Булер** отворајќи ја седницата, со пристапен говор ги поздрави пратениците од земјите членки, асоцираните делегации и партнери, парламентарните обсервери и поканетите претставници меѓу кои и Делегацијата од Собранието на Република Македонија. Тој оцени дека од аспект на стабилноста и безбедноста промените во Европа со проширувањето на НАТО добиваат во значење со оглед дека се постигнува поголемо единство и безбедност на континентот. Во исто време се одвиваат подготовките на Конвенцијата за иднината на Европа со што одбраната и безбедноста стануваат примарни за вкупната стабилност во Европа и на нив се гледа како на заедничка компонента во рамките на единствената безбедностна и одбранбена политика на Европа.

Господин Булер говореше и за темите предвидени за расправа на седницата и предлозите што се усвоени од претседателскиот комитет на СЗЕУ. Во излагањето тој го најави своето заминување од функцијата претседател на СЗЕУ поради истекот на мандатот. Оцени дека СЗЕУ и во иднина ќе ја игра улогата што му е доделена и дека новиот претседател ќе ги продолжи напорите во истиот дух и динамика на активности.

**2.** Пред Собранието на ЗЕУ говореше министерот за одбрана на Португалија г-дин Антонио Мартин да Круз, во улога на претставник на земјата претседавач со Советот на ЗЕУ. Тој позитивно ги оцени промените што се остваруваат во Европа за изградба на европската безбедносна и одбранбена димензија во рамките на Европската Унија и во соработка со НАТО. Таа соработка се остварува успешно во заедничките мисии на теренот на Косово и во решавањето на кризата во Македонија. Со тоа се потврдува дека и натаму се упатени на таква соработка што е од интерес за иднината и безбедноста на Европа.

Во тие рамки г-дин Круз оцени дека ЕУ и САД се упатени на флексибилна кооперативност и долгорочна соработка, а во тој контекст потврдата за идните активности доаѓа и од парламентарниот дел на ЗЕУ во кој е изградена основата и е донесена одлуката за изградба на единствената безбедносна и одбранбена политика на Европа. Тој одговраше на повеќе прашања поставени од парламентарците на СЗЕУ, а се однесуваа на мерките што се преземени во рамките на претседателството на Португалија, ефектите од нив а особено на планот за спречување на тероризмот.

**3.** Министерот за одбрана на Франција г-ѓа Мишел Алиот-Мари говореше пред СЗЕУ за политиката што нејзината земја планира да ја остварува во доменот на одбраната и безбедноста. Таа истакна дека Франција има изградено ставови и предлози за европската одбранбена и безбедносна политика што се доставени да Конвенцијата за нова Европа. Потребата од изградба на заеднички европски сили за брза реакција со околу 60.000 војници што ќе може да бидат распоредени за 30 дена и со оформени структури за водење на кризен менаџмент, се неопходност и во тие рамки земјите на ЕУ треба да ги операционализираат своите капацитети, технички средства и опрема за потребите на овие сили. Воспоставувањето на силите за брза интервенција и нивната операбилност треба да бидат остварени до крајот на 2003 година. Заради што побрзо ефектуирање на овие сили Франција ќе ги зголеми вложувањата во воените средства

за 14% со законски проект што ќе го опфати одбранбеното планирање. Во тие рамки обликувањето на Европската организација за вооружување се повеќе е присутно на лидерските средби како и вклучувањето во неа на Сателитскиот центар и на Институтот за безбедносни студии што од ЗЕУ се пренесени во ЕУ.

Одговарајќи на прашања поставени од пратенците во СЗЕУ, г-ѓа Мишел Алиот-Мари ја објасни позицијата на Франција во евентуалната војна против Ирак, при што укажа дека доколку интервенцијата би била под надлежност на ООН тоа во арапскиот свет би било лошо примено. Но и во тој случај ако е тоа одлука на ООН, Франција би била вклучена во рамките на мандатот на ООН. Истакна дека и во САД се присутни оценки дека војната не е неизбежна што го потврди и претседателот Буш. Покрај тоа таа укажа дека во доменот на европската одбранбена политика побрзо е прифаќањето и изградбата на заеднички ставови од државите членки и дека во ЕУ побрзо се донесуваат одлуки во доменот на одбраната одколку во доменот на монетарната политика.

**4.** Спикерот на парламентот на Португалија г-дин Мота Амарал во улога на парламентарен претставник на земјата претседавач со ЗЕУ ги запозна присутните со ставовите и потребата за јакнење на демократска парламетарна контрола во доменот на безбедноста и одбраната. За тоа постои поддршка во политичките структури и барања од страна на граѓаните. Со процесите на транзиција се повеќе земји во Европа ги исполнуваат овие обврски што беше презентирано на Конференција одржана во Лисабон за чии што резултати тој го информираше СЗЕУ.

**5.** Во врска со "Извештајот за улогата на Европа во новиот светски поредок за мир и безбедност-придонес за Конвенцијата" СЗЕУ оствари расправа. Политичкиот комитет на СЗЕУ предложи резолуција со која СЗЕУ се залага за попрецизно уредување на заедничката безбедносна и одбранбена политика на Европа како прашање од фундаментално значење за промоција на единството и јакнење на прогресивната интеграција на Европа. Резолуцијата беше донесена заедно со предлозите за зголемување на свесноста за прашањата на одбраната и безбедноста во Европа, како и за тоа Конвенцијата да ја согледа улогата на националните парламенти и да ја обликува нивната заедничка надлежност во поглед на контролата на заедничката одбранбена и безбедносна политика на ЕУ, особено на интервладината сфера како и за заедничката надворешна и безбедностна политика на земјите членки. Ваквата позиција не би била регресивна во поглед на можностите за анкетирање и следење на парламентарните тела над работата на владините структури туку треба да се обезбеди рамнотежа меѓу двете структури заради почитување на демократските придобивки и транспарентноста во оваа сфера што е присутна во земјите на ЕУ.

**6.** Расправата за "Извештајот за проширувањето на НАТО и ЕУ" како одговор на извештајот на Советот на ЗЕУ укажа дека проширувањето на НАТО и ЕУ води кон вклучување на 25 земји од Европа во единствена структура што претпоставува подигнување на свесноста за овој процес во земјите членки но и во земјите кои се приклучуваат во ЕУ. Во тие рамки соработката со САД треба да биде согледана од аспект на проширувањето на НАТО и односите со Европа како целина. Исто така новите односи со Русија се од стратешко значење за Европа, како и односите со Украина, поради што позитивно се оценети потпишаните договори за соработка со овие земји. Во таа насока се поздравува приемот на повеќе земји во НАТО како процес кој води кон јакнење на партнерството на европските земји во доменот на одбраната. Се укажува дека СЗЕУ треба и натаму да биде активен форум во кои земјите на ЕУ и НАТО ќе ги претставуваат стратешките интереси во доменот на одбраната и безбедноста.

СЗЕУ изрази заложби за координирање на активностите на ЕУ и НАТО во поглед на земјите од Југоисточна Европа. Координацијата би била со цел за поттикнување на можностите за нивен прием во ЕУ и НАТО. Во таа насока СЗЕУ укажа на потребата таа координација да продолжи и со заеднички напори да се постигне економска и политичка стабилизација на земјите од Југоисточна Европа, а особено на Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, СР Југославија и Република Македонија со цел да се подготват да станат земји кандидати за прием во ЕУ колку што е можно поскоро.

**7.** Во името на Лорд Роберсон, генерален секретар на НАТО, пред пратениците на СЗЕУ говореше помошникот на генералниот секретар за политички прашања г-дин Алтенбург. Тој ги претстави резултатите од Самитот на НАТО во Прага при што укажа

дека поканата за прием на седум нови земји е од историско значење за стабилноста и безбедноста во Европа како и за јакнење на трансатланската врска и партнерството со САД. Со ова проширување НАТО го добива просторот од Балтикот до Црното море, а со проширувањето на НАТО поделбата на Европа од минатото се надминува.

Втората порака од Самитот е донесената одлука за јакнење на нови капацитети за голем воздушен и морски транспорт на вооружени формации што е од особен интерес за силите за брза интервенција кои се планираат и кои се наречени "НАТО сили за одговор". Тоа значи формација бригада подготвена во многу кратко време да оди каде што е потребно и вооружена со прецизно водена муниција.

Третата задача од Самитот е борбата против тероризмот, јакнење на одбранбени капацитети, размена на разузнавачки информации и постоење на партнерство и заеднички акции против тероризмот. Со тоа НАТО станува фокусна точка во мултинационалната борба против тероризмот и другите асиметрични закани. Покрај тоа нагласена е потребата за борба против оружјата за масовно уништување и нивна елиминација но и јакнење на силите на НАТО за справување во ситуации на нивно активирање.

Тој истакна дека стратешкиот интерес и соработката меѓу ЕУ и НАТО дадоа резултати на примерот на Македонија каде што беше спречена граѓанска војна, поради што ваквата соработка меѓу овие институции се очекува да зајакне како одговор на бројните предизвици кои се сé поприсутни.

**8.** На седницата говореше и министерот за одбрана на Грција г-дин Папантониу во улога на претставник на земјата иден претседавач на ЗЕУ и ЕУ. Тој ги нагласи целите што планира да ги оствари во мандатниот период од дванаесет месеци при што ги нагласи: борбата против тероризмот со сите средства, превенцијата на конфликти во Европа, партиципација во оформувањето на Конвенцијата за Европа, изградбата на комплесни структури за силите за брза интервенција на ЕУ и слично. Најави дека Грција ќе предложи иницијатива и процедура за зголемување на трошоците во областа на одбраната со цел за забрзување на оформувањето на силите за брза интервенција на ЕУ.

Тој говореше за соработката ЕУ-НАТО, особено во поглед на решавањето на сложените конфликтни ситуации на Балканот при што се заложи за партнерство и натамошно заденичко присуство на двете структури во Босна, на Косово и во Македонија, односно по потреба во земјите од регионот. Говореше и за јакнење на врските помеѓу меѓународните организации и институции во оформувањето на заеднички европски капацитети за превенција и против појавата на милитантни однесувања и тероризмот, соработка во градењето на единствената одбранбена и безбедностна политика на Унијата, развој на нови програми за европската одбранбена индустрија и слично

Министерот одговараше на повеќе прашања поставени од пратениците со кои се допрецизираа позицијата и активностите што се очекуваат во мандатот на грчкото претседателство со ЗЕУ и ЕУ, а посебно за конкретните мерки и активности на секоја од земјите членки.

**9.** Согласно со правилата за работа Собранието на ЗЕУ го избра за претседател на следната 49-та седница г-дин Јан дик Блаув пратеник од Холандија, односно за претседател на Собранието. На седницата се изврши избор на 10 потпретседатели за следната 49-та седница на СЗЕУ. Избрани беа пратениците: г-ѓа Мануела Агуир (Португалија), г-дин Дик Деес (Холандија), г-дин Марцел Глеснер (Луксембург), г-дин Жан-Пол Хенри (Белгија), г-дин Јоаким Хорстер (Германија), г-дин Тони Лојд (Обединетото Кралство), г-дин Гуилермо Мартинез Касан (Шпанија), г-дин Жан-Пјер Масере (Франција), г-дин Теодорос Пангалос (Грција) и г-дин Марко Зачера (Италија).

По завршената постапка на избор, претседателот г-дин Блауб се заблагодари на изборот со пригоден говор и ги најави активностите на СЗЕУ во текот на неговиот мандат.

За генерален секретар на СЗЕУ со петгодишен мандат повторно е избран г-дин Колин Камерон.

**10.** На седницата се расправаше и за извештаите за: европската одбранбена политка како придонес за Конвенцијата; за мултинационалните европски сили; за партиципацијата на европските сили во кризен менаџмент-одговор на годишниот

извештај на Советот на ЗЕУ и за парламентарната контрола врз службите за разузнавање во земјите на ЗЕУ и потребата за реформи во овој сектор. Оценка е дека со овие извештаи се постигнува поголемо информирање за состојбите на планот на парламентарната контрола што е особено потребно да биде нагласено во демократските земји и се препорачува моделот да биде применет и во другите земји во Европа.

Во врска со соработката во доменот на вооружувањето во Европа беше прифатен извештајот за работата на Западноевропската група за вооружување. Се оцени дека политиката што се води во оваа област треба да ја дефинира структурата на европската индустрија за одбрана. Повеќето органи и организации кои се вклучени во оваа област треба да бидат синхронизирани во активностите за постигнување на поголема, ефикасна и конкурентна индустрија за производство на средства за одбрана.

СЗЕУ оцени дека е потребно да се подготват планови за реформирање на системите за разузнавање со одбрана на парламентарните прерогативи за ефикасна и демократска контрола врз разузнавачките активности.

**11.** Предложениот Извештај на ревизорот за сметките на СЗЕУ во 2001 и за трошењето на средствата беше усвоен. За Буџетот за 2002 година се оствари дебата и се заклучи истиот да остане во предвидениот износ од 5,8 милиони евра. СЗЕУ иако планираше да расправа за Предлог Буџетот за 2003 година, заклучи дека истиот треба да биде подетално согледан поради што се одложи неговото донесување.

**12.** СЗЕУ расправаше по Извештајот за ирачкото прашање поднесен од Политичкиот комитет на СЗЕУ. Се оцени дека напорите на меѓународната заедница се насочени кон спречување на употреба на оружје за масовно уништување што го поседува Ирак. Но едностраната интервенција на САД би била загрижувачка за меѓународниот поредок и поставеноста на ООН заради што беше поздравена резолуцијата на ООН 1441. Во таа насока СЗЕУ заклучи преку механизмот на ООН да се влијае на имплементација на оваа резолуција, а во спротивно да се инсистира со примена на сите средства и со заедничко дејствување да се применат сите одлуки на ООН. Изразена беше подготвеност да се дејствува кон економска и политичка реконструкција на Ирак со зачувување на неговиот територијален интегритет и обезбедување право на народот на оваа земја слободно да одлучува за својата иднина.

Учеството на оваа седница на СЗЕУ може да се оцени како корисно и позитивно со оглед дека беа следени ставови искажани од повеќе говорници во поглед на состојбите во Македонија и идното ангажирање на меѓународната заедница кај нас и во регионот. Со присуството е даден поттик во натамошното унапредување на соработката со СЗЕУ и во институционализирање на истата во блиска иднина. Покрај тоа со активното присуство и комуницирање во настаните, се придонесе за градење на заеднички ставови по прашањата што се разгледуваа на седницата на Собранието на ЗЕУ. Со тоа е остварена натамошна меѓународна афирмација на Република Македонија во поглед на најактуелните прашања кои се од надлежност на СЗЕУ и се овозможи да продолжи континуитетот на соработката со оваа меѓународна организација.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија***
***Во Собранието на Западноевропската унија***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на меѓународниот колоквиум на Собранието на***
***на Западноевропската унија, одржан на 17 и 18 март 2003 година,***
***во Атина, Грција***

***Скопје, март 2003 година***

*Во организација на Собранието на Западноевропската унија и парламентот на Република Грција на 17 и 18 март 2003 година, во Атина, се одржа меѓународен колоквиум на тема: "Европа и новата стратегија за национална безбедност на САД-заедничка борба против тероризмот". На овој настан, на покана од претседателот на Собранието на Западноевропската Унија (СЗЕУ) г-дин Јан Дирк Блаув, учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија што ја сочинуваа пратениците д-р Ѓорѓи Спасов и г-дин Зоран Крстевски, како и секретарот на Делегацијата д-р Јован Пејковски.*

Колоквиумот на кој присуствуваа близу 250 парламентарци, беше организиран заради согледување на најактуелните аспекти поврзани со безбедноста, меѓународната соработка и борбата против тероризмот. Врз основа на презентирани сознанија на одделни официјални личности и учество на парламентарците, се доби поширока претстава за проблемите и можностите за решавање на прашања со кои на глобален план се соочуваат сите земји. Настаните во врска со претстојната воена интеревенција во Ирак даваа посебен белег на собирот и истите беа неизбежен елемент во настапите на учесниците на колоквиумот.

**1.** Претседателот на грчкиот парламент г. Апостолос Какламанис, во пригодниот говор, им посака добредојде на пратениците и гостите и оцени дека темата за која ќе се расправа е мошне актуелна и добива во значење заради настаните и случувањата поврзани со борбата против меѓународниот тероризам. Истакна дека центарот на настаните треба да биде Организацијата на обединетите нации кои е неопходно да бидат поддржани како место каде што се уредуваат односите во меѓународниот поредок. Војната во Ирак не е неизбежна и треба да се преземат мерки со политички средства да се решаваат конфликтите. Господин Какламанис укажа дека Европската унија треба да ги координира своите активности во борбата против тероризмот со оглед на бројните прашања кои се присутни и за кои треба да се градат ставови во рамките на единствената одбранбена и безбедносна политика на Унијата.

**2.** Претседателот на Собранието на ЗЕУ г-дин Јан Дирк Блаув отворајќи го колоквиумот ги поздрави пратениците и другите гости и оцени дека напорите на земјите од Европа во градењето на заедничката безбедносна и одбранбена политика стануваат примарни за вкупната стабилност во Европа. Г-дин Блауб се заблагодари на домаќинот, парламентот на Грција, за можностите, гостопримството и организацијата за одржувањето на колоквиумот што е една од формите на активност на Собранието на ЗЕУ. Укажа дека на овие напори се гледа како на заедничка интересна и поврзувачка компонента во рамките на единствена Европа. Случувањата во САД по 11 септември 2001 година се анализирани и тој го постави прашањето дали резултатите од тие согледувања се еднакви во Европа и во САД, кои се одлучуваат на унилатерална акција и дали Европа ќе биде во можност да го најде своето место во мултиполарниот свет. Најави повеќе активности на Собранието на ЗЕУ на овој план и скорешно директно согледување на состојбите во повеќе земји во Европа, а особено во поранешните југословенски земји, за што најави дека ќе оствари нивна посета.

**3.** Потпретседателот на Собранието на ЗЕУ и поранешен министер за надворешни работи на Грција г-дин Теодорос Пангалос оцени дека стратегијата на САД што се применува за превенција на безбедноста содржи многу елементи на загриженост за европјаните. Укажа дека е неопходно да се согледаат корените на тероризмот и преку дипломатски иницијативи, економска и специјална поддршка да им се помогне на земјите, а особено на умерените муслимански земји во превенцијата на оваа појава.

**4.** Во дебатата што следеше беа искажани разни појдовни гледања на активностите кои може да се преземат во решавањето на тероризмот во светот, а поврзано со тоа и кризата во врска со Ирак. Но во поголем број беа искажани критички тонови кон САД, кои, преземајќи унилатерална активност ги доведуваат во прашање институциите на меѓународниот поредок. Критиките беа упатени и на т.н. "нова доктрина на унилатерален пристап" и тенденцијата за нејзина легитимизација како неогранично право на интервенција. Од претставниците на Велика Британија САД добија поддршка во нивните настојувања со вооружени средства да се справат со режимот во Ирак.

**5.** Колоквиумот беше поделен на 4 одделни сесии.

Во **првата сесија** се говореше за новата безбедносна стратегија на САД. Стратегијата ја претстави поранешниот претседател на Собранието на ЗЕУ г -дин Луис Мариа де Пуџ. Имено администрацијата на претседателот на САД г-дин Џорџ Буш има издадено публикација: Националната старегија во доменот на безбедноста, од септември 2002 година, во која се наведени приоритетите што се планираат да бидат преземени и соработката со сојузниците во таа борба. Тој укажа дека со стратегијата се променети повеќе цели во интересната сфера на САД, а главни се определбите за унилатерална акција, за јакнење на ракетната одбрана и геостратешка промена на интересите според регионален пристап. Во тој контекст тој се заложи за оспособување на ЕУ да дејствува самостојно во случај кога би бил загрозен нејзиниот стратешки интерес.

Излагање поднесе потсекретарот за надворешни работи на Грција г-дин Јоанис Магриотис кој даде приказ на ангажирањата што се направени за смалувањето на ризиците од употреба на оружје за масовно уништување и стратегијата што ја применува САД на тој план. Магриотис ги истакна потребите што Европа би требало да ги реализира за да ја достигне потребната стабилност и безбедност во одбраната од заканите со кои се соочува. Во таа функција треба да бидат развиени инструменти, воени капацитети и политика за заштита на населението од терористички закани.

Претседателот на Комисијата за надворешна политка на грчкиот парламент г-дин Карлос Папуљас оцени дека се јавуваат различни интереси на безбедносен план меѓу САД и ЕУ. Несогласувањата за такви прашања претставуваат закана за безбедноста на двете страни и поради тоа се заложи за усогласување на ставовите со што би се избегнале безбедносните ризици кои се појавуваат доколку се присутни разлики на овој план.

**Втората тема** се однесуваше на последиците за глобалната безбедност, а во рамките на оваа тема говореше Еланд Иван од Независниот Оклахома Универзитет од САД. Тој ги изнесе гледањата дека двете централни точки од новата доктрина на САД во доменот на националната безбедност се контрапродуктивни и тоа: како борбата за примат така и за првенственото право. Политиката на глобална хегемонија е сеуште присутна како и употребата на методот на превентивна закана и унилатерална интервенција што како основа се моделирани уште од крајот на студената војна. Таквите методи предизвикуваат кај одделни земји нуклеарно да се вооружуваат со цел да бидат подготвени од евентуален унилатерален напад од САД. Меѓутоа интервенцијата во секоја земја не би била можна ниту пак би била поддржана од јавноста во САД. Од друга страна интервенциите во Косово и во Босна и Херцеговина беа со одобрување од ООН но без употреба на копнена сила. Вордингот што се користи од претставниците на САД и во нивните документи е променет и е директен заканувачки, лице во лице. Затоа и продолжува политиката на трупање на нуклеарно оружје во САД со цел тоа да биде закана за евентуален можен нуклеарен напад на оваа земја, но како противтежа се јавуваат слични позиции и кај други земји кои пристапуваат кон обновување на сопствени нуклеарни програми (Северна Кореа, Иран и други). Луѓето од интелектуалните кругови сметаат дека нема баланс во одговорот на искажаните закани и дека преземените акции се прекумерни во однос на реалните закани.

Потпретседателот на Државната дума на Руската федерација г-дин Владимир Лукин истакна дека недопуштено е било која земја да изјавува дека ќе ги прифати ставовите на ООН доколку се изгласани соодветно на тие што таа ги застапува. Како пример, тој посочи дека Русија, која беше изложена на напади од територијата на Грузија, неформално побара ООН да ја поддржи во интервенцијата во Грузија, но беше одбиена. Русија постапи согласно со одлуката на ООН. Затоа треба да се почитува меѓународниот поредок и да се очекува и од другите да го прават тоа. Доколку САД ја применат новата доктрина тие самите ќе си ги загрозат нивните витални интереси претварајќи се во глобален полицаец, а решението не се содржи во таквата поставеност. Критикувањето на сојузниците може да ја загрози трансатлантската соработка. Затоа укажа дека е неопходно во антитерористичката борба и антипролиферационата коалиција да бидат заедно сите демократски земји.

Во мошне развиената дебата што следеше во главно доминираа гледања дека не е потребно со воени средства да се решават проблемите, туку пред се треба да се делува преку меѓународните институции. Во спротивно се јавува недоверба што може да ги наруши воспоставените баланси во светски рамки. Во тие рамки беа искажани повеќе ставови. Поларизација имаше во ставовите на пратенците зависно од тоа дали се од земјите кои ја поддржуваат САД или не, па од таму можеше да се слушнат мошне сериозни укажувања за поддршка на воената варијанта на решавање на конфликтите, а заради воспоставување на демократски поредок во Ирак и заштита од можен тероризам.

Во **третата сесија** обсервациите беа насочени кон последиците за НАТО и трансатлантската соработка што може да се појават со реализацијата на новата стратегија на САД во доменот на безбедноста. Воведно излагање имаше амбасадорот на САД во Грција г-дин Томас Милер. Тој укажа дека во НАТО САД гледаат како на сојуз на мирот и на иднината со оглед дека претставува стратешка алијанса која ги штити интересите на сојузниците. Како најголема закана ги оцени ширењето на оружјето за мосовно уништување и тероризмот. На овие закани НАТО и САД мора да одговорат, со оглед дека се јавуваат нови состојби и односи кои можат да ги загрозат интересите на земјите со демократско уредување. Укажа дека НАТО силите за брза интервенција треба да се комплементарни со силите на Европската унија и во соработка се посилни во совладувањето на заканите. Говореше и за Ирак и потребата за воената интервенција во оваа земја која ја најави дека е можна во наредните денови.

Учествувајќи во дебатата г-дин Марио Поломбо, потпретседател на парламентарното Собрание на НАТО, укажа дека се донесени повеќе резолуции, документи и акти со кои се осудува тероризмот, но дека отсуствува конзистентна активност на меѓународен план што ефикасно ќе се справи со оваа појава. Така ЕУ донесе резолуција за соработка со НАТО, во рамките на ООН се одвиваат бројни активности, но потребна е и нивна синхронизација и заедничка акција.

Во овој дел настапи и г-дин Вилијам Хопкинсон, од Кралскиот институт за меѓународни работи и соработник во Кралскиот институт за одбранбени студии од Велика Британија. Тој изнесе повеќе прашања и отвори бројни дилеми во врска со борбата против тероризмот, улогата на НАТО, врските со сојузниците, како и улогата и позицијата на ООН. Оцени дека со новата стратегија на САД која е унилатерална не се почитува меѓународното право и позицијата на ООН. Администарцијата на Буш употребата на сила ја гледа како метод на дејствување за постигнување мир или пак начин за менаџирање со јавните работи. Стратегијата на единствена суперсила се поттикнува наспроти балансот на силите во светски рамки. Во тој контекст НАТО не е дел од стратегијата на САД, ниту пак трансатланската врска ја има истата основа. Според Хопкинс НАТО му користи на САД како инструмент за контрола на европската надворешна и безбедносна политика и да го обезбеди влијанието на САД. Затоа тој изразува чудење зошто најкорисниот инструмент за борбата против тероризмот не е вклучен позначително во новата стратегија на САД. Во врска со Ирак тој постави дилема зошто САД не ги елиминира и другите режими од ист вид кои ги има на Блискиот исток, со што би се елиминирала основата за тероризмот. Оцени дека новите сојузи меѓу Кина, Франција и Русија во ООН се одговор на однесувањето на САД кое како да е од 19 век, што ги враќа назад во поглед на меѓународниот поредок. Затоа тој се заложи за почитување на ООН и меѓународниот систем, а трансатлантската соработка само може да ги зајакне врските базирани на принципите на ООН.

**Четвртата сесија** беше посветена на перспективите на единствената одбранбена и безбедносна политика на Европската унија и на заедничкиот одговор на заканите на меѓународниот тероризам. Во овој дел говореше г-дин Михаил Кристохидис, министер за јавен ред на Грција, кој истакна дека пристапот во борбата против тероризмот е мултидимензионален заради глобалните карактеристики и феномените што го следат тероризмот. Насилството од тероризмот е мошне разновидно и од таму и одговорите бараат поширок опфат како на земјите и организациите, така и на формите на акциите против тероризмот. Интервенцијата надвор од националните граници се наметнува токму од глобалниот карактер на тероризмот кој ја напаѓа демократијата и политичкиот систем на земјите. Затоа и граѓанското општество треба да се вклучи во борбата против фанатизмот, екстремизмот, фундаментализмот и било која друга форма што

поттикнува насилство. Тој оцени дека опкружувањето на Грција е со бројни нерешени прашања поради што покренувањето на сите проблеми бара различни пристапи во нивното решавање.

Исто така говореше и Густаво Силва, претседател на Комисијата за надворешни работи на Долниот дом на парламентот на Италија. Тој се задржа на јавното мислење во Европа и во светот. Оцени дека јавното мислење е основот на кој почива обединета Европа, па од таму политичарите треба да го респектираат и сходно да постапуваат. На тој начин се доаѓа до форма на влијание која води кон колективно одлучување што е од интерес за граѓаните доколку се штити нивниот интерес.

Поранешниот министер за надворешни работи на Турција г-дин Исмаил Џем во своето излагање даде оценки за најактуелните настани во доменот на меѓународната безбедност и соработка. Се заложи за заеднички одговор и борба против меѓународниот тероризам, со прифаќање на одговорност и почитување на ООН бидејќи како што истакна, унилатерализмот е можеби добар на краток рок, но на долг рок води кон негативен развој на меѓународните односи. Новата стратегија на САД без главните европски партиципиенти и без димензијата на ООН претставува само американски инструмент што не му служи на интересите на светскиот поредок. Тој изрази сомнеж дека таквата стратегија всушност не е од интерес ниту на потребите на САД.

Во дебатата што следеше учествуваа повеќе пратеници од земјите членки на ЗЕУ, асоцираните партнери, обсервери и други земји. Оценка е дека дискусиите на пратениците ги респектираа искажаните ставови на споменатите говорници и во исто време дадоа пошироки согледувања за различните поимања на прашањата кои беа на дневен ред на колоквиумот.

* * * * *

Може да се оцени дека колоквиумот само ги потврди различностите во погледите и ставовите за прашањата во доменот на одбраната и безбедноста, но истовремено овозможи запознавање за мошне значајни прашања во врска со борбата против тероризмот, најновата стратегија и доктрина на САД, положбата и улогата на НАТО, ООН и другите меѓународни организации во современите случувања, како и погледите на главните протагонисти во креирањето на политиката поврзана со Европа и регионот на Балканот. Ваквата форма на активност на Собранието на ЗЕУ им овозможува на пратенците правилно да ги согледаат сите аспекти на безбедносната дименизија во градењето на ставовите на меѓународен план и во оформувањето на демократските системи во рамките на нивните земји.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија***
***Во Собранието на Западноевропската унија***

***ИЗВЕШТАЈ***
***за учеството на 49-тата седница на Собранието на***
***Западно Европската Унија, (прв дел)***
***одржана од 2 до 4 јуни 2003 година***

***Скопје, јуни 2003 година***

*Собранието на Западно Европската Унија во периодот од 2 до 4 јуни 2003 година во Стразбур, Франција, го одржа првиот дел на својата редовна 49-та седница. На оваа седница, на покана од претседателот на Собранието на Западно Европската Унија (СЗЕУ) г-дин Јан Дирк Баув, учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија како парламентарни обсервери. Делегацијата ја сочинуваа пратениците: д-р Ѓорѓи Спасов и г-дин Зоран Крстевски, како и секретарот на Делегацијата д-р Јован Пејковски, раководител на Секторот за меѓународна соработка во Собранието*.

За време на одржување на седницата беа остварени повеќе активности и средби што хронолошки се прикажани во овој извештај.

**1.** Претседателот на Собранието на ЗЕУ **г-дин Јан Дирк Блаув** на почетокот на седницата, со пристапен говор ги поздрави пратениците од земјите членки, асоцираните делегации и партнери, парламентарните обсервери и поканетите претставници меѓу кои и Делегацијата од Собранието на Република Македонија. Ги најави дебатите по одделните точки од дневниот ред на СЗЕУ меѓу кои и Извештајот за состојбите во земјите на југоисточна Европа, при што укажа дека како претседател посетил дел од земјите меѓу кои и Република Македонија. Говорејќи за ефектуирањето на единствената одбранбена и безбедносна политика потсети на операцијата во Македонија "Конкордија" која ја оцени како лимитирана и во релативно безбедностно опкружување, но дека земјите на ЕУ треба да се подготвуваат за целосно преземање од НАТО на операциите во западен Балкан а особено во Босна и Херцеговина и на Косово. Претседателот Блаув даде оцени за предлозите содржани во Конвенцијата за Европа, а кои се однесуваат за безбедносната и одбранбената политика на ЕУ, како и дилемите кои се присутни на овој план и врз таа основа загриженоста за остварување на европска структура што ќе биде одговорна во доменот на одбраната и безбедноста. Тој укажа на бројни иницијативи што се покренуваат и на потребата структурите на ЕУ да дадат одговори на дилемите кои со Конвенцијата не се решени.

**2.** Претседателот на Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС на СЕ) **г-дин Питер Шидер** како домаќин на организацијата во чии простории СЗЕУ ја одржува својата седница, со пригоден говор ги поздрави парламентарците и ја истакна потребата за поголема соработка меѓу двете парламентарни собранија. Врските меѓу овие собранија се персонални, со оглед дека сите членови на СЗЕУ се и членови на ПС на СЕ, истите се мошне развиени и се нагласува потребата за заеднички напори во изградбата, како на демократските општества, така и на јакнењето на стабилноста и безбедноста во Европа и пошироко.

**3.** Пред Собранието на ЗЕУ говореше министерот за одбрана на Турција г-дин Векди Ѓонул. Тој укажа дека Турција, како асоциран член на СЗЕУ е присутна во сите негови активности. Таа е единствена земја членка на НАТО и кандидат за членство во ЕУ што е член и во Исламската конференција. Турција докажува дека муслиманското општество може да биде демократско, отворено, транспарентно, плуралитичко и современо што значи и европско а и да го сочува својот идентитет. Информираше за состојбите во Турција, особено во доменот на безбедноста и одбраната и за напорите за членство во ЕУ и за соработката во доменот на Европската група за вооружување.

Министерот одговараше на повеќе прашања поставени од пратениците а кои се однесуваа на позицијата на Турција и нејзините релации на безбедносен план со соседите, особено со Грција и за прелетите на воените авиони, врските со Кипар, проблемите кои се присутни во доменот на безбедноста, последиците од војната во Ирак и слично.

**4.**Собранието оствари заедничка расправа по "Извештајот за безбедносната политика во проширена Европа-одговор кон годишниот извештај на Советот на ЗЕУ" и за "Извештајот за безбедносната политика во проширена Европа-придонес кон Конвенцијата". Во пошироката дебата во која учествуваа парламентарци од повеќе земји беа уочени основните компоненти на единствената безбедносна и одбранбена политика на Европа што треба да биде основа врз која ќе се градат решенијата што се предлагаат во Конвенцијата со која ќе се уредуваат односите во земјите членки на

Европската Унија. Врз основа на расправата беше усвоена резолуција со препораки до Советот на ЗЕУ, а од кои посебно треба да бидат истакнати:

-се покануваат земјите кандидати за членство во НАТО и во ЕУ да се изјаснат за прифаќање на договорот од Брисел со кој се дефинира членството во ЗЕУ и доколку овие земји се изјаснат позитивно да започнат преговори за нивно приклучување во ЗЕУ;

- се покануваат Романија и Бугарија да станат асоцирани земји членки на ЗЕУ веднаш по влегување во сила на протоколот за нивно зачленување во НАТО.

Треба да се истакне и предлогот со кој се задолжува Советот на ЗЕУ приоритетно да ги разгледа можностите за да им се понуди на одделни Балкански земји како Хрватска, Босна и Херцеговина, Македонија и Албанија, но исто така и на Србија и Црна Гора, статус во рамките на ЗЕУ со цел за одржување на односи со овие земји со Европската унија врз основа на утврдените критериуми. Во исто време се предлага Собранието на ЗЕУ врз основа на политичка декларација да им ја понуди на некои од овие земји можноста за зголемена партиципација во активностите на Собранието на ЗЕУ.

Покрај тоа Собранието на ЗЕУ во резолуцијата што ја усвои по "Извештајот за безбедносната политика во проширена Европа-придонес кон Конвенцијата" го поздравува напредокот што одделни земји од западен Балкан го остваруваат во нивните демократски системи приближувајќи се кон Европската Унија преку процесот за стабилизација и асоцијација.

Врз таа основа Собранието го поканува Претседателскиот комитет на СЗЕУ да поднесе предлози до Собранието со преземање на соодветни мерки со кои ќе им се понуди на парламентарните делегации на Хрватска, Босна и Херцеговина, Македонија, Албанија и Србија и Црна Гора, поголеми можности за учество како обсервери во работата на Собранието на ЗЕУ и во работата на неговите комитети.

**5.** Собранието распараваше по "Извештајот за Европската одбрана-улогата на морнаричката сила" врз основа на што донесе резолуција со која се поттикнува соработката меѓу земјите членки за изградба на носачи на авиони, за јакнење на контролата на бреговите на земјите, заштитата од тероризмот и друго. Поради тоа се бара демаркација на надлежностите меѓу царината, крајбрежната стража и морските сили со цел за постигнување на поголема заштита на земјите на ЗЕУ.

**6.** Собранието распараваше по "Извештајот за главните цели на ЕУ во оформувањето на силите на НАТО за одговор" укажувајќи дека колективниот одбранбен систем на Европа бара вклучување и на трансатлантските земји, САД и Канада. Се инсистира на надминување на поделбата на "европјанисти" и "атлатицисти" и изградба на заедничка европска стратегиска одбрана и воспоставување на баланс во трансатлантските релации. Во резолуцијата се поздравува операцијата "Кокордија" како прва европски раководена воена мисија што се остварува во Македонија и се изразува надеж дека ЕУ ќе биде во позиција да ја преземе командата од СФОР во Босна и Херцеговина во 2004 година.

**7.** СЗЕУ оствари расправа и донесе заклучоци, препораки и предлози по повеќе извештаи и тоа за:

-парламентарната контрола на Европската безбедносна и одбранбена политика, со кој се бара од националните парламенти на ЗЕУ да покренат дебати и да ја известуваат јавноста за поголема контрола на овој безбедносен сегмент;

-за развојот на безбедносната и одбранбената култура во склоп на Европската безбедностна и одбранбена политика, при што се бара од земјите на ЗЕУ да обезбедат повеќе ресурси, како финансиски така и човечки, за да се промовира со практични решенија политиката на ЕУ во овој домен и да се едуцираат граѓаните за потребата од имплементација на оваа политика;

-за националната безбедностна стратегија на САД и последиците од неа за европската одбрана, при што беа презентирани резултатите од меѓународниот колоквиум одржан во Атина на 18 март 2003 година, со што се потенцира упатеноста и заемните интереси во офомувањето на трансатланската безбедностна политика;

-за соработката меѓу европската и руската вселенска индустрија, каде што се укажува на потребата од натамошно јакнење на оваа соработка што е од интерес како на економски така и на поширок план;

-за активностите во Европа за поврзување на одбранбените активности и развојот на лансираната автономија со што се потенцира потребата од осамостојување и во оваа област;
-за иднината на европската одбранбена аеронаутичка индустрија.

**8.** Министерот за одбрана на Италија, г-дин Антонио Мартино, во улога на претставник на идното претседателство на ЗЕУ и ЕУ говореше пред парламентарците на СЗЕУ. Тој ја претстави позицијата на Италија и приоротетите за кои ќе се залага за време на неговиот мандат. Оцени дека кризата во Ирак ги промени односите во доменот на безбедноста и одбраната и од таму се поставува позицијата на Европа и нејзината способеност да биде активен фактор во доменот на безбедноста и одбраната. Позицијата на НАТО се менува и Италија ќе се обиде да ги надмине недоразбирањата кои се присутни на тој план и да ги воспостави релациите со САД во рамките на НАТО. Јакнењето на борбата против тероризмот, соработка со медитеранските земји и развојот на силите за брза интервенција се главните приоритети за кои ќе се залага Италија во текот на нејзиното претседателство со ЗЕУ. Тој одговараше на повеќе прашања поставени од пратениците, а се однесуваа на одделни аспекти на политиката што ќе ја застапува Италија.

**9.** Предложените измени на Буџетот на министерските органи на ЗЕУ за 2003 година беа поддржани и вкупниот буџет изнесува 8.53 милиони евра, што претставува намалување за 13,9% во однос на буџетот за 2002 година. Буџетот на Собранието на ЗЕУ беше утврден во висина од 7,07 милони евра, или пораст од 1,5% во однос на 2002 година.

**10.** Во улога на претставник на грчкото претседателтво со ЗЕУ и ЕУ пред парламентарците говореше г-дин Јанос Папантониу, министер за одбрана на Грција. Тој оцени дека колку е посилна европската безбедносна и одбранбена политика, толку и Европа се доближува повеќе што е чекор понапред после постигнувањето на монетарната унија во земјите на ЕУ. Се заложи за поголеми вложувања во доменот на истражувањата за одбрана и безбедност во Европа со цел за намалување на заостанувањето зад САД. Покрај тоа побара да се забрза хармонизацијата на системите и оружјето во земјите на ЕУ, особено во одбранбената индустрија со што се овозможува поголема соработка на овој план. Тој одговараше на повеќе прашања поставени од парламентарците, кои главно беа насочени кон очекувањата од Самитот во Солун, за последиците од кризата во Ирак, за границите на ЕУ за морнаричките флоти на земјите на ЕУ и друго.

**11.** Во текот на одржувањето на седницата на СЗЕУ се одржа и заедничка седница со Европскиот парламент на тема: "Европската безбедност и трансатлантските односи". Учествуваа баронесата Николсон од Винтербоурн, член на Европскиот парламент и потпретседател на Комисијата за надворешна политика, човекови права, заедничка безбендосна и одбранбена политика на Европскиот парламент, како и г-дин Крис Патен, член на Европската комисија, еврокомесар за надворешни односи. Од страна на СЗЕУ во дебата учествуваа г-дин Луис Мариа де Пуџ, г-дин Губерт и г-дин Морилон, кои ги пренесоа ставовите на парламентарците на СЗЕУ по прашањата за заедничката безбедносна и одбранбена политика. Во пошироките излагања на именуваните беа осветлени различните аспекти на европската политка и трансатлантските врски. Поврзани беа историските релации, традиционалните односи и перспективите кои стојат на располагање во поглед на идната соработка меѓу Европа и САД. Нагласени беа залагањата за повторно воспоставување на геостратешките врски и соработка со САД како најважен европски партнер и тоа економски, политички и безбедносен, особено во борбата против тероризмот. Посебно се инсистира на партнерски односи и на нивно јакнење со што двете страни имаат полза, додека несогласувањата и различните ставови за одделни прашања не треба да ги доведуваат во сомнеж базичните врски и интереси кои се долгорочни и взаемни.

**12.** Како последна точка на седницата на СЗЕУ беше разгледан "Извештајот за развојот во југоисточна Европа", подготвен од г-дин Мајкл Ханкок. Во поопширен извештај дадени се прикази за актуелните состојби во земјите од југоисточна Европа при што акцентот е ставен на безбедносно-политичките состојби и можните правци на развој на настаните. Во дел од извештајот е даден приказ на состојбите во Република Макеоднија, а врз основа на сознанијата што се стекнати од посети, средби и разговори

остварени во последните месеци. Делот за Македонија е поделен на три оддели: за политичката и економската ситуација, за преструктуирање на полицијата и армиските сили и за воените сили на ЕУ во Македонија. Во дебатата што се оствари, а на која и претходеше излагање на заменик известителот г-дин Маршал, беа истакнати одделни аспекти на политичко безбедносната состојба во земјите на ЈИЕ.

Учествувајќи во дебата по оваа точка пратеникот д-р Ѓорѓи Спасов искажа одредени актуелни согледувања кои се однесуваат на процесите на стабилизација на регионот а особено во Република Македонија.

Ги истакна напорите кои се прават во Македонија за да се остварат промените кои се очекуваат, а тоа е во регионот да се одржува мир и стабилност. За таа цел се поттикнува силната определба за јакнење на демократските институции, за забрзување на економскиот раст и се зајакнува борбата против организираниот криминал и корупцијата.

Тој укажа дека успехот е можен и реален доколку земјите од ЈИЕ остваруваат тесна соработка меѓу себе, но и со меѓународните институции се приклучуваат кон напорите за стабилност и безбедност во регионот. Истовремено потребно е и Европската унија да ја зајакне својата активност за развој и прифаќање на регионот и да ги охрабри демократските сили за забрзување на европеизацијата. Тој потенцираше дека желба и цел е да се отвори перспективата за забрзано воведување на европски стандарди на границите за граѓаните од целиот простор на југоисточна Европа. Со укинувањето на визниот режим ќе се создаде поголема мобилност за граѓаните, а особено за младите луѓе кои Европа ја доживуваат како свој дом.

За таа цел Република Македонија обезбедува најслободен режим за патување за своите соседи и со право очекува таквиот пример да го следат и другите, како и регионот во целина. Изрази заинтересираност тој процес да се остварува како суштински дел од процесот на стабилизација и асоцијација и интергирање во процесите на Европската унија.

Со поттикнување на интересот за развојните можности и олесувањето на условите за инвестирање во регинот а особено на потребата за унапредување на управните и судските постапки и преструктуирање на јавниот сектор се изразува посебна заинтересираност за проекти во инфраструктурата, енергетиката и телекомуникациите и се укажува на потребата од натамошно поттикнување на приватниот сектор, особено на малите и средните претпријатија и постепено трансформирање на "неформалната" во "формална економија". На тој начин се овозможува да се решаваат социјалните проблеми, да се намалува стапката на невработеноста и да се влијае на стабилноста во регионот. Тој изрази надеж дека следниот извештај за регионот и за Македонија поголем дел од елаборациите ќе бидат посветени на овие теми, а помалку на кризата, што е далеку зад нас и со забрзани чекори Македонија се движи кон Европската унија.

Пратеникот г-дин Зоран Крстевски го приложи своето излагање во кое што укажа дека регион во последните повеќе од една деценија поминуваше низ еден турбулентен период што беше одбележан со односи на недоверба, со судири кои не секогаш во себе содржеа јасни и рационални цели, со идеи за прекројување на границите. Резултатот е илјадници, стотици илјади унесреќени семејства, раселени лица, стотици илјади поединечни трагедии. Изрази убеденост дека после сите овие трагични настани, излегуваме со научени искуства и лекции дека умешноста во решавањето на политичките разлики со политички средства иако е потешкиот пат сепак е најдобриот за решавање на тензиите.

Но тоа што е најактуелно и што особено треба да се обрне внимание е појавата на нови закани и дејствувањето на нова теористичка организација која има можност да направи повторна дестабилизација во регионот и во Македонија.

Факт е дека оваа организација делува пошироко на подрачјето на регионот, а своето упориште го наоѓа во Косово, во западниот дел од Македонија, во Албанија, во Јужна Србија и во другите земји од Балканот. Всушност АНА или Албанската национална армија како што се нарекува оваа терористичка организација, ги изразува своите цели за освојување на сите територии каде што живеат албанци и нивно соединување во единствена албанска држава. Ваквите идеи јасно водат кон нова војна на Балканот. Меѓународната заедница мора веднаш да го спречи дејствувањето на оваа

терористичка организација. Г-дин Штајнер висок преставник на ООН на Косово донесе одлука со која АНА ја прогласи за терористичка организација. Но такви одлуки мора да донесат сите земји во регионот и пошироко со цел благовремено да се спречи фашизоидното делување на т.н. АНА.

И македонскиот министер за внатрешни работи изјави дека во регионот постојат мали терористички и криминални групи кои преземаат терористички и криминални активности а вакви изјави има и од другите земји.

Од таму тој сугерираше под покровителство на Собранието на ЗЕУ и со учество на генералниот секретар г-дин Хавиер Солана, да се направи список на организации кои се определени како терористички, како што е и АНА и со нив да не се воспоставуваат било какви форми на комуникација. Со нивно изолирање и отстранување однапред би биле обесхрабрени сите кои насилно се обидуваат да влијаат врз демократските процеси во регионот.

По завршувањето на расправата по оваа точка беше усвоена резолуција со препораки. Во резолуцијата се поздравува динамичениот пристап што го има новата влада во Република Македонија во имплементацијата на одредбите од Охридскиот рамковен договор во целина, за развој и реформи во стопанството, преструктурирање на полицијата и армиските сили и во борбата против криминалот и корупцијата. Се изразува жалење што разликите со Грција во врска со признавањето на уставното име на Македонија сеуште не се решени. Се поздравува фактот што ЕУ ја презема од НАТО операцијата Сојузничка хармонија и ја замени со операцијата "Конкордија" што е негова прва операција чии цели се да се промовира стабилно и безбедно опкружување што ќе ја олесни имплементацијата на Охридскиот рамковен договор.

Врз таа основа во препораките упатени до Советот на ЗЕУ се покануваат владите на земјите членки на ЗЕУ да им обезбедат на државите од западен Балкан колку што може поголема помош во борбата против корупцијата и организираниот криминал, што се главни причини за континуиран недостиг на стабилност и безбедност во тие земји. Покрај тоа се поканува ЕУ потесно да ја следи операцијата "Конкордија"во Македонија и да оцени како се имплеметира договорот што е склучен меѓу НАТО и ЕУ а со цел да се согледа иднината на другите операции што ќе бидат предводени од ЕУ.

**13.** Може да се оцени дека учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на оваа седница на СЗЕУ ги потврди заложбите за поголемо присуство и соработка на македонските парламентарци во работата и дебатите на СЗЕУ. Даден е значаен поттик во натамошното унапредување на соработката со СЗЕУ и во институционализирање на истата. Покрај тоа со активното учество во настаните и во дебатите, се придонесе за градење на заеднички ставови по прашањата што се разгледуваа на седницата на Собранието на ЗЕУ. Со тоа е остварена натамошна меѓународна афирмација на Република Македонија во поглед на најактуелните прашања кои се од надлежност на СЗЕУ и се овозможи да продолжи континуитетот на соработката со оваа меѓународна организација.

Со предлозите со кои се дава можност за поголемо учество на парламентарци од Македонија во работата на Собранието на ЗЕУ и во неговите комитети се унапредува позицијата и статусот што би требало наскоро да се достигне во склад со актите на СЗЕУ.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија***
***Во Собранието на Западноевропската унија***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***за учеството на Конференцијата на Собранието на Западноевропската унија одржана од 22 до 24 септември 2003 година во Бавено, Италија***

***Скопје, септември 2003 година***

*Во организација на двата дома на парламентот на Република Италија (Претставничкиот дом и Сенатот) и на Собранието на Западноевропската унија, во Бавено (близу Милано), Италија, од 22 до 24 септември 2003 година се одржа меѓународна конференција на тема: "Новите сценарија за европската безбедност и одбрана".*

*На покана на претседателот на Собранието на Западноевропската унија, Меѓународно собрание за одбрана и безбедност г-дин Марсел Глеснер, Делегација на Собранието на Република Македонија учествуваше на оваа меѓународна конференција. Делегацијата ја сочинуваа пратениците: д-р Кенан Хасипи и г-дин Зоран Крстевски, како и секретарот на Делегацијата д-р Јован Пејковски, раководител на Секторот за меѓународна соработка.*

На конференцијата учествуваа близу 400 учесници од 30 земји и тоа како парламентарци од националните парламенти така и членови на Европскиот парламент, претставници од политичките, воените и академските средини. Заради значењето на темата, а во рамките на истата, беа согледани три тематски целини и тоа: Безбедноста на Европа и стабилизирањето на Блискиот Исток; Надворешната политика и заедничката одбрана во Европската конвенција и Европската одбрана оперативни барања и индустриска конкурентност. На крајот беа донесени заклучоци за идното постапување на Собранието на Западноевропската унија (СЗЕУ).

**1.** Конференцијата ја отвори и им посака добредојде на присутните, од името на земјата домаќин, претседателот на Претставничкиот дом на италијанскиот парламент г-дин Пјерфердинандо Казини. Тој се задржа на улогата на парламентарците во согледувањето на новите состојби на планот на безбедноста и одбраната и обврските кои стојат пред СЗЕУ за овие прашања. Оцени дека доколку Европа не дејствува во стабилизирањето на состојбите на континентот и во опкружувањето, особено на Блискиот исток, тоа нема да биде сфатено дека е резултат на потешкотиите во нејзиниот развој, туку како недостиг на интерес за проблемите. Тој покрена иницијатива на претстојната меѓувладина конференција на Европската унија да се даде поголемо значење на развојот на кохерентна надворешна политика и за воспоставување на процедура за брзо донесување на одлуки. Се заложи и за постоење на адекватна парламентарна контрола во доменот на одбраната и безбедноста за да може суверената волја на граѓаните во Европа да се почитува во склад со позитивните процеси во Унијата. Тој истакна дека демократскиот дефицит во надоврешната политика и безбедноста и одбраната може да доведе до серизони последици.

Претседателот на Собранието на ЗЕУ г-дин Марсел Глеснер, поздравувајќи ги учесниците на конференцијата укажа на поврзаноста на конфликтите и влијанието кое е можно врз земјите во опкружувањето и пошироко во Европа. Се заложи за поголемо учество на европските земји во решавањето на Блискоисточните конфликти и за соработка и поддршка од САД во рамки на глобалната борба против тероризмот. Во тие рамки ја истакна улогата на СЗЕУ и на парламентарците во иницирањето постапки за решавање на конфликтите кои постојат во Европа и пошироко.

**2.** Конфликтот на Блискиот исток беше една од темите која посебно беше обработена на конференцијата и тоа од аспект на влијанието врз Европа но и нејзината улогата во овој регион. Со учество на повеќе еминетни познавачи на случувањата и непосредно вклучени фактори и експерти се стекна впечатокот за потребата од остварување на поширок медитерански дијалог како и за поголемо присуство на ЕУ во решавањето на израелско-палестинскиот конфликт. Европа има потенцијали и средства да влијае врз настаните во овој регион кој, ако не биде смирен, може да предизвика негативни влијанија и во земјите на континентот. Пратениците се заложија за подигнување на степенот на свесноста меѓу спротивставените страни на Блискиот исток со цел тие да ги остваруваат договорените задолженија. За таа цел доминираа залагањата Европа да изгради единствен став кон проблемите и случувањата на Блискиот исток особено во израелско-палестинскиот конфликт. Врз основа на покренатите предлози беше задолжено италијанското претседателство со ЗЕУ да покрене иницијативи за промоција на постапки за подобро решавање на проблемите и

за надминување на недоразбирањата кои се присутни во подолг период. Во таа насока италијанското претседателство треба да подготви план на активности базирани на приципот "две држави за два народа" што е основа за постигнување на траен мир меѓу израелците и палестинците. Со тоа се настојува да се овозможи остварување на редовни средби со цел ЕУ да презема повеќе видови мерки во овој регион. Беше искажана заложбата да се согледаат формите за ангажирање на мултинационални сили што би биле присутни во овој регион. Покрај тоа беше истакнато дека Европа треба да ги поддржува умерените политичари кои се залагаат за демократија и за мирољубиви решенија, додека екстремизмот и терористите не треба да имаат шанса за да влијаат врз разгорувањето на конфликтите.

**3.** Донесувањето на Европската конвенција, регулирањето на надворешната политика и одбраната како прашања од надлежност на СЗЕУ беше предмет на посебен интерес. Беа отворени повеќе прашања за регулирањето на односите меѓу националните структури и европските, особено во доменот на одбраната и безбедноста, а во контекст на член В. на модифицираниот Бриселски договор со кој е основана ЗЕУ.

Во дебатата во која учествуваа повеќе парламентарци, еминентни познавачи на областа, учесници во конвенцијата и министри за одбрана и за европски прашања (Холандија, Полска) беа согледани потребите и дометите на европската заедничка надворешна и одбранбена политика. Истакната е потребата од взаемна помош на земјите членки на Унијата во склад со одредбите од постојните договори. Меѓутоа беше искажана забелешка дека во Нацртот на Уставот на Европската унија се предвидува соработка пред се како модел на политичка консултација, а потоа за механизмите за преземање мерки на взаемна помош. Во дебатите што следеа беше укажано дека овие прашања би требало да бидат решени врз трајни основи што е од интерес на сите во Европа.

Во исто време беше призната улогата на НАТО како колективен систем за безбедност за заштита на демократските вредности и за одвраќање на било какви напади и закани за Европската унија. НАТО беше оценет како столб на европската одбрана но ЕУ треба да го дефинира својот идентитет и потребите за одбраната. Беше истакнато дека не е потребно да се иницира обратен процес на национализиција на одбраната во рамките на земјите членки. Меѓутоа за изградба на единствен европски систем за безбедност не се предлага оформување на структури туку само разни форми на консултативни тела и политички консултации. Заради тоа се укажа дека би требало да се истакнат овие прашања како значајни за европската одбранбена и надворешна политика, посебно во контекст на потребата од задржување на надлежностите за парламентарна контрола и истраги во доменот на одбраната и безбедноста. Таквиот модел овозможува оформување решенија во европскиот устав со кои на одбраната и на безбедноста во Европа ќе и го дефинираат местото и улогата што според важноста и припаѓа. Ова особено се однесува на моделите на одлучување во ЕУ за прашања од одбраната и безбедноста и за заштита на интересите на помалите земји, поради што се оцени дека формите на гласање треба да соодветствуваат на реалните потреби на сите земји членки на ЕУ.

**4.** На последната сесија говореа преставници на индустријата за вооружување во Европа, на Агенцијата за вооружување и на Европската група за вооружување. Во излагањата беа посочени можностите кои се потребни за функционирање на оваа индустриска гранка, а особено за постоење на конкуренција која треба да базира на принципите на повисок квалитет и на отворен европски пазар со што се стимулираат техничките иновации и усовршувања на оваа пропулзивна индустрија во Европа.

Напредокот што е остварен во доменот на хармонизација на законодавствата на земјите членки на Европската Унија треба да биде следен и со синхронизација на мерките со кои се поттикнува индустријата за вооружување да дејствува на единствениот европски простор со што се смалуваат трошоците на работењето, а се зголемува ефикасноста.

Индустриите донесуваат ризични одлуки кои можат да предизвикаат тешкотии за нивната иднина, а со тоа и за одбарана на земјите, но и пошироко за единствената одбранбена и безбедносна политика на ЕУ. Затоа пазарот на средства за одбрана треба да има јасни правила, со постоење на отворена конкуренција, но и со поголема координација меѓу земјите членки врз трошковни принципи, заради избегнување на

дуплирања и непотребни трошоци. Претставниците на компаниите од областа на индустријата на средства за одбрана побараа отворен пазар на ниво на Европа, со оглед дека фрагментираните пазари не носат профит заради големите вложувања и високите трошоци. Тоа ќе ги направи да бидат конкурентни и на глобалниот пазар на овој вид специфична опрема

Во тие рамки на соработката со САД треба да се гледа од аспект на зедничката евроатланска партнерска стратегија во кои рамки соработката со НАТО и во доменот на единствената европска безбедносна и одбранбена политика се надополнуваат. Изградбата на единствена софистицирана платформа на соработка во овој домен е од заемен интерес на земјите членки на ЕУ и НАТО.

**5.** На средбата што беше остварена во просториите на компанија AugustaVestlend, близу Милано, која е најголем прозиводител на хелихоптери во Европа и во светот беше прикажана прозиводствената линија на оваа компанија. Годишниот обрт на компанијата изнесува 7,2 милијарди долари и истата соработува со фирми од САД и од Велика Британија (Vestlend holdings). Покрај тоа беа презентирани техничките можности и капацитети на компанијата со што беше овозможено пратениците и гостите на Собранието на ЗЕУ да стекнат впечаток за реалните можности во доменот на одбранбената индустрија од ваков вид во Европа. Исто така беше прикажано функционирањето на неколку модели на хелихоптери со атрактивни летови на аеродомот-хелиодром лоциран во кругот на компанијата.

**6.** За време на одржувањето на конференцијата беа остварени неколку билатерални средби од кои за одбележување е иницијативата на генералниот секретар на СЗЕУ г-дин Колин Камерун и на поранешниот претседател на СЗЕУ г-дин Јан Дирк Блауб за одржување на семинар во Република Македонија. Ваков тип на семинари се редовна форма на активност на СЗЕУ и за истиот се правени претходни контакти и договарања меѓу Собранието на Република Македонија и СЗЕУ но заради оправдани причини истиот е одложуван и не е одржан. Како можни теми за семинарот, покрај политичко безбедносната состојба во регионот, беше иницирана и тема за разоружувањето на граѓаните во регионот односно за собирањето на оружјето што како активност е покренувана во неколку земји. За деталите на одржување на ваков семинар потребно е во наредниот период да се оствари презицирање заедно со терминот и локацијата на истиот.

**7.** Од генералниот секретар на СЗЕУ г-дин Колин Камерон добиено е известување и текст на Предлог одлука што ја усвои Претседателскиот комитет на СЗЕУ на седницата одржана во Бавено, на 22 септември 2003 година. Одлуката е во врска со доделувањето на статус "специјален гостин" на неколку земји меѓу кои и на Република Македонија.

Со добивањето на овој статус се овозможува двајца пратеници од Собранието на Република Македонија редовно да учествуваат во работата на СЗЕУ, но без право на глас. Покрај тоа се овозможува учество на седниците на четирите комитети на СЗЕУ, како и во другите форми на редовна активност на СЗЕУ (семинари, конференции, колоквиуми и друго). Оваа одлука треба да биде потврдена од Постојаниот комитет на СЗЕУ што ќе се одржи седница на 22 октомври 2003 година. Потоа е предвидено претседателот на СЗЕУ да упати писма со кои ќе ги покани парламентите на земјите кои добиваат статус "специјален гостин" да ги определат парламентарците кои редовно ќе учествуваат во работата на СЗЕУ.

**8.** Во текот на конференцијата членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија остварија бројни средби, контакти и разговори, како и корисна размена на мислења со парламентарци и официјални личности од повеќе земји кои беа присутни на седниците.

Оценка е дека оваа конференција на Собранието на ЗЕУ ја потврди потребата од определување на новите процеси кои се остваруваат во безбедносната сфера во Европа и за градење на ставови кои се од значење за идната надворешна и безбендосна политика во Европа и пошироко.

Во врска со позицијата на Собранието на Република Македонија осознаени се идните правци на дејствување на СЗЕУ кои се во функција на поголема партиципација во наредните средби и активности на оваа организација на парламентите на дел од

земјите на Балканот, како и за претстојните седници на кои ќе се одлучува за нивниот статус и соработка со СЗЕУ.

Во таа смисла потребно е да се изгради став за унапредување на соработката на Собранието на Република Македонија и СЗЕУ и да се определат постојаните членови на делегацијата кои ќе учествуваат во редовните активности на СЗЕУ со статус на "специјален гостин".

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Пакт за стабилност на Југоисточна Европа***

## *БЕЛЕШКА*

***од петтиот состанок на Парламентарната мрежа на Југоисточна Европа, оддржана на 3 и 4 февруари 2003 година во Загреб, Хрватска***

***Скопје, февруари 2003 година***

*Парламентарната мрежа на Југоисточна Европа, проект лоциран во Првата работна маса на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа, го одржа својот петти состанок во Загреб, на 3 и 4 февруари 2003 година.*

*Националните парламенти на државите - учеснички во проектот ги претставуваа делегации од Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Македонија, Хрватска и Црна Гора (не учествуваа претставници од Романија и Србија), а во работата учествуваа и европарламетарци и експерти од Институтот Исток - Запад и од европските институции и организации.*

*Делегацијата на Собранието на Република Македонија ја сочинуваа пратеницит: Томе Тромбев, Абдилаќим Адеми и Љупчо Балкоски и републичкиот советник Анкица Крстевска.*

На состанокот се расправаше за:

- Имплементација на препораките усвоени на претходниот состанок на Парламентарната мрежа Исток - Запад на тема: Иднината на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа;
- Енергетската инфраструктура на Југоисточна Европа;
- Транспортната инфраструктура на Југоисточна Европа.

Со состанокот претседаваше г-ѓа Дорис Пак, член на Европскиот парламент и претседавач на групата на Европскиот парламент за соработка со земјите од Југоисточна Европа .

По првата точка од дневниот ред воведно излагање имаше г-ѓа Вера Будвеј, советник во Кабинетот на специјалниот координатор на ПзС.

Втората точка ја образлагаше г-дин Брендан Девлин од Генералниот директорат за енергија и транспорт на Европската Комисија.

Насоки за расправа на третата тема дадоа г-ѓа Емануела дел Ре од Воениот центар за стратешки студии во Рим и г-дин Михаил Шварц од ТИНА проектот за проценка на потребите од транспортна инфраструктурна мрежа во Југоисточна Европа.

Учесниците на состанокот усвоија резолуција во која, коментирајќи ги перспективите на ПзС, посебно се заложија за доследно почитување на воспоставените приоритети на ПзС и ја нагласија потребата од неопходна соработка со Европската Комисија и парламентите во Југоисточна Европа.

Парламентарната мрежа на Југоисточна Европа ја поздрави динамиката со која Европската Комисија ги третира прашањата што се однесуваат на енергетската инфраструктура и нивното регулирање. Цел на Комисијата е да воспостави единствена легислатива и регулаторна рамка "од Норвешка до Анкара", повикувајќи се на потребите од лекување на историските рани во Европа како одговор на потребите од енергетска безбедност во Југоисточна Европа. Парламентарната мрежа ги истакна како најзначајни реформите на енергетскиот пазар што би произлегле од националните законодавства, додека улогата на Европската Комисија би била да помага во објаснувањето на сопствената стратегија. Беше исто така истакнато дека оваа стратегија треба да биде сеопфатна со цел да функционира, за што беа повикани сите земји во регионот да го дадат својот придонес и да ја исполнат својата европска насоченост.

Парламентарната мрежа ја истакна потребата од постоење на квалитетна транспортна мрежа во Југоисточна Европа и во таа насока оцени дека расположивите национални и меѓународни фондови за надградување на инфраструктурата треба да бидат координирани во корист на целиот регион. Процесот на хармонизација со Аљуис Цоммунитаире треба да се забрза и да се изнајдат можности за соработка меѓу претпријатијата во соседните земји, како и да се унапреди прекуграничната соработка. Учесниците го нагласија значењето на заеднички спогодби за инфраструктурни и транспортни проекти и програми.

Парламентарците од Република Македонија остварија и билатерални средби со своите колеги учесници на состанокот на кои ги презентираа состојбите на енергетската

и транспортната инфраструктура во Република Македонија. Исто така тие ги изнесоа проблемите со кои се соочува државата во имплементацијата на проектите од областа на енергетиката и сообраќајот, а ги истакнаа и интересите на Република Македонија за унапредување како на регионалната соработка, така и на соработката со европските структури во насока на доследно почитување на целите и приоритетите на Пактот за стабилност.

# *ИЗВЕШТАЈ*

## *За учество на петтата Сегединска конференција на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа, Одржана на 27 и 28 март 2003 година во Сегедин, Унгарија*

***Скопје, март 2003 година***

*На покана на г-дин Ерхард Бусек и г-дин Ласло Ковач на Конференцијата организирана во рамките на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа од Собранието на Република Македонија учествуваа пратениците Томе Тромбев, Цветанка Иванова и Никола Груевски.*

*Со свои парламентарни делегации на состанокот беа застапени земјите членки на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа: Албанија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора, Хрватска, Македонија и Унгарија.*

*На конференцијата присуствуваше Генералниот секретар на Советот на Европа г-динот Валтер Швимер, кој посебного нагласи значењето на интегративните процеси во локалната самоуправа , законските реформи и прекуграничната соработка во регионот на Југоисточна Европа.*

На конференцијата се дискутираше на две теми и тоа:

1. "Реформите на законодавството во земјите на Југоисточна Европа" и
2. "Либерализација и развој на трговијата (размената)".

На почетокот на Конференцијата со поздравен говор се обрати домаќинот истакнувајќи го задоволството што претставниците на земјите од регионот се повторно заедно, со цел изнаоѓање на решенија за надминување на заедничките проблеми во сверата на законодавството и трговијата.

Од обемната расправа на Конференцијата учесниците го донесоа финалниот документ во кој се содржани следните заклучоци:

- Учесниците особено внимание ќе му посветат на продолжувањето на разните форми на соработка, создавање, практикување и обезбедување на законски институционално поддржан план за реконструкција и развој на економијата во земјите од регионот;
- Учесниците се согласуваат дека стабилноста во голема мера зависи од консолидацијата на демократските процеси, заштитата на човековите и малцинските права и успешна економска транзиција;
- Учесниците го поздравија фокусирањето на Сегединскиот процес во 2003 година на институционалните и законски реформи, економскиот развој и либерализација во четирите земји: Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија и Србија и Црна Гора;
- Се констатира дека локалната самоуправа претставува значаен фактор во создавањето на стабилен систем заснован на европските вредности;
- Учесниците се согласуваат со констатацијата дека Сегединскиот процес може да биде реализиран само со прифаќањето и приспособувањетона нормите од Европското законодавство;
- Учесниците го поздравуваат проектот изготвен од Пактот за стабилност кој е еден од шесте цели за 2003 година а кој се однесува на развојот на прекуграничната соработка во сферата на безбедноста И економскиот развој на земјите од Југоисточна Европа;
- Учесниците го поздравија продолжувањето на тренинг програмата и во 2003 година, со особено нагласување дека на програмата се додаваат и нови теми како што се екологијата и улогата на локалната самоуправа.

Учесниците на Конференцијата усвоија посебна изјава во која се изразува шокирање и жалење поради убиството на српскиот премиер Зоран Ѓинѓиќ и изразија сочуство до семејството и целиот српски народ надевајќи се дека ќе бидат продолжени позитивните демократски процеси во земјата, особено решително спротиставувајќи му се на организираниот криминал. Учесниците ја повикаа меѓународната заедница да продолжи со поддршката на Србија и Црна Гора во секој поглед за успешно надминување на сегашната состојба.

Воедно беше поздравен приемот на Србија и Црна Гора во Советот на Европа, со што ќе продолжи процесот на стабилизација и развој нарегионот во целина.

# *ИЗВЕШТАЈ*

***За учество на четвртата парламентарна конференција на Пактот за стабилност одржана во Брисел На 21 и 22 мај 2003 година***

***Скопје, јуни 2003 година***

*Во работата на Парламентарната конференција на Пактот за стабилност одржана на 21и 22 мај 2003 година во Брисел учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија и тоа во состав: Агрон Буџаку, потпретседател на Собранието, Каролина Ристова и Слободан Чашуле пратеници и Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.*

*Ова беше четврта парламентарна конференција во рамките на Пактот за стабилност, организирана од страна на Комисијата за надворешни работи, човекови права, заедничка безбедносна и одбрамбена политика и Пактот за стабилност. Европскиот парламент, Парламентарното собрание на Организацијата за соработка и безбедност во Европа и Парламентарното собрание на Советот на Европа се согласија да бидат покровители на парламентарната димензија на Пактот, преку формирање на "Парламентарна тројка" на Пактот што ги покрива сите негови аспекти и работни маси. Претседателството на "Тројката" ротира а во првата половина на 2003 година оваа улога ја има Европскиот парламент.*

*Паралелно со конференцијата се одвиваше семинар организиран од Фондацијата Фридрих Еберт и Меѓународниот институт за демократија при Советот на Европа, на кој учествуваа пратениците Каролина Ристова и Слободан Чашуле како и Лидија Каракамчева, самостоен советник во Секторот за меѓународна соработка.*

На отворањето на Конференцијата говореа Елмар Брок, претседател на Комисијата на Европскиот парламент за надворешни работи, човекови права и заедничка безбедносна и одбрамбена политика, Крис Патен, комесар на Европската комисија за надворешна политика, Ерхард Бусек, специјален координатор на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа, Брус Џорџ, претседател на Парламентарното собрание на ОБСЕ и Петер Шидер, претседател на Парламентарното собрание на Советот на Европа.

**Крис Патен**, на почетокот направи компарација меѓу неуспехот на заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија и поделеноста на нејзините земји членки во врска со ирачката криза и случувањата и неединството во Унијата на почетокот на деведесеттите при распаѓањето на Југославија. Патен нагласи дека денешната состојба во балканскиот регион позитивно е променета за што голем придонес има Европската Унија. Како успешни примери за постигнатите резултати од единствената политика на Унијата тој ги посочи Србија и Македонија, земји во кои напредокот по кризните периоди е очигледен. Процесот на стабилизација и асоцијација е повеќе од потребен, пред се заради унапредување на стабилноста во регионот и давање на јасна перспектива за полноправно членство во Унијата соправилно насочување да се достигнат поставените цели. Тој го поздрави фокусирањето на напорите на грчкото претседавање кон унапредување на балканскиот регион и го потенцираше големото значење на Самитот во Солун. Патен нагласи дека ЕУ посакува Балканот да го примени стекнатото искуство од источното проширување и му нуди на Балканот партнерски односи.

**Ерхард Бусек** истакна дека парламентарната соработка на Пактот за стабилност гиобединува парламентарните активности на трите организации (Тројката) и невладиниот сектор, кој игра значајна улога преку имплементирање и спроведување на активности на теренот. Цели на нивната мешовита активност се: зајакнување на демократската ефикасност на парламентите во Југоисточна Европа, промовирање на билатерална и мултилатерална соработка меѓу парламентите во Југоисточна Европа, придонес за приближување на земјите од регионот кон ЕУ, посебно на оние кои сеуште не се кандидати, олеснување и обезбедување на донации од финансиски институции и поддршка од национални влади. Пактот за стабилност дејствува врз унапредување на парламентарната соработка преку создавање на цврсто мрежно поврзување и реализација на проекти за подршка. Како форма за натамошна соработка може да се сметаат twining операциите меѓу парламентите на Југоисточна Европа и парламентите на земјите членки на ЕУ, каде соработката меѓу Нордискиот совет и Балтичките земји може да послужи како пример. Обуката на парламентарните служби со цел развој на компетентна, одговорна, транспарентна служба која ќе ги подготвува законодавците

подобро да гопретставуваат електоратот, да ја надгледуваат работата на извршната власт и да учествуваат во креирањето на законите и политиката. Г-дин Бусекпотенцираше дека натамошен интерес на Пактот ќе биде развој на медиумите, погранична соработка, развој на инфраструктурата, поттикнување на инвестициите и трговијата, развој на информатичкото општество како и борба против организираниот криминал.

**Петер Шидер** во своето обраќање се задржа на потпишувањето на трите европски земји (Албанија, Романија и Грузија) на билатерални договори со САД за амнестирање на нивниот воен персонал од Меѓународниот кривичен суд како и притисокот врз останатите балкански земји да го сторат истото. Тој тоа го поврза со големата улога на САД во Југоисточна Европа и потребата Европа да има позначајна улога во решавањето на проблемите на Балканот. Тој потенцираше дека Југоисточна Европа е примарна цел на САД во нејзините дипломатски напори да го поткопа Меќународниот кривичен суд. Значајно е тоа што овој суд и Пактот за стабилност се дел од меѓународните напори за справување со кризи. Тој истакна дека Европа на земјите од регионот мора да им понуди целосна политичка поддршка и дополнителна асистенција со цел слободно да одлучуваат. На крајот Шидер заклучи дека Европа верува во Меѓународниот кривичен суд и меѓународната правда додека САД не веруваат. Останува фактот дека балканските земјикои штотуку излегоа од декада на војна, деструкција и човечко страдање, гледаат кон САД И Европа со надеж за подобра и побезбедна иднина.

Претставникот на грчкото претседателство **г-дин Теодоракис,** посочи дека Европа нема да биде целосна додека земјите од Балканот не се приклучат кон неа. За постигнување на оваа цел потребно е заедничко дејствување во насока на стабилизирање на регионот, градење на демократски држави, развој на цивилни општества а тоа може да се постигне само со здружени сили на сите меѓународни организации.

**Џорџ Брус**, претседател на ПС на ОБСЕ се задржа на придонесот на ОБСЕ во борбата со организираниот криминал преку едукација и развој на мултикултурни општества на Балканот.

Предмет на дискусија беа три теми на расправа:

1. Зајакната стратегија на Европската Унија кон Југоисточна Европа; обновен процес за стабилизација и асоцијација како натамошен чекор кон европска интеграција;

2. Успехот на борбата против корупцијата, организираниот криминал, трговијата со луѓе, оружје и дрога;

3. Улогата на цивилното општество во имплементација на европските демократски вредности, придонесот на културниот и образовниот сектор како и секторот за медиумите.

### Зајакната стратегија на Европската Унија кон Југоисточна Европа; обновен процес за стабилизација и асоцијација како натамошенчекор кон европска интеграција

Во дискусиите преовладуваше потребата од јакнење на демократската ефикасност на парламентите во земјите ворегионот. **Г-дин Лагендајк** (Холандија), во улога на известител на Европскиот парламент, истакна дека се залага за постојани контакти со парламентите на Југоисточна Европа со цел подобро да се индетификуваат нивните потреби. Најзначаен чекор е да се остави зад нас политиката на спречување на конфликти и реконструкција и да се соочиме со реалните структурни, економски и социјални проблеми во регионот, со цел да се подготви "мапа на патот" и агенда за идно членство во ЕУ. Наместо копирање на истиот модел за источното проширување,

потребно е да се изработи посебен модел. Останува и понатаму да се работи на изградба на институциите, борба со организираниот криминал, проблеми со бегалците и заштита на малцинствата. Г-дин Лагендајк, искрено зборувајќи, истакна дека најголем предизвик за регионот претставува економскиот развој. Невработеноста е директен проблем кој го засега целиот регион. Тој посочи дека источното проширување не е вистинскиот модел за регионот со оглед на специфичноста на истиот. Како следни чекори на ЕУ би биле:

* новата Европска комисија во 2004 година треба да назначи Комесар за проширување кој освен Бугарија и Романија ќе ги опфати Турција и земјите од Процесот за стабилизација и асоцијација со цел да се разјасни дека крајната цел е за сите иста;

* Финансиската помош треба да се зајакне со донирање на екстра гранд од 200 милиони евра како и примена на некои од инструментите (скринингот, твинингот, унилатерални трговски преференции, отворање на едукативните програми за балканските земји како што се Сократес и Леонардо) и др.

Понатаму тој зборуваше за значењето на улогата на парламентите во контролирање на извршната власт и размената на искуства меѓу самите парламентарци во регионот. Тој ја поддржа идејата за создавање на годишнорегионално парламентарно собрание.

Во рамките на првата тема пратеничката **Каролина Ристова** настапи со свое излагање. Таа истакна дека Процесот за стабилизација и асоцијација инеговите инструменти имаат поттикнувачки ефекти во приближувањето на земјите од Балканот кон ЕУ. Тоа го поткрепи со констатацијата дека Договорот за стабилизација и асоцијација иако сеуште не е влезен во сила заради процесот на ратификација, во Македонија тој се третира како да е на сила и сите законски проектисе усогласуваат со овој договор. Иако програмата КАРДС и Европската агенција за реконструкција значат исклучување од ФАРЕ, сепак тие се повеќе се добредојдени заради финансиска поддршка за развој и имплементација на проекти за економски и социјален развој, регионална соработка, реформи и обука на полицијата, царината, администрацијата иправосудството како и стабилизирање на земјата по кризата во 2001 година со реконструкција на куќите, помош за внатрешно раселените лица и градење на мерки за доверба. Меѓудругото, таа информираше за дооформувањето на институционалната рамка за европска интеграција на Република Македонија.

Во врска со годишните извештаи на Европската комисија за процесот на стабилизација и асоцијација, Ристова додаде дека тој процес е многу позитивен и на тој начин се врши притисок врз земјите од регионотза извршување на нивните обврски.

На крајот таа додаде дека доколку се зајакне асоцијативниот елемент на Процесот ќе се делува стимулативно и врз процесот на стабилизација што ќе значи поголем мотив за сите граѓани на Балканот. Ова е во прилог на констатацијата дека со вклучување на десетте држави од источниот блок кон Унијата се отвара простор за искористување на моделите, инструментите и стекнатите искуства на европските институции од источното проширување кои лесно можат да се применат на следните проширувања.

Пратеникот **Слободан Чашуле**, како пратеник од опозицијата, потенцираше дека во Република Македонија постои консензус меѓу сите политички субјекти за евроинтеграција. Притоа тој ја истакна регионалната соработка како значаен елемент во насока на евроинтеграција како идека грчкото претседателство спроведува широки активности за реализација на амбициозната агенда на Самитот во Солун.

### Успехот на борбата против корупцијата, организираниот криминал, трговијата со луѓе, оружје и дрога

Главно сите учесници во дискусијата - претставници на земјите од регионот ја израција својата приврзаност кон борбата против организираниот криминал И залагањата за јакнење на регионалната соработка на овој план. Во поширокатa дискусија претставниците на меѓународните организации истакнаа дека постои голема подготвеност кај земјите од регионот навистина да соработуваат на овој план.

**Г-дин Кеслер,** (Италија) известител во ПС на ОБСЕ за борбата против корупцијата и организираниот криминал оцени дека организираниот криминал помогнат од корупцијата го контролира големиот Пазар на илегална трговија. Како резултат на меѓународната димензија на современите облици на криминал, воземјите на Југоисточна Европа како и насекаде тоа е глобален проблем и освен од земјите од регионот бара посебно ангажирање од Европската Унија. ЕУ со зајакнат процес на стабилизација и асоцијација и зајакнат Пакт за стабилност има средства да дизајнира стратегија за да се соочи со економските, социјалните, политичките и безбедносните проблеми. Тоа ќе се постигне сосо силна поврзаност меѓу земјите во регионот и нивно насочување кон достигнување на стандардите на ЕУ во борбата соорганизираниот криминал. Клуч за успех во оваа борба тој гледа во новата политика на Европската Унија кон балканскиот регион и вистинската соработка меѓу ЕУ и земјите од Југоисточна Европа.

## Улогата на цивилното општество во имплементација на европските демократски вредности, придонесот на културниот и образовниот сектор како и секторот за медиумите

За оваа тема воведно излагање поднесе **Луи Марија де Пуиг**, претставник на ПС на Советот на Европа, кој уште посилно ја потврди улогата на развојот на цивилното општество за постигнување на европските демократски вредности. Посебно се задржа на развојот на медиумите при што рече дека коректното известување и информирање се виталниза развојот на демократските општества. Работната група за медиумите во рамките на Пактот за стабилност претставува добар форум за сите релевантни субјекти на полето на медиумската асистенција ипроекти како и за поврзување меѓу владите во регионот. Исто така, тој дејствува во насока на привлекување и координирање на донаторите.

**Агрон Буџаку**, потпретседател на Собранието на Република Македонија во рамките на оваа тема зборуваше за состојбите во Македонија на овој план. Тој посочи дека посебно внимание во иднина треба да се посвети на развојот на медиумите со цел информациите што стигнуваат дограѓаните да бидат пообјективни. За илустрација тој направи споредба меѓу дневните весници на македонски и албански јазик при што од нивната содржина може да се добие впечаток како тие не информираат за иста земја.

Понатаму тој се задржа на потребата од едукација на младите а посебно женската популација со цел создавање на нова политичка сила во Македонија. Тој информираше за постоењето на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово и првите позитивни ефекти од неговото воспоставување.

* * * * *

Конференцијата заврши со усвојување на препораки за престојниот Самит ЕУ / Југоисточна Европа, кој треба да се оддржи на 21 јуни во Солун.

## Семинар во рамките на Фондацијата Фридрих Еберт и Институтот за демократија

Учеството на семинарот само на претставници на земјите кориснички во рамките на Пактот за стабилност овозможи понепосредна размена на мислења со претставниците на институциите на Европската Унија како и со специјалниот координатор на Пактотза стабилност г-дин Ерхард Бусек. Во подготовката на Конференцијата беа остварени разговори со претставниците на институциите на Унијата како и на Пактот за стабилност, кои даваа информации за функционирањето на нивните институции и политичката, правната и економската рамка во која тие ги третираат односите со регионот на Југоисточна Европа и одделните земји.

Изборот на претставниците на европските институции на семинарот беше на мошне високо ниво меѓу кои може да се вбројат **Гунтер Ферхојген**, комесар за проширување, **Рејхард Прибе**, одговорен директор за Западен Балкан, **Ерхард Бусек**, координатор на Пактот за стабилност како и офреден број на европарламентарци и претставници на постојаните мисии на ЕУ на Тројката на ЕУ. Г-дин Прибе ги потенцираше проблемите со кои се соочува регионот во своето приближување кон ЕУ, особено апсорпционата моќ да се користат веќе доделените средства како и за можноста за нивно зголемување при што г-дин Прибе ја истакна комплицираноста на процедурите и внатрешните правила на ЕУ. Меѓу другото тој рече дека не може да се очекува да се дискутира за нови средства пред 2006 година особено не за оние што евентуално би останале идната година по проширувањето на ЕУ.

Учесниците на семинарот имаа работен ручек со г-дин Ферхојген на кој се дискутираше за хрватската апликација за членство во Унијата за која тој ја истакна неговата поддршка бидејќи смета дека е добра една таква апликација од овој регион. На прашањето на пратеничката Каролина Ристова за негово мислење за евентуална апликација на Македонија тој одби официјално да коментира бидејќи за тоа најпрво треба да се произнесе комесарот Патен но посебноискажа став дека тоа би било избрзано, став што беше поделен и содругите претставници на европските институции.

Учесниците на семинарот дискутираа и ја нагласија потребата од зајакнувањена парламентарната димензија на евроинтеграција и улогата на парламентите во целиот процес кој сега е малку запоставен. Како искажани барања на учесниците на семинарот кон претставниците на европските институции може да се нагласат:

- зголемување на финансиската помош, посебно за зајакнување на парламентарната структура а во тие рамки парламентарните служби;
- зголемување на регионалната парламентарна соработка меѓу земјите на Балканот како и со европратениците;
- достапност до предпристапните програми twining, screaning, Taiex заради користење на експертизата од земјите членки во изградба на институциите и во пренесување на европското законодавство;
- проширување на учеството во бројни други програми на заедницата (образование и истражување);
- либерализација на визниот режим;
- зајакнување на борбата против корупцијата и организираниот криминал и др.

## Заклучни согледувања

Ангажирањето на парламентите во рамките на Пактот за стабилност е двострано:

1) политичко насочување на придонесот на нивните земји на Пактот и контрола на Владата
2) реализација на проектите за парламентарна соработка во рамките на Пактот.

Конференцијата овозможи поширока парламентарна размена на мислења за Пактот, но веројатно поради широкиот круг учесници, Конференцијата не направи поаналитички осврт на досегашната реализација на активностите во рамките на парламентарната соработка на Пактот.

Политичката размена на мислења покажа дека состојбите во регионот претставуваат посебен интерес за парламентарцитеод земјите членки на Европската Унија и се покажа подготвеност за поддршка за решавање на истите.

Сите учесници го поздравија ангажирањето на грчкото претседателство за зајакнување на Процесот за стабилизација и асоцијација и преземените мерки за ревитализација на балканскиот регион и го нагласија поттикнувачкиот и стимулативниот ефект на Процесот за стабилизација.

# *ИЗВЕШТАЈ*

***од посетата на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на Белгискиот парламент, Европскиот парламент и Финскиот парламент остварена од 19 до 25 јануари 2003 година***

***Скопје, февруари 2003 година***

*Од 19 до 25 јануари 2003 година, Делегација на Собранието на Република Македонија го посети Белгискиот парламент, Европскиот парламент и Финскиот парламент. Посетата беше организирана од Националниот Демократски Институт (НДИ), како дел од НДИ програмата за јазиците. Целта на посетата беше запознавање со техничкиот аспект во употребата на јазиците, меѓутоа беа остварени и значајни средби со претставници на Парламентот и Владата. За време на оваа посета беа презентирани: опрема за симултан превод, системи за гласање и неколку софтверски алатки кои се користат за преведување.*

**Посета на Белгискиот парламент**

Според првичната програма за понеделник, 20 јануари, беа предвидени средби со г-дин Вили Хенрард, генерален секретар на белгискиот Сенат, како и со г-дин Франсис Јансенс, генерален директор на Сенатот на Белгија, но поради нашето ненавремено пристигнување во Брисел (заради маглата на скопскиот аеродром), програмата мораше да претрпи соодветни измени. Така, таа започна со ручек во Сенатот на Белгија што го приреди г-дин Хенрард и на кој покрај вообичаените изрази на благодарност и гостопримство, беа разменети и првични информации за функционирањето на двојазичноста во белгискиот Сенат. Потоа, Делегацијата имаше заеднички разговори со г-дин Филип Мартен, шеф на Техничкиот сектор на Сенатот, г-дин Коен Мил, од правната служба, и претставник од финансиската служба. Во разговорите, беше истакната правната нормираност на двојазичноста во белгискиот Устав и споредбата со приликите во Македонија и Белгија. Од наша страна јасно беа образложени разликите на уставите на нашите две земји како во поглед на уредувањето така и во поглед на употребата на јазиците. Исто така беа разменети информации за потребниот број симултани преведувачи и преведувачи на текстови, како и потребните технички и финансиски средства за тоа. За жал, предвидената средба со квесторите на Сенатот (сенатори задолжени за финансиите) не беше остварена заради нивната зафатеност. При посетата на делегацијата на Белгискиот парламент беа посетени две простории (Соба Ф и Собата за пленарни состаноци) во Сенатот, каде што е инсталирана опрема за симултан превод.

Опремата за симултан превод по техничките карактеристики е слична со опремата за симултан превод која се користи во Собранието на Република Македонија, но е од друг производител т.е. од фирмата Телевиц.

Делегацијата ја посети и нашата амбасада во Брисел. Таму бевме примени од амбасадорот г-дин Сашо Стефков, г-дин Петар Јовановски, министер советник, и од г-дин Белчев, шеф на Мисијата на Република Македонија при Европските заедници. Амбасадорот се интересираше за дотогашниот тек на посетата, како и за наредните активности и ни даде одредени информации за политичкиот систем на Белгија, за тамошната политичка ситуација, како и за односите на Кралството Белгија и Големото Војводство Луксембург со Република Македонија. Исто така, амбасадорот ја информираше Делегацијата и за состојбата со ратификацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската унија.

Наредниот ден започна со посета на Министерството за надворешни работи на Кралството Белгија. Делегацијата се сретна со г-дин Рафаел Ван Хелемонт, амбасадор, директор на Секторот за Централна и Источна Европа, и г-дин Јохан Веркамен, директор на Одделот за Балкан. Водачот на Делегацијата ги запозна претставниците на белгиското Министерство за надворешни работи со состојбата во нашата земја по потпишувањето на Охридскиот рамковен договор и за начинот и роковите за инплементација на законите кои произлегуваат од него. Г-ца Славица Грковска, во име на Делегацијата, исто така, побара од претставниците на белгиското МНР да се заложат кај својата Влада за побрза ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, за побрзо отворање на белгиска амбасада во Скопје, како и за либерализација на визниот режим помеѓу двете земји, посебно кога се работи за носителите на дипломатски и службени патни исправи, како и за граѓаните со развиени деловни односи со Белгија. Од г-дин Ван Хелемонт беше објаснета сложената постапка

на ратификација која е наложена од белгискиот уставен систем. Во врска со тоа Делегацијата беше информирана дека постапката на федерално ниво е стигната до Државниот совет на Белгија, а на регионално, паралелно е пратена и до парламентите на регионите и заедниците. Беше искажано оптимистичко уверување дека целата процедура ќе заврши до март. Во врска со отварањето на белгиска амбасада во Република Македонија како оправдување за немањето амбасада во Скопје беше дадено недостатокот од финансиски средства во буџетот за таа намена. Но, во исто време беше искажана и намерата на белгиската Влада да отвори т.н. дипломатски антени во некои земји каде Белгија нема амбасади. Во врска со визниот режим, претставниците на белгиското МНР рекоа дека Белгија како членка на Шенген системот е должна да ја следи заедничката политика усогласена помеѓу членките на Европската унија во врска со визниот режим но изразија подготвеност за извесна либерализација на визниот режим за одредени категории на граѓани на Република Македонија. На средбата во Министерството за надворешни работи присуствуваше и г-дин Петар Јовановски, како претставник на македонската амбасада во Брисел.

Во Претставничкиот дом на Белгија не пречека г-дин Робер Митенер, заменик на генералниот секретар на Претставничкиот дом. По кратката протоколарна средба Делегацијата се сретна со г-дин Ванхут, претседател на "Балканската група" на ИПУ. На средбата присуствуваше и г-дин Стеф Горис, член на Групата и член на Делегацијата на белгискиот Парламент во Собранието на Западноевропската унија. На средбата беа разменети мислења за улогата на парламентите. Од македонска страна на соговорниците им беше објаснета позицијата и новиот состав на Собранието.

Исто така, во име на Делегацијата, г-ца Славица Грковска ги информираше белгиските колеги за состојбата во Македонија по потпишувањето на Охридскиот договор и за начините и роковите кои македонската Влада ги постави за донесување и имплементација на законите кои произлегуваат од него. Од наша страна беше подвлечена разликата на уставната положба на македонскиот односно албанскиот јазик во Македонија од една страна, и на францускиот и фламанскиот во Белгија од друга.

Исто така, беше замолено за забрзување на процесот на ратификација на Договорот за стабилизација и асоцијација и за либерализација на визниот режим помеѓу двете земји посебно кога се работи за носители на дипломатски и службени патни исправи и за граѓаните на двете земји кои имаат развиени деловни релации меѓу нив. Изразувајќи интерес за новите уставни промени во Македонија, соговорниците ја објаснија примената на двојазичноста во белгискиот Парламент, а посебно во Претставничкиот дом. Одговарајќи на барањето за побрза ратификација на Договорот за стабилизација и асоцијација, двајцата белгиски парламентарци ја истакнаа сложеноста на белгискиот уставен систем и потребното време за да се завршат сите уставни процедури на регионално и федерално ниво. Господинот Грос се заложи да предложи резолуција за забрзување на постапката за ратификација.

При обиколката на зградата на Домот во придружба на г-дин Лик Портеланж, директор на Секторот за објекти, Делегацијата се запозна со условите за работа на членовите на белгискиот Парламент и на неговите службеници. Ни беше кажано дека секој член на Парламентот има своја канцеларија од 17 м2 и годишен буџет од околу 2000 евра. Потоа во чест на нашата Делегација беше приреден ручек од страна на г-дин Ванхут на кој беа разменети здравици. По ручекот Делегацијата имаше средба со г-дин Ванде Кастел, директор на Колеџот на Федералниот омбудсман, на која беа разменети мислења за надлежностите и задачите на оваа институција во двете земји.

За тоа време, г-ѓа Марина Ивановска - Николовска ја посети парламентарната библиотека каде се запозна со начинот на складирање и издавање на насловите со кои таа располага.

Наредениот ден Делегацијата го посети Секторот за пишан превод каде се стретна со г-дин Хуго Брукерт. Директорот Брукерт ја запозна нашата Делегација со компјутерските програми со кои се олеснува и забрзува преводот на сите документи од француски на фламански јазик и обратно, кои според белгискиот Устав се официјални јазици, па со тоа и потполно рамноправни во употреба на сите официјални пишани документи на белгискиот Парламент. Потоа го посетивме Секторот "Извештај" на Претставничкиот дом каде се сретнавме со г-дин Лик Блондел. Директорот Блондел ја

запозна Делегацијата со модерната техника на печатење со која располага Домот, како и со компјутерските програми кои автоматски го средуваат текстот и го подготвуваат за печатење.

Преведувачите во Одделението за преведување во Сенатот во Белгија како помош при преведувањето го користат Eurodicautom на Европската Комисија т.е. базата на термини преведени во повеќе јазици. На почетокот оваа база содржела термини само на четири јазици, холандски, француски, германски и италијански а подоцна е проширена со термини преведени на грчки, шведски, фински и португалски. Eurodicautom е богат со термини кои се користат во Европската Унија а се од техничка терминологија, од областа на земјоделството, телекомуникациите, сообраќај, законодавство и финансии. Интернет адресата на Eurodicautom е: http://europa.eu.int/eurodicautom а пристапот до базата на термини е дозволен за секој корисник на Интернет.

TRADOS софтверскиот пакет е другиот програм кој се користи во Сенатот во Белгија со цел да се направи преведувањето поефикасно. Овој програм е инсталиран на персоналните сметачи на преведувачите. TRADOS работи заедно со Microsoft Word и ги користи алатките од Word како на пример, форматирање на текст или опцијата Спеллинг. Никогаш не се преведува иста фраза два пати. TRADOS ја зачувува преведената фраза или реченицата онака како што ја превел преведувачот.Ако во понатамошната работа се случи да се повтори истата фраза или реченица, програмот ќе го понуди предходно зачуваниот превод, со што се заштедува времето за размислување и повторно преведување. Така со тек на време колку повеќе се работи со TRADOS, толку повеќе се зголемува базата со преводи. Исто така TRADOS нуди превод и за реченици кои се слични со веќе преведени реченици, Во овој случај деловите од текстот што треба да се преведе а се разликуваат од постоечкиот превод што е веќе мемориран во базата ќе бидат означени со боја која се разликува од текстот што се преведува и преведувачот ќе треба само нив да ги преведе. По ова се креира нов превод во меморијата што ќе се користи за понатамошно преведување. На овој начин се зголемува брзината на преведувањето.

Посетата на Одделот за извештаи во Сенатот покажа како се преведуваат стенограмите од седниците. Во работата се користи програм кој е специјално преработен за потребите на Сенатот, а кој овозможува снимање на аудио записот од седниците на аудио сервер. Ваквото снимање на аудио записот од седниците овозможува првичната запишана форма од стенограмот да биде готова два часа по завршувањето на седницата. Исто така оваа првична форма на стенограмот се става на Web страната на Сенатот. Веќе наредниот ден преведувачите започнуваат со преведување на стенограмот, при што процесот на доделување на задачата на преведувачот е потполно автоматизиран, т.е. секој преведувач кога ќе дојде на работа, по вклучувањето на компјутерот има информација дали има текст што треба да го преведе или не. Исто така на секој од пратениците што учествувале во дискусијата се испраќа првиот запис од стенограмот и тоа само делот од стенограмот кој се однесува на излагањето на пратеникот и се чека два дена за негови забелешки. По два дена сите направени преводи се наоѓаат на сервер, а одговорниот во ова одделение со посебен програм ги спојува сите преведени делови во стенограмот и по два дена конечната верзија на стенограмот е достапна за читање на преведените јазици.

Системот за гласање во Сенатот користи програмски пакет кој го користи W2000 оперативниот систем. Програмот е прилагоден за гласањето во Сенатот. Персоналниот сметач на кој работи програмот за гласање е поврзан со четири дигитални екрани. На два од нив можат да се видат резултатите од гласањето т.е. бројот на пратеници кои гласале за, против и бројот на пратеници кои се воздржале од гласањето, а на другите два екрани е претставена салата со местата за седење. Секое место во салата е означено со еден светлечки знак со број кој е ист со бројот на местото во салата. На овие екрани може да се види кој како гласал. По секое гласање може да се отпечати извештај од гласањето во кој е прикажано кој пратеник како гласал, на која политичка партија припаѓа, колку пратеници присуствувале на седницата, број кој го претставува кворумот, колку пратеници гласале за, колку против и колку се воздржале од гласањето. Специфично за овој програмски пакет е дека дава можност претседавачот со седницата по секое гласање да добие и листа на оние пратеници кои се воздржале

од гласањето. По добивањето на оваа листа претседавачот бара од секој од пратениците да образложи зошто се воздржал од гласањето.

**Посета на Европскиот парламент**

Во Европскиот парламент се користи систем за гласање сличен со системот за гласање што се користи во Собранието на РМ, но е од друг производител. Опремата за симултан превод што се користи во Европскиот парламент дава можност за преведување во повеќе од четири јазици. Опремата за симултан превод што се користи за време на седниците на Собранието на РМ дава можност за преведување на четири јазици.

Во Европскиот парламент не пречека г-ѓа Сабине Маци Цисис, секретар на Делегацијата на Европскиот парламент за соработка со земјите од Југоисточна Европа. Во придружба на шефот на Протоколот на Европскиот парламент ја посетивме Салата за пленарни седници каде се запознавме со начинот на седење на парламентарните групи, на претседтелството на Парламентот и на европските комесари. Исто така, ни беше објаснето дека во официјална употреба во Европскиот парламент се сите единаесет официјални јазици на петнаесетте земји членки на Европската унија.

Во чест на македонската Делегација г-ѓа Дорис Пак, претседател на Делегацијата на Европскиот парламент за соработка со земјите од Југоисточна Европа, приреди ручек во парламентарниот ресторан на кој присуствуваше и баронесата Сара Лудфорд, член на Делгацијата. На ручекот беа разменети мислења за положбата на албанската заедница во Република Македонија пред и по воениот конфликт. Шефот на македонската Делегација г-ца Славица Грковска ги информираше двата члена на Делегацијата на Европскиот парламент за најновите уставни амандмани и нивната примена во работата на македонското Собрание, посебно во однос на употребата на јазиците на заедниците кои се застапени со најмалку 20% од населението на Република Македонија. Исто така, г-ца Грковска ги информираше соговорниците за натамошната инплементација на Охридскиот рамковен договор и за плановите на македонската Влада за доследна примена на неговите одредби преку акционен план за донесување на закони кои произлегуваат од него во одреден рок. Понатака од соговорниците беше побарано да се заложат за побрза ратификација на Договорот за стабилизација и асоцијација. Г-ѓа Пак напомена дека таа би можела да се заложи кај членовите на Делегацијата кои се од тие земји членки и да ги замоли тие да интервенираат кај своите влади. Г-ѓа Пак се интересираше за статусот на нелегалниот тетовски универзитет по отварањето на универзитетот на Југоисточна Европа и побара од претставниците на албанските партии да се заложат за негово што побрзо затварање. Г-дин Матоши реплицираше дека тој би се затворил доколку т.н. Штулов универзитет се прошири и со уште некои други факултети. Од страна на домаќините (посебно од страна на баронесата Лудфорд) се отвори дискусија и за именувањето на македонскиот народ со кое тој поточно би се издвоил од другите заедници во Македонија. Поточно беше предложен изразот "славомакедонци". Дури беа прашани и македонските членови на Делегацијата што им пречи тој израз. Г-ца Грковска и г-ѓа Којзеклиска без двоумење го отфрлија "предлогот" како навредувачки и со тоа крајно неприфатлив и без преседан во меѓународната практика. И г-дин Буџаку се обиде на соговорниците да им ја објасни големата сензитивност на ова прашање за припадниците на македонскиот народ. Дискусијата по заминувањето на г-ѓа Пак неформално продолжи со баронесата Лудфорд. По ручекот нашата Делегација присуствуваше на седницата на Комисијата за надворешна политика на Европскиот парламент. Откако беше топло поздравена од страна на претседавачот со седницата баронесата Николсон од Винтербурн и кратко се осврна на претстојната замена на НАТО силите со евросилите во Република Македонија што ќе биде и прва операција на европските сили по нивното востановување. Потоа македонската Делегација го напушти Европскиот парламент.

**Посета на Финскиот парламент**

Делегацијата беше пречекана од г-ѓа Ан-Мари Матсон, шеф на Шведското биро, Делегацијата се упати во финскиот Парламент (Едускунта) каде имаше кратка средба

со г-дин Сепо Титиинен, генерален секретар. Потоа, Делегацијата беше поканета во Свечената ложа, од каде ја следеше седницата на Парламентот на која на Дневен ред беа пратенички прашања. Вечера, во типичен фински ресторан, во чест на Делегацијата приреди г-дин Јоуни Ваинио, заменик генерален секретар. Следниот ден започна со едночасовна средба со г-дин Титиинен на која Делегацијата се запозна со начинот на работа на финскиот Парламент. Во Едускунтата, како што објасни г-дин Титиинен, сите официјални документи се напишани на двата јазика на државата. На седниците на Парламентот пратениците може да се обраќаат на двата јазика, а обезбеден е консекутивен превод од шведски на фински.

Г-ца Грковска, објаснувајќи ја ситуацијата во нашата држава, кажа дека во Македонија официјален јазик е македонскиот и неговото кирилско писмо, а на седниците на Собранието пратениците кои припаѓаат на заедницата која е претставена со најмалку 20% од населението може, како и во Финска, да зборуваат на нивниот мајчин јазик со обезбеден симултан превод од тој јазик на македонскиот.

Потоа делегацијата имаше средба со г-дин Гунар Јансон, пратеник од Оландските острови каде живее население со шведски мајчин јазик, и со уште еден пратеник. Г-дин Јансон се интересираше за најновата ситуација во нашата земја со оглед на тоа што тој самиот бил во Македонија во 1993 година. На средбата стана збор за сличностите и разликите на употребата на македонскиот и албанскиот јазик во Македонија и на финскиот и шведскиот јазик во Финска. Исто така, стана збор и за различните "квоти" кои ја детерминираат нивната употреба. Така на пример во Финска во официјална употреба на локално ниво е и шведскиот јазик доколку во соодветната општина на 6% или на најмалку 3000 жители тој им е мајчин јазик. Нашата Делегација објасни дека, според Уставот на Република Македонија, Македонија е унитарна држава и во неа, како и во меѓународната комуникација, официјален јазик е македонскиот и неговото кирилско писмо. Според најновите уставни амандмани пратениците кои припаѓаат на заедниците кои претставуваат најмалку 20% од вкупнотот население имаат право на седниците на Собранието, како и на неговите работни тела да го употребуваат нивниот мајчин јазик. Во единиците на локалната самоуправа официјален јазик покрај македонскиот се и јазиците на заедниците кои претставуваат најмалку 20% од населението во таа општина.

Потоа на Делегацијата и беше приреден ручек чиј домаќин беше г. Јансен.

Посетата на Шведското биро на Едускунтата беше прекината со прием на Делегацијата кај г-ѓа Риита Уосукаинен, претстедател на Едускунтата. Во исклучително срдечниот разговор со госпоѓата претседател, таа ја објасни позицијата на финскиот Парламент и неговиот начин на работа од аспект на двојазичноста. Шефот на нашата Делегација г-ца Славица Грковска ја информираше претседателката за најновите уставни промени во Македонија во врска со употребата на јазиците на заедниците кои претставуваат најмалку 20% од населението. Претседателката на финскиот Парламент ја извести Делегацијата и за претстојните избори во мај оваа година, како и за нејзината намера да се повлече од политичкиот живот. По оваа средба Делегацијата се врати да го доврши разговорот во Шведското биро на Едускунтата каде г-ѓа Елисабет Суомаилинен, заменик раководител, ја запозна македонската страна со улогата на Бирото. Имено, откако ја изложи поставеноста, екипираноста и опременоста на Бирото, таа објасни дека тука се преведуваат текстовите на официјалните документи на финскиот Парламент од шведски на фински јазик и обратно. Со ова заврши посетата и на Едускунтата.

Во Финскиот парламент не се користи опрема за симултан превод за време на седниците на Парламентот, туку по потреба се врши консекутивен превод.

Во Финскиот парламент се уште се разгледува можноста за користење на програмски пакет во преведувањето на текстови. Дополнителен проблем во изборот на програм за преведување е користењето на софтверскиот пакет Word Perfect за пишување на текстови. Воопшто, за Финскиот парламент специфично е дека Microsoft софтверските пакетите ги користат многу малку и не користат бази на податоци под Windows оперативниот систем.

Системот за гласање има можност за претставување на резултатите од гласањето по пратеник на два големи екрани, поставени во салата за седници и тоа со по еден светлечки знак за секое место во салата. Станува збор за модерен систем за гласање

во кој на посебни мали екрани поставени на секое пратеничко место е прикажан дневниот ред на седницата или предходно пријавените пратенички прашања.

Посетата на парламентите покажа дека опремата што се користи за симултан превод се разликува во бројот на јазици кои може симултано да се преведуваат и обично е за два, четири или осум јазици, не вклучувајќи го основниот јазик. Опремата е лесна за користење и со висок квалитет на звукот. Исто како и во Собранието на Република Македонија така и во другите парламенти се користи безжичниот инфрацрвен систем за симултан превод.

Разликата во однос на другите парламенти и Собранието на РМ е дека парламентите кои ги посетивме имаат повеќе опрема и релативно понова.Кај нас дел од опремата е стар микрофонски систем од Пхилипс, а дел е нова опрема од Брахлер а имаме само четири инфрацрвени радијатори за симултан превод, од кои два се фиксни и се поставени во сала број 1. Бидејќи во Собранието на РМ постои веќе инфраструктура за безжичниот инфрацрвен систем, додавањето на дополнителна опрема ќе допринесе за заокружување на постоечкиот системот за симултан превод и негово проширување со инфрацрвени приемници и слушалки.

Што се однесува до програмските пакети кои се користат за преведување во парламентите што ги посетивме, тие се корисни за секој кој се занимава со преведување затоа што го намалуваат времето потребно за превод и го прават преведувањето поефикасно.Она што е специфично за овие програмски пакети е дека е потребно време да се пополни базата со преведени фрази и реченици, кои потоа програмот ги нуди како веќе преведени делови.

Од комуникацијата на Компјутерскиот центар во Собранието на РМ со другите парламенти познато е дека повеќето парламенти во Европа (не само парламентите што ги посетивме), исто така ја разгледуваат можноста за правење на дигитален запис од седниците. Такви идеи уште од пред неколку години имаат парламентите во Швајцарија и Италија. Правењето на дигитален запис од седниците овозможува правење на електронска архива од седниците и потоа печатење на документите на друг медиум.

Посетата на парламентите беше корисна од неколку причини:

1. Посетата овозможи да се види опремата за симултан превод што НДИ ќе ја подари на Собранието на Република Македонија;
2. Овозможи да се види како се користат програмски пакети за правење на дигитален запис од седниците кој потоа може да се репродуцира на друг медиум (касети, ЦД);
3. Како се користат програмски пакети за преведување на текстови;
4. Како во системите за гласање со користењето на дигиталните екрани со означените места на пратениците се прикажува јавно гласањето на секој пратеник.

Воопшто со посетата на парламентите се виде директно како опремата за симултан превод функционира а со презентирањето на програмските пакети за преведување како е зголемена ефикасноста во преведувањето.

Презентирањето на програмскиот пакет за дигитален запис од седниците беше навистина интересно затоа што во Информационо - компјутерскиот центар веќе имавме информации за вакви програмски пакети а сега ни се даде можност и практично да видиме како тој функционира. Се разбира вакви софтверски пакети бараат големи инвестиции и мал број од Европските парламенти користат програмски пакети за ваква намена.

**Политички заклучоци**

Делегацијата на Собранието на Република Македонија оценува дека посетата на трите парламенти беше од исклучително големо значење, посебно како извор на искуства во примената на принципот на двојазичност

# ***БЕЛЕШКА***

***од средбата на г-ѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија со г-дин Велимир Радојевиќ, Министер за одбрана на Србија и Црна Гора, остварена на 19 февруари 2003 година***

***Скопје, февруари 2003 година***

*Во рамките на официјалната посета на Република Македонија на Министерот за одбрана на Србија и Црна Гора, г-дин Велимир Радојевиќ, на 19 февруари 2003 година беше реализирана средба со г-ѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија. На средбата присуствуваа лицата од придружбата на министерот г-дин Светислав Ристиќ, заменик на министерот Радојевиќ, генерал-мајор Добросав Радовановиќ, г-дин Жељко Петковиќ, воено аташе на Србија и Црна Гора во Република Македонија, како и г-дин Никола Тодоровски, републички советник и г-ѓа Ана Качакова, советник во Секторот за меѓународна соработка.*

Г-дин Радојевиќ информираше за текот на неговата посета и за разговорите што ги остварил со домаќините и искажа задоволство што биле покренати и разгледани повеќе актуелни прашања што ги засегаат двете земји, како што е прашањето на демаркацијата на границата, соработката во областа на одбраната, воено-економската соработка и во областа на размена на информации од безбедносна природа. Во однос на прашањето за иднината на Косово, тој го презентираше ставот на Србија и Црна Гора за неделивост на територијата и заложбите за изнаоѓање политички средства за апсолвирање на прашањето со помош на меѓународната заедница. Тој информираше и за состојбата во земјата по усвојувањето на Уставната повелба и за чекорите што треба да се преземат за да може одредбите од Повелбата и практично да се имплементираат. Информираше и за реформите што претстојат во секторот на одбрана, како и законските акти што треба да се донесат за уредување на односите во областа на безбедноста и одбраната.

Г-ѓа Поповска, изрази задоволство од оваа средба поради фактот што претставува извонредна прилика изворно да се разменат мислења за прашања од меѓусебен интерес за двете држави. Потпретседателката го информираше соговорникот за состојбата во Република Македонија и за приоритетите на Владата во областа на безбедносната, политичката, правната и економската стабилизација на земјата. Укажа дека во Република Македонија во тек е процесот на практична имплементација на Рамковниот договор преку донесување на важни системски закони и дополнувања на повеќе закони во духот на одредбите од Рамковниот договор. Во однос на прашањето за иднината на Косово, г.Поповска го изнесе официјалниот став на Република Македонија дека Косово е дел од Србија и Црна Гора и согласно Резолуцијата на ОН се отфрла секаква можност за негово отцепување и независност.

Г-дин Радојевиќ покажа интерес за законскиот проект со кој беше скратен рокот за служење војска на 6 месеци, односно за причините и принципите кои биле земени предвид при изготвување на вакво законско решение. Г-ѓа Поповска информираше дека тој закон е направен според стандардите на ЕУ и НАТО во таа сфера, односно преку тоа решение се очекува висока професионализација на војската, подобрување на нејзината ефикасност и рационално користење на средствата наменети за војската и одбраната. Усвојувањето на ваков законски текст особено се наметна како потреба по минатогодишниот воен конфликт во земјата, поради ненадејната зголемена потреба од војска подготвена за брзи и, тактички акции во специјални услови.

Исто така, на средбата беа разменети информации и мислења кои се од взаемен интерес за двете земји од областа на одбраната, а беа искажани уверувања за натамошна поинтензивна меѓупарламентарна соработка.

## *БЕЛЕШКА*

***од средбата на г-ѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија со г-дин Ханс-Петер Анен, Раководител на Одделот за Југоисточна Европа во Министерството за надворешни работи на СР Германија,остварена на 19 февруари 2003 година***

***Скопје, февруари 2003 година***

*На 19 февруари 2003 година г-ѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија го прими на разговор г-дин Ханс-Петер Анен, Раководител на Одделот за Југоисточна Европа во Министерството за надворешни работи на СР Германија, на негово барање. На средбата присуствуваа и г-ѓа Ирене Хиндриксен, Амбасадор на СР Германија во Република Македонија, г-ѓа Барбара Утевска, преведувач, г-дин Никола Тодоровски, републички советник и г-ѓа Ана Качакова, советник во Секторот за меѓународна соработка.*

Г-дин Анен информираше дека целта на неговата посета на Република Македонија е согледување на состојбите во земјата по минатогодишниот воен конфликт и улогата на СР Германија во поглед на финансиска и материјална помош за Република Македонија. Укажа дека СР Германија е особено е заинтересирана за натамошни добри и конструктивни односи со Република Македонија, за што веќе се воспоставени контакти со новата Влада, а се очекува и воспоставување на меѓупарламентарната соработка во најскоро време. Во поглед на процесот на интеграцијата на Република Македонија во ЕУ и НАТО, г-дин Анен ја истакна несебичната поддршка што СР Германија и ја дава на Република Македонија на тој план, и ги пренесе заложбите на германската влада за поддршка на Република Македонија и во иднина. Укажа дека во поглед на економско заздравување на земјата, СР Германија дава на располагање финансиски средства во висина од 90 милиони евра кои сеуште стојат неискористени. За таа цел, потребно е поголем ангажман од страна на владата на Република Македонија преку изработка на проекти што се од витален интерес за земјата, како би можело тие средства рационално да се искористат.

Г-дин Анен во текот на средбата достави Вербална нота од Амбасадата на СР Германија во Република Македонија, која е веќе доставена и до Министерството за надворешни работи, со која се известува за поканата упатена од германскиот Бундестаг до Собранието на Република Македонија за учество на двајца функционери од Собранието на Република Македонија на Семинар посветен на буџетската проблематика во Бундестагот во првата недела на април 2003 година. Бундестагот е подготвен целосно организационо и финансиски да го реализира овој семинар. Г-дин Анен укажа дека пријавувањето на кандидатите за Семинарот треба да се направи најдоцна до 6 март 2003 година.

Г-ѓа Поповска го запозна гостинот со актуелната политичка состојба во земјата и изрази задоволство што односите меѓу двете земји на владино и парламентарно ниво се задоволителни и покажуваат тренд на интензивирање. Посебно се осврна на приоритетите на Владата, во заедничко содејство со Собранието на Република Македонија, кои се во функција на стабилизирање на состојбата во земјата: воспоставување на мир и ред, борба против организираниот криминал, намалување на сиромаштијата и борбата со корупцијата. Г-ѓа Поповска информираше дека кај политичките субјекти и институциите на системот постои јака волја за реализација на приоритетите. Исто така, се работи и на планот на законодавната област, каде носител на активностите е Собранието на Република Македонија во функција на реализација на обврските од Рамковниот договор во поглед на донесување на важните закони. Иако се многу на број (околу стотина законски проекти и предлози за изменување и дополнување на постоечките закони во духот на одредбите од Рамковниот договор), се очекува нивно донесување во предвидениот рок до средината на 2004 година. Посебно се осврна на донесувањето на измените на Законот за локална самоуправа, со што децентрализацијата на државата и внатрешното уредување на општините ќе добие нов лик.

Г-ѓа Поповска изрази задоволство за поканата за учество на двајца функционери од Собранието на Република Македонија на Семинарот во Бундестагот и изрази надеж дека истата со задоволство ќе биде прифатена и реализирана. Исто така, г-ѓа

Поповска, осврнувајќи се на успешната посета на Република Македонија на претседателот на германскиот Бундестаг г-дин Тирзе остварена во 2001 година, искажа уверување дека во наредниот период ќе биде реализирана и возвратна посета на СР Германија на г-дин Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

Во однос на средствата одобрени од германската влада за финансиска помош на Република Македонија, г.Поповска истакна дека постојат повеќе проекти за кои се чека нивна реализација, при што укажа на неколку: обнова на патната инфраструктура, изградба на железничката пруга која е дел од Коридорот 8, хидросистемот "Злетовица" за кој Владата веќе има готов проект, поддршка на градот Скопје како голема урбана средина каде живее една третина од целокупното население во Република Македонија, повеќе еколошки проекти во рамките на ЛЕАП проектот, репарирање на повеќе училишта, проект за ревитализација на старата Скопска чаршија и друго.

Во текот на разговорот беа разменети мислења за повеќе актуелни прашања и се изразија уверувања за натамошна конструктивна соработка меѓу двете земји, особено во сферата на меѓупарламентарната соработка.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Билатерална соработка***

***БЕЛЕШКА***

***од средбата на г-дин Каме Петров, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Народна Република Кина со г-дин Џанг Вансиуе, вонреден и ополномоштен амбасадор на Народна Република Кина во Република Македонија, остварена на 14 март 2003 година***

***Скопје, март 2003 година***

*На 14 март 2003 година г-дин Каме Петров, претседател на Пратениката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Народна Република Кина го прими на разговор г-дин Џанг Вансиуе, вонреден и ополномоштен амбасадор на Народна Република Кина во Република Македонија. На средбата присуствуваше и г-ѓа Ана Качакова, советник во Секторот за меѓународна соработка.*

Средбата беше остварена на барање на амбасадорот со цел да се согледаат можностите за соработка меѓу двата парламенти. Г-дин Петров го информираше амасадорот дека во Собранието на Република Македонија веќе е основана Пратеничка група за соработка со Парламентот на Народна Република Кина, во која, покрај претседателот на Групата, членуваат уште шест пратеници, според паритетна застапеност на политичките партии во Собранието. Укажа дека натамошната соработка, која веќе е воспоставена е од извонредно значење за двата парламенти, особено поради фактот што НР Кина е голема држава со огромен потенцијал за соработка во сите области на политичкиот, стопанскиот, општествениот и јавниот живот. Воедно, г-дин Петров изрази надеж дека активностите преземени од претходната Влада нема да претставуваат пречка за натамошен развој на односите. Народот, а особено Владата на широката коалиција, мошне разумно ја согледаа состојбата на овој план и Владата презеде чекори за нормализирање на истата со упатување јасни сигнали за повторно воспоставување на соработката меѓу Република Македонија и НР Кина.

Господин Вансиуе истакна дека особено го радува фактот што состојбата во Република Македонија е стабилизирана и во тој поглед ги пренесе симпатиите и пријателството на кинескиот кон македонскиот народ, како и несебичната поддршка што НР Кина ја дава и ќе ја дава во иднина на Република Македонија. И тој ја изрази надежта дека признавањето на Република Кина-Тајван од страна на Република Македонија е само една епизода која набрзо ќе се надмине со повторното воспоставување на соработката меѓу Република Македонија и НР Кина. На планот на меѓупарламентарната соработка, г-дин Вансиуе ја оцени посетата на делегација од Комисијата за надворешна политика на Собранието на Република Македонија, што беше остварена во 2001 година, како мошне конструктивна и изрази надеж дека наскоро ќе биде остварена и возвратна посета.

Господин Петров го информираше г-дин Вансиуе дека како претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на НР Кина планира во почетокот на април оваа година (поради важните собраниски седници кои се планирани до крајот на март о.г. ќе постои објективна спреченост на пратениците за други ангажмани во тој период), заедно со целата Пратеничка група да оствари средба со него, на која би се договориле идните насоки за соработка. Воедно, изрази надеж дека таква група наскоро ќе биде основана и во Секинеското народно собрание, со што ќе може веднаш да се започне со конкретни активности.

Господин Петров и господин Вансиуе разговараа и за модалитетите на стопанска соработка меѓу двете земји, за текот на изградбата на ХЕЦ "Козјак", за што постои подготвеност и поддршка од владите на двете држави да се реализира комплетно во најкраток можен рок.

Во текот на разговорот беа разменети мислења за повеќе актуелни прашања и се изразија уверувања за натамошна активна стопанска соработка меѓу двете земји, а особено се изразија можностите за натамошна квалитетна и интензивна меѓупарламентарната соработка.

# *ИНФОРМАЦИЈА*

## *за посетата на Република Македонија на г-дин Марсел Деу, претседател на Групата за пријателство Франција-Македонија на Националното собрание на Француската Република, остварена од 8 до 11 мај 2003 година*

***Скопје, мај 2003 година***

*Господинот Марсел Деу, претседател на Групата за пријателство Франција-Македонија на Националното собрание на Француската Република, од 8 до 11 мај 2003 година оствари посета на Република Македонија, на покана од г-ѓа Ганка Самоиловска - Цветанова, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Франција.*

*Претседателот на Групата за пријателство Франција-Македонија беше придружуван од г-дин Роже Сеги, советник во Економскиот и социјален совет на Франција. На средбите одржани во Собранието на Република Македонија присуствуваше Н.Е. г-дин Жан Франсоа Терал, амбасадор на Француската Република во Република Македонија, а на другите средби во Скопје, г-дин Оливие да Силва, прв советник во Амбасадата на Француската Република во Република Македонија. Во постојана придружба на делегацијата беше г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Франција.*

Француската Делегацијата оствари средби и водеше разговори со: претседателот и членовите на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Франција, координаторите на пратеничките групи во Собранието, претседателот на Собранието на Република Македонија, министерот за економија, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и заменикот на министерот за надворешни работи на Република Македонија. Во Стопанската комора на Република Македонија, Делегацијата се сретна со претставници на комората и со македонски стопанственици од текстилната и прехранбената индустрија. Господинот Марсел Деу ги посети евро-силите "Конкордија" и Катедрата за романски јазици и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот "Свети Кирил и Методиј".

Во рамките на посетата на Република Македонија, француската делегација престојуваше во Битола, каде што имаше средба со градоначалникот г-дин Златко Вршковски, а го посети и Конзулатот на Република Франција во Република Македонија и разговараше со г-ѓа Калиопа Кривашија - Стилиновиќ, почесен конзул на Француската Република. Членовите на делегацијата се сретнаа со г-дин Слободан Најдовски и г-дин Илија Србиновски, пратеници во Собранието на Република Македонија од Битола. Господинот Марсел Деу и г-дин Роже Сеги го посетија металуршкиот комбинат "ФЕНИ", како и археолошкиот локалитет "Хераклеа" и градот Охрид.

На сите средби, заеднички беше констатирано дека традиционално добрите и стабилни односи меѓу Република Македонија и Француската Република ги карактеризира висок степен на пријателство и меѓусебно почитување. Беа разменети мислења и информации за актуелните случувања во двете држави и во светот и беше изразена надеж за понатамошна соработка и поддршка на меѓународен план.

* * * * *

На средбата со г-ѓа Ганка Самоиловска - Цветанова, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Франција, присуствуваше и г-ѓа Славица Станковска, член на Пратеничката група.

Госпоѓата Ганка Самоиловска - Цветанова го изрази своето задоволството од високиот степен на соработка на Собранието на Република Македонија со Националното собрание на Француската Република, истакнувајќи притоа благодарност за ратификацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и ЕУ од страна на Францускиот парламент. Таа се задржа на соработката меѓу двете земји во полето на економијата, културата и одбраната, а особено на соработката на политички план, која ја карактеризира позитивен тренд и континуитет.

На средбата, од двете страни беше подвлечено значењето на мисијата на евросилите "Конкордија" за зачувањето на стабилноста и безбедноста на Република

Македонија, како и придонесот на француските сили, под чија команда е мисијата. Истовремено, позитивно беа оценети француските инвестиции во Република Македонија и рестартирањето на двата големи загубари "ФЕНИ" и "Југохром".

Претседателката на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Франција, г-ѓа Самоиловска - Цветанова, ја истакна улогата на Францускиот културен центар во приближувањето на француската култура и цивилизација, нагласувајќи ја извонредната соработка на Центарот со Министерството за култура на Република Македонија и културните институции, како и реализацијата на голем број успешни проекти. Беше изразена благодарност за Програмата "Висока административна обука", наменета за професионална обука на кадри од областа на јавната администрација, во која учествуваат 35 државни службеници, од кои четворица се вработени во Собранието на Република Македонија.

Во врска со актуелното прашање за границите на Европа, пратеникот Марсел Деу истакна дека за Република Франција воопшто не е спорно дека иднината на Република Македонија е во Европската унија. Господинот Деу ја подвлече и подготвеноста на Француската Република да и помогне на Република Македонија во приближувањето кон ЕУ. Тој, исто така, информираше за иницијатива на Н.Е. Јордан Плевнеш, амбасадор на Република Македонија во Франција, господинот Роже Сеги да биде назначен за почесен конзул на Република Македонија во Лил. Оваа иницијатива беше поздравена и позитивно оценета од членовите на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Францускиот парламент.

Господинот Роже Сеги информираше за можностите за продлабочување на стопанска соработка меѓу Република Македонија и Република Франција, а особено со регионот Норд Па д´ Кале, кој е прв по развиеност на текстилната и прехранбената индустрија во Франција.

На средбата со координаторите на пратеничките групи застапени во Собранието на Република Македонија присуствуваа: г-ца Славица Грковска, заменик на координаторот на Пратеничката група на СДСМ, г-дин Марјан Ѓорчев, координатор на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, г-дин Хусеинџеват Хусеини, пратеник од ДУИ, г-дин Андреј Жерновски, координатор на Пратеничката група на ЛДП и г-дин Зоран Крстевски, заменик на координаторот на Пратеничката група на ЛП.

Господинот Марсел Деу ја истакна заложбата интензивните врски меѓу двете земји да продолжат и понатаму на парламентарно и на владино ниво и изрази задоволство што има можност да се сретне со претставници на политичките партии застапени во Собранието на Република Македонија. Тој ја нагласи безрезервната поддршка на територијалниот интегритет и суверенитет на нашата земја, истакнувајќи дека безбедноста, стабилноста и просперитетот на Република Македонија се од клучна важност како за Франција, така и за ЕУ.

Госпоѓицата Славица Грковска оцени дека ратификацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација во Францускиот парламент е потврда на поддршката што Француската Република перманентно и ја дава на Република Македонија. Заменикот на координаторот на Пратеничката група на СДСМ истакна дека приоритет на Владата на Република Македонија е имплементација на Охридскиот договор и стабилизација на земјата на безбедносен и економски план. Таа нагласи дека престојат длабоки и тешки реформи за приближување кон ЕУ и ја истакна цврстата определба да се истрае на тој пат.

Господинот Марјан Ѓорчев, се осврна потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и зачленувањето во Светската трговска организација, односно поддршката што Република Македонија ја добила од Француската Република во овие процеси. Како член на групата за преговори за влез во СТО, господинот Ѓорчев ја нагласи француската поддршка во делот на агро-комплексот и трговијата.

Координаторот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ја подвлече еминентната улога на европските претставници г-дин Франсоа Леотар и г-дин Ален Ле Роа во изнаоѓањето на решенија за време на кризата минатата година. Господинот Ѓорчев го истакна учеството на Република Македонија во Франкофонијата и соработката меѓу Република Македонија и Француската Република во различни проекти

како што се мостот "Гоце Делчев" во Скопје, пречистителната станицата во Кочани и слично.

Во врска со имплементацијата на Охридскиот договор, тој истакна дека ВМРО-ДПМНЕ има чиста позиција по ова прашање, нагласувајќи дека Охридскиот договор беше преточен во уставни амандмани во периодот кога Пратеничката група на оваа партија имаше најголем број пратеници во Собранието.

Господинот Хусеинџеват Хусеини нагласи дека Пратеничката група на ДУИ се залага за целосна имплементација на Охридскиот договор. Истакнувајќи дека триесет години бил професор по француски јазик, тој ја подвлече улогата на "Алијанс Франсез" во промоцијата на францускиот јазик и повторното заземање на неговите изгубени позиции.

Господинот Зоран Крстевски, изрази задоволство од билатералната соработка меѓу двете земји и благодарност за француската помош во сите фази на процесот на транзиција на Република Македонија. Тој потенцираше дека Либералната партија е единствена политичка партија во земјава којашто застана зад ставот на Француската Република во врска со воената интервенција во Ирак. Господинот Крстевски информираше дека одредени процеси се уште предизвикуваат тензии меѓу различните заедници и имаат директна рефлексија на стабилноста на Република Македонија. Поздравувајќи го присуството на евро-силите во земјава, тој оцени дека мисијата "Конкордија" претставува придонес на Република Македонија кон заедничката надворешна и одбранбена политика на Унијата.

Осврнувајќи се на двете големи француски инвестиции во областа на металургијата, заменикот на координаторот на Пратеничката група на ЛП, г-дин Крстевски се заложи за проширување на инвестициите и во други индустирски гранки. Притоа, тој истакна дека привлекувањето на странски инстутуции е задача која треба да ја исполни Република Македонија.

Координаторот на ЛДП, г-дин Андреј Жерновски подвлече дека Република Македонија поминува низ чувствителен период кога треба да се врати стабилноста и безбедноста на земјата. Тој изрази очекување дека "Конкордија" ќе биде последна воена мисија во Македонија, односно дека по истекот на мандатот на оваа мисија ситуацијата во земјата ќе биде стабилизирана. Господинот Жерновски се заблагодари за ратификацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација во Францускиот парламент и ги замоли гостите да го искористат своето влијание за забрзување на ратификацијата на Спогодбата во парламентите што се уште ја немаат ратификувано истата. Тој се осврна и на економската соработка меѓу двете земји, односно француските инвестиции во Република Македонија.

Делегацијата оствари средба со претставниците на Бирото на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата: г-ѓа Славица Станковска, претседател на Секцијата, г-дин Хусеинџеват Хусеини, потпретседател на Секцијата и г-ѓа Лилјана Ивановска, член на Бирото.

Претседателот на Секцијата, г-ѓа Славица Станковска, ги запозна г-дин Марсел Деу и г-дин Роже Сеги со активностите на Секцијата и Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата. Таа информираше за учеството во работата на седниците на комисиите на ПСФ и на редовното Годишно собрание, како и за посетата на претседателот на Регионот Европа на Република Македонија. За време на оваа посета, меѓу другото, било разговарано за "програмата за акција" на Регионот Европа и можноста за вклучување на македонската секција во ПСФ во програмата.

Госпоѓата Станковска изрази задоволство од традиционално добрите односи меѓу Република Македонија и Француската Република и се заложи за унапредување на соработката на сите нивоа. Таа се осврна на работата на двојазичните паралелки што функционираат во неколку училишта во Скопје, Неготино, Куманово и Тетово, подвлекувајќи го своето искуство како професор по хемија во двојазичната паралелка во гимназијата во Куманово. Госпоѓа Славица Станковска, исто така, информираше за соработката на Собранието на Република Македонија со Француската амбасада во изучувањето на францускиот јазик од страна на пратеници и вработени во Службата на Собранието.

Господинот Деу подвлече дека му претставува особено задоволство што е претседател на група за соработка со земја којашто е членка на Организацијата на Франкофонијата. Нагласувајќи дека и самиот е член на Бирото на Франкофонијата во Националното собрание на Франција, г-дин Деу подлече дека за оваа средба ќе го информира претседателот на Француската секција во ПСФ. Тој оцени дека членството во Франкофонијата може да се манифестира и со економска соработка.

Потпретседателот на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ, Хусеинџеват Хусеин, се осврна на соработката во рамките на "Алијанс Франсез", двојазичните паралелки и Универзитетот на Југоисточна Европа. Тој нагласи дека франкофонските земји треба да ги отворат вратите за македонските студенти, пред се, со доделување на стипендии.

Госпоѓата Лилјана Ивановска изрази благодарност за ратификацијата на Спогодбатата за стабилизација и асоцијација во Францускиот парламент, како и за соработката меѓу двете земји, особено на полето на одбраната и внатрешните работи. Како особена значајна таа ја оцени размената на информации за борбата против организираниот криминал.

Таа се задржа и на комплексниот визен режим и се заложи за постепена либерализација во издавањето на визи, особено кога станува збор за студенти, културни работници и бизнисмени.

Господинот Деу и г-дин Сеги беа примени од г-дин Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија. На средбата присуствуваше и г-ѓа Ганка Самоиловска - Цветанова, претседател на Пратеничката група на Собранието на РМ за соработка со Парламентот на Република Франција.

Подвлекувајќи дека односите меѓу двете земји ги карактеризира плодна соработка и искрено пријателство, претседателот на Собранието, г. Никола Поповски, подвлече дека помошта и поддршката од Француската Република е од особена важност за Република Македонија. Тој изрази задоволство од богатата парламентарна соработка, за што значајна улога имаат групите за соработка, нагласувајќи дека секоја година има барем една средба меѓу претставници од двата парламенти. Значајна е соработката и на полето на одбраната и лидерската улога на Франција во евро-силите "Конкордија".

Господинот Марсел Деу му ги пренесе на претседателот Никола Поповски срдечните поздрави од г. Жан Луи Дебре, претседател на Националното собрание на Француската Република. Тој информираше дека во Францускoто собрание постојат околу 150 групи за пријателство, а групата за соработка со Република Македонија е една од најактивните. Истовремено, тој оцени дека членството на Република Македонија во Франкофонијата претставува несомнен импулс во билатералните односи со Франција на политички, економски и културен план.

Пратеникот Деу нагласи дека г. Роже Сеги, советник во Францускиот економски и социјален совет и преставник на бизнис секторот, е член на делегацијата заради значењето што Франција го придава на економските односи со Република Македонија. Тој го информираше претседателот на Собранието за средбите со преставници на Стопанската комора на Македонија, со македонски стопанственици, како и со француски стопанственици - инвеститори во земјава.

Господинот Деу се задржа на Охридскиот рамковен договор, нагласувајќи дека неговата имплементација е важна за вклучувањето во Европската унија и дека Франција е спремна да и помогне на Македонија на патот кон ЕУ. Притоа, тој ја подвлече значајната улога на амбасадорите на двете земји во продлабочувањето на соработката и информираше за иницијативата г-дин Роже Сеги да биде назначен за почесен конзул на РМ во Лил, Франција.

Претседателот Никола Поповски се осврна на динамиката на имплементацијата на Рамковниот договор и информираше за законите што се донесени од Собранието, оние што се во процедура, како и законите што треба да се донесат во наредниот период. Тој оцени дека најсложена задача ќе биде процесот на децентрализација, со кој треба да се намали бројот на општините и да се пренесат дел од надлежностите од централно на локално ниво.

Тој се осврна на значењето на евро-силите "Конкордија", укажувајќи дека успехот на оваа мисија е заеднички интерес на Европската унија, Француската

Република и Република Македонија. Господинот Поповски го информираше г-дин Деу и за одлуката за испраќање на македонски војници во Ирак, што ја донесе Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија, нагласувајќи дека со тоа се дава симболичен придонес за демократско решавање на состојбите на Блискиот Исток.

Господинот Никола Поповски се задржа и на економската соработка, подвлекувајќи го значењето на француските вложувања во големите загубари од металуршката индустрија. Владата на Република Македонија е подготвена за продолжување на соработката во дирекните инвестиции, за што е спремна да даде и дополнителни концесии. Господинот Поповски ги потенцираше предностите за вложување во Република Македонија, како што се: членство во СТО, склучени договори за слободна трговија со соседите и други земји од регионот, евтина и квалификувана работна сила и сл.

Претседателот на Собранието на Република Македонија, г-дин Поповски и претседателот на Групата за пријателство Франција-Македонија на Националното собрание на Француската Република, г-дин Деу, разменија мислења и за различните аспекти за ирачкиот конфликт.

Француската делегација оствари средба со г-дин Илија Филиповски, министер за економија на Република Македонија. Во разговорите главен акцент беше ставен на можностите за продлабочување на економската соработка меѓу Република Македонија и Француската Република и интересот за понагласено присуство на француски инвестиции во Македонија. Министерот Филиповски се осврна на неговата работна посета на Франција, остварена во април 2003 година и средбата со министерот за надворешна трговија, г-дин Франсоа Лос. Тој информираше за плановите и остварувањата на Владата на Република Македонија на економски план, подвлекувајќи дека се подготвува компаративна студија со земјите од соседството, со цел Република Македонија да понуди најповолни услови за странските вложувања. Беа истакнати и очекувањата од проектот за финансирање на локалната самоуправа, завршувањето на приватизацијата, решавањето на проблемот со загубарите, стандардизацијата и акредитацијата на македонските производи, борбата против корупцијата и намалувањето на сивата економија.

На средбата заеднички беше констатирано дека економската соработка се уште е на ниво под реалните очекувања и заостанува зад добриот тренд на развојот на политичките односи. Беше разговарано за можностите на македонското стопанство и активностите за негова презентација во Франција, при што од француска страна беше нагласена потребата за соработка во прехранбената и текстилната индустрија, соработка на полето на туризмот, хотелиерството, гросистичките центри за дистрибуцијата и сл.

На средбата со г-дин Славко Петров, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија се разговараше за извозот на македонските земјоделски производи, особено за пласманот на јагнешкото месо, виното и дел од градинарските производи. Членовите на француската делегација беа информирани за потешкотиите со преструктуирањето и продажбата на државните земјоделски комбинати, под кои потпаѓа 20% од вкупното обработливо земјиште во Република Македонија.

Беше даден осврт на реформата на водостопанството и проектот за наводнување спонзориран од Светската банка. Министерот Петров инфрормираше за плановите за посета на меѓународните земјоделски саеми, при што г-дин Деу се осврна на саемот за агро-прехрана "СИАЛ", што секоја година се одржува во Франција и на кој учествуваат и македонски претпријатија.

На средбата стана збор и за можностите за извоз на дрво од Република Македонија во Француската Република.

Господинот Марсел Деу и г-дин Роже Сеги се сретнаа со г-дин Фуат Хасановиќ, заменик на министерот за надворешни работи на Република Македонија. На средбата беше констатирано дека односите меѓу Република Македонија и Француската Република бележат особено позитивен тренд, што се согледува со одржување на континуитетот во политичкиот дијалог, преку редовни средби на разни нивоа.

На средбата стана збор и за иницијативата г-дин Роже Сеги да стане почесен конзул на Република Македонија во Лил, односно во регионот Норд Па д´ Кале, кој што е втор по развиеност регион во Франција и водечки регион во текстилната и прехранбената индустрија. Пратеникот Марсел Деу оцени дека г-дин Роже Сеги е најсоодветната личност за почесен конзул на Република Македонија во овој регион, со оглед на неговата значајна улога во економскиот живот на Франција, огромното искуство како претседател на регионалната Комора за трговија и индустрија и членувањето во Екомскиот и социјалниот совет на Франција, кој многумина го нарекуваат "трет дом на Францускиот парламент".

Заменикот на министерот за надворешни работи, г-дин Хасановиќ, го поздрави предлогот за назначување на почесен конзул и посочи дека истиот ќе биде проследен со вообичаената процедура.

Соговорниците се осврнаа и улогата на мисијата "Конкордија", француските економски вложувања во Република Македонија, помошта од Фрацуската Република во изготвувањето на досието за членство во ЕУ и апроксимацијата на законодавството и слично.

Остварија средба со македонски стопанственици од текстилната и прехрамбената индустрија. На средбата присуствуваше г-дин Борис Чаловски од Стопанската комора и претставници на претпријатијата: "Млекара Битола" од Битола, "Витаминка" од Прилеп, "Зора" од Гевгелија, "Империјал" од Скопје, "Тетекс" од Тетово, "Винка" од Виница, "Штипко" од Штип, "Магнолија" од Скопје и "Пелистер" од Битола. Гостите беа запознаени со активностите на Стопанската комора, како и со производствените активности на овие претпријатија и нивниот интерес за соработка со претпријатија од Франција. Беше подвлечено дека во регионот Норд Па д´ Кале, од каде што потекнуваат г-дин Деу и г-дин Сеги, доминира текстилната и прехрамбената индустрија и токму затоа тие предложија соработка на македонските претпријатија со претпријатија од овој регион, како и на Стопанската комора на Македонија и Стопанската комора на Норд Па д´ Кале.

Пратеникот Марсел Деу го посети штабот на евро-силите "Конкордија" и разговараше со генералот Пјер Марал, при што беше информиран за мандатот и активностите на мисијата и безбедносната состојба во деловите каде што се распоредени силите.

Господинот Марсел Деу оствари средба и на Катедрата по романски јазици и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", на којашто присуствуваа професори и асистенти од оваа катедра. Тој беше запознат со историјатот, функционирањето и активностите на Катедрата по романски јазици и книжевност, каде што постојат сектори за француски, италијански, романски и шпански јазик. Посебен акцент беше ставен на изучувањето на францускиот јазик и соработката со Република Франција.

На средбата во Конзулатот на Република Франција во Република Македонија во Битола, почесниот конзул, г-ѓа Калиопа Кривашија - Стилиновиќ, ги информира членовите на делегацијата за активностите на Конзулатот и манифестациите што се одржуваат во Битола, а се финансирани од Француската Влада.

На средбата со градоначалникот на Битола, д-р Златко Вршковски, членовите на француската делегација беа запознаени со традицијата и историјата на градот. Беше даден осврт и на стопанската активност, образовната, научната и здравствената дејност и културните манифестации, како и соработката со Француската Република на овој план. На средбата се разговараше и за очекувањата од планираната децентрализација, при што градоначалникот Вршковски се задржа на проблемите со малите општини кои гравитираат кон градот Битола. Господинот Марсел Деу се осврна на процесот на децентрализација во Франција и на своето 24 годишно искуство како градоначалник на Вињи.

На вечерата, што во чест на гостите ја приредија г-дин Слободан Најдовски и г-дин Илија Србиновски, пратеници во Собранието на Република Македонија од Битола, се дискутираше за можностите за економска соработка меѓу Битолскиот регион и регионот Норд Па д´ Кале во Франција.

* * * * *

Посетата на претседателот на групата за пријателство Франција-Македонија на Францускoто национално собрание, може да се оцени како многу успешна и плодотворна. На средбите беа покренати многу прашања од заеднички интерес и разменети мислења за меѓусебната соработка. Оваа посета беше уште една потврда дека односите меѓу Република Македонија и Француската Република се стабилни и на високо ниво. Истовремено, престојот на делегацијата во Република Македонија даде поттик за натамошно развивање на заемното пријателство, почитување и соработка, како меѓу двете парламентарни групи, така и меѓу двете држави.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Билатерална соработка***

***БЕЛЕШКА***

***од средбата на г-дин. Јордан Михајловски, претседател на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран со Н.Е. г-дин. Адбол Мајид Мозафари, амбасадор на Исламската Република Иран во Република Македонија, одржана на 12 мај 2003 година***

***Скопје, мај 2003 година***

*Претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран, г-дин Јордан Михајловски, на 12 мај 2003 година оствари средба со Н.Е. г-дин Адбол Мајид Мозафари, амбасадор на Исламската Република Иран во Република Македонија. На средбата присуствуваа пратениците г-дин Илија Србиновски и г-дин Талал Џафери, членови на Пратеничката група, г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Групата, како и г-дин Ади Казае, трет секретар и конзул во Амбасадата на Исламската Република Иран.*

Амбасадорот на Исламската Република Иран во Република Македонија, Н.Е. г-дин Адбол Мајид Мозафари, се заблагодари за можноста да се сретне со претседателот и членовите на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран. Истовремено, тој го изрази своето задоволство што во Собранието на Република Македонија е формирана група за соработка со Иранскиот парламент.

Господинот Адбол Мајид Мозафари информираше за структурата и надлежностите на Парламентот на Исламската Република Иран. Иранскиот парламент го сочинуваат 290 пратеници, од кои 11 се жени. Во него активно се вклучени претставници на верските и националните малцинства кои живееат во земјата. Парламентот може да го отповика претседателот на државата и членовите на Владата. Претседателот се избира на директни избори, но тој на Парламентот му ги предлага министрите во Владата, за кои треба да добие одобрение, за секој поединечно. Во Иранскиот парламент постојат околу 120 билатерални групи за пријателство, а формирана е и Група за пријателство со Република Македонија. Во оваа група членуваат 11 пратеници, од кои три се жени, а едната од нив е член на претседателство на Парламентот. Амбасадорот Мозафари истакна дека Република Македонија има силно лоби во Парламентот на Исламската Република Иран и изрази уверување дека двете групи можат да имаат големо влијание во подобрувањето на односите меѓу двете земји.

Тој подвлече дека Исламската Република Иран беше една од првите земји што ја призна Република Македонија под нејзиното уставно име. Иран го подржува територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија. Н.Е. г-дин Адбол Мајид Мозафари истакна дека меѓу двете земји, на владино ниво постојат добри политики, економски и културни односи, но тој верува дека има уште потенцијали кои треба да се искористат. Амбасадорот ќе се залага за зацврстување на парламентарната соработка меѓу двете земји, а за таа цел тој остварил средби со претседателот на Собранието на Република Македонија и со претседатели на неколку комисии на Собранието.

Претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран, г-дин Јордан Михајловски, подвлече дека со задоволство ја примал иницијативата од Иранскиот амбасадор за остварување на средба, со оглед на тоа дека политичките односи меѓу Македонија и Иран ги карактеризира позитивен развој и редовни разговори и средби на министерско и експертско ниво. Господинот Михајловски изрази благодарност што во 1995 година Иран ја призна Република Македонија под нејзиното уставно име. Тој оцени дека соработката меѓу двете земји на мултилатерален план, исто така, се одвива успешно и се заблагодари за подршката што Иран ја даде на кандидатурата на Република Македонија за непостојана членка на Советот за безбедност на ООН. Истовремено, г-дин Михајловски изрази благодарност што на Министерската конференцијата на Организацијата на Исламските држави, одржана во Бамако во 2001 година, по ургенција и лично инсистирање на Иранскиот министер, не се дозволило спомнување на Република Македонија во негативна конотација во завршниот документ од средбата.

Господинот Јордан Михајловски го запозна амбасадорот со составот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран, при што истакна дека составот на групата ја изразува структурата на политичката застапеност во Собранието на Република Македонија. Тој истакна дека нивото на

досегашната соработка и политичките односи меѓу двете земји е гаранција дека ќе се развие добра соработка и меѓу двата парламенти. Оценувајќи дека контактите со Групата за пријателство во Иранскиот парламент би биле многу корисни, г-дин Михајловски ја оцени како позитивна иницијативата на Парламентот на Исламската Република Иран за потпишување на спогодба за борба против организираниот криминал.

Напоменувајќи дека меѓу Република Македонија и Исламската Република Иран се потпишани неколку билатерални договори од областа на стопанско-трговската сфера кои треба да отворат простор за поплодна економска соработка, тој подвлече дека, сепак, економските односи меѓу двете земји не ја следат динамиката на политичките односи. Претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран подвлече дека контактите што постојат на полето на културата, образованието и науката треба да продолжат и во иднина, а договорите потпишани во овие области треба да ја поттикнат соработката меѓу двете земји и на други полиња.

Пратеникот Илија Србиновски, член на Пратеничката група за соработка со Иранскиот парламент, подвлече дека му е чест и задоволство да се сретне со амбасадорот на Исламската Република Иран и изрази благодарност што Иран ја призна Република Македонија под уставното име. Со оглед на тоа дека неговата професија е агроном, тој се интересираше какви се можностите за извоз на земјоделски производи од Република Македонија во Исламската Република Иран. Господинот Србиновски истакна дека во Македонија се произведува еколошка храна и посочи дека во Иран би можеле да се извезуваат градинарски култури, лозарско-овоштарски производи и јагнешко месо.

Амбасадорот Мозафари одговори дека е можна соработка на ова поле, за што е потребно што поскоро да се воспостават директни контакти меѓу стопанствениците од двете земји, преку форум или комисија за трговска размена, која би се формирала во рамките на Стопанските комори на двете земји.

На крајот од разговорите, претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран, г-дин Јордан Михајловски, оцени дека вакви средби треба редовно да се одржуваат и истакна дека за разговорите водени на оваа средба ќе бидат информирани пратениците во Собранието на Република Македонија.

# *БЕЛЕШКА*

## *од средбата на г-дин Невзат Бејта, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Италија со Н.Е. Џорџо Марини, Амбасадор на Република Италија во Република Македонија, остварена на 16 мај 2003 година*

*Скопје, мај 2003 година*

*На 16 мај 2003 година г-дин Невзат Бејта, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Италија го прими на разговор г-дин Џорџо Марини, Амбасадор на Република Италија во Република Македонија. На средбата присуствуваше и г-ѓа Ана Качакова, секретар на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Италија.*

Средбата беше остварена на барање на пратеникот Невзат Бејта, со цел да се согледаат можностите за соработка меѓу двата парламенти. На почетокот на разговорот г-дин Бејта се заблагодари за прифатената покана од страна на амбасадорот Марини за одржување на средба и го информираше амбасадорот дека во Собранието на Република Македонија веќе е основана Пратеничка група за соработка со Парламентот на Република Италија во која покрај претседателот на Групата членуваат уште шест пратеници според паритетна застапеност на политичките партии во Собранието. Укажа дека натамошната соработка е од извонредно значење за двата парламенти, особено поради фактот што Република Италија како држава ужива голем авторитет во Република Македонија и од фактот што граѓаните на Република Македонија имаат особена почит кон Република Италија. Од друга страна, потенцираше г-дин Бејта, Република Италија за нашата држава претставува голем потенцијал за соработка во сите области на политичкиот, стопанскиот, општествениот и јавниот живот. Г-дин Бејта изрази интерес дали во Италијанскиот парламент постои ваква група за соработка или пратеник или пратеници кои се задолжени за овој вид на меѓупарламентарна соработка.

Г-дин Марини истакна дека особено го радува фактот што е поканет на оваа средба и го изрази задоволството што во Собранието на Република Македонија е формирана посебна Пратеничка група за соработка со Парламентот на Република Италија. Информираше дека во Парламентот на Република Италија, кој е дводомен и го сочинуваат Претставничкиот дом (Camera dei deputati) и Сенатот (Senato della Repubblica) засега, колку што тој е запознаен, не постои посебна пратеничка група за соработка со македонскиот парламент, но ја истакна неопходноста од постоење на таква група. Г-дин Марини изјави дека ја презема одговорноста да провери каква е состојбата на тој план и да го пренесе неговото мислење од потребата да се формира таква група во Италијанскиот парламент. Ова би било од голема важност особено поради фактот што од 1 јули 2003 година Република Италија го презема претседателството со Европската унија и на тој план билатералната соработка меѓу двата парламента би добила во интензитет и квалитет. Тој истакна дека еден од приоритетите на Италија за време на претседателството со ЕУ е зајакнување и интензивирање на соработката со земјите од Западен Балкан.

Г-дин Бејта одговори дека оваа соработка навистина би добила во квалитет со самиот факт што двете земји имаат заеднички интереси во повеќе области: изградбата на Коридорот 8, каде Италија има значаен удел во неговата реализација; соработката во рамките на Централноевропската иницијатива, каде што, исто така, Италија ја има улогата на централна земја-членка (во овој контекст г-дин Марини ја истакна важноста на Самитот на Централноевропската иницијатива што се одржа во ноември минатата година и одржувањето на Парламентарната конференција на ЦЕИ),потоа во областа на културата и слично.

Г-дин Марини се интересираше дали во Собранието на Република Македонија постојат групи за соработка со други парламенти, на што г-дин Бејта одговоро дека на 25 февруари 2003 година Собранието на Република Македонија формираше 41 група за соработка со парламенти на одделни земји.

Во текот на разговорот г-дин Марини информираше дека кон крајот на овој месец се очекува поинтензивна соработка меѓу двете земји, односно се очекува Република

Италија да ја посети премиерот г-дин Бранко Црвенковски, потоа министерот за транспорт и врски во Владата на Република Македонија г-дин Милаим Ајдини и посетата на државна делегација на Република Македонија по повод чествувањето на Св. Кирил и Методиј.

Г-дин Бејта изрази интерес за тоа какви се можностите за либерализација на визниот режим меѓу Република Македонија и Република Италија, а особено за граѓаните од Република Македонија кои се во работен престој во Република Италија. Г-дин Марини истакна дека либерализацијата на визниот режим ќе биде една од темите за средбата на премиерот Црвенковски со неговиот колега Берлускони и изрази надеж дека во блиска иднина ќе се изнајдат модалитети за решавање на ова прашање.

На крајот на средбата г-дин Марини ја пренесе најавата дека по повод 2 јуни, националниот ден на Република Италија, ќе бидат упатени покани до сите членови на Пратеничката група за учество на прославата и дека следната средба на амбасадорот со членовите на групата ќе се одржи по негова иницијатива. Беа изразени уверувања за натамошна квалитетна и интензивна меѓупарламентарната соработка.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Билатерална соработка***

# *БЕЛЕШКА*

***од состанокот на Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Грција, одржан на 29 мај 2003 година***

***Скопје, јуни 2003 година***

*Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Грција, на 29 мај 2003 година одржа состанок на кој на пратениците им се обрати Н.Е. г-дин Јоанис Економу, амбасадор на Република Грција. На состанокот присуствуваа пратениците: г-дин Слободан Чашуле, претседател на Пратеничката група, г-дин Јани Макрадули, г-дин Никола Ќуркчиев и г-ѓа Лилјана Поповска, членови на Групата.*

Амбасадорот на Република Грција, Н.Е. г-дин Јоанис Економу, во своето излагање се задржа на приоритетите на Грчкото претседавање со Европската унија, како и активностите што ги превзема Владата на Република Грција до Самитот на ЕУ што ќе се одржи во Солун. Тој истакна дека приоритети на Грчкото претседателство со ЕУ се олеснување на интеграцијата на новите земји членки во Унијата и натамошна имплементација на Лисабонската стратегија. Потпишувањето на Договорот за пристапување кон Европската унија на Самитот на ЕУ што се одржа во Атина, на 16 април оваа година, амбасадорот го оцени како историски момент.

Нагласувајќи дека Западниот Балкан е интегрален дел од Европа, амбасадорот Економу подвлече дека Република Грција настојува да им помогне на земјите од процесот за стабилизација и асоцијација во нивното приближување кон Унијата. Тој нагласи дека Грчкото претседателство се залага за изнаоѓање на допирни точки меѓу статусот на земјите од процесот за стабилизација и асоцијација и статусот на земјите кандидати за членство. Тоа подразбира да не бидат наметнувани нови дополнителни барања на овие земји и секоја земја да биде вреднувана според сопствените достигнувања. Регионалната соработка останува важен и неопходен елемент во овој процес. Идејата за "збогатен процес на стабилизација и асоцијација", која Грција се обидува да ја наметне на своите партнери од ЕУ, значи дека за земјите од овој процес треба да се земат во предвид сегашните елементи за асоцијација и тие треба да имат пристап до фондовите наменети за земјите кандидати.

Амбасадорот на Република Грција потсети дека Грчкиот парламент ја ратификува Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу ЕУ и нашата земја и дека останува истата да биде ратификувана уште во неколку земји, по што ќе стапи на сила. Тој нагласи дека напредувањето кон ЕУ зависи од тоа колку ќе бидат успешни спроведените реформи во соодветните земји. Преминиот од фазата на стабилизација во фазата на асоцијација, според амбасадорот Економу, може да се постигне со промоција на политички дијалог во регионот и редовни средби (од највисоко ниво до најниско, техничко ниво), како и со зајакнување на парламентарната соработка, што е еден од условите на Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Од исклучителна важност за овој процес е градењето на институциите преку "твининг" процесот, техничката помош, зголемениот пристап до програмите и фондовите на заедницата и сл.

Амбасадорот подвлече дека во повеќе земји во регионот преовладува макро-економска стабилност, но треба да се направат поголеми напори кон остварување на одржлива пазарна економија, подобрување на банкарскиот систем, унапредување на судскиот систем и брзината на решавање на судските процеси. Тој се задржа на економската соработка меѓу земјите од регионот, развојот на енергетскиот сектор и планираната изградба на гасоводот, кој ќе поминува низ Република Македонија.

Н.Е. г-дин Јоанис Економу им порача на пратениците да им објаснат на своите избирачи дека задачите што произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација не се необични барања, или ритуал за да се стигне до ЕУ, туку тоа се барања за добра, модерна и фукционална држава, со развиена пазарна економија. Тој, исто така, подвлече дека не треба да се потцени моќта на медиумите кои ја информираат јавноста за она што треба да се направи за исполнување на овие барања.

Претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Грција, г-дин Слободан Чашуле, му се заблагодари на амбасадорот за исцрпното излагање и подвлече дека во Република Македонија постои политички консензус за членство во Европската унија.

Тој се задржа на две од задачите што во своето излагање ги наброја амбасадорот на Република Грција: политичкиот дијалог и интер-парламентарната соработка во регионот. Господинот Чашуле ги истакна резултатите од состанокот на

претседателите  на земјите од процесот на стабилизација и асоцијација, што се одржа во Охрид, истакнувајќи дека Република Македонија отиде малку подалеку од останатите земји од регионот во промовирањето на нов пристап во рамките на овој процес. Македонија, исто така, има склучено најголем број на договори за слободна трговија со земјите од регионот.

Во врска со интер-парламентарната соработка, г-дин Слободан Чашуле информираше дека делегација на Република Македонија учествувала на кофренција за новата политика на ЕУ за Југоисточна Европа, организирана од Европскиот парламент. На оваа конференција било посочено дека парламентите ќе ја имаат главната улога во приближувањето на законодавствотото и  била подвлечена  потребата за зголемување на  интер-парламентарната соработка во регионот, особено со парламентите на земјите членки на ЕУ. Со таа цел, претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Грција се заложи до крајот на Грчкото претседателство со ЕУ, Групата да оствари контакт со пратеници од Грчкиот парламент.

Господинот Чашуле изрази задоволство за ратификацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација во Грчкиот парламент и подвлече дека тоа претставува историски момент во односите меѓу двете земји.

Госпоѓата Лилјана Поповска, член на Пратеничката група за соработка, подвлече дека се согласува со ставовите изнесени од претседателот на групата и се заложи за зацврстување на соработката меѓу двата парламенти. Таа воедно се заблагодари за ратификацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Господинот Јани Макрадули му заблагодари на амбасадорот за конкретното образложение на ставовите на Република Грција и за помошта при организирањето на првата неформална средба меѓу македонските и грчките пратеници, одржана во март оваа година.

Тој подвлече дека оваа средба води кон развивање на соработката меѓу двете земји и двата парламенти и изрази надеж дека ваквите состаноци ќе станат редовна појава. Нагласувајќи дека од Репубика Грција очекуваме подршка во "твининг" процесот, г-дин Макрадули изрази уверување дека со заеднички напори на двете земји ќе произлезат  реални проекти. Тој истакна дека Собранието на Република Македонија треба да биде отворено за јавни дебати, со кои би се дал јасен сигнал дека задачите што произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација се со цел за зголемување на животниот стандард на граѓаните и организирање на модерна европска држава.

Господинот Никола Ќуркчиев го изрази своето уверување дека овие разговори ќе придонесат за унапредување на соработката меѓу Република Македонија и Република Грција. Тој се задржа на соработката меѓу двете земји на ниво на локалните власти, информирајќи за остварената соработка меѓу  пограничните општини, која ја оцени како многу позитивна.

Господинот Ќуркчиев изрази надеж дека Грчкото претседавање со ЕУ ќе биде искористено за подигнување на нивото на соработката со пратениците од Грчкиот парламент и предложи да биде организирана средба меѓу пратеници од двата парламенти на маргините на солунскиот Самит.

Тој се заложи и за контакти со грчките стопанственици што се спремни да инвестираат во Република Македонија, како и со оние кои веќе имаат инвестиции во земјата.

Како одговор на ставовите изнесени од страна на пратениците, амбасадорот Јоанис Економу подвлече дека во Грчкиот парламент сеуште не е формирана група за соработка со Република Македонија, но се надева дека ќе биде формирана во најскоро време. Во врска со предлогот за средба на пратеници од двата парламенти за време на Самитот на ЕУ во Солун, амбасадорот оцени дека тоа е добра идеа и ќе ја согледа можноста за реализирање на средбата.

## *ИЗВЕШТАЈ*

***за средбите и разговорите на г-дин.Александар Новакоски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија во парламентот на Република Бугарија, остварени на 8 и 9 јуни 2003 година***

***Скопје, јуни 2003 година***

*На покана на главниот секретар на Народното собрание на Република Бугарија г-дин Огнен Аврамов, генералниот секретар на Собранието на Република Македонија г-дин Александар Новакоски на 8 и 9 јуни 2003 година оствари средби и разговори во бугарскиот парламент на теми поврзани со парламентарното работење. Во придружба на г-дин Новакоски беше д-р Јован Пејковски, раководител на Секторот за меѓународна соработка на Собранието*.

На средбите кои поминаа во работна и конструктивна атмосфера беа разменети мислења за повеќе прашања од работата на службите на двата парламенти. Во овој извештај се дава хронолошки приказ на средбите, а особено на прашањата од кои може понепосредно да се согледаат организационата структура, надлежностите и работењето на службите на бугарскиот парламент, како и искуството што е стакнато во одредени домени на парламентарната активност.

## Средба со главниот секретар на Народното собрание на Република Бугарија

Во мошне конструктивен разговор г-дин Аврамов ги прикажа составот и структурата на Народното собрание и даде приказ на политичките активности и приоритети за кои се залага постојната парламентарна структура.

Изразувајќи задоволство од средбата г-дин Новакоски укажа дека соработката на службите на праламентите на двете земји претставува нормално продолжение на успешната соработка на парламентарците на билатерален и мултилатерален план, особено при градењето на ставови за прашања од заемен интерес.

Согласувајќи се со изнесената констатација г-дин Аврамов укажа дека постои обострана потреба да се поттикне размената на мислења и искуства за прашања од заемен интерес присутни во парламентарната практика на двата парламента.

Г-дин Аврамов го претстави работењето на Народното собрание на Бугарија и организацијата и составот на администрацијата што го опслужува.

Во бугарскиот парламент, кој е еднодомен, има 240 пратеници распоредени во 5 пратенички групи, како и 7 независни пратеници (минимален број пратеници за формирање пратеничка група е 10). Во тек е 39-то Собрание, а евиденцијата се води во континуитет почнувајќи од 1879 година кога е основана законодавната власт. Во ова заседание на власт е коалиција на Народното движење на Симеон Втори со 120 пратеници, следи коалицијата ОДС со 50, коалицијата КБ со 48 и коалицијата ДПС со 21 пратеник. Постојат две структури на опозицијата кои според политичката ориентација се определени како лева и десна опозиција.

Претседател на парламентот е д-р Огнен Герџиков, а избрани се и четворица потпретседатели на парламентот (д-р Камелија Касабова, г. Асен Агов, акад. Благовест Сендов и Јунал Љутфи). Во Народното собрание има 21 постојана комисија. По потреба се формираат и повремени комисии за решавање на одделни прашања. Основани се 9 постојани делегации во меѓународни организации и 70 пратенички групи за пријателство и соработка со парламентите на одделни држави.

Народното собрание заседава секоја Среда, четврток и петок. Одмори има за време на божиќните и велигденските празници, како и еден месец летен одмор. Во понеделник пратениците се во нивните изборни реони, а во вторник заседаваат пратеничките групи и комисиите. Динамиката на работа на Собранието е прилагодена на обемниот легислативен процес и на потребата од забрзано хармонизирање на бугарското законодавство со европското.

За остварувањена на функцијата на народните пратеници се ангажирани 610 вработени лица (од 637 планирани според организационата структура). Овие вработени ја сочинуваат администрацијата на парламентот што им помага на претседателот и на потпретседателите на парламентот, на претседателите на комисиите и на пратениците. Администрацијата го осигурува експертското работење и законодавно правната и контролната дејност на Народното собрание и се грижи за службеното и друго опслужување на пратениците.

Администрацијата на Народното собрание е поделена во две главни групи: специјализирана администрација и општа администрација. Специјализирана администрација е поделена во дирекции и одделенија, додека општата администрација е поделена на организациони единици дирекции, одделенија и сектори кои се еднородни по функцијата и со бројни екипи извршители.

**Специјализираната администрација** ја сочинуваат 125 вработени кои се со високо образование со врвни специјализирани знаења за одделни области. Организирана е во:

*Дирекција за законодавна дејност и европско право*, со одделите:

а)Пленарни заседанија, што ги опслужува седниците на парламентот,

б)Законодавни референти, задолжени за подготовка на законски и други текстови,

в) Финални законски текстови, што ги подготвува донесените закони за објавување,

г) Европско право, што се грижи за хармонизација на законодавството

д) Парламентарна контрола, што е задолжен за пратеничките прашања и другите облици на парламентарна контрола;

*Дирекција за меѓународни врски и протокол*, со одделите:

а) Меѓународни парламентарни организации, што се грижи за мултилатералната и билатералната соработка на парламентот и

б) Протокол, задолжен за сите протоколарни активности во парламентот;

*Дирекција за парламентарни проучувања и врски со оштеството* со одделите

а) Парламентарни проучувања и анализи, задолжен за изготвување и презентација на сознанија од интерес на пратениците,

б) Парламентарен информационен центар, со задача да обезбеди навремена информација, како и да ја опслужува информационата база за парламентарното работење и

в) Библиотека со читални.

*Посебно е определен одделот Пресцентар*, што ги организира контактите со медиумите.

**Општата администрација** е поделена на:

*Стопанска дирекција*, со одделите:

а) Техничка поддршка, фондот на зградите, машини и опрема,

б) Домаќинство, тековна поддршка и снабдување,

в) Социјално опслужување, како и секторот Служење на храна; (Само во овој сегмент се ангажирани 125 лица од разни струки и 80 лица за одржување на хигиената);

Сметководствено-финансиска дирекција, со одделот Трудово наградување, како и со двата сектори: Плаќања и Материјална база;

Дирекцијата: Информациона и издавачка дејност со два оддела: Информациони технологии и Издавачка дејност;

Дирекција Автомобилско опслужување и гаражи: (Народното собрание располага со околу сто сопствени возила од кои најголем број се од типот "Мерцедес", со 96 возачи односно во овој дел се вработени 106 лица).

Во овој сегмент на општата администрација спаѓаат и одделите: Човечки ресурси, Општа канцеларија, Обработка на текстови и умножување и секторот Квестери. Вкупно во општата администација се вработени 485 лица или поголемиот број лица од администрацијата на парламентот.

Народното собрание, покрај зградата во која се држат пленарните седници е и од историски карактер, има уште една зграда во која се сместени канцелариите на пратениците и на дел од администрацијата (во поранешната зграда на КП на Бугарија каде што по двајца пратеници се сместени во една канцеларија). Народното Собрание располага со 200 станови од разен вид и големина кои им се даваат на користење на праламентарците за време на нивниот мандат. Тоа создава потреби и бројна општа администрација за остварување на функциите на парламентот и затоа по потреба се ангажираат служби и фирми за извршување на одделни задачи, особено за инвестии и друго одржување.

Покрај овие две главни поделби, кон администрацијата се приклучени и редакцијата на "Државен весник" што е официјално гласило во кое се објавуваат

донесените законски и други акти, потоа Комплесот за исхрана, Издавачкиот центар и Националниот центар за изучување на јавното мислење.

Главниот секретар г-дин Аврамов инфомираше дека државни службеници се лицата вработени во специјализираната администрација, додека тие во општата се со договор за дело без ограничен рок. Наспроти нив има вработени со договор за дело на определен рок (80 лица) и тоа за потребите на пратеничките групи, кои лица, по завршување на мандатот на пратениците може но и не мора да бидат и натаму ангажирани во парламентот. Доколку претседателот на некоја комисија оцени дека има потреба од ангажирање на експерти за одделни прашања или за подготвување на законоданви предлози, повремено се поканувaат експерти од научни и стручни институции чиј надоместок се утврдува на предлог на претседателот на надлежната комисија.

Во остварувањето на својата функција Администарцијата на бугарскиот парламент остварува соработка со администрациите на параментите на Германија, Белгија, Чешка, Романија, Шпанија и Франција додека очекуваат натамошен развој на соработката со Грција, Турција а во иднина и со Македонија.

На секоја од седниците Народното собрание, покрај редовната процедура ги разгледува законските предлози и од аспект на нивната усогласеност со европското законодавство. Седниците се пренесуваат на телевизија, а работата ја следат над 300 акредитирани новинари.

Секој граѓанин може да дојде во зградата на парламентот со претходна најава, или пак да поднесе барање за одговор по одделни прашања. Посетите на зградите на парламентот се секојдневна активност што е организирана од администрацијата.

Физичкото обезбедување на парламентот од надвор го врши редовната полиција додека внатрешното обезбедување на парламентот го врши дел од администрацијата за државна безбедност што е под надлежност и ингеренции на претседателот на државата. На истиот начин и од истата администрација се обезбедуваат владата, парламентот и претседателот на државата.

Постои Комисија за жалби и поплаки која е тело во законодавниот процес и кон која се обраќаат граѓаните (приемот е секој вторник) доколку имаат потреба за решавање на некој проблем што е од надлежност на Народното собрание. Функционира и Приемна канцеларија, кон која се обраќаат граѓаните кои сакаат лично да ги поднесат своите барања до раководството на парламентот. Во постапка е донесување на закон за омбусман.

Заблагодарувајќи се на информациите г-дин Новакоски информираше за поставеност и улогата на Службата на Собранието на Република Македонија во контекст на новите акти за организација и систематизација. Од неговото искажување г-дин Аврамов доби мошне корисни сознанија и искуства што се применливи во работата на Народното Собрание на Бугарија, а особено за одделните фази како организирање на седници на праламентот, донесување и објавување на акти, соработка со јавноста и друго.

## Средба со раководителите на одделни делови на администрацијата на Народното собрание

Врз основа на искажаната заинтересираност за постапките кои се применуваат во процесот на хармонизацијата на бугарското со европското законодавство; како и тоа кои искуства би биле од полза за нивна примена во македонскиот парламент, каква е динамиката на прифаќање на европските препораки и директиви и нивното вградување во законите на Бугарија, беше остварена средба со дел од раководителите на организационите единици на специјализираната администрацијата на Народното собрание.

На средбата присуствуваа: проф. д-р Емилија Друмева, директор на Дирекцијата за законодавна дејност и европско право, г-ѓа Илијана Веселинова, директор на Дирекција за за парламентарни проучувања и врски со јавноста, г-ѓа Маргарита Ангелова, раководител на Бибилотеката и д-р Алида Ризова, експерт во Дирекцијата за меѓународни односи и протокол.

На средбата беше претставено како администрацијата на бугарскиот парламент го следи процесот на хармонизација на законодавството, каква е нејзината организациона структура, бројот на ангажирани експерти и дали има помош и пренос на искуство и соработка со други парламенти на овој план. Беше укажано дека најчест предлагач на законски проекти е владата од која како придружба на законскиот проект се доставува и "табела на соодветност". Во оваа табела се дава преглед за тоа колку од решенијата соодветствуваат со европското законодавство. Во текот на процедурата на донесување на законите се следи колку предлозите од пратениците отстапуваат од утврдената рамка во табелата за соодветност. Доколку има поголеми отстапувања, администрацијата укажува и дава предлози. Во градењето на ставовите и мислењата тие се базираат на информациите од Центарот за европско право во Софија, а користат знаење и искуства од европски интитуции. На крај се подготвува мислење за законскиот проект кое се доставува до пратениците, а по потреба и амандмани заради зачувување на соодветноста на предложените законски проекти со европското законодавство. Во работата се користат искуства од Бундестагот на Германија и од шпанскиот парламент, а експерите кои работат во оваа област гостуваат во одделни парламенти заради размена на искуства.

Библиотеката на Народното собрание е достапна за граѓаните секој работен ден и во неа се содржани информации за законодавната дејност и парламентарната контрола. Со системите за информатичко пребарување на податоците Бибилотеката е достапна и отворена и кон другите парламенти и затоа од нејзиниот раководител беше сугерирано да се остварува постојана комуникација и користење на информациите со кои таа располага што е достапно и за вработените од Службата на Собранието на Република Македонија.

Дирекцијата за парламентарни проучувања изготвува анализи и разни материјали кои им се достапни на парламентарците. Соработуваат со Европскиот центар за истражување и документација и имаат согледувања за работењето, надлежностите и организационата структура на парламентите на повеќе земји што се на располагање на парламентарците. Постои желба за соработка со македонскиот парламент во разни домени од заеднички интерес на парламентарното работење. Тие вршат компаративни анализи и проучувања, а се ангажираат на остварување на перманентно образование за вработените.

**Средба со началникот на Кабинетот на претседателот на парламентот и со директорот на за меѓународни односи и протокол на Народното собрание**

Беше остварена средба со г-ѓа Росица Станимирова, началник на Кабинетот на претседателот на парламентот и со г. Николај Цанев, директорот на Дирекцијата за меѓународни односи и протокол на Народното собрание на Бугарија.

На средбата беше даден приказ на активностите на претседателот на Народното собрание и каква е улогата на Кабинетот во остварувањето на тие функции. Позицијата на началникот на Кабинетот е политичка и е директно поврзана со личноста на претседателот на Кабинетот. Кабинетот на претседателот е во функција на планирање и помагање во реализација на задачите и овластувањата на претседателот**.**

Што се однесува до меѓународната соработка претседателот на парламентот има директни ингеренции од Уставот и од таму Дирекцијата за меѓународна соработка е во тесна врска и соработува со Кабинетот на претседателот во сервисирањето на неговите функции. Освен тоа, претседателот им дава овластувања на делегациите кои учествуваат во меѓународните парламентарни и други собранија, ги потпишува патните налози за патување на пратениците, прима делегации од странство и активно учествува во целокупната меѓународна соработка. Покрај тоа 70-те парламентарни групи за соработка се активни и својата активност ја усогласуваат со претседателот на праламентот.

На средбата г-дин Новакоски информираше за поставеноста на Службата на Собранието и за искуствата од нејзиното работење. Притоа беше направена компарација за надлежностите на одделните сегменти на администрацијата на двата парламента при што се констатираа повеќе сличности но и специфики кои ги одразуваат поставеноста и надлежностите на парламентите. За таа цел размената на

искуства може да ги збогати знаењата на двете страни поради што е потребно истото да се одвива како постојана активност.

На крајот беше остварена уште една средба со г-дин Аврамов на која беше искажана заемна заинтересираност за идна соработка на ниво на сектори односно дирекции од службите на парламентите на двете земји, а особено на следните нивоа:

1) за седници и за законодавна дејност, а особено за хармонизација на домашното со европското законодавство;
2) на ниво на сектори за меѓународна соработка,
3) на ниво на сектори за информатичко работење,
4) размена на искуства на ниво на комисии и тела во законодавниот процес,
5) размена на библиотечни информации и друго.

Беше искажан интерес и се прифати можноста за воспоставување на непосредна комуникација меѓу парламентарните служби со цел за размена на искуства и информации од парламентарното работење. Исто така беше изразен интерес за размена на експерти од домени од заемен интерес, нивен престој и едукација на парламентарните служби за прашања кои се од интерес за двата парламента. На средбта присуствуваше и амбасадорот на Република Македонија во Софија г-дин Љубиша Георгиевски.

*Може да се оцени дека иако средбите и престојот во Софија беа кратки истите се мошне корисни и плодотворни со оглед дека се отвараат нови можности за натамошна соработка меѓу службите на двата парламента.*

Господин Новакоски го покани г-дин Аврамов да оствари возвратна посета на Службата на Собранието на Република Македонија на која би се разговарло за формите и модалитетите на соработка меѓу службите на двата парламента во домени и за прашања од заемен интерес. За регулирање на ваков вид соработка со одделни парламенти, администрацијата на Народното собрание има потпишани протоколи за соработка каде се регулирани деталите од организацион, финансиска и друга природа со кои соработката се остварува на подолг рок.

Заемно беше искажана заинтересираност за меѓусебно доставување на акти донесени од парламентите на двете земји, а како најсоодветен модел за остварување на тоа беше договорено да се врши размена на службените весници од двете држави, односно на "Службен весник на Република Македонија" и "Државен весник на Република Бугарија" кои би се оставувале до службите на двата параметра. Со тоа би се постигнало навремено информирање за остварените активности во законодавниот процес на двете земји.

***БЕЛЕШКА***

***од средбата на г-ѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија со г-дин.Марјан Шифтар, Амбасадор на Република Словенија во Република Македонија, остварена на 20 јуни 2003 година***

***Скопје, јуни 2003 година***

*На 20 јуни 2003 година г-ѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија го прими во протоколарна средба г-дин Марјан Шифтар, Амбасадор на Република Словенија во Република Македонија. Средбата беше остварена по повод предавањето на акредитивните писма кај Претседателот на Република Македонија и Министерот за надворешни работи. На средбата присуствуваа и двајца советници од Амбасадата на Република Словенија во Република Македонија, претставник од Министерството за надворешни работи, г-ѓа Ана Качакова, советник во Секторот за меѓународна соработка и г. Реџеп Прекопуца од Секторот за информирање.*

Г-ѓа Поповска на почетокот се осврна на досегашната соработка меѓу двете држави и укажа дека соработката е мошне конструктивна, пријателска и се одвива речиси на сите нивоа. Го запозна Амбасадорот со актуелната политичка состојба во земјата и изрази задоволство што односите меѓу двете земји на владино и парламентарно ниво се задоволителни и покажуваат тренд на интензивирање. Г-ѓа Поповска се осврна и на неодамнешната официјална посета на Република Словенија на г-дин Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија и укажа дека натамошната соработка на двата парламента може да добие во својот квалитет и значење и преку соработката на пратениците. Во таа пригода г-ѓа Поповска го запозна гостинот дека во Собранието на Република Македонија е формирана Пратеничка група за соработка со Парламентот на Република Словенија, каде и таа е член. Таа изрази очекување дека во блиска иднина ќе се иницираат средби од овој вид.

Г-дин Шифтар го истакна своето задоволство што доаѓа на функцијата Амбасадор во една пријателска земја. Ги пренесе искрените поздрави од претседателот на Парламентот на Република Словенија г-дин Борут Пахор и изрази уверување дека во иднина поинтензивно ќе се одржуваат вакви средби. Укажа на можноста во септември о.г. да се реализара една средба на потпретседателите на двата парламента. Г-дин Шифтар се осврна на улогата што парламентите ја имаат не само во законодавниот процес како нивна оригинерна и уставна улога, туку и во системска улога како репрезенти на народите. Г-дин Шифтар ја изрази и желбата на државното раководство на Република Словенија за што поскоро приклучување на Република Македонија во Европската унија и НАТО, за што Република Словенија сесрдно ќе и помага на Република Македонија во политичката поддршката на нејзиното приближување кон ЕУ и НАТО на сите меѓународни форуми.

На средбата се разговараше и за тековната состојба на планот на економската, стопанската и културната соработка меѓу двете земји и беа разгледани и модалитетите на таа соработка. Г-ѓа Поповска посебно укажа дека постоењето на визен режим меѓу двете земји создава своевидно чувство на пониженост кај македонскиот народ и дека токму на овој план треба да се преземат мерки од страна на државните раководства на двете држави за да се олеснува, а не да се отежнува непреченото движење на луѓето. Во таа насока г-дин Шифтар изрази верба дека иако процедурата за тоа е мошне сложена и моралните апсекти се навистина тешки, двете држави сепак ќе најдат начини како визниот режим да се олесни или евентуално укине.

Во текот на разговорот беа разменети мислења за повеќе актуелни прашања и се изразија уверувања за натамошна конструктивна соработка меѓу двете земји, особено во сферата на меѓупарламентарната соработка.

# *БЕЛЕШКА*

***од средбата на д-р Елеонора Петрова-Митевска, пратеник и координатор на Клубот на жени парламентарки во рамките на Пактот за стабилност и Проектот за еднаквост на половите со г-ѓа Елизабет Рен, претседавач со Првата работна маса за демократизација и човекови права на Пактот за стабилност, остварена на 31 јули 2003 година***

***Скопје, август 2003 година***

*На 31 јули 2003 година д-р Елеонора Петрова-Митевска, пратеник и координатор на Клубот на жените парламентарки во рамките на Пактот за стабилност и Проектот за еднаквост на половите, оствари средба во Клубот на жените парламентарки во Собранието на Република Македонија со г-ѓа Елизабет Рен, претседавач со Првата работна маса за демократизација и човекови права на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа. На средбата присуствуваа и советничката на г-ѓа Рен, потоа г-ѓа Савка Тодоровска од СОЖМ, г-ѓа Ана Качакова од Секторот за меѓународна соработка и г-дин Реџеп Прекопуца од Секторот за информирање.*

На почетокот на средбата д-р Петрова-Митевска и посака добредојде на г-ѓа Рен и ја информираше дека Клубот на жените парламентарки постои и работи само неколку месеци, а е отворен со помош на средства на Проектот ГТФ (GTF-Gender Task Force) на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа. Посочи дека досега имаат остварено добра соработка со земјите од соседството, посебно со Србија и Црна Гора и Босна и Херцеговина. Д-р Петрова-Митевска ја запозна соговорничката дека во поглед на поголемото вклучување на жената во политичкиот живот, уште пред парламентарните избори 2002 година се презедоа повеќе активности: партиите во своите статути вградија одредба на листите за пратеници со минимум 30% еднакво да бидат застапени припадниците на двата пола, со што по изборите се доби резултат да од вкупниот број избрани пратеници во Собранието на Република Македонија 18.5% се припаднички на женскиот пол, односно во број 22 жени. Според резултатите од локалните избори спроведени 2000 година, за прв пат беа избрани три жени-градоначалници.

Во овој контекст, г-ѓа Рен се интересираше дали постои можност за промена на изборната законска регулатива во поглед на вградување на одредба со која на листите за избор на пратеници задолжително во првите десет места да има најмалку три жени, како што е случај со изборното законодавство во Босна и Херцеговина, со што практично се оневозможува маргинализирање на кандидатите од женскиот пол. Д-р Петрова-Митевска изрази надеж дека наскоро ќе се пристапи на промена на изборната законска регулатива во таа насока.

Беше укажано дека во рамките на Проектот ГТФ организирани се повеќе семинари и серија на сесии за горливите проблеми на трговијата со жени и деца и присилна проституција, феномени присутни посебно во западниот дел на земјата. Г-ѓа Рен се интересираше колку меѓународната заедница е активна во процесот на сузбивање на овие појави, на што г-ѓа Петрова-Митевска одговори дека во оваа сфера се мошне активни ИОМ и Канцеларијата на ОБСЕ во Република Македонија. Во блиска иднина се очекува и Собранието на Република Македонија да го ратификува и познатиот "Палермо протокол" на Конвенцијата на ОН за борбата против транс-националниот организиран криминал, која веќе е ратификувана од 37 земји.

Г-ѓа Рен информираше дека досега направила многу интервјуа со жените жртви на присилната проституција и се интересираше за профилот на нивната клиентела во Република Македонија, со оглед на тоа што дошла до сознанија дека меѓу нивните клиенти може да се сретнат и дипломати, припадници на странски армиски сили, претставници на странски НВО и претставници на верски заедници. Д-р Петрова-Митевска одговори дека досега во Република Македонија не се регистрирани такви случаи, со исклучок на припадници на странски армиски сили, особено на силите на КФОР од Косово и дека во најголемиот број на случаи за корисници на тие услуги се работи за локално население, особено од етничката заедница на албанците во Република Македонија.

Во текот на средбата се разговараше и за се позачестената појава на трговија со деца и домашното насилство врз жените. Во овој дел од разговорот г-ѓа Савка Тодоровска истакна дека многу семинари организирани под покровителство на ГТФ

Проектот се посветени на оваа состојба, особено што нејзините корени доаѓаат од позицијата на македонската жена во семејството која сеуште е под големо влијание на силните традиционални норми, како и заради нивната лоша економска состојба, односно невработеноста и неможноста жената да биде економски самостојна. На планот на искоренувањето на семејното насилство се работи во заедничко содејство на владиниот и невладиниот сектор и со поддршка на меѓународните институции. Уште од 1991 година постои и СОС телефонска линија за жени-жртви на семејно насилство, како и прифатилиште (Шелтер центар), но, како што укажа г-ѓа Тодоровска, неговиот капацитет е мошне мал и е потребна финансиска помош од меѓународната заедница за да се зголеми капацитетот на прием на што поголем број жени и да се подобрат условите за живот.

На средбата стана збор и за можноста од доделување на повеќе финансиски средства и грантови од фондовите на Пактот за стабилност и другите меѓународни организации за овој дел од невладиниот сектор кој се бави исклучиво со проблематиката на подобрувањето на местото на жената во општествениот живот. Исто така, беше укажано дека во блиска иднина се очекува и донесување на Закон за еднаквост на половите и можност за востановување на институција "Омбудсман за еднаквост на половите", како што е веќе практика во поголем број европски земји.

На крајот на средбата беа искажани уверувања за натамошна конструктивна соработка меѓу Пактот за стабилност за Југоисточна Европа, Клубот на жени парламентарки и невладините организации во Република Македонија чиј домен на работа се прашањата од сферата на правична и еднаква застапеност на жената во општестевениот и политичкиот живот во Република Македонија.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Билатерална соработка***

***БЕЛЕШКА***

***од средбата на г-ѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија со група македонски иселеници од Детроит и пошироко од државата Мичиген (САД), остварена на 1 август 2003 година***

***Скопје, август 2003 година***

*На 1 август 2003 година г-ѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија оствари средба со група македонски иселеници од Детроит и пошироко од државата Мичиген (САД), предводени од г. Мишко Васовски, претседател на Американско-македонската асоцијација. Во групата беа и претставници од Американо-македонската бизниз асоцијација и од црковната општина "Св. Ѓорѓи Кратовски" и "Пресвета Богородица" од Детроит и Њу Џерси.*

Целта на нивната посета е учеството на Форумот за инвестиции од иселениците организиран под покровителство на претседателот на Република Македонија г. Борис Трајковски и на чествувањата по повод 100-годишнината од македонската државност и илинденските празници. Средбата предизвика и голем интерес кај медиумите и беше следена од претставници на речиси сите електронски медиуми во Република Македонија.

Г-ѓа Поповска им посака топло добредојде на гостите и за почеток накратко ги информираше за актуелната состојба во државата и за законската регулатива за инвестирање во Република Македонија. Укажа дека оваа средба ќе добие во своето значење доколку разговорите течат спонтано, односно постои подготвеност од нејзина страна да се дискутира отворено за сите прашања за кои има интерес од страна на иселениците. Секоја оцена и сугестија што би ја дале би била од интерес за тоа што може да се направи за да се обезбеди подобра иднина за државата на планот на инвестициите и економскиот раст на македонското стопанство.

Разговорите се водеа околу неколку прашања кои иселениците ги сметаа за најприоритетни: можностите за инвестирање во Република Македонија, односно сигурноста и гаранцијата на нивните инвестиции, безбедноста во државата, враќањето на раселените македонци во нивните разрушени домови од воениот конфликт во 2001 година, судбината на исчезнатите македонци, собирањето на нелегалното оружје во државата.

Околу можностите за инвестирање, забелешките главно се сведуваа на сигурноста и гаранцијата на инвестициите. Иселениците се интересираа за законската регулатива на оваа сфера од економскиот живот, како и за подготвеноста на македонската влада да даде извесни даночни и царински олеснувања, со што резултатите од инвестирањето би довеле до подзасилен раст на стопанството. Исто така, тие покажаа поголема заинтерисираност за инвестирање во Тетовскиот регион (поголемиот дел од иселениците е со потекло од овој регион), односно економско зајакнување на кризните региони. Г-ѓа Поповска ги информираше за законската уреденост на оваа област и нејзината усогласеност со европското законодавство, бидејќи само на тој начин инвестирањето може да доведе до конкурентност на македонското стопанство на европскиот и светскиот пазар. Ги запозна гостите со досегашните странски инвестиции во земјата и успешноста и рентабилноста на тие инвестиции. Со анти-корупциската кампања на Владата и донесувањето на законска регулатива, во однос на инвестициите се обезбедува нивна сигурност, односно неможност за манипулирање со финансиските средства од страна на државата и администрацијата.

Инвестирањето несомнено во голема мерка е поврзано и со безбедноста во државата. На тој план г-ѓа Поповска ги информираше иселениците за стабилизацијата на состојбата, за имплементацијата на Рамковниот договор и за секојдневните напори на Владата и на Собранието на Република Македонија кои доведуваат до смирување на секаква тензија. Со самиот процес на стабилизација на земјата, се надградува правниот и економскиот систем и во таа насока секоја подготвеност на иселениците за инвестирање во нашата држава може да претставува импулс за нејзино зајакнување, токму по примерот на ирската економија, каде иселениците беа првите кои помогнаа ирското стопанство и држава да застанат на здрави нозе.

Во контактите што иселениците ги имале со свои роднини од тетовскиот крај, тие добиле сознанија за сеуште присутниот страв кај населението, неможноста непречено да се работи на нивите, непостоење на услови за враќање на раселените македонци во нивните разрушени домови и незавршената реконструкција и изградба на домовите. Г-ѓа Поповска околу тие прашања истакна дека Владата секојдневно работи на стабилизирање на сотојбата и на создавање на услови за безбеден соживот на македонската и албанската заедница во целата држава. Тоа е еден долг процес, каде сите страни треба да даваат свој придонес за да може да се дојде до позитивни резултати. Токму во таа насока е и претстојните закони што се однесуваат на децентрализацијата на земјата и на веќе донесениот Закон за доброволно предавање на оружјето. Со првиот закон детално ќе се уредат сите односи на локално ниво, а со вториот закон, чија имплементација се очекува наскоро, интензивно ќе се работи на планот на безбедноста и сигурноста на граѓаните. Во однос на судбината на исчезнатите лица од воениот конфликт, г-ѓа Поповска истакна дека досега нема прецизни информации, но се преземаат мерки за прибирање на информации од сите оние лица кои можат да дадат било какви сознанија за нивната судбина.

Во текот на разговорите стана збор и за можностите за гласање на иселениците во државите во кои живеат и работат, за реформите во високото образование во Република Македонија и за опортуноста од постоење на два државни универзитета, употребата на знамињата и уреденоста на таа област со закон и за други прашања.

# *БЕЛЕШКА*

***од средбата на г-ѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија со г-дин. Хери Мичел, сенатор од збратимениот град Темпи од државата Аризона (САД), остварена на 10 септември 2003 година***

***Скопје, септември 2003 година***

*На 10 септември 2003 година г-ѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија оствари средба со г-дин Хери Мичел, сенатор од збратимениот град Темпи од државата Аризона (САД), чија посета на Република Македонија е од хуманитарна природа. Имено, за потребите на лицата со посебни потреби г-дин Мичел и делегацијата донираа 240 инвалидски колички на градот Скопје, како дел од Програмата на гр. Темпи што се реализира во соработка со НВО од градот Темпи. Во делегацијата која го придружуваше сенаторот Мичел беа и неговата сопруга г-ѓа Мери Ен Мичел, пензионирана учителка, г-ѓа Ли Верџ, претседателка на фондот за набавка на инвалидски колички, г-ѓа Гејл Фишер, уредник на весникот на градот Темпи кој излегува квартално и г-ѓа Дорис Хампсон, копретседателка на Комисијата за млади на Парламентот на Аризона. На средбата присуствуваа и пратениците-членови на Интерпартиската парламентарна лоби група за заштита на правата на лицата со посебни потреби: г-дин Тито Петковски, г-дин Благоја Гешовски, г-ѓа Ангелка Пеева-Лауренчиќ, г-ѓа Соња Лепиткова, г-дин Зоран Шапуриќ, г-дин Спиро Мавровски, г-ѓа Силвана Бонева, г-дин Чедомир Краљевски И г-дин Исмет Рамадани, како и г-ѓа Ана Качакова од Секторот за меѓународна соработка и г-ца Марија Стефанова, преведувач*

Г-ѓа Поповска им посака добредојде на гостите и срдечно се заблагодари за интересот и топлиот однос на збратимениот град Темпи со Република Македонија, а особено за желбата за помош преку донации од ваков вид. Мотивот за тоа навистина импресионира, особено кога на тој начин може да помогне на граѓаните со посебни потреби на Република Македонија. Г-ѓа Поповска ги претстави пратениците-членови на Интерпартиската парламентарна лоби група за заштита на правата на лицата со посебни потреби и истакна дека во оваа група членуваат 17 пратеници од сите парламентарни политички партии чија единствена цел е преку институциите на системот што повеќе да им се помогне и олесни животот на лицата со посебни потреби. Г-ѓа Поповска ги запозна гостите дека оваа група е основана на 19 мај 2003 година врз мултиетнички, мултиполитички и мултирелигиозни принципи, со единствена цел, преку соработката со невладиниот, бизнис и медиумскиот сектор континуирано да им се помага на лицата со посебни потреби. Г-ѓа Поповска информираше дека на предлог на оваа група во Собранието на Република Македонија едногласно беше изгласана Декларацијата за правата на лицата со посебни потреби. Со сите овие активности Република Македонија работи на унапредување на комплексот на човековите права во земјата и во регионот.

Г-дин Мичел, кој пред да биде избран за сенатор на Демократската партија работел како член на Градскиот совет на градот Темпи истакна дека уште од 1970-та година во негова надлежност се програмите за збратимување на градот Темпи со други градови ширум светот. Информираше дека неколку пати досега е остварена студентска размена меѓу Скопје и Темпи и се надева дека кога ќе биде повлечено предупредувањето на Стејт Департментот за забрана на патувања во Република Македонија, оваа размена ќе добие уште повеќе во својот квалитет и интензитет и дека во иднина ќе започнат да се реализираат и други проекти од Програмата на градот Темпи за Република Македонија, односно градот Скопје. Г-дин Мичел не го криеше задоволството да констатира дека е импресиониран од фактот дека пратениците од Собранието на Република Македонија се многу заинтересирани за проблемите на лицата со посебни потреби и дека активно работат на подобрување на нивната состојба и статус.

На крајот на средбата г-ѓа Поповска уште еднаш во името на Собранието на Република Македонија се заблагодари за помошта од градот Темпи и искажа уверување дека соработката меѓу двете држави и натаму ќе се продлабочува, особено преку реализација на конкретни проекти, за што г-дин Мичел укажа дека сите проекти се добредојдени и постои можност за нивна финансиска асистенција од градот Темпи.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Полска***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***за посетата на Република Полска на Делегација на пратеничката група за соработка со парламентот на Република Полска***
***15-18 септември 2003 година***

***Скопје,октомври 2003 година***

*Делегација на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Полска од 15 до 18 септември 2003 година на покана на г-ѓа **Изабела Шерјаковска**, претседателот на полско-македонската парламентарна група на Сејмот на Република Полска оствари посета на Република Полска. Делегацијата беше во состав: г-ѓа **Силвана Бонева**, претседател на групата, г-ѓа **Лилјана Поповска**, потпретседател на Собранието на Република Македонија и член на групата, г-ѓа **Благородна Мингова-Крепиева** и г-дин **Ејуп Рустеми**, членови на групата. Делегацијата постојано беше придружувана од амбасадорот на Македонија во Полска г-дин **Коста Стоименовски**, г-ѓа **Александра Војтел**, секретар на групата за соработка со Парламентот на Република Македонија и заменик на директорот на бирото за меѓупарламентарни односи при Сејмот на Полска г-дин **Добромир Дзиевулак**.*

Со цел поуспешно претставување на Република Македонија, искористување на полските искуства за евроатлантските процеси, како и нивна примена во нашата земја, делегацијата направи темелни подготовки и одржа повеќе средби со релевантни институции, невладини здруженија и асоцијации, како и со амбасадата на Република Полска во Македонија.

Претседателот на групата најнапред одржа средби со три македонско-полски здруженија со цел да се запознае со нивниот начин на дејствување во Република Македонија, врските со Република Полска, нивните проблеми и како се справуваат со нив, како полските граѓани се интегрирани во нашето општество со оглед што повеќето од нив се во брачни заедници со домицилното население и колку се тие вклучени во општествените и културните збиднувања во Република Македонија.

Понатаму Делегацијата одржа средба со претставници на Министерството за надворешни работи и Секторот за евринтеграции при Владата на Република Македонија (односно со г-дин **Душко Стојанов,** државниот советник и г-ѓа **Малинка Ристевска Јорданова,** шефот на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија**)** со цел подетално да се информира за текот на подготовките и приближувањето на Република Македонија кон европските институции. Пратениците беа информирани за полскиот пат кон Европската унија, потешкотиите со кои таа се соочува и можноста за примена на полското искуство на нашиот пат. Делегацијата оствари средба и со г-дин **Андреј Добжински**, амбасадор на Република Полска во Република Македонија кој информираше за нивните искуства во процесите на евроинтеграцијата, можноста за унапредување на заемната соработка и конципирање на програмата на посетата, вклучувајќи ги и нашите барања.

Беа остварени контакти и со Стопанската комора на Република Македонија и од нивна страна беше подготвен опширен извештај за стопанската соработка меѓу двете држави, а исто така беше даден и промотивен материјал за Македонија, кој беше поделен при посетата. Во Извештајот се систематизирани одделни средби што ги оствари делегацијата во согласност со Програмата подготвена од Полскиот парламент.

### Средба во Стопанската комора на Полска со заменикот на директорот на Бирото за соработка со странство г. Иренеуш Вржешњевски и заменикот на претседателот г. Јозеф Луховски

На почетокот на средбата г-дин **Луховски** ја информираше парламентарната делегација за основањето на Стопанската комора на Полска и потенцираше дека има три вида на регионални војводства и војводства што се задолжени за соработка со странство. Постои и полско-балканска стопанска комора која што соработува со земјите од Балканот. Многу значајна е информацијата дека делегатите од Стопанската комора учествуваат во работата на парламентарните комисии на Полска и информираат за проблемите и планирањата на полското стопанство што произлегува од нивните

програми. Во рамките на Стопанската комора има центри за промовирање на полската култура и економија. Во преговорите со другите земји гласот на Стопанската комора има големо значење. Во рамките на  комората постои Совет за претприемаштво и во него членуваат десет најголеми фирми. Секој месец овој совет има средби со претседателот на Парламентот и Владата на кои се информираат за стратегијата на полското стопанство. Како резултат на нивните предлози повеќе даноци во Полска се намалени. Некои од нивните следни проекти се:

- Проектот за слобода на стопанската дејност;
- да се намали регистрацијата на фирмите, за да можат дозволите за градба да се добијат за кратко време, а не како досега да бидат потребни 40 до 50 печати;
- зачленување во Европската стопанска комора во Брисел и др.

Освен позитивните трендови во нивната работа тие ги посочија и негативните работи што Полска ги поминала во периодот на реформите, а тоа се:
- странците многу инвестираат во Полска, ги купиле банките, цементарите, ТЕЛЕКОМ, осигурувањето, меѓутоа има појава на ликвидирање на фирми со цел да се намали конкуренцијата на европскиот пазар. Тие  сугерираат да не се продаваат повеќе од 50% од банките за да не биде стопиран економскиот развој на државата. Дел од банките треба да остане во сопственост на државата, бидејќи подоцна тешко е да се добие кредит ако не е во согласност со стратегијата на странските инвеститори.

Бонева**,** откако ја претстави Делегацијата, го истакна успешниот развој на македонско-полските економски односи во последните 50 години и падот на надворешната трговска размена во периодот на транзицијата. Информираше за приоритетите на Република Македонија како земја која е определена да работи на европските интеграции и која уште во мандатот на претходната влада започна да ги спроведува неопходните реформи и во економската сфера за да се создадат услови за деловно работење и што поголем развој во економијата, а со тоа и создавање на неопходни законски предуслови за поттикнување на инвестирањето во државата, односно Македонија да биде атрактивна земја за странските инвеститори. Таа ги извести претставниците на Стопанската комора на Полска за напорите на Република Македонија за создавање на стабилна демократска и макро-економска средина, за реформите во даночниот систем, за донесената Програма за поттикнување на инвестирањето во Република Македонија со цел да се намалат бирократските бариери а во исто време ги информираше и за основањето на Агенцијата за странски инвестиции. Во нејзиното натамошно излагање таа го потенцираше интересот на Македонија за натамошно проширување на соработката со Република Полска, за склучениот договор со Светската трговска организација и за потребата од либерализација на трговските односи и склучување на спогодба за слободна трговија.

Во исто време истакна дека Македонија е заинтересирана за зголемено присуство на полските бизнисмени во Република Македонија преку:

- нивно вложување во туризмот во малите и средни претпријатија, во земјоделството, електроиндустријата и банкарството, како пример посебно потенцирајќи ги можностите  за соработка во областа на земјоделството и можноста за формирање на мешовити агроберзи и други мешовити претпријатија за настап на пазарите во Југоисточна Европа и

- за заеднички настап на градежните оперативи и заедничко учество на трети пазари.

Заради сето тоа е потребно да се интензивираат контактите од двете страни и да се забрзаат преговорите за потпишување на спогодба за слободна трговија. Во исто време, ги запрашаа домаќините за нивното искуство во применувањето на субвенциите во земјоделството. Полската страна бараше писмен предлог за договор за слободна трговија, но во исто време беше нагласено дека со пристапувањето на Полска во Европската унија нема да има потреба од договорот за слободна трговија.

Во однос на субвенциите во земјоделството беше истакнато дека Полска посебно води сметка за тоа, меѓутоа дека имаат притисок од страна на Европската унија за намалување на средствата коишто ги субвенционираат во земјоделството.

Лилјана Поповска се интересираше за организацијата на Стопанската комора на Полска и потребата од пренесување на нивните искуства кај нас, бидејќи во тек е реформа и на СК на Македонија и носење на посебен закон за таа цел.

Благородна Мингова-Крепиева го покрена прашањето за можноста за намалување на трговскиот дефицит меѓу двете земји и поголемо инвестирање на Полска во Македонија. Со влегувањето на Полска во ЕУ ќе се надминат проблемите со непотпишаниот договор за слободна трговија и високите царински оптоварувања на македонските производи при увоз во Полска. Таа ја истакна можноста по влегувањето на Полска во ЕУ, двете земји заеднички да наставуваат на трети пазари, особено во земјите надвор од ЕУ, со кои Македонија има потпишано договори за слободна трговска размена. За таа цел беа доставени сите договори за слободна трговска размена кои Македонија ги има потпишано со земјите надвор од ЕУ.

## Средба во Министерството за надворешни работи на Полска со г-дин Јержи Хмељевски, амбасадор и заменик на претседателот на Секторот за Европа

На самиот почеток г-дин **Хмељевски** го искажа задоволството од средбата и меѓу другото, истакна дека средбите со парламентарните делегации даваат инспирација и многу е важно што зборуваат пратениците, бидејќи извршната власт е таа која треба да работи и да ги ислуша пратеничките видувања. Посебно го истакна задоволството што се има желба за соработка. Најважна работа за Македонија е да ги исполни сите предуслови утврдени со Договорот за стабилизација и асоцијација, за да може со тоа да ги исполни условите за влез во Европската унија и дека тоа е и начин за стабилизација на регионот. Неопходно е Македонија да ги спроведе сите потребни работи внатре во државата за влез во Европската унија и НАТО, а посебно нагласи дека во Програмата за влегување на Македонија во НАТО влегува и стабилноста на државата и регионот.

Понатаму укажа дека Полска направила многу чекори со кои го променила амбиентот во регионот и го осигурала демократскиот начин на владеење на правото и ги интензивирала надворешните односи со соседите преку договори. Како добра вест од негова страна беше најавено дека го имаат разгледано Акциониот план за приближување на Македонија кон Европската унија и нивната оцена што ќе ја дадат во Брисел е позитивна.

Претседателот на парламентарната група откако ја претстави парламентарната група за соработка со Парламентот на Република Полска и ги истакна традиционално блиските односи меѓу двете земји, ја искажа благодарноста за поддршката на Република Македонија од страна на Република Полска за нивниот ангажман во зачувување на мирот и безбедноста во нашиот регион, а посебно во Македонија, искажа искрено сочувство за прераната смрт на двајцата полски наредници Пјотар Микуловски и Павел Легетцки, кои трагично го загубија животот во несреќниот случај кај село Сопот.

Исто така, го истакна консензусот меѓу сите политички партии во Република Македонија за потребата од влез на Република Македонија во Европската унија и НАТО, спроведување на Охридскиот рамковен договор, спроведување на реформите и усогласувањето на домашното законодавство со законодавството на Европската унија.

Потоа го потенцира интересот на Република Македонија за поблиска и координирана заедничка соработка и во меѓународните институции, интензивирање на соработката на економски, образовен и културен план, за надминување на проблемот со уставното име и изнаоѓање на прифатлива формула во меѓусебните договори, бидејќи тоа е единствениот нерешен проблем во односите меѓу двете земји. На тој начин ќе се надмине овој проблем и повеќе договори кои не се потпишани а кои ја попречуваат меѓусебната соработка, ќе се потпишат. Овде го потенцираше договорот за соработка на полето на образованието и науката. Се задржа и на проблемот со визниот режим и потребата од негова либерализација.

Бонева се заблагодари и за помошта што ја дава Република Полска во обуката на кадри во одбраната, а и за успешната соработка за која што истакна дека неопходно е да продолжи и на полето на локалната самоуправа. Посебно беше потенцирано значењето на помошта што може да ја даде Република Полска во обуката на кадри во јавната администрација и пратеници, за усогласување на домашното законодавство со законодавството на Европската унија, респектирајќи го нивното искуство.

Беше истакнато дека Република Македонија се радува на приемот на Република Полска во Европската унија затоа што е убедена дека ќе има вистински пријател кој ќе лобира во Европската унија за наше приближување кон неа. Во исто време ќе лобира и за одобрување на доставените проекти за кои се потребни средства од Европската унија, посебно продолжување на финансирањето на изградбата на Коридор 8, со што ќе ја помогне економската, политичката и безбедносната стабилност на целиот регион. Во исто време беше истакната и потребата од полска поддршка со цел да и се овозможи на Република Македонија пристап до фондовите на Европската унија и поддршка на проектите што произлегуваат од еврорегионите кои се формирани во Република Македонија.

На крај, од нејзина страна, беше потенцирано огромното значење на меѓусебното консултирање и пренесување на искуството на Република Полска од процесот на преговорите за влез во Европската унија.

Хмељевски искажа искрена поддршка, желба за помош, но потенцира дека мора да бидат сигурни дека навистина постои волја и консензус за сите овие прашања. Понатаму, истакна дека Министерството за надворешни работи е согласно да продолжи со соработката со Република Македонија на планот на нејзиниот влез во Европската унија, истакна дека се свесни дека хармонизирањето на законодавството во Македонија се разликува од промените кои беа направени во Полска, со оглед што Македонија излезе од бивша Југославија, а Полска од источниот советски комунистички блок. Од негова страна беше предложено експертска помош на полето на усогласување на законодавството со законодавството на Европската унија и за тоа предложи преку Министерството за надворешни работи да се воспостави постојана консултација и размена на информации. Постои можност за организирање на обука во Министерството за надворешни работи и во Министерството за европски интеграции.

Тој потенцираше дека Македонија, како и Албанија и Хрватска, прават напредок на полето на обезбедување на исти безбедносни стандарди кои се обезбедени од НАТО, дека воената соработка добро тече. Во однос на стопанската соработка со Македонија се истакна дека таа може да се унапреди, меѓутоа постои резерва со однос на функционирањето на Стопанската комора во Македонија и може повеќе да направи на планот на регионалната соработка. Понатаму тој истакна дека Европа не може да биде комплетна без Македонија и другите земји од регионот, меѓутоа потенцираше дека во денешна Европа сакале или не, мора да мислиме по категорија на граѓани, а после на народи, бидејќи тоа е лекција која што и ние мораме да ја поминеме, како што тоа го направи Република Полска.

Во однос на визите, тој истакна дека со голема болка ги вовеле визите спрема источните пријатели, но морале да го направат тоа, бидејќи тоа го бара од нив Европската унија и дека се расположени за разговори за либерализација на визниот режим и дека одлуката не е само кај нив, туку во тоа треба да учествува и Република Македонија. Беше потенцирано дека треба да умееме да му кажеме на Брисел и другите земји приврзаници на шенгенскиот визен режим дека знаеме да се бориме со организираниот криминал и нелегалната миграција и трансфер на луѓе. Тогаш би можело да има оцена од Брисел за укинување на визите.

Во однос на поставеното барање за наоѓање решение за употреба на уставното име на Република Македонија во меѓусебните договори, г-дин Хмељевски истакна дека Грците се уште имаат влијание за тоа, меѓутоа дека после изборите и после нивното влегување во Европската унија ќе се променат нештата во тој однос, но во моментот не сакаат да оставаат впечаток дека Полска не ги почитува меѓународните договори.

Поповска побара материјали од полското законодавство во врска со неговото хармонизирање со Европската унија.

Хмељевски истакна дека ќе помогне во добивање на материјалите, меѓутоа многу е значајна методологијата и како ќе функционира врската меѓу Полска и

Македонија. Поповска на тоа додаде дека тоа може да биде еден заеднички проект во кој ќе можат да ни го пренесат нивното искуство. Беше одговорено дека со задоволство ќе работат на тоа.

**Средба со замeникот на директорот на Конзуларниот сектор и Полонијата г-дин Виеслав Осуховски**

На почетокот од своето обраќање г-дин Осуховски го искажа задоволството за нашето интересирање за средба со него и даде кратка информација за полската дијаспора, при што истакна дека полската дијаспора е една од најголемите во Европа со повеќе од 15 милиони иселеници иако нема прецизно статистика за нивниот точен број.

После Втората светска војна полските иселеници во целиот свет започнаа организиран живот на Полонија, при што ги истакна сите проблеми со кои се среќаваа иселениците во почетокот на нивната организираност, меѓутоа на наше барање повеќе се задржа на учеството на полската држава во организираниот живот на Полонијата за финансирањето од страна на државата и за законското регулирање на истото. Тој информираше за тоа кој ја носи програмата за работа со Полонијата и кој е надлежен за нејзино извршување и финансирање. Одговорен за работата на Полонијата е Сенатот, а Сенатската комисија одлучува каде да се распределат парите врз основа на претходно донесена програма. Од страна на парламентарната група беше истакнато дека искуството од организацијата на Полонијата ќе биде од голема важност за Република Македонија, бидејќи и нашата земја има огромен број иселеници.

Крепева се интересираше дали полските иселеници имаат двојно државјанство и дали учествуваат во изборите во Полска.

**Средба со државјани на Република Македонија кои живеат и работат во Полска**

Средбата се одржа во Амбасадата на Република Македонија во Полска и на неа присуствуваа 20 претставници на македонската дијаспора во оваа земја.

Благородна Мингова Крепиева ги запозна со актуелните состојби во Република Македонија и напорите што се прават за зголемување на странските инвестиции во Република Македонија и ги повика нашите иселеници да го најдат својот бизнис интерес во Република Македонија, во областа на туризмот, земјоделството и формирањето на мали и средни претпријатија во други сектори од индустриско производство. Од страна на претседателот беа информирани за разговорите со претставниците на извршната и законодавната власт од полската држава за проблемот со визниот режим и потребата од негова либерализација.

Од страна на претседателот на полско-македонското друштво, г-ѓа Адамчева Делегацијата беше информирана за проблемите што ги имаат нашите иселеници во однос на нивното организирање, недостаток од постојан простор, што би овозможил нивно собирање и непречено функционирање на друштвото а во исто време и непречено одвивање на сите други активности. Другите иселеници ги обединува црквата, додека ние ја немаме ни таа можност, истакна г-ѓа Адамчева. Таа укажа на потребата од формирање на македонски информативен центар во Полска, каде што би можеле сите граѓани на Полска да се информираат и за сите прашања што ги интересира.

Поповска го искажа своето мислење дека логично е македонската држава да им помага на своите државјани и во исто време се обиде да посочи некои решенија за изнаоѓање на простории кои можат постојано да ги користат. Другите присутни на средбата, исто така, укажаа на недостатокот од македонска литература во Полска во која ќе можат да прочитаат повеќе за Македонија, за македонската економија, историја, туризам, уметност и друго. За жал дури ни децата на нашите иселеници немаат литература од која што можат да го научат македонскиот јазик и од нивна страна беше посочено решението да се бара преку електронско поврзување, односно Интернет, за децата да можат да го научат јазикот на нивните предци. Би било добро да се испратат и весници, книги, касети со народна музика, меѓутоа и касети со македонски народни приказни. Исто така, беше обрнато внимание дека многу малку се работи на

стопанската соработка но и на разрешување на проблемите со кои се среќаваат нашите иселеници кога доаѓаат во Република Македонија, како што е отсуство на договори за здравствено осигурување, бидејќи некој ако се разболи во Република Македонија треба да плаќа огромни суми на средства за лекар, за лошо паркирање им се одземаат возилата без да бидат информирани за тоа итн.

Претставниците на Делегацијата ветија дека нивните забелешки ќе бидат пренесени во Република Македонија и дека ќе се инсистира да се најде начин за нивно решавање.

**Средба со заменикот на претседателот на Сејмот г. Јануш Војчеховски**

На почетокот на средбата г-дин Војчеховски го искажа своето задоволство од можноста за средба на Делегацијата од Република Македонија и во неговото обраќање истакна дека улогата на Македонија е важна за Европската унија, бидејќи во неа се среќаваат многу култури и нации и ако кај нас се живее мирно, тоа е добра лекција и за Европската унија. Го истакна и интересот на Република Полска за интензивирање на односите меѓу двата парламента и воопшто меѓу двете држави.

Од страна на претседателот на парламентарната група беше искажана голема благодарност до полскиот народ за напорите што ги прават за зачувување на мирот и стабилноста во Европа и регионот, искажа сочувство за двајцата загинати војници припадници на полскиот контингент на НАТО и потенцираше дека македонскиот народ ја доживува полската држава и полскиот народ не само како пријатели, туку и како свои словенски браќа кои му помогнаа на нашиот народ во моменти кога му беше најтешко, им даде дом на повеќе од 15 илјади бегалци кои беа прогонети од своите огништа за време на граѓанската војна во Егејска Македонија. Во исто време го замоли г-дин Војчеховски да помогне во изнаоѓањето на поволно решение за користење на уставното име на Република Македонија во меѓусебните договори, за да не биде тоа и понатаму пречка за развојот на меѓусебните односи. Го истакна и проблемот со визниот режим и потребата од негова либерализација, а ја искажа и нашата благодарност за придонесот што го дава Република Полска во обуката на нашите одбранбени сили и пренесувањето на искуствата од сферата на локалната самоуправа. Посебно беше потенцирано огромното значење од пренесување на нивните искуства, за проблемите и грешките од процесот на имплементација на законодавството на Европската унија во Република Полска. Беше истакнато и огромното значение за Република Македонија тоа што Полска ќе биде член на Европската унија, а во исто време како наш пријател и лобист за поддршка на нашето барање за членство во Европската унија, за пристап кон фондовите на Европската унија за продолжување на финансирањето на Коридорот 8 и Коридорот 10 и за поддршка на проектите што произлегуваат од еврорегионите. Исто така, го информираше г-дин Војчеховски и за политичката, економската и безбедносната состојба во Република Македонија.

Господинот Војчеховски истакна дека посакува да се исполнат плановите на Република Македонија и се задржа за нашите планови за поврзување на коридорите, бидејќи после граѓанската војна во Југославија беа прекинати комуникациите и Коридорот 8 ќе покаже дека може да постои поврзување на Исток и Запад и блиски односи на соработка. Добивме ветување дека ќе се обрати до Министерството за надворешни работи да се направат напори за отстранување на пречките во комуникацијата меѓу граѓаните условени од визниот режим, во врска со усогласувањето на нашите акти со законодавството на Европската унија и потенцираше дека ќе помогне со своето искуство, бидејќи тие се на крајот од патот и се свесни за грешките што ги направиле, а дека истите ќе ни ги посочат со цел ние да не ги повториме. Правните акти во Република Полска пред да се усогласат биле три пати помали отколку денес и дека Парламентот се уште работи како лента во фабрика за да ги смени законите, меѓутоа дека се јавуваат огромни проблеми во врска со усогласување на полското законодавство со правните акти кои важат во Европската унија. Во моментот кога Полска ќе стане рамноправен член на Европската унија ќе има многу работа, бидејќи реформираните акти кои се во колизија со другите акти кои важат во државата треба да се усогласат. Во сите десет земји кои ќе влезат во Европската унија има комисии кои

се занимаваат со подготовка на правните акти, тие комисии гледаат само напред и не ги гледаат проблемите во државата туку само да ги прилагодат правните акти со законодавството на Европската унија. Освен тоа што овие акти треба да бидат разгледани од Комисијата за европски прашања, тие задолжително се разгледуваат и од другите надлежни парламентарни комисии во зависност од областа, но сепак конечниот став за определени прашања се усвојува на пленарните седници на Парламентот.

Госпоѓата Поповска информираше за работата на Секторот за евроинтеграции и го искажа значењето од пренесувањето на полските искуства во Република Македонија.

## Средба со заменикот на претседателот на Европската комисија г-дин Јежи Чепулковски

Од страна на г-дин Чепулковски беше истакнато задоволството што може пред нас да го изложи макотрпниот пат на нивниот ѓд до Европската унија. Започна со преземените активности од 1990 година па се до денес. Од негова страна беше кажано дека Европската комисија еднаш годишно надгледува што е направено во Полска каде се напредува, а каде се заостанува во она за што Полска се обврзала во процесот на евроинтегрирање. Ги истакна и проблемите со кои се среќаваат во Полскиот парламент во однос на евроинтегрирањето и спротивставувањето на две партии за нивното влегување во ЕУ. Бевме информирани за работата на нивната Комисија за европски прашања, дека Комисијата ги следи сите промени во законодавството, во исто време ја гледа и Владата што прави за процесот на влегување во Европската унија. Таа комисија соработува со комисиите од парламентарните групи од другите земји кои влегуваат во ЕУ и оние кои сакаат да бидат членки. Остварени се контакти со комисиите во други земји заради размена на искуства со единствената цел, влез во ЕУ. Тие контакти се постојани и често се користат. Многу лесно е да се промени законодавството, но тешко е да се промени менталитетот на граѓаните.

Поповска го информираше за потпишаниот договор за стабилизација и асоцијација со ЕУ и истакна дека во моментот сите активности максимално се забрзани и дека, исто така, во Македонскиот парламент се формира таква комисија, за која што ни зборуваше г. Чепулковски. Во исто време го замоли за материјали за структурата и работата на нивната комисија. Од нејзина страна беше истакнато дека во моментот Република Македонија води борба на повеќе фронтови, економскиот развој, безбедноста, борбата со корупцијата и криминалот, хармонизирањето на законодавството и забрзано се преведува белата книга на ЕУ. Таа се заблагодари за драгоценото искуство што ни го даваат тие што се пред нас во европското интегрирање.

Господинот Чепулковски со задоволство истакна дека ќе бидат обезбедени бараните материјали и нивниот полугодишен план за работа и дека очекува натамошна соработка и размена на искуства.

## Средба со заменикот на претседателот на Комисијата за односи со Пољаците кои живеат во странство г-дин Антони Кобиелуш

Средбата беше одржана на наше барање, затоа г-ѓа Бонева ја истакна благодарноста за покажаното разбирање и времето што го одделија за оваа средба и го истакна нашиот интерес за запознавање со законските решенија и решенијата внесени во конститутивниот акт на државата, за грижата кон полското иселеништво. Од негова страна бевме информирани дека грижата за полската дијаспора е запишана во Уставот на Република Полска и дека Сенатот се грижи за дијаспората во целиот свет. Секоја година Сенатот дава околу 60 милиона злоти за здруженијата во источниот дел во светот, бидејќи дијаспората во западниот дел е побогата и може сама да се финансира. Имаат донесено и конкретна регулатива за репатријација на нивните иселеници од Исток. Уставот на Полска гарантира на секој граѓанин со корени од Полска дека може да се врати во Република Полска, посебно тоа важи за граѓаните од источните земји и ним им се гарантира парична помош при враќањето во Полска, обезбедување на работно место, сместување и образование на нивните деца. Буџетот дозволува само

1.000 семејства годишно да се вратат во Полска, но доколку има можност (во зависност од општините) може и повеќе.

**Средба со претседателот на Сејмот на Република Полска г-дин Марек Боровски**

Посакувајќи добредојде, претседателот на Сејмот истакна дека Македонија е пријателска земја и се радува што повеќе не слушаат лоши работи за Македонија. Од страна на г-ѓа Бонева беше истакнат интересот на Република Македонија за интензивирање на соработката со Република Полска. Се искажа благодарност за напорите што ги прави Република Полска за зачувување на мирот и стабилноста во Република Македонија, за помошта во одбраната и во локалната самоуправа, како и за добиените ветувања за пренесување на искуствата што ги има Република Полска кон патот на европското интегрирање. Делегацијата информираше за консензусот меѓу политичките партии за влезот во НАТО и Европската унија и за потребата од поддршка од страна на Република Полска за нашето евроинтегрирање.

Госпоѓата Поповска поопширно информираше за политичката, економската и безбедносната состојба во Република Македонија и за она што го правиме за усогласување на македонското со европското законодавство. Беа побарани сугестии за подобрување на меѓупарламентарната соработка.

Претседателот на Сејмот искажа задоволство што Македонија има поставено две цели пред себе, приклучување кон НАТО и Европската унија. Овие јасни цели ги имаше поставено и Полска и тоа е многу битно кога планот е ставен пред народот, бидејќи се знае што треба да се направи и како да се настапи. Полското искуство вели дека очекувале патот да биде пократок и поевтин, но промените на стопанството чинат многу и траат долго. Полското стопанство денес е многу силно и не може да се спореди со тоа пред десет години, потребни се уште неколку години за да се види ефектот и при вработувањето и за подобрување на стандардот на граѓаните во Полска. Може да се каже дека за системски промени требаат барем 15 години ефективна работа. Борбата против корупцијата која го фаќа врвот на власта е многу тешка, затоа е многу битно во новите закони да се стави јасно што може а што не може да се прави. Понатаму истакна дека спрема Македонија имаат подруг однос со оглед дека станува збор за словенски народ, без разлика што се наоѓа подалеку од Полска.

**Средба со парламентарната група во Интерпарламентарната унија, со учество и на членови на полско-македонската пармалентарна група и нејзиниот заменик претседател г-дин Јануш Доброш**

На средбата Бонева ја искажа благодарноста за поканата за посета на парламентарната делегација на Република Полска. Го истакна позитивниот впечаток и искуствата од реализираните средби, од спремноста за помош што беше истакната од страна на сите соговорници, а во исто време го потенцираше и огромното значење што може да го одигра полско-македонската парламентарна група во интензивирањето на односите меѓу двете држави. Тие можат да бидат наша лоби група внатре во Парламентот на Полска, постојано да потсетуваат на дадените ветувања за реализација на барањата што ги истакна македонската парламентарна група.

Од страна на г-дин **Доброш** и на сите присутни на средбата, беше истакато задоволството од заедничката средба, од можноста за воспоставување на соработка меѓу двата парламенти и беше дадено ветување дека ќе направат се што е во нивна моќ, дури во работните тела на Парламентот да ги актуелизираат барањата на македонската делегација. Од сите членови на парламентарната група беа запознати со можностите и предностите што ги има Република Македонија во економијата, посебно во туризмот и културата, за коешто пратениците покажаа огромно интересирање. Беше договорено наредната средба да биде во Република Македонија после приемот на Република Полска во Европската унија.

Шерјаковска зеде обврска дека ќе биде силен лобист за остварување на сето она што беше договорено и дека ќе настојува преку пренесување на своите искуства да ја поддржува Република Македонија.

**Средба со заменикот на претседателот на Сенатот**
**г-ѓа Јоланта Даниелак**

Откако ја поздрави делегацијата г-ѓата **Даниелак** го искажа своето задоволство што пред себе гледа повеќе жени кои работат за доброто на својата држава. Таа накратко ја запозна Делегација со работата на Сенатот и укажа на нивната најважна цел, квалитетот на легислативата.

Од страна на г-ѓа Бонева беше запозната со актуелните состојби во Република Македонија, со нашите барања за поддршка од страна на Република Полска за нашето зачленување во Европската унија и користење на фондовите на Европската унија.

Госпоѓата Поповска информираше за работата на женскиот парламентарен клуб, за кое што покажа интерес г-ѓата Даниелак, а во исто време упати покана за нејзина посета на Република Македонија. Даниелак понатаму информираше за застапеноста на жените во Парламентот и на листите на политичките партии и притоа кажа дека тие имаат родов полномошник, лице кое ги анализира сите закони од родов аспект и кај нив функционира групата на жени парламентарки која се грижи за сите женски здруженија кои се борат за правата на жените.

Ејуп Рустеми побара од Даниелак примерок од Законот за финасирање на локалната самоуправа со оглед на претстојната децентрализација во нашата земја.
Даниелак истакна подготвеност за поддршка на нашата земја во олеснувањето на патот за влегување во европската заедница и администрација која што директно ќе не упати на тој пат. Македонија ќе има помош и за локалната самоуправа и информираше дека првата иницијатива за соработка на полето на локалната самоуправа произлегла од Сенатот.

**Средба со претседателот на Комисијата за надворешна политика**
**г-дин Јежи Јаскиерња**

Господинот Јаскиерња информираше за процесот на евроинтегрирањето на Полска. Тој посочи дека постојат две важни работи со коишто не се согласуваат со Европската унија. Првата работа е гласовите со кои ќе учествува во работата на Европскиот парламент. Тие бараат да имаат ист број гласови како што имаат Шпанија и Италија, но Европската унија сака да го промени тоа. Втората работа е отсуството на христијанското потекло во преамбулата на европскиот устав. Тоа е битно за Полска, бидејќи Уставот на Европската унија треба да се донесе со референдум. Од негова страна беше кажано дека ја имал честа да ја посети Македонија пред нејзиното влегување во Советот на Европа и дека Советот е претсобје за европската заедница и Македонија во моментот се наоѓа таму.

Бонева информираше за актуелната состојба во Република Македонија и започнатите интеграциони процеси во неа.

Откако се заблагодари за интересното обраќање г-дин Јаскиерња, истакна дека Полска со Македонија ќе ги подели и добрите и лошите искуства. За нивното интегрирање тој кажа дека реформите биле тешки, граѓаните биле убедени дека веднаш ќе има позитивни ефекти, сега не се знае со кој процент ќе бидат присутни во ЕУ и тоа може да има негативно влијание на спроведувањето на референдумот. Од негова страна беше истакнато дека огромно е значењето на меѓупарламентарната соработка на државите и дека парламентарните групи се амбасадори на нивните земји кои го отвораат патот и придонесуваат за побрзо интегрирање во ЕУ. Но, исто така, дека е потребна и соработка меѓу делегациите за да може да ги пренесуваат сугестиите

едни на други. Меѓу другото, меѓупарламентарната соработка на комисиите за европски прашања е многу важна, бидејќи тие можат да придонесат за побрзо интегрирање.

Од страна на Поповска беше истакнато дека позитивната поддршка што ни ја дава Република Полска ни дава сила за напред. Таа посочи дека позитивна порака од ЕУ може да биде поддршка на проектите за инфраструктурата.Тоа се мали средства од ЕУ кои значат многу за Македонија, и притоа се потенцираше значењето на Коридорот 8.

Претседателот на Комисијата за надворешна политика истакна дека парите за инфраструктурата се многу битни и дека моделот за развој на Македонија преку развојот на инфраструктурата, како што беше во Шпанија, Португалија па и во Полска со градење на автопати е многу важен и за Македонија. Госпоѓата Бонева на негово барање пошироко го информираше за проблемот околу финансирањето на Коридорот 8. Господинот Јаскиења кажа дека ќе се заложи да се реши овој проблем и непречено да се гради Коридорот 8.

Благородна Мингова Крепиева истакна дека сме свесни дека патот кон Европа е преку политичка и безбедносна стабилизација за што имаме консензус од сите политички партии. Тоа се однесува и на имплементација на Рамковниот договор од Охрид и за усогласување на легислативата со европското законодавство. Таа потенцираше дека Македонија не може да влезе во Европа ако нема економски развој со целосна трансформација на стопанството кон ЕУ. Полска има искуство во тоа и очекуваме од новите членови на ЕУ интензивирање на стопанската и трговската размена и заеднички вложувања и настап на градежната оператива во трети земји.

## Средба со малополскиот војвода г-дин Јежи Адамик и заменик на градоначалникот на Краков

На средбата што се одржа во Краков г-дин Адамик не запозна со економските, културните и образовните карактеристики на регионот и со изучувањето на македонскиот јазик на Универзитетот во Краков. Од страна на Делегацијата посебно беше запознат со можностите за стопанска соработка, посебно за пласман на вина и земјоделски производи, но и за туристичките можности што ги има Македонија.

Со г-дин Адамик се разговараше и за воспоставување на соработка со градот Скопје за што од негова страна беше искажан голем интерес особено за стопанската соработка.

Од страна на домаќинот беше кажано дека многу малку знаат за можностите кои ги нуди Македонија и искажа голем интерес и спремност да помогнат во организирањето на презентација на македонските вина, земјоделски производи и преработки, на македонскиот туризам и култура.

## Заклучни согледувања

Реализираната посета на Делегацијата на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Полска е од исклучително значење за унапредување на соработката меѓу двата парламенти, односно двете групи.

Таа претставува добра основа за натамошно интензивирање на соработката со Полска во сите сфери од заеднички интерес. Средбите и водените разговори ја потврдуваат спремноста за продолжување на дијалогот на сите нивоа.

Посетата беше фокусирана на процесот на ероинтеграција на двете земји. Се покренаа повеќе значајни прашања за кои македонската страна доби уверувања дека ќе бидат сериозно разгледани:

- Во однос на процесите на евроинтеграција на Република Македонија беше искажана спремност за поддршка;
- Во врска со употребата на уставното име на Македонија се истакна дека се очекува промена во тој однос по влегувањето на Полска во Европската унија;
- Се искажа готовност за давање на експертска помош на полето на усогласување на законодавството со ЕУ и се предложи преку МНР воспоставување на

постојани консултации и размена на информации. Постои можност за организирање на обука за државни службеници во МНР и Министерството за европски интеграции на Република Полска;

- Разговорите беа искористени за запознавање на соговорниците од Полска со македонскиот интерес за Коридорот 8 и пристапот кон фондовите за поддршка на инфраструктурата;
- Во Полска се чувствува потреба од отворање на македонски информативен центар, поголема промоција на економски, културен и туристички план бидејќи постои голем интерес за тоа. Доказ е силната желба за парламентарна соработка и поддршка од страна на пратеничката група за соработка, составена со 15 пратеници на чие чело е влијателната и искусна пратеничка Шерјаковска.

Следењето на посетата на делегацијата посебно беше отежнато поради отсуството на секретар на пратеничката група.

# *ИЗВЕШТАЈ*

***За учество на регионалната средба "Зајакнување на демократската контрола на вооружените сили во Албанија"***
***Тирана, Република Албанија 14-17 ноември 2002 година***

***Скопје, ноември 2002 година***

*Во заедничка организација на Центарот за Европски Безбедносни студии (ЦЕСС) при универзитетот во Гронинген, Холандија и Центарот за парламентарни студии во Тирана, Албанија во периодот од 14 до 17 ноември 2002 година во Тирана се оддржа регионална средба "Зајакнување на демократската контрола на вооружените сили во Албанија". Средбата се оствари во рамките на проектот "Демократска контрола:образование на членови на Парламентот и парламентарните служби".*

*Како претставник на Собранието на Република Македонија на средбата присуствуваше г-дин Есад Рахиќ, пратеник во Собранието на Република Македонија а во својство на претставник на Службата на Собранието на Република Македонија присуствуваше г-ѓа Јасминка Перчинкова, самостоен советник и секретар на Комисијата за одбрана и безбедност.*

Центарот за Европски и безбедносни студии (ЦЕСС) е основан 1993 година, со главна цел независно истражување, образование и обука посветени на охрабрување на неформалните дебати за безбедносните прашања, унапредување и одржување на демократските структури, како и соработка во надворешната и одбрамбената политика во цела Европа.

Центарот за Европски и безбедносни студии спроведува тригодишен проект за размена на прашања од секторот за безбедност во седум држави во Југоисточна Европа: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Македонија, Романија, Србија и Црна Гора. Овој проект беше одобрен и од Пактот за стабилност на Југоисточна Европа. Целта на проектот за демократска контрола е да им обезбеди на пратениците и на парламентарните служби, знаење, вештини и средства во областа на одбраната ибезбедноста, кои ќе овозможат подобро да ја извршуваат својата улога а со тоа и Владата пред нив да стане поодговорна за безбедносните прашања (широко дефинирани).

Целта на проектот се остварува преку серија на интензивни национални работилници (во секоја од земјите учеснички) и два регионални состаноци. Работилниците вклучуваат настава од искусни предавачи вклучени во праксата, бројни можности за дискусија како и практини сесии. Интеракцијата меѓу пратениците и службите од различни држави се обезбедува преку претставувањена другите земји членки на овие настани како и преку размена на искуства на двата регионални состаноци.

Локалната партнерска институција на ЦЕСС во Македонија е Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ) воСкопје.

На регионалната средба во Тирана учествуваа бројни претставници, членови на парламенти и нивните служби од неколку земји од Југоисточна Европа и тоа: Албанија, Романија, СР Југославија, Хрватска и Македонија. Другите учесници беа еминентни говорници, претставници на амбасади, на невладини организации, експерти и новинари.

На регионалната средба најголемо внимание предизвика присуството на Претседателот на Република Албанија, Алфред Мојсиу како и неговото учество во работата на средбата. Во работата учествуваше и претседателот на Парламентот на Република Албанија Сервет Пелумби. Меѓу останатите позначајни учесници и г-ѓа Дорис Пак, членка на Европскиот парламент, како и повеќе амбасадори на странски амбасади во Тирана.

Учесниците на средбата посебно се интересираа за реформските приоритети на безбедносниот сектор во кои демократската контрола на националните парламенти како и регионалните иницијативи во Југоисточна Европа претставуват главни прашања. Првиот дел од настанот беше посветен на прашањата од национално ниво, како што се прашањата за редизајнирање на националната одбрана Иивоспоставување подобра контрола на воените и внатрешните безбедносни сили под цивилна контрола, соработка и тоа на ниво на национални парламенти, мировни операции, воспоставување регионален одбрамбен систем, како и борба против организираниот криминал.

Инаку, во однос на билатералната соработка во областа на одбраната меѓу Република Македонија и Република Албанија може да се рече дека истата беше

проследена со многупротивречности и застои, што беше одлика и на севкупните билатерални македонско-албански односи. Албанија на 26 април 1993 година со Декларација ја призна независноста и сувереноста на нашата држава под името ПЈРМ. Во продолжение на односите при одделни ретки средби меѓу министрите за одбрана од двете држави се изразуваше уверувањето за меѓусебната подготвеност за соработка и потребата односите меѓу двете земји да одат по нагорна линија.

Пријателството и добрососедството меѓу Република Македонија и Република Албанија е значајно не само за нашите две земји, туку и за стабилноста на регионот, а со тоа се создаваат премиси за наше приближување кон НАТО. Во духот на добрососедските односи а особено бидејќи имаме заеднички гранични проблеми би требало соработката да се спушти на пониско локално ниво.

Во 1998 година беше потпишана Спогодбата за соработка во областа на одбраната помеѓу македонскотои албанското министерство за одбрана, но Спогодбата досега не е операционализирана со соодветни годишни планови. Истата година е потпишан Договор за формирање на мултинационална мировна единица.

На регионалната средба во Тирана во работниот дел како и при неформалните контакти, меѓу присутните беа разменети мислења за политичко-безбедносната состојба во Регионот, со посебен акцент на состојбите на Косово. Беа разгледани разгледани билатералната соработка виза ви конфликтот на Косово, како и безбедноста и илегалните преминувања на границата меѓу Република Македонија и Република Албанија. Беше истакнато дека билатералната соработка треба да се продлабочува ипроширува во сите сфери и области а околу загриженоста за Косово беше утврдено дека тој проблем не е само регионален, туку е проблем на цела Европа.

Во текот на регионалната средба од македонската и албанската страна беше истакната потребата за подобро обезбедување на границата меѓу Република Македонија и Република Албанија, со акцент дека на тој начин ќе се намали шверцот и ќе се избегнат инциденти и невини жртви. Во врска со ова беше оценето дека проблемот со граничните инциденти може да се реши само со заедничко обезбедување од македонска и албанска страна , за што ќе се разговара на најавената меѓународна конференција за границите спонзорирана од НАТО. Имено, контролата на границите треба да се спроведува според европските стандарди.

Во кнтекст на ова прашање, како и во врска со Проектот за разоружување најавен во Република Македонија, пратеникот Есад Рахиќ изрази став дека е потребна подршка на проектот од сите политички партии во Република Македонија, средствата за јавноинформирање, невладините организации а посебно тој побара подршка за оперативна и финансиска помош од ЕУ, НАТО, САД и другите меѓународни организации. Ова е од причина што оружјето кое нелегално се поседува на Балканот, претставува сериозна закана за мирот, безбедноста и стабилноста на регионот и Република Македонија, како и огромна опасност за извршување на терористички акции.

Околу проблемот и прашањето на цивилната контрола на вооружените сили, беше утврдено дека во голема мера тие зависат од ситуацијата во националната безбедност, од односот меѓу политиката и војската како и од цивилно-воените односи. Политичките и безбедносните аспекти на цивилно-воените односи се длабоко меѓусебно зависни и тие мораат да се доведат во еден развоен дискурс и во теоретска и во практична смисла.

Беше констатирано дека сите балкански посткомунистички земји ја учат "азбуката на демократијата" и затоа демократските цивилно-воени односи не треба да се гледаат како на однапред даден универзален зацртан модел кој треба само автоматски да се прифати и имплементира.

Како заклучни согледувања од овој регионален состанок може да се потенцира следното: давање можност за размена на искуства за извршување на ефикасна демократска контрола на вооружените сили, идентификација на заедничките проблеми и наоѓање решенија за надминување на истите, запознавање на парламентарците како нивните колеги од соседството односно западните земји ја извршуваат својата функција.

Нивото на учесниците на регионалната средба даде можност за преземање практични чекори за интеграција на регионото во евроатланските структури. Се оцени дека со вакви контакти побрзо се решаваат отворените прашања особено за суптилни

теми, што значи на евроски начин да се надминуваат разликите и противречностите во меѓусебните односи.

За земјите членки на НАТО а особено оние кои тежнеат да партиципираат во НАТО, цивилната контрола на Армијата бизначело развивање на тие односи во рамките на една демократска влада. Од воена страна гледано истакната е потребата воените сили да бидат компетентни со останатите НАТО сили а од цивилнатастрана гледано потребно е воспоставување контрола на буџетскиот систем од страна насоодветно избрано законодавно тело. Основна потреба е законодавната цивилно-извршна власт да е главна кога станува збор за национално безбедносните прашања во војна и мир.

Република Македонија еориентирана кон запад, обидувајќи се да ги достигне критериумите за влезво НАТО. Демократската контрола на војската е еден од тие критериуми, при што акцентот се става на креирање на уставна рамка за еден нов модел на цивилно-воени односи.

Како единствена забелешка од присуството на Регионалната средба во Тирана би можела да се оцени неконтактибилноста и нетранспарентноста на Македонската амбасада во Тирана со присутните претставници од Собранието на Република Македонија во Тирана и покрај тоа што во неколку наврати истите беа уредно известени за учеството на оваа регионална средба.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Мултилатерална соработка***
***Комисија за одбрана и безбедност***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***за учество на Парламентарната работилница***
***"Добро владеењево безбедносниот и одбрамбениот сектор"***
***одржана на11 и 12 април 2003 година во Сараево,***
***Босна и Херцеговина***

***Скопје, април 2003 година***

*Во заедничка организација на Центарот за Европски безбедностни студии (ЦЕСС) при Универзитетотво Гронинген, Холандија и Центарот за европски безбедносни студии од Босна и Херцеговина, на 11 и 12 април 2003 година во Сараево, се одржа Парламентарна работилница на тема: "Добро владеење на безбедносниот и одбрамбениот сектор". Парламентарната работилница е во рамките на Проектот " Демократска контрола: образование на членови на Парламентот и парламентарните служби".*

*Како претставник на Собранието на Република Македонија на парламентарната работилница присуствуваше пратеникот Есад Рахиќ, а во својство на претставник на Службата на Собранието на Република Македонија, г-ѓа Хилда Ѓеоргиевска, самостоен советник, секретар на Комисијата за одбрана и безбедност.*

Центарот за Европскиибезбедносни студии при Универзитетотво Гронинген, во текот на изминатите три години, за седум држави одЈугоисточна Европа го спроведува проектот за демократска контрола, одобрен од Пактот за стабилност на ЈИЕ. Целта на проектот е да се едуцираат пратениците и службениците од парламентитеод тие држави во областа на одбраната и безбедноста.

Во рамките на парламентарната работилница учествуваа претставници на државните органи и научни институции од Босна и Херцеговина, експерти од областа на одбраната и безбедноста, претставници на мисијата на ОБСЕ во Босна и Херцеговина како и бројни претставници на парламентите на Србија и Црна Гора, Бугарија, Албанија, Република Српска, Романија, Хрватска и Македонија.

На парламентарната работилница во Сараево од страна на претставниците на ЦЕСС беше истакнато дека од посебно значење е да се оствари повисок степен на парламентарен надзор над безбедносниот сектор.

Присутните на парламентарната работилница ги поздрави претседателот на Домот на народите на Парламентарното Собрание на Босна и Херцеговина г-дин Велимир Јукиќ. При тоа тој истакна дека сите политички партии се цврсто определени за членство на Босна и Херцеговина во Европската Унија и НАТО.

Учесниците на средбата најголем интерес покажаа за можностите и искуствата за справување со социјалните и економските последици од намалувањето на воените сили и за финансиската одговорност и практиката на ревизорските канцеларии во други земји.

Првиот дел од парламентарната работилница беше посветен на прашања кои се однесуваат на безбедносниот и одбрамбениот сектор на Босна и Херцеговина, како и за парламентарните комиси за безбедносни прашања и справувањето со социјалните и економските последици од намалувањето на воените сили.

За определување на безбедносните приоритети на Босна и Херцеговина говореше г-дин Енвер Штранбенгс, заменик на високиот претставник за Босна и Херцеговина при што истакна декаграѓаните на Босна и Херцеговина сакаат да живеат во мирна и безбедна држава. Босна и Херцеговина има стратешка определба да стане членка на Европската Унија и другите Европски стуктури, а потоа и на Пактот партнерство за мир. Притоа нагласи дека е постигнат голем напредок со тоа што се вратени околу милион бегалци и реновирани се сто илјади куќи.

Реформат која се спроведува во одбраната и армијата е од посебна важност. Во тој контекст е и борбата против криминалот, зајакнувањето на државните институции, апроксимација на законодавството со Европското законодавство. Тој додаде дека за успехот на реформите клучно прашање е политичката волја за консензус на политичките партии.

На учесниците им се обрати Лидија Топиќ, заменик министер за надворешни работи на Босна и Херцеговина, која говореше за актуелните реформи во безбедносните структури, при што рече дека за приклучување на евроатланските структури треба да се одбере патот на интеграција а не на изолација. Додаде дека Босна и Херцеговина треба да има професионална, модерна воена сила, посебно да го заштити интегритетот на државата. Таа додаде дека високиот претставник има

донесено неколку одлуки за контрола над производството и користењето на оружјето. Топиќ укажа дека се потребни измени на Уставот на Босна и Хецеговина и Република Српска како и во законите за одбрана, односнода се изработи закон за одбрана на ниво на целата држава, да се преземат вистински чекори за учество во Пактот за партнерство за мир и реформа на одбраната за приближување на НАТО- структурите.

Во расправата посебно внимание се обрна на прашањето на политичка волја за реформата во безбедносниот сектор и одбраната. Учесниците ги истакнаа следните прашања: потребата од формирање на единствена војска, создавање на самоодржлив мир, отстранување на правните бариери за спроведување на надзорот во областа на безбедноста и одбраната.

Золт Рабаи, претставник од канцеларијата за информирање и печат на НАТО говореше за развојот на одбрамбените структури на државно ниво. Тој нагласи дека е неопходно да се оствари интеграција на државно ниво особено за основните прашања а тоа се надворешните работи и одбраната, при што НАТО е особено заинтересиран за одбраната и борбата против корупцијата и организираниот криминал. Позитивна оцена изнесе во врска со апсењето на воените злосторници а за реформата на воените сили рече дека треба да биде придонес кон економските реформи.

Во дискусијата учествуваше и пратеникот Есад Рахиќ кој укажа дека Република Македонија до 1998 година во својот развој и исполнувањето на условите за интеграција во НАТО и ЕУ беше пред Романија и Бугарија, но вооружените судири од оваа година доведоа до стагнација. Додаде дека во Македонија се донесени Законот за одбрана и Законот за служба во Армијата на Република Македонија. Тој истакна дека нерешениот статус на Косово со резолуцијата 1244 допринесува ова подрачје да биде извор на криминалот што ја отежнува борбата против организираниот криминал во Македонија. Постави прашање што може меѓународната заедница да преземе со цел да придонесе во корен да се уништат одредени жаришта на потешките форми на криминал што е една од основните причини за нарушување на мирот и безбедноста во регионот.

Рабаи се согласи дека организираниот криминал како и тероризмот ја загрозуваат националната сигурност на државата. Од тие причини од особена важност е соработката за контрола на границите на земјите од Југоисточна Европа, како и намалувањето на бројот на војската а јакнење и зголемување на полициските сили. Тој посочи дека меѓународната заедница не може да ги реши овие проблеми без учество на државите.

Во тој контекст Рахиќ истакна дека владите на Република Македонија, Србија и Црна Гора и Албанија веќе остваруваат соработка во борбата против организираниот криминал. Но за успешно спроведување на истото, неопходно е советодавна, финансиска и техничка помош од Меѓународната заедница.

Мирко Чекиќ од Министерството за одбрана на Република Српска го постави прашањето како да се поврзе заложбата за издвојување на што помалку средства за одбраната со заложбата за осовременување и модернизација на војската што бара додатни средства.

Золт Рабаи укажа дека никој не очекува во Босна и Херцеговина и новите членки на НАТО да ги модернизираат вооружените сили надвор од нивните можности. Тој смета дека преорганизацијата не значи дека веднаш ќе се оствари заштеда на средства, дека не постои контрадикција, напротив тоа е балансиран процес но треба да се донесат одлуки за нивото и начинот на кој ќе се врши реорганизацијата.

За функциите и предизвиците на параментарните комисии за безбедносни прашања излагање имаше Славиша Шуќур, пратеник од Парламентот на Босна и Херцеговина. Тој нагласи дека оваа тема претставува фама така да дел од реформите е и разбивањето на мистеријата и остварување на транспарентност. Основната функција на Комисијата за одбрана и безбедност треба да биде остварување на демократската контрола. Пред се треба да се оствари реформа во законодавството со цел да се остварат добри резултати во остварувањето на парламентарниот надзор над органите во областа на одбраната и безбедноста. Тој констатира дека недостасува цивилна стручна кспертиза, особено за чувствителните прашања како што е надзорот над безбедносните служби. Од тие причини потребно е едуцирање на членовите на Комисијата, во што треба да бидат вклучени невладините организации. Досега не е

искористена меѓупарламентарната соработка со соодветните комисии, особено со соседните држави.

Норица Николаи, претставник од Парламентот на Романија постави прашање за постапката за усвојување на буџетот и постоењето на систем за контрола на истиот, особено кога се работи за поголеми набавки во одбраната.

Шуќур нагласи дека Комисијата нема некоја посебна улога при усвојувањето на буџетот, а податоците за набавка на оружје и се едвај достапни. Од тие причини како и заради недоволната едуцираност на членовите на Комисијата како и неможноста да се обезбеди странска помош не се разрешени спорните случаи со продажбата на старото оружје.

Хилда Георгиевска, претставник на стручната служба на Собранието на Република Македонија говореше за легислативата во областа на одбраната и безбедноста, при што истакна дека е обезбедена правна рамка за остварување на функциите на Комисијата за одбрана и безбедност а пред се за заштита на уставниот поредок и остварување на надзорот во доменот на одбраната и безбедноста. Ги презентираше правните инструменти за вршење на парламентарен надзор и нивната имплементација во праксата. Ја посочи потребата од измени во постапката при донесување на буџетот и склучувањето на меѓународните спогодби и договори, како и потребата од вклучување на експертите со цел точно да се утврди што е истражна активност на Комисијата при појавата на мега афери а што со истражните дејствија со цел да не се наруши независноста на правосудните органи.

Модератор на пленарната дебата за напредокот кон остварување на безбедност на државно ниво беше Хеинз Ветшера, заменик директор на одделот за безбедносна соработка при мисијата на ОБСЕ во Босна и Херцеговина. Тој на почетокот на излагањето нагласи дека не постои можност Босна и Херцеговина да се интегрира на меѓународно ниво доколку не успее да оствари И интерна интеграција на ентитетите.

Во расправата се истакна дека за Босна и Херцеговина не постојат надворешни опасности, туку опасности одвнатре во самата држава. Тоа се пред се социјалните проблеми кои можат да ја дестабилизираат безбедносната состојба како и сеуште присутниот страв кај граѓаните кој може да доведе до национални блокови и поделба на национални интереси, поради што треба да се работи на изградба на политичка волја.

За спроведувањето на социјалните и економските последици од намалувањето на воените сили говореше Авдо Хабиб, пратеник во домот на претставници на Федерацијата на Босна и Херцеговина.

Ова прашање со оглед на сериозните последици што ги предизвикува на социјален и психолошки план предизвика голем интерес кај учесниците на парламентарната работилница.

Миро Чекич, од Министерството на Република Српска укажа дека не е изготвена социјална програма со која ќе се амортизираат проблемите со намалувањето на бројот на вооружените сили, како што е зголемувањето на бројот на невработени и социјални случаи. И покрај сите напори и превземени мерки 1500 лица немаат никаква можност за вработување.

Пратеникот Есад Рахиќ покажа интерес за искуствата во Албанија и Србија и Црна Гора. Притоа додаде дека Република Македонија со процесот на намалување на воените сили ќе заврши 2007 година со цел да ги исполни НАТО стандардите за професионализација на воените сили. Но останува проблемот со социјализација и вработување на лицата на кои ќе им престане работниот однос во Армијата. Господинот Рахиќ исто така укажа дека Владата на Република Македонија има цврста определба за имплементација на Рамковниот договор во поглед на соодветна и правична застапеност на заедниците.

Николаи Норица, секретар на Комисијата за одбрана на Романија ги изнесе искуствата со спроведувањето на социјалната програма за справување со социјалните и економските последици од намалувањето на воените сили. Притоа истакна дека искуствата се слични, односно користени се две мерки, систем на пензионирање со 45 години старост и систем на преквалификација, кој е спроведен со финансиска помош од САД. Но и покрај тоа не се избегнати состојбите на фрустрација и појава на криминал и криумчарење. Поради тие причини воведен е нов вид на полиција за обезбедување на

границите за кој е обезбеден кредит од Светската банка, а проектот ќе заврши во 2007 година.

Одговарајќи на прашањето на Рахиќ, г-дин Чекиќ констатира дека прашањето е комплексно но никој не може да го даде одговорот. Енормно се зголемува бројот на пензионерите, преквалификациите за противпожарни бригади и тимови за демонтирање се доста скапи а не се привлечни, формирањето на граничните служби е исто така поврзано со финансиски средства од буџетот. Тој посочи дека сите мерки претставуваат атак на буџетот, поради што во Република Српска е одлучено сепак одредена квота од определениот број да се задржи во војската.

На крајот од првиот дел од парламентарната работилница се сумираа резултатите од расправата и се прифатија следниве констатации:

- Босна и Херцеговина е специфичен и единствен случај, кој не може да се спореди со состојбите во другите држави;
- на реформите во Секторот на безбедноста и одбраната, политичките раководни структури треба да им се посветат многу повеќе време и внимание;
- да се зајакнат државните институции и да се зголеми степенот на транспарентност во областа на безбедноста и одбраната;
- во најскоро време да се формира Министерство за одбрана на ниво на федерацијата на Босна и Херцеговина со сопствен буџет;
- да се изврши што поскоро имплементација на предвидените реформи;
- интеграцијата на Босна и Херцеговина треба да ги следи интеграциските процеси во Евро-атланските структури и
- да се изврши намалување на вооружените сили и покрај укажаните тешкотии, бидејќи е особено важно прашање.

Вториот дел од Парламентарната работилница се однесуваше на финансиската одговорност, при што посебно внимание се посвети на праксата и значењето на ревизорските канцеларии во другите држави како и на финансиската одговорност во Босна и Херцеговина.

Лена Андерсон, буџетски аналитичар од мисијата на ОБСЕ во Босна и Херцеговина, говореше за ревизорската канцеларија за легислативата. Таа подвлече дека ОБСЕ помага но и инсистира на транспарентност при изготвувањето на финансиските извештаи. Зголемување на трошоците за одбраната секогаш е на штета на економските инвестиции. Таа нагласи дека улогата на ревизорските канцеларии е да се врши контрола со цел Владата и министерството исправно да постапуваат со буџетските средства, со што ќе се стекне доверба кај јавноста. Парламентот мора да ги следи и расправа инвестициите во областа на одбраната, врз основа на извештаите и укажувањето на ревизорските канцеларии.

Излагањето на Франц Васкот - претставник на ревизорскиот суд од Холандија предизвика посебен интерес. Г-дин Васкот го презентираше историскиот развој на ревизорската канцеларија, сега независен ревизорски суд, од 1830 година до денес, Тој потенцираше дека не е битен процентот односно висината на буџетските средства за одбраната и безбедноста туку намената на средствата. Исто така, додаде дека од битно значење е како ревизорскиот суд ја извршува својата улога и како истиот го доживуваат парламентарците и граѓаните. Ревизорскиот суд треба да изготвува анализи на државните финансии, на буџетските предлози и на буџетските остварувања. Тој информираше дека во Белгија постои парламентарна адхок комисија во која пратениците и претставници на Врховниот суд за ревизија заеднички работат на откривањето на вистинската потреба од набавка на опрема за одбраната и ја оценуваат целосната исправност на постапката. Г-дин Васкот посочи некои примери за извршени ревизии, при што, истакна дека во овој поглед во Белгија се постигнати високи резултати.

До г-дин Васкот беа поставени бројни прашања за појаснување на начинот за успешно остварување на демократска контрола на безбедносниот сектор.

За финансиската одговорност во Босна и Херцеговина на државно и на ниво на ентитети говореше Иван Милутиновиќ, раководител на Канцеларијата за ревизија на финансиските операции на институциите на Босна и Херцеговина. Г-дин Милутиновиќ посочи дека канцеларијата за ревизија брои 11 члена со тенденција да се зголеми на 17.

Досега има издадено 2 извештаи. Се осврна и на соработката на Канцеларијата за ревизија со Парламентот при што подвлече дека истата треба да се унапредува.

Ибрахим Окановиќ, претставник на канцеларијата за буџетска ревизија на Босна и Херцеговина изложи дека комисиите на Парламентот треба со големо внимание да ги разгледуваат информациите и активно да учествуваат при изготвувањето на буџетот. Ја потенцираше успешната соработка помеѓу Парламентот и надлежните комисии што претставува услов за успешна и демократска контрола. Додаде дека треба да се инвестира во ефикасни проекти за едукација со цел ревизијата да се спроведува независно и професионално.

Бошко Чеко, раководител на Институцијата за врховна ревизија констатира дека досегашното искуство во Република Српска е незначително. Конечните извештаи до Парламентот ги доставува Владата, односно Министерството за финансии. Истите пред парламентарната расправа ги разгледува Парламентарната комисија за финансии. Овие извештаи преку Веб-страна се достапни за сите граѓани. Но не постои утврдена методологија за планирање на буџетските средства и не е воспоставена интеграција на сметководствениот систем во Министерството за одбрана. Присутна е општа примена на сметководствени стандарди кои доведуваат до погрешни резултати.

Енес Зукановиќ, претставник од Парламентот за Босна и Херцеговина на крајот од расправата оцени дека Босна и Херцеговина ја очекува долг пат за да достигне задоволително ниво на транспарентност во остварувањето на демократската контрола во областа на одбраната и безбедноста. Во тој контекст нагласи дека од посебно значење е развојот на ревизорските институции и нивната интезивна соработка со Парламентот.

Се оцени дека Парламентарната работилница беше успешна бидејќи имаше голем број на учесници во расправата и за сите побитни и проблематични прашања се разменија бројни искуства кои ќе им бидат од голема корист на сите присутни во спроведувањето на реформите во областа на одбраната и безбедноста.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Мултилатерална соработка***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***од Семинарот за непролиферација наоружјето за масовно уништување оддржан во Будимпешта - Унгарија од 21 до 28 јуни 2003 година***

***Скопје, јули 2003 година***

*Во рамките на Програмата за соработка за непролиферација на оружјето за масовно уништување во Будимпешта, Унгарија од 21 до 28 јуни 2003 година се оддржа Семинар за непролиферација на оружјето за масовно уништување, организиран од Министерството за одбрана (DOD) И Федералното истражно биро (FBI) НА Соединетите Американски Држави.*

*Воработата на семинарот учествуваа претставници од Република Македонија и тоа од Собранието на Република Македонија, Кабинетот на претседателот на Република Македонија, Министерствотоза одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии-Царинската управа, Управата за безбедност и контраразузнавање, Агенцијата за разузнавање, Јавното обвинителство, Врховниот суд на Републука Македонија, Апелациониот суд во Скопје и од основните судови Во Скопје.*

*Од Собранието на Република Македонија во работата на Семинарот учествуваа пратениците Слободан Најдовски, Силвана Бонева, Рафиз Алити, Ристана Лалчевска и Гајур Сарач, како и Хилда Георгиевска и Марија Алексовска, од Стручната служба на Собранието на Република Македонија - Сектор за работни тела.*

На 23 јуни 2003 година на Семинарот се разгледаа прашањата поврзани со:

1. Опасноста од распространување на оружјето за масовно уништување (ОМУ), (предавањата ги водеше мајор Кент Џонс);
2. Шверц со атомски материјали и измами, (предавањата ги водеше Гери Суинки);
3. Улогата на меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ), (предавањата ги водеше судијата Ричард Стерн) и
4. САД и меѓународните правни основи за спречување на распространување на ОМУ.

Во рамките на првата тема "Опасноста од распространување на оружјето за масовно уништување (ОМУ)", особено беше истакната потребата за дефинирање на оружјето за масовно уништување кое треба да ги опфати атомското, биолошкото и хемиското оружје, како и балистичките проектили. Покрај ова, особено внимание се посвети на мотивацијата занабавување или развивање на ОМУ, која може да биде различна, тргнувајќи од остварувањето на заработувачка до остварувањето на политички цели преку терористички акции.

Во врска со втората тема "Шверц со атомски материјали и измами" се истакна дека во изминатите години се почести се појавите на нелегална трговија со оружје за масовно уништување а особено нелегалната трговија на осиромашениот ураниум. При тоа, беа истакнати примери на нелегална трговија со осиромашен ураниум во Русија во која има голем број на напуштени и неактивни нуклеарни постројки, Северна Кореја, Индија и Пакистан.

За успешна борба против оваанелегална трговија од страна на предавачите беше истакнато дека особено е значајно граничните премини на државите да имаат софистицирана опрема со која навреме ќе се спречи нелегалната трговија со ОМУ.

Во врска со улогата на Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ) се истакна дека од особена важност се постојаните контакти со оваа Агенција и размената на информации.

На 24 јуни 2003 година на Семинарот се прашањето поврзано со развивање на координирана политика за одговор на заканата. Во рамките на ова тема посебно внимание се посвети на опасноста од распространување на ОМУ, координираниот пристап кон ОМУ и тероризмот како и за националната безбедност и политиката за сузбивање на ОМУ. Во текот на расправата учесниците на семинарот зедоа активно учество при расправата на темата "Пристапот на Македонија кон организацијата и политиката на нераспространување на ОМУ". Презентери на оваа тема беа мајор Кент Џонс, Харлан Штраус, Гери Суинки и Џон Чемберс.

Во текот на вториот ден се водеше панел дискусија на тема "Меѓународните организации и безбедноста на границата на Македонија". Во дискусијата учествуваа пратениците Силвана Бонева и Ристана Лалчевска, кои меѓу другото посебносе осврнаа на потребата од регионална соработка и формирање на регионален коодинативен центар, со заеднички план за борба против ОМУ со што ќе се овозможи остварување на политиката за успешно спротивставување на распространувањето ан ОМУ и борбата против тероризмот и организираниот криминал. Тие потенцираа дека ова е од особено значење за безбедноста на границите на Република Македонија од причини што има прелевање на тероризмот и недозволена трговија со оружје од соседството.

На 25 јуни 2003 година се водеше расправа за развивање на меѓуагенциските структури за одговор на заканата. Во овој контекст беа разработени прашањата за:

- организација на команден центар, структура и функции;
- Дискретни функции на командниот центар и екипи за одговор на самото место;
- Управување со компонентите и меѓуагенциските импликации и
- Приоритети на политиката на САД.

Презентери на темата беа Џои Граб, Том Вајкоф и Џон Ерат.

Во текот на овој ден се водеше и панел дискусија за достапната инфраструктура во Македонија, при што активно учество зедоа пратениците од Собранието на Република Македонија. Пратеникот Силвана Бонева истакна дека има сознанија за намалување на шверцот со конвенционалното оружје од 90-те години наваму а спротивно на тоа нагорни се трендовите на шверц со ОМУ (хемиско, биолошко и друго оружје), при што праша дали и сознанијата на САД се воовој правец. Во врска со ова прашање се истакна дека последните години терористите посебен интерес покажуваат за овој вид на оружје.

Пратеникот Ристана Лалчевска посочи дека врз основа на изнесените предавања на оваа тема може да се заклучи дека светот во иднина ќе се бори против биолошкото оружје како закана за безбедноста во глобални рамки, поради што се поставува дилемата дали "сарсот" не е почеток на масовна употреба на биолошкото оружје.

Во рамките на Семинарот за борба против распространувањето на ОМУ ве текот на четвртиот ден, 26 јуни, се спроведе практичната вежба "Величествен врв", при што учесниците на Семинарот беа поделени на три работни групи. Целта на вежбата беше да им се овозможи на учесниците на семинарот да ги приметат постојните планови, политики и процедури и да се надградат врз основа на стекнатите сознанија од брифинзите од претходните денови исесиите за дискусии.

Во текот на петтиот, истовремени и завршен ден на Семинарот, претставниците на сите три работни групи имаа презентацијаи анализа на вежбовните активности.

Исто така, во текот на овој денсе сумираа резултатите од изнесените предавања и дискусии, при што пратеникот Слободан Најдовски од името на учесниците од Собранието на Република Македонија се заблагодари на можноста за учеството на семинарот и истакна дека сознанијата здобиени од предавањата се од особено значење за градење на национална стратегија, во борбата против тероризмот и употребата на оружјето за масовно уништување врз основа на која ќе следи и изготвување на соодветни законски проекти.

На крајот од Семинарот се изврши сумирање на истиот и инструкторите имаа завршни зборовиза неговата успешност. При тоа, од страна на сите беше искажано задоволството од структурата на учесниците на семинарот, одговорниот и активен однос на сите учесници.

Од страна на сите инструктори беше потенцирано дека претставниците на Македонија, која како шеста држава учествува во оваа програма, најуспешно и изненадувачки најквалитетно се вклучија во работата на Семинарот и завршната вежба.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Мултилатерална соработка***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на пратеници од Собранието***
***на Република Македонија на Семинарот "Од Советот на Европа***
***до европската интеграција",***
***одржан на 7 и 8 октомври 2003 година во Букурешт, Романија***

***Скопје, ноември 2003 година***

*Во заедничка организација на Меѓународниот Институт за демократија (МИД) од Стразбург и Романскиот парламент, на 7 и 8 октомври 2003 година во Букурешт, Романија, се одржа Семинар за пратеници посветен на прашањето за европската интеграција на тема "Од Советот на Европа до европската интеграција". Семинарот кореспондираше со 10-годишнината од приемот на Романија во полноправно членство во Советот на Европа.*

Како претставници од Собранието на Република Македонија на овој семинар учествуваа: г-дин Зоран Шапуриќ, г-ѓа Ана Андова и г-дин Недим Рамизи, во постојана придружба на г-дин Тихомир Илиевски, амбасадор на Република Македонија во Романија. На семинарот учествуваа пратеници и од парламентите на Република Албанија, Република Бугарија, Република Хрватска и делегација од Република Грција предводена од г-дин Папандреу.

Семинарот со пригодни говори го отворија: г-дин Јон Илиеску, претседател на Романија, г-дин Валтер Дорнеану, претседател на Романскиот парламент, Лорд Расел Џонсон, претседател на Управниот одбор на Меѓународниот Институт за демократија и г-дин Валтер Швимер, Генерален секретар на Советот на Европа.

Како најекспонирана тема на семинарот беше темата за европската интеграција на земјите од овој регион, состојбата на овој план и развојните перспективи. Дебатата беше отворена и спонтана, со излагања на сите учесници. Со свое излагање настапи и г-дин Зоран Шапуриќ, кој се осврна на неколку моменти од процесот на европската интеграција во Република Македонија: определбата уште од стекнувањето на Република Македонија на статус на полноправен член во Советот на Европа за активно и конструктивно партиципирање во сите активности, за заложбите на Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија за евроинтеграција на Република Македонија, определбата и активниот однос на нашата земја во процесите на регионална соработка а посебно во трилатералната соработка меѓу Република Македонија, Хрватска и Албанија во духот на "Јадранската повелба".

**Заклучни согледувања**

Семинарот претставуваше изворна можност за пратениците да се запознаат со состојбите на планот на европската интеграција на земјите-учеснички на овој Семинар, остварување на контакти со колегите од парламентите на овие земји и размена на искуства од парламентарните активности на планот на евро-интегрирањето.